Д-р Ристо Ивановски

# БУГАРИТЕ БИЛЕ МАКЕДОНЦИ

Битола, Р.Македонија
2010 година

Д-р Ристо Ивановски, БУГАРИТЕ БИЛЕ МАКЕДОНЦИ.

Адреса на авторот:
Ул. Михајло Андоновски бр. 6/21
Битола, телефон: 047/258-133

CIP-Катологизација во публикација
Матична и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски"- Битола

323.11.071.1 (=163.3)
323.11.071.1 (=163.2)

ИВАНОВСКИ, Ристо
Бугарите биле Македонци/ Ристо Ивановски.
- Битола : Ивановски Р., 2010. - 288 стр; 29 см.

ISBN 978-608-65187-2-1

а) Македонци- Етногенеза б) Бугари- Еногенеза

COBISS . MK – ID

## НАМЕСТО ВОВЕД

Книгава е пишана според книгата на Александар Донски (2000), „Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите",рецезент и бил академик д-р Блаже Ристовски. Ова е со цел да се види, во што ние се разликуваме, а и затоа си патиме.

Насловите ќе останат истите, како што се кај штипскиот автор.

„Сведоци сме на сé позачестените и засилени дејствија на странските пропаганди во и околу Македонија, чии центри од соседството со сета своја жестина сé поагресивно дејствуваат не само во странство, туку и во нашата земја. Во контекст на ова посебно би сакал да се задржам на големобугарската пропаганда, која можеби е единствената од странските пропаганди, фокусирани врз македонската етногенеза што, во моментов кога ги пишувам овие редови, отворено дејствува во нашата држава и тоа преку свои јавни медиуми и друг вид артикулации. Во ваквите медиуми сé почесто се објавуваат теории, во кои се тврди дека македонската нација не постои или дека Македонците наводно имаат бугарски етнички корени. Ова никако не значи дека ги потценувам другите антимакедонски пропаганди: големосрпската, големогрчката, пројугословенската, големоалбанската и другите слични на нив. Поради тоа, аргументите што овде ќе бидат понудени (посебно во врска со етногенезата на македонската нација) секако во потполност преставуваат одговор и на нивните шовинистички хипотези".

Соседните народи во Србија, Грција и Бугарија се од 19 век, а Скиптарија од 20 век. Пак, книгата на авторот се однесува само за состојбата само во 20 и 21 век.

Меѓутоа, Бугарија била кнежество, а држава само од 1908 година. Бидејќи народот е државнотворен,бугарски народ постои само од таа година,никако порано.

Балканските држави си склепале истории за свои потреби, и сé било нивно.

„Ова и поради фактот што денеска состојбата со националното самосознание на Македонците ни од далеку не е на такво ниво, како кај многуте други народи. Голем број денешни Македонци (и тоа, во Република Македонија !) за себеси знаат само дека се Македонци, но ако ги прашаш зошто се Македонци, мнозина нема да знаат да одговорат. За разлика од Македонците, кај поголемиот дел од припадниците на малцинствата, дури и најнеобразованиот човек, знае, на пример, зошто е Албанец, Србин, Влав и слично. (Авторот ги понижува Македонците, Р.И.)[1]

Ова ќе го надополнам со еден илустративен случај. Во разговор со еден припадник на една националност во Македонија (инаку занимање сточар) многу се изнеадив (и тоа пријатно !) кога тој со прилично познавање почна да ми зборува за историјата на сопствената нација. Му честитав барем за елементарното познавање на сопствената историја, иако неговата струка е далеку од оваа наука. Меѓутоа, по неколку дена еден дипломиран историчар (етнички Македонец) ме убедуваше дека Александар Македонски бил чист- Грк ! И овојпат многу се изненадив (се разбира, непријатно !) По посочувањето на соодветна литература од моја страна, македонскиот историчар бргу го смени мислењето, со коментар: *Не сум знаел за ова...*„.

---

[1] Во Р.Македонија Албанци има 90% Геги и 10% Скиптари. Тие меѓусебно не се разбираат, а се обединуваат со скитарски јазик,кој е смеша на јазици, од 19 век, грчки и романски,како и тн.словенски и монголски (татаро-турски), што го пишел Густав Мајер. Како Геги има мнозинство со монголски одлики, оти тие биле Черкези и Татари, однос 5:1. Густав Вајганд вели:Со Тоските (Скиптарите, Р.И.) биле „браќа" Власите, но никако со Гегите. Па Гегите биле Азијата од Кавказ со Црноморието.

И авторов е сточар, само доктор на науки од Виена, кој знаел деке бил Словен, но не Грк ни Влав. Следи во 5-то одделение, во баирското училиште „Тодор Ангеловски“- Битола, си го променал името од Христо во Ристо- Ристо било словенско, затоашто тој и ништо друго не учел. Во 1963 година, во 12-та класа на Војнопоморското техничко училиште, машинско, во Пула-Хрватска, научил дека Словенците и Хрватите не сакале да бидат Словени, туку Илири. Со сточарската наука 4 години во Средно Земјоделско училиште во Битола, 4 години Земјоделски факултет- Скопје и 4 години во Баварскиот завод за сточарство во Груб, кај Минхен, со домашни животни се убедил дека Европјаните биле со балканско- малоазиско потекло, а крвната група А била само поради говедо и свиња, маласипаница и грип, од кои преку 90% изумреле Индијанците во Америка. Европјаните учат дека Келтите имале бригиско=брзјачко потекло, со бригиска писменост, види мои книги.[2]

„Па, кој е виновен за ваквата состојба ? Каков е тој невидив *заговор* единствено Македонците да не си ја знаат сопствената историја ? Или пак, токму самите Македонци се највиновни за ова ?[3]

Конечно, воопшто не е важно кој е виновен. Треба бргу да се работи за да се смени ваквата состојба. Секако важна улога во сето ова треба да има системот за образование, преку кој би требало повеќе да му се отстапи место на проучувањето на етногенезата (настанокот) на македонската нација. Само оние Македонци што ќе знаат зошто се Македонци, ќе умеат како такви полесно и без комплекси да комуницираат со светот и со околните народи, како и со нашите вековни сожители.

Сега пак да ја споменеме големобугарската пропаганда.

Кога сме кај оваа пропаганда, мислам дека нејзина специфика е во тоа што и денеска, кај помал дел од нашата недоволно информирана јавност постојат сомневања дека ние можеби и навистина некогаш сме имале *бугарски етнички корени*. Посебно кога сето тоа од Бугарија се потхранува со бројни, таму објавени, антимакедонски публикации и други артикулации. Затоа, со целата почит кон бугарската култура и нација и со целата благодарност за тоа што Бугарија во одделни историски околности им помагала на Македонците, во оваа книга ќе се задржам претежно на демаскирањето на главните ставови на оваа антимакедонска пропаганда, во моментов јавно дејствува и во нашата држава.

Големогрчката пропаганда во овие времиња дејствува главно во странство, а секако најмногу сред Македонците во Егејскиот дел на Македонија. Големосрпската, пак, засега не дејствува толку отворено (на пример, преку објавување весници во Скопје, во кои би пишувало дека Македонците се *Срби* и сл.), туку таа во последно време повеќе дејствува перфидно и тоа во духовната сфера (преку шунд музика, афективната југоносталгија и сл.). Тоа значи дека со задоволство можеме да констатираме дека големосрпската пропаганда, во однос на тврдењата за наводното *српско* етничко потекло на македонската нација, веќе го доживеа својот целосен пораз (со незначителни исклучоци што не можат да предизвикаат некаков позначаен штетен ефект).

Но, додека големосрпската пропаганда во Македонија доживеа катастрофален пораз во нејзиното докажување дека Македонците наводно се етнички *Срби*, некои нејзини кругови (а пред сѐ Српската православна црква и поодделни афекти-

---

[2] Авторот не ја кажа која е националноста:Влав без своја држава, Албанец од на два континенти итн.

[3] Со ДНК- анализа Власите во Р.Македонија, со потекло од Москополе- Корча, не се еден ист народ.

вни шофинисти) и во моментов кога ги пишувам овие редови сé уште во Србија ни испраќаат антимакедонски артикулации, кои алуидираат на најмрачните времиња на големосрпската окупација на Вардарскиот дел на Македонија.

Не помалку штетна ја сметам и реакционерната југословенска пропаганда, која бара некакво повторно обновување на Југославија. Во таа држава Македонија економски,политички и културно беше *последната дупка на шупелката*[4] и стотици Македонци беа убиени или гниеја по затворите поради залагањето за независна и обединета Македонија. Секако дека ова воопшто не значи дека не треба да соработуваме на секаков план со сите наши соседи или дека не треба да ги задржиме позитивните односи со народите од поранешна Југославија. Но, тоа е едно, а понижувачката состојба во која се наоѓаше Македонија и барањата за враќање на оваа состојба е нешто сосема друго.

Се надевам дека преку аргументите што ќе ги понуди овој труд ќе дадам скромен придонес кон отстранувањето на заблудите околу туѓото етничко потекло на македонската нација, како и кон дефинитвниот пораз и на другите пропаганди, кои својата активност ја насочуваат токму во сферата на етничкото потекло на македонската нација.

Жално е што дури и денеска, кон крајот на 20 век, ние припадниците на македонската нација, каде и да живееме, изложени сме на споменатите антимакедонски пропаганди. Поради тоа со жалење можеме да констатираме дека ние Македонците и денес сме принудени да се бориме себеси, да ја браниме нашата чест, нашата сегашна и историска самобитност, и тоа во време кога повеќето европски и светски нации веќе одамна се натпреваруваат во светот како во *поле за културен натпревар помеѓу народите*.[5] Добар дел од македонските интелектуалци, наместо да создадаваат дела од областа на уметноста и науката, со кои ќе го дадат македонскиот придонес во светската цвилизација, принудени се да го остават тоа и да се свртат во одбрана на својата македонска нација и самобитност, која соседните шовинстички пропагандисти сé уште не ја оставаат во мир да почне да си го живее својот живот и да ја збогатува со својот придонес европската и светската култура и цивилизација“. (Европа ја уништи македонската и светската цивилизација, Р.И.)

Секоја соседна држава си прифатила една своја државно=национална историја,но ние до денес сме сé,но не само Македонци.За пример,во„Македонско сонце“, во секој број, само Веле Алексовски, според француски извори, Македонците биле само Словени. Најмудриот, Александар Донски, исто така, секој број, Македонците биле „мешанци“- Македонци и Словени, но никако антички=етнички Македонци.

„Затоа, доколку некој евентуално ми упати забелешка за некои мои, на моменти,можеби и жестоки ставови и коментари во оваа книга (како и во другите мои досегашни публикации на оваа тема), ќе одговорам дека едноставно сум принуден така да реагирам во одбрана на своето национално достоинство. Лично мене би ми било многу подобро да продолжам да се занимавам со литература, фоклор и сл. (а верувам дека со мене се согласуваат и другите интелектуалци што се принудени да се занимаваат со одбрана на македонската чест и самобитност), меѓутоа, како јас,

[4] Патеписците се чуделе, зашто Македонците сакале да се ослободат од петвековното турско=исламско ропство. Тие ним им велеле, дека во Отоманското Царство вие многу поубаво живеете, а не во голема сиромаштија во Србија и Елада, а Бугарија била од 1908 година. Од 1913 година Македонија била поделена, таа била оплачкана и уништена.Македонците станале неписмени.Следи одродување.

[5] Вакво нешто никогаш немало,туку само војни,плачкање на понемоќните, сé до нивно истребување.

така и тие, без да сакаме, ставени сме во една состојба да се браниме себеси, да ја браниме нашата нација и самобитност од антимакедонската пропагандна војна што други ни ја наметнуваа. Кога татковината е загрозена- сите стануваме нејзини војници ! За жал, таква е нашата сегашна судбина.

Уште потрагично е тоа што како непријатели (и тоа во првите редови) во налетот против македонската национална самобитност се токму одродените етнички Македонци, кои, од едни или други причини, го прифатиле туѓото етничко потекло како свое и за сметка на туѓите интереси, како современи јаничари, се втуранаа во првите редови против сопствениот народ, против сопствените браќа и сестри и против сопствената земја.

Исто така сакам да го потенцирам и фактот дека за мене постои реска и јасна граница помеѓу културата и народот на која и да било наша соседна земја, од една страна, и застапниците на антимакедонската пропаганда од односната земја, од друга страна. Нашите соседни држави ќе мора да ја сфатат едноставната вистина дека, доколку сакаат зближување помеѓу нашата и нивната култура и нација, ќе мора да престанат да ја негираат нашата сегашна и историска националона самобитност и култура, бидејќи таквото негирање кај нас предизвикува сосема спротивен ефект. (Значи,Македонците се национално свесни,Македонија да си ја бранат, Р.И.)

Камо среќа во моментов, наместо да пишувам против хипотезите на големобугарската шофинистичка пропаганда, да можам да преведувам бугарски писатели на македонски јазик (што впрочем имам правено) и на тој начин да придонесувам кон зближувањето на нашите две култури. Но, како да продолжам со преведувањето на бугарски писатели, кога истовремено оттаму пристигнуваат безброј навреди, омаловажувања и негирање против мојата нација и култура и тоа од официјални места ? Зарем треба да бидам мазохист или *флотантен пацифист ?* Секако не, и тоа најмногу поради фактот што таквите негирања и омаловажувања воопшто не одговараат на историската вистина и се засновани врз едноставни податоци и чисти фалсификати. Значи, јас ќе продолжам со преведувањето на бугарски писатели, но најнапред да им одговорам на сите негатори на мојата нација и да придонесам за нивното трајно замолчување, кое кога- тогаш неизбежно ќе дојде.

Впрочем, во врска со публикувањето книги и други публикации во кои се пласираат хипотези за наводното инородно етничко потекло на Македонците, најдалеку отиде токму Бугарија. Таму досега се објавени огромен број книги и други публикации, со директни антимакедонски содржини. Затоа, објавувањето на оваа книга претставува само реакција на таквите публикации.

Уште еднаш изјавувам дека бугарската култура и нација длабоко ги почитувам и посакувам што побргу да дојде до нормализирање на односите помеѓу нашите две држави и нации. Бугарите се наш соседен и пријателски народ и токму големобугарските пропагатори се тие што преку навредите против нашата самобитност и преку фалсификувањата на нашата историја кај Македонците предизвикуваат непотребен (делумно и оправдан !) отпор кон сé што е бугарско.

Овде сакам со резигнација да го споменам фактот дека овдешните (но и тамошни) големобугарски пропагатори секој облик за аргументирано спротиставување на хипотезата за наводното бугарско етничко потекло на македонската нација, хистерично го прогласуваат за *антибугарски чин* (?!). Значи, кога тие пишуваат купишта еднострани книги против Македонија- тоа е *во ред*, а кога некој одовде ар-

гументирано ќе се обиде да ги демантира нивните хипоптези, тогаш тој -*ги мрази Бугарит*е или *е антибугарин, србо-комунист* и слични небулозни квалификации. Ваквата нивна нездрава логика впрочем го претставува и најголемиот доказ за нивната слабост, кога, во недостиг на аргументи, се служат со афективни навреди, како единстено нешто што им престанува.Конечно, читателот на оваа книга ќе се увери дека голем дел од овде презентираните цитати и документи веќе се објавени во Бугарија, т.е. ги презедов од официјални бугарски книги. Па, зарем овие бугарски книги *се антибугарски* и *србокомунистички ?!*

Пропагандната војна што ја наметнаа неминовно ќе заврши со нивен целосен пораз. Етногенетските и другите историски разлики помеѓу Македонците и Бугарите полека, но сигурно, трајно ќе влезат во потсвеста на секој Македонец, овде и во Бугарија. Белким тогаш ќе се свестат и ќе сфатат дека многу пополезно ќе беше ако сите овие редови беа искористени за развиток на меѓусебниите односи.

Конечно, во оваа книга не случајно ја обработувам и бугарската етногенеза и историја. Сметам дека тоа е најлесниот пат Македонците самите да ги увидат и да ги сфатат етнокултурните и другите разлики во однос на Бугарите. Нашата историографија грешеше што не посвети повеќе внимание на презентирањето на етногенезата на бугарската нација. Така, кај нас се создаде еден *празен простор* или поточно една *фама* за Бугарите (како што впрочем се создава *фама* кон сé што е непознато). Поради тоа сметам дека на нашата јавност треба да и се објасни историјата на Бугарија и создавањето на бугарската нација, па кога тие ќе се споредат со историјата на Македонија и со создавањето на македонската нација- разликите сами ќе испливаат.

Нешто слично се случувало и во 19. век кај некои наши преродбеници. Некои од нив и самите мислеле дека се *Бугари*, без да знаат што се вистински Бугари. Но кога подоцна оделе во Бугарија,кога се запознавале со бугарската култура,историја, бит и т.н., самите ги согледувале разликите помеѓу Бугарите и Македонците“.

Со укинување на Охридската архипепископија, која како народна била булгарна, без л бугарна, б=в,вулгарна, спореди со вулгаренлатински=народенлатински, повеќе немало Бугари.Бидејќи преостанала само Цариградската патријаршија, имало само Грци. Оваа била царска, наспроти народната, со службени јазици царскиот коине и црковниот тн.старословенски. Ова важело за Цар Самуил...Цар Душан итн.

„Така треба да постапиме и сега. Кој смета дека Македонците биле Бугариеве му ги етногенезите на македонската и на бугарската нација, па самиот нека заклучи дали Македонците биле Бугари или не. Впрочем, од неколкуте големобугарски projави кај нас во последно време се потврдува сето ова. Најголемиот дел од македонските бугаромани слабо и еднострано ја познаваат македонската историја, но сепак барем *знаат* по нешто за неа. Но ако ги прашате за бугарската историја, фоклор, етногенеза и сл., ќе видите дека тие немаат поим за ништо од сето тоа. Значи, се прават *Бугари*, а немаат поим за вистинската бугарска историја. Се надевам дека оваа книга ќе им помогне да научат барем нешто“.

Место и Александар Донски да се бори на заедништво на тн.Словени, кои и денес меѓусебно се разбираат, и тој учествува во поделбата на едниот ист народ тн. Словени. Ваквите поделби се на берлинско- виенската школа, чиј тн.германски тн. народ до денес со своите јазици не се разбира. Меѓутоа, тн.Германци со име на тн. словенски бог Герман се обединал со тн.германски јазик,тн.Словени уште се делат.

„На крајот упатувам голема благодарност кон сите оние што ми помогнаа во реализирањето на оваа книга, а посебно кон рецензентот академик Блаже Ристовски. Благодарност упатувам и кон сите бугарски и наши автори од чии книги најмногу црпев за пишувањето на овој труд“.

Да се трага народни разлики на истиот народ,а само со говорни разлики, кои меѓусебно се разбираат, е допринос кон нашиот заеднички непријател, Германија.

ЕТНОГЕНЕЗА НА МАКЕДОНЦИТЕ И НА БУГАРИТЕ

„Големобугарската антимакедонска пропаганда својата дејност ја фокусира врз етничкото потекло на Македонците. Најнапред да направиме краток преглед на основните артикулации на оваа пропаганда.

Застапниците на големобугарската пропаганда (кај нас и во странство) во врска со македонската нација главно застапуваат две стојалишта:

1. Македонската нација не постои и Македонците се Бугари. (Најекстремните застапници на ваквото стојалиште дури повикуваат за поделба на Република Македонија помеѓу Бугарија и Албанија, а поумерените ја признаваат Република Македонија, но тврдат дека Македонците во неа се Бугари), и

2. Македонската нација денеска постои, но Македонците имаат бугарски етнички корен, што значи дека Македонците до неодамна биле Бугари (нешто слично како и Австријците и Германците).

Заедничко кај обете стојалишта гледаме дека е етничкото (*„бугарско“*) потекло на денешната македонска нација. Всушност не постои некоја поголема разлика помеѓу овие две стојалишта. Ако се проанализира второто стојалиште ќе се види дека тоа претставува само поумерена варијанта на првото, која, доколку би станала општоприфатена, несомнено ќе продолжи да еволуира кон првото стојалиште, во смисла: *ако Македонците порано и навистина биле Бугари, зошто да се делиме сега кога цела Европа се обединува ? Ајде пак да си бидеме Бугари и да се вратиме кон нашите корени.* Тоа ќе биде втората фаза на второто стојалиште- да се пресече автохтониот етнички корен на Македонците, а потоа да се чека да пресушат плодовите (дрво без корен бргу се суши, зарем не ?).[6]

Заради фактот што затапниците на бугарската пропаганда најмногу претендираат на етничкото потекло на денешната македонска нација, во овој труд аргументирано ќе потврдиме (и тоа цитирајќи голем број токму бугарски извори) дека Македонците и Бугарите не само што воопшто немаат никаков заеднички етнички корен, туку и дека тие отсекогаш преставувале два одделни етникума. Конечно, силата на аргументите би требало да биде пресудниот импулс кој секој поединец во донесувањето на неговата одлука какви стојалишта ќе прифати во својот живот (не само во областа на историјата), па така треба да се сфати и целта на овој труд и аргументите што ги нуди во однос на етничкото потекло на денешните Македонци и Бугари.(До кога само поделби меѓу истиот народ, со ист јазиик, тн.Словени ?!,Р.И.)

**1.1 Етногенезата- најважен параметар во одредувањето на етничкото потекло**

За да утврдиме најлесно дали Македонците и Бугарите имаат или немаат заеднички етнички корен ќе ја повикаме на помож **етногенезата** (науката за етничко-

[6] Иако книгата можев да ја скратам, да не бидам фалсификатор, целата во потполност ја пренесувам.

то потекло). Ќе ја разгледаме етногенезата, како на македонската, така и на бугарската нација. Но, пред тоа да расчистиме уште некои работи околу прашањето: зошто токму етногенезата (етничкиот настанок, етничкото создавање на нацијата), а не некој друг параметар во утврдувањето на етничкото потекло на една нација ?

Застапниците на големобугарската пропаганда на нивните тврдења дека Македонците наводно се (или порано биле) *Бугари*, како единствен *аргумент* го користат исклучиво декларирањето на пооделни наши претци, кои, од едни или други причини, себеси навистина се декларирале и како *Бугари*. Ако се погледнат сите досегашни артикулации на големобугарската пропаганда несомнено ќе се потврди оваа констатација. Значи: декларирањето на одделни етнички Македонци како *Бугари*, од страна на големобугарската пропаганда, се третира како **единствен параметар** во утврдувањето на наводното бугарско етничко потекло на македонската нација.

Сега да почнеме аргументирано да ги побиваме гореизнесените бугарски стојалишта.

Најнапред да видиме дали навистина декларирањето на поединци воопшто може да претставува единствен параметар во утврдувањето на етничкото потекло на една нација ? Одговорот најенергетично гласи: *не !* Еве зошто. Како прво, **етногенезата**, а не декларирањето го претставува единствениот параметар во утврдувањето на етничкото потекло на една нација. Декларирањето е релативна категорија, за разлика од етногенезата, која е *апсолутна*. Еве и неколку примери во поткрепа на ова.

Да земеме, на пример, еден етнички Јапонец (роден од мајка и татко етнички Јапонци). Тој Јапонец може различно да се декларира себеси и тоа по неколкупати во текот на својот живот. Така, на пример, тој првин може себеси да се декларира како Англичанец, потоа може да му текне да се декларира како Филипинец, па како Индијанец, Романец, Еским, Арап и слично, но тоа не значи и дека во согласност со декларирањето постојано ќе си го менува и своето етничко потекло. Како да се декларира себеси- тој до крајот на својот живот ќе си остане етнички Јапонец, бидејќи **такво е неговото етногенетско потекло** !

Во врска со ова ќе наведеме уште два примери. Познат ми е случајот кога на последниот попис во Хрватска (во време на СФРЈ) неколкумина Хрвати, во шега или заради искажување на одредено незадоволство, инсистирале во пописната листа да бидат запишани како *Бушмани* (заостанато африканско племе од Јужна Африка) ! Слично на нив направи и еден Бугарин, кој во пописот од пред неколку години во Бугарија во пописната листа барал да биде заведен како *Кинез*. Се разбира, на наведените Хрвати, како и на Бугаринот, желбата им била исполнета со што биле задоволени човековите права себеси национално да се декларираат онака како што ќе посакаат. Но зарем тоа значи дека тие преку таквото декларирање автоматски си го смениле и своето етничко потекло, т.е. дека Хрватите преку ноќ и навистина *поцрнеле* и се претвориле во етнички *Бушмани*, а Бугаринот пожолтел, престорувајќи се наеднаш во етнички *Кинез ?* (Кога реков дека им биле *задоволени* човековите права, нејасно ми е: зошто властите во Бугарија на Бугаринот му дозволиле да се декларира како *Кинез*, а Македонците ги спречуваат да се декларираат како Македонци ? Навистина чудно !)“(Ако би имало Македонци,нема да има Бугари итн. Ова се потврдува со доказот што Македонија била до реката Дунав- до 1809 год., Р.И.)

Пак, нациите се од крајот на 18 век н.е., а расите пред да има континенти...

„Секако дека во контекс на ова е и нарекувањето (именувањето) од страна на други на припадниците на одреден етникум. Не само што наведените Хрвати себеси решиле национално да се декларираат како *Бушмани*, туку така можеле да бидат нарекувани и од страна на други (нивни соседи, пријатели, роднини и сл.). Тоа исто така не значи дека тие и навистина се енички Бушмани. За етногенезата како најважен параметар во утврдувањето на етничкото потекло ќе наведеме уште подрастичен пример. Имено, човек преку пластична операција може дури и кожата да си ја промени, но тој пак ќе си остане тоа што етногенетски си е. Да го земеме за пример сегашниот светски познат поп-пејач Мајкл Џексон. Тој, како црнец, преку неколку пластични операции, не само што направи промени на своето лице и тело, преку кое доби наворешни антрополошки карактеристики на припадник на белата раса, туку волшебниците на пластичните операции успеаја дури и кожата да му ја *обелат*, поради што тој денес буквално има побела кожа од мнозина припадници на белата раса.Сепак,Мајкл Џексон и понатаму ќе си остане црнец, токму затоа што таква е неговата етногенеза (крв, гени), а такви ќе бидат и неговите деца, ако ги има со припадничка од црната раса“. (Раса=народ, а повеќераси се верски народ, Р.И.)

Раса со етнос=едност, еднорасен јазик: варварски=пелазгиски=тн.словенски.

„Впрочем, доколку декларирањето на поединци и навистина би го одредувало етничкото потекло на една нација, тогаш да ја спомнеме многу веројатната трагикомичната претпоставка дека денеска голем дел од припадниците на сиромашните земји од Африка и Азија себеси национално би се декларирале како *етнички Швеѓани !* Ова ќе го направат со цел да можат, како *етнички Швеѓани*, да добијат работа во Шведска или да бараат од шведската влада да ги финансира додека да им најде работа, како и да им обезбеди место за живеење во Шведска. Но смешно е и да се помисли дека такво нешто ќе се случи, дури и навистина да се декларираат така, а причината е токму во етногенезата. Етничкиот Виетнамец или Етипјанец, колку и да се декларира како етнички Швеѓанец, никогаш не може да биде тоа, бидејќи неговата етногенеза е различна од етногенезата на етничкиот Швеѓанец.

Конечно, овде се и добар дел од нашите предодбеници од 19. век (Прличев, Миладиновци и другите). Имено, тие отпрвин себеси се декларирале како *Грци*, а потоа како *Бугари*. Па зарем тоа значи дека тие прво биле *етнички Грци*, а потоа преку ноќ се престориле во *етнички Бугари ?* Секако дека е бесмислено и да се помисли такво нешто“.

Александар Донски и другите македонски автори се плашат од Македонија:

Бугари и Грци не биле етнички народи, туку припадници на цркви, народната=булгарната Охридска црква и царската=грчката Цариградска црква. И двете биле македонски, под македонската династија, под царот, на Ромејското Царство. А Македонците сакале да ја возобноват Охридската црква, да го повратат тн.старословенски, кој бил македонски, дури и да ги внесат своите мајчини јазици (говори).

„Во детерминирањето на етничкото потекло и засебноста на една нација не игра никаква пресудна улога ни имањето (или немањето) на сопствена држава, ниту пак државнотворната свест кај таа нација. Доказ за ова се бројните нации (Роми, Курди и други), кои немаат своја држава, а сепак претставуваат засебен етникум токму благодарејќи на заедничката етногенеза на припадниците на таа нација.

Значи, да заклучиме дека **етногенезата е апсолутниот и единствениот параметар кој го одредува етничкото потекло на една нација и ги детерминира карактеристиките на таа нација**. Ниту декларирањето на поединци, ниту нарекувањето од други со инакви имиња на припадниците од таа нација, ниту имањето или немањето на државнотворна свест, па дури и вештачките антроплошки промени, не можат да го детерминираат или да го променат етногенетското потекло на нацијата или на поединецот".

Етногенезата е иста, на белата раса, со еден ист јазик, како и на Ведите.

„Во поново време се познати и случаи на создавање нација и преку доброволно прифаќање на заедничка национална свест од страна на мнозинството припадници на повеќе различни етникуми. Но, ова се однесува исклучиво за поновите нации. На пример, ваков е случајот со денешната американска нација што ја сочинуваат повеќе различни етникуми. Единствена причина за настанокот на овие понови нации е долговременото (главно доброволно) **заедничко живеење** на припадниците на тие различни етникуми во една заедничка држава. Значи, ако претците на еден денешен припадник на американскатата нација биле етнички Италијанци, а веќе неговите внуци и правнуци се декларирале себеси како Американци, тоа го направиле исклучиво поради фактот што тие трајно останале да живеат во САД. Сепак, и кај вака создадените понови (територијални) нации, на секој припадник му е сосема јасно какво е неговото етничко потекло, па во случајов со американската нација сé уште имаме: Американци од италијанско етничко потекло, Американци од англиско потекло, од германско, француско, македонско итн. Значи, станува збор за еден нов, современ процес, базиран исклучиво на долговременото заедничко живеење во границите на една држава, територија на припадници на различни етникуми, кои, поради таквото заедничко живеење (врз територијалниот концепт на нацијата), доброволно прифаќаат да бидат третирани како припадници на една новосоздадена нација. Имено на ваквите нации главно се презема од името на државата во која живеат нивните припадници (Америка- Американци, Австралија- Австралијанци и сл.), иако најголемиот дел од нивните жители и понатаму се свесни за своите различни етнички потекла. Секако дека со текот на времето етно- културните разлики помеѓу етникумите- создавачи на овие нации, полека (ќе) изчезнуваат и (ќе) се унифицираат, така што во некое идно време ќе се создаде сé појано дефиниран профил на новата нација".

Александар Донски и другите македонски автори се плашат од Македонија:

Како што за Александар Македонски и македонските автори античките Македонци, како малцинство, се претопиле во она „Словенско Море", исто така, и во САД сите други ќе се претопат во „Англиското Море". Меѓутоа, во САД има повеќе Англичани отколку во самата Англија.Веројатно,тие „изчезнале",како што пишеле и пишат европските автори, античките Македонци „испариле" во Свемирот...

„Ваков е случајот и со новосоздадените африкански нации (нигериска, нигерска, либериска и други), кои се создадени во поново време од различни етникуми (племиња). Овие племиња, иако во најголем број случаи не се разбираат помеѓу себе, поради заедничкото живеење во државата (Нигерија, Нигер, Либерија итн.), прифаќаат национално да се декларираат како Нигеријци, Нигерци, Либеријци итн. Сепак, и тие се наполно свесни за своето различно етничко потекло. Така, на пример, имаме Нигеријци од племето Хауса, Нигеријци од племето Јорубо, Нигеријци

од племето Ибо итн. Сите тие зборуваат на различни јазици и отсекогаш претставувале одделни етникуми и култури, но од создавањето на Нигерија се декларираат како Нигеријци. Како заеднички јазик Нигеријците го имаат прифатено англискиот, но истовремено секој Нигериец е наполно свесен за своето одделно етничко потекло (Хауса, Јорубо, Ибо итн.), па со припадниците на своето племе си комуницира на својот мајчин јазик.

Меѓутоа, што ќе се случи доколу ваквата држава еден ден се распадне ? Повеќе од јасно е дека ако, на пример, (не дај Боже !) Нигерија територијално би се поделила на неколку одделни државички, во кои би живееле одделните племиња (на пример: држава Хауса, држава Јорубо итн.), најверојатно нигериската нација полека би исчезнала и припадниците на таквите новосоздадени држави, националното себедекларирање би си го вратиле кон своето етничко потекло (држава-нација Јорубо, држава-нација Ибо и сл.).

Значи, дури и кај вака (ново)создадени нации етничкото потекло на нивните припадници не може така лесно да се поништи или да се изгуби. Тоа е наследно, тоа се пренесува од родителите на децата и тоа уште еден доказ повеќе за апсолутната улога на етногенезата во утврдувањето на етничката припадност на оделни етникуми (нации)“.

Расата не се губи, туку таа се меша со други раси, а САД е „казан“ на раси.

„1.2 **Почетоците на денешниот етнички лик на Македонија и Бугарија**

Сега, кога утврдивме дека етногенезата е најважниот параметар во утврдувањето на етничкото потекло на една нација, да се вратиме кон нашата тема и да ги разгледаме во овој контекст етногенетските разлики помеѓу денешните Македонци и Бугари, т.е. да видиме како било создадена македонската, а како бугарската нација, или едноставно кажано, да видиме дали денешните Македонци и Бугари и навистина имаат заеднички етнички корен, или пак претставуваат (и отсекогаш претставувале) два различни етникума. (Следи- А.Донски ги оспорува Македонците, Р.И.)

Но пред тоа сакам да обрнам внимание уште на еден момент. Имено, како историски зачеток на создавањето на **денешните** балкански нации, ќе го земеме периодот околу Големата преселба на народите (иако, во продолжение ќе видиме дека корените на македонската нација се протегаат длабоко пред овој настан). Ова заради фактот што тој период одиграл пресудна улога во обликувањето на етникумите на балканските простори, кои, со помали или поголеми амплитуди, егзистираат до денеска. (За преселби на тн.Словени нема ниеден наод: ...сад, пара..., Р.И.)

Во прилог на ова ќе го споменам и мошне често употребуваната фраза од страна на застапниците на големобугарската пропаганда, која отприлика гласи: *Ние сме Бугари, штом нашите претци* (главно од 19. и почетокот на 20. век !) *себеси се декларирале и се чуствувале за Бугари*. Погоре кажавме дека декларирањето на по-единци не игра никаква улога во утврдувањето на вистинското етничко потекло на една нација, но кога веќе зборуваме за декларирањето на нашите претци (на кое се повикуваат приврзаниците на бугарската пропаганда), јас одам понатаму. Ајде да видиме како се декларирале себеси предците на нашите предци ! Одејќи така *наназад* во историјата, доаѓаме токму до Големата преселба на народите, т.е. до (условно кажано) историската *нулта точка*, кога почнале да се дооформуваат етнокултурните физиономи на денешните балкански нации (а да не зборуваме за декларирањето на жителите на Македонија од пред тоа). (Словенски преселби немало, Р.И.)

Сето ова е наполно во согласност со тврдењето на застапниците на големобугарската пропаганда, во кои тие се повикуваат на наводниот *заеднички етнички корен* на Македонците и Бугарите. Самиот термин *корен* јасно означува длабочина, темел на она што од него израснало. Поради ова, нејасно и смешно е тврдењето на застапниците на големобугарската пропаганда, кои од една страна спомнуваат некаков *заеднички етнички корен* помеѓу Македонците и Бугарите, а од друга страна се вртат главно околу декларирањето на некои наши предци од 19. и 20. век. Значи, зборуваат за *коренот*, а покажуваат на *гранките !* Штом бараме *корен*, тоа значи дека треба да се нурнеме што подлабоко во историјата, а не на нејзината *површина*.

**1.3 Како настанала денешната македонска нација ?**

Пред Големата преселба на народите, според македонските и според бугарските историчари и ахеолози, на територијата на Македонија најдоминантно население биле етничките антички Маке- дон- ци (без разлика на тоа каков јазик тогаш зборувале или на која вероисповед и припаѓале). Имено, римската окупација на античка Македонија во вториот век од старата ера секако дека не значела исчезнување на античките Македонци како засебен етникум, иако нивната држава изчезнала. Напротив, древните документи од тоа време (но и подоцна) јасно сведочат дека терминот *Македонци* (како етничко, а не како географско име) останал да се употребува со векови по римската окупација на Македонија. (Без Големи преселби, Р.И.)

Овде би сакал со неколку зборови да го споменам и постоењето на Пајонците (древен народ што живеел главно во северниот дел на Македонија). Иако војувале со античките Македонци, тие не биле ништо друго, освен горно-македонско племе, кое само подоцна се вклучило во етногенезата на античките Македонци. Впрочем,и останатите констутивни (пред)македонски племиња на времето војувале едни против други, за потоа да се обединат и претопат во заедничкиот античко-македонски етникум. Така се случило и со горно-македонското племе Пајонци, кои, по уништувањето на нивната држава Пајонија, целосно се претопиле со античките Македонци и како такви ја *дочекале* Големата преселба на народите".

На Балканот со Мала Азија живеел еден народ со варварски=пелазгиски јазик,а ваков бил тн.Хомеров=тн.Платонов.Значи,се говорел само тн.словенски јазик.

„Да наведеме неколку документи и сведоштва во врска со постоењето на етничките антички Македонци по римската окупација на Македонија што дошла како резултат на три жестоки војни помеѓу Римското Царство и Македонија.

Притоа сакам да демаскирам уште еден трик на странските шовинистички пропаганди кој се однесува за тврдењето дека античките Македонци по окупацијата на античка Македонија од страна на Римското Царство наводно *исчезнале* од историската сцена. Особено гласни со ова бесмислено тврдење се бугарските и пробугарските историчари и публицисти, на кои им пречи вистината дека ние денешните Македонци имаме крвна и кулурна врска со античките Македонци. Така, на пример, бугарскиот историчар М. Дринов тврди дека античките Македонци изчезнале во III век од новата ера (само што овој историчар *заборавил* да напише во која точно година, на која дата и во колку часот се случило тоа !). Слично како него тврдат и другите големобугарски пропагандисти.За сите нив,терминот *Македонци* што се среќава во хрониките и документите од времето по римската окупација на Македонија, наводно бил *географски термин* што се употребувал како детерминирање на жителите што живееле во римската провинција *Македонија*. Дека ваквото тврде-

ње е сосема бесмислено, ќе покажеме преку примерите, во кои се споменуваат Македонците по римската окупација на Македонија, и тоа во етничка смисла на зборот. (Ништо не исчезнало, што важи и со најбројните и најмоќни Македонци, Р.И.)

Па, да наведеме неколку примери во поткрепа на ова.

Уште во времето веднаш по римската окупација на Македонија, на смелите антички Македонци, кои до крај се бореле против надмоќниот римски непријател, им се обратил генералот на римските легии Павел Емилијан со следниот проглас:

*Македонците ќе останат слободни и целосно господари на своите градови, но Македонија ќе биде под покровителство на Римјаните. Македонците ќе му го плаќаат на Рим, половината од својот данок, кој досега го плаќаа на својот цар. Секоја година населението ќе се собира во определен град и ќе си избира судии и управници според старите македонски обичаи.*

Меѓутоа, и покрај ваквата изјава, Римјаните воопшто не останале доследни на своите ветувања и почнале мошне сурово да се однесуваат кон Македонците.Поради ова Македонците често се бунтовале против римската окупација.

За постоењето на Македонците во времето по римската окупација на Македонија пишува и римскиот историчар Андри Флок (II век) Опишувајќи ги востанијата на Тракијците против римската окупација на Тракија (кон контуирано траело од крајот на II до почетокот на I век п.н.е.), овој историчар го споменува и антиримското востание на Македонците:

*По Македонците, според Божјата волја, востанаа и Тракијците, кои порано им плаќаа данок на Македонците.*

Повеќе од јасно е дека овде терминот Македонци е предаден во етничка смисла на зборот (а не во географска), затоа што Тракијците порано и навистина биле окупирани не од географските, туку антички Македонци, на кои биле принудени да им плаќаат данок. (Овој документ е преземен од книгата *Христоматија по история на България,* Софија, 1964, стр. 28.)

Македонците се спомenати и во Светото писмо (Библијата) во врска со мисијата на светиот апостол Павле во Македонија (од каде што за прв пат почнало да се шири христијанството во Европа). Така, на пример, во *Делата апостолски* (16-9) пишува: (Апостол=а постол=по стол: Постол=Пела-столица-престолнина, Р.И.)

*Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: ‘Премини во Македонија и помогни ни !’.*

И понатаму:

*И кога се качивме на еден брод, што требаше да отплови во местата крај азискиот брег, тргнавме. И со нив беше Аристарх, Македонец од Солун.*

Овие сведоштва (кои, како што е познато, не се единствените библиски сведоштва, во кои се споменуваат Македонија и Македонците) претставуваат дециден доказ дека античките Македонци и по окупацијата на Македонија од страна на Рим, не само што никаде не изчезнале, туку тие останале да си живеат во Македонија, свесни дека се Македонци. Од првото сведоиштво може да се заклучи и дека положбата под римското ропство им била исклучителна тешка- штом барале помош од светиот апостол Павле.

Впрочем, за суровиот римски режим што и бил наметнат на Македонија, како и за отпорот на Македонците против ваквиот терор, сведочи и римскиот истори-

чар Дион Касиј Коцејан, кој за походот на проконзулот Антониј против Мизија (61 г.п.н.е.) запишал:

*Управувајќи со Македонија проконзулот Антониј изврши многу насилства врз потчинетото население..., но и самиот тој претрпе многу од своја страна (Христоматия по история на България,* стр. 29*).*

Етничките Македонци во времето на римската окупација на Македонија ги споменува н најпознатиот еврејски историчар Јосиф Флавиј (крај на први век). Во својата книга War of the Jews (II, 16, 4), Флавиј споменува еден говор на еврејскиот крал Агрипа пред Евреите, кои сакале да се борат против римската власт. Агрипа ги убедувал Евреите дека римската империја е многу силна и дека попусто ќе се борат. За да ги одврати од намерата Агрипа им спомнал дека и други народи се под римска власт, па сепак, никој од нив не се осмелил да се бори против оваа силна империја. Меѓу наброените народи тој ги спомнал и Македонците, при што рекол:

*Кој ве убедува да им се спротиставите на Римјаните ? Можеби ќе кажете дека ви е тешко да живеете под ропство. Добро, но зарем не им е потешко на Грците ? ... Така е и со Македонците, кои имаат иста причина како и вие, да се борите за својата слобода.* (Не Грци, туку само Хелени- од Хелиос, Р.И.)

Не само што други автори сведочеле за постоењето на античките Македонци како најдоминантни жители во Македонија во периодот по римската окупација на нашата земја, туку и самите Македонци сведочеле за тоа. Така на пример, на една плоча, откриена во близина на Бер (253 година), во врска со ослободувањето на 12-годишниот роб на слобода, неговиот сопственик запишал:

*Јас Десиос Коминиос Јулианос и подарив на мајката на боговите Автохтоната дете, на име Калокерон Олимпин, на возраст ос 12 години, родум- Македонец. (*проф. Фотис Пецас: *Во шпицот меѓу идолпоклонството и христијанството,* в. Елиникос Ворас, цит. според Христо Андоновски*, „Јужна Македонија од античките до денешните Македонци“* Скопје, 1995, стр. 42).

Од овој натпис сосема јасно се гледа дека македонското етничко чуство не ги напуштило Македонците ни по четири века од римската окупација на Македонија, а за ова постојат и други сведоштва, од кои, некои веќе наведовме.

Во овој ист III век, кога окупирана Македонија веќе одамна претставувала римска колонија, Македонците барале водачите на нивните комуни, веќе да не се нарекуваат *архиревси*, туку- *македонијарси !*

За тогашните Македонци пишувал и писателот Созомен, кој живеел од крајот на IV до средината на V век. Во врска со христијанизацијата на Македонците, која се одвивала во времето на императорот Константин Први Велики (306-337), Созомен запишал:

*Хелените, Македонците и Илирите почнаа без страв да ја исповедуваат Христовата вера.* (ГИБИ, т. I, Софија, 1954, стр. 50-51).

И овде посебно сакам да потенцирам дека во оваа изјава повеќе од очигледно е дека терминот *Македонци* е употребуван во етничка,а не во географска смисла, бидејќи е употребен рамноправно со термините: *Илири* и *Хелени*, кои исто така претставуваат етнички (а не географски) термини. Значи, повеќе од јасно е дека античките Македонци живееле во Македонија и во IV век“.

Тогаш немало етнички народи. Доказ се Хелените. Кога Евреите во Александрија го прифатиле хеленскиот јазик- коине, значи повеќебожниот јазик- коине,

тие се изјаснале за Хелени. Јустинијан ја затворил Хеленската повеќебожна Платонова академија во Атина, во 529 година. Следи Русите повеќебожци да се Хелени.

„За античките Македонци како најдоминантен етникум во Македонија во рановизантискиот период пишува и Теодорит Кирски (393 година-средина на V век) Така, на пример, за градот Солун, тој пиши дека е: *голем и многу населен град, кој му припаѓа на македонскиот народ*. (ГИБИ... стр. 79- 80)".

Секоја област, на персиски сатрапија, си има свој народ, но никако етнички.

„**1.3.1. Појавата на Словените на Балканот**

Во истото тоа време, пред Големата преселба на народите, територијата на денешна Бугарија претежно е населена со етничките Тракијци. Тракијците не само што биле различни од античките Македонци, туку тие неретко и војувале против нив.Античките Македонци честопати ги завојувале Тракијците, иако Тракијците во мал дел живееле и на територијата на денешна Македонија. За тоа каде точно живееле Тракијците на територијата на Македонија има дијаметрално спротиставени мислења, но тие не го побиваат фактот дека античките Македонци биле најдоминантен етнички елемент во Македонија во времето непосредно пред Големата преселба на народите. Во ваквите услови доаѓа до познатите миграции во Европа, кои посебно се одразиле на Балканот. На нашите простори се појавуваат Македонски Словени (кои порано се викале Венети), каде што веќе живееле античките Македонци, како државјани на Византија. (За разните теории околу потеклото на Словените ќе проговориме во продолжение, а овде ќе споменеме дека за нив постоеле различни називи: Славјани, Славини, Склавени, Склави и други, но овде ќе го користиме терминот Словени)". (Авторот со поимот Словени создава збрки, Р.И.)

Тракијците и Македонците биле едно исто со еден ист, пелазгиски јазик, а ваков бил и тн.словенски. Како што биле Бугарите Тракијци, исто биле и Србите.

Пак, Анти=Анти, Венети=Венети, Склавини=Склавини и Словени=Словени.

Следи основање на Склавини, а тој говори за Словени, различни поими: првиот означува област, а вториот Словени од слово- имало Божјо Слово, Логос- Реч.

„За карактерните особини на Словените има дијаметрално спротивни мислења дадени од страна на тогашните хроничари. Така, на пример, хроничарот Псевдо Кесариј (почетокот на 5 век) дава едно од првите познати сведоштва за Словените, во кое за нив пишува со најпогрдни зборови:

*Тие се диви, слободни и без поглавари, бидејќи своите водачи и старешини постојано ги убиваат било на гозба било на пат, и се хранат со лисици, диви мачки и меѓусебно се довикуваат како волци кога завиваат.*

Ни сирискиот летписец Јован Ефески (507-586) не бил ништо поблаг во својот спис за Словените. Во својата Црковна историја, тој запишал:

*Во третата година по смртта на императорот Јустин и стапувањето на победникот Тибериј, изврши напад проклетиот напад на Словените. Тие секавично ја поминаа цела Елада, областа на Тесалоники и цела Тракија и потчинија многу градови и тврдини. Зедоа заробеници и станаа господари на земјата, како да е ни-вна... И све до ден денешен (584 г.- з.м.) тие останати, живеат и спокојно пре-стојуваат во земјата на Ромеите без грижа и страв.Тие робат, убиваат и палат*"

Зачудува, што А.Донски, и други како него, не гледаат, дека Елада е прва, па следат „областа на Тесалоники и цела Тракија". Тие биле од југ, Елада, не од север.

Значи, не се работело за склавински=тн.словенски народи, туку склавини= области на народен говор, но не провинција на латински јазик, без теми на коине.

„Но, за разлика од ваквите описи за Словените (од времето на нивното тогашно доаѓање на Балканот),постои мислење и дека тие воопшто не биле такви што ги претставувале главно византиските хроничари и дека за ваквата грда слика најверојатно било виновно нивното непријателство кон Византија. Ќе наведеме и спротивно сведоштво за карактерот на Словените и тоа дадено токму од еден византиски историчар (Прокопиј), кој во 6 век за Словените запишал:

*...Многубројни се и издржливи, лесно ја поднесуваат и жегата и студот и влагата и голотијата и скудноста во животните намирници. Спрема странците се љубезни и со добра волја и пазејќи ги пренесуваат од едно место на друго, каде што треба,а ако се случи со невниманието на домаќинот странецот да настрада, домаќинот одговара пред оној што му го предал, по должниот обичај да го од-мазди странецот. Тие што се кај нив заробени не го држат во ропство сето вре-ме, туку определувајќи им извесно време им оставаат да решат дали ќе сакаат да си се вратат во својата земја со некој откуп или ќе останат тука слободни и како пријатели...*

Како и да е, факт е дека во 6 век во Македонија се појавуваат Словените, за чие потекло ќе проговориме во продолжение“.

Римјанинот Прокопиј (6 век) пиши само за Склавини, а никако за Словени.

Значи, ваквите Склавини биле северно одреката Дунав. Тие како Белци од чумата не страдале како што било со Аварите, кои биле Монголи. Бидејќи Монголите не биле говедари и свињари, тие биле подложни на оболувањата на Белците.

**„1.3.2. Односот на Македонските Словени кон затекнатите антички Македонци**

Она што е многу интерсно и недоволно проучено досега е односот на Словените кон затекнатото главно античкомакедонско население во Македонија. Постојат извори од тоа време што децидно зборуваат дека во првиот период од појавувањето на Словените постоеле непријателства помеѓу нив и античките Македонци (кои и самите се нашле под удар на нивните освојувачки походи). Подоцна состојбата се смирува, па веќе среќаваме податоци за нивно сожителство. Конечниот исход од ова сожителство несомнено претставува меѓусебната етничка и културна симбиоза помеѓу Македонските Словени (потомци на Венетите) и античките Македонци, од која подоцна ќе се оформи нашата современа македонска нација. Но, пред да презентираме факти што ќе ја поткрепат оваа теза, предлагам документирано да го потврдиме постоењето на античките Македонци во Македонија и тоа со векови по појавата на *Словените* во Македонија“.

Авторот пиши: „меѓусебната етничка и културна симбиоза помеѓу Македонските Словени (потомци на Венетите) и античките Македонци“, без тој, и како него други,да кажат,што денес етничките Македонци имаат од Словените.За него, Склавините биле Венети. Тие потекнале од Македонија.За Венетите пиши Херодот...Кај него не се среќава поимот Склавини. Значи, Склавините се само од новата ера. Ако тие би биле Словени, Словени би требало да има, секаде, кадешто имало Склавини. Такви имало сé до реката Рајна, Пелопонес...Албанија...Шпанија, Азија и Африка.

„Има доста докази и пишани сведоштва дека античките Македонци по Големата преселба на народите не избегале никаде, туку дека отпрвин, иако биле спр-

отиставени на *Македонските Словени* (Венети), подоцна живееле заедно со нив, па во најголема мера и се претопиле во еден народ. Ќе наведеме некои од нив:

- Византиските извори за опсадата на Солун од страна на *Словените* и на зедница со Аварите во 586 година, сведочат за истовременото постоење и на Словени и на антички Македонци во Македонија:

*Ако некој би замислил дека тогаш во Солун би се нашле заедно на еден куп сите Македонци, Тесалци и Ахајци, сите заедно не би претставувале ниту еден мал дел од варварско мноштво што тогаш го опколило градот* (се мисли на Словените и на Аварите, з.м.)".

Меѓутоа, поимот варварски означува јазик,кој бил пелазгиски=тн.словенски. Токму на овој јазик биле делата на тн.Хомер, а на овој јазик творел Платон и други.

Северните простори биле скитски, а во тоа време на тие простори живееле Белци со варварски јазик. Ова може да се види кај ромејскиот автор Приск (5 век).

„-Хроничарот Константин Багренородни за настаните од околу 688 година, т.е. од времето кога ромејскиот император Јустинијан II извршил поход против Бугарите, пишувајќи за темата Стримон, запишал:

*Јустинијан Ринотмет насели некакви Скити во планините околу Струма и нејзините клисури, кои таму ги заменија Македонците.*

- Јован Каменијат во своето дело *За заземањето на Солун*, за градот Солун, во 904 година напишал: (Каменијат од камен, само тн.византиски камен, Р.И.)

*Нам, пријателу, татковина ни е Солун... Тоа е првиот и најголем град на Македонците !*

Значи во 904 година постојат сé уште антички Македонци заедно со *Словените*. Поради фактот што тогаш *Македонските Словени* масовно сé уште не биле населени во Солун, отпаѓа претпоставката дека во ова сведоштво терминот *Македонци* се однесува за нив.

Исто така, отпаѓа и претпоставката дека терминот *Македонци* се однесува за географските *македонци*, како жители на византиската тема *Македонија*. Имено, веројатно поради доселувањето на одреден број Македонци на територијата на Тракија (но и во источниот дел на денешниот Егејски дел на Македонија), во VIII век Византијците формирале своја административна област (*тема*), која ја нарекле- *Македонија*. Поради тоа, постојат извесен број тогашни документи, во кои, како *Македонци* се споменуваат сите жители на оваа тема (иако тие биле и етнички Тракијци и етнички Македонци),само поради тоа што живееле во темата Македонија (значи, претежно во- Тракија)". (Траките и Македонците говореле еден ист јазик, Р.И.)

Имало етнички и географски Македонци а со варварски=пелазгиски јазик !?

„Како и да е, гледаме дека во наведеното сведоштво од Каменијат се зборува за *Македонци* во Солун, а Солун тогаш воопшто не влегувал во границите на темата Македонија. Значи, овде терминот *Македонци* се однесува токму за етничките антички Македонци, кои своевремено и го формирале овој град и кон 10 век сé уште си живееле во него, како најдоминантни жители".

Се говори за ромејска тема Македонија и тоа на територијата на Тракија, во VIII век Ромејците формирале своја административна област (тема),која ја нарекле-Македонија. И затоа жителите во темата Македонија можеле да бидат само Македонци. За доказ е на латински провинција Илирија. Бидејќи таа била на повеќе места, Илири биле жителите на различни простори, од Покрајјадранието и Подунавје-

то. Следи Илири да бидат и Русите, затоашто тие од подунавска Илирија се преселиле во Русија. Па се говори дека Илири биле и Словенците и Хрватите, а според австриските документи Илири биле оние жители кои говореле тн.словенски јазик.

Наведеново е на стр. 24, а тој на стр. 18: „Овде би сакал со неколку зборови да го спомнам и постоењето на Пајонците (древен народ што живеел главно во северниот дел на Македонија). Иако војувале со античките Македонци, тие не биле ништо друго,освен горно-македонско племе,кое само подоцна се вклучило во етногенезата на античките Македонци. Впрочем, и останатите констутивни (пред)македонски племиња на времето војувале едни против други, за потоа да се обединат и претопат во заеденичкиот античко-македонски етникум. Така се случило и со горномакедонско племе Пајонци, целосно се претопило со античките Македонци и како такви ја дочекале Големата преселба на народите“. (Голема преселба-лага, Р.И.)

Бидејќи Пеонците не биле во Македонија, не можеле да бидат Македонци. Истото важи и за Бригите, за кои сум пишувал, а и Донски за нив сакал да пишува-не нашол готова литература да ја препише.[7] И Бригија сé додека не влегла во Македонија, Бригите не биле Македонци. Да не се изуми, народите се од крајот на 18 век,а прв народ, на латински нација,биле Французите,кои во Франција се само 50%.

„Веќе наведовме примери, според кои, етничкиот термин Македонци се среќава уште со векови пред формирањето н византиската тема[8] Македонија, што значи дека е бесмислено да се тврди дека овој термин бил исклучиво поврзан со постоењето на оваа тема.

- Во истиот 10 век Лав Ѓакон во неговата *Историја* го дал следното сведоштво: (Ѓакон=ѓак он: ѓак=ѓак и он=ан: ѓаков=ѓакон=ѓакот, в-н-т, ва-на-та..., Р.И.)

*Мизите бесмилосно ги ограбуваа земјите на Македонците и сé што е возра-сно убиваа*“.

Се кажа: „земјите на Македонците“.Значи, Македонците имале повеќе земји.

„- Теофановиот продолжувач за походот на Никофор Фока во 961 година на Крит за својата војска вели дека била составена од: *Тракијци, Македонци и Склавинисјани*. Ова е децидно доказ дека веќе во средината на 10 век античките Македонци и *Македонските Словени* (овде наречени како Склавинијаси) живееле во сожителство, па дури и војувале заеднички во составот на неговата војска.

- Константин VII Порфирогенит (913-959) во својот опис на административните единици (теми) во делото De thematibus (околу 934 година) говорејќи за Словените од темата Стримон ги споменува и античките Македонци како тогашни жители на оваа област“. (Област=единица, Склавина=Тема, кај Порфирогенет, Р.И.)

Следи имало тема Македонија и Тракија, но и Склавина. Па затоа постоеле Македонци, Траки и Склавини. Сите тие биле обласници. Антолјак, на стр. 126, пиши: “Македонските Склавини се споменуваат само до 836-7 година кога во изворите им изчезнува секоја трага“. Македонија од 837 година е без Склавини: во Македонија областите биле наречени склавини, од 838 година имало само теми, Темани.

„И од ова сведоштво децидно се потврдува етничкиот (а не географскиот) карактер на терминот Македонци. Гледаме дека Константин VII Порфирогенит ги споменува Македонците не како жители на темата Македонија, туку како жители на темата Стримон. Секако дека авторот би го употребил терминот *стримонци*, до

[7] Токму тој не сака да внеси свој став. Па Македонците биле „мешавина“ на Македонци и Словени.

[8] Македонците поимот византиски не го користеле, туку само ромејски.Според мене, тн.византиски.

колку би сакал географски да ги определи жителите на темата Стримон, но токму употребата на терминот Македонци, како жители на тема што не се викала Македонија, најдецидно зборува дека античките Македонци живееле во Македонија и во 10 век и тоа во сожителство со *Македонските Словени*, со кои подоцна етнички ќе се измешат. За ваквата етничка симбиоза многу придонело и христијанизирањето на *Македонските Словени*, преку кое тие ја добиле истата вероисповед што ја имале и мнозинството тогашни антички Македонци. Поради ова практично веќе немало никаква пречка да се дојде до нивно етничко и културно мешање. Краен резултат на таа етничка и културна симбиоза секако преставува денешната македонска нација“. (Без да се кажа, што Македонците имаат македонско и тн.словенско, Р.И.)

Бидејќи античките=етнички Македонци немало симбиози со тн.Словени.

Имињата и местата на областите често се менувале, и како управна нужност. Најдобар пример била Илирија. Токму затоа Илири биле Србите, ама и Русите, итн.

„За задничкиот соживот помеѓу *Македонските Словени* и античките Македонци уште подецидно сведоштво имаме од времето на владеењето на Исак I Комнен (средината на 11 век). Во негово време за владетел на европскиот дел од Империјата бил поставен неговиот брат Јован Комнен. За неговото добро владеење со балканските народи современикот Никифор Вриениј запишал:

*Кога Јован ја доби власта на Запад, каде што веќе рековме, за своите дела тој остави незаборавни спомени и кај Тракијците, и кај Македонците, и кај Илирите и кај Словените*“. (Во Ромејските извори без Словени, туку Склавини, Р.И.)

Се нагласува тн.словенско, а досега никој не пронашол доказ/наод (колцедел од колце, некој предмет: сад, пара...) од тн.Словени, кои се појавиле, веројатно, од Утробата на Земјата или Свемирот. Пак, поимот Илир бил синоним на Словен.

„**1.3.3. Наследството од античките Македонци во денешната македонска култура**

Веќе рековме дека античките Македонци ја приложиле својата крв, култура и национално име во македонската нација, т.е. во нацијата што денеска живее на истата територија на која тие порано живееле. Тоа е сосема логично.Античките Македонци не испараиле во воздухот кога се појавиле *Македонските Словени*, туку тие, иако отпрвин биле спротиставени едни на други, подоцна се претопиле со нив создавајќи еден народ. Значи, токму античките Македонци се вистинските антички предци на денешната македонска нација“.

Кога „испарувале“ античките Македонци „слетале“ Словени од Свемирот ?!

„Во контекст на ова да ги споменеме и елементите на македонскиот фолклор, кои имаат античкомакедонски корени. За жал, истражувањата во овој правец до не така одамна, беа табу-тема, поради добро познатите дневно-политички причини. Нам Македонците, на еден или друг начин, ни беше оневозможено слободно да го истражуваме античко-македонското културно наследство што останало во културата на Македонците од 19 и 20 век“. (Фолклор=фолк=полк, полка: Volk=волг, Р.И.)

Бидејќи македонскиот фолклор бил со македонски корен, немало Словени.

„Овде само ќе спомeнеме дека постојат голем број културни елементи (обичаи, обреди, народни верувања, фолклорни мотиви и друго) кои останале уште од античките Македонци среде Македонците во 19 и 20 век. Така, на пример, Херодот пишува дека на веселбите во античка Македонија мажите седеле одделно од жените. Овој обичај е евидентиран и од запишувачите на македонските народни умотво-

рби од 19 и 20 век, конкретно од Верковиќ, Шапкарев и браќата Миладиновци. Од античките Македонци ни останал и обичајот на кршење леб за време на свадбените обичаи, кој е спомнат од биографот на Александар Македонски, Квинтиј Куртиј Руф. Истиот обичај останал и среде Македонците во 19 век, па и денес. Од античките Македонци се задржало и третирањето на машкиот појас од народната носија како симбол за машкост.Ова верување среде античките Македонци го опишал Аристотел (N.G.L.Hammond: The Macedonian State, Origins, Institutions, and History (Published in the United States by Oxford University Press Inc., New York, 1989, ISBN 0-19-814927-1), а исто такво верување во 19 век регистрирал и Верковиќ во својот опис на свадбените обичаи од југозападна Македонија. И подарувањето прстен на наследникот (пред умирачка) е обичај регистриран кај античките Македонци, кој останал до денес, а така е и со стрижењето на косата за време на голема жалост- антично-македонски обичај, што го споменува бугарскиот историчар Гаврил Кацаров, во својата книга Цар Филип Втори Македонски (Софија, 1922). Дури и антично-македонскиот обичај за избор на крал (кој се одвивал преку масовен собир на војската и избор со акламација), останал среде Македонците од 19 век, како обичај на избор на селски старешина. Овој обичај детално го опишува Стефан Верковиќ во своите описи на обичаите во југозападна Македонија. Верковиќ пишува дека на селските старешини дури му било давано и жезло во знак на почит (исто како што било и со кралевите во атичка Македонија). Антично-македонски обичај е и одбележувањето на круг околу населбата поради заштита од зла. И овој обичај е запишан како обичај кај Македонците од 19 век повторно од страна на Стефан Верковиќ. Антично-македонски елементи се забележани кај Македонците и за време на славењето на пролетните празници: Лазара, Ѓурѓовден, Руса Среда, па и Прочка. Китењето на младите девојки за време на овие празници е чист антично-македонски обичај. Антично-македонски елементи се регистрирани и во денешните македонски додолските обичаи, кои се викаат за повикување на дожд. Од античките Македонци останало и верувањето во магиската моќ на змијата; потоа неколку погребни обичаи, (како што е покривањето на лицето на покојникот пред да биде погребан), и други.

Не помалку значаен е и податокот дека денес во македонскиот фолклор постојат бројни македонски народни творби (песни, приказни, легенди, преданија и сл.) посветени на некои од антично-македонските владетели или јавни личности. Постојат и одредени фоклкорни елементи (посебно во приказните), кои несомнено влечат корени од времето на античка Македонија. Такви се: мотивот со лавот (кој и навистина живеел во времето на античка Македонија и токму затоа е најзастапен во македонските народни приказни, но и во хералдиката); рисот; филозофот; мотивот со тројцата браќа (најверојатно преземен од Херодотовата приказна за настанокот на македонската држава; култот кон водата и други. (Без ништо тн.словенско, Р.И.)

Но, да се вратиме на постоењето народни творби со антично-македонска содржина. Во интерес на просторот само ќе споменеме некои од нив, без да ја приложуваме целосната содржина.

Народни песни, во кои се опеани славни личности од антично-македонската историја, запишале речиси сите македонски запишувачи на народни умотворби од средината на 19 век. За ваквата појава сведочеле и странци, кои ја посетувале Македонија во 18, 19 и 20 век. (Меѓутоа, А.Донски ништо не наведе тн.словенско, затоашто словенски народ и никогаш немало- досега без ниеден наод/доказ, Р.И.)

Сепак, можеби прв запис за песна посветена на античко-македонската историја имаме кај Теофилакт Охридски. Во својот труд *Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од 11 до 12 век (Македонска музика*, бр. 2, 1797, стр. 39-46), познатиот македонски истражувач на средновековна Македонија, Бранко Панов, споменува едно писмо на Теофилакт Охридски во кое тој пишува дека кога бил во: *'варварската земја- Македонија'*, населението во Охрид го дочекало со пеење на *'некаква борбена и победеносна песна'*, за која Теофилакт вели дека во неа народот ги опејувал 'своите честити времиња' ".

Токму варварски=пелазгиски не бил коине, туку народниот тн.словенски јазик. Па на ваквиот јазик пишел тн.Хомер, а говорел и творел Платон и други Белци.

„Византискиот историчар и писател Никифор Григора, за време на својата посета на Струмица во 1326 година, опишува некои од народните песни што таму тој ги слушнал. Тој децидно тврди дека (иако не го разбирал јазикот на тамошното население), струмичките народни песни многу потсетуваат на- фригиските ! (*Одбрани четива за историјата на македонскиот народ*, Скопје, 1951, стр. 122). Се знае дека Фригите (Бригите) играле главна улога во етногенезата на античките Македонци, па оттаму гледаме дека уште Македонците во 14 век, како свое наследство,гу чувале старите античко-македонски (бригиски) мотиви во народните песни.

Многу подоцна, францускиот барон Франсоа де Тот, кој работел во Цариград од 1768 до 1775 (18 век !), во своите Спомени запишал:

*Дваесет и двајца Македонци, секој со пушка на рамо...во една кафеана пееја песни за победите на Александар. (Memories du baron de Tott sur les Tartares, Amsterdam,*1784,цит.според Ѓ. Радуле: *Историја на Македонија*, Софија, 1997, стр. 250).

Овие Македонци биле обични работници.

Сведоштво дека споменот за античките Македонци бил присутен среде Македонците од првата половина на 19 век дал и рускиот истакнат деец Виктор Григорович. Во врска со импресиите од неговата посета на Македонија во 1844-1845 година, тој запишал:

*Во сите краишта што ги посетив, јас немам чуено други имиња освен имињата на Александар Велики и на Марко Крале.И едниот и другиот живеат во спомените на народот...Споменот за Александар Велики сепак е повеќе утврден кај народот.*

Виктор Григорвич запишал и една народна приказна за македонскиот цар Филип II. Тоа всушност е **првата запишана македонска народна приказна воопшто !** Истакнатиот македонски фолклорист Кирил Пенушлевски, во книгата за Цепенков (*Цепенков- Светот на приказните, Мисла, Скопје*, 1982 год, стр. 520), ќе запише:

*'Цар Филип сос сонце чинит облок' е првата наша забележана приказна од Острово. Ја запишал Виктор Григорович во времето на неговото патување по Македонија. Таа е објавена дури во наше време.*

Значи првата запишана македонска народна приказна се однесува на славниот античко-македонски цар Филип II".

Значи, се говори за македонски преданија, а ништо тн.словенско, дунавско...

Секој,кој пронајди нешто тн.словенско, северно дунавско, итно е за награда.

„И чешкиот научник И. Доровски во својата студија за врските меѓу Чесите и Македонците објавил факсимил од една: *‘македонска народна песна’*, запишана од В. И. Григорович (*J. Dorovsky, Ceske zeme a Balkan, Bruno* 1974).

Харалампие Поленаковиќ,во својот труд: *Уште една варијанта од македонската народна умотворба ‘Цар Филип сос слонце облок чинили’* (Избрани дела 2, Скопје 1988), наведува дури четири приказни или песни (а можеби и само варијанти) за македонскиот цар Филип II.

Босанскиот запишувач на македонски народни умотворби и обичаи, Стефан Верковиќ, познато е дека престојувал во Македонија повеќе години во средината на 19. век. Тој признава дека бил многу изненаден кога во Македонија открил народни песни за личности од античка Македонија. Дури овие песни тој ги прогласил како свое најголемо откритие. Во едно свое писмо Верковиќ сведочи:

*Оваа премногу важно и ненадејно откритие се случи во првата четвртина на 1865 година. Тоа беше една мала песна за Александар Велики, царот Македонски. До крајот на годината најдов уште две песни за него.* (Овој и сите овде наведени цитати од Стефан Верковиќ се преземени од неговите книги: *Верковиќ, Македонски народни умотворби* 4 и 5, Македонска книга, Скопје, 1985).

Стефан Верковиќ дал и други сведоштва за македонски народни творби со античко- македонски елементи, на кои наишол за време на својот долгогодишен престој во Македонија. Притоа сведочи дека голем број вакви преданија имало кај македонското колено *Марваци* (жители на дел од денешниот пирински дел од Македонија). Во веќе спомената книга за Верковиќ (цит. дело, стр. 152), читаме:

*Марваците...го населуваат неврокопскиот округ што се простира меѓу пла-нината Кремен и Момина Кула и служи како естетски дел меѓу Неврокоп и Ра-злог...*

*Покрај преданијата и приказните кај Марваците има и народни песни, многу љубопитни и важни, кои се однесуваат на најдалечното минато; но ова се однесува и песната за доаѓањето на Словените од Азија (од далечната Кинеска земја, како што кажува песната) на Дунав; уште песната за Александар Велики и неговиот коњ Буцефал; за походот негов во Азија и воопшто со Дарие и Пор- царот индиски.Оваа многу важна песна за решението на потеклото на старите Ма-кедонци, Тракијци и Илири, инаку е откриена во селото Керчово, што се наоѓа во Воловиште, Демирхисарски округ, како што ми раскажа овчарот Стојан Мечка-ров. Исто така песни имам и од селото Крушово, во истиот округ, но таа е со-ставена ‚малку поинаку*“.

Тоа бил походот на Александар Македонски.Овде Словени се Скитите, а тие биле во Скитија, а и од двете страни на Дунав со Црно Море; моја претходна книга.

„Сведоштво за,до неодамна, непозната македонска народна песна, посветена на царот Александар Македонски среќаваме и во фолклорната збирка на егејскиот Македонец Димитар Поп- Димитров (кој, во моментов кога ги пишувам овие редови, живее во своето родно село Цакони во околината на Воден). Овој деец, со години собирал македонски народни умотворби низ повеќе градови и села на егејскиот дел на Македонија. Меѓу ваквите творби биле и песната за царот Александар Македонски, која му ја испеал 84-годишниот Танас Марков. Дел од песната гласи:

*Стани, стани Александар Македонски*
*за да видиш како твоите синови*

*се борат за Македонија...*

Инаку песната била мошне долга и траела околу петнесетина минути (в. *Нова Македонија* 1 и 2.11.1997, стр. 7).

Во средината на 19. век францускиот славист Сипријан Робер запишал една песна за Александар Македонски, кој ги молел боговите да бдеат (цитат): *над неговиот народ славен со херојски срца,поради што заслужуваме да го носиме убавото име Словени. Ова име го добивме од устата на самиот Александар, восхитувајќи се на јунаштвото наше, јунакот од Македонија изречена пред смртта дека го про-клнува секого, кој, во иднина ќе говори лошо за народот славен.* (цитирано од кни-гата на Л. Славеска, стр. 34-35). Инаку, овој завет е објавен во оригинал на фран-цуски во 1852 година.

ВоЗборникот од македонски и бугарски народни и уметнички песни од 1909 -1910 година (Михајло Георгиевски: *Словенски ракописи во Македонија*, цит. дело, стр. 161-173), на стр. 68, спомната е песна во која се споменува античко-македонскиот *цар Каран*. Првите стихови на оваа песна гласат:

*Стара планина,*
*која што в тебе војски води*
*Като њама гордиј,*
*Цара Карана.*

Иако песната очигледно е запишана на бугарски, повеќе од јасно е дека по содржината тоа е македонска песна. Во продолжение следувале уште 28 стихови.

Македонска народна песна за царот Каран споменува и македонскиот преродбеник Исаја Мажовски во своите спомени (Софија, 1922). Тој раскажува како, на ден 23.02.1867 година, престојувал во селото Сосалија (Еница-Вардарско) кај своите вујковци, браќата Хаџи Секови. Вечерта, кај нив дошол некој Евреин да купува волна и, откако завршиле работа, седнале и пееле македонски народни песни. Тогаш браќата Хаџи Секови испеале неколку стари песни за македонскиот *цар Каран и Солуна девојка.* Во врска со ова Мажовски пишува:

*Слушајќи ги песните, Евреинот зачудено ги праша како можело да се зачуваат овие песни од толку старо време. Старците Хаџи Секови му одговориле дека овие песни се останати уште од старо време и истите биле пренесувани од татко и син. 'Тие биле пеени од нашите татковци и дедовци, та и ние сме ги научиле од нив да ги пееме.'* (цитирани од постари извори од Гане Тодоровски: *Веда Словена*, Македонска книга, Скопје, 1979, стр. 30).

Во македонскиот весник *Народна Волја* (Благоевград, јули 1994) е објавена и македонска народна приказна за царот Персеј, под наслов *Татковата клетва*, раскажана од Г. Петров.

Секако дека постојат уште многу приказни и песни со античкомакедонска содржина, останата, останати до денес среде Македонците.

Да наведиме и неколку преданија и легенди, запишани во 19. и 20. век, кои имаат античко-македонски корени.

Во Зборникот од Шапкарев (Софија, 1891) се наоѓа предание,кое гласи: *Александар Велики ја изумил војната.* Во него се вели:

*Простиот народ кажува и верува дека војните најпрво биле пронајдени од Александар Велики Македонски. Кога тој шетал по море, одејќи во некој друг непо-знат свет, за да најде и нацрпи бесмртна вода, за да се напие, та да не*

*умира ни-когаш, кога видел во морето рибите да се бијат помеѓу себеси како во војна, на-мислил и тој да го направи истото, па кога дошол во своето царство, прв ја из-умило војната на овој свет*".

Како што Александар Македонски два века по неговата смрт го добил ласкавиот прекар Велики, тој народот го прифатил, што овде се чита. Истото се случило со поимот Склавини, тој да биде преименован како Словени. Пак, овие биле Илири.

„Неколку преданија за Александар Македонски има регистрирано и во Институтот за фолклор (м.л.1755). Едно од нив е раскажано од Станимир Вишински во 1971 година, роден во с. Мисимер (Воденско) во 1885 година.

Во друго предание, раскажано од Лоза Камчевска од Прилеп (Л. Славеска, цит. дело, стр. 37), Александар Македонски го победил Дарие со тоа што се кладел со Дарие, кој ќе изеде повеќе од македонските лути пиперки. Дарие не можел да изеде толку колку што изел Александар и затоа морал да го предаде своето царство

Предание во кое се споменува Александар Македонски запишал и Марко Цепенков (Д-р Кирил Пенушлински, цит. дело, стр. 100).

Во Зборникот на браќата Миладиновци во поглавието *Преданија* како прво по ред стои запишано преданието за Александар Македонски.

Благодарение на г-дин Љубе Панов (р. 1938) од Велес, запишав уште една варијанта од ова предание, која тој ја запомнил од својата мајка Васка Јолевска Панова (1913-1980), родена во Битола, а мажена во Велешко. Содржината на ова предание е слично како на она запишано од браќата Миладиновци.

Францускиот славист Андре Мазон во својот Зборник *Славјански приказни од југозападна Македонија* (Парис, 1923) објавил предание, раскажано од дедо Јован од село Неволјани (Костурско) во кое има фантастичен спој помеѓу Александар Македонски, Крали Марко и Јанкула, кои успеале да налеат жива вода, која ги правела бесмртни. Јанкула и Крали Марко се напиле и тие до денес се живи, а Александар не успеал, затоа што сестрите му ја испиле неговата, па поради тоа умрел (Ѓорѓи Радуле: *Историја на Македонија*, Софија, стр. 191).

Преданието за Александар Македонски има раскажано и Никола Андонов (род. 1883) од село Конопиште (Танас Вражановски: *Македонски народни преданија, Македонско народно творештво: Народни преданија*, книга I, Скопје, 1986, стр. 26-29).Во ова подолго предание, на начин,својствен само за народниот творец, опишани се односите меѓу Александар Македонски и персискиот цар Дарие, почнувајќи уште од детството на Александар,па сé до неговото мажење за ќерката на Дарие. И овде се спомнати гајдата, македонското оро, македонските лути пиперки, градот Солун и уште многу други елементи, кои, заеднички, прават фантастичен спој помеѓу историската вистина и имагинацијата на народниоит творец. (женење, Р.И.)

Интересно е и преданието за Александар Македонски и сестра му Ангелина (Танас Враженовски, цит. дело, стр. 29-32, во кое, народниот творец направил фантастичен спој помеѓу нашиот славен цар и девојката Ангелина- симболот на македонската девојка во Средновековието. Ова предание го раскажал Петре Андрески (род. 1893) од село Модришта. (**Сестра Ангелина на тн.Скендербег, Новиот**,Р.И.)

Во ова предание царот Александар Македонски е претставен претставува како **наш, македонски цар !** Овде сакам да потенцирам дека во македонскиот фолклор не постои ниту една творба во која, кој и да било српски, грчки или бугарски цар или хан, е опеан како *наш цар*, како што е случајот со Александар Македонски.

Постои и предание за Александар Македонски раскажано од Апостол Апостолов (род. 1912 год.) во Крива Паланка (Танас Вражовски, цит. дело, стр. 33). Во ова предание Александар Македонски, како заштитник на Македонците, се бори против турскиот султан Мурат.Овде се појавува и жена му на Александар *Султана*, која прифаќа да биде жена на Мурат, но под услов македонскиот народ да не се зема војска,зашто е сирак,бидејќи татко му(Александар,з.м) загинал.(**Новиот**, Р.И.)

Значи и овде нашиот народ си го смета Александар Македонски за свој етнички предок и заштитник.(И **Нов Александар Македонски**,моја втора книга,Р.И)

Во контекст на ова да ја споменеме и легендата со *Историјата на Македонија*, која живописецот Новко од Дебар тргнал да ја бара (објавена од: Танас Вражановски, цит. дело, стр. 25). Новко отишол во еден манастир, каде ги прашал владиците и поповите: *Слушајте вие владици и попој, ќе ми кажете кај се најдува Историјата на Македонија ?* Тогаш еден поп му одговорил: *Добро, ќе ти кажиме. На филан место се најдува Историјата на Македонија. На филан ден да се отвори и се чита историјата. Трипати годишно се чита историјата.* Потоа Новко тргнал да го бара тој *филан манастир.*Кога го нашол, таму и навистина му ја покажале Ис-торијата на Македонија, која била напишана: *'на зајачка кожа со орлово пери'*. Му рекле дека може да се чита само три дена и три ноќи. Тогаш Новко купил три кила свеќи и седнал да ја чита Историјата на Македонија. Свеќите ги палел една по дру-га за да не му згасне светлината. Три дена и три ноќи Новко ја читал Историјата на Македонија, а кога се вратил назад им рекол на луѓето:

*А бре, браќа, дниве е читав Историјата на Македонија. Сум читал и сум плачел за Македонија.*

Постои едно многу интересно предание, во кое *Македонските Словени* се поистоветуваат со античките Македонци. Ова предание го запишал Кузман Шапкарев и истото гласи:

*Во старо време сета крајезерска месност била испосеана се́ со села и градови, во кои живееле таканаречените Езерци, име земено од езерото, кои грчките историчари, меѓутоа го превртеле во Десарети. И сега во Охрид се наоѓаат камења со натписи од тие Езерци или Десарети*".

Значи, Десарети=д есарет=езерет, езерети. Спореди со „славниот певец на древна Елада, има достоен преемник во Глигориус Ставридис (од татко Ставре)-Вториот Омир (Девтерос Омирос)": девтер=де втер (втор):де-бре...Десаретите=Езеретите биле Бриги=Брги=Бржи=Брзи, Брзјаци=брз јак: Јаков=јак ков, животно Јак...

„Во Зборникот на Миладинмовци, веднаш по преданието за Александар Македонски е објавено и предание за царот Јустинијан, кој иако бил римски цар, бил роден во Македонија. Ова народно предание, браќата Миладиновци го сместиле како второ во поглавието за Преданијата, што зборува за нивниот почит кон овој цар, без разлика што, во нивно време, странските пропаганди, правеле се́ што е можно за да го оневозможат националното себесознавање на етничките Македонци. Наспроти странските еднострани и фалсификувани податоци за нашата историја, како цврст бедем и можеби единстведн светилник во тоа време, стоел нашиот народен творец, кој, во своето творештво непогрешливо ги апсорбирал само поистакнатите македонски владетели или пошироко познати личности од Македонија и, како такви, ги пренесувал од поколение на поколение. (Уистиниан=вистини ан=он, Р.И.)

Преданието за Јустинијан е поврзано со настанокот на името на градот Охрид и, според ова предание, името на овој наш град го дал токму царот Јустијинан.

Уште едно предание за Јустинијан(но и за неговиот војсководец Велизарија) има и во *Сборник на народни умотворенија, наука и книжевина*, Софија, 1889 IV, стр. 154. Ова предание е поврзано со настанокот на преспанското село Исток и Герман. (Татко му се викал Исток, Р.И.)

Освен овие, постојат уште многу легенди и преданија со античко-македонски елементи. (Но ниедно предание на тн.Словени дојдени од Свемирот, Р.И.)

Да кажеме некои зборови и за наследството на античко-македонските народни танци во денешните македонски. Оваа тема десега е мошне малку истражувана, иако постојат описи на неколку античко-македонски народни танци.

Американскиот истражувач Стојан Прибичевиќ во својата книга: "Macedonia-Its People and Histiry" (ISBN 0-271-003 15-4,The Pensylvania State University Press, USA, 1982, p. 221-224), во врска со историјата на македонските народни танци, пишува:

*Македонските танци ... спаѓаат помеѓу најстарите забележани танци во светот... Но успорените танци, кои се играат само од мажи, со долги одмерени чекори, единствена придружба им е тапанот и високо-тонскиот дувачки инструмент* (зурла, з.м.). *Еден од овие танци е 'Тешкото'. Постои и 'овчарски танц', кој се игра со спретни скокови, од камен на камен, преку кое се 'внимава' да не наиде можен ѕвер или крадец. Всушност тоа е архаичен македонски танц, останат уште од предсловенските времиња, кои претставува имитација на тешкиот живот на Македонците за одбрана на границите од напади, како и на бескрајните борби за одбрана на своите стада, земја и племе.* (Ништо од тн.словенско време, Р.И.)

И понатаму:

*Постоеле античко-македонски танци кои се изведувале само со удирање на тапанот, а постоеле и тивки танци кои во целост се играле без инструменти, пеење или ракоплескање.* (Значи,само античко наследство,ништо тн.словенско,Р.И.)

И понатаму:

*Зурлата и тапанот не потекнувале од Турција, како што некои веруваат. Нив ги има на фреските од пред доаѓање на Турците. Тие постојат на Балканот уште пред доаѓање на Словените...* (Турците биле Бриги, види Херодот, Р.И.)

И понатаму:

*Според мислењето на некои музиколози постојат бројни архаизми во македонската музика, како што постојат и во носиите, танците и обичаите...Во селото Мариово во јужна Македонија, матријархатот се уште владее, а носиите и обичаите се уште се архаични...* (Значи, во Македонија 100% македонско, Р.И.)

Сигурно дека истражувањата во оваа насока треба да продолжат.

Во врска со постоењето на очевидните фолклорни античко-македонски елементи во денешниот фолклор должни сме да укажеме на еден многу важен момент,

Имено, до не така одамна, потеклото на ваквите творби, од страна на најголемиот дел претставници на досегашната македонска наука, погрешно се толкуваше како наводен производ на некаков романтизам од Средниот век, поврзан со романот за Александар Македонски, под наслов *Александрида*, што тогаш се појавил во Европа (!?) Мислам дека нема апсолутно никаква основа да се тврди дека еден роман објавен во Средниот век некаде во западна Европа ги поттикнал нашите не-

писмени селски предци да седнат и да создаваат фолклорни творби, посветени за главните херои од тој роман (за кој всушност кој знае дали воопшто и слушнале дека постои)“. (Македонците- генијалци, а Германците до 15 век без вилушка и лајца, Р.И.)

Се кажаа многу преданија за античките Македонци,без ниедно тн.словенско.

„Конечно, собирачите на македонските народни умотворби од 19 и 20 век, воглавно јасно регистрирале од кога ги запишувале овие творби.

Така, на пример, сосема добро се знае кои интерпретатори му дале песни за Александар Македонски на Стефан Верковиќ. Податоците за една ваква песна, тој ги добил од овчарот Стојан Мечкаров (некаде во шеесеттите години на 19. век). Понатаму, Верковиќ запишал две песни за Александар Македонски и од страна на следниот Јован Михаилов од село Броди, Серско (Кирил Пенушлиски: *Народната култура на Егејска Македонија, Мисла,* Скопје, 1992, стр. 120) ! Па, зарем некој може и да помисли дека почитуваниот овчар Мечкаров и слепецет Јован Михаилов биле полиглоти, кои своето познавање на неколку европски јазици, го искористиле за анализа на романот за Александар Македонски, а потоа, инспирирани од тој роман, седнувале и создавале песни за Александар Македонски !? Замислете си ги овчарот Мечкаров и **слепецот** Михаилов како седат еден до друг и заеднички ги читаат романот за Александар Македонски (и тоа на некој од европските јазици!), а потоа заедно измислуваат песни за него (!?). Дали е тоа можно ?“ (слеп Хомер,Р.И.)

Меѓутоа,овчарот и слепецот ништо не знаеле за неандерталските тн.Словени

„Понатаму, веќе го наведовме сведоштвото на баронот Тот,според кое, уште на крајот од 18 век, од група македонски работници била песната за Александар Македонски. Па зарем и овие најверојатно неписмени, работници го читале романот за Александар Македонски, за потоа да *измислат* песна за него ? Ако е така, тогаш сигурно дека такви биле и браќата Хаџи Секови од селото Сосалија, кои немале друга работа,па откако добро ја проучиле античката историја (посебно Херодот), седнале и ги *измислиле* песните што ги пееле за царот Каран. Исто така, страсни читатели на романот за Александар Македонски испаѓа дека биле и сите останати наши сонародници, кои им кажале македонски народни умотворби со античко-македонски елементи на запушувачите од 19 и 20 век.

Инаку, на просторите на бивша Југославија, средновековниот роман за Александар Македонски (*Александрида*) за првпат бил преведен на хрватски дури во 1871 година во Загреб, и тоа од страна на В. Јагиќ, а во 1878 година е преведен и на српски и објавен во Белград. Но, тогашните Србија и Хрватска немале речиси никаква допирна точка со Македонците. Србија тогаш била сиромашна и мала независна држава, а Хрватска и самата била под туѓинска власт, без речиси никакви контакти со нашите предци, кои живееле во мрачните турски вилаети.

Се надевам дека читетелите нема да ми забележат на овој (оправдан !) цинизам, но целта ми беше да укажам до каде се не одеше нашиот сопствен мазохизам во негирањето на вистината за нашите етнички корени. Но бројни наши историчари воопшто не им пречеше тоа што други народи (без никакви аргументи) го присвојуваа Александар Македонски како свој, а кога исконската сила и енергија на нашиот народен гение, им понуди докази дека античките Македонци се нашите антички предци, тогаш тие, не само што ова не го прифатија, туку дури и се обидоа да ги забошотат ваквите чисти докази со своите бесмислени толкувања за наводниот *романтизам* кај нашиот народ, кој наводно се јавил како резултат на појавата на

некаков средновековен роман за Александар Македонски во Европа. Инаку, колку што знам, за првпат роман за Александар Македонски на македонски јазик, е преведен на македонски јазик во 1965 година. Тоа е романот *Александар Македонски* од авторот Словомир Настасиевиќ, во превод на Трајан Бавтировски. Подоцна, дури пред крајот на животот на Југославија (средината и крајот на осумдесеттите), се преведоа на македонски јазик неколку книги од таа област, како на пример: книгите на Елис, Вилкен, Плутарх и уште некоја. (**Уште без ништо тн.словенско,** Р.И.)

Во сегашните услови мислам дека појавата на постоење на македонски народни творби, посветени на античките Македонци, треба посериозно и посмело да се обработува, наместо досегашниот понижувачки и потценувачки однос, диктиран не само од страна на дневно-политичките потреби на идеологијата на бившите југокомунисти, туку и од страна на странските шовинистички пропаганди, кои и самите тврдат дека ние, денешни Македонци, немаме никакви етнички и културни врски со античките Македонци. Се разбира дека, над сето тоа, треба да биде силата на аргументите, а примерите што ги приложуваме во овој текст, претставуваат повеќе такви аргументи, кои едноставно можат да се формулираат и како едно единствено прашање, кое гласи: до колку денешните Македонци немаат никаква етничка и културна врска со античките Македонци, тогаш како да се објасни појавата на македонски народни творби во денешниот македонски фолклор, во кои се споменуваат античките Македонци, како наши предци ? Се знае дека фолклорот на секој народ, во најголема мера, ги влечи своите корени од етничкото минато на истиот тој народ. Значи, Македонците од 19 и 20 век само ги наследиле фолклорните творби (обичаи и сл.) од своите предци, кои, пак, во нив брилијанто ги детерминирале вистинските македонски предци. (**100% антички Македонци, а само 0% тн.Словени**, Р.И.)

Овде сигурно дека спаѓаат и бројните претстави на македонското осумзрачно и шеснаесетзрачно сонце (кои биле главни хералдички сомболи на античките Македонци), што ги среќаваме на македонските средновековни и нововековни икони и фрески. Лично имам забележано стотици претстави на овие сонца на нашите икони и фрески, но и за ова истражување ќе проговориме во следната прилика“.

Сонцето бил симбол на белата раса, која стигнала и во Јапонија, што било и со во Меспотамија, за што говори авторот. Меѓутоа, тој никаде не говори за орелот, со кого владеела белата раса, а токму двоглавиот орел бил македонски. Со него Македонците владееле во Ромејското Царство, со македонска династија и ренесанса... Токму затоа двоглавиот орел како македонски=православен е и во нашите цркви.

„Сепак, клучен доказ за врската помеѓу денешната македонска нација и античките Македонци треба да даде антропологијата. Овде ќе спомнам едн податок, кој во времето на едноумието беше криен од нашата поширока јавност. Овој податок е толку поинтересен бидејќи е даден од страна на- грчки научник ! Имено, грчкиот научник Пуљанос (инаку член на ДАГ), по т.н. Граѓанска војна во Грција, заедно со мнозина Македонци и Грци заминал во тогашниот СССР. Во педесеттите години овој научник вршел компаративни антрополошки истражувања помеѓу тамошните Македонци (бивши борци на ДАГ) и античките Македонци (до чии податоци доаѓал преху архивите во СССР). Резултатите од тие истражувања биле сензационални. Пуљанос докажал дека антроплогијата на античките Македонци била фрапантно идентична со антроплогијата на Македонците во СССР. Можеби денес изгледа парадоксално, но тогашната грчка влада со радост ги прифатила овие нао-

ди. Кај нив тогаш преовладувала логиката дека денешните Македонци имаат еднетични антрополошки црти со античките Македонци (кои, според нив биле *Грци*), тогаш и денешните Македонци се потомци на Грците. Денес, се сомневам дека *Грците* би ги прифатиле овие наоди со толкава радост. (Христо Андоновски: *Јужна Македонија од античките до денешните Македонци*, Скопје, 1995)“.

Авторот ништо не докажа, Македонците да имаат нешто од тн.Словени.

„**1.3.4.Античко-македонското самосознание кај Македонците од 19и20 век**

Наспроти сите антимакедонски пропаганди, малку е познато дека античко-македонското етничко потекло масовно било прифаќано од страна на многу наши предци и тоа главно во 19. и 20. век. Ова посебно детално го има обработено академик Блаже Ристовски (во неговите дела: *Портрети и процеси* I, Скопје, 1989 год. и *Македонија и македонската нација*, Скопје, 1995 год.), па во продолжение ќе се послужиме со цитати од неговите истражувања во врска со ваквите појави, надополнети со моите дополнителни истражувања во оваа насока. Посебно е важен фактот дека за чуството за античко-македонската етничка припадност на нашите предци од 19 и 20 век, сведочеле и еминентни странски дејци, кои во тоа време престојувале во Македонија. Но, да почнеме по ред.

Веќе спомнавме дека баронот де Тот во втората половина на 18 век посведочил дека група Македонци пееле македонска народна песна за Александар Македонски. (Меѓутоа, **А.Донски во книгата ништо не кажал за тн.словенско**, Р.И.)

Сведоштва дека споменот за Александар Македонски останал меѓу Македонците во првата половина на 19 век дал и Јохан Маер. За време на својата посета на Македонија (Серско) во 1814 година, тој запишал:

*Подоцна поминавме низ областа каде се одмарал Александар Македонски. Уште од пред неколку илјади години овде се чува споменот на овој славен Македонец.* (Александар Матковски: *Македонија во делата на странските патеписци* 1778-1826, Скопје, Мисла, 1991, стр. 580).

Да ја спомeнеме и изјавата на еден засега непознат учител од Охрид, кој дошол на местото на истераниот бугарски учител во Солун во 1845 година, а која изјава подоцна е пренесена и во тогашниот печат, без да се наведе идентитетот на учителот. Кога го прашале да се декларира што е по националност, нашиот охриѓанец дословно рекол:

*Јас не сум Бугарин, ни Грк, ни Цинцарин ! Јас сум чист Македонец, какви што биле Филип и Александар Македонски и Аристотел филозофот.*

Јерејот Димитрија од Кривопаланечко во врска со своето етничко потекло, во далечната 1848 година, запишал:

*Родум сум Македонец... Од Бога било пишано мојата татковина да страда од Грците, па тие не ни даваат мир ниту денес, иако сите знаат дека Македонија била постара држава од нивното царство*“.

Се говори за Грчко Царство. Такво и никогаш немало. Имало само Македонско Царство, познато Ромејско Царство, а Македонците од Франките, од 9 век, биле нарекувани Греики=дојденци во Јужна Италија,навредливо име за Македонците, кое никогаш тие не го прифатиле. За ова повеќе во мојата претходна и други книги.

„Многу дециден опис на Македонците од горенаведениот аспект претставува еден извадок од текст, објавен во *Цариградски весник* во бројот од 03.03.1860 година, од непотпишан автор, кој претставува уште едно сведоштво дека во вените на

денешната македонска нација тече крвта на славните антички Македонци и дека за тој факт биле свесни и нашите предци од 19. век:

*Оваа земја е Македонија и ако ја погледнеме природата, наравите, обичаите, карактерот на жителите, нивниот став, нивната физиономија, исцело ќе ги препознаете истите оние мажи што во старо време ги сочинувале фалангите на Александар Македонски.* (**Само антички Македонци, ништо тн.словенско**, Р.И.)

Во 1865 година забележан е еден спор помеѓу Венјамин Мачуковски и некој Грк, околу припадноста на Македонија врз основа на монетите од Александар Македонски. Мачуковски бил и посебно ангажиран од страна на Верковиќ во барањето македонски народни песни за овој голем македонски цар.

И Стефан Верковиќ запишал дека Македонците од југозападна Македонија (кои во најголем број му припаѓаат на *коленото Пуливаковци*) сметале дека се потомци на античките Македонци. Пишувајќи за народносната свест на Пуливаковци (некаде во шеесеттите години на 19 век), Верковиќ запишал:

*Кај Пуливаковците постои предание дека се чисти Македонци и потомци на Александар Велики.* (**Значи, без неандерталско=мајмунско тн.словенско**, Р.И.)

За директен потомок на античките Македонци себеси се сметал и истакнатиот македонски учител, писател и револуционер Иван Шумков од Крушево. Тој во шеесеттите и седумдесеттите години од 19. век, работел како учител во Солун и притоа објавил неколку книги. Во еден спор со бугарскиот учител Салганџиев, Шумков изјавил дека не е Бугарин, туку чист Македонец, какви што биле славните Филип и Александар Македонски. Во 1871 година на Учителскиот собир во Прилеп Шумков се заложил за воведување на македонскиот јазик во училиштата во Македонија. За жал и неговата личност не е доволно проучена во нашата историја.

На бугарскиот учител Салганџиев и внукот на солунскиот првенец Паунчев му се претставил како ‘*чист Македонец, како што беа Филип и Александар Македонски*’. (Ст. К. Саганджиевъ: *Лични дъла и спомени по взраждането на солунскитъ и сърски българи или 12-годишна жестока неравна борба с гръцката пропаганда*, Пловдивъ, 1906, стр. 34). (**ЗНАЧИ, БЕЗ НИШТО ТН.СЛОВЕНСКО**, Р.И.)

Дури и бугарскииот национален деец и егзархиски агент Петко Славејков за овие тенденции меѓу Македонците.Иако тој, во духот на егзархизмот и бугаризмот, ги напаѓа овие тенденции, преку неговите писанија јасно се гледа дека тие биле широко распространети помеѓу Македонците од 19. век. Во својата статија *Македо-нското прашање*, објавено на 18.01.1871 година, Славејков напишал:

*Многупати имам слушнато од македонистите дека тие не биле Бугари, туку Македонци, потомци на древните Македонци и секогаш сме чекале докази за тоа, но не сме ги дочекале...*“. (Датумот е по 1870 година, со Бугарска црква, Р.И.)

Грци, Бугари и Срби биле црковни народи. Бидејќи никогаш немало скиптарска црква, никогаш немало скитарски црковен народ.Тој станал државен 1913 год.

„Одговарајќи на ваквата провокација, Димитар Македонски во својата статија *По македонското прашање*, објавена на 16.02.1871 година, запишал:

*Македонците не се изгубиле од лицето на Земјата, како што некои си дозволуваат да велат, зашто, колку што знаеме ние, тие не згрешиле некогаш, па да зине земјата и да ги голтне.*(Македонците „се изгубиле“-Словените „слетале“,Р.И.)

На Слевејков и на сличните на него, кои до денес ги има во и околу Македонија, денес ќе им одговориме дека токму поради дејноста на таквите како нив- аге-

нти на странските анти-македонски пропаганди, Македонците биле оневозможувани самите да си ја проучуваат сопствената историја и да понудат докази за својата историска автохтоност и национална засебност. Од страна на анти-македонските пропагандисти доказите за националната засебност на Македонците биле криени од нашите предци и наместо нив, им биле подметнувани наводни *докази* за нивната инородна припадност.

Античко-македонското етничко потекло, како свие етничко потекло, го прифаќале и водачите на славното Кресненско востание. Така на пример во Уставот на Македонскиот комитет од 1878 година, кој го организирал и подигнал ова востание, помеѓу другото, пишува:

*Ние востанавме како поборници на слободата. Со нашата крв што ја пролеавме по планините и горите македонски, ние служиме како Македонска војска на Александар Македонски за слободата со нашата девиза: Смрт или слобода !*

И големиот писател и револуционер Ѓорѓи Пулевски, исто така сметал дека Македонците имаат и античко-македонско етничко потекло. Ќе наведеме извадок од неговата поема *Самовила Македонска* од 1878 година:

*Дали сте чуле, Македонци, стари луди оти говорат:*
*Од Македонци појунаци над них не било-*
*Цар Александар Македонски триста лета пред Христа*
*со Македонци сву вселену повладал...*
*Ево днеска в македонској кралевини наши браќа тужат*
*зашто само назе под ропство оставјат*
*затоа и мие хоштеме своју домовину...*
*Браќа наши Македонци од православна вера,*
*да се сви сложиме, јуначки бориме,*
*како наши стари под цар Александром,*
*повтор спомен своим имам по нас оставиме !*
*Историју стару да оживиме*

Ѓорѓи Пулевски, во 1878 година, во врска со Македонското востание, напишал:

*Со Бога напред, напролет ќе удриме на Турција сите ние синови славомакедонски. Или сите ќе изгинеме, или повторно ќе го издигнеме цаството на Александар Македонски !*

Ќе наведеме и извадок од Манифестот на илегалната Привремена влада на Македонија, објавена во април 1881 година:

*Македонци,*

*Нашата мила татковина Македонија некогаш била една од најславните земји. Македонскиот народ ги удри првите темели на воената вештина и со своите победнички фаланги и со Аристотеловата вештина го цивилизира човештвото. Но таа, некогаш толку славна наша татковина, денес е на прагот на својата пропаст поради нашите грешки и поради заборавот за нашето потекло. Туѓи и сомнителни народи сакаат да ја земат нашата земја и да ја уништат нашата народност, која светејќи со таков сјај, не може и никогаш нема да пропадне !...*

*Вистински Македонци, верни деца на татковината ! Зарем ќе трпите нашата мила земја да пропадне ? Погледнете ја како во ропството е покриена со ра-ни што и ги направиле околните народи. Погледајте ја и видете и ги нејзините*

*те-шки синџири што и ги направи султанот. Наоѓајќи се во ваква немоќ и гледајќи ја целата расплакана, нашата мила Македонија, нашата мила татковина не вика: Вие што сте мои верни деца, вие што по Аристотела и Александра сте мои наследници, вие во чиишто жили тече македонска крв, не оставајте ме да умрам, туку помогнете ми !Каква жална глетка за вас, вистински Македонци, ќе биде ако станете очевидци на мојот погреб ? Не ! Не ! Еве ви го моите крвави грозни рани, еве ви ги моите тешки синџири: скршете ги нив, излекувајте ми ги раните, направете сé на знамето што ќе го кренам да биде напишано: Единствена и обединета Македонија ! ... Да живее македонскиот народ ! Да живее Македонија !...*

*Македонци, сетете се на Вашето потекло и немојте да се откажувате од него !*

Членови на оваа илегална влада и потписници на овој повик биле истакнатите македонски национални дејци од крајот на 19. век: Васил Симов, Петре Јованов, Христо Ѓорѓов, Никола Трајков и уште еден, по име Коста. Блиски со оваа влада биле и македонските национални дејци: Л. Вулгарис (кој дејствувал и во Атина и кој подоцна бил уапсен од Турците во Солун) и Васил Дијамандијев (кој поради тоа бил уапсен во Пловдив од бугарската полиција и спроведен на распит во Софија). Оваа влада одржала и Национално собрание на кое присуствувале вкупно 32 делегати речиси од цела Македонија.Во Протоколарното решение што притоа било донесено, меѓу другото, се барало и: (**Вулгарис не бил Булгарин, ни прост**, Р.И.)

*Од сите заинтересирани влади да биде побарана реставрација на античка Македонија. Ќе се упати и повик до сите љубители на слободата и од сите родољубиви мажи ќе се побараат благородни жртви.*

Заради дејствата на Привремената влада и заради нелегалното уфрлување на македонски чети во Турција, Грција и Бугарија ги затвориле своите граници кон Турција.

Во контекст на сето ова би можеле да ја цитираме и малку познатата изјава на Глигор Прличев, кој е еден од многуте наши преродбеници што грчките и бугарските пропагандисти сакаат да си ги присвојат. Па, еве што изјавил лично Глигор Прличев во 1885 година во Солун, по повод 1000- годишнината од смртта на свети Методиј:

*Мајка Македонија е многу ослабната. Откако го роди големиот Александар, откако ги породи светите Кирил и Методиј, оттогаш мајка Македонија лежи на своето легло ужасно изнемоштена. Но мајка што роди вакви синови, во иднина ќе роди и други како нив... Ќе произведе уште многу Кириловци и Методиевци, кои ќе бидат светилници на нашите училишта и столбови на нашата вера и кои ќе го прославуваат македонското име !*

И покрај влијанието на грчката и на бугарската пропаганда, под кои попаднале браќата Миладиновци во тие бурни времиња на национално себенаоѓање, малку е познато дека Димитар Миладинов покажувал голем интерес кон историјата на античките Македонци. За една негова полемика со еден Грк, сведочи лично Рајко Жинзифов, кој во врска со ова запишал:

*Пред доказите на Миладинов, Гркот замолчил. Тој му зборуваше на Гркот не само за денешните Македонци, туку и за древните Македонци на Филип и Александар...*“ (**Антички=етнички Македонци- без неандерталски тн.Словени**, Р.И.)

Се говори само за домородци, но никако за било какви дојденци- Дунавци...

„Во една статија објавена во весникот *Македонија*, кој тогаш излегувал во Русе (Бугарија) во 1888 година, од автор кој се потпишал само со инцијалите К.Г., пишува:

*Нашата татковина Македонија си има историја за своето минато, каде што се гледа нејзината моќ, величнина, како и нејзиното политичко потчинување под власта на тогаш моќната Турска империја... Денес, секој Македонец, кога го спомнува Александар Велики, вели: Ние сме го имале цар Александар Велики. Со тие зборови тој си припомнува за блескавиот период и величието на Македонската држава. Александар Македонски стои пред лицето на секој Македонец како национална гордост !*

За големиот македонски преродбеник Исаија Мажовски античките Македонци и Словените преставувале потполно ист народ. Еве што, помеѓу другото, изјавил во неговиот говор одржан на бродот *Рицар*, за време на пловидбата по Дњепар, Русија, во 1888 година:

*Многупочитувани господи, македонскиот народ е словенски народ од пред 2600 години, кој бил доведен во Македонија од царот Каран, кој, исто како и Филип и Александар, бил чист Словен...*".

Значи, според него, Македонците=Словените биле домородци 2600 години, но никако дојденци тн.Словени, преку Дунав, на Балканот, токму во 6 век нова ера.

„Неколку години по говорот што го одржал Мажовски, Ѓорѓи Пулевски во 1892 година ја објавил својата Славјаномакедонска општа историја, во која за Македонците запишал:

*Македонците се староседелци на Полуостровот. Тие го пречекувале досelу-вањето и на Бугарите и на Грците и на Србите.*

Славата на македонскиот цар Александар Македонски не ги заобиколила ниту *лозарите*. На еден нивен таен состанок, што се одржал на 19.06.1889 година во хотелот *Конкордија* во Софија, на кој, помеѓу другите присуствувале и: Коста Шахов, Димитар Македонски, Г. Георгиев, И. Шумков, Ножаров, браќата Иванови, Ќуслиев, Мандушев и други, било дискутирано околу преземањето на натамошни активности, па во таа смисла значаен простор и бил отстапен на дискусијата за Александар Македонски, кој бил сметан за нивни предок.

Подоцна *лозарите* биле жестоко напаѓани од страна на бугарските весници, а посебно од публицистот Левов, кој во својата статија, објавена во април 1892 година, ги обвинил *лозарите* дека биле сепаратисти, кои себеси се нарекуваат како Македонци и кои тврделе дека: '*...Македонија била нивната татковина и дека таа е одделна словенска држава, чие минато е покриено со блесок, особено во времето на Филип и Александар Велики...*' (**Значи, антички=етнички Македонци**, Р.И.)

Ако го споменеме и фактот дека блиски до *лозарите* биле и: Гоце Делчев, Даме Груев, Христо Матов, Иван Хаџиниколов, Петар Поп-Арсов и другите, ова сведоштво има уште поголема тежина.

Во 1894 година, Петар Поп-Арсов објавил брошура, во која, критикувајќи ја бугарската пропаганда во Македонија и конкретно Бугарската егзархија, помеѓу другото напишал:

*Порано златото на нашиот земјак Филип ја поткупи разединетата атинска интелегецција и ја пороби Грција, а сега дојде друго време со сосема спротивни услови- братот брата си го продава.*

Антично-македонската традиција не го заобиколила ниту Марко Цепенков, кој во една своја творба од 1890 година запишал:

*Помислете Вие, мили чеда:*
*за велика цара Александра*
*што се слави и до ден денеска !*

Руският славист и македонист (инаку роден Бугарин) Петар Драганов, во 1900 години во врска со древната македонска историја изјавил:

*Дали Русите треба да се радуваат или да жалат во врска со тоа што во Македонија го издигнува својот глас тамошното староседелско население што си се нарекло себеси со старинското име Македонци ? Според нашето лично мислење праведно би било барем морално да се поддржи ова многубројно племе што зборува на посебен словенско наречје и си има своја стара историја, не помалку интересна од историјата на Бугарите и на Србите...* “.

Се говори само за антички Македонци, кои на Балканот биле старински.

„Чуството на етничка припадност на античките Македонци како наследувано од нашите предци, не ги запоставило ниту Македонците од бурниот почеток на 20 век. Така, на пример, малку е познато дека во досега неправилно сатанизираното Горноџумајско врховистичко востание, воено-оперативниот водач на ова востание, полковникот на бугарската војска Атанас Јанков (инаку етнички Македонец од Загоричани) непоколебливо се сметал за директен потомок на античките Македонци. Пред самиот почеток на Горноџумајското востание, тој до востаниците го упатил следниот проглас:

*Макединци ! Сетете се за светскиот победител, за светската слава на Македонија- великиот Александар Македонски ! Сетете се за храбриот Самуил, македонскиот великан, за прекрасниот Марко Крале, општословенската славадека во сите течела македонска крв. Тие сега од небесните височини бдеат над нас и го благословуваат нашето започнато дело. Да се покажеме како нивни достојни потомци !*

Ова секако дека е еден од најпатриотските македонски говори што кога и да е се одржани во нашата револуционерна борба. Овој повик уште тогаш бил пренесен во сите позначајни европски весници, а поради фактот што овој повик востанатите Македонци (т.н. *врховисти*) масовно се впуштиле во борба против Турците, јасно е дека и тие во целост се согласувале со неговата содржина.Жално е, меѓутоа, што во добар дел од македонската бившорежимска историографија неправедно беше омаловажувано ова востание (барем од аспект на неговиот национален карактер), а овој повик речиси не се ниту споменуваше во публикациите за поширока јавност. Овој повик претставува и жешка шлаканица за денешните големобугарски пропагандисти, бидејќи истиот е даден токму од страна на врховист ! Инаку, по востанието полковникот Атанас Јанков, во едно интервју, исто така од 1902 година, повторно децидно изјавува дека тој е Македонец, а не Бугарин, а подоцна учествува и во Илинденското востание.

Малку е познато дека антично-македонската етничка свест кај нашиот народ дошло до израз дури и во периодот на Илинденското востание, наспроти силното влијание на Егзаерхијата. Така на пример, во една непотпишана статија од весникот *Автохтона Македонија*, објавена во екот на Илинденското востание во август 1903 година, пишува:

*Денес, кога ни се наложува да помогнеме во заштитата на угнетените Македонци, ние треба од сé срце тоа да го сториме... Уште Александар Велики, тој цар на вселената, има посведочено за добродетелствата на словенското племе, кога изјавил дека Словените носат херојски срца и поради тоа заслужуваат големото име Словени. Пред да умре, овој наш голем завештател, изјавил дека го проколнува секого што ќе ги злоставува Словените... Сега, ако Македонците не се во состојба сами да го спречат нивното истребување и да си ја подобрат својата состојба, тогаш Бугарите, Србите, Црногорците и другите Словени се должни да им притекнат на помош на своите браќа по крв и вера.*

Авторот Петар Загоров, во екот на Илинденското востание во септември 1903 година, во в. *Автономна Македонија*, ја објавил песната *Таму*, во која, помеѓу другото, напишал:

*Таму кај Пинд и Шар, кај Струма и Вардар,*
*каде сé е покриено со длабоки рани,*
*достојни потомци на Велики Александар,*
*херојски се борат со вековни тирани.*

Во споменатиот Зборник од Македонски и бугарски народни и уметнички песни од 1909-1910 година (Михајло Георгиевски, цит. дело, стр. 172), застапени се две уметнички творби, во кои се велича славата на атичка Македонија, На едната автор е Матеј Т. Христов и нејзините први стихови гласат:

*Македонија, славно царство !*
*Где е твоето господарство ?*

На втората песна не е запишан авторот, а нејзините први стихови гласат:

*Македонијо красна ! Злочеста страна*
*Теб те участ постигна ужасна*
*Твоите минало славно отколк мина*
*И величието ти угасна...*

Песната имала уште 32 стиха.

Конечно,во длабината на својата душа античко-македонската традиција (или свест ?) ја носел и големиот македонски национален деец Димитрија Чуповски и не случајно на македонското знаме, што тој и неговите истомисленици го изработиле во Русија (1913 или 1914 година), било застапено Сонцето и разлутениот коњ на Александар Македонски, по име Букефал. Исто така, неразделен предмет од кај Чуповски никогаш не се делел, била сребренета монета од времето на Александар Македонски, што Чуповски ја имал закачено на синџирчето од својот часовник. Освен тоа Чуповски бил и голем почитувач на делото на стариот војвода и македонски национален деец Ѓорѓи Пулевски, за кого рековме дека се сметал за директен потомок на античките Македонци. (**Без ништо тн.словенско**, Р.И.)

Братот на Димитрија Чуповски, Никола Д. Чупаров, непосредно пред својата смрт во 1924 година, пишувајќи за македонските племиња Мијаци и Брсјаци (Брзаци), запишал: (**Бриг=Брг=Брж=Брз, брза, Брзаци**, Р.И.)

*Според книгата на Ѓорѓи Пулевски (родум од Галичник) Мијаците биле гвардејците на Александар Македонски... Брзаците (Брсјаците, з.м.), пак, биле брзата армија на Александар Македонски...* “

Авторите до 19 век биле само Македонци, а од 19 век почнале и со Словени.

„Во една стара албанско-латинска историја, која му била покажана на Македонецот Исаија Мажовски,за време на неговиот престој во Тирана (Албанија) и кој, она што таму го прочитал, го пренел во своја книга *Спомени* (Содија, 1922) исто така пишувало за античките Македонци како за директни крвни предци на денешните Македонци. Додека шехот читал од книгата, освен Мажовски, во читањето бил присутен и Гани-беј Топтани, кој подоцна го прашал шехот за времето кога Македонците биле присутни на Балканот. Еве што, во врска со сето ова, запишал Мажовски:

*Кога се појавил славниот македонскословенски цар Александар, албанскиот крал Карел ги испратил своите два капетани за да го пресретнат. Тие му се претставиле на големиот словенски цар Александар со зборовите: ‘Добро ни дојодовте, цару Александар !*

*Откако го прочитал ова, Гани-беј го запраша шехот: ‘Кој народ најпрво ги има населено обалите на Белото море: албанскиот или словено-македонскиот ?’ На ова прашање од бејот, шехот одговорил: ‘Најпрво овде се населиле македонските словенски народи и од нивното доаѓање до денес имаат поминато цело 2600 години, а тоа е 200 години пред населувањето на албанскиот народ.’* (**2600 г.**, Р.И.)

Големиот македонски национален деец Крсте Петков Мисирков, непосредно пред својата смрт, пишувајќи за великаните што ги дала нашата земја, за Александар Македонски ќе запише:

*Александар Македонски ја разнесе славата на Македонците до средно-азиските реки Аму-Дарија, како и до Индија и Индискиот Океан.*

Како директен потомок на античките Македонци се сметал и истакнатиот македонски национален деец д-р Трифун Греков. Во текот на годините 1922 и 1924 тој објавил неколку статии посветени на античките Македонци и посебно за Александар Македонски и тоа во в. *Македонија* во Софија и во в. *Македонско сознание* во Виена.

Следниот цитат несомнено дека има посебна тежина. Имено, се работи за документ пронајден во архивот на ВМРО на Ванчо Михајлов, во кој не само што децидно се потенцираат етничките разлики помеѓу Македонците и Бугарите, туку и за денешните Македонци јасно се вели дека се директни потомци на славните антички Македонци ! Еве што пишува во овој документ:

*...Некогаш имало славна земја со храбар народ што дал светски владетели како Филип и Александар Македонски. Многу древни народи, иако слегуваа од светската сцена, по извесно време, пак се издигнуваа. Зашто да не се случи истото и со Македонците ?...Зашто ако еден народ, што си има свои обичаи, вера, јазик, традиција и друго опстанал тврдо после толку ропства, тоа значи дека тој народ е способен за слободно постоење !... Бугарија нека им го даде на мирен начин на Македонците она што е македонско. Зошто Бугарија уште го држи туѓото и го прикажува како свое ? Зарем Македонците се Бугари ? Колку што се Македонците Бугари- толку се и Бугарите Македонци ! Разликата е голема ! Едните биле на Балканскиот Полустров уште пред Христа, а другите дошле во 7. век... Доста веќе со игри околу несреќата на македонскиот народ ! Време бе да се викне: Македонија на Македонците. Ослободената бугарска Македонија да им се даде на слободните Македонци. Дајте и автономија на Македонија додека е време !*

Овој документ е потпишан со псевдонимот *Комитски*, а пишуван е во декември 1932 година. Ова значи дека и меѓу членовите и симпатизирите на ВМРО на

Ванчо Михајлов имало такви кои го прифаќале античко-македонското етничко потекло. (Во Пиринскиот дел на Македонија се учел нивниот македонски говор, Р.И.)

Дури и организацијата на МПО (еден вид наследници на ВМРО на Ванчо Михајлов) во градот Лорејн (САД), формирана во март 1924 година, го носела името *Александар Велики* и имала свое знаме со кое биле прикажани името и ликот на овој наш славен цар. На Собранието на оваа организација зборувал и тогашниот секретар на МПО, г-дин Михаил Николов. Претседател на оваа организација бил Никола Меланов од Костурско, а во раководството бил и Трајче Вангелов (исто така од Костурско),додека секретар бил Иван Томев од с. Брајчино (Препспанско). Мнозинството членови на оваа организација биле Македонци од преспанските села.

За фактот дека античките Македонци не биле никакви Грци, туку посебен етникум со своја култура и цивлизација, кои ја *надминале елинската*, пишувале и Васил Ивановски- Бистрица (во 1934 година), како и Ангел Динев (во 1938 година).

Меѓу двете светски војни во прилепската чаршија особено бил развиен култот за Александар Македонски. Во врска со ова македонскиот национален деец од тие времиња Димче Аџимитревски сведочи:

*Ние имаме една стара книга за Александар Македонски. Така ние со воспитувавме. Го сметавме за наш крал и сонувавме за такво кралство што некогаш тој го создал.*

Во триесеттите години, од славата на Александар Македонски се восхитувале и членовите и раководството на тајната македонска организација, позната под името ММОР (модифициран збор од францускиот збор *mort*, што значи: *смрт*-според девизата: *Смрт или слобода !*), на која, еден од активистите бил токму Димче Аџимитревски. Еве што запишал нејзиниот раководител Благоја Димитров од Скопје (Смрт=с мрт=морт, од мре: замре, премре, умре..., Р.И.)

*Основна задача беше да се зборува на македонски, да се купуваат книги. Се формираа ќелии од по тројца членови и секоја таква ќелија си имаше своја библиотека. Имавме и книги за Александар Македонски и сето тоа го сметавме како наше.*

Интересно е да се спомне дека во раководството на оваа тајна македонска организација (покрај Аџимитревски и Димитров), тогаш се наоѓал и поетот Венко Марковски, како и Стојан Јовановски, а близок до Организацијата бил и Кочо Рацин. Оваа организација се залагала за обединување и независна Македонија, со признавање на националните права на Македонците, но во ноември 1934 година била пробиена, а некои од нејзините членови биле уапсени од големосрпската полиција.

Во периодот меѓу двете светски војни и младината од Охрид била опфатена со култот за Александар Македонски. Поетот Гоце Митевски од Охридско сведочи дека интелектуалната младина од Дебарца за време на Втората светска војна била воодушевена од својот предок Александар Македонски. Во 1942 година и самиот Митевски напишал песна за Александар Македонски, во која направил фанстатичен спој помеѓу него и Гоце Делчев“.

Тој никаде ништо не наведе,било што словенско, неандерталско=мајмунско.

„По Втората светска војна култот на Александар Македонски и славата на античка Македонија се уште позасилени во редовите на илегалните анти-југословенската македонска организација, кај нас и во странство, како и меѓу поширoките слоеви на македонското иселеништво. Полека, но сигурно, врз основа на цврстите

докази, овој процес конечно незапирливо напредува и помеѓу денешниве генерации Македонци во нашава земја.

Да ја спомнеме и изјавата на Митрополитот полошко-кумановски г-дин Кирил, што ја даде за в. *'Нова Македонија'* на 02.10.1999, кога во врска со потеклото на македонската нација, рече:

*Нашите македонски корени ги наоѓаме во најдревниот документ, родословната таблица од Десеттата глава на книгата Битие, преку пророкот Мојсеј, Македонците сме вброени во редот на најдревните народи, а Македонција е овенчана со славата на најстарите држави*". (Значи, Библијата била од 6 век п.н.е., Р.И.)

Според сé она, што го напиша А.Донски, сé било само македонско- без туѓо.

„На крајот посебно сакам да ја потенцирам констатацијата дека декларирањето на на нашите предци од 19 век како потомци на античките Македонци има неспоредливо поголема тежина од декларирањето на поедини наши предци како: *Грци, Срби* или како *Бугари*. Ќе одговорам и зошто го тврдам ова".,

Грците, Србите и Бугарите биле црковни народи од 18 и 19 век, а не порано.

„За нашите предци да се декларираат како *Грци, Бугари* или како *Срби* (посебно во 19. век) најголема причина биле басновловните суми што Грција, Србија и Бугарија ги фрлале за своите пропаганди во Македонија. Но кој ги *убедувал* тогашните Македонци да се декларираат како потомци на античките Македонци ? Се разбира, никој ! И не само што никој отстрана не ги убедувал нашите предци да се декларираат како потомци на античките Македонци, туку странските пропаганди со сите сили се обидувале да го задушат ваквото декларирање, истовремено убедувајќи ги дека тие им припаѓаат на *нивните* нации. Притоа, рековме дека многубројните историски докази за вековната национална посебност на Македонците биле криени од нашите претци во егзархиските, патријаршиските или српските цркви и училишта. Затоа ваквото декларирање, кое не само што не било поттикнувано, туку дури било и попречувано од страна, има далеку поголема тежина од инаквото декларирање на нашите предци. Ваквото декларирање не е настанато како резултат на ниедна странска пропаганда, туку нашите предци го наследиле од своите предци и во тоа се состои неговата економска сила".

Во православието секоја држава мора да си има своја црква, а со тоа државно-црковен народ.Тоа што денес се оспорува МПЦ не се признаваат Македонците.

„**1.3.5 За самобитноста на античките Македонци**

Како резиме на досегашниов текст несомнено може да се заклучи дека денешната македонска нација има сопствен автохтон етнички корен, по кој таа се разликува од сите други балкански нации. Веќе спомнавме дека македонската нација во најголема мера е создадена како резултат на етничкото (крвно и културно) мешање меѓу славените антички Македонци и *Македонските Словени*".

До доовде изложеното од авторот А.Донски е **без тн.словенско- дунавско**...

Значи, отсекогаш Македонците биле Македонци: антички=атнички.

„Но, секој можеби ќе рече дека во Македонија живееле (и живеат) и Грци, па можеби тие денес се потомците на античките Македонци ? Меѓутоа, ова не е точно поради едноставниот факт дека никогаш во историјата не дошло до масовно населување на Грци во Македонија !Ова значи дека сите оние наводно Грци што ги среќаваме на териоријата на Македонија во Средниот век (но и во 19 и 20 век) всушност во најголема мера претставуваат погрчни Македонци, т.е. етнички Маке-

донци, кои поради одредени причини ја прифатиле грчката култура, јазик, црква и слично и почнале да се декларираат како *Грци*. (**Само црковни народи**, Р.И.)

Овде малку ќе се оддалечам од темата за да потсетам дека за првпат до масовно населување на немакедонско население во Егејска Македонија (се разбира ако го исклучиме петвековното ропство под Турците, кои овде престојувале и главно си заминале) претставува населувањето на Маџирите, кои, како што и самите знаат, речиси присилно се населени во Егејска Македонија во празните домови на истераните Македонци во дваесеттите и триесеттите години во дваесеттиот век. Маџирите денес се прават поголеми Грци и од Грците, иако нивните предци не знаеле ниту збор од грчкиот јазик во времето кога биле населени во Македонија. Маџирите всушност се православни христијани од Турција од различно етничко потекло и етнички тешко може да се каже да имаат каква и да е крвна врска со етничките Грци, а за анички Македонци и да не зборуваме. (Само **црковен грчки народ**, Р.И.)

Значи, откако ги утврдивме двата етникуми од кои во најголема мера е создаден денешната македонска нација (антички Македонци и *Македонски Словени*), би требало да кажеме по нешто за етничкиот карактер на секој од нив. Ќе почнеме со античките Македонци.

За античките Македонци се знае дека биле засебен народ, главно создаден од мешањата на старите домородни племиња, кои живееле на територијата на Македонија. Денешната грчка пропаганда се труди да докаже пред светот дека античките Македонци биле 'Грци', се со цел да ја оправда својата окупација на дел од Македонија, која се случи во 1913 година и трае до денес. Меѓутоа, историската вистина и фактите зборуваат дека античките Македонци не биле никакви Грци.

Така, на пример, за нив се знае дека зборувале на сопствен македонски јазик. Сведоштво за ова имаме токму кај грчкиот антички историчар Плутарх. Опишувајќи една расправија помеѓу Александар Македонски и еден негов пријател, Плутарх, во својата биографија за Александар Македонски, во 53-та глава, запишал дека Александар: *'скокнал на нозе и почнал* ***на македонски*** *да ги довикува своите штитоносци.'* (Македонски=мајчин јазик=говор, ништо друго-само **Пелазги**, Р.И.)

Дека Македонците зборувале за засебен македонски јазик пишува и античкиот историчар Quintus Curtius Rufus, а ова го потврдуваат и повеќе современи истражувачи на античка Македонија. (**К.Руфус бил фалсификат во 15 век н.е.**, Р.И.)

Каков бил тој македонски јазик на кој зборувале Македонците ? Некои, прогрчки настроени, учени сметаат дека овој јазик бил сличен со старогрчкиот јазик и дека постоеле мала разлика помеѓу овие два јазика. Меѓутоа, ваквите тврдења директно ги побива уште *Таткото на историјата* Херодот, кој, за населението во македонската област Крестонија тврди дека зборуваат на јазик, кој бил неразбирлив за сите околни народи. Некои од современите истражувачи на античко-македонската историја, каде, на пример, Артур Вајгал, тврдат дека античко-македонскиот јазик бил толку различен од тогашниот грчки, што обичните антички Македонци не го разбирале ниту еден единствен збор од грчкиот јазик (Артур Вајгал: *Александар Македонски*, во превод на македонски, Скопје, 1992)". (**Тие се разбирале**, Р.И.)

Македонците...и Еладците имале ист варварски=пелазгиски јазик,мои книги.

„Инаку, факт е дека античките Македонци во одреден период на својот развиток го примиле грчкиот литературен јазик како литературен јазик во својата држава, но со грчкиот литературен јазик во тоа време се служеле и сите останати бал-

кански народи (Илирите, Тракијците и други). Впрочем, во антиката постоеле само два сигурно потврдени писмени јазици: грчкиот и латинскиот и со нив се служеле речиси сите тогашни бројни народи, кои не биле ниту Грци, ниту Римјани“.

Коине,тн.грчки,Птоломејов, јазик бил по смртта на Александар Македонски.

„Дали имало наративни споменици, пишувани на античко-македонскиот јазик ? Во врска со ова предлагам да спомнеме еден факт што, во моментов додека го пишувам овој труд, се крие од пошироката јавност во Грција.

Имено, во рамките на грчката програма КЕРА биле откриени над 5.000 кратки текстови напишани на древниот античко-македонски јазик ! Поради фактот што овој јазик денес се смета за изгубен, пронаоѓањето на вакви текстови би требало да претставува настан од исклучителна важност, не само на македонската, туку и за светската наука. Меѓутоа, овие извонредно вредни натписи, не само што досега не се обелоденети, туку е ставена забрана за нивно објавување. Потоа, во 1988 година, грчко-американскиот археолог Оикономидес, во реномираното американско списание за наука и култура Book review (History department, University of Chicago, 1988, стр. 121-126;цит, според Д-р Лидија Славеска, *Македонско време* јули-август, 1995, стр. 37)[9] го објави овој податок, со укажување дека овие текстови не биле објавени за да не и користеле на *‘државата од Скопје’*. Оикономидес изјавил дека ќе појде во Грција за да ги објави овие текстови. Меѓутоа, веднаш по неговото пристигнување во Атина, Оикономидес е пронајден- мртов ! Заради ова, нападно се поставува прашањето: Зошто Грците се плашат да ги објават овие античко-македонски текстови до колку Македонците и навистина биле Грци ?

Во врска со античко-македонскиот јазик и култура воопшто, треба да се знае и дека бројни литературни дела од античките Македонци биле уништени од римските окупатори на Македонија. Римјаните крајно сурово и нецивилизирано се однесувале кон Македонците и нивната култура. Тие биле љубоморни на славата на античка Македонија и речиси сите дела, на кои наишле, ги уништиле. Единствено останале сведоштва за овие дела. Така, на пример, грчкиот историчар Диодор Сицилијанецот споменува бројни писма што македонските војници, за време на својот поход во Азија, им ги испраќале на своите роднини во Македонија. Понатаму, Стефан Визант споменува дека постоеле бројни хроники запишани од античките Македонци, како и две обмни истории на Македонија, напишани од страна на двајца тогашни македонски историчари, а постоела и обемни патешествија и други записи, но дека сето тоа било уништено од страна на Римјаните.

Но, да се вратиме на јазикот на античките Македонци. Ќе го приложиме најголемиот доказ дека овој јазик не бил грчки. Имено, изненадувачки за неупатените ќе делува фактот дека не постои **ниту еден** натпис на грчки јазики на територијата на цела Македонија, кој датира од петтиот век пред Христа, т.е. од времето пред прифаќањето на грчката култура во Македонија ! Знаеме дека стари натписи на грчки јазик се пронајдени многу поодамна од петтиот век пред Христа, на територијата на денешна Грција, но такви натписи во Македонија- нема ! Како доказ за ова ќе споменеме повеќе сведоштва на грчки археолози“.

Меѓутоа, коине бил многу подоцна по смртта на Александар Македонски. Доказ била „Илијада“, најомилено дело на Александар Македонски. Таа на коине била преведена дури во 3 век п.н.е. И сите други дела биле само од 3 век п.н.е...

[9] Наведеното Лидија Славеска го превзела и научила од Одисеј Белчевски, а и за тн.Хомеров јазик.

„Грчкиот професор Пецас,во својата статија '*Едно свинче-патешественик*', пишува дека не е пронајден ниту еден грчки натпис од античкиот период во Македонија.

Истото го пишува и познатиот грчки археолог Андроникос:

*Многу сум несреќен што во Вергина не пронајдов никаков натпис од петти-от век*. (Христо Андоновски, цит. дело).

И познатиот грчки универзитетски професор Даскалакис се жали дека, оние странски научници, кои тврделе дека античките Македонци не биле Грци, тоа го тврделе повеќе причини, од кои едната била токму не постоењето на стари грчки натписи во Македонија. Притоа професор Даскалакис пишува:

*Во Македонија и покрај толкуте ископувања до денес не се најдени натписи на грчки јазик од тој период*. (Христо Андоновски, цит. дело).

Слично пишува и во познатата општа CD Grolier енциклопедија (1997). Овде, старогрчкиот јазик дури не е спомнат ниту како **говорен јазик** во Македонија ! Во насловот '*Грчки јазик*' (Greek language), точно се наведени областите каде старогрчкиот говорен јазик бил во употреба во антиката и, притоа, воопшто не е спомната Македонија. Овде читаме: (Да не се верува на сé она од 19 и 20 век, Р.И.)

*Античкиот грчки јазик бил говорен јазик во Грција, на Крит, во делови од источниот Медитеран и во западна и северна Анадолија, на Сицилија и во јужна Италија, насеверниот брег на Црно Море и делумно на северно африканскиот и францускиот брег*". (На Крит се говорел тн.Хомеров=тн.словенски јазик, Р.И.)

Меѓутоа,овој бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски,но никако коине

„Значи, Македонија воопшто не е спомната како подрачје на кое се говорел античкиот грчки јазик. Не држи забелешката дека авторот, кога ја споменува денешна Грција,автоматски во неа го вклучил и делот на Македонија (што и денес е под Грција), затоа што гледаме дека овде островот Крит е спомнат одделно од Грција, иако тој денес е составен дел од неа ! Инаку, автор на овој текст е Маргарет Алексиу, која овде се повикува на дела од еминентни странски и грчки автори (чиј подолг список го наведува на крајот на текстот)".

Критјаните во 1913 година го разбирале бугарскиот јазик, но не и грчкиот. Следи Бугарија да биде принудена таа да се откаже од островот Крит, што и се случило. Ова може да се види во тој ист договор, член V.

„Во врска со досега изнесеното, се поставува прашањето: Како е можно Македонија отсекогаш да биде земја со '*грчка култура*', до колку во неа не се пронајдени никогаш натписи на грчки јазик од времето кога таа егзистирала без поблиски и помасовни културни врски со Грција, а истовремено такви натписи се пронајдени низ цела Грција ? Какво е можно Македонија отсекогаш да биде 'грчка земја', кога се знае дека во Македонија тогаш воопшто не се ни зборувал грчкиот јазик (посебно не меѓу широките народни маси) ? Навистина на овие прашања грчката наука и пропаганда не можат да дадат одговор пред светската јавност".

Авторот го помешал тн.грчки јазик од петтиот век п.н.е., кој бил варварски= пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платнов=тн.словенски, со македонскиот јазик коине, кој бил по смртта на Александар Македонски- Птоломејов и Александријски јазик.

„Но, дури и да претпоставиме дека античко-македонскиот јазик не постоел во својата писмена форма и дека прв писмен јазик на кој комуницирале античките Македонци бил грчкиот- тоа воопшто не значи дека античките Македонци биле Гр-

ци. Имено, во класичниот период само за Грците и за Римјаните се знае дека со сигурност имале свој писмен јазик. Па, зарем тоа значи дека сите народи што се користеле со нивното писмо и јазик биле Римјани или Грци ?Ако гледаме така, испаѓа дека во целата антика постоеле само два народа, а тоа е сериозно и да се помисли. Дури и турско-монголските Бугари, по своето доаѓање од Азија на Балканот, во 7. век, пишувале со грчкото писмо, кое, повеќе од век и пол, било официјално писмо во останатите тогашни народи. Па, зарем и тие биле Грци ? А, што е со останатите тогашни народи: Илирите, Тракијците, делумно Евреите и други, кои исто така пишувале на грчки ? Се знае дека од илирскиот говорен јазик денес се сочувани само два збора ! Но, никој поради тоа не тврди дека Илирите, зборувале грчки. Дури и Римјаните до вториот век пред Христа, ги пишувале своите хроники на старогрчки јазик.Па, зарем и тие биле 'Грци' сé до вториот век пред Христа, за потоа, наеднаш, да станат Римјани ?". (**Евреите** во Александрија со коине биле само **Хелени**, РИ)

Авторот говори за коине и латински, а мисли на јазикот кој бил во употреба во Атика. Бидејќи на атички никогаш не се пишело, тоа било само на јонски јазик.

„Значи, користењето на литературниот старогрчки јазик од страна на античките Македонци (кое впрочем воопшто и не постоело пред петтиот век пред Христа), не претставува никаков доказ дека античките Македонци билер Грци. Освен тоа, се знае дека и старогрчкото писмо не е автентично грчко, туку тоа било само прилагодена варијанта на феникиското писмо".

Бидејќи „Македонско сонце" бил единствен весник, кој беше сметан за патриотски, а во него воглавно само Александар Донски ги претставувал своите вакви ставови, неговите пишувања нанеле огромна штета врз информираноста на Македонците низ светот, за вистината на својот македонски народ. Во книгава се ограничувам само на поедини работи, а сé друго се најдува во мојата последна книга...

„Но, каков бил јазикот на античките Македонци ? Од овој јазик засега се зачувани само неколку десетици зборови. Од нив не може да се заклучи каков јазик бил тоа.Поголемиот дел од овие зборови се различни од тогашниот грчки, иако има и слични на нив.Она што е многу интересно е фактот што извесен број од оригиналните антички-македонски зборови, според својата етимологија и изворот, потсетуваат на соодветните денешни македонски зборови (но и на други *словенски*) зборови. Така на пример, истакнатиот проучувач на античка Македонија Хамонд (цит. дело, стр. 6), наведува дека водачот на племето, античките Македонци на својот јазик гоословувале како 'tschelniku' (челнику), збор кој (со потполно ист изговор и иста етимологија) постои и во денешниот македонски јазик. Понатаму, на античко-македонскиот јазик изобиство на вода, т.е. *води*, отприлика се изговорало како 'веди'. Грчкиот археолог Алику Стујанаки во периодичното списание *Едесаика хрони-ка* (Воден, мај-август, 1972) пишува дека македонскиот град Воден, што Грците го викаат Edessa, отпрвин бил бригиски град и дека старото име на овој град бил Bedy (Vedy), што значело *изобилство со вода*. Климент Александриски пишува дека Ма-кедонците ја почитувале водата (изворите и реките). Тоа свое божество тие го наре-кувале Vedy (Ѓорѓи Поп- Атанасов, *Библијата за Македонија и Македонците*; Ме-нора, Скопје, 1995, с. 57). Денешниот македонски глагол *пеш*, на античко-македон-скиот јазик отприлика се изговара како 'pez' (Хамонд, цит. дело, с. 148). Името на античко-македонскиот бог на лекување Дарон, на античко-македонски јазик значе-ло *'оној што дарува здравје'*, што можеби значело дека во

името на овој бог е содр-жана денешната македонска (и *општословенска*) именка ‘*дар*’. Античко-македон-скиот збор ‘скоиди’, значело *судии* и така натаму. (Последните два античко- маке-донски збора се преземени од д-р Нада Проева: *Студии за античките Македонци*, Скопје, 1997, која ги пренесува од постари извори)“.

И Александар Донски истакна: „Од овој јазик засега се зачувани само неколку десетици зборови. Од нив не може да се заклучи каков јазик бил тоа“. Ова што тој го напиша, застрашува... Значи, ние денешните Македонци сме ги задржале традициите и обичаите на античките Македонци, а јазикот ни бил словенски, со кого се разбираме со другите Словени ?! Пак, Словени Русите никогаш не биле. Бидејќи тие пишеле со рецки (руни), тие биле само Рецкари. Кога тие ги превзеле словата од коине, тогаш немало тн.старословенски јазик, тие станале Словени. Тие се изјасниле за Словени во 860 година, што го пишел цариградскиот патријарх Фотиј.

„Постојат и други зборови од античко-македонскиот јазик, чија етимологија засега не е утврдена, но кои, по својот изговор, нападно потсетуваат на зборови од денешниот македонски јазик, но и на зборови од други *словенски* јазици, но постојат и сосема различни зборови (За сето ова подетално во некоја следна книга).

Античките Македонци си имале своја религија. Тие верувале во божествата со индо-европско потекло, како што се Зевс, Посејдон, Аполон и други, кои, од нивна страна биле славени на специфичен начин, различен од начинот на славење кај соседните народи.

Но, зарем овие божества не биле грчки ? А, ако биле грчки, зарем тоа не значи дека и античките Македонци биле Грци ? За да одговориме на ова прашање треба да потенцираме дека таканаречената ‘*старогрчка митологија и религија*’ воопшто не била грчка. Имено, до 18. век се сметало дека оваа религија, т.е. митологија е автохтона грчка, но тогаш биле обелоденети податоци дека Грците својата религија во голема мера ја презеле од Феникијците (и од други тогашни индо-европски народи).Дека, за ова денес се знае во светската јавност, ќе приложиме цитат од споменатата Grolier општа ЦД енциклопедија, каде за најголем број елементи од грчката религија и митологија, сосема јасно се тврди дека се позајмени од други различни култури. Во врска со ова, во поглавието *‘Митологија’*, во поднасловот *‘Грч-ка митологија’* читаме:

*‘Грчката митологија содржи митолошки елементи од различни култури и истории.’.*

Но, што е тоа што е позајмено од останатите религии ? Одговорот гласи: повеќето од грчките божества воопшто не биле грчки. Дури и Зевс не е грчко божество. Дека ова не се празни зборови, повторно ќе ја повикаме на помош реномираната ЦД енциклопедија, каде во продолжението на истиот наслов, пишува:

*Индо-европскиот културен елемент во оваа митологија е претставен преку богот Зевс... Зевс е најглавното божество во грчата митологија. Тој има чисто индо- европско потекло и претставува божество, поврзано со симболот на не-бото и небесните феномени*“.

Поимот Индоевропски е нов, само од 19 век. А се однесува за белата раса.

„Значи, гледаме дека ни толку познатиот *‘грчки бог’* Зевс, воопшто не е грчки. Или поточно, колку е грчки, толку е и македонки, и толку им припаѓа на сите

народи што го славеле во тоа време. Исто е и со богот Посејдон. Во врска со него, на истото место, читаме:

*Посејдон претставува оригинално индо-европско божество и тој е постар брат на Зевс.*

За '*грчкиот*' Аполон, пак верувам дека малкумина знаат дека претставува азиско божество, увезен од Сибир, каде опстојувало поврзано со азиските племенски шамански култови. Еве што пишува во оваа енциклопедија за ова 'грчко' божество:

*Аполон потекнува од Сибир и се смета дека силата на неговиот култ поте-кнува од племенскиот шаманизам на тој простор, а не од култот на Дионис во Делфи.*

И *Таткото на историјата* Херодот пишува дека повеќето грчки божества воопшто не се грчки. Без ралика на точноста на податоците што ги споменува, факт е дека и тој бил свесен дека голем број елементи од грчката култура и митологија воопшто не била грчка. Во врска со потеклото на грчките божества Херодот пишува: (Херодот говори Пелазги, а пелазгиски јазик бил варварски=пелазгиски, Р.И.)

*Некои од овие богови (со исклучок на Нептун) верувам дека Грците ги презедоа од Пелазгите. За Нептуна, пак, тие дознале од Либијците, кои отсекогаш го славеа*". (Феникијците,како Македонците,биле Пелазги, со пелазгиски богови, Р.И.)

Никогаш немало грчки божества, туку хеленски, според Хелиос=Илиос.Пак, Херодот и сите други антички автори не употребувале Грција, Грци, грчки=грчко... Квинтиј Куртиј Руф е од 15 век, моја последна книга... Само тој говори Грција, Грци, грчко...И само кај него постои грчки јазик, коине. Следи заблуда кај авторите.

„Сега откако ја разбравме фамата за *'грчките богови'* на кои се молеле Македонците (поради што некои '*остроумно*' заклучуваат дека Македонците биле *'Грци'*), да заклучиме дека овие божества подеднакво им припаѓаат на античките Грци и на античките Македонци. И едните и другите го славеле Зевс (секој од својата страна на заедничката грчко-македонска планина Олимп), но на прилично различен начин".

Олимп е македонска планина. Меѓутоа, Елада е многу далеку од планината.

„Еден од најавторитетните светски проучувачи на антична МакедонијаЕуген Борза Eugene Borza: In The Shadows of Olympus- The Emergence of Macedon (ISBN 0-691-05549-1), во врска со ова ќе запише:

*Веќе видовме дека Македонците почитувале многу божества што ги почитувале и Грците, но исто така е сосема јасно и дека начинот на таквото почитување било значително поинаков. Така, на пример, од периодот на Аргеидите* (Македонска династија, з.м.) *сé уште нема откриено ништо што би личело на грчките храмови, кои во Грција се главните јавни религиозни споменици.*

Од овој пасус јасно гледаме уште еден интересен момент, кој ги побива големогрчките хипотези за грчкото потекло на античките Македонци. Фактот што во антична Македонија (пред делумно прифаќање на грчката култура) не постоел ниту еден храм, налик на тогашните грчки, е еден уште еден силен доказ за ваквата констатација. (Никогаш ништо немало грчко, туку само хеленско, Р.И.)

Но, дали постоеле и оригинални македонски богови ? Одговорот на ова прашање е позитивен.За жал,под влијание на грчката пропаганда, во добар дел од светската историографија, дури и некои од чистите македонски богови се третирани

како *'грчки'*. Од оригиналните македонски богови, најнапред ќе го издвоиме богот Дионис. Диноис, иако во оригинал е бригиско божество, прво се славел кај Македонците, а дури потоа кај Грците. Точно е дека постоело светилиште на Дионис на планината Олимп, кое се викало Дион, но тоа се наоѓало на северниот дел од планината, т.е. во македонскиот дел на Олимп. (Дионис=Пионис, Пианиш, с=ш, Р.И.)

Британскиот историчар Хамонд, во врска со ова тврди:

*Култот на Дионис... е измислен и создаден во Македонија. Тој бил познат по ритуалните оргии на жените кои биле запоседнати од духот на богот.*

И во споменатата ЦД Grolier енциклопедија (во цитираниот наслов и поднаслов), во врска славењето на Дионис од страна на Македонците, пишува дека Дионис на Балканот најнапред бил славен од Македонците. Притоа читаме:

*Дионис не е индо-европско божество. Тој најверојатно има бригиско потекло, чиј култ најпрво поминало во Македонија, а потоа во Тесалија и Беотија...*

Познато е дека во етногенезата на античките Македонци, Бригите имале значителна улога, па секако дека оттаму е и присутноста на овој бог меѓу Македонците. (Бригија=Европа, со Горна Македонија, не била во Македонија, Р.И.)

Оригинални антично-македонски божици се и познатите Музи ! За првпат нивниот култ бил посведочен во македонската област Пиерија, а оттаму тие биле прифатени од Грците. Во споменатата ЦД Гроилер енциклопедија во насловот 'Muses', читаме:

*Музите...понекогаш биле нарекувани како Пиериди, според нивниот првобитен дом Пиерија во Македонија, од каде честопати го посетувале изворот на Аганипа.*

Во религиозниот корпус на античките Македонци припаѓале припаѓале и боговите Кавири.

Херодот смета дека култот на Кавирите бил донесен од Пелазгите, кои во тоа време живееле и во Македонија и кои (според Херодот) зборувале на неразбирлив јазик за Грците.(Јазик=говор на варварски=пелазгиски јазик за Хелените,Р.И.)

Друг значаен култ за Македонците култот на легендарниот митски пејач Орфеј. Но, од каде овој култ меѓу Македонците ? Зарем Орфеј не е Тракиец ? Зарем не е познат како *'легендарен крал на Тракијците'* ? За неупатените читатели можеби ќе изгледа изненадувачки податокот дека и Орфеј е роден во Македонија ! (Т. Спиридонов: *'Тракискијот етнос'*, Софија, 1991). (Орфеј=ор феј=пеј, оро пеј, Р.И.)

Впрочем,минималното познавање на митологијата покажува дека Орфеј бил син на музата Калиопи, чие македонско потекло веќе го споменавме. Орфеј, не само да бил роден во Македонија, туку тој бил погребан во нашата земја.Неговиот гроб се наоѓал во подножјето на Олимп во јужна Македонија и на неговиот нагробен споменик биле испишани стихови од еден македонски поет.

Како антично-македонски бог треба да го спомeнеме и богат на лекувањето *Дарон*. (Дарон=дар он: ов-он-от, Даров-Дарон-Дарот, Р.И.)

Друго антично-македонско божество, кое го немало кај Грците, била божицата *Ма*. Во Македонија се посведочени повеќе примери на наоди со претстави на оваа божица, додека вакви наоди во Грција- нема ! Инаку, за божицата *Ма* се смета дека е од старо македонско- бригиско потекло, и истата кај Македонците, си имале свои македонски специфичности, кои ги нема кај другите народи (иако кај секој народ постоело божество со слична улога на Пра-Мајка)".(Ма бригиска=фригискаРИ)

Ма=Му, мајка=мутер: мајка=ма јка=јака; матер=ма (му) тер-а; ка, крава=ка рава,раван,равни, на латински вака=ва ка.Именки Белците правеле со в (а)-н(а)-т(а).

„И Херакле бил славен во Македонија како посебен македонски бог, а таков бил случајот и со божицата Zeirena[10] (која имала засебни македонски епитети), а по својата содржина потстувала на грчкатаАфродита.(=а фродит=продит=породит,РИ)

„Близу реката Струма била славена и божицата Бендида, а во повеќе места на Македонија биле славени и змијоликите божества Драко и Дракула (Д-р Нада Проева, цит. дело,стр. 179 и 181).(Бендида=Вендида=венди да, Венди=Венеди,Р.И.)

Освен во религијата постојат изразени разлики и во уметноста помеѓу Македонците и останатите антички соседи.

Овде накратко ќе се задржиме на разликите во архитектурата. Така, на пример, Еуген Борза (цит. дело) пишува дека една од главните карактеристики на македонската уметност било создадавањето илузија. Овде читаме:

*Архитектурата на фасадата не е структурна (како кај Грците) туку таа е стриктно арнаментарна. Главниот архитектонски принцип е креирањето на илузија.* (Архитектон=а рхи тектон=тек тон-и: в + рх=врх, х=в, врв, врвно, Р.И.)

И понатаму: (Контекст=кон текст=текост; акцент=а к цент=ценет ..., Р.И.)

*Не само што Македонците ги развија ‘илузорните фасади’, туку тие исто така достигнаа висок дострел во полихромарското сликање, а го достигнаа и врвот во архитектонските карактеристики, покривајќи ги ѕидовите и таваните со различни дизајни. Во сликарството исто така е застапен принципот на создавање илузија, а бројните декоративни архитектонски карактеристики, кои биле рабо-тени во калап во релјевите на грчките објекти, во македонските гробници биле ра-ботени директно врз гипсениот малтер.*(Карактер=ка рактер=ракатер, ер=ар, Р.И.)

Дали ова типично македонско создавање илузија во уметноста не е подоцна преземена и од славните македонски резбари во дрво ? Да го оставиме ова за некое следно истражување.

Помеѓу античките Македонци и Грци постоела разлика и во фолклорот. Забележани се описи на две македонски народни игри. Едната се викала *Телесија*, и таа била танц. Другата игра се викала *Карпеа* и во неа со мимики, во ритамот на шупелата, се прикажувало крадењето на волови. (Телесија=т е лесија, лесна, Р.И.)

Античките Македонци имале и сопствени македонски народни обичаи и обреди,за кои пишувале повеќе антички историчари, како што се:Херодот,Аристотел, Куртиј Руф и други, децидно потенцирајќи дека овие обичаи се македонски. Како автентични античко-македонски обичаи се споменуваат: кршењето погача за време на свадбените ритуали, одделното седење на мажите и жените за време на веселбите, стрижењето на косата за време на жалост или несреќа, специјален начин на избор на кралеви, специфичен начин на судење, специфичен начин на погребување и многу други. Рековме дека добар дел од овие обичаи ги среќаваме и кај денешните Македонци. (Херодот=Иродот=и родот, Аристотел=Арис (Арес) Тот (Тот) ел, Р.И.)

Овде предлагам да ги спомнеме и горно-македонското племе Пајонци, кои исто така ја приложиле својата крв и култура во античко-македонскиот народ, а преку нив и во денешната македонска нација. Пајонците се горно македонско племе, кое главно живеело во средишниот дел на Република Македонија, иако ги имало и

[10] Zeirena=ze irena=ирена: м + ирена = мирена; Мирка=м ирка=ир ка. Признавам само истогласно.

во дел од сегашна Егејска Македонија. Досега од некои автори тие беа сметани како *одделен народ* од античките Македонци, најмногу поради тоа што долго време се спротиставувале на античко-македонската централна власт. Но, нивното спротиставување на централната македонска власт никако не може да биде *доказ* за нивната различност од античките Македонци. Едноставно, тие само подоцна се вклучиле во античко-македонската генеза, исто како што останатите македонски племиња тоа го направиле порано. Така, на пример, позната е војната помеѓу Македонците од Орестида против Македонците од Еордаја. Па, зарем тоа значи дека Македонците од Орестида се различни од Македонците од Еордаја ? Понатаму, позната е војната што Филип Втори ја водел против македонското племе Линкести, од кои потекнувала неговата мајка. Значи и овде имаме меѓу-македонска племенска борба, која конечно разултирала со создавање на античко-македонскиот етникум. Инаку, да го кажеме и тоа дека, според бројни автори, и самите Пајонци потекнуваат од Бригите, исто како и останатиот дел од античките Македонци. (Подетално кај: Д-р Нада Пројева, цит. дело, на повеќе места). (Линкест=линк, линее, к ест=ест, Р.И.)

Главен култ на Пајонците било сонцето, исто како што било и кај останатите Македонци.

За поврзаноста на Пајонците со македонската религија сведочи и податокот што богот на лекувањето кај Македонците Дарон, името го добил по пајонското племе Дерони. (Дарон не е Дерон-како град Дерион во Пелагонија-битолско, Р.И.)

Освен тоа, Пајонците, исто како и останатите Македонци, ја негувале полигамијата, што не било случај со повеќето други народи од тоа време, а начинот на нивното погребување бил ист како кај останатите Македонци, но различен од тракискиот. (Д-р Н. Проева, цит. дело, на неколку места).

Значи, факт е дека Пајонците по својата култура биле составен дел од античките Македонци, иако долго време се спротиставувале на македонската централна власт. Во 217 година п.н.е. нивната држава Пајонија е приклучена кон Македонија од страна на македонскиот крал Филип Петти, по што, со текот на времето, доаѓа до нивно целосно претопување ао античките Македонци, за што сведочат повеќе светски истакнати автори. Впрочем, до такво претопување тешко дека ќе дошло за толку кратко време, до колку Пајонците и навистина биле толку различни од останатите Македонци. (Според Мара- Мариовци, и денес друг говор, обичаи итн. Р.И.)

Интересно е тоа што некои истражувачи (а пред се застапниците на грчката пропаганда) упорно тврдат дека Payonians биле сосема различни од Македонците, за кои, пак, тврдат дека биле *'ист народ'* со Грците, иако и Пајонците го користеле *'грчкото писмо'* и иако и тие верувале во истите индо-европски божества, во кои, главно верувале сите тогашни народи на Балканот. Значи, според овие хипотези, Македонците биле различни од Пајонците, и биле *'исти'* со Грците, иако и Пајонците и Македонците отсекогаш живееле во Македонија, а не во територијата на денешна Грција. (Итер Пео, на Пејонците=Мариовците- без бригиски датив, Р.И.)

Да ги спомнеме накрако и Десаретите, за кои некои автори сметаат дека биле илирско племе. Д-р Нада Проева (цит. дело, стр. 110), низ конкретни примери приложува докази за разликите помеѓу Десаретите и Илирите, како и за сличноста помеѓу Десаретите и останатите македонски племиња (оружје, ономастика и т.н.).

Да кажеме неколку зборови и за древниот симбол на Македонците- Сонцето, преку кој исто така се потенцираат културните разлики помеѓу античките Македон-

ци и Грците. Имено, денешните великогрчки шовинисти, тврдат дека Сонцето наводно претставува нивен симбол уште од дамнина. Меѓутоа, тие изгледа заборавиле дека Грците не само што воопшто не го почитувале Сонцето како симбол, туку нивен главен симбол била птицата був, која го претставува токму спротивното-ноќта ! Ноќта во која нема Сонце !На најголемата елинска држава Атина главен амблем бил токму бувот, кој долго време бил кован на нивните пари“.(Був=буф, Р.И.)

Александар Донски признава, не Грци туки Елини=Хелени,со својата Елада.

„Во продолжение ќе наведеме уште неколку наративни сведоштва, кои говорат за разликите помеѓу античките Македонци и Грците.

Најнапред би сакал да се задржам на една заблуда што ја шири големогрчката пропаганда. Честопати грчките пропагандисти тврдат дека најголем доказ според кој Александар Македонски наводно бил *Грк*, бил фактот што нему му било дозволено да учествува на Олимписките игри, на кои, било дозволено да учествуваат само *Грците*. Меѓутоа, историските податоци ни зборуваат дека учеството на Олимписките игри на Александар Први (предокот на Александар Велики Македонски) воопшто не одело така лесно и било допуштено дури по неговото упорно инсистирање и тоа со строго ограничување, според кое, само македонските кралеви можеле да учествуваат на Олимписките игри, додека нивниот народ (Македонците) и натаму останале да бидат третирани како инаков народ (*варвари*)“.

Не Грци туку Хелени. Хелените во Јонија биле Варвари, како Македонците.

„Познатиот германски истражувач на античка Македонија, Улрих Вилкен во својата историја за Александар Македонски (*Александар Македонски*, 1931 год., во превод на македонски, Скопје, 1988 г.), еве како го објаснува сето ова:

*Александар Први Македонски чуствуваше симпатии кон Грците и сакаше да учествува на Олимписките игри, на кои само Хелените имаат пристап, но прво беше одбиен како варварин, па мораше да го докажува педигрето на својо дом, Аргеада, на Териклид Темен од Аргос, по што неше примен како напреварувач. Оттогаш кралевите на Македонија имаат третман на Хелени, но, како и порано, така и потоа, нивниот народ беше сметан како варварски* “.

Значи,само Хелени, никако Грци. Македонците, како сточари, биле Варвари. Истото важело, и за Хелените од Јонија, и тие како сточари биле Варвари. Сточари биле и Берберите (Барбарите=Варварите) во Северна Африка. Бидејќи Херодот се бавел со историја, таа разликувала варвари (говедари свињари) и овчари, а сточарската наука сточари и овчари. Следи симбол на Бригите да биде Јарес=Јарец. Аргос =а ргос=рогос, врска со Темен, според теме, со кое се владее. Пак, јазикот на Хелените во Елада бил варварски, што се чита кај Херодот. Таков бил и во Македонија.

Авторот А.Донски веќе го наведе поимот варварска и Теофилакт Охридски.

„Но, некој можеби ќе забележи дека самиот Александар Први сведочел дека потекнува од градот Арг на Пелопонез. Па, зарем тоа не е доказ дека тој бил Грк ? Ќе одговориме и на ова прашање.

Како прво, градови по име Арг имало неколку во тогашниот антички свет. Денес сé повеќе научници (вклучувајќи го и александрискиот историчар од II. век Апијан) сметаат дека, иако Александар го спомнал Арг на Пелопонез како град на своето потекло, тоа всушност се однесувало на Арг Орестокон (близу денешно Рупишта, градче што се наоѓало по горниот тек на р. Бистрица во Македонија). Ова значи дека Александар Први, сакајќи по секоја цена да учествува во грчките Олим-

писки игри, најверојатно го измислил своето грчко потекло од Пелопонез. Денес поголем број научници се согласуваат со оваа теорија и сметаат дека тој си бил Македонец, со потекло од Македонија, но за да му дозволат да учествува на грчките Олимписки игри, намерно им рекол на Грците дека потекнува од Пелопонез, т.е. дека и самиот е Грк.

До колку некој ми забележи за невкусна тендециозност во пренесувањето на оваа теорија, веднаш ќе одговорам дека оваа теорија (за потеклото на Александар Први од Македонија, а не од Пелопонез) ја застапуваат токму голем број **грчки** историчари !

Така, на пример, грчкиот археолог Алики Стујанаки во Воденското периодично списание *Едесаика хроника* (мај-август, 1972, стр. 18) пишува дека првата позната династија на Македонците нема потекло од Арг на Пелопонез, туку од Арг во македонската област Орестида и дека повеќето грчки истражувачи ја прифаќаат оваа теза. Овде читаме:

*Помладите истражувачи на историјата оформија две различни гледишта: една дека Аргос, како место за потеклото на Аргеадите е на Пелопонез... а другите тврдат дека Аргос во Орестида* (област во Македонија, з.м.) *како што објаснува и Апијан.* **Последниве се повеќе и поверодостојни** (подвлекувањето е мое, з.м.). (Хр. Андоновски, цит. дело, стр. 12). (Орестида=орест..., Р.И.)

Од друга страна и на Александар Први Македонски целта му била што повеќе да биде присутен во грчкиот свет, иако соработувал со Персија. Неговата сестра била мажена за висок персиски достоинственик, поради што, за време на грчко -персиските војни, Александар Први играл улога на преговорач меѓу завојуваните страни (што е детално опишано кај Херодот), кој бил, ту на едната, ту на другата страна. Дури отпрвин тој бил на страната на Персијанците, но ноќта пред битката помеѓу Персијанците и Грците кај Платеа, тој наеднаш се свртел на страната на Грците и поради тоа го добил прекарот *Филхелен* (љубител на Хелените), што исто така сосема јасно зборува дека тој не бил никаков Хелен, туку странец кој ги почитувал Хелените. Подоцна, токму тој го започнал масовното прифаќање на грчката култура во Македонија и нејзиното мешање со македонската (без да навлегуваме во анализа како резултат на влијанието на постарите народи)“.

Александар Донски истакна: тој „го добил прекарот Филхелен (љубител на Хелените)“. Значи, се работело само за Хелени: Филхелен=фил Хелен, фил=пил-о... Меѓутоа, никогаш немало држава Елада за да има еладски народ. Пак, поимот Хелени бил нов, од 6 век п.н.е., внесен за времето на Пизистрат, дадено во мои книги.

„Впрочем, Херодот пишува дека уште неговиот татко Аминта од страна на Персијанците сосема јасно бил нарекуван како- Македонец, а и самиот Александар Први, во една прилика рекол дека е Македонец. (од државата Македонија, Р.И.)

Неговиот наследник Архелај, продолжил со прифаќањето на грчката култура во Македонија и истиот ја пренел македонската престолнина од Егеј (близу Воден) во Пела. Не би сакал да изгледа злонамерно, но факт е дека Грците во околината на Воден вршат истражувања со далеку помал обем, одошто оние што ги вршат во Пела. Причината е јасна. Ним не им одговара да откриваат податоци за Македонската држава од времето кога, во неа, егзистирала чистата македонска култура, без речиси никакво влијание од грчката, каков што бил случајот во времето додека македонска престолинина била во Егеј (близу Воден)“.

Во Пела без грчко=еладско. Во Елада службен бил јонски- без ништо грчко.

„Освен непостоечката етничка врска помеѓу Македонците и Грците, некои антички Македонци (поради горенаведените причини) тогаш сметале дека постои митолошка врска помеѓу нив и Грците. Во ова посебно се истакнувале Филип и Александар Македонски, кои честопати изјавувале дека Македонците биле *потомци на Херакле* (кој, всушност,претставувал митска личност).(Херакле=х е ркла,Р.И.)

Но, и ова нивно тврдење било негирано од Грците. (ркле=рака л, ’ркул, Р.И.)

Децидно сведоштво помеѓу античките Македонци и *грчкиот бог Херакле*, дал токму Гркот Демостен. Во еден од своите бројни антички македонски говори, тој сосема јасно го оспорил правото на Македонците да се сметаат себеси како *потомци на Херакле*. Критикувајќи ги македонските пратеници, кои, неколкупати повториле дека Филип Втори води потекло од Херакле, Демостен изјавил:

*Јас сметам дека Херакле, секако со негодување ги слушна зборовите на пратениците, кои постојано повторуваат дека Филип води потекло од овој бог. Овој бог добро нека го запознае презрителот на сите религии. Овој грчки бог нека го согледа тиранинот Македонец. Овој бог, мразител, казнувач и уништувач на тиранијата...* (Квинт Куртиј Руф: *Историја на Александар Македонски*, во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година, стр. 30)“.

Значи, „Овој бог, мразител, казнувач и уништувач на тиранијата...“. А тоа се прави со рака.Следи, Херакле=х е ракле=ракал + в = раквал=ракувал, управувал. Па тоа се однесува на животот, токму кој потерувал. Тој бил само ’ркулец, ркл=’ркул...

„Овде ќе спомнеме уште еден факт, кој денес, не е многу популаризиран во грчката историографија. Имено, во времето на Филип Втори, познато е дека дошло до ширење на границите на Македонија. Една од првите мерки што Филип Втори ја презел во тој правец било анектирањето на атинските колонии на територијата на Македонија. Филип Втори насила влегол во овие градови, од каде, ги избркал грчките колонисти да се вратат назад на територијата на денешна Грција, а оние кои пружиле отпор, ги ликвидирал или ги продал како робје. Еве како го опишува однесувањето на Филип Втори Македонски кон грчките колонии на македонската земја, современиот истражувач на античка Македонија, Артур Вајгал (*Александар Македонски*, Скопје, 1992, стр. 64):

*Во 349 година п.н.е. Филип повторно тргнал со својата војска на Халкидик, на источната страна на Солунскиот Залив, каде ја продолжил својата политика на задушување на бунтовите на грчките населби. Го повикал Олинт, главниот град на овие колонии, конечно да се предаде... Но, осигурувајќи ја помошта од Атина, овој град ги затворил портите пред Македонците и пружил отпор сé до 348 или 347 година п.н.е., кога златото на Филип изнудило предавање на градот во рацете на Филип и истиот бил срамнет со земја, а граѓаните биле продадени како робје.*

Понатаму:

*Пагањето на Олинт било голем шок за Атињаните, кои им испраттиле значителна помош во луѓе и снабдување на несреќните колонисти, но да се разбереме Филип немал желба да биде во војна со Атина и сега бил целосно спремен за мировна спогодба со нив, бидејќи веќе немало други атински или грчки колонии на неговите непосрени крајбрежја.* ***Тој само сакал, како што велел, да го исчи-***

***сти своето родно крајбрежје од овие странски жители, кои немале никакво право на македонската земја.*** (Подвлекувањето е мое, з.м)

Значи, самиот Филип Втори велел дека Грците, во нивните колонии во Македонија, се странци и тој постапил со нив небаре биле окупатори.

Во врска со етничките разлики помеѓу античките Македонци и Грците, пишувал и споменатиот германски историчар Улрих Вилкен, кој во своето историско дело Александар Македонски (цит. дело) запишал:

*Македонците беа наполно здрав народ. Тие не беа тренирани како грчките атлети, туку беа како Римјаните со војнички навики. Но, покрај овие добри особености, тие имаа и многу лоши навики, пиење, со што, во очите на Грците беа вистински варвари. Меѓутоа, антагонизмот беше реципрочен, бидејќи* ***Македонците беа израсанати во една горда и самосвесна нација, која со презир гледаше на Хелените*** (подвлекувањата се мои, з.б.)“. (Атлети=а тлети= т лети, Р.И.)

Значи, никогаш не се работело за Грци, туку Хелени, со варварски=пелазгиски јазик. Бидејќи Македонците имале своја држава, тие биле нација, но не Елада.

„Понатаму, еден од најпознатите бугарски историчари,проф. Димитар Ангелов во својата книга *Образование на българската народност*. (Софија, 1971), споменувајќи ги соседите на Тракијците, на стр. 50 ќе запише:

*Западните соседи на Тракијците биле македонски племиња, кои во првото илјадолетие п.н.е., населувале голем дел од денешна Македонија и кои во V. век п. н.е. создале една прилично силна држава, чиј прв владетел бил Пердика. Во однос на етничкото потекло на Македонците, постојат различни мислења. Некои истражувачи сметаат дека тие биле Грци или сродни со Грците, но поверојатно е да се прифати мислењето според кое тие биле самостоен етнос...*

Дека античките Македонци не биле Грци, врз основа на аналитички истражувања, тврди дека и бугарскиот добар познавач на античка Македонија Гаврил Коцарев во својата книга *Цар Филип II* (Софија, 1922).

Освен споменативе, има уште многу други светски познати автори, кои сведочат дека Македонците биле одделен народ, сосема различен од Грците.

Во светски познатата американска ЦД енциклопедија Encarta (издание од 1998, наслов Europe) во врска со негрчкото потекло на Македонците читаме:

*Македонија, која се наоѓа на север од Грција, отпрвин не била составен дел од грчкиотв свет. Но, во 4 век пред Христа, нејзината владеачка класа се хеленизирала. Под Филип II, Македонија го освоила поголемиот дел од Грција, ја приклучил и територијата на Персиската империја на ова царство*“.

Значи, не Грци туку само Хелени, не грцизирање туку само хеленизирање.

„Ниту Грците не им останале должни на Македонците во експонирањето на својата омраза кон нив, па големиот атински говорник Демостен за Филип II Македонски ја дал следната навредлива изјава:

*Филип, тој човек не само што не Грк, туку и нема ништо заедничко со Грците. Барем да беше барбарин од некоја пристојна земја- но тој не е ни тоа. Тој е некакво шугаво сушество од Македонија- земјата од која не можеш да доведеш ниту роб што барем нешто вреди*“.

Демостен не говорел Грк и Грци, туку Хелен и Хелени. Тој бил поткупен од Персијците. Кога некој е поткупен, неговоро кажано е во полза на поткупот. Битно е дека неговиот јазик бил варарски, јазик кој бил само пелазгиски=тн.словенски.

Хелени станале Евреите,а Јустинијан,529-та, ја затворил Хеленската повеќе-божна Платонова академија во Атина. А и Хелени биле и Русите повеќебожци.

„Оваа изјава Демостен ја дал во своите *Филипики*, каде што објавил и други навредливи изјави против македонскиот цар Филип II и против Македонците“.

Значи, не се говорело за историска вистина, туку тој имал полза- поткупот.

„Расположението на Грците кон нивниот освојувач Македонија јасно се гледа и во фактот што речиси сите грчки градови со голема радост ја примиле веста за смртта на Филип Втори, надевајќи се дека лесно ќе излезат на крај со неговиот млад син Александар и дека бргу ќе се ослободат од македонското ропство. Во контекст на ова да го спомнеме и востанието што Грците од Теба го кренале против македонската власт на Александар Македонски пред неговиот поход кон Азија. Овојпат ќе се послужиме со цитат од атичкиот грчки историчар Аријан (*The Campaigns of Alexander*, во превод на *Aubrey De Selincourt, Pengium books,* USA, 1987, стр. 54-55), кој во врска со ова пишува:

*Во меѓувреме во Теба се случија некои настани. Некои личности со намера да ја соборат власта повикаа одреден број политички емигранти да се вратат на-зад. Овие луѓе влегоа во градот ноќно време, при што ги заробија и ги убија Амин-та и Тимолај* (Македонци- преставници на македонската власт во Теба, з.м.)... *По-тоа тие се преставија себеси на Советот и ги повикаа Тебанците на востанието против Александар. Користејќи ги умешно старите добри зборови ‘слобода’ и ‘ав-тономија’ тие ги повикаа Тебанците на отфрлување на товарот на македонски-от јарем.*

Да го кажеме и тоа дека Гркот Аријан, иако живеел на крајот првиот и во вториот век од нашата ера, своите записи за Александар Македонски ги создал врз основа на постари записи, направени од современици на Александар Македонски, кои денес не се сочувани.

Во продолжение Аријан пишува дека и Атињаните посакале да се приклучат на Тебанците,а овде секако дека биле и споменатите Лакадемонци (Спартанци). Но, Александар жестоко го задушил востанието на Тебанците, што било поука и за останати Грци. Теба била срушена до темел, а мнозина од востаниците и од нејзините жители биле убиени. Се смета дека биле убиени околу шест илјади Грци- Тебанци. (Не Грци, туку Хелени, Р.И.)

Омразата на мнозинството Грци кон нивниот окупатор Македонија доаѓала до израз и во многу други прилики.Така, на пример, Александар Македонски се биел против Грци во првата посериозна битка против Персија, позната како битката кај Граник. Во оваа битка Александар заробил 2000 Грци, кои се бореле на страната на Персија. Исто така, пред секоја битка со Персијанците Атињаните испраќале свои делегации кај персискиот цар Дариј за да му ја искажат својата подршка.

Можеби поради сето ова, во ударните единици на Македонската војска, т.е. во познатата Македонска фаланга, никогаш ниту еден Грк не бил поставен како заповедник.

Ќе наведеме уште едно фундаметално сведоштво за тоа колку Грците и Македонците се *сакале* во тие времиња. Имено, но расчистувањето на односите до грчките градови на територијата на денешна Грција, Александар Македонски навлегол во Азија, т.е. на територијата на тогашна Персија. На тогашниот западен брег на

Персија (денешниот западен брег на Турција што излегува на Егејско Море), тогаш имало поголем број грчки градови, кои биле окупирани од Персија. Населението на овие градови било грчко, па според тоа, кога Александар навлегол во Персија, ова население би требало да го дочека како свој ослободител од персиското ропство. Дури и самиот Александар верувал дека Грците од овие градови ќе се радуваат на неговото доаѓање, зата што не само што ќе ги ослободи од Персија, туку и ќе им го врати *хеленскиот дух* и повторно ќе ги спои со останатите грчки градови, од кои, насилно биле одделени. Но, не само што не се случило тоа, туку и се случило сосема спротивното. Грчките градови во Мала Азија го дочекале Александар како нов поробител поради што му се спротиставиле со сите свои сили ! Најжесток отпор на Македонците им пружил градот Милет.За карактерот на овој град,за неговото спротиставување на Македонците и за вчудовиденоста на Александар Македонски од ваквата постапка на Грците од Милет, Артур Вајгал (цит. дело, стр. 182), пишува:"

Авторот рече: „ќе им го врати хеленскиот дух": само хеленско,никако грчко.

„*Милет бил еден од главните центри на јонските Грци, неговата цивилизација била грчка, неговиот заповедник бил Грк од Грција. Оваа личност во првиот момент покажала желба да се спогоди со Александар, но подоцна, решила да му остане лојална на својот вазален господар Дареј...Тие немале желба да добијат таканаречена слобода*.

И понатаму:

*Александар престанал да се однесува како грчки ослободител и ја презел по-умната улога на македонски освојувач*".

Значи, не се работело за Грци туку Хелени. Следи Панхеленска идеја, што ја подржал Филип Македонски. Неа за прв пат во 380 г.п.н.е. ја спомнал Исократес-да се обединат потчинетите, Персијците да се протерат назад во Персија и таа да ја разрушат...Во Мала Азија Хелените биле Варвари, а вакви биле и Македонците.

„Но, Милет не бил единствениот малоазиски грчки град што пружил отпор на Македонците. Ист таков отпор пружил и грчкиот малоазиски град Халикарнас. Главен бранител на овој град бил Гркот Мемнон, кој претходно се борел против Александар Македонски и во битката кај реката Граник, на страна на Персија. Мемнон дури испратил и писмо до Дариј, велејќи му дека ќе остане до смрт верен на Персија, а воедно примил и тајна помош од Атина. Но, по жестока борба, Македонците го освоиле и овој град, а Мемнон избегал, но подоцна умрел во Метилена од болест. Неговата жена Барсина подоцна му станала жена на Александар Македонски. (Не Граник туку Граника, со а завршувал женски род, на река,како денес, Р.И.)

Ваквиот бил и случајот и со грчкиот град Соли, кој се наоѓал на Родос. И Грците од овој град не сакале ни да слушнат за Александар, а камо ли да го пречекаат овој туѓинец како *свој ослободител*. Поради тоа, откако влегол во овој град Александар им наметнал на граѓаните тешки давачки.

Поради сето ова се поставува прашањето: до колку Македонците биле *Грци*, зошто тогаш грчките градови и население, кои биле поробени од Персија им пружале толку голем отпор на Македонците ? Нели би требало тие да се радуваат на своето *ослободување ?* Да речеме дека до некаде бил оправдан отпорот на грчките градови-држави на територијата на денешна Грција против Македонија. Атина, Теба, Спарта и другите, сепак имале некаква своја самостојност, која им била одземена од Македонците, но како да се објасни отпорот против Македонците од страна

на грчките градови и население од Мала Азија, кои се наоѓале под персиска власт ? Овие Грци својата *радост* кон туѓите Македонци ја искажувале со жесток отпор против нив, поради што и мнозина од нив платиле со животите.

Уште подрастичен пример за омразата на Грците кон Македонците бил случајот со битката кај Ис, кога од страната на Персија, против Александар Македонски, се биеле дури **триесет илјади Грци** и тоа како- елитни единици во составот на Персиската војска ! По победата на Александар, некои од нив биле заробени, но над 8.000 успеале да побегнат во планината. Самите Грци во грчките градови на територијата на денешна Грција со голема потиштеност ја примиле веста за победата кај Ис од страна на Македонците.

Сето ова го опишува токму грчкиот историчар Аријан (цит. дело, стр. 115), кој вели:

*Кога Дариј разбрал дека Александар се движи напред за да нападне, тој испратил уште триесет илјади планински единици и дваесет илјади лесна пешадија преку реката Пинарус... Распоредот на неговата војска беше следниот:* ***авангардата на неговата тешка пешадија беа неговите триесет илјади грчки наемници,*** *кои беа распоредени токму наспроти Македонската пешадија, како и шеесет илјади припадници на Персиската тешка пешадија, познати како 'Кардаки', кои беа бочно распоредени и кои требаше да им дадат поддршка.* (Подвлекувањето е мое, з.м.). (Тогаш биле само две држави: Персија и Македонија- тие се бореле, Р.И.)

Подоцна, за време на битката, најжестокиот судир бил токму помеѓу Македонците и Грците, а главна причина за тоа, покрај другото, била токму големата омраза помеѓу нив. Во врска со ова Аријан (цит. дело, стр. 119) пишува:

*Почнала жестока борба, Дариевите Грци се бореле со цел да ги потиснат Македонците назад кон реката и да ги задржат позициите на своето лево крило, кое веќе почнало да се повлекува, додека Македонците, во нивното свртување, со јасниот успех на Александар што го гледале со свои очи, се обидувале да го достигнат неговиот успех...* ***Судирот беше уште повеќе загорчен благодарение на ста-рото расно ривалство помеѓу Грците и Македонците.*** (Подвлекувањето е мое, з.м.). (Никогаш античките автори не употребувале Грци, туку само Хелени, Р.И.)

Коментар на овој извадок до грчкиот историчар Аријан мислам дека не е потребен.

Подоцна, во битката кај Гавгамела против македонските војници, на страната на Персијците исто така учествувале илјадници Грци. Аријан (цит. дело, стр. 158) пишува дека, од три илјади планински единици, кои го изградиле мостот на реката Таксапус, дури две третини биле грчки платеници.

Поради сето ова, навистина е смешно кога денешната грчка пропаганда тврди дека војската на Александар Македонски наводно била грчка. Каква е таа *грчка војска*, која се биела против илјадници Грци, припадници на персиската војска ? И зошто Грците се биеле на страна на Персија, до колку војската на Александар била *грчка ?* Се знаат вековните непријателства меѓу Персијанците и Грците, па оттаму нема никаква логика десетици илјади Грци да се борат на страната на Персија опротив *сопствената* војска. Одговорот на овие прашања е еден и единствен ! Огромен број Грци ја мразеле Македонија повеќе и од својот вековен непријател Перси-

ја, штом дури решиле и да учествуваат на нејзина страна во војната против Македонците. (Елада не била држава-немала свој народ. И Еладците биле платеници, Р.И.)

Се знае и тоа дека Грците честопати пружале отпор против македонската окупација на нивната земја. Грчкиот историчар Диодор Сицилијанецот ова го опишал мошне сликовито:

*Во оваа година* (околу 330 п.н.е.) *во Грција стигнаа вестите за битката близу Арбела и многу грчки градови беа растревожени од растежот на македонската моќ, така што решија да се борат за својата слобода сé додека случајот со Персијанците беше актуелен. Тие очекуваа дека Дарие ќе им помогне, поради што му испратија голема сума пари. Тие се надеваа дека ќе ги спојат обете војски, та-ка што Александар ќе требаше да ја раздели својата војска за да им се спроти-стави. Од друга страна, до колку Грците останеа само како неми набљудувачи на поразот на Персијанците, тие тогаш ќе останеа осамени без никаква шанса да размислуваат за својата слобода... Лакадемонците* (Спартанците, з.м.) *тогаш се побунија и упатија повик до Грците да се обединат во борбата за слобода.* (Ди-одор, 17.62.1, 17.62.3 и 17.62.6).

Значи, еве уште едно директно античко сведоштво, од кое се гледа не само фактот дека тогашните Грци се чуствувале окупирани од Македонците, туку и огромната омраза што тие ја чуствувале кон нив. Грците биле подготвени дури и да се спојат со своите вековни непријатели Персијанците, само и да се ослободат од македонската окупација. Инаку, отпорот на Грците бил скршен од македонската војска, при што загинале над 5.300 Грци.

За јасните разлики помеѓу Македонците и Грците пишува и античкиот грчки историчар Диодор Сицилијанецот. Тој опишува една случка поврзана со ранувањето на Александар Македонски во една битка,кога не се знаело дали тој ќе преживее. Кога слушнале за ова Грците, кои биле оставени да живеат во средноазиските обла-сти Бактрија и Согдијана, помислувајќи дека Александар е мртов, се побуниле про-тив Македонците, сакајќи да се вратат назад во својата татковина. За ова Диодор (17.99.5-17.99.6) пишува:

*Со денови кралот лежеше беспомошен и под надѕор. Грците, кои беа оставени во Бактрија и Согдијана и кои беа несреќни и се досадуваа живеејќи помеѓу луѓе од друга раса, разбраа дека кралот умрел од здобиени повреди и се побунија против Македонците. Тие се собраа околу три илјади мажи. На патот кон дома претрпеа многу тегоби, а по смртта на Александар сите беа масакрирани од Македонците.* (Масакриран=месаркиран, масар=месар: масат- касапски алат, Р.И.)

Диодор пишува и за бунтот во самите грчки градови против Александар, кој бил предводен од Леостенес. (в + Леостенес = Левостенес=Лавост ен ес, Р.И.)

Подоцна, по смртта на Александар Македонски, Грците биле едни од првите народи што се кренале на востание против македонската окупација на нивната земја. На стр. 295 од цитираната книга Вилкен пишува:

*По веста за смртта на Александар, во Грција избувнаа нереди, кои сосема ја избришаа Коринтската лига. Под водство на Демостен, кој со големи почести беше примен назад, Атина се крена и ги повика Грците да се борат за слободата против Македонија.*

Инаку факт е и дека бројни Грци учествувале на страната на Македонската војска, но како засебни единици, при што, во наративните извори од тоа време биле јасно извојувани од Македонците.

Македонците и Грците на неколку места одделно ги споменува и латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф. Во врска со покорувањето на азиското племе Араxоси и во престојот на нивната земја, К. К. Руф пишува:

*Таму* (Александар, з.м.) *ја соединил војската што била под заповедништво на Парменион. Тоа биле шест илјади Македонци, двеста благородници и пет илјади Грци со шестотини коњаници...* (К. К. Руф, цит. дело, стр. 292).

И овде гледаме дека Македонците одделно се спомнати од Грците (под чие име, К.К.Руф ги третирал сите народи кои живееле во тогашните грчки градови-држави). Впрочем, ова важи и за останатите антички историчари. Ниту еден од нив нема напишано, на пример: *Атињаните и Грците*, или *Спартнциите и Грците*, затоа што, се знае дека Атињаните и Спартанците биле Грци. Но, кога се во прашање Македонците, тогаш античките историчари сосема јасно пишувале *Македонците и Грците*, што е несомнено доказ дека ги третирале како два различни народа.

И Плутарх ги споменува одделно Грците и Македонците во својата биографија за Александар Македонски (глава 47).

Секако дека постојат уште огромен број сведоштва кои докажуваат дека Македонците не биле никакви Грци, кои во интерес на просторот, ќе ги оставиме за друго прилика (следна книга).

Сепак, најубедлив доказ за разликите помеѓу античките Македонци и антички Грци претставува различната етногенеза на овие два народи. Етногенезата, пак, знаеме дека е апсолутен параметар во одредувањето на етничкото потекло на некој етникум. Античките Македонци и античките Грци имаат различна етногенеза. Најдоминантен етникум во формирањето на античките Македонци биле Бригите. Тие биле староседелци во Македонија, а по Тројанската војна делумно се преселиле во Мала Азија. Освен нив, во етногенезата на античките Македонци секако се вклучуваат и домородните античко-македонски племиња:Десарети, Линкести, Орести, Крестонци, Пајонци и други, кои исто така биле сосема различни од Ахајците.

Етногенезата, пак, на античките Грци ни покажува дека тие главно биле составени од мешањето помеѓу Ахајците и Дорците (иако Дорците делумно дошле од Македонија). Значи, античките Македонци никако не можеле да бидат Грци, штом имале различно етногенетско потекло од нив.

За античко-македонската (но и античко-грчката) етногенеза детално има опишано Д-р Нада Проева. Во својата книга *Студии за античките Македонци* (Macedonia Prima- Охрид, Скопје, 1998), д-р Проева дава аргументи за етногенезата на античките Македонци, кои се резултат на нејзините долгогодишни проучувања на целокупната култура на античките Македонци. Д-р Проева детално ја обработува и сличноста, или различноста, во одредени сегменти на целокупната античко-македонска култура со онаа на соседните народи. Така, на пример, таа аргументирано ги докажува сличностите на античко-македонскиот јазик со бригискиот, а тоа го потврдува и преку компарирање на конкретно елементи од нивната материјална и духовна култура (обичаи, ќерамика и сл.). Од овие детални компарации, јасно се гледа сличноста меѓу Македонците и Бригите, а истовремено нивната различност од Грците, Тракијците и Илирите. (За споредби меѓу нив види мои книги, Р.И.)

Конечно, за бригиската етничка врска кај Македонците пишува Херодот, кој вели:

*Повикувајќи се на тврдењата од Македонците, Фригите во времето кога живееле во Европа заедно со Македонците, го позајмиле своето име од Бригите, но по нивното населување во Азија тие си го смениле и името* (од Бриги почнале да се нарекуваат Фриги, з.м.), *заедно со местото на живеење.* (Бриг=Фриг, б=ф, Р.И.)

Кога веќе пишуваме за етногенезата на античките Македонци, да спомнеме и една смешна состојба поврзана со некои толкувања околу националното потекло. Имено, познато е дека грчките историчари тврдат дека античките Македонци биле *Грци*. Некои, пак, бугарски историчари тврдат дека античките Македонци биле *Тракијци*, додека некои албански историчари тврдат дека античките Македонци биле- *Илири*. Значи, со народен јазик кажано, секој си е врти водата кон својата воденица.(Познато е дека Грците биле староседелци на територијата на денешна Грција, Тракијците биле староседелци на територијата на денешна Бугарија, а Илирите на територијата на денешна Албанија). Меѓутоа, историјата ни кажува дека сите тие етникуми: Грци, Тракијци и Илири долго време биле под ропство токму на антички Македонци, па нејасно е како можеле да бидат *ист народ* со нив. Ова е уште еден доказ дека сите околни народи сакаат да ги присвојат нашите антички предци".

Тракијците и Илирите говореле ист јазик, види моја последна и други книги. Тракијци живееле на Исток, а Илири на Запад. Илири биле Русите, Србите, Хрватите, Словенците...Ова било затоашто Илирија имала повеќе места,дури центар бил и македонскиот град Солун.За Марин Барлет (16 век)илирски бил тн.старословенски. Следи поимот Илир да биде синоним за Словен, А и Виена говори Илири=Словени.

„Како прилог кон сето досега изнесено ќе го додадеме и податокот дека постојат уште многу други бројни факти и сведоштва, кои говорат за автохтоната македонска култура. Да погледнеме некои од нив.

Најнапред ќе го приложиме сведоштвото на самиот проф. Андроникос, кој, го откри гробот, за кој се претпоставува дека му припаѓа на Филип Втори Македонски. Во врска со, таму откриената,самобитна, македонска култура, во весникот *То Вима*(25.12.1997)проф. Андроникос ја даде следнава констатација:(То=Та=Те, Р.И.)

*Се работи за висока култура од Македонија, зашто станува збор за блеска-вата ѕвезда, што е типична македонска и се наоѓа на штитовите, за посебен ма-кедонски амблем што се наоѓа на саргофагот, за типичен македонски шлем, спе-цифична опрема за ставање на стрелите, за специфичен начин на погребување, типичен само за Македонците од единаесеттиот век, па наваму.*

Да ја споменеме и изјавата на ректорот на Солунскиот универзитет (Хр. Андоновски, цит. дело, стр. 26), кој, анализирајќи ги овие наоди, пишува:

*Царскиот гроб во Вергина претставува најрепрезентивен и најубав примерок на македонската уметност, што се развивала од крајот на петтиот век од старата ера во Македонија на Филип и Александар Велики.*

Освен сопствена култура, античките Македонци имале и силно развиено чуство на етничка македонска припадност. Повеќе сериозни автори децидно го потврдуваат ова. Така, на пример, Улрих Вилкен (цит. дело, стр. 203) пишува:

*Александар успеа да ја задржи во свои раце војската, офицерите и другите. Во нападот или во битката тој беше постојано ист-* ***тој беше крал на македонската нација.*** (Подвлекувањето е мое, з.м.).

Поради сево ова, денес, при знаењето на овие податоци, навистина изгледа смешно кога Грците го слават Филип II Македонски како *свој крвен предок*, иако овој македонски цар им ја окупирал земјата и ги убивал нивните предци. Впрочем, веќе наведовме и други бројни странски истражувачи, кои јасно тврдат дека античките Македонци, не само што етнички, културно и религиски биле различни од тогашните Грци, туку долго време постоеле и голема омраза помеѓу овие два етникуми, наспроти фактот што некои антично-македонски владетели своевремено донеле одлука за прифаќање на хеленизмот како култура во античка Македонија и негово мешање во претходната висока развиена антично-македонска цивилизација".

Значи, не се работело за ништо грчко, туку само хеленско, не Грција туку Елада, а хеленизмот е по смртта на Александар до со последната Клеопатра. Следи хеленски јазик коине да биде за време на хеленизмот, но никако пред тоа.

Ама и Александар Донски не смеел да им верува на авторите од 19 и 20 век.

„**1.3.6. Кои биле Македонските Словени ?**

Откако накратко го утврдивме етничкиот карактер на античките Македонци, да кажеме неколку зборови и за потеклото на *Македонските Словени.* Наспроти досегашната теорија за нивното потекло од зад Карпатите, повеќе автори тврдат дека не постојат никакви сигурни материјални докази дека *Словените* потекнувале од зад Карпатите. Впрочем, доволно е да се прочита постарата историја за земјите кои се наоѓаат на поширокиот простор околу Карпатите, при што јасно ќе се види дека дури и во првите векови од новата ера, никаде не се споменуваат никакви *Словени*, како пражители на овие земји. Така, на пример, официјалната историографија на Чешка смета дека *Словените* за прв пат се населиле во оваа земја во 5 век. Официјалната историографија на Полска исто така утврди дека *Словените* во Полска за првпат се појавиле во 5 век. Украинската официјална историографија смета дека *Словените* во Украина се населиле во 6 век. И историографијата на Русија смета дека *Словените* во Русија се појавиле во 6 век. Така е и со останатите територии од поширокиот простор околу Карпатите. Ниту овде не се спомнуваат никакви *Словени* во првите векови од новата ера и овие податоци секој читател може самиот да ги провери ако погледне во која била која историска енциклопедија. Значи, територијата за *заткарпатската прататковина на Словените* е под голем знак прашалник". (Со наводите на А.Донски, **Словените дошле од Свемирот/Утробата**, Р.И.)

Не се работело за Словени, туку Склавини, кои се појавиле дури во 5 век н.е. Се говори, и дека Словените се преселиле. Никој не кажал, од каде тие во тие земји се преселиле ?! Се говори, и Заткарпати. Пак, такви се четири страни: Југ, Запад, Север, Исток. Киевскиот свештеник Нестор (11-12 век), потврдил, дека таа страна била Југ, јужни Заткарпати, на Балканот, каде била Илирија, а Илири биле Русите.

„Исто така, кај нас е малку пишувано дека *Словените* отпрвин се викале Венети.. Да спомнеме неколку пишани сведоштва во врска со ова".

Анти=Анти, Венети=Венети, Склавини=Склавини, Словени=Словени-слово.

Следи јас да пишувам за Анти, Венети и Склавини=тн.Словени, не Словени.

„Постои мислење дека уште Херодот во 5 век п.н.е. ги спомнал *Словените* под името (В)Енети, но не како заткарпатски, туку како **балкански** народ !

Пишувајќи за настаните од 4 век п.н.е., Венетите ги спомнува и Квинтиј Куртиј Руф (цит. дело, стр. 115). Имено, тој пишува дека Венетите своевремено биле составен дел од војската на Александар Македонски.

И подоцна, во римската хроника на Плиние Стари од I век од нашата ера, *Словените* се споменуваат под името *Венети*, но овојпат, како жители на сосема друг крај на Европа. Овде пишува:

*Некои автори известуваат дека тие области, дури до реката Висла се населени од: Сармати, Венети, Скири и Гири.*

Плиние Стари тврди дека Венетите тогаш живееле западно од реката Висла.

Римскиот историчар Тацит, во II век, исто така ги споменува Венетите и за нив пишува дека војувале на сличен начин како Германците, а споменува и дека граделе живеалишта. Тој пишува:

*Јас се колебав дали да ги сметам племињата на Певкините, Венетите и Фините како послични на Германците или на Сарматите... Венетите го усвоиле повеќето нивните* (германските, з.м.) *обичаи...*

Од овие сведоштва гледаме дека Венетите и навистина биле стар народ и дека нивни потомци живееле распространети од Мала Азија, преку Балканот, па сé до разни делови на централна Европа.

Но од каде знаеме дека терминот Венети се однесува на *Словени ?* Дециден одговор на ова прашање дава средновековниот историчар Јорданес, кој запишал:

*Дакија е заштитена со стрмните Алпи* (Карпатите, з.м.) *во вид на венец. Од нивната лева страна, која е свртена кон север и од почетокот на реката Вистула, во огромно пространство живее многубројниот народ Венети. Навистина нивни-те имиња се менуваат според различните родови и места, но тие главно се наре-куваат како Словени и Анти*".

Значи, ако Венетите биле „Словени и Анти", тогаш немало посебни Словени и Анти. Следи Венетите, Словените и Антите биле едно исто. Меѓутоа, ниеден автор не говори за Словени, според слово, туку само Склавини,според склава=област.

„И понатаму, од истиот автор:

*Навистина, како што рековме на почетокот од излагањето или во списокот на племињата, тие биле од едно исто потекло, а сега се јавуваат под три имиња: Венети, Анти и Славини*".

Не Словени, ниту Славени, о=а, само Славини + к = Склавини- без Словени.

„Византискиот писател Псевдо Кесариј во почетокот на 5 век пишува дека *Словените* живееле близу до реката Дунав".

Наведениот автор пиши само Склавини, никако Словени,два разлини поими.

„Зошто овие древни сведоштва за *Словените* (Венетите) не се повеќе експлоатираат во македонската историографија, туку наместо нив, за *Словените* (Венетите) во поголемиот број наши историски публикации, се пишува дури од времето на нивната појава на Балканот во 6 век, со обавезниот *додаток* дека тие потекнуваат од *зад Карпатите* ? И овде дотичните македонски историчари направија сериозен пропуст. Во сите публикации, наменети за пошироката јавност, воопшто не се споменуваше името *Венети*, иако гледаме дека не случајно до денес во Германија *словенскиот јазик* наГорните Лужички Срби се вика *виндиш*, т.е. *венетски*".

Во 6 век не биле Словени (Анти, Венети и Словени), туку само Склавини.

„Венетите како предци на *Словените* ги признава и бугарската, словенечката, поранешната советска и други историографии-речиси сите, освен македонската. Венетите како предци на *Словените* ги признава и големиот познавач на средновековна Македонија, хрватскиот историчар д- р Стејепан Антолјак.

Па, од каде тогаш потекнуваат *Словените* (Венетите) ?

Освен *задкарпатската* теорија, во врска со ова постојат уште две сериозни теории. Едната е дека *Словените* потекнуваат од- Балканот, т.е. од Средоземјето, а втората теорија е дека *Словените*, од памтивека биле населени во денешните територии на кои живеат (од Македонија, до Полска, Русија, Украина...) и дека никогаш никаде не се преселувале. Во обете теории главниот збор го имаат токму руските научници !

Еден од предводниците на теоријата за балканското потекло е истакнатиот руски славист Г. С. Гриневич. Гриневич во својата книга, посветена на прасловенската писменост (Москва, 1993 год.) нуди аргументи, според кои, прататковина на *Словените* е- Балканот ! Ова тој го потекрепува со бројни докази од етимолошки карактер. Гриневич тврди дека предци на *Словените* се големиот балкански народ- Пелазги. Гриневич исто така констатира дека пртасловенскиот јазик, т.е. јазикот на Пелазгите е многу сличен со т.н. *старословенски јазик*".

За Јустин „Македонците биле со потекло еден пелазгиски народ". За Херодот „Елада порано се нарекувала Пелазгија"...„народот во Атина и Атика бил пелазгиски". Според Тукидид, „сега се нарекувала Елада". Значи, Хелените и Македонците биле ист народ со ист јазик:варварски=пелазгиски=тн.словенски, венетски.

„Но, каков бил тој јазик на Пелазгите ? Херодот (кој бил нивни современик) тврди дека нивниот јазик воопшто не бил грчки. Во врска со јазикот на Пелазгите, Херодот пишува:

*Каков бил поранешниот јазик на Пелазгите не можам да кажам со сигурност. Но, ако го претпоставиме преку јазикот на денешните Пелазги- на пример, на оние кои живеат во Крестонија* (македонска област, з.м.) *над Тиренците, кои, пак порано престојуваа во областа наречерна Тесалија и им беа соседи на Дорците- или на оние* (Пелазги) *кои ги основаа Плацija и Скилица над Хелеспонт и кои привремено живееја заедно со Атињаните, или, пак, на оние кои живееја и во другите градови, а всушност се Пелазги- значи ако направиме споредба со секој од нив, ќе мораме да потврдиме дека Пелазгите зборувале барбарски јазик.*

За Пелазгите од македонската област Крестонија Херодот е уште подециден:

*Со сигурност се знае дека народот во Крестонија зборувал на јазик кој е различен од соседните јазици*". (Крестов=Крестон=Крестот, в-н-т, креста, Р.И.)

До денес се вели мајчин јазик, кој бил диалект=диа (два) лект=рект=рекот.

„Значи, според оваа теорија, испаѓа дека *Македонските Словени*, во вековите на Големата преселба на народите, практично се измешале со своите дамнешни сонародници- античките Македонци, за подоцна, од тој етнички и културен амалгам, да биде создадена македонската нација".(Ние сме биле Донски „амалгам",Р.И.)

За да има преселби, мора да има проширена репродукција. До денес таа вон Балканот со Мала Азија не е ни проста. Следи до денес Европа се населува со луѓе од Балканот и Мала Азија. Бидејќи чартерлетови биле само од 20 век, континентот се населувал со луѓе и со домашни животни. Тие биле само единствено: балкански.

„Едно од стојалиштето што се обидуваат да ја негираат оваа теорија е фактот дека на Балканот (во Македонија) од дамнина постоела древна развиена култура и цивлизација, а кога *Словените* (Венетите) се појавиле овде во времето на Големата преселба на народите- тие биле прилично нецивилизирани (барем според тогашните, сепак, субјективни и непријателски настроени, хроничари). Но, како е можно

потомците да бидат позаостанати од своите предци, до колку *Словените* и навистина потекнуваат од овие простори ?“.

Не се работело за „*Словените* (Венетите)“, туку Склавини.А тој ги помешал.

„Одговорот на ваквата забелешка е едноставен. Според претходно наведените извори, дури и во Првиот век *Словените* (Венетите) имале солидна култура (граделе куќи и сл.). Подоцна, меѓутоа, тие дошле во контакт со народи, кои не биле на толку високо културно ниво, па и самите почнале да се уназадуваат. Дека и навистина било така, пишува во книгата *История на Блгария* од повеќе автори (Софија, 1954), каде на стр. 50, пишува:

*Културата на Венетите... која била релативно висока, достигнала нов бран на развиток, кога дошла во контакт со Римската Империја... Венетите се занимавале со земјоделие но познавале редици занаети, како што се ковањето на ме-тал, грнчарството со грнчарско колце, зпатарството и така натаму. Тие ја по-знавале и уметноста во емајл...*(На Балканот без дунавско=словенско колце..., Р.И.)

Значи, гледаме дека *Словените* (Венетите) отпрвин имале мошне развиена култура, што воопшто не соодвестува со нивниот негативен опис, даден претежно од страна на нивните непријатели- византиските хроничари. Индикативно е нивното познавање на грнчарството на грнчарско колце, кој занает, својот зенит своевремено го имал токму на Балканот, а овде секако е и уметноста во емајл, која исто така достигнала значајни дострели токму на Балканот. Дали овие податоци не претставуваат уште една индиција дека сепак пратаковината на Венетите е Балканот (Македонија) ?“ (Тн.Визатијци немало, туму Ромејци со македонски цареви, Р,И,)

Авторот место да пиши за Склавини, населувани од 6 век, говори за Венети.

„Но, да видиме што се случило со вака развиената култура на *Словените* (Венетите) и како дошло до тоа, тие подоцна да бидат третирани како *варвари* од страна на Византијците. За ова, во мошне објективна книга *Историја на Бугарија* (Софија, 1954 г.) пишува:“

Не Византијци туку Ромејци со коине, а народот говорел на варварски јазик.

„*Материјалната култура на Антите и на Славините во тоа време била прилично висока. Во споредба со ‘Културата на полјата со погребни урни’ таа доживеала извесно назадување поради навлегување на Хуните во втората половина на 4 век...*“. (Наведената култура и онаа во Подунавјето биле од Средоземјето, Р.И.)

А тоа биле Анти и Склавини. Меѓутоа, во тој век сé уште немало Склавини.

„Значи, во оваа бугарска книга е дадено можното објаснување за зостанувањето на *словенската* (венетска) култура. Имено, таа почнала да уназадува поради хунските напади на Европа, т.е. поради контактите со Хуните. (Небитност, Р.И.)

Овде ќе споменеме и некои понови интересни откритија кои според некои автори, сведочат за постоење на *словенски* културни сегменти на Балканот уште со векови пред Големата преселба на народите. (Без никаква Голема преселба, Р.И.)

Најпрвин ќе го спомнеме делото *Илијада* на Хомер (создадна некаде во 8 век п.н.е.). Со внимателна анализа во ова дело идентификувани се најмалку 83 зборови кои се слични, па дури и идентични, со соодветните зборови од денешниот македонски јазик, иако ова дело било напишано најмалку **12 векови** пред наводната прва појава на *Словените* на Балканот во времето на Големата преселба на народите. Истовремено, овие зборови се сосема различни од соодветните грчки зборови“.

Македонскиот јазик бил пелазгиски=тн.словенски, Склавините од 6 век н.е.

„Ова неодамнешно откритие што го направи македонскиот историчар (кој живее во Канада) г-дин Одисеј Белчевски, ни посочува можни нови хоризонти во истражувањето македонскиот етнички корен. Да посочиме некои примери во врска со ова. Така на пример, во јазикот на кој напишана *Илијада* (а тоа е јазикот на кој пишувал Хомер), македонскиот збор *здраво* е напишан како дравикос, додека на грчки здраво е *гјасу*. Понатаму денешниот македонски збор *вино* кај Хомер е напишан *оинос*, додека на грчки *вино* е краси. Денешниот македонски збор *треси*, кај Хомер е напишан потполно идентично како: *треси*, додека на грчки овој збор гласи: *доно* или *сено*. Потполно идентични зборови од јазикот на Хомер се соодветните зборови од денешниот македонски јазик се и зборовите: *лута, мили, ајде, бие, пиете, мои, мирис* и други, додека овие зборови на грчки гласат: *апотомос, просфилс, липон, дерно, пини, дикому, осфраноми*. Значи разликата е повеќе од очиглена Освен нив, рековме дека постојат уште седумдесетина зборови од јазикот на Хомер се многу слични со соодветните зборови од денешниот македонски јазик (имаат ист корен и значење), а сосема се различни од соодветните денешни грчки зборови". (Грчкиот е вулгарен=булгарен Птоломејов, Александријски, коине, Р.И.)

Гјасу=г јасу;в+оинос=винос; краси=краси; сеното се треси и е доно-сено...

„Освен тоа, постојат и други детерминантни (топоними, хидроними и слично), кои асоцираат дека имаат *словенски* корен, а кои од дамнина се среќаваат на најјужните балкански простори (се разбира далеку пред Големата преселба на народите). (М.Фасмер: на Пелопонес имало словенски поими пред Словените, Р.И.)

Секако дека и оваа теорија има и свои слабости и недокажаности, но на подетална елаборација околу целата сложена проблематика за потеклото на *Словените* ќе се задржиме во некоја следна прилика. (**Без теории- само вистина**, Р.И.)

Во врска со потеклото на *Словените* постои уште една интересна теорија (иако и таа има свои слабости и истата сé уште треба да се поткрепува со докази). Според оваа теорија *Словените* отсекогаш живееле на сите европски простори каде што денес живеат (Македонија, Србија, Чешка, Полска, Бугарија, Русија,Украина и т.н.), па според тоа, оваа теорија очигледно содржи елементи од претходно изнесената теорија за балканското (пелазгиско) потекло на *Словените*. И во оваа теорија главниот збор го имаат токму руските научници, кои се најголеми приврзаници на теоријата за балканското потекло на (јужните) *Словени* ! Дури, оваа теорија со децении била третирана како **официјален став** на целокупната поранешна советска наука за потеклото на *Словените* ! Намерно напишав *советска* (а не руска) наука, затоа што терминот *советски* е многу поширок термин и тој практично значи дека теоријата за балканското потекло на *јужните Словени* долго време била сметана како *официјален став* не само на руската, туку и на украинската, белоруската но и на претставниците на сите останати национални науки во бившиот СССР ! Но, да поминеме на презентарање докази". (Јас можев многу да ја скратам книгата, Р.И.)

За теории за Словените не паѓа збор, вакви никогаш немало, туку само Скла-вини, а вакви имало на сите три стари континенти. Кога се говори за политичкиот поим Словени, на берлинско- виенската школа, токму на Германите, според тн.сло-венски бог Герман а и Теутони, според Теута, илирска кралица, двојни балкански имиња, се ширеле на сметка на Склавините. Па вакви имало дореката Рајна. За нив пиши Бонифациус, во 8 век, кои ги покатоличувал. Следи

авторот многу простор изгубил за тн.Словени, кои на Балканот се појавиле во 6 век. Значи, залудно пишел.

Александар Донски со оваа книга создал збрки,Македонците биле мешанци. Меѓутоа, тој, и како него други, не кажа што ние имаме словенско, вон македонско.

„Рускиот професор Валентин Дитјакин во својот труд *Советската наука за потеклото Словените* (преведен од руски и објавен на српски во Зборникот *Словенско братство*, Белград, 1947 г.; стр. 696-710), прави анализа на дотогашната руска и странска наука за потеклото на *Словените*. Тој тврди дека сите сознанија од разни научни дисциплини потврдуваат дека *Словените* се стар европски народ и дека тие отсекогаш живееле на просторите на Европа, каде што отприлика живеат денес. Во врска со ова тој пишува:

*Археолошките истражувања изведени во последниве педесет години на територијата на СССР и во земјите на **јужните** и западните Словени, непобитно докажува дека, не само што целата територија што денес ја населуваат словенските народи отсекогаш била нивна исконска татковина, туку дека нивна била и онаа територија што во минатото им ја одзеле нивните непријатели.* (Подвлекувањето е мое, з.м.)“.

На Балканот пред 6 век н.е. никогаш не бил познат поимот Склавини.

„Пишувајќи за предците на *Словените*, професорот Дитјакин исто така ги споменува Венетите, за кои тврди дека порано живееле на Балканот и дека нивното живеење на Балканот го спомнал уште Херодот во 5 век п.н.е. Професор Дитјактин тврди дека Венетите, како жители на Балканот, го спомнал и Софокле ! Во врска со ова тој пишува:

*Во истото време, или нешто порано, стануваат познати имињата и на другите предци на словенските народи. Тоа се Венеди, Венети, кои ги знаат Херодот и Софокле (5 век п.н.е.)*“. (Венетска била Венеција..., а без таа да е словенски, Р.И.)

Анти=Анти, Венети=Венети, Склавини=Склавини, Словени=Словени-слово.

„Дури подоцна, тврди проф. Дитјакин, за Венетите пишува Јорданес (кого веќе го спомнавме), а овде секако и Квинтиј Куртиј Риф, кој исто така ги споменува Венетите, кога пишува за настаните од 4 век п.н.е.“

Само никој не напишал дека Венетите биле Словени-Словени тогаш немало.

„Во продолжение на својот труд, проф. Дитјакин тврди дека не постоело никакво доаѓање од страна на *јужните Словени* од зад Карпатите на Балканот, туку дека тие отсекогаш овде си живееле. Во врска со ова тој пишува:

*Јасни се основните патишта за настанокот на јужните Словени. И овде комбинираното проучување на податоците од археологијата, палеолингвистиката, фолкорот, палеоетнологијата и сведоштвата на античките и средновоковните автори, ни даваат можности да ги одбележиме тие патишта доста аргументирано. Отфрлувајќи ја постоечата претстава на буржуаската наука дека јужните Словени дошле на Балканот од север, зад Карпатите, од заедничката словенска ‘прататкoвина’ и дека божем дошле на Балканот со веќе утврдено племенско уредување и карактеристични црти на својо јазик, ние во овој случај се обрнуваме кон проучувањето на етничката историја на Балканскиот Полустров.*

Понатаму, проф. Дитјакин тврди дека периодот на римската окупација на балканските земји, довела до потполна стабилизација на месните протословенски народности, по што биле формирани *јужните Словени* како народи.

Проф. Дитјакин тврди дека староседелците на Балканот, на одреден степен од својот општествен развиток, конкретно поради (цитат): *преминот од примитивните општествено-економски односи кон повисоки облици на општествена организација и земјоделски процеси*, кои дошле како резултат на распаѓањето на патријахалното уредување и создавањето на првите феудални односи, довело до *активирање* на овие балкански народи против Византија. Овој руски професор тврди дека немало никакви упади на *Словените* од преку Карпатите и нивна војна со Византија, туку дека тоа бил само бунт на домородното балканско население, кои тогаш стигнало на повисок степен од својот општествен развиток. Во врска со ова проф. Диткин пишува:“

Без Словени,туку „тоа бил само бунт на домородното балканско население“.

„*Дури во ваквата низа на мисли станува јасна вистинската суштина на фамозните ‘упади’ на Словените на Балканското Полуострово во 6 и 7 век. Војните на Словените со Византија од тоа време не биле знак за никаков упад однадвор или доселување на Словените од некаде, туку тоа била активизација на домородните балкански жители. активизација која го следела преминот на формирање на словенските народи на следниот степен од социјалниот развиток, на степен на воена демократија. Во овие војни конечно завршува процесот на консолидацијата на јужнословенските народи*“. (6 и 7 век без коине да биде службен- со теми, Р.И.)

Значи,немало преселби на туѓинци,сé било на домородци,со поим Склавини.

„Но, кој бил професорот Дитјакин ? Дали можеби тој бил само осамен и ексцентричен пример од руската наука, кој тврдел дека балканските *Словени* биле староседелци на Балканот ? Веднаш ќе одговориме со- не ! Не само што проф. Дитјакин не бил никаков (условно кажано) *ексцентричен*, кој им *опонирал на останатите руски научници*, туку тој бил **официјален советски историчар !** Најголем доказ за ова е што неговиот горепсомнат труд е објавен токму во високо угледниот и реномиран интеренационален зборник *Словенско братство*, во кој,тогаш им било дозволено да објавуваат само на најголемите авторитети од *словенските* земји.

Но, ваквите тврдења не се однесувале само на периодот на СССР. Руската наука и пред постоењето на СССР тврдела дека балканските *Словени* се староседелци на Балканот.

Така, на пример, научниците В. В. Хвојко и Т. Н. Пасек, проучувајќи ја древната т.н.*Култура на Трите полиња*,утврдиле дека истата била распространета 3000 г.п.н.е., на териториите од Дунав и Днестар, па сé до јужните делови на Балканот. Откривачот на оваа *Култура*, архелогот В. В. Хвојко, уште во 1913 година (значи во времето пред СССР !), дошол до заклучок дека носители на оваа култура биле-*Пасловените* ! (*Словенско братство*, цит. дело, стр. 699)“.

Значи, т.н. Култура на Трите полиња била само едно: со балканско потекло.

„Понатаму, и проучениот руски академик Державин, вршејќи темелни антрополошки и палеоонтолошки истражувања, дошол до заклучок дека постои органска сукцесивност и континуитет на антрополошкиот тип на жителите на Балканското Полуостров, почнувајќи од неолитот, па сé до денешните *Словени* (*Словенско братство*, цит. дело, стр. 707).

Од сето ова гледаме дека, според добар дел од руската, но и од официјалната советска наука (чии застапници биле дури и академици), се тврди дека балканските *Словени* се староседелци на Балканот !".

На Балканот не бил познат поимот Словени, не само во стара, но и нова ера.

„Како интересен прилог кон сето ова ќе ги спомнем и тврдењата на немал број други странски автори, кои Александар Македонски и античките Македонци ги поистоветуваат со *Словените*, без разлика колку сето ова било реално поткрепено со докази.

Многу интересен податок за наводното присуство на *Словените* дури и во времето на Александар Македонски (и тоа како составен дел на неговата војска), објавил историчарот Мауро Орбини, во својата книга Кралството на Словените (1601 година). Во оваа книга, авторот Орбини објавува документ, кој претставува Повелба, упатена во знак на благодарност од страна на царот Александар Македонски до *Словените*, поради нивното учество во неговите битки:

*Ние, Александар, син на Филип, крал на Македонија... на благорониот род на Словените му посакуваме благост, мир и здравје...*".

Пред 16 век н.е. Словените не биле познати на Балканот- Склавини од 6 век. Бидејќи се работотело за Словени во Европа, Азија и Африка, тоа биле Склавини.

„Во продолжение Александар Македонски им кажува на *Словените* во кои области можат да живеат, заради помошта што му ја пружиле во војната (Проф. Ангелина Маркус, в. *Македонско Сонце*, 11.07.1997, стр. 18). (Преселективен, Р.И.)

Овде нема да навлегувам во елаборирање на вистиноста на ова сведоштво, т.е. дали Орбини под Словени ги подразбира *Словените* за кои овде пишуваме, дали имал предвид некој друг народ или можеби сето тоа го измислил, туку само го предаваме како интересен момент. Одиме понатаму.(А.Донски нема сигурност,Р.И)

Познатиот хрватски историчар и писател од 16 век Винко Прибојевиќ, во своето дело *За потеклото и згодите на Словените* (Венеција, 1532 год.) тврдел дека античките Мекедонци се *Словени*, а така било и со средновековните хрватски преродбеници: Х. Луциќ, Д. Златариќ, И. Гундулиќ, Ј. Палмотиќ и други, кои исто така Алексадар Македонски го сметале како *Словен*. Оваа теорија ја застапуваал и Матија Алберто (1561-1623) од Сплит (Христо Андоновски, цит. дело, стр. 55)".

Бидејќи ниеден автор не говори за Склавини пред 5 век н.е.., а такви во Македонија се појавиле во 6 век, а тие од неа изчезнале од 837 година, кои источно од реката Рајна останале многу векови по Бонифациј (8 век), дури и во 19 век, поимот Склавини станал политички. Ова било и поради тоа, што тие биле и православни:

„Француският славист Сипријан Робер во 19 век пронашол една народна песна во која народниот пеач ги молел боговите да бдеат над народот на Александар Македонски, кој народ бил (цитат): *славен со херојски срца, поради што заслужуваме да го носиме убавото име Словени. Ова име го добивме од устата на самиот Александар, јунакот од Македонија...*

Дека античките Македонци биле *Словени* сметале и неколку дубровачки поети, а тоа го тврделе и руските историчари: Бутков, Савељев-Ростиславич и Чертков, како и архимандрите Леонид и Филрот. Германскиот учен Куно, како и учените Лелев и Бјелоски, врз основа на Херодотовата и Страбоновата историја, тврделе дека на Балканскиот Полуостров, заедно со Хелените, отсекогаш живееле и *Словените*. Ова истото го тврдел и авторитетниот Јанко Шафарник, како и рускиот конзул

во Битола Хитров. Конзулот Хитров, во еден разговор со македонскиот деец Исаија Мажовски, изјавил:

*Македонските Словени во старите времиња се доселиле на Балканскиот Полуостров уште пред тоа да го направат Грците, Бугарите и Србите.*

Ваквата теорија ја застапувале и некои српски дејци од тоа време.

Така, на пример, српскиот професор во Воената академија Ј. Драгашевиќ, во својот учебник по географија, објавен во 1871 година, запишал:

*Македонците се најстарите Словени на ова Илирско тропоље, а можеби и во Европа.*

Во продолжение тој ја опишувал славната македонска историја на Филип и Александар Македонски, нагласувајќи дека Македонците се засебен народ. Поради ваквите свои ставови овој професор бил жестоко напаѓан во Србија, но во својата одбрана тој нагласил дека ваквите свои ставови тој ги оформил, помеѓу другото, и врз база на разговорите што ги водел со Македонците, кои тогаш престојувале во Србија (подетално кај: д-р Блаже Ристовски: *Македонија и македонската нација*, 131). (Во прилог е претходниот автор, а и Јован Цвииќ со староштокавски..., Р.И.)

Дури и Стефан Верковиќ во своето дело *Ведата на Словените*, објавено во Белград, 1874 година, напишал:

*Нашите Словени имале жива традиција дури и во времето на Александар Велики*".

Бидејќи Александар Македонски два века по неговата смрт го добил ласкавиот прекар Великиот (Nepos, De regibus), а овде се говори Велики, поимов бил наметнат. Следи да биде наметнат и поимот Склавини од 5 век н.е., па поимот Грци од 9 век н.е., и конечно Склавини=Словени, Илири=Словени, се заложувала Виена.

„Постои и една стара албанска историја, во која се тврди дека Македонците (како *Словени*), се староседелци на Балканот и во која Александар Македонски е наречен како (цитат): *голем македоно-словенски цар*, а овде се и тврдењата на повеќе македонски интелектуалци од тоа време (Исаија Мажовски, Ѓорѓи Пулевски, Никола Д. Чупаров и други), кои исто така сметале дека античките Македонци и *Македонските Словени* претставуваат потполн ист народ. Но, и за ова подетално ќе го проговориме во следната прилика".

Значи, Македонците биле домородци, само со новиот поим Словени.

„Како заклучок на досега изнесеното околу потеклото на *Словените*, ќе резимираме дека постојат три основни теориии за овој проблем. Тие, очигледно се спротиставени една на друга, но имаат и допирни точки. Да ги спомнеме накратко уште еднаш овие три теории:

1. *Словените* потекнуваат од зад Карпатите и тие оттаму се доселиле на Балканот. (Само А.Донски не кажа, од кој Заткарпати: југ, запад, север, исток, Р.И.)

2. *Словените* потекнуваат од Балканот (од стариот народ Пелазги), од каде се распространиле низ Европа и Мала Азија, а подоцна, за време на Големата преселба на народите, делумно се вратиле на Балканот. (Без Склавини до 5 век, РИ)

3. *Словените* отсекогаш живееле на Балканот и сите останати места каде живеат и денес. Народите што во антиката се споменуваат како жители на овие простори, всушност се претците на *Словените*. (Склавини на Балканот од 6 век, Р.И.)

Веќе наведовме дека сите овие теории имаат свои сериозни приврзаници, кои нудат прифатливи толкувања, но и има сé уште недоволни објаснети моменти.

Се разбира дека истражувањата околу комлицираното прашање за прататковината на *Македонските Словени* интезивно продолжуваат во сегашното време, а овде наведените сведоштва ги наведов без да навлегувам во анализа на нивната исправност и со отворена резерва кон сите следни откритија, кои ќе ја побијат или оправдаат некоја од теориите за потеклото на *Македонските Словени*".

Авторот, и како него, говорат за Словени во 6 век н.е. Тие треба да го објаснат само тоа. Бидејќи никогаш немало Словени, Склавините=областите биле само ромејски гранични единици, северно од реката Дунав. Следи сé што таму било изградено, сé било само ромејско, а ништо континентално, неандерталско=мајмунско.

„**1.3.7 Кратко резиме**

Од сето погоре изнесено несомнено може да се заклучи дека македонската нација во најголема мера претставува етничка, крвна и културна мешавина од античките Македонци и *Македонските Словени* (Венетите), без разлика на нивното потекло. Тврдењето дека денешната македонска нација е *чисто словенска* или дека е по потекло *чисто античко-македонска* мислам дека се несериозни и истите помалку мирисаат и на расизам (*чисти нации, чисто потекло* и сл.)".

Венетите си биле само Венети, а Склавини=Склавини и Словени=Словени-според слово. Доказ биле Русите, тие од Рецкари се изјасниле за Словени во 860 година, што го запишал цариградскиот патријарх Фотиј. Токму затоа Александар Донски, во „Македонско сонце", кој беше единствен тн.национален весник- неделник, направил големи збрки и заблуди кај сите читатели, оти само тој таму пишувал. Ама тој до денес не се променал. Следи тој бил најнеозбилниот, раснонесвесен...

„Впрочем, денес во светот не постои ниту една нација, која нема настанато од два (но и повеќе) доминантни етникуми.

На крајот да одговориме и на прашањето што некој веројатно ќе си го постави, а кое гласи: зошто овие сознанија досега не биле познати во нашата, европската, па и светската јавност ? Одговорот на ова прашање е мошне едноставно. Македонија и Македонците со векови биле поробени, па до неодамна на Македонците други им ја пишуваа историјата. Така, во Егејска Македонија Македонците биле (и сé уште се) убедувани дека се *Грци*, Македонците во Пиринска Македонија се убедувани дека се *Бугари*, Македонците од делот од Македонија наречена Мала Преспа (но и од останатите делови на Албанија) беа убедувани дека се *православни Албанци*, а Македонците од Вардарска Македонија дека се етнички Срби.

За време на бившата Федеративна Југославија македонската нација беше призната, но Македонците беа убедувани дека се *чисти Словени со потекло од зад Карпатите* (поради дневно-политичките интереси на југословенските идеолози, чии интереси се состоеја во тоа сите народи во Југославија треба да бидат *чисти Словени* за да можат подолго да живеат заедно). Поради ова, во сите земји-денационаизатори, од Македонците беа криени историските податоци, кои вистински го откриваат етничкиот корен на македонската нација. Дури и во комунистичка Југославија свесно беа криени и негирани крвните и кулурните врски помеѓу припадниците на денешната македонска нација со славните антички Македонци и нивното истражување беше еден вид табу-тема, а за Грција, Бугарија и Албанија и да не зборуваме. Во југословенскиот комунистички период, во врска со етничкото потекло на античките Македонци, мазохистички и без резервно беа пропагирани голе-

могрчките хипотези дека античките Македонци биле *Грци*. Со тоа на Македонците им беше нанесен голем удар во нивното национално осознавање".(Без теории, Р.И.)

Александар Донски истакна: „Дури и во комунистичка Југославија свесно беа криени и негирани крвните и кулурните врски помеѓу припадниците на денешната македонска нација со славните антички Македонци".Напротив,тој, и како не-го други,ништо не кажувале и не кажуваат,што ние имаме со мајмунските Словени.

„И додека останатите балкански (но и подалечни) народи јавно се гордееја макар и ако Александар Македонски само стапнал во нивните земји, или ако таму оставал свои сонародници-Македонци, кои останале таму да живеат, приложувајќи ја својата крв и култура во тие народи- ние Македонците бевме лажени дека наводно немаме апсолутно никаква врска со античките Македонци !

Ваквиот злочин врз вистината од страна на бившите југословенски историчари придонесе до едно траги-комична состојба. Со Александар Македонски се гордееја сите околни народи, само не и ние, денешните Македонци, иако атничките Македонци отсекогаш живееле на истата земја во која денес ние живееме, се шетале по истите македонски полиња и планини, пиеле вода од истите македонски реки и езера, се жалеле на летните горештини, ја бранеле нашата татковина, се гордееле што се жители на Македонија и конечно нам ни ја дале на чување својата славна крв, култура и национално име ! Тие всушност се славните антички предци на денешната македонска нација. (**БЕЗ НИШТО СЛОВЕНСКО=МАЈМУНСКО**, Р.И.)

Оваа страотна агресија што беше извршена врз колективната потсвест на нас Македонците, убедувајќи не дека сме *чисти заткарпатски Словени* (со крајна цел: еден ден да бидеме- *чисти ЈУГОСЛОВЕНИ*, и тоа *самоуправни* !), и денес, кога ги пишувам овие редови, тешко се остранува. Античките Македонци подмолно ни беа прикажувани како толку далечни од нас денешните Македонци, небаре тие биле Кинези, Чилеанци или марсовци. Бевме убедувани дека со секого сме *браќа* (со Србите, со Хрватите, со Муслиманите, со Албанците, со Словенците, па дури со н*еврзаните* Етипиопјани, Виетнамци или Тогоанци), но никако не смеевме ниту да ги спомнеме античките Македонци како наши крвни и културни предци. Сепак, ме радува фактот што полека, но сигурно, вистината за нашето славно античко минато излегува на виделина, не само кај нас, туку и во светот".

Значи, само едно и единствено: антички=етнички Македонци, чисторасни...

**„1.4. Како настанала денешната бугарска нација ?**

Откако симплифицирано видовме како етногенетски настанала денешната македонска нација, да видиме накратко како етногенетски настанала и денешната бугарска нација. Притоа ќе се служиме исклучиво со цитати од бугарски книги, во кои како автори, се среќаваат имињата на реномирани бугарски историчари.

Пред да почнеме со презентирање на овие податоци, сакам да кажам дека прво со целосна почит ќе го пренесам ставот на официјалната бугарска историографија за потеклото на денешната бугарска нација. Меѓутоа, не можам да се воздржам, а да не поставам неколку прашања, кои сами по себе се наметнуваат и кои сериозно се ставаат под сомнеж некои сегменти од овој официјален став.

Но, најнапред да го пренесам ставот на официјалната бугарска историографија за потеклото на нивната нација.

Рековме дека Големата преселба на народите територијата на денешна Бугарија претежно е населена со Тракијците. Рековме и дека тие етнички и културно биле различни од своите соседи античките Македонци, кои претежно живееле на територијата на денешна Македонија. Според истакнатиот бугарски историчар Димитар Ангелов, Тракијците живееле речиси исклучиво на територијата на денешна Бугарија. Во неговото цитирано дело тој пишува:

*Тракијците се првото население во источните краеви на Балканскиот Полуостров, а посебно на територијата на денешна Бугарија, за кое население постојат писмени податоци.*

Инаку Ангелов својата книга не случајно ја почнува со поглавјето Тракијците, како први познати жители на Бугарија и како еден од етникумите, кои подоцна ќе го дадат својот крвен и културен прилог во создавањето на бугарската (но, не и на македонската) нација. Оваа практика ја користат и сите останати бугарски автори, кои пишуваат за етногенезата на денешната бугарска нација). Ако се отвори која било бугарска историска книга, во која е опишано создавањето на бугарската нација, ќе се види дека секогаш авторите почнуваат со историјата и животот на Тракијците, потоа продолжуваат со *Словените* (Антите), па завршуваат со турско-монголските Бугари и со процесот на (според нив) *меѓусебното мешање* на овие три етникуми- се́ до создавање на денешната бугарска нација.(**македонска салата**,Р.И)

Значи, бугарската историографија сосема оправдано, како нераскинлив дел од историјата на бугарската нација, ја смета и историјата на староседелците во Бугарија- Тракијците (а уште повеќе и историјата на турко-монголските Бугари). Овде не можам да се воздржам да не запрашам: дали македонските историчари (се раз-бира со чесни искучоци) конечно ќе сфатат дека историјата на денешната македон-ска нација не започнува од шестиот век ? Со кое право и во чиј интерес овие исто-ричари ги ампутираа античките Македонци од историјата на денешната македонска нација и мазохистички ни ги сервираа големогрчките шовинистички хипотези за потеклото на античките Македонци,кога видовме дека уште одамна во Европа било познато дека античките Македонци не биле никакви Грци ? Ако ништо друго, ба-рем во овој сегмент тие треба да учат од бугарските историчари како се почитува сопствената историја и на кој начин се создава почит, култ и традиција кај својот народ кон сопствените историски вредности.

Рековме дека Тракијците во најголемиот дел живееле на територијата на Бугарија. Оттаму, нивното споменување како прв етникум кој е создадена денешната бугарска нација, значи дека бугарските историчари, индиректно ја отпишуваат Македонија и нејзиното население од бугарската етногенеза, бидејќи во нашата земја тогаш живееле античките Македонци, кои, иако биле многуброен етникум, воопшто не се ни спомнуваат во етногенезата на бугарската нација“.

Следи Александар Донски само го превзел бугарскиот став, и ништо друго.

„Сега да се вратиме на Ангелов, кој, во продолжение на својата книга,на стр. 50, сосема јасно ги опишува античките Македонци како соседи на Тракијците, т.е. како најдоминантно население во Македонија пред Големата преселба на народите:

*На југ соседи на Тракијците биле Хелените... На запад Тракијците граничеле со редици илирски племиња, кои во I век п.н.е. го населувале целиот северозападен дел на Балканскиот Полуостров... Западни соседи на Тракијците биле и редици македонски племиња, кои во првото илјадолетие п.н.е., населувале голем*

*дел од денешна Македонија и кои во V. век п.н.е. создале едно прилично силна држава, чиј прв владетел бил Пердика. Во однос на етничкото потекло на Македонците, постојат различни мислења. Некои истражувачи сметаат дека тие биле Грци или сродни со Грците, но поверојатно е да се прифати мислењето според кое тие биле самостоен етнос... Освен македонските племиња, западни соседи на Тракијците биле и пеонските племиња, кои во првото илјадолетие п.н.е. исто така населувале еден дел од Македонија*".

Затоа никогаш не се работело за Грци, туку само Хелени во Елада, Јонија...

„Значи, сосема е јасно дека Тракијците претежно живееле на територијата на денешна Бугарија, а Македонците (за кои Ангелов сосема оправдано тврди дека не биле никакви Грци)- на територијата на денешна Македонија. Впрочем, во продолжение (стр. 52 и 53) Ангелов дава уште подецидни податоци во врска со вкупниот број на тракиското население, па пишува:

*Се претпоставува дека во периодот на завладувањето на Балканскиот Полуостров од страна на Римјаните, бројот на Тракијците во балканските земји ја достигнале бројката од околу 900.000 души. Притоа погоемиот дел (околу 600-700.000 души) ја населувале областа на југ од Стара Планина, додека на територијата помеѓу Морава, Дунав Црно Море и Стара Планина живееле околу 150-200.000 души.* (И во денешна Србија имало Тракијци,и Србите биле Тракијци, Р.И.)

Од овој податок може да се извлече заклучокот дека дури и ако имало Тракијци во Македонија, нивниот број бил незначителен во однос на огромното мнозинство Тракијци во Бугарија, посебно во периодот до римското навлегување на Балканот (но и подоцна). Впрочем, за ова сведочат и бројните македонско-тракиски војни од тие времиња.

Во книгата *История на България* (Софија, том први, 1954, 28) подетално се опишани овие тракиско-македонски војни. Овде читаме:

*Распаѓањето на Одринското царство во голем степен ги олеснило диплома-тските и воени походи на Македонците, и тоа најпрвин, источно од Места, а по-тоа и во земјите помеѓу Егејот, Балкан и Црно Море (без Византија). Завојувачка-та дејност на Македонците во времето на Филип II во нашите земји се развивала напоредно со извесна колонизација и градежна дејност... Но македонската власт во Тракија... не пуштила и не можела да пушти длабоки и стабилни корени. Уште по смртта на Филип, неговиот син Александар Велики, пред да го почне походот на исток, бил принуден да ги смирува тракиските племиња во денешна северна Бу-гарија. Но, ниту операциите на Александар до денешните бугарски земји не може-ле трајно да го скршат отпорот на слободољубивите Тракијци против македон-ските завојувачи. Големото востание на Тракијците против Македонците (330-331 год.) било толку значајно што им дало сигнал и на Грците да востанат про-тив Македонците и им создало сериозни грижи на оние македонски воеоначал-ници, на кои Александар им ја доверил воената одминистрација на своите балкан-ски владенија...*

Во продолжение на оваа книга е споната бриталноста со која Македонците владееле во окупираната од нив територија на денешна Бугарија:

*Бруталниот режим, востановен и подржан во нашите земји од страна на Лизимах, кој бил еден од генералите на Александар, ги направил македонските за-*

*војувачи уште поомразени, не само сред домородното тракиско население, туку и среде грчките колонисти по крајбрежјето на Тракија.*

Значи, не само што и овде античките Македонци се јасно издвоени од Грците (а така е и во други бугарски книги), туку гледаме и дека помеѓу нив постоела голема омраза, а така било и помеѓу Македонците и Тракијците, како доминантни етникуми во Македонија и во Бугарија.Исто така,од досега изложеното видовме дека тогашните жители на Бугарија и на Грција, одвај успеале да ги ослободат своите земји од окупацијата што ја наметнале Македонците, што е дијаметрално спротивно од денешнава состојба. Но, да продолжиме со темава.

Ваквата етничка различност во Македонија и во Бугарија продолжила и до периодот на Големата преселба на народите. Во овој период Римјаните почнале (посебно во Бугарија) да населуваат припадници на други небалкански племиња. Сепак,во периодот на Големата преселба на народите,сé уште најдоминантни жители во Македонија биле античките Македонци, а во Бугарија- Тракијците (без разлика што и од едните и од другите имало хеленизирани и романизирани елементи)“.

Бидејќи во Италија 240 г.п.н.е. бил вклучен латински, а тој во во 180 г.п.н.е. во цела Италија уште не бил во употреба, понатаму народот во Италија говорел на пелазгиски=венетски=илирски=тн.словенски јазик. Следи немало никакво романизирање, ниту хеленизирање: коине бил смртта на Александар Македонски, и тој немал никаква важност за народот. Тој понатаму го говорел својот пелазгиски јазик.

„Во 6. век за време на Големата преселба на народите, на територијата на Бугарија се појавиле *бугарски Словени*. Овде сме должни да објасмиме дека терминот *бугарски Словени* не е сосема адекватен, затоа што на териоторијата на Бугарија претежно се населиле Антите (иако имало и мал број Словени). Но, непрецизниот термин *бугарски Словени* (кој всушност се однесува на Антите), случајно или не, до денес се задржа кај добар дел на научната и пошироката јавност. За нив се знае дека биле седум (досега неидентификувани) племиња и дека, откако се појавиле на територијата на Бугарија, набргу се населиле таму“. (А.Д. создава збрки, Р.И.)

Бидејќи Антите биле Анти, Венетите Венети и Склавините Склавини, немало Словени. Сите тие биле само со балканско потекло. Меѓутоа, чартерлетовите биле само од 20 век, а преселбите и денес се вршат со говедо и коњ. Пак, тие низ цела Европа била балкански. Бидејќи до 19 век не преминало ниедно животно (говедо и коњ) од Континентот, преку Дунав, на Балканот, никогаш немало преселби на некакви неадерталски=мајмунски Словени, чие потекло било вонбалканско. Тие се лага.

„Дали и колку подоцна Антите се развиле како самостоен етникум во однос на нивните соседи *Македонски Словени*- тоа досега не е сосема јасно разјаснето. Во врска со ова бугарскиот историчар Димитар Ангелов во претходно спомнатото дело и самиот прави јасна разлика помеѓу *Словените* и *Антите*. Иако тврди дека тие имале слични обичаи и јазик, сепак на стр. 110, заклучува:

*Се разбира, иако Словените и Антите биле блиски помеѓу себе, постоеле и извесни разлики помеѓу нив, и тоа, како во областа на јазикот, така и во областа на материјалната и духовната културна. Посебно разликите се забележуваат во нивната рана керамика*“.

Прокопиј пиши: “...Над овие племиња, Склавините и Антите, не господари еден човек, туку од старо време живеат во демократија...И едните и другите имаат еднаков јазик, сосема варварски...имаат табор на брегот, што тука се крева, а Ромеи

малку подолу, во рамнината...И стана страшна битка, каде Ромеите силно пропаднаа. Тука изгинаа многу и одлични војници...“. (Склавините биле ромејски, Р.И.)

„Познатиот бугарски историчар Васил Златарски во своето дело *История на българската държава през средните векови* (том I, Софија, 1970, 41) пишува и дека царот Јустинијан I ги вооружал Славините (*Словените*) и Антите, едни против други. (Александар Донски ги преправа Склавините=Славините во Словени, Р.И.)

Конечно, историчарот Прокопиј Кесариски (500-562) дури пишува и војна помеѓу Славените (*Словените*) и Антите: (**Никако Словени туку Склавини**, Р.И.)

Подоцна помеѓу Антите и Славините се случил раздор и избувнала војна, во која Антите биле поразени од нивните противници (*Христоматия по история на България*, стр. 57). (Антите, Венетите и Склавините не се Словени- од слово, Р.И.)

Од сето ова можеме да заклучиме дека не само што најдоминатните староседелци на Бугарија и во Македонија биле различни едни од други (античките Македонци во Македонија и Тракијци во Бугарија), туку и помеѓу *македонските Словени* (Славини) и т.н. *бугарски Словени* (Анти) имало забележителни културни разлики, па дури во средината на 6. век се водела и војна помеѓу нив. Оваа констатација треба да се предвиди за натамошниот тек на развојот на создавањето (етногенезата) на македонската и на бугарската нација“. (А.Донски прави **заблуди**, Р.И.)

Се истакна, што Јорданес запишал. А овде и Прокопиј: Склавините и Антите. „И едните и другите имаат еднаков јазик, сосема варварски“. Ваков бил во Елада, чиј јазик бил пелазгиски=тн.словенски, кој бил тн.Хомеров=тн.Платонов. Како ова да не е битно, тој измислува некакви си разлики на нации, само за делби, а овие им се потребни на тн.словенски непријатели, кои до денес тн.Словени ги ништат...

„По населувањето на Антите на териоторијата на денешна Бугарија (по периодот на почетните непријателства) доаѓа до нивно сожителство и постепено етничко и културно мешање со староседелците Тракијци. Но дали смееме да тврдиме дека Тракијците станале составен дел од дененшата бугарска нација ? Одговорот на ова прашање е позитивен. Сосема логично и вон секакво сомнение е дека староседлците, што низ историјата исчезнале како автохтон етникум, ја приложувале својата крв и култура во крвта и културата на новонстантиот етникум, т.е. се асимилирале со нив, создавајќи еден народ. Вака создадниот народ обично има белези од обата (или повеќе) етникуми кои го сочинуваат. Еве потврда и од бугарскиот автор Евгениј Владиков дека (барем кога е во прашање создавањето на бугарската нација) дека и навистина било така. Во својата книга (училишно помагало за бугарските средни училишта), под наслов *Графична историјая на балканските народи* (Софија, 1992), под насловот *Тракијците*, Владиков, откако и самиот ја лоцира татковината на Тракијците на тлото на денешна Бугарија, во продолжението пишува:

*По варварските навлегувања на југ од реката Дунав за време на 3 и 4 век и масовно доселување на Готи и други племиња во Мизија и Тракија, Тракијците почнале да се повлекуваат од север од Стара Планина и да се спуштат јужно од неа, но сепак нивниот јазики и обичаи биле зачувани сé до доаѓањето на Словените во 6. век. Словените ги примиле од Тракијците имињата на реките и планините, но постепено дошло до асимилација на Тракијците од страна на Словените*“.

Се истакна „Словените ги примиле од Тракијците имињата на реките и планините“.Значи,Склавините имале ист јазик како Тракијците. Бонифациј во 8 век го-

вори, Склавините источно од реката Рајна биле со традиции, кои биле истоветни со оние што ги наведува Херодот (5 век п.н.е.).Следи: Тракијци=Склавини еден народ.

„Значи, кај Владиков, сосема оправдано, нема никакви дилеми дека Антите (овде непрецизно наречени како *Словени*) и Тракијците на Територијата на Бугарија, во најголема мера се претопиле во еден народ. Притоа, како јазик на ова етничка мешавина се наметнал словенскиот јазик, а како имиња на топонимите останале оние од традицијата на Тракијците. Тоа всушност претставува и емпириски доказ дека староседелците во Бугарија (Тракијците) во најголем дел етнички се измешале со новодојденците Анти и станале еден народ. Не случајно денес во Бугарија дури и водачот на робовладетелското востание Спартак (кој бил родум од Тракија) е третиран како еден вид предок на денешните Бугари, што доволно зборува дека денешните Бугари се свесни дека во нивната крв денес делумно тече и крвта на древните Тракијци“.

Владиков вели: „сé до доаѓањето на Словените во 6. век“, а Донски: „Антите (овде непрецизно наречени како Словени)“.Александар сé помешал, како и подолу.

А.Донски пиши дека традициите, обичаите и поими на античките Македонци денес се на етничките Македонци. Меѓутоа за него, бидејќи бугарскиот јазик не бил тракијски туку словенски, исто така и македонскиот јазик бил словенски.

Бидејќи јазикот денес е најмеродавен,ние Македонците овде сме „дојденци“.

Па Александар Донски создавал збрки со книгава, во „Македонско сонце“...

„Впрочем,за етничката симбиоза помеѓу староседелците Тракијци и Антите, која се случила на тлото на денешна Бугарија, пишува и Димитар Ангелов, кој во споменатата книга, на стр. 177, за периодот по доаѓањето на Антите во Бугарија, пишува:

*Во продолжение на еден век, редици етнички групи од Балканскиот полуостров го загубиле својот јазик и самобиност, а ова на прво место се однесува на Тракијците, т.е. на основното население во денешната бугарска земја. Асимилациониот процес, кој завршил со победа на словенскиот елемент, главно го опфатил тракиското село во рамините помеѓу Дунав и Стара Планина и Бело Море... Благодарение на политичката власт, како и на бројното превладување Словените можеле многу лесно и брзо да се наложат на тракискиот етнос и да го претопат* (повлекувањето е мое, з.м.)“.

Пак, Ангелов никаде не говори за Анти, туку само Словени (Склавини).Како за Ангелов, така и за Донски,Тракијците и Македонците исчезнале.Залудно Донски пишел за мртвите или претопени Македонци. Па тој пишел во полза на тн.Грција.

„Гледаме дека овде под терминот *бугарска земја* Ангелов воопшто не ја споменува Македонија, туку: Стара Планина, Дунав и Бело Море, што е уште еден доказ дека според него Тракијците претежно живееле на територијата на денешна Бугарија (а не и во Македонија), каде што најдоминантно население биле античките Македонци)“. (Пак, тие според Донски изчезнале,а денес се говори словенски, Р.И.)

Во продолжение на спомнатата книга проф. Ангелов пишува и за резултатите од етничкото претоповување помеѓу Тракијците и Антите во Бугарија. Така, на стр. 182- 184, тој вели:

*Претопувањето на Тракијците со словенската маса, сосема е разбирливо, не значи дека од некогашниот тракиски етнос не останало никакво наследство. Добро е познато дека при случувањето на асимилационите процеси, кои завршува-*

*ат со победа на едни од компонентите, во новоформираната етничка заедница и исчезнатите компоненти даваат свој дел, кој се забележува во одделни сфери на материјалната и духовната култура. Таков е случај и со Тракијците, кои независно од тоа што се претопиле во помногубројното словенско население, оставиле значителен белег во своето продолжително суштествување како етничка група на Балканскиот Полустров... Добро е познато дека редици имиња на градови, реки, планини и слично, кои Словените ги презеле и делумно ги видоизмениле во склад со особеностите на својот јазиков систем, се од тракиско потекло... Се претопо-ставува дека, освен топонимите и хидронимите, од тракиско потекло се и некои зборови, зачувани до денешни дни, било во литературниот јазик, било во оделни дијалекти... Исто така, се претпоставува и дека Словените презеле и наследиле и редици лични имиња од Тракијците, како на пример: Бото, Дако, Дардан, Дико, Драсо, Гето, Кодо, Нено, Пато, Суко, други, кои и денес се среќаваат*".

Ангелов говори само за Словени (Склавини), а Донски Анти. Донски си пишел, она што си сакал, ние да сме и Венети, а Бугарите и Анти. Тие биле Балканци.

Исто така, за Ангелов изчезнале Тракијците, а за Донски Македонците. Токму затоа А.Донски нанел огромно зло врз Македонците, кои се антички=етнички.

„Од овој цитат накратко гледаме кои елементи староседелците во Бугарија (Тракијците) ги оставиле во културата на т.н. *бугарски Словени* (Анти)".

Во 6 век н.е. не бил во употреба поимот Анти, туку само Склавини,само тоа.

„Но, дали и навистина сите Тракијци се претопиле во бугарскиот народ или пак уште ги има понекаде во Бугарија како етничка целина- ќе оставиме за некое следно истражување. Засега ќе се држиме до бугарската официјална историографија". (Донски само пренесува, а ништо свое не кажува, освен Венети и Анти, Р.И.)

Донски во следните истражувања ќе докаже, Македонците сосема изчезнале.

„**1.4.1 Населувањето на Бугарите во Бугарија**

Откако дошло до мешање помеѓу т.н. *бугарски Словени* (Антите) и Тракијците, на историската сцена во Бугарија стапуваат- Бугарите!Но,кои биле Бугарите ? Зарем тие не се *Словени* ? Ако не се *Словени*, тогаш зошто некои припадници на денешната бугарска нација себеси се нарекуваат *Словени* ? Да оставиме одговор на дел од овие прашања да дадат самите бугарски историчари. Ќе почнеме со Владиков, кој објективно го прикажува потеклото на Бугарите. Па, еве што пишува тој во поднасловот *Бугари* во неговата веќе цитирана книга училишно помагало (што всушност е и став на официјалната бугарска историографија):

*Бугарите припаѓаат на поновите народи што се доселиле на Балканскиот полуостров (...) Околу 670 година на североисток од делтата на р. Дунав се појавуваат Прабугарите, кои се народ од туркско потекло. Ги нарекуваме Прабугари за да ги разликуваме од денешните Бугари. Прататковина на Прабугарите е централна Азија. Тие се придвижуваат кон запад и создаваат голем военплеменски сојуз наречен Голема Бугарија, на чело со ханот Кубрат, кој ги зазема земјите помеѓу Азовско Море и северен Кавказ. Под притисок на Хазарите Голема Бугарија се распаѓа. Еден од синовите на Кубрат продолжува на запад и се населува крај делтата на реката Дунав. Тоа е ханот Аспарух, кој со помош на Словените, кои се населени по рамнините околу двата брега на долниот тек на р. Дунав, успеваат да ги одземат од Византија земјите помеѓу Стара планина и Дунав и од Црно*

*Море до р. Тимок. Со потпишување на мировен договор во 681 г. Византија ја признава новосоздадената држава Бугарија, која се протега помеѓу Стара Планина и Ка-рпатите- држава во која е создаден од осум словенски племиња на чело со Прабу-гарите (...) До средината на 9. век Прабугарите... се мешаат потполно со Слове-ните и со остатоците од древното балканско население и ги примаат словенски-от јазик и обичаи*“. (Каспар=к аспар; Аспарух=Аспар ух=их е монголско, Р.И.)

Бидејќи Словените, за кои цитира и Донски, не биле познати до 5 век, миговито станале најброен народ, и ги претопиле домородците на Балканот и Монголите. Само ниеден автор не кажува, каде до денес се најдува тоа ‘чаробно стапче’ ?!

„Значи гледаме дека Бугарите биле едно, а *Словените* (Антите) нешто сосема друго. Гледаме дека и бугарската историографија децидно го признава овој факт (впрочем и во книгата на Владиков *Словените* се опфатени во засебно поглавје како засебен народ)“

Владиков говори: „Словените, кои се населени по рамнините околу двата брега на долниот тек на р. Дунав“.А тоа биле Склавините, никако Анти, ниту Венети. Пак, Донски говори не за Склавини,туку за нешто сосема друго, Венети и Анти.

„Овде сакам да го дополнам она што го објаснува Владиков во врска со терминот *Прабугари*. Имено, овој термин не треба да се сфати како нешто различно од терминот *Бугари*. Напротив, т.н. *Прабугари* себеси се сметале и изворно си се декларирале себеси како Бугари, а терминот *Прабугари* им е наметнат во поново време од страна на бугарската наука, со цел да се прави терминолошка разлика помеѓу нив и денешните Бугари во национална смисла на зборот. Впрочем, во најново време веќе некои бугарски историчари се залагаат за исфрлување на вештачки создадениот термин *Прабугари* и бараат негово заменување со адекватниот, изворниот термин *Бугари*. Во продолжение ќе видиме и дека во постарите бугарски историски публикации, за т.н. *Прабугари* сосема оправдано се употребува само терминот *Бугари*“.

Донски вели: „т.н. Прабугари себеси се сметале и изворно си се декларирале себеси како Бугари, а терминот Прабугари им е наметнат во поново време од страна на бугарската наука“.Истото важи и за Македонците, од 19 век биле тн.Словени.

„Сепак, за да ги задоволиме и едните и другите бугарски историчари, поради фактот што т.н. *Прабугари* (вистинските Бугари) дошле од нивната татковина Азија и имале турко-монголско потекло, во овој текст за нив претежно ќе го користиме терминот *турко-монголски Бугари* (секако нема да го одбегнеме ни терминот *Бугари*). Ова е со цел да го задржиме вистинскиот термин за нивното етничко име (*Бугари* наместо *Прабугари*), но и да го потенцираме нивното потекло (за кое, во продолжение, ќе видиме дека било турко-монголско), за да правиме разлика помеѓу нив и денешните Бугари- припадници на современата бугарска нација.

Но зошто инсистирам толку на разликата помеѓу *Словените* и Бугарите, кога таа разлика емпириски и децидно се признава и од самата бугарска историографија ? Еден од најогнените застапници за хипотезата за бугарско-азијатското етничко потекло на македонската нација, прилепчанецот Коста Црнушанов во весникот *Пиринска Македония днес*, број 4 (Благоевград, 1993, стр. 27) пишува: ‘*Македонските Словени се Бугари.*’ (!?). Владиков, пак, вели дека *Словените* биле едно, а Бугарите нешто сосема друго и тоа го поткрепува со факти, а неговото дело денес е

прифатено како училишно помагало во Бугарија. Зарем ова не е доказ за дневнополитичка манипулација во искривување на ноторните факти ? Црнушанов не е единствениот кој тврди дека *Македонските Словени* наводно биле *Бугари*, иако емпириката (во случајот *нивната* сопствена историографија) ги негира во тоа. Од напишаното за турко-монголското потекло на племето Бугари, гледаме дека овој етникум не само што немал никаква врска со *Словените*, туку и дека претставува чист азиски етникум, кој својата прва држава Бугарија со ја создал во Азија. Подоцна, по сила на околностите, дел од Бугарите биле принудени да дојдат во Европа (на територијата на денешна Бугарија) и таму да се населат, формирајќи повторно своја држава (откако онаа азиската им била уништена од Хазарите). Но, и овие Бугари што останале во Азија, подоцна си ја обновиле својата бугарска држава (за што во продолжение подетално ќе пишуваме)".

Бидејќи А.Донски цитира дела, дека ние Македонците имаме традиции, обичаи и зборови на античките Македонци, најголема е лага, дека ние сме биле „мешанци" со Словените. Пак, Русите се́ до 860 година не биле Словени, само Рецкари. А според Нестор (11-12 век), Русите потекнале од Илирија, која била на Балканот.

„Кога сме кај азиското потекло на Бугарите, постојат и други бројни сведоштва и цитати од разни автори и публикации, кои го потврдуваат истото. Ќе наведеме некои од нив.

Во најголемата Grolier мултимедијална општа ЦД енциколопедија (објавена во САД, 1995 година), под насловот *Бугари* пишува:

*Бугарите се турско племе, кои се населиле на Балканот од централна Азија во втората половина на 7. век. Тие ги потчиниле словенските племиња и го основале Првото бугарско царство во 681 година*".

Да се повтори,Словените до 5 век не биле познати,се појавиле дури во 6 век. Следи тие како небројни од побројните Бугари биле потчинети. И тоа се́ така и не завршило,туку понебројните потчинети Словени ги претопиле побројните Бугари?!

„Англискиот патеписец Вилијам Макмајкл во својот патепис од неговата посета во Бугарија во 1818 година (објавен во: *Англиските патеписци за Бугарија*, Софија, 1987) напишал:

*Старите Бугари се Татари, кои дошле во Бугарија во петтиот век од бреговите на Волга*.

Но, пред тоа, да одговориме на прашањето: од каде знаеме дека турко-монголските Бугари (вистински етнички Бугари) и припаѓале на жолтата раса ? Одговорот на ова прашање е многу едноставен. Прво, веќе наведовме сведоштва од бугарски и странски автори, според кои, турко-монголските Бугари биле роднини на Татаро-Монголите. Веќе го спомнавме цитатот од бугарскиот историчар Станчо Ваклинов, според кој: *Прабугарите претставувале една целина со монголските и манџурските племиња*, а така тврдат уште огромен број бугарски и светски историчари и истражувачи. Понатаму, овде се и антроплошките докази (преку гробните наоди и сл.), од кои исто така е потврдено дека Бугарите и припаѓале на жолтата раса. Врз основа на овие антрополошки и историски докази прилично точно се знае како изгледале турко-монголските (вистинските етнички) Бугари. Кон крајот на книгава, приложуваме илустрација со лик на Бугарин од 9 век, преземен од странска научна публикација, од која исто така се гледа припадноста на жолтата раса на Бугарите.

Секако дека подоцна, со текот на познатите историски процеси, Бугарите се издвоиле како засебен народ во однос на своите роднини Татаро-Монголи и токму како такви го дочекале создавањето на своите држави, кои веќе ги споменавме. Но,

нивните антрополошки црти си останале исти, како оние на нивните роднини Таtаро- Монголите.

Дека Бугарите и припаѓале на жолтата раса има уште еден силен аргумент. Имено, потомците на вистинските етнички (турко-монголски) Бугари и денес живеат на границата помеѓу Европа и Азија. Тоа се денешните Казански Татари и денешните Чуваши (кои исто така се Татари). Бидејќи тие и припаѓаат на жолтата раса, повеќе од јасно е дека такви биле и нивните етнички предци- Бугарите. Но, од каде доаѓа роднинската врска помеѓу денешните Казански Татари и Бугарите ? Во продолжение ќе објасниме некои работи, за кои досега воопшто не е пишувано во нашата историографија. Одиме по ред.

Веќе рековме дека по смртта на бугарскиот хан Кубрат (7 век), бугарската азиска држава била уништена од страна на Хазарите (кои исто така биле турско-јазичен народ, сроден на Бугарите).Потоа, рековме дека тројца синови на хан Кубрат, со дел од Бугарите, тргнале кон Европа. Но, останатите двајца синови на Кубрат (Батбајан и Котраг) со добар дел од турко-монголските Бугари си останале во својата татковина Азија или поточно кажано, некаде на границата помеѓу Европа и Азија, околу реката Волга (познато е дека границата меѓу Европа и Азија се менувала низ историјата).

Некаде кон крајот на 10 и почетокот на 11 век овие турко-монголски Бугари околу реката Волга создале нова држава, која исто така го добила името Бугарија. Во науката оваа држава е позната под името Камска или Волшка Бугарија, но нејзиното оригинално име си било- Бугарија ! Главен град на оваа држава бил големиот град Булгар, а припаниците на нејзиното население себеси се декларирале како- Бугари ! Тоа се директните крвни предци на денешните Казански Татари. Татарскиот историчар А. Х. Хликов, во својата книга *'Што сме ние: Бугари или Татари ?'* (објавена во Казан, главен град на Татарстан, 1992 година), мошне јасно ја опишува етничката врска помеѓу Бугарите и Татарите. Овој познат татарски историчар се смета за врвен експерт за етногенезата на денешните Татари. Во 1989 година тој ја објави и книгата: *Татарскиот народ и неговите предци*, во која исто така посочи на нераскинливите врски помеѓу Бугарите и Татарите.Во продолжение ќе се послужиме со податоци и цитати од неговата книга *Што сме ние: Бугари или Татари ?*, која на оригиналниот татарски (старобугарски) јазик гласи: *Кем без: Болгарлармi, Татарлармi ?*

Значи, рековме дека Бугарите во 10 и 11 век ја формирале (Волшка) Бугарија. Во врска со бугарското декларирање на Бугарите (предците на Казанските Татари) во (Волшка) Бугарија, на стр. 9 Халиков пишува:

*Во 11 и 12 век истакнатите претставници на волшките Бугари честопати си ја додавале етнонимската придавка 'ал-Булгари' кон своите имиња. Некои од нив се: историчарот Јакуб бин Ногман ал-Булгари, филозофот Хамид бин Идриз ал-Булгари, теологот Хужа Ахмет ал-Бугари и други.*

Оваа тенденција била забележана и во 13 век.

Интересно е дека во истото време кога постои оваа бугарска држава, територијата на денешна Бугарија егзистира т.н. Второ Бугарско Царство (за чиј етнички состав ќе пишуваме во продолжение), на чело со владетелите Петар и Асен. Меѓутоа, за мнозина учени од тоа време, токму Волшка Бугарија била вистинска Бугарија, а не царството на Петар и Асен. Имено, во мнозина документи од тие времиња,

Волшка Бугарија е означена како *Голема Бугарија*, додека т.н. Второ Бугарско царство на Петар и Асен е означено како *Мала Бугарија*".

Асен бил бог на Готите=Татарите=Бугарите: денес во Бугарија Асен е име.

„Така,на пример, католичкиот монах Плано Картини јасно запишал дека Волшка Бугарија е *Голема Бугарија*, а државата на Петар и Асен ја нарекува *Мала Бугарија*. Истото го направил Гијом де Рубрук (Халиков, стр. 9 и 10). Слична терминологија користел и венгерскиот монах Јулијан, кој запишал дека прво бил во *'Бугарија на Асан (Assan)'*, а подоцна бил и во *'Голема Бугарија'* на Волга. (Монахот Јулијан не е единствениот автор, кој името на овој владетел го пишува како *'Асан'*, т. е. *'Ассан'*, а не како *'Асен'*. Бидејќи во продолжение ќе видиме дека овој цар потекнувал од турското племе Кумани, поверојатно е дека неговото име и навистина било *Асан*, а не *Асен*). (Асен и Асан е едно исто- само со говорни разлики, Р.И.)

Халиков (цит. дело) наведува подолг список на средновековни географски карти во кои земјата на неговите предци јасно е означена како *'Бугарија'* или како *'Голема Бугарија'*.

Но, подоцна (Волшка) Бугарија пропаднала под налетот на Татаро-Монголите. По неколкуте битки помеѓу Бугарите и нивните далечни роднини Татаро-Монголите, оваа држава била потчината и била приклучена кон Златната Орда.

Во книгата '*Kazan. The Enchanted Capital*' (Flint River Press Ltd, London, 1995), посветена на историјата и културата на Татарстан, опишано е потчинувањето на (Волшка) Бугарија од страна на Татаро-Монголите. Овде читаме:

*Во 13 век Волшка Бугарија пострадала од агресијата на Монголите на чело со Бату-хан. Во 1236 Бугарија била завземена и анектирана кон Златната Орда. Златната Орда била најголемата средновековна држава во Евроазија, срце на богата цивилизација... Вистиските ремек-дела на средновековната татарска литература биле создадени овде.* (Бату-кан со бригиско датино у, а и турски руни, Р.И.)

Со текот на времето Бугарите од потчинетата (Волшка) Бугарија го прифатиле татарското етничко име, кое до денес им останало како име на нивната земја.

Но, денешните Татари во Татарстан се сосема свесни за своето бугарско етничко потекло.Веќе го спомнавме цитатот од Малаја Советскаја енциклопедија(том I, Москва, 1958), каде пишува дека наследниците на Камска (Волшка) Бугарија се токму денешните Татари и Чуваши.

Во големата мултимедијална ЦД Grolier енциклопедија (САД, 1995) пишува дека јазикот на денешните Татари потекнувал од бугарскиот јазик, што значи дека и овде се потврдува дека Татарите од Татарстан се ист народ со Бугарите. Во поглавјето *'Татари'*, овде читаме:

*Татарите од Татарстан зборуваат на кипчак турски јазик, кој потекнува од јазикот на Бугарите, кои живееле околу реката Волга, каде што се населиле во Средниот век.*

Од своја страна и бројни татарски историчари и публицисти денес со гордост пишуваат за своето бугарско етничко потекло. Дури некои од нив и отворено се залагаат за враќањето на бугарското етничко име на Татарите. Татарскиот издавач на книгата *Што сме ние: Бугари или Татари ?*, во уводниот дел на книгата,пишува:

*Во оваа книга преку научно-популарна форма... се разгледува прашањето за потеклото на татарскиот народ и се докажува неговата активна врска со населението од Волшка Бугарија.*

И понатаму:

*Денес живееме во време на потенцирано истакнување на националните чувства. Сведоштва за ова се: Декларацијата за сувереност на Татарстан, движењето за враќање на името Бугари на народот и на градовите, оживувањето на интересот за историјата и судбината на нашиот народ и така натаму. Во вакви услови, не само во татарската јавност и не само во нашата република Татарстан, туку и многу пошироко... сé уште се расправа околу прашањето: што се Бугарите, а што се Татарите. Од каде и кога се појавиле овие имиња и што значат тие ? Зошто името Татари останало во народот, чии припадници долго време себе си декларирале како Бугари...?*

И понатаму:

*Во заклучокот на оваа книга на читателот му се предлага самиот да оцени како треба да бидеме нарекувани: Бугари или Татари ?*"

Поимите Булгар, без л, како Слонце Сонце, Бугар, Татар и Монгол=мон гол, мон=човек (мина=луѓа) гол (без коса) биле само едно ромејски, никако монголски.

„Како што пишува издавачот, денес во Татарстан и навистина постои масовно народно движење (чии зачетоци се уште од 19 век), кое има за цел враќање на бугарското етничко име на Татарите. Името на ова движење е *Булгар ал-Џадид ('Нови Бугари')*, а на нивното знаме ги имаат бугарските национални бои- црвена и зелена. Впрочем и самото знаме на Татарстан ги има истите бои со денешното знаме на р. Бугарија (црвена, зелена и бела).

Инаку, уште на крајот од 14 век забелеажни се мнозина Татари, кои биле свесни за своето бугарско потекло и кои поради тоа, на своите имиња ја додавале наставката *'ал-Булгари'*. Некои од нив се Осман ал-Булгари, Булгари Салар, Јонуз ал-Булгар и други.Значи, оваа наставка егзистирала и во времето на татаро-монголската окупација на (Волшка) Бугарија, по која Бугарите го прифатиле татарското етничко име. (Османите биле Комнени, а Осман=ос ман: ос + ка =оска=коска, Р.И.)

Во врска со ова Халиков (стр. 12), пишува:

*Наставката 'ал-Булгари' ја носеле и мнозина учени во Булгар во периодот на Златната Орда. Некои од нив се: Хасан ибн Омар ал-Булгари и поетот Гали ал-Булгари.* (Бугар само од 7 век н.е. Бригите не го изговорале х- орда, Р.И.)

И Татарите од 15 век биле свесни за своите етнички врски со Бугарите. Во врска со ова Халиков пишува:

*Казанците* (Казанските Татари, з.м.) *во првата половина на 15 и на 16 век исто така претпочитале себе да се нарекуваат како Бугари. Казанскиот цар и поет Мухамед Емин сметал дека потекнува од Булгар, за што сведочи наставката на неговото име 'ал-Булгари'. Големиот казански поет од првата половина на 16 век Мухамедајар исто така честопати себеси се нарекувал: Махмуд огли Мухамедајар Булгари.*

Овој татарски поет во првата половина на 16 век ги повикал Татарите да се сетат за своето бугарско потекло. Во својата песна под наслов *Тухфај Мардан*, напишана во Казан во 1539-1540 година, татарскиот поет Мухамедајар, вели: *Ти Татарину, што не си го знаеш родот свој и племето свое.* (Халиков, 50).

Во 16 век популарната песна Казанските Татари била песната *Доаѓате ли од Булгар ?* (17), чии први стихови гласат:

*Вие зборувате Булгар-Билјар,*

*Вие, сигурно доаѓате од Булгар ?*

Во рускиот Никоновски летопис (напишан околу 1530 година), митрополитот Данило Рјазан, исто така пишува за генетската врска помеѓу Татарите од Казан и Бугарите. Подоцна и рускиот кнез Василиј Трети, откако ги ставил Татарите во Казан под свој протекторат, со го додал кон својата титула називот *'кнез бугарски'*.

И Татарите во 18 век биле свесни за своите роднински врски со Бугарите. Во овој век татарскиот мула Мурат за време на своите проповеди повикувал на враќање на бугарското име на Татарите. Исто така, многу видни татарски учени (филозофи и општествени дејци) од крајот на 18 век и почетокот на 19 век себеси се декларирале како Бугари и кон своите имиња си го додавале името *'Булгар'*. Некои од нив се: Утиз Имам Булгари, Ахметжан Булгари, Шамседин Булгари, Хисамудин Муслими ал-Булгари и други.

Дека бројни Татари и во 18 век биле свесни дека се ист народ со Бугарите, пишува и Халиков (стр. 19), кој вели:

*Во многу родословни таблици на татарските смејства од 18 век пишува де-ка нивните предци биле Бугари. Таква е на пример родословната таблица на бугар-скиот род Бараџ; потоа родословот на родот Тамта-Хатај, каде пишува дека 'потекнуваат од градот Булгар'; родословот на Ишман, кој исто така потекну-вал од Булгар и други.* (Името Волга е на Белци: волгар=болгар=булгар, Р.И.)

Кога сме кај 18 век, да го споменеме и деецот Батариш, кој упатил обраќање до Казанските Татари, во кое Татарите ги именувал како *'бугарски народ'*. (Халиков, стр. 57).

Потоа доаѓа 19 век. Тоа е времето на создавањето на татарскиот народ, а подоцна и нација. И во овој век истакнати татарски и странски (главно руски) дејци пишуваат дека Татарите се ист народ со Бугарите.

Познатиот татарски просветител и демократ Кајум Насери на крајот на 19 век напишал:

*Од книгите напишани пред 100 и 150 години јасно се гледа дека жителите во тоа време себеси сакале да се нарекуваат како Бугари и тоа го пренесувале од поколение на поколение.*

Халиков (цитирајќи го Насери) наведува имиња на Татари од тоа време, чии семејства потекнувале од градот Булгар. Тие биле сосема јасно свесни за своите роднински врски со Бугарите, па тоа и го истакнувале кога пишеле за своето потекло. Некои од нив се: *Хаџи- Али кој дошол од Булгар*, потоа *Бугаринот Арслан*, потоа *Мулагол, кој се преселил од Булгар* и други. И самиот татарски просветител Кајум Насери за себе запишал дека потекнува од: *Ширдан-Бугарија, т.е. дека е Бугарин.*

Со процесот на формирањето на татарскиот народ и на татарската нација во 18 и 19 век, уште повеќе се засилила свеста кај Татарите дека се ист народ со Бугарите. Во врска со ова Халиков (стр. 19) пишува:

*Во 18 и 19 век во услови на формирањето на татарскиот народ, а потоа и на татарската нација, во Средното Поволжје и во Приурал се засилуваат споменитe на Бугарите, на градот Булгар и на државата Бугарија, пред сѐ поради тоа што мнозинството од татарското население по својот редослед потекнува од Бугарите.*

И понатаму (стр. 57):

*Во овие услови муслиманското турско-јазични народи од Поволжјето и од Приуралот не сакале себеси да се нарекуваат Татари, туку Мухамедани или Бугари.* (Па името Бугари не означувал етнички народ, туку народ- Мухамедани, Р.И.)

И некои руски интелектуалци во 19 и 20 век пишувале дека Казанските Татари се ист народ со Бугарите. Во врска со ова, Халиков (стр. 60) пишува:

*Професорор на Казанскиот универзитет С. М. Шпилевски, потоа рускиот историчар Катанов и Худјаков, постојано во своите трудови докажуваат дека Татарите во Поволжјето и Приуралот не потекнуваат од Татарите од времето на монголските навлегувања, туку дека тие се Бугари и припадници на другите ме-сни народи.*

Во врска со заедничкиот етнички корен помеѓу Бугарите и Татарите, рускиот историчар Кепен (почеток на 19. век) пишува:

*Современите казански Татари... потекнуваат од Бугарите.*

Во почетокот на 20 век спомenатиот руски историчар М.Г.Худјаков пишува:

*Казанските Татари совршено чисто се свесни за своето бугарско потекло. Во старите татарски населби, Татарите ги сметаат Бугарите за свои предци.*

Сепак, иако мнозина Татари себеси се декларирале како Бугари тоа не било доволно да се врати нивното бугарско име, па како име на нивната нација останала етнонимот ‘Татари’ (кој рековме дека кај нив се појавил уште во 13 век). За ова придонеле неколку моменти.

Како прво, треба да се има предвид докажанато заедничко потекло на Бугарите и на Татаро-Монголите, кои ја окупирале Волшка Бугарија. Овој факт придонел Бугарија побргу да го примаат татарското име,т.е. името на нивните завојувачи, но и дамнешните роднини (името Татари се среќава уште во 3 век, а бројни припадници на Монголите, кои ја завојувале Волшка Бугарија себеси се декларирале како Татари, па затоа овде ги нарекуваме Татаро-Монголи).

Како второ, ваквата состојба ги натерала нивните вековни моќни соседи Русите сите турко-јазични народи во нивната држава да ги именуваат како ‘Татари’, што исто така имало свој одраз меѓу прифаќањето на татарско етничко име од страна на Волшките Бугари.

Во врска со ова Халиков (стр. 56) пишува:

*Во 18 век името ‘Татари’ практично било распространето на сите турко-јазични и нетурко-јазични странски народи во Руската империја.*

Како трето, во 19 век веќе се појавиле шовинисти, кои ја негирале етничката посебност на Казанските Татари, нарекувајќи ги нив ‘Турки’. Татарската буржоазија која веќе била формирана во овој век,остро се спротиставила на овие шовинисти. Татарските интелектуалци (иако со бугарско потекло), во одбрана на својата нација од турските шовинисти, го користеле татарското етничко име (кое тогаш, сепак, било прифатено од народот). На шовинистичките напади дека Татарите не се Татари, туку дека се Турки, познатиот татарски општествен деец Г. Ибрагимов (иако по потекло Бугарин), на почетокот на 20. век, запишал:

*Ние сме Татари.Нашиот јазик е татарски. Нашата литература е татарска. И сé што правиме е татарско.* (Халиков, стр. 59-60).

На тој начин, уште повеќе било зацврстено името Татари, посебно на почетокот на 20 век. Во 1917 година е формирана татарска автономија, која е наречена како Татарска република, па се чинело дека татарското име дефинитивно ќе остане

среде потомците на Волшките Бугари. Меѓутоа, тогаш (втора деценија на 20 век) било обновено старото татарско народно движење, кое го носи името *'Булгар ал-Џадид'*, чии членови барале враќање на бугарското име на казанските Татари и држава.

Еден од современите претставници на ова движење, секако дека е и овде цитираниот татарски историчар А. Х. Халиков. За денешната состојба околу експонирањето на етничката врска помеѓу Бугарите и Татарите, Халиков (стр. 22) пишува:

*Сеќавањето на бугарското име до денес живее меѓу народот. И денес низа татарски села го носат името Булгар или Болгар.*

Во продолжение Халиков наведува список на овие села.

На крајот од својата книга Халиков протестира против тоа што во Русија многу малку се пишувало за бугарското етничко потекло на Казанските Татари. Тој смета дека Татарите треба да се вратат кон своите бугарски етнички корени, па вели: *неопходно е да се вратат бугарските именувања и истите да ги заменат татарските.* (стр. 61).

Халиков бара спроведување на референдум меѓу Татарите за враќање на нивното бугарско етничко име и тоа (цитат): *не само на територијата на Татарската република, туку и насекаде каде што живеат Татарите* (стр. 62).

Да кажеме нешто и за татарскиот јазик. Веќе спомнавме дека овој јазик е најблизок до старобугарскиот јазик (штом видовме дека Казанските Татари се директни крвни потомци на Бугарите). Впрочем, веќе видовме цитат од американската Grolier енциклопедија каде јасно пишува дека јазикот на Татарите потекнува од јазикот на Бугарите. Овде ќе наведеме неколку реченици од современиот татарски јазик, за да видиме како отприлика изгледал старобугарскиот јазик, т.е. јазикот кој долго време бил официјален јазик во Првото Бугарско ханство на ханот Аспарух и на неговите наследници.

Овие реченици од татарски јазик ќе ги преземеме од книгата на А. Х. Халиков, која е пишувана двојазично (на руски и на татарски).

Повторно го наведуваме веќе споменатиот пасус од книгата на Халиков, кој гласи:

*Казанците во првата половина на 15 век и на 16 век исто така претпочитале себеси да се нарекуваат како Бугари. Казанскиот цар и поет Мухамед Емин сметал дека потекнува од Булгар, зашто сведочи наставката на неговото име 'ал-Булгари'.*

Истиот овој пасус на татарски јазик гласи:

*15 һам 16 гасъiрнъiн беренче ятръiсъi казанлъiларъi узлерен болгарлар дип йертуне шулай ук естен кутгеннер. Казан патшасъi һам шагъiйръ Мехамед Еминнен узен болгларларди дип хисаплавъi бик гъiйбретле-монъi анъiн 'ел Болгари' тeconхалусе раслъiй*". (Имало турски руни- на Белци, преселени низ цела Азија, Р.И.)

Во Бугарија монголски и коине биле службени- следел и тн.старословенски.

„Ете, токму вака отприлика изгледал и старобулгарскиот јазик, кој (заедно со грчкиот) бил официјален јазик во Бугарија, во времето кога свети Кирил и Методиј ја создавале првата азбука на *Словените*. Па, до колу јазикот на светите браќа бил *бугарски*, испаѓа дека тие пишувале на јазик сличен на јазикот на горенаведениот пасус. Секако дека е бесмислено и да се помисли такво нешто. Одиме понатаму".(А.Донски многу е сигурен тоа што тој пишува,ама дали е баш така ?!,Р.И.)

А.Донски истакна: „кога свети Кирил и Методиј ја создавале првата азбука на Словените“. Па ова не е вистина, што го потврдува Вита Константини. Таа не го употребува глаголот создава на нешто ново, туку склопува=составува на нешто што постоело. Кирил Солунски само го спровел она што го направиле Бригите во Египет, Птоломејците, ништо ново. Значи, Кирил Солунски од коине ги остранил семитските зборови и дошол до пелазгиски, тн.старословенски, јазик. Следи тој го направил само истото како што го направиле Птоломејци, од староегипетски до коптски јазик кој бил тн.словенски. Во него имало и тн.кирилични слова. Да не се изуми дека и руните имале мноштво тн.Кирилични слова. Токму руните биле во употреба кај Етрурците,кои го создале Рим, истото важи за Германите=Теутоните...

„Дека Татарите се ист народ со Бугарите сметаат и бројни поранешни и современи бугарски истиричари. Повторно ќе се послужиме со делови од горенаведениот труд на Сариса Папаос.

Бугарскиот историчар Чудомир Чериев во в. *Анти*, (бр. 33, 1993 г.) пишува дека Бугарите и Татарите се- еден народ ! Тој пишува:

*Наследници на волшките Бугари се казанските Татари и Чувашите во чии култура и уметност уште е жив споменот за старата Волшка Бугарија. Кон крајот на педесеттите години од 20 век чувашки културни дејци на чело со народниот поет Педро Хузангај, воспоставија тесни врски со своите бугарски браќа. Чувашите побараа помош од Софија поради нивната присилна русијазција.*

(Овде само по себе се наметнува прашањето: ако ние Македонците сме *Бугари*, зошто тогаш Чувашите и Татарите не дошле во Скопје за да побарат помош од нас, туку отишле кај своите *браќа* во Софија ?)

Гореспоменатиот бугарски автор Д. Димитров, во продолжение на својата претходно наведена статија исто така пишува дека Бугарите и Татарите се ист народ. Овде читаме:

*Татарите всушност не се ниту Татари... ниту Турки, туку тие се Бугари. Тоа го потврди и историчарот Генудин Ахмаров, чија што ‘Историја на Бугарите’ е објавена во 1909 година.*

Во бугарскиот весник *Анти* (06.12.1997), Бугаринот Гео Донев пишува:

*Мојата Бугарија... таа е само дел од мојата татковина. Втората моја та-тковина е Чувашија, а третата- Татарстан...*

Поради сите овие податоци, навистина испаѓаат смешни големобугарските хипотези дека ние Македонците сме имале некакви *бугарски етнички корени*, затоа што во тој случај би требало да бидеме браќа и со Татарите, т. е. со почитуваните Хисамудин Муслими ал-Булгари, Утиз Имам Булгари, Ахметжан Булгари, Шамседин Булгари, Булгаринот Арслан и другите како нив. Но, секако дека тоа не е можно поради антрополошките и расните разлики помеѓу нас и почитуваните Татари, кои се чисто потомци на вистинските етнички Бугари“.

Стои: раса, а ваква била монголската=хунската, со свои Татари=Булгари + л.

Татарите=Бугарите=Готите биле со монголска брада на јарец=Арес, војна...

**„1.4.7. Очигледните етногентски разлики помеѓу Македонците и Бугарите** (Авторот говори за раси, а во белата раса споменува поими на ист народ, Р.И.)

Сека откако видовме накратко како настанале македонската и бугарската нација, јасно се гледа дека помеѓу нив постојат големи етногенетски разлики. Да ги наведеме најважните:

**1.** Античките Македонци ја приложиле својата крв, култура, територија и национално име во македонската, но не и во бугарската нација, бидејќи тие никогаш не живееле на територијата на Бугарија.

**2.** Тракијците, како жители на Бугарија, го дале својот крвен и културен прилог во создавањето на бугарската, но не и на македонската нација (барем според тврдењето на бугарскиот проф. Д. Ангелов). Голем број тракиски топоними, хидроними, лични имиња и други зборови до денес останале зачувани во бугарската (но не и во македонската) култура (освен можеби многу ретки исклучоци). Ниту едно од десетина тракиски лични имиња, кои до денес се зачувани во Бугарија, не се среќава распространето меѓу денешните Македонци.

**3.** Бугарите (турко-монголските Бугари), како вистински признати крвни предци на денешната бугарска нација, никогаш масовно не се населила во Македонија и никогаш во историјата не дошло до масовно етничко (крвно) мешање на турко-монголските Бугари, ниту со *Македонските Словени*, ниту со античките Македонци, што значи дека турко-монголските Бугари целосно отпаѓаат од етногенезата на македонската нација.

Застапниците на бугарската пропаганда во врска со ова шпекулираат со податокот дека турко-монголскиот Бугарин Кубер(кој бил си на хан Кубрат),во 7. век, заедно со своето племе, се населил во Македонија и дека ние денешните Македонци наводно сме негови потомци (!?)

Во оваа мисла веќе цитираниот бугарски историчар проф. Димитар Ангелов тврди дека ние Македонците сме *потомци* на Куберовите Бугари, кои се населиле и засекогаш останале во Македонија. Така, на стр. 210 од спомената книга, тој пишува дека т. н. *Куберови Бугари*, по делумната победа на Јустинијан над нив, наводно засекогаш останале во Македонија. Овде читаме:

*Прабугарите на Кубер останале и понатаму во освоената од нив област, па дури и нанесле и тежок пораз на византиската војска додека таа се враќала од својот поход*".

Во Библијата Александар Македонски бил прч, затоашто тој според бабаси бил само Бриг: Јарец=Арес. Па таков бил кралот Пир (Епир), Георг Кастриотис, тн. Скендербег...Сите Бриги=Брзјаци биле без монголска брада на прч-со една шилка...

„Овој професор оди дотаму што дури си дозволува да тврди и дека денешните македонски народни носии од Прилепско и од Охридско добар дел биле со-азијатски мотиви (!?) Имено, Ангелов тврди дека нашите народни носии биле *слични* со носиите на денешните Чуваши (т.е. Татари), за кои рековме дека се етнички потомци на турко-монголските Бугари, кои останале да си живеат во својата татковина Азија. Еве што пишува тој на стр. 311 од спомenатата книга:

*Проучувањата на нашите и на светските етнографи, направени во последните години сведочат дека елементи од некогашниот прабугарски бит (носии, живеалишта, свадбени и семејни обичаи) можат да се сретнат кај таканаречено-то капатско население, кое живее во селата околу Разград, т.е. во областа каде што порано живееле Аспаруховата дружина. Овие проучувања се прават врз една широка основа со другите турко-јазични народи, а посебно со денешниот чувашки народ, кој е потомок на волшките Бугари... Очигледна сличност има помеѓу жен-ските носии на Чувашите со носии на селанките во околината на Охрид и Прилеп. Зарем оваа сличност е случајна, ако се има предвид*

*дека во тие краеви, на крајот на 7. век таму се населила прабугарската дружина на Кубер ? Освен во однос на носиите, востановени се сличности помеѓу населението во Македонија и Чуваши-те и во некои обичаи, поврзани со склучувањето на браковите*".

Белците, по разни поводи, се селеле во Централна Азија..., Јапонија итн. Таму однеле свои градежи, традиции и обичаи. Ваквите ги презеле Монголите. Исто така, Белци се селеле северно од реката Дунав и Црно Море- Херодот..., а и Европа.

„Значи бугарскиот историчар Ангелов директно и без двоумење тврди дека ние Македонците имаме слична култура со денешните- Чуваши (Татари), поради *фактот* што наводно ја носиме нивната, т.е. турко-монголска бугарска крв (!?).

Дека ваквото тврдење нема никаква основа ќе ги наведеме следниве факти:

Прво, за населувањето на Кубер и на неговите турко-монголски Бугари во Македонија постои само еден едиствен автетичен документ и во овој документ сосема јасно пишува дека Кубер и навистина дошол со своите Бугари во Македонија, но набргу потоа, доследни на својата номадска традиција, сите заедно **си заминале одовде !** Па, како е можно ние да бидеме потомци на таканаречените *Куберови Бугари*, кога ниту еден од нив не останал во Македонија по нивниот краткотраен престој овде ? Но, да останеме за ова да проговори споменатиот автетичен документ. Овој документ всушност претставува извадок од *Чудесата на свети Димитар Солунски* и е објавен и публикацијата *Македония. Сборник от документи и материали* (БАН, София, 1978, 39). Во документот пишува:

*И тој Кубер ја премина победоносно споменатата река Дунав со целиот споменат народ, кој беше со него, дојде во нашата земја и го завладеа Керамисиското Поле. Тие, откако се населија таму,* ***посакаа да се вратат во своите родни градови,*** *главно бидејќи си ја беа зачувале православната вера: едните во нашиот, чуван од маченикот- град Солун, други пак- во пресреќниот град и царица помеѓу градовите* (Цариград, з.м.), *а трети- во другите градови на Тракија* (подвлекувањата се мои, з.м.). (Се говори за Тракија, а само Солун бил македонски град, Р.И.)

Но некој можеби ќе забележи дека т. н. *Куберови Бугари* сепак заминале кон македонскиот град Солун и дека Македонците во Солунско се потомци на овие *Бугари !?* Дека ни ваквата претпоставка нема никаква основа, ќе објасниме во продолжение.

Најпрвин да појаснам зошто народот што го следел Кубер го нарекувам таканаречените *Куберови Бугари*. Одговорот е едноставен. Таканаречените *Куберови Бугари*- воопшто не биле чист етнички турко- монголски Бугари ! Тие биле мешавина од повеќе народи (меѓу кои, само дел биле етничките турко-монголски Бугари). Еве како се случило тоа. Ќе почнеме со предисторијата на доаѓањето на Кубер на Балканот.

По смртта на ханот Кубрат рековме дека двајца од неговите синови си останале во Азија, додека тројца тргнале кон Европа. Едниот од нив (Кубер), со одреден број турко-монголски Бугари, се населиле во Панонија. Во Панонија пак тогаш живееле Авари, *Словени* и балкански староседелци. Аварите, по неколку безуспешни опсади на Солун, се повлекле во Панонија, но со себе (како пленици) повлекле и извесен број староседелци од разни балкански територии.

Набргу на *Словените*, Аварите и насилно преселените балкански староседелци, од Азија им се придружиле и турко-монголските Бугари на Кубер. Така сите

заедно живееле во Панонија околу 20 години, а на нивно чело, од страна на аварскиот хан бил поставен Кубер.

Меѓутоа, *Словените* и балканските староседелци посакале да се вратат во Македонија, а со нивното барање се согласил Кубер. Така тој ги вратил сите тие народи од Панонија кон Македонија. Тоа се таканаречените *Куберови Бугари* (кои всушност во најголем дел биле составени од *Словени*, Авари, присилно преселени балкански староседелци и турко-монголски Бугари). Иако овој етнички конгломерат денес неправилно е наречен како *Куберови Бугари*, повеќе од јасно е дека вистинските Куберови турко-монголски Бугари претставувале само дел од оваа хетерогена етничка група.

Но овој податок како да не им одговара на бугарските историчари, па тие упорно тврдат дека сите овде споменати народи (*Словени*, Авари и балкански староседелци), кои во Панонија живееле заедно под раководство на Кубер, преку ноќ се престориле во *етнички Бугари* и како такви се вратиле во Македонија.

Најдалеку во ваквите тврдења се чини дека е отидено во книгата *Македония – история и политички съдби* (Софија, 1994,том I,во редакција на проф. П. Петров). Тоа што таму го пишува верувам дека ќе го насмее и најтврдител читател. На стр. 39 од оваа книга се вели:

*Во Панонија Куберовите Бугари почнале да се мешаат со погоре споменатото население во Сирмиум. За околу две десетлетија, од 660 до 680 година, тие до таков степен се измешале што целата таа група станала позната по името Куберови Бугари.*

Значи, за само неполни **две децении** од горенаведените народи во Панонија станал- еден народ (бугарски, се разбира) ! Па, ова е за во Гинисовата книга на рекорди !

Но, тоа и не би било сé што би можело да влезе во Гиносовата книга на рекорди. Според истата бугарска книга, Аварите, *Словените*, турко-монголските Бугари и балкански староседелци, откако за неполни две децении се *слеале* во еден бугарски народ- тие подоцна многу бргу повторно се *разлеале* и секој си се вратил кон сопствениот етникум (!?). Во продолжение на истата страница од оваа книга пишува:

*Кубер го повел целото тоа мноштво кон југ. Движењето на преселниците имало антиаварски карактер- тие биле незадоволни од власта на хаганот. Од своја страна, Аварите не сакале да се лишат од тоа потчинето население. Дошло и до вооужени судири. По неколку борби, Аварите биле победени и се откажале од нивното следење на пресениците.*

Значи, прво Аварите се *слеале* со турко-монголските Бугари и станале *еден народ*, а подоцна, кога турко-монголските Бугари и другите народи решиле да заминат на југ, Аварите повторно *се разлеале* од тој *еден народ*, па дури војувале против другите етникуми, кои останале *слеани*. Навистина смешно !

Дури и бугарскиот реномиран историчар проф. Васил Златарски направил сериозен гаф во врска со наводното создавање на т. н. *Куберови Бугари*. Имено, тој едноставно го *продолжил* рокот на создавањето на т. н. *Куберови Бугари*, па тврди дека *Словените*, Аварите, турко-монголските Бугари и балканските староседелци во Панонија станале еден (бугарски) народ, не за **две**, туку за- **шест** децении (!?) На стр. 206 проф. Златарски во својата веќе цитирана Историја..., пишува:

*Кубер не останал спокоен во новата татковина. Набргу по неговото доселување во Панонија, во аварската држава почнало едно силно раздвижување поме-ѓу потомците на многубројните ромејски граѓани, одведени во различни времиња како заробеници на Аварите. Според 'Чудесата на Свети Димитар Солунски', тие заробеници се измешале со Бугарите, со Аварите и со другите народи и од нивно-то поколение бил создаден безброен народ... Во таква состојба на работите поми-нале 60 и повеќе години и бил создаден нов народ... Аварскиот хаган, сметајќи го тоа население во својата држава како посебен народ, според обичаите, му назна-чил кнез. Тоа бил спомнатиот Бугарин Кубер. Кон почетокот на 670 година раз-движувањето меѓу ромејското население посебно се засилило и веќе почнале да се кројат планови за ослободување од аварската власт. Штом Кубер разбрал од некои свои блиски луѓе за желбата на населението да се врати во своите родни градови, решил да го искористи тоа во своја полза. Тој го кренал целото заробоено ромејско население, заедно со припадниците на другите племиња, со нивната поку-ќнина и оружје и востанал против хаганот... Кога хаганот дознал за тоа, почнал да ги брка, но откако претрпел неколку порази бил принуден да си ја повлече вој-ската.* (Ромејци, а не Византијци, Р.И.)

Е, сега да видиме како професор Златарски тврди оти турко-монголските Бугари, Аварите, *Словените* и староседелците- зробеници (*Ромеите*) во Панонија создале еден наводно *нов и посебен народ* (бугарски, се разбира). Меѓутоа, веќе во следните реченици тој се негира самиот себе и пишува дека во 670 година (значи, годината на заминувањето на овој народ од Панонија) *раздвижувањето меѓу ромејското население посебно се засилило...* Па, како е можно Ромејците првин да се *слеале* со турко-монголските Бугари, создавајќи еден *посебен народ*, за подоцна, пред да заминат од Панонија, повторно да се *одлеат* и пак да си останат Ромеи ?"

Истото што овде Александар Донски го пиши за мешањето на Ромејците домородци и преселени во Панонија, се однесува за денешните Бугари и Македонцитие биле само Ромејци. Следи да се говори за исти домородци/дојденци-еден народ.

„Но ова не се однесува само за заробениците Ромеи. Гледаме дека во продолжение од писанието проф. Златарски спомнува и *припадници на други племиња*, кои исто така посакале да избегаат на југ. Значи, испаѓа дека и тие првин биле *слеа-ни* со Куберовите турко-монголски Бугари во *еден народ*, а подоцна самостојно се *одлеале* од нив (!?)"

Значи. античките домородци не изчезнале.Тие останале етнички домородци.

„Конечно, овде се и Аварите. Проф. Златарски и за нив пишува дека се *слеале* со Куберовите турко-монголски Бугари, а потоцна, во истиот текст, пишува дека Аварите ги бркале т. н. Куберви Бугари и дека војувале со нив. Значи, и Аварите во книгата на Златарски ги снашла истата *сливна-одливна* судбина, како и другите спомнати етникуми". (А.Донски пиши, В.З. направил гаф- Донски бил гафист, Р.И.)

Бракови се склучувале само во расата и верата.Аварите и Бугарите биле Монголи со исто верување.Пак, Белците=Белци повеќебожци- подоцна христијани, само еден народ. Тие биле со еден ист јазик: варварски=пелазгиски=тн.словенски.

„Понатаму, проф. Златарски направил уште еден сериозен гаф.Имено тој пишува дека процесот на наводното *создавање* на т. н. *Куберови Бугари* во Панонија траел- *шеесет и повеќе години* (!?). Дека ова тврдење нема никаква основа, доволно е да се погледне во истата книга на истиот проф. Златарски, каде што тој неколку-

пати повторува дека Кубер заминал од својата татковина Азија и дошол во Панонија, дури неколку години по смртта на својот татко ханот Кубрат ! Во истата книга пишува и дека смртта на ханот Кубрат била околу 642 година (иако повеќето бугарски историчари сметаат дека Кубрат умрел во 650 година. Значи, Кубер дошол во Панонија околу 650 година (па можеби дури и подоцна), а веќе во 670 година се иселил оттаму. Од ова може лесно да се пресмета дека престојот на Кубер во Панонија траел од 650 до 670, а тоа се дваесет (а не шеесет) години !

Впрочем, колку и да биле години, гледаме дека воопшто не дошло до никакво *слевање* на тамошните етникуми во еден бугарски народ, туку дека по доаѓањето во Македонија, заедницата на т. н. *Куберови Бугари* етнички се растурила и секој етникум си тргнал по својот пат.

Да заклучиме,Бугарските историчари упорно тврдат дека *Куберовите Бугари* биле еден етникум, иако истовремено самите тие(а и здравата логика)го негираат тоа.Најправилно би било да се каже дека т.н. *Куберови Бугари* всушност само биле една заедница,еден конгломерат од различни етникуми.Нивното ослободување од Аварската држава и нивното доаѓање во Македонија ги натерало да се здружат и со заеднички сили да го направат тоа.Меѓутоа,откако ја постигнале целта, т.е. откако пристигнале воМакедонија,тие се растуриле и секој си заминал по својот пат

Сега да проследиме што се случило понатаму со оваа заедница на таканаречените *Куберови Бугари* (од кои дека Аварите отпаднале уште од нивното излегување од Панонија). Откако дошле во Македонија, тие се населиле во *Керамискoто Поле.* На кој дел од Македонија се однесува овој поим, тешко е да се утврди. Бугарската историографија тврди дека тоа било Битолско Поле, иако не нуди какви докази дека тоа и навистина било токму ова поле.[11] Тенденцијата е очигледна. Колку подлабоко имало турко-монголски Бугари во Македонија- толку подобро за потребите на бугарската пропаганда. Сепак, некои сериозни истражувачи тврдат дека Керамисиското Поле се однесува на околината на Штип (околу Баргала), бидејќи таму се најдени неколку пишани знаци од турко-монголските Бугари. Ова значи, дека турко-монголските Бугари на Кубер престојувале само во мал дел од Македонија, а не дека масовно ја населиле целата наша земја !(Без словенско од 6 век,Р.И.)

Секако дека ни тоа што оставиле пишани знаци во времето на својот краткотраен престој околу Баргала[12] воопшто не значи оти ние денес сме нивни наводни потомци. (Овде ќе направам мало вметнување да се потпишуваат на гробот на легендарниот поп-пејач и поет Џим Морисон, кој се наоѓа во гробиштата Пјер-Лашез во Парис. Како деветнаесетгодишник, во 1980 година и самиот бев да го посетам тој гроб, каде што се потпишав, не само јас, туку ги потпишав и имињата на бројни мои пријателки и пријатели од Штип, кои ме замолија да го сторам тоа.[13] Но зошто го спомнувам ова ? Иако гробот на Џим Морисон секоја година го варосуваат, да претпоставиме дека нашите имиња би останале таму во наредните векови. Па зарем според имиња некој во иднина ќе тврди дека Французите имаат *македонска крв*-штом во Парис се најдени натписи на македонски ? Се надевам дека ова вметнување е целисходно во дообјаснувањето на темава), (А.Донски е преслободен, Р.И.)

---

[11] Редоследот е Дунав, па Керамисиското Поле, каде се населија. Следи Солун, правецот е север-југ.

[12] А.Донски пиши, Бугарите оставиле свои пишани знаци.Меѓутоа, неговите Словени ништо немале.

[13] Тој и Штипјани да се потпишат на гробот на мајката на Херберт фон Карајан, таа била Штипјанка.

Во врска со областа во која биле населени т.н. *Куберови Бугари*, проф. Златарски повторно направил гаф. Имено, како и мнозина бугарски историчари, и тој (на стр. 207 од својата книга) тврди дека тие се населиле во Керамисиското Поле, за кое тврди дека било *Битолското Поле*. Меѓутоа, во продолжение на истата книга (стр. 221) самиот го негира ваквото свое тврдење, т.е. повторно се негира себеси. Цитирајќи го хроничарот Константин Багренородни, проф. Златарски на оваа страница заклучува дека *Куберовите Бугари* живееле во областа *Стримон* (!?), а тоа е неколку стотици километри подалеку од Битолско Поле. (Таа била во Тракија, Р.И.)

Веднаш штом дошле во Македонија т.н. *Куберовите Бугари* сакале да го нападнат Солун, но планот им бил осуетен, по што морале да заминат од нашата земја. (Солун бил центар на Илирикум- Битолско Поле е западно од Солун, Р.И.)

Дека тие воопшто не се измешале со македонското население за време на нивниот краток престој во Македонија сведочи и византискиот летописец Теофан, кој во описите на непријателствата помеѓу т.н. *Куберови Бугари* и Византија, секаде *Бугарите* одделно ги спомнува од Словените (како што во тогашните извори биле нарекувани нашите предци). Така, на пример, тој пишува: (Само **Склавини**, Р.И.)

*Јустинијан го прекршил склучениот мир со Бугарите... и им заповедал на св-оите одреди од коњицата да преминат во Тракија и да ги поразат Бугарите и Ск-лавините... Потоа се упатил против Склавините и Бугарија, ги поразил Бугарите, кои го пресретнале и стигнал дури до Солун.* (Не Словени, Бугари во Тракија, Р.И.)

Дури и ако прифатиме дека терминот *Бугарија* овде се однесува за т.н. *Куберови Бугари*, очигледно е дека тие овде различно се спомнати од *Словените*, што значи дека штом дури и по 18 години од нивното доаѓање во Македонија тие одделно се споменуваат, тоа значи дека воопшто не дошло до никакво нивно *претопување* со македонското население“. (Не стапувале во брак повеќе раси, Р.И.)

Во тоа време немало крвна група АВ на мешанци- на Белци А и Монголи В.

„Малкуте податоци за натамошната судбина на т.н. *Куберови Бугари* неминовно сведочат за нивно заминување од Македонија. Веќе рековме дека т.н. *Куберови Бугари*, како заедница од повеќе етникуми, се распаднала по нивното доаѓање во Македонија. Откако претходно го напуштиле Аварите, по доаѓањето во нашата земја, Кубера го напуштиле и балканските староседелци, кои се вратиле кај своите роднини, од кои биле одделени пред 20 години. Еве што пишува во врска со ова во веќе спомнатата книга од редакторот П. Петров на с. 40:

*Кога ги средиле односите со Византија, мнозина од Куберовите Бугари поч-нале да се населуваат во Солун.* ***Тоа биле претежно оние што сé уште имале ро-днини во овдешните места.*** *Отпрвин властите во Солун ги примале со задовол-ство, бидејќи мислеле дека на тој начин ќе го ослабнат влијанието на Кубер, но набргу почнале да стравуваат од најголемиот број преселници и почнале да ги то-варат во бродовите и да ги испраќаат во Цариград* (подвлекувањата се мои, з.м.). (Значи, Склавините, кои биле до Солун, си се вратиле „во овдешните места“, Р.И.)

И овој цитат претставува децидна негација на претходниот цитат од истата книга, според кој, балканските староседелци, *Словените*, Аварите и турко-монголските Бугари на Кубер за само 20 години станале еден бугарски народ. Не само што Аварите се одделиле од тој непостоен единствен народ, и тоа уште пред доаѓањето

во Македонија, туку гледаме дека и балканските староседелци го напуштиле тој наводен заеднички народ, веднаш штом си се вратиле во татковината.

Со бродови биле товарени и преселувани кон Цариград не само Словените и балканските староседелци, туку и етничките Куберови турко-монголски Бугари. Ова преселување се случило како одмазда од Византија, по нивниот неуспешен обид Солун. Планот за напад на Солун бил подготвен од Куберовиот близок соработник Бугаринот Мавар. Во истата претходно цитирана книга на стр. 41 пишува:

*По извесно време во Солун пристигнала императорска заповед до стратегот Сисиниј: Мавар и сите бегалци да бидат натоварени на бродови и да бидат испратени во Цариград. Таму Мавар се јавил пред императорот и... бил испратен како управник во тракиските области.*(Значи, Куберовите Бугари во Тракија, Р.И.)

Значи, еве уште една потврда за иселувањето на Куберовите турко-монголски Бугари од Македонија.

За фактот дека во заедницата на т.н. *Куберови Бугари* турко-монголските Бугари биле јасно издвоени од другите етникуми (а не дека се слеале во еден народ) сведочи и самиот Бугарин Мавар, кој во еден од своите печати себеси се нарекувал *Патрициј и архонт на Сермисјаните и Бугарите.* Поимот *Сермисјани*, според бугарските историчари, се однесува на повратниците од Сирмиум, кои заедно со Куберовите турко-монголски Бугари се вратиле во своите родни краеви. Значи, и самиот Мавар одделно ги споменува Бугарите и Сермисјаните (балканските староседелци), а бугарската историографија тврди дека тие станале еден бугарски народ и тоа во рок од само 20 години (!?). Навистина коментар не е потребен.

Сепак како краен и дефинитивен доказ за населувањето на т.н. *Куберови Бугари* од Македонија, ќе го наведеме цитатот од истата бугарска книга (под редакција на проф. П. Петров), каде што на стр. 42 пишува:

*За Куберовите Бугари, означени како Скити, пишува дури и во изворите од средината на 10. век, кога тие биле населени во Епир, каде што постепено се претопиле во тамошното население.*

Значи, еве повторно контрадикции меѓу бугарските историчари. Ангелов ја почуствувал празнината на бугарската историграфија во врска се непостојниот заеднички етнички корен на Македонците и Бугарите, па сака таа празнина да ја пополни со т.н. *Куброви Бугари*,за кои тврдоглаво тврди дека останале во Македонија. За разлика од него, другите бугарски историчари и древните документи од тоа време тврдат дека последните т.н. *Куберови Бугари* заминале од Македонија и нивниот крај бил во Епир.

Кон ова да го кажеме и тоа дека, според некои податоци, таканаречените *Ку-берови Бугари* што накратко престојувале околу Штип, биле само околу десет илја-ди на број (вклучувајќи ги во овој број и неколкуте илјади пленици, кои по присти-гнувањето во Македонија го напуштиле Кубер), а во тое време вкупното население во Македонија се проценува дека било повеќе стотици илјади. Ова значи дека Куб-ровите Бугари дури и навистина да се претопиле во тогашното македонско населе-ние, поради нивната малубројност, не би можеле да дадат никаков значаен прилог во етногенезата на македонската нација. (Бугарите и Македонците се Белци, Р.И.)

Дури и бугарскиот историчар проф. Ангелов, иако упорно тврди дека т.н. *Куберови Бугари* трајно останале во Македонија, не можел да го сокрие фактот дека

тие биле малубројни и дека во почетокот на 8 век тие се споменуваат за последен пат во хрониката од тоа време. На стр. 237 од неговата цитирана книга, Ангелов пишува: (Македонците со помал удел крвната група В во однос на Бугарија, Р.И.)

*Известувањето на Никофор за случувањата од 718 година претставува по-следно спомнување на доселените во Македонија Куберови Прабугари. Во визан-тиските извори други податоци за нив веќе не се среќаваат, па би требало да се претпостави дека во текот на 8 век, тие постепено се слеале со соседните сло-венски племиња и дека наполно се изгубиле. Овој брз асимилационен процес се до-лжи на фактот дека, во споредба со словенската маса, тие претставувале едно незнатно малцинство, кое не можело да си ја зачува етничката самобитност*".

Бидејќи во Македонија од 8 век немало Монголи, во Епир такви не дошле[14].

„Чудно е што проф. Ангелов *претпоставува* дека т.н. Куберови Бугари останале во Македонија и се слеале во македонското население. Ако сакал да ја дознае судбината на овие Бугари, доволно му било да погледне во споменатиот документ од *Чудата на Свети Димитрија* (но и во други бугарски извори), во кои јасно пишува за заминувањето на овие номади од Македонија (по краток престој овде).

А сега, да го разгледаме и тврдењето на бугарскиот историчар проф. Ангелов за наводната сличност помеѓу денешните македонски народни носии и чувашките (татарските). Иако рековме дека турко-монголските Бугари се отселиле од Македонија, можеби некој сепак ќе поверува во тврдењето на Ангелов, според логиката дека турко-монголските Бугари во Македонија краткотрајно имале и тие, сепак, *оставиле* свој културен белег во македонската култура (конкретно во носиите)".

Прилеп-Битола-Охрид биле бригиски. Вакви традиции имаат Бригите во Пакистан (куќи, носии, обичаи, музика...), ништо заедничко со соседите, кои биле Монголи. Следи отпаѓа, дека во Бригија имало татарско.Пак, Татарија била бригиска...

„За да ги разбијам ваквите евентуални сомнежи, повторно ќе се послужам со цитат од бугарски книги, но и со здрава логика. Најнапред ќе кажам дека со ваквото свое тврдење проф. Ангелов едноставно се ставил во смешна позиција ! Имено, не се сомневам дека тој ги има прочитано старите документи од периодот на доаѓањето на Куберовите турко-монголски Бугари на Балканот, па според тоа, тој веројатно знае дека тие отпрвин немале речиси никаква народна носија ! Барем не во смисла на орнаментирана и дизајнирана носија. Куберовите Бугари биле облечени во едноставни кожи и кога дошле од Азија на Балканот толку се воодушевиле од облеката (носиите) на Аварите што наполно ги отфрлиле своите стари облеки (носии) и ги замениле со аварските. За овој настан постои древен документ цитиран во *Христоматия по история на България* (стр. 93), каде што е објавено сведоштвото на непознат византиски автор, во кое пишува:

*На Бугарите им се допаднала носијата на Аварите, поради што тие ги замениле своите облеки со аварските и до денес одат така облечени*".

Се говори за бригиски=брзјачки носии, не за монголски на Авари, Бугари...

„Со ова сведоштво хипотезата на Ангелов се распрснува како меур од сапуница. Турко-монголските Бугари кога дошле во Македонија биле облечени во аварски облеки (кои претходно во Панонија ги примиле од турското племе Авари), а не во бугарски. Какви биле бугарските првобитни облеки, штом дури и од аварски-

---

[14] Во Епир дошле во 11 век. Ама тие биле само од Кавказ, а преку Јужна Италија сé до во Епир.

те се водушевиле- можеме само да со замислиме. Во истото време нивните браќа турко-монголски Бугари, кои си останале во Азија, си продолжиле да си ги негуваат своите носии во зависност од тамошните влијанија на разните култури, со кои доаѓале во контакт. Ова значи дека практично турко-монголските бугарски носии во Македонија- немало ! Па од каде тогаш наводните *сличности* помеѓу денешните македонски и чувашки носии ? Белким Ангелов не мислел дека Македонците телепатски комунуцирале со Чувашите и со Татарите за да создадат *сличности* во своите народни носии !? Конечно, случајни сличности (по некој фрагмент, орнамент и сл.) верувам дека можат да се пронајдат и помеѓу македонските и јапонските народни носии,[15] па тоа значи ли дека Македонците имаат јапонско етничко потекло ?

За на крајот од приказната за *Куберовите Бугари*, го оставил најсилниот доказ дека овие турко-монголски Бугари воопшто не се измешале со Македонците за време на нивниот краткотраен престој во Македонија. Овој доказ се однесува на антрополошките карактеристики на денешните Македонци. Едноставно, Куберовите турко-монголски Бугари и припаѓале на жолтата раса, та ако тие се измешале со Македонците околу Штип, Прилеп или Битола, денешните староседелци штипјани, прилепчани и битолчани би имале антрополошки карактеристики на луѓе од жолтата раса. Но, тоа секако дека не е така. Од сликата со ликот на вистинскиот етнички (турко-монголски) Бугарин, дадена на крајот на оваа книга, јасно се гледа дека ниту еден денешен Македонец не личи на него (според антрополошките карактеристики). Оттаму, вистинска бесмислица е да се тврди дека ние Македонците потекнуваме од луѓе како господинот од споменаата илустрација, т.е. дека потекнуваме од Куберовите турко-монголски Бугари (со целата почит кон нив и кон нивната култура)“. (Белци=Белци, Монголи=Монголи, Мешанци=Мешанци, Р.И.)

За да се докаже како изгледа дворасен мелез, се денешните Арнаути. Во нив има лица со од најмал удел на Монгол, сé до потполен Монгол- а без закосени очи.

„Продолжуваме со набројувањето на етногенетските и културните разлики помеѓу Македонците и Бугарите.

**4.** Во македонскиот фолклор не постои **ниту една** народна творба посветена на кој и да било бугарски хан, цар или каков било друг турко-монголски бугарски болјар, кавхан и слично.

Овде само по себе се наметнува прашањето до мнозинството денешни бугарски историчари и публицисти: Зошто не постои ниту една македонска народа творба во која Македонците се повикуваат на традиција на Бугарството паганство ханство (царство) на чело со турко-монголски бугарски ханови: Кардан, Цок, Диценг, Телец, Телериг,Умор, Токту, Паган, Омуртаг,Винех,Кубрат,Аспарух и другите ? И не само тоа. Во македонскиот фолклор не постои ниту една народна творба посветена и на средновековните бугарски владтели: Асан, Петар, Шишмановци и други, па дури не постои ниту една македонска народна творба посветена за бугарските цареви и од т.н. *Трето бугарско царство* (Александар Батенберг, Фердинант, Борис) во која сите овие цареви би биле спомнати како *наши* цареви. Некои бугарски цареви сепак се застапени во некои македонски песни, но не како *наши* (македонски) предци. Така, на пример, постои народна песна во која бугарскиот и српскиот *цар* сакаат да ја освојат Македонија:

*Два орла се бијат*

[15] Бригите стигнале во Централна Азија-бригиска кратка јакна, дативно у на имињата, и во Јапонија.

*горе на небото.*
*Две ми реки течат*
*долу ба земјата.*
*Два цара се бијат*
*за Македонија.*

И додека во македонскиот фолклор не постои ниту една народна творба посветена на бугарските владетели (во која тие да се опишани како *наши*), постојат бројни македонски народни творби посветени на претходните античко-македонски цареви, во кои тие се опишани како историски владетели на денешните Македонци. Добро знаеме дека фолклорот на секој народ има длабоки корени во етничкото минато на тој народ, па во тој контекс треба да се гледа и на овде изнесените факти.

За чуството на брилијантно детерминирање на вистинските македонски предци и цареви од страна на македонскиот народен пејач, ќе посочиме уште подрастичен пример. Имено, како македонски цар бил опеан дури и царот Самуил (а за легендите од неговото време и да не зборуваме). Во врска со ова ќе презентираме една македонска народна песна (настаната околу илинденскиот период, а преземена од книгата на Душко Хр. Константинов: *Тука е Македонија*, Скопје, 1969). Во оваа песна народниот пејач се повикал на традицијата на Самуиловото Царство:

*,,Нека разбере цела Европа,*
*па ако сака и сам султанот:*
*Тука живеат сé Македонци,*
*на Самуила славни потомци...*
*И ново царство ќе основаме*
*над таа клета тиранија.*

Гледаме дека во свеста на македонскиот народен пејач од илинденскиот период, сосема јасно Самуил бил сметан како македонски цар, а Македонците за негови потомци. Поради ова, до бугарските историчари и публицисти се наметнува уште едно прашање: Ако царот Самуил бил *бугарски цар*, како можело да се случи, од сите тогашни бугарски цареви, **единствено тој** да биде опеан од македонскиот народен пејач ? Зошто не постои ниту една македонска народна творба за неговиот (според бугарската историографија) *претходник*- турко-монголски бугарски цар Петар (кој исто така и припаѓал на жолтата раса, затоа што бил директен крвен потомок на хан Пресијан) или за неговите народни *наследници*- средновековните цареви на територијата на Бугарија: Асан, Петар, Калојан, Шишмановци и другите, во кои тие биле опеани како *наши* (македонски) предци ? Ако турко-монголските Бугари го претставуваат наводниот *етнички корен* на денешната македонска нација, тогаш зошто не постои ниту една македонска народна творба посветена за кого и да било од нив ? (Асан=Асен: во Бугарија има име-презиме Асен, но не Асан, Р.И.)

Етногенетските и културните разлики помеѓу Македоне и Бугарите свој одраз нашле и во другите области од фоклорот (очигледните разлики помеѓу народните носии, песните, ритмите на ората и танците и сл.).

Овде ќе наведам уште еден пример во врска со безуспешните обиди на бугарската историографија да го *пронајде* наводно заедничкиот корен на Бугарите и Македонците.Се работи повторно за бугарскиот проф.Ангелов кој тврди дека некои верувања на турко-монголските Бугари останале денес меѓу Македонците. Притоа проф.Ангелов наведува само три вакви верувања.Како прво тој го наведува *култот*

*на почитување на волкот*, но во нашите народни приказни волкот е прикажан како глупаво животно. Потоа проф. Ангелов го наведува и бугарското верување во *свештени дрвја*, но вакво верување не постои меѓу Македонците. На крајот проф. Ангелов го наведува и *верувањето во џинови*, кое не е бугарско, туку интернационален мотив. (Белците дошле до Виетнам- зурла и Јапонија- крвна група А 40%, Р.И.)

Да го кажеме и тоа дека е факт оти постојат помал број македонски народни песни во кои се спомнуваат одреден бугарски детерминирања (Бугарка, Стара Планина, Балкан Планина и сл.). Но, да се тврди дека поради тоа Македонците се Бугари, навистина е смешно. Еве зошто.

Како прво, постојат македонски фоклорни творби во кои се опеани и низа српски поими (Стојна Србинка, Белград, Шумадија, Ѓаковица, Сава, Дунав, Дечански Манастир, Качаник, Косово Поле, и други). Па, зарем Македонците се Срби ?

Понатаму, постојат македонски фолклорни творби во кои се опеани низа турски и азиски географски поими (Азија, Турска, Стамбол, Едикуле, Анадолија, бројни паши, султани, аги, бегови и друго). Па, зарем Македонците се Турци ?

Постојат македонски фолклорни творби во кои се опеани и албански поими (Валона,Корча,Корчанско Поле,Арбанешка земја,Арбанешко Поле,Арнаутска земја, Скендер-бег и други),Па,зарем Македонците се Албанци ?(Сé македонско,Р.И.)

Постојат македонски фолклорни творби во кои се опеани и други странски поими (Темишвар, Влашко, Грцка земја, Татарлак, Тројан град, Дукадинска земја, Арапинска земја, Босна, Сараево, Будим, Немачка земја, Крал Латино и други).

Па, зарем Македонците се Власи, Грци, Романци, Татари, Арапи, Босанци, Унгарци, Германци, Латини и што ли не, само затоа што постојат македонски народни творби во кои се спомнати поими од тие земји ?

Сепак, во македонските народни творби најбројни се македонските детерминирања, а странски поими, поради едни или други причини, се среќаваат не само во македонските, туку и во фолклорните творби на сите народи на светот.

**5.** Да ги спомнеме и личните имиња. Во врска со нив, Виктор Григорович, уште во далечната 1845 година, напишал дека во Македонија насекаде се слуша само името Александар и дека споменот за Александар Македонски е најприсутен во свеста на Македонците ? Зошто тој не напишал, на пример, дека најприсутни имиња меѓу Македонците биле некои од бугарските имиња ? Ајде да ги погледнеме вистинските (турко-монголски) бугарски лични имиња. Некои од нив се Кубер, Омур-таг, Токту, Паган, Цок, Телец, Батбајан, Котраг, Тервел, Кардам, Бутаил, Ермиар, Есхач, Имник, Иртихитун, Исбул, Ицвоклиј, Окорсис, Онегавон, Осхун, Сондокс, Сумсувул, Хунол, Чакарар, Чепа и други (упатувам благодарност на Сариса Параос за испраќањето на дел од овие имиња). Кое од овие имиња ги има меѓу денешните Македонци ? За разлика (без разлика на потеклото на овие имиња, кое впрочем со сигурност и не може секогаш да се докаже), до денес се останати среде Македо-ците. Некои од овие имиња се: Александар, Филип, Ѓорѓија, Македон. Момо, Лика, Стамен, Филота, Македон, Ордан и други.

Или, зошто за турко-монголските бугарски ханови и за средновековните бугарски цареви не постои каков било спомен во свеста кај Македонците дека тие се *наши предци ?* Да се потсетиме дека овие ханови и цареви живееле во времето кога биле поминати над илјада години од смртта на Александар Македонски, а за нив нема никаков податок во историското помнење на Македонците.

Секако дека во Македонија (иако поретко) главно од втората половина на 19. век почнуваат да се среќаваат и бугарските имиња Аспарух и Крум, но тоа може да се разбере само како облесок на бугарските влијанија и владеење во Македонија, исто како што се сраќаваат и не помалку српски имиња и презимиња; па *југословенски* (Југослав) и така натаму. (Има монголски, без српски, бугарски, Р.И.)

Во Македонија (како впрочем и речиси во сите земји) денеска се среќаваат и други странски имиња, како, на пример: руси и советски (Сталин, Сталинка, Игор и други), француски (Лујза, Жан, Жанета), англо-саксонски, германски и други. Тоа е сосема нормално во светов на постојани и секаков вид комуникации меѓу народите. (Јован=Јоан=Јан; Јанет=јан ет, ит, бригиско; Јанета=ј Анета итн., Р.И.)

Единствено бугарско име што останало широко прифатено, но не само во Македонија, туку и подалеку од Европа, е името *Борис*. Ова име денес се среќава и во Германија, Словенија, Србија, Хрватска, Русија и други далечни земји. Меѓутоа, историчарот Сариса Параос (в. *Народна волја*, Благоевград, април 1997 г.) пишува дека хан Борис (кој во 864 година станал кнез) всушност не се викал Борис, дека вистинското име му било *Габор* или *Габорис*.[16] Како доказ за ова Параос го наведува пишувањето на византискиот писател Псевдо-Симеон (10 век), кој овој бугарски хан, го нарекува *Габор* (*Гръцки извори за българската история*, т. V. с. 174). Кај Мауро Орбини (*Славјанско царство*, Софија, 1983, стр. 53) хан (кнез) Борис е наречен- *Бусар*. (Борис=бори с не е бугарско име, туку само тн.словенско, Р.И.)

Сепак, во оваа книга ќе го користиме името *Борис*, со резерва за натамошните откритија и сознанија во врска со неговото вистинско име.(И со Борис збрки,РИ)

**6.** Да кажеме нешто и околу разликите во симболите (хералдиката). Да го спомнеме фактот дека првите бугарски симболи биле коњска опашка (која се веела, закачена на копје наместо знаме) и глава на вол (која била симбол на првиот бугарски грб). Ниту за овие симболи не постои некаква историска свест кај денешните Македонци. Овие симболи им се туѓи на Македонците. Инаку, за остранување на коњската опашка, која со векови се веела наместо знаме кај Бугарите и тоа откако го примил христијанството“. (Зевс бил Бик, а Посејдон=Патодавател Пастув, Р.И.)

Александар Донски говори за монголски традици. Бидејќи Монголите биле само ловци и рибари, со првобитната крвна група 0, крвната група B е некаде околу 3.500 г.п.н.е., симболот вол бил на Белците. Па поради говедо и свиња се создала и крвна група A, како вегетеријанска, многу постара од 15.000 г.п.н.е., од Левантот.

„Доказ за ова е писмото што овој кнез го испратил до папата Николај Први, откако претходно го примил христијанството околу 866 година. Во ова писмо кнезот Борис му поставил на Папата Никоја Први повеќе прашања во врска со почетоците на воведувањето на христијанството во Бугарија. Помеѓу другото, кнезот Борис го прашува папата што треба да направи со коњската опашка како древен симбол на Бугарите и дали истата и натаму треба да се користи неместо знаме и по христијанизацијата на дел од Бугарија. Папата, веќе на 13.11.866 година го испраќа својот одговор до царот Борис. Во одговорот на 33-то прашање, папата пишува:

*Вие велите дека кога сте влегувале во борба, досега обично сте носеле коњска опашка како воено знаме и сакате да знаете што треба да носите наместо неа...* (ЛИБИ, т. 2, стр. 87). (Пак, не се наведува волот, тој бил само на Белци, Р.И.)

[16] Габор=габор, Габорис=габ борис=бори с... се ромејски имиња, а ромејски народен јазик бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик, а службен коине. Па вакви разлики се меѓу мене и него.

За коњската опашка како за прв симбол на Бугарите пишува и К. Иричек (*Историа на блгарите*, 1929, стр. 90). Во врска со ова Иричек пишува дека на Бугарите (цитат): *'...наместо знаме им служела коњска опашка, подобно на турскиот бунчук.'* (На Османовите војници Татари и Черкези опашката им била симбол, Р.И.)

Инаку, коњската опашка како знаме кај турко-монголските Бугари е прифатено поради тоа што тие, како номадско племе, додека живееле во Азија главно се занимавале со одгледување на коњи. Коњите за нив биле многу значајни.Тие со нив патувале, војувале, па дури на нив подготвувале храна, како што веќе спомнавме. Оттаму коњската опашка е прифатена како нивно прво знаме. И не случајно името на *најзначајниот* Бугарин на сите времиња хан Аспарух, етимолошки значи- коњ ! (поточно- *виорен коњ*).[17] И додека коњската опашка била користена наместо знаме, рековме дека прв симбол на бугарскиот грб била- главата на вол ! За првпат овој симбол бил прикажан во грбовникот на Конрад Груненберг во 1843 година.

За разлика од Бугарите, за Македонците веќе рековме дека од дамнина го чуваат споменот на древното осумзрачно и шесанаесетзрачно сонце. Секој што ќе ја посети која било македонска православна црква, манастир или галерија (а секако и печатена публикација), каде има македонско средновековни и нововековни фрески или икони, може и самиот да се увери дека слични (или исти) претстави на осумзрачното и на шеснсаесетзрачното античко македонско сонце се среќаваат на огромен број икони и фрески (посебно на шамијата на челото на света Богородица). И оваа појава останува за натамошни истражувања. За разлика од овој древен македонски симбол, не треба ни да се помисли дека првите бугарски симболи (коњската опашка и главата на вол) ги има некоја наша икона или фреска.(И двоглаворел,Р.И)

За лавот исто така рековме дека претставувал симбол на античките Македонци, кој останал до денес среде Македонците. (Прч на Бригите=Брзјаците, Р.И.)

**7.** Постојат повеќе древни извори од тоа време, кои зборуваат за војна и за непријателство помеѓу Македонците и Бугарите како два одделни етникуми. Овде би сакал да се задржам на некои од нив.

Веќе цитирав бугарски извори, според кои, навлегувањата на турко-монголските Бугари на Балканот биле проследени со големи разурнувања на културните добра што овде ги затекнале. Ваквите навлегувања и пустошења македонскиот историчар Сариса Параос (*Народна волја*, Благоевград, март 1997, 2) ги става во контекст со другите разурнувања што Европа ги има претрпено од континуиранато навлегувања на азиските племиња. Такви разурнувања Европа претрпела уште од времети на Атила (за кого рековме дека денес во Бугарија официјално се смета за *прататко на Бугарите*) и кој, во 450 година опустоишол дел од Европа. Потоа следува навлегувањата на Балканот од страна на неговите етнички роднини турко-монголските Бугари, па по нив се европските пустошења извршени од страна на Татаро-Монголите на Џингис-кан, за на крајот ваквиот круг освојувања да биде затворен со навлегувањата на Османлиите во 14 век. Од сите нив (според Параос) европските народи прерпеле многу човечки и материјални штети, како и духовни и културни порази. Се разбира дека ни Европејците од тие времиња не биле ништо подобри, кога и самите пустошеле туѓи земји".

Османите имале војници Татари и Черкези,а имало и војнички Черкезов ред. Османите од крајот на 18 век колонизирале Татари и Черкези, најповеќе во 19 век,

[17] Аспарух=Аспарих=а спарих=спарив=с парив: у=и, х=в. Тој бил само пастув: вепар=ве пар=пари...

од кои страдале и страдаат домородците. Денес тие се Арнаутите. Во Р.Македонија се 90% Арнаути=Геги и 10% Скиптари=Тоски. Од нив нема спас за Православните.

„Но да преминеме конкретно на древните непријателства помеѓу Македонците и Бугарите, според автентичните документи од тоа време.

-- Првиот напад во Македонија од страна на турко-монголските Бугари, проследен со пустошење на нашата земја, се случил во 539 година. Доказ за ова е сведоштвото на историчарот Прокопиј Кесариски (500-562), објавено во *Христоматия по история на България* (стр. 58). Овде, под наслов: *Прабугарите го напаѓаат Бал-канскиот Полустров во 539 година*, пишува:

*Веднаш потоа голема хунска војска ја премина реката Истар* (Дунав, з.м.) *и се нафрли врз цела Европа. Вакви работи се случуваа и порано, но никогаш како сега тие не му направија на народот толку многу и толкави големи злодела. Тие варвари опустошија сé пред себе, почнувајќи од Јонскиот Залив, па сé до предградијата на Византион. Тие заседоа триесет и две крепости во Илирик, а го завладеја и градот Касандра (на Халкидик)... И подоцна тие честопати доаѓаа тука, нанесувајќи им на Ромеите непоправливи беди.*

Гледаме дека во овој документ турко-монголските Бугари (*Прабугарите*) се наречени *Хуни*. Тоа е поради фактот што во тогашните хунски напади на Европа активно учествувале и турко-монголските Бугари.Впрочем, гледаме дека во насловот на овој документ си стои зборот *Прабугари*,даден од страна на бугарските приредувачи на овој документи.За учесвото на турко-монголските Бугари во хунските пустошења на Европа пишуваат и други бугарски автори.

Во овој документ, пак, гледаме дека турко-монголските Бугари учествувале во ова нивно прво пустошење на Македонија (Халкидик), кое, за жал, не било единствено. (Хуни=Хуни, Бугари=Бугари... Меѓутоа, сите биле Монголи=Хуни..., Р.И.)

Подоцна, кога турко-монголските Бугари се населуваат од Азија во Североисточна Бугарија, жестоко се пресметале со тамошното население, главно Анти и Тракијци. Тие практично направиле етничко чистење, кога голем дел од Антите и Тракијците биле изгонети од своите домови кон југ, а оние што останале биле потчинети (како што впрочем тврди и претходно цитираниот Станимиров). Оттогаш почнуваат непријателствата помеѓу турко-монголските Бугари и околните народи, при што неретко страдала Македонија и нејзиното население. Ќе наведеме некои од нив. (Бугарите не биле во 6. век, кога имало Склавини, никако порано, Р.И.)

-- Бугарскиот хан Телериг (772-777) во 773 година сакал да ја нападне македонската склавинија Берзитија со 12.000 војска и нејзиното население да го одведе во робје во Бугарија. Меѓутоа, византискиот цар преку свои шпиони ги открил овие намери на Бугарите и испратил војска против нив. Во врска со ова ќе цитираме извадок од хрониката на Симеон Логотет, византски писател од 10 век, кој го опишал овој настан. Документот е објавен од Иван Дуиче (*Изъ старата българска книжевина*, Прв том, София, 1943). Дел од ова сведоштво гласи:

*Царот си беше спечалил пријатели меѓу Бугарите, кои му ги кажуваат сите одлуки на својот кнез. Тие му го соопштија и тоа дека бугарскиот кнез Телериг праќа војска за да ја оплени Берзитија...*“.

Александар Донски вели: „Бугарскиот хан Телериг (772-777) во 773 година сакал да ја нападне македонската склавинија Берзитија“. Значи, само без Словени. Според наводот, Берзитите не можеле да бидат Брзјаци, кои биле западно од нив.

„Берзитија била независно кнежество населено со Брсјаците (но според големиот познавач на средновековната Македонија, хрватскиот проф. С. Антољак, и со антички Македонци, кои исто така биле жители на македонските склавини). Берзитија се наоѓала на териоторијата помеѓу Кавадарци, Велес, Прилеп, Битола, Кичево и Дебар. Царот што се спомнува е византиски император Константин Копроним (741-775)“. (И денес Копро е основа на македонски презимиња, Р.И.)

Авторот истакна: „антички Македонци, кои исто така биле жители на македонските склавини“. Значи, Македонците биле Склавини.Види овде и Острогорски.

„Интересно е што некои бугарски историчари во своето дело го избегнуваат спомнувањето на овој документ или пак тврдат дека тој бил тендециозен и дека наводно Берзитија *доброволно* го повикала ханот Телериг за да се обединат со Бугарите (!?). Таков е случајот со бугарскиот историчар проф. Васил Златарски, кој во својата веќе цитирана книга, на стр. 302 и 303, дава фанстатични претпоставки дека ханот Телериг наводно имал заеднички таен план со македонската склавинија Берзитија за нивно меѓусебно обединување на штета на Византија (!?)“.

Бидејќи Берзитија била македонска склавинија, берзитските Склавини биле само едно Македонци, а во држава тн.Византија, но никако неандералски Словени.

„Меѓутоа, обичната логика ги побива ваквите со ништо неаргументирани претпоставки. Едноставно: ако Бугарија и Берзитија и навистина сакале да се *обединат*, тогаш тие заедно ќе ја нападнеле Византија. Но до такво нешто не дошло, а и нејасно е поради кои причини Берзитија би се откажала од христијанската византиска власт за да влезе во сојуз со паганската Бугарија ?“.

Склавинијата Берзитија била само ромејска, а не неандерталска=мајмунска.

„Нема никаква логика ниту тврдењето на Златарски дека наводно и во Македонија и во Бугарија имало *Словени*, па поради тоа тие сакале да се *обединат*. Точно е дека во Бугарија имало т.н. *бугарски Словени* (Анти), но рековме дека тие таму биле потчинети. Тие биле народ од втор ред и немало речиси никакво учество во власта и во аристократијата, која била исцело во рацете на турко-монголските Бугари. Значи, т.н. *бугарски словени* (Анти) немале никаков пристап во водењето на надворешната политика на Бугарија, па нејасно е како тогаш можеле да им *наложат* на турко-монголските Бугари *обединување со Словените* во Македонија !“

Бидејќи Русите сé до 860 година не биле Словени, дотогаш немало Словени.

„Од друга страна *Македонските Словени* тогаш живееле прилично независно, во постојан допир со високата култура на античките Македонци и на христијанска Византија, па немале практично никакви причини да бараат обедииување со паганска Бугарија, каде што го очекувала истата судбина на нивните *собраќа* Анти, кои таму имале подредена улога во однос на турко-монголските Бугари.

Значи, планот на бугарскиот хан Телериг и навистина бил да ја оплени македонската склавинија Берзитија и да го зароби и одвлече во робје нејзиното население (за што впрочем известува и добро информираните византиски шпиони, кои тогаш се наоѓале на бугарскиот двор). Впрочем, и предците на Телериг (но и неговите потомци) често го правеле истото- пљачкосувале земји, а населението го воделе во робје.За среќа, овој план пропаднал благодарение на византиските шпиони, кои подоцна Телериг успеал да ги открие и сите до еден ги ликвидирал.

--За злоделата што турко-монголските Бугари ги правеле врз населението не само во Македонија, туку и во денешна Бугарија, говорат и податоците во врска со

опсадата на градот Средец (Софија) од страна на ханот Крум во 809 година. Откако Крум сфатил дека нема да може да го заземе градот, им ветил на граѓаните (главно етнички Тракијци) дека, ако му се предадат, ќе им дозволи слободно да заминат во другите краеви на Византија. Граѓаните, бидејќи имале недостиг од храна, го прифатиле овој услов и ги отвориле градските порти.Меѓутоа, веднаш штом влегле во Средец, турко-монголските Бугари на ханот Крум подмолно се нафрлил врз населението и ги убиле околу 5.000 до 6.000 души, жители на Средец. Подоцна ханот Крум го опсадил и Одрин, кој исто така го опљачкал, а населението го одвлекол преку Дунав, додека имотите им ги запленил.

Инаку, ханот Крум во времето на една битка со Византијците навлегол и во областа на Струме, која исто така ја ограбил и опустошил.

За волја на вистината, ни Византијците не биле воопшто подобри од турко-монголските Бугари при нивното навлегување во Бугарија. Така, на пример, византискиот цар Никифор опљачкувач и опустошил многу бугарски градови, вклучувајќи ја и престолнината, а дворецот на хан Крум го запалил. Подоцна Крум успеал да организира нова бугарска војска и при битка бил убиен и самиот византиски цар Никифор. Главата на царот Никифор, по наредба на ханот Крум била отсечена, а черепот и бил исчистен и посебрен. Во чест на победата, ханот Крум пиел вино од посебрениот череп на византискиот цар Никифор.(Монголска одлика, Р.И.)

За стравот што тракиското и македонското население го имало на овој суров хан сведочи и проф. Златарски во веќе цитираната книга (стр. 339):

*Бугарите кога разбрале за бунтот во византиската војска... уште повеќе се нафрлиле врз темите Македонија и Тракија. Тие внеле таков ужас што жителите на Анхиал и Вероја ги напуштиле своите живеалишта и се разбегале... Исто то се случило и со населението на тракиската Никеја и крепоста Проват, но и со други крепости*".

Имало тема=област Тракија и Македонија. Според А.Донски, тие биле два народи. Имало и мноштво склавини=области. Меѓутоа, тие не смееле да бидат со еден посебен народ, како во темата=областа Македонија и Тракија, туку сите биле еден народ со тн. словенски јазик.Тој бил варварски=пелазгиски, како во областите =темите. Следи, сите теми=склавини како области биле еден единствен ист народ.

„Во врска со ова сведоштво некој можеби веднаш ќе забележи дека темата *Македонија* тогаш се наоѓала во Тракија. Мнозина бугарски историчари, користејќи ја неинформираноста на читателите, ја подметнуваа лагата, според која, секогаш кога во средновековните извори ќе се сретнело името *Македонија*, тоа всушност значело- Тракија, бидејќи наводно темата *Македонија* се наоѓала исклучиво во Тракија.Меѓутоа, рековме дека ова воопшто не е точно.Самиот проф.Златарски тврди дека темата *Македонија* се наоѓала во (цитат): *денешна западна Тракија,* ***источна Македонија****, меѓу реките Струма и долниот тек на Марица.*[18] (Подвлекувањето е мое,з.м.)".(Источна Македонија била Тракија,Трака=т рака, го обфаќа морето, Р.И.)

Бидејќи Тракијците биле во темата Македонија, тие биле Македонци. Следи и во темата Тракија се говорел истиот варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

„Значи, сепак темата *Македонија* опфаќала и поголема територија од денешна Македонија (а не само од Тракија). Ова значи дека штом ханот Крум дејству-

[18] Антолјак,стр.197:„Во оваа Македонија се наоѓала Одринската област(Одрин),каде за време на царувањето на Михаило I Рангабе бил роден подоцнежниот цар Василиј I (867-886)"- Тој бил Тракиец.

вал во темата *Македонија*, тоа значи дека дејствувал и во дел од денешна Македонија. Значи, тој дејствувал и против Македонците, кои живееле во оној дел од денешна Македонија, кој влегувал во темата *Македонија*. Така треба да се толкуваат и другите настани што се одигруваат во темата *Македонија*, т.е. за нив не треба да се тврди дека се однесуваат само за Тракијците,туку и за дел од денешна Македонија“

А.Донски не сака да сфати, на темите им се менувале местата- пр.Илирија.

„-- За пустошењето на Македонија од страна на турко-монголските Бугари има сведоштво и во Житието на Тивериополските маченици (објавено во книгата *Христоматия по история на България*).

-- Сепак, еден од најзначајните документи што сведочат за војна, а не за сожителство или пак за меѓусебно масовно крвно и културно мешање помеѓу Бугарите и македонските племиња, претставува Пресијановиот натпис пронајден кај стариот град Филипи (северно од Кавала). Овој натпис претставува древен документ токму од времето на привременото навлегување на Бугарите во Македонија во 847 година. Од овој документ може децидно да се заклучи дека бугарскиот хан Пресијан водел жестока војна против Македонците (конкретно против Смолјаните, како македонско племе од Југоисточна Македонија). И овој документ е објавен во книгата на Ј. Иванов *Български старини из Македония* (София, 1931) и гласи:

*Пресијан, поставениот од Бога кнез на многуте Бугари, го испрати кавханот Исбул, откако му даде војска, и боилот Ичугру и канот боил Коловур, и кавханот против Смолјаните.*

Во врска со содржината на овој натпис да го кажеме следното:

Најпрво сакам да објаснам зошто претходно напишав дека бугарскиот хан Пресијан жестоко војувал против македонското племе Смолјани. Одговорот лежи во фактот што Пресијан во војна против Смолјаните ги испратил своите најголеми војсководители. Спомнатите термини: *кавхан, боил* и *кан* ги претставуваат највисоките воени чинови на бугарската војска од тоа време (како што се, на пример,денес: *генерал-полковник, генерал-потполковник, генерал-мајор* и сл.), што значи дека станува збор за воен судир од поголеми размери. Впрочем, војската што турко-монголскиот бугарски хан Пресијан ја испратил против Македонците се проценува на над 10.000 души. (Пресиан=преси ан, пресовање=тлачење, угнетување, Р.И.)

Инаку, главна причина за овој голем воен судир помеѓу Македонците и турко-монголските Бугари било тоа што Македонците подготвувале востание против Византија, која тогаш била ослабена поради нејзината војна против Арапите во Мала Азија. Меѓутоа, овој обид за свое осамостојување на нашите предци пропаднал токму поради ненадејниот напад од страна на турко-монголските Бугари“.

Александар Донски говори за Македонци, Византијци и Бугари. Последниве биле Монголи, а првите Белци. Македонците биле ромејски Склавини, а Ромејците Македонци од темата Македонија. Бидејќи со тн.Византија на А.Донски владеела македонска династија, таа била македонска. Значи, ништо тн.словенско-дунавско.

„Според житието на монахот Григориј Декаполит, во оваа голема војна: ... *Потоци крв течеле како река, а целата околина* (Серез, Драма и Кавала, з.м.) *била опожарена и помрачена.*

Да ги спомenеме и личните имиња на бугарските војсководители: *Исбул* и *Ичугру*,како имиња што се типични бугарски и кои биле сосема различни од личните имиња на Македонците од тоа време (и подоцна) и секако дека тие никако не мо-

жат да ги претставаат првите крвни предци на денешната македонска нација. Ова може да се каже и за нивните војнички чинови (титули), преку кои исто така се потврдува блискоста на старобугарскиот (т.н. *прабугарски*) јазик со другите турски јазици. Еве што пишува за овие чинови Иванов во својот коментар за Пресијановиот натпис: (Белците продирале кон Исток- таму ги однеле руните и својот јазик, Р.И.)

*Зборот **коловур** претставува прабугарски збор што означува раководител или генерал... Овој збор е познат и во други турксни дијалекти. Замената на буквата **р** наместо **в** (**коловур**, наместо **коловуз**) е позната особина на прабугарскиот и на чувашкиот јазик, додека во сите други турксни дијалекти се зачувала буква-та **з**. Военото значење на прабугарскиот збор **коловур** може да се спореди со тур-скиот воен термин **кол**, кој значи дел од војската*“.

Како што имало турски руни, истото било и за коловур=коловар, коловуз= коловоз. Следи кол=кол, на кого е обесена опашката- знаме. Значи, само на Белци.

„Инаку, македонското племе Смољани тогаш живеело отприлика на теритотријата на денешната Пиринска и дел од Егејска Македонија, што значи дека Бугарите во тоа време без војна не успеале да влезат дури и на територијата на овој дел од Македонија. Впрочем, за обласга во која живееле Смољаните Иванов пишува:

*Словенското племе Смољани живеело во Југоисточна Македонија. Смољан-ските населби биле распространети југозападно од Родопите по средината и до-лната област на реката Места...*“.

Бидејќи не останале народни сеќавања за Смољаните, Берзитите..., поимот Брзјаци бил изведба од Бриг=Бриж=брж=брз + јак (животно на Хималаите, и Јаков =јак ков) = Брзјак.Не случајно,во денешна Брзјакија јазикот е најбогат: дативен итн.

„Но, иако бугарскиот хан Пресијан и укажал помош на Византија (напаѓајќи ги побунетите Македонци-Смољани), за возврат тој не добил ни благодарност од страна на Византијците. Ваквиот гест на Византија остана овековенчен во друг значаен документ од тоа време. Станува збор за прекорот упатен од страна на Бугарите до Византијците (христијаните). И овој документ е објавен во книгата на Ј.Иванов *Български старини из Македония* и гласи:

*Бугарите им направија многу добрини на христијаните, а христијаните заборавија на тоа, но Бог гледа*“. (Тн.Византија била православна држава, Р.И.)

Смољаните биле Склавини, а Македонците од ромејската тема Македонија.

Збрките се што тој не прифаќа склавина=област: склава без в клава-местник.

„А сега да разгледаме уште еден беспримерен бугарски фалсификат поврзан токму со Пресијановиот натпис. Иако за овој натис во повеќе бугарски книги стои дека ханот Пресијан ја испратил својата војска **против** Смољаните,во поново време бугарските историчари зборот **против** го заменуваат со зборот **кај**. Така, сега испаѓа дека ханот Пресијан ја испратил својата војска **кај** Смољаните. Бугарските историчари (фалсификатори) сега тврдат дека Пресијан всушност сакал да им **помогне** на Смољаните против Византијците (!?)

Како пример за безобѕирно фалсификување на содржината на Пресијановиот натпис има во книгата *Македония история и политическа съдба* (стр. 39), каде што пишува:

*Од тешката положба во Империјата први се побуниле Словените. Во 837 година во западните Родопи избувнало востание на словенското племе Смољани, кое бргу се раширило по Беломорието и стигнало дури до Солун... На помош на во-*

*станатите Смољани дошла бугарската војска, водена од прославениот војсководец кавханот Исбул.*

Во врска со ова дури и угледниот бугарски историчар проф. Димитар Ангелов, на стр. 224 од неговата претходно цитирана книга, пишува:

*Првите дејства на Пресијан се однесуваат на 837 година и ги имале за цел земјите во Јужна Македонија, поточно областа во која живееле Смољаните (околу градот Драма). За овој поход наоѓаме податоци во познатиот Пресијанов натпис во Филипи, во кој пишува дека бугарскиот хан испратил војска* ***кај*** *Смољаните, на чело со кавханот Исбул... Словените во солуската област се кренале на војна против цариградската власт... Станува збор за раздвижувања на Словени во Ју-жна Македонија, кои се кренале против византиската власт, раководена од сво-јот племенски водач. Би можело да се претпостави дека во центарот на тие бра-нувања стоеле Смољаните, кон чија Склавина тргнале војските на кавханот Исбул, со цел да им* ***помогнат во борбата против Византијската империја****...* (подвлекувањата се мои, з.м.)“. (Кавхан=ка в хан: ка кратенка од како=ка-ко, Р.И.).

Се работело за една ромејска држава, со една цариградска власт. Под неа била темата=областа Македонија..., склавината=областа на Смољаните. Тие само како Склавини=Обласници говореле склавински=тн.словенски јазик. Ваков бил варварскиот=пелазгискиот, кој бил тн.Хомеров=тн.Платонов: Македонците биле Пелазги.

„Еве со какви неверојатности и дрски фалсификати понекогаш се служат дури и највлијателни пера на бугарската историографија со цел да *докажат* дека Македонците имаат некаков турко-монголски етнички корен.

Па да им одговориме на професорот Петров и Ангелов и на сличните на нив фалсификатори на сопствената бугарска историја.

Како прво, да го спомнеме тоа дека не постои никакво сомнение оти бугарскиот хан Пресијан во тоа време војувал против македонското племе Смољани со цел да го задуши нивното востание против Византија. Доказ за ова не е само сведоштвото на Декаполит, туку овде се бројните бугарски книги во кои Пресијановиот натпис си е предаден со зборот **против**. Една од нив е и веќе спомнатата *Христоматија*, во која во Пресијановиот натпис сосема јасно пишува дека овој бугарски хан ја упатил својата војска против Смољаните ! Потоа, овде е и претходно цитираната книга на Јордан Иванов, во која и тој го наведува зборот **против**“.

Не македонско племе Смољаните, оти тие биле само склавинско тн.племе.

„Уште појасно презентирање на овој настан има во цитираната *Историја* на Бугарија, каде што на стр. 93 пишува:

*Со голема војска, кон која биле присоединети мноштво службени и воени лица, кавханот Исбул бил испратен кон Солун.* ***Тој овде ја завојувал земјата на словенското племе Смољани****, кои живееле во западните Родопи, па се спуштил надолу кон Бело Море, во областа помеѓу реките Струма и Места* (подвлекувањата се мои, з.м.).

Во продолжение е опишано завојувањето на Исбул и на другите делови од Македонија, како и преговорите со Византија, по кои на Бугарите им биле отстапени делови од Македонија.

Професорот Васил Златарски во веќе цитираната книга, иако прави обид да *докаже* дека Пресијан наводно мирно навлегол во Македонија, не можел целосно да ја избегне вистината, па на стр. 432, пипшува: (Васил=ва сил=с ил=Ил: с=Σ,Р.И.)

*Во 837 година императорот Теофил бил зафатен со големиот поход во Мала Азија, во која биле ангажирани сите воени сили на Империјата. Пресијан побрзал да ја искористи таа за него благопријатна состојба за да ги* ***окупира земјите на Македонските Словени****...* (подвлекувњата се мои, з.м.).

Иако Златарски овде го употребува терминот *Македонски Словени*, тој во продолжението на истиот текст тврди дека тие *доброволно* сакале да се соединат со бугарската држава и дека доказ за тоа бил фактот што тие не дале никаков отпор на бугарската окупација на Македонија.

Овојпат треба да имаме разбирање за ваквиот став на проф. Златарски, бидејќи можно е Пресијановиот натпис сé уште не бил откриен во времето кога проф. Златарски го пишувал овој текст. Инаку, и овде се забележува извесна контрадиктност кај проф. Златарски. Имено, тој прво пишува дека Бугарите ги *окупирале земјите на Македонските Словени*, а потоа тврди дека не постојат никакви податоци за војна, т.е. дека станува збор за *доброволно присоединување* на Македонците со Бугарија (!?). (Македонци=Македонци и Склавини=Склавини, само различни, Р.И.)

Дека воопшто не било така како што претпоставува Златарски, не само што говори Пресијановиот натпис, во кој пишува за војната помеѓу Македонците и Бугарите, туку недостасува одговорот и на едно клучно прашање во врска со сето ова (кое претходно го спомнавме). Имено, бугарските историчари се должни да дадат убедлив одговор на прашањето: зошто тогашните Македонци би сакале доброволно да се соединат со паганската држава, во која владеел далечен азиски народ и во која христијаните биле прогонувани и убивани, а т.н. *бугарски Словени* (Анти) потчиети ? (Бугари=Бугари, Словени=Словени, Анти=Анти, Склавини=Склавини, Р.И.)

Сепак, дефинитивен доказ за војната помеѓу Бугарите и македонското племе Смољани претставува вториот натпис од тоа време, во кој Бугарите им се лутат на *христијаните*, бидејќи: *Бугарите им направија многу добрини на христијаните, а христијаните го заборавија тоа...* Поради фактот што во тоа време ниту Бугарите, ниту пак добар дел од Смољаните немаат врска со христијанството, повеќе од јасно е дека терминот *христијани* од овој натпис се однесува токму за претставниците на византиската власт (впрочем и во други документи од тоа време претставниците на византиската власт се наречени како *христијани*). Тоа значи дека спомнатиот натпис всушност треба да се чита како: *Бугарите им направија многу добрини на Византијците, а Византијците го заборавија тоа...* Кои се тие добрини што Бугарите на Пресијан им ги направиле на Византијците, а овие не им се ни заблогадариле ? Повеќе од јасно е дека тоа е нивната војна против македонското племе Смољани и задушувањето на македонското востание против Византија. Значи, Пресијан всушност му **одмогнал** (а не му помогнал) на македонското племе Смољани“.

Ромјското Царство било еден христијански народ: области (склавини=теми).

„Она што е интересно е фактот што споменатиот натпис, во кој Бугарите им се лутат на Византијците, тој **не го ни споменува во својата книга !** Тоа значи дека проф. Ангелов сакал да го сокрие од своите читатели фактот за војната помеѓу Бугарите и Македонците, во која Бугарите подмолно ги нападнале нашите предци,

со цел да го задушат нивното востание против Византија (во што и успеале), а претставниците на византиската власт подоцна не им се ни заблагодариле за тоа.

Настаните околу Пресијановиот натпис замаглено ги толкува и Станчо Ваклинов во своето дело *Форимране на старобългарската култура*.

Од примерот на професорите Петар и Ангелов се гледа дека тие и самите придонесуваат за општоприфатената теза дека најголемиот дел од бугарската историографија во однос на Македонија е херметички затворен во сопствените самосоздадени заблуди. Притоа неретко се случува да се негираат, омаловажуваат, потценуваат, па дури и да се **менуваат** содржините на сопствените бугарски древни и драгоцени документи во врска со односите помеѓу Македонците и Бугарите низ историјата, како што е во случајов со Пресијановиот натпис- се́ со цел да се форсира една лажна слика во бугарската јавност дека Македонија отсекогаш била *бугарска*, без притоа да се дозволи пробив на поинакви информации.

Кога сме кај Пресијан, дури и да се согласиме со бесмислената претпоставка на бугарските професори Петров и Ангелов, според кои Пресијан наводно *им помогнал* на Смолјаните, повеќе од јасно е дека се работи за два сосема различни етникуми и култури: турко-монголски Бугари и македонското племе Смолјани.Значи, пак не станува збор за *ист* етникум, т.е. за некаков *заеднички* етнички корен, иако тоа е времето на средината на 9. век ! Впрочем, тоа го потврдуваат и податоците што следуваат во врска со натамошните непријателства помеѓу Македонците и Бугарите.

-- Ханот Пресијан подоцна бил заменет со неговиот син Борис, кој и објавил војна на Византија, при што повторно пострадала Македонија и нејзиниот народ. Борис, до 864 година и самиот ја носел турко-монголската титула хан, а потоа бил преименуван во кнез. Тој, со повеќеилјадна војска, соствена од Бугари, Авари и мобилизирани *Словени* (Анти) од Мизија и од јужноруските степи, навлегувајќи во Македонија направил голема пустош во нашата земја. Византија била принудена да побара помош од Германија и од Србија и откако со нивна помош ги потиснала војските на Борис, овој, при заминивањето, одвлекол илјадници Македонци како пленици. Според тогашните византиски извори, по неговото заминување, североисточна Македонија заличела на пустина. Претходно тој ги поразил македонските аристократи, а имотите им ги конфискувал.

--И неговиот наследник и син, прекрстениот цар Симеон им нанесол многу страдања на Македонците. Инаку, членовите на семејството на бугарскиот цар Симеон дома си зборувале на мајчиниот турко-бугарски јазик и тие допрва почнале да го учат *словенскиот* јазик. Има сведоштво според кои, за време на разурнувачките војни што Симеон ги водел на територијата на Македонија, неговите војски уривале се́ пред себе. Биле уништувани цркви, манастири и куќи. Македонските девојки и жени биле силувани, а епископите и монасите биле мачени и убивани. Дури и бавчите биле уништувани, а плодоносните дрвја сечени.Цариградскиот патријарх Никола Мистих за навлегувањата на бугарската војска во Македонија возбудено констатирал: (Се говори за Татари, а вакви биле Арнаутите во 14...19, 20 и 21 век, Р.И.)

*...Но, кога си припомнуваат за толкавиот број разрушени храмови, манастири и домови, за убиените епископи, за силуваните девојки, за измачуваните монаси- како можам да се надевам дека Бог ќе го заборави сето ова ?*

За пустошењата од страна на војската на бугарскиот цар Симеон во Македонија постои и сведоштво од еден македонски книжевен паметник од 11. век, во кој се вели:

*Симеон бил нечесен и зол кон луѓето и тој ја уништил македонската земја... Тогаш сите луѓе пропиштеа од овој цар и повикаа:* ***Тешко нам, браќа, од овој цар !***

Лав Ѓакон во својата *Историја* (ГИБИ, т. V. стр. 179) ќе запише:

*Во месец септември, втор индикт, Симеон Бугаринот повторно настапил со својата војска против Цариград. Притоа ги опљачкал Тракија и Македонија, ка-де сé опустошил и разурнал.* (Подетално за ова кај Сариса Параос, в. Народна Вол-ја, Благоевград, февруари 1998, стр. 6). (Без никакви Склавини=тн.Словени, Р.И.)

Византискиот историчар Симеон Логотет, за разурнувањата на нашата земја од бугарскиот цар Симеон, го напишал следното:

*Во месец септември бугарскиот кнез Симеон со целата своја војска дојде до Цариград и притоа ги оплени Тракија и Македонија. Таму тие разурнаа и запалија сé и ги исекоја овошките.* (Без Склавини,туку само Тракија и Македонија,Р.И.)

Овде сами по себе се поставуваат прашањата: чија земја уништувал турко-монголскиот Бугарин (со крстено име) Симеон и чии жени силувале припадниците на неговата војска ? Зарем тие си ги силувале сопствените *сонароднички* доколку наводно ние Македонците сме биле етнички Бугари ? Тоа ли е *најромантичниот период* од бугарската историја ? (Силовањето нема врска со етничко потекло, Р.И.)

-- Македонците страдале од Бугарите и во времето на т.н. *Второ бугарско царство* (за чиј етнички состав подоцна ќе пишуваме).

Посебно познат по несреќите што му ги донел на македонското население бил владетелот на оваа држава Калојан (инаку, Куман по етничката припадност). Заради злоделата што ги извршил во Тракија и во Македонија, Ромеите го нарекле *Скили-Јован* (Куче-Јован). Тој најпрво го уништил македонското кнежество на Хрс (основано во 1185), а подоцна и други македонски градови. Нивното население го убивал или го пленел во ропство, додека имотите им ги пачкал и сé што можел носел во Бугарија. За неговите злодела врз македонскиот народ постојат низа древни сведоштва од тоа време. (Така на пример, Владислав Граматик (кој живеел во Рилски манастир) напишал: (Скили=с кили=кири-секири..., Р.И.)

*Тој Калојан при секое враќање во борбите што ги водеше против Ромеите, ја пустошеше македонската земја и извршуваше многу жестокости врз населението. Засолништата им ги рушеше до темел, и многу народ однесе во пленство и го пресели преку Дунав.*

И овој документ е објавен во бугарска книга (Петар Ников: *Материали за средновековната история на България*- ПСп, кн. 55-56, с. 250, цит. според Сариса Параос, цит. дело), а од него гледаме дека цар Калојан не го заборавил стариот азиски обичај да плени народ и да ги води пленициите далеку од своите родни огништа.

За несреќите што цар Калојан им ги нанесол на Македоците сведочи и византискиот писател Никита Хонијат:

*Најправилно би било да се каже дека никогаш досега човечко око не видело, ниту човечко уво не слушнало, ниту пак такво нешто дошло до човечкото срце, како што беше тоа што Куманите и Бугарите го направија за време на нивните*

*налети. Големите, познати и дотогашни многунаселени градови, прекрасните села околу нив, уредно обработените полиња и ливади, цветните градини, кои изобилу-ваат со плодови поради нивното напојување од околните рекички, високите двор-ци,преубавите уметнички соѕидани и насликани со разни бои палати, удобните ба-њи, натежнатите од плодни лозја, обилните со жетва ниви и илјадници други пр-едмети, кои се производ на различни селани, кои ја радуваат земјата и кои го пра-ват нашиот живот во неа пријатен, сладок и посакуван- сето тоа, откако насе-лението беше истребено, стана живеалиште на ежови и на диви животни. Ако некој можеше да фрли само еден поглед на сето тоа- исполнет со болка- ќе се уд-реше во градите и со солзи во очите ќе кажеше дека го видел рушењето на все-лената... Во мојот јазик не постојат такви изрази што ќе бидат достатни за де-тално и целосно набројување на сите нивни многубројни злодела... Но, тоа им бе-ше малку. Тие сакаа да го достигнат крајниот врв на својата жестокост... Еве, на пример, кога некој од нив умира од природна смрт или од војна, тие ги закопу-ваа со нив и нивните коњи на кои јавале, лаковите и стрелите и острите им ме-чеви,* ***но во истите гробови живи ги закопуваа и пленетите Ромеи****... Така, овие варвари немаа ниту мерка, ниту граница на својата нечовечност.* (С. Параос, цит. дело, цитирано според бугарски извори)“. (Со исти страдања од Арнаутите, Р.И.)

Монголски начин на закопување. Монголи биле Готите=Татарите со Асен.

„И ова е потресно сведоштво за тоа колку ние Македонците и Бугарите сме биле *еден народ*. (За А.Донски, Ромеите=тн.Византијци не биле Македонци, Р.И.)

Никита Хонијат ги опишувал и пустошењата на царот Калојан во градот Серез. Ова сведоштво е објавено во претходно цитираната *Христоматия по история на България*, каде што на стр. 271 пишува:

*Латинската војска била наполно разбиена и таа во бегство се упатила кон Сер, но не била во состојба да ја заклучи градската порта на Сер. На тој начин Власите, кои ги бркале бегалците, се вовлекле во градот заедно со нив. Така градот бил заземен. Потоа градот бил изгорен, а градските стени биле разрушени. Мнозина пленици биле оквани и одведени...*

Иако, во војската на Калојан имала *Власи*, овој термин во овој документ се однесува и за Бугарите од негово време, бидејќи и тие биле составен дел од неговата војска.

Во врска со походот на Калојан во Македонија и во Тракија, византискиот писател Никофор Григора запишал:

*Македонските и тракиските градови беа целосно уништени, откако претходно доживеаја несреќи ту од Латинците, ту од Бугарите и Скитите. Уште што ли се не им направија на христијаните овие крвожедни народи...* (В. Златарски: *История на българската държава през Средните векове*, III, 266).

Во *Дејанијата на Свети Димитрија* исто така постои сведоштво во врска со пустошењето на бугарскиот цар Калојан во Македонија:

*Тогаш владетел на Бугарите бил Калојан... Тој, откако ја пребродил цела Македонија, ги опустошил сите области, до темел ги срушил основните крепости, пљачкосувал и го испустил и го преселил целото население покрај брегот на река-та Дунав- со еден збор, го престорил во пустина секое место што го нападнал. Потоа тој незадржливо се упатил против Солун, заедно со својата*

*војска, која била побројна и од морскиот песок и која се состоела од Бугари, Кумани, Татари, Хазари... (Христоматия...* с. 273).

Значи, бугарскиот цар Калојан ја пустошел Македонија и ги убивал Македонците со својата војска, од која големото мнозинтство (покрај Бугарите) биле неговите роднини, т.е. турко-татарските племиња: Кумани, Татари и Хазари.

Конечно, за злоделата на царот Калојан во Македонија постојат и тогашни бугарски извори. Така, на пример, бугарскиот патријарх Евтимиј во врска со освојувањето на Калојан запишал:

*Кога Калојан сфати дека грчкото царство е немоќно (поради нападите на Латинците), машки почна да војува против тоа царство. Притоа заплени и уништи многу градови и села. Сé што имаше цена, го собра и го пренесе во својот сла-вен град Трново, а сите луѓе и сиот добиток ги пресели во својата држава.* (С. Параос, цит. дело). (Никакво Грчко Царство, туку само Ромејско, Р.И.)

Кога сме кај уништувањето на Македонија и на Македонците од времето на цар Калојан, да кажеме уште еден интересен податок. Имено, познато е дека овој цар презел опсада против Солун. За време на оваа жестока опсада Македонците од Солун, и старо и младо, со сите сили го бранеле својот град. Додека мажите војувале, жените се денонокно бдееле во црквите, молејќи го свети Димитрија Солунски да им помогне. Токму кога се чинело дека градот ќе падне, Калојан бил убиен од својот болјарин Манастар. Ова солунчаните го примиле како дело на свети Димитрија. Оттогаш на фреските и на иконите во Македонија свети Димитрија се слика со долго копје, јавнат на коњ, како прободува војник, облечен во бугарска војничка униформа. (Ѓорѓи Радуле, цит. дело, стр. 144)".

Солун бил македонски град, а не склавински. Следи Македонци и Склавини.

„-- За пустошењето на дел од македонската земја постојат византиски сведоштва и од времето на царот Михаил Шишман (околу средината на 13. век). Така, на пример, хроничарот Георги Акрополит во својата хроника (објавена и во веќе споменатата *Христоматия по история на България*, стр. 293) запишал:

*Кога владетелот на Бугарите научил дека императорот се наоѓа далеку, ја повикал сојузничката скитка војска и ја испратил против македонските области за да пљачкосуваат, а и за да ги исплашат Ромеите*". (Македонци Ромеи, Р.И.)

Веќе во ова време ромејските извори истоветуваат Скити=Бугари=Татари...

„Инаку,во почетокот на ова сведоштво пишува дека Михаил Шишман немал никакви проблеми со освојувањето на бугарските градови (кои денес се наоѓаат во Бугарија), бидејќи тие градови биле населени со *Бугари*. Кон македонските градови пак гледаме дека Шишман ги испратил Скитите за да можат да пљачкосуваат.

Овде сакам да го дополнам претходното објаснување во врска со термините *Македонија, македонски земји* и сл., кои овде се среќаваат. Рековме дека застапниците на бугарската пропаганда попусто ќе инсистираат дека овие термини се однесуваат за византиската тема *Македонија* (според нив: Тракија), бидејќи во оваа тема и навистина влегувал дел од Македонија. Освен тоа, гледаме дека во спомнативе цитати јасно се потенцираат и неколку чисти македонски места (Халкидик, Серез, околината на Солун, Струма и други),кои настрадале од турко-монголските Бугари, а кои отсекогаш се наоѓаат во Македонија, а не во Тракија. Значи, наведените злодела од страна на турко-монголските Бугари и навистина биле извршени врз Македонците во Македонија".

Темата Македонија опфаќала дел од Тракија со Македонија. Македонскиот град Солун бил центар на Илирик, а Илирија имала повеќе положби: Руските Илири. Илирија за време на Напалеон Бонапарта била во денешна Хрватска и Словенија...

„--Конечно, малку е познат податокот дека при навлегувањето на Турците на Балканот во 14. век голема помош им укажале Бугарите (иако подоцна и самите настрадале од нив). Бугарскиот цар Иван Александар бил единствениот европски владетел што бил **воен сојузник** на Турците во времето на нивните балкански освојувања ! Тој не само што одбил понудата на византискиот цар за заеднички фронт против Турците, туку и склучил сојуз со нив против Византија. Сето ова ебјективно е прикажано во цитираната *Историја на Бугарија*, каде што на стр. 232 пишува:

*Напредувањето на Турците во Тракија ја направил уште поголема нуждата за формирање на еден опит балканскиот фронт за борба против Турците. За жал, ваков фронт дури ни сега не бил создаден. Дури и обратно- во 1364 помеѓу Бугарите и Византијците избувнал конфликт колу црноморските градови Поморие и Несебар. За да им се спротистави на Византијците, Иван Александар се послу-жил со турски наемници и склучил сојуз со султанот Мурат. Тоа било голема гре-шка, која ги раздробила силите на балканските држави и им дозволила на завојува-чите полесно да ги остварат своите планови.*

Подоцна Турците ја окупираат Македонија, откако претходно ја поразиле македонската феудална војска кај реката Марица во 1371 година. И додека Бугарите во времето на македонско-турската битка на Марица биле воени сојузници на Турците, еве како се однесувале Македонците во обидот да си ја зачуваат слободата на својата земја. Во цитираната *Историја на Бугарија* се вели:

*Стравот од Турците ги зафатил феудалните владетели во Македонија, кои сфатиле дека сега тие се на ред. Најсилните македонски феудалци од тоа време Волкашин (кој ја управувал Прилепската област) и Углеша (владетел на Серската област) решиле да организираат поход за да ја скршат турската моќ. Кај селото Черномен на реката Марица (недалеку од Одрин) војската наполно им била разби-ена од страна на одрдите на Алил-паша (26 септември 1371). Голем дел од војни-ците на чело на Волкашин и Углеша загинале во борбата. По битката кај Черно-мен Турците започналр да настапуваат кон запад и навлегле во Македонија.**На по-веќе места тие наишле на јуначки отпор од страна на населението, кое докрај се борело за заштита на своите родни огништа.** Драстичен пример за својата храброст дале жителите на Битола, кои долго ги одбивале непријателските одре-ди.* (Подвлекувањата се мои, з.м.)“ (Битола разрушена, мои претходни книги, Р.И.)

Бидејќи Прилеп бил под народната=булгарната Охридска архиепископија Волкашин бил Булгарин.Пак,Улгеша со Серес под Цариградската патријаршија бил само Грк. Меѓутоа,ниеден не бил Бугарин под Трновската црква: црковни народи.

Крали Марко, како припадник на Охридската архиепископија, бил Бугарин.

„Во продолжение на оваа бугарска книга пишува дека Бугарите го раскинале својот воен сојуз со Отоманската империја дури по смртта на Иван Александар, по 1371 година. Значи, тоа било во времето по турската окупација на Македонија.

Поради ова, сам по себе се наметнува заклучокот дека во времето на покорувањето и пустошењето на Македонија од страна на Турците- Бугарите биле воени

сојузници на Отоманската империја ! Бугарија потпаднала под власт на Турците дури во 1388 година, иако Бугарија географски е поблиску до Турција, отколку Македонија. (Бугарите биле соработници на Рим, што важело и за Исламот, Р.И.)

Факт е дека за време на турската окупација на Бугарија не е забележана некоја поголема битка меѓу Бугарите и Турците. Постојат мислења и дека мнозина турко-јазични жители на Бугарија (Бугари, Кумани, Печенези и други) без отпор ги пречекувале своите далечни роднини Турците. Индиција за ваквите мислења претставува книгата *Зелениот гроф* од бугарскиот автор Јордан Тодоров (Варна, 1980). Во оваа книга е објавено автентично сведоштво од времето пред турското навлегување во Бугарија од страна на аѓутантот на савојскиот рицер, капетан Огист де ла Фром, чиј прекар бил *Зелениот гроф*. Од неговото сведоштво јасно се гледа дека тогашните Бугари имале речиси идентичен начин на облекување со своите собраќа Турци, што може да претставува објаснувања на фактот за нивното воено сојузништво и за релативно лесното освојување на Бугарија од Турците. Па, еве како ги опишува тогашните Бугари овој аѓутант, по својата средба што ја имал со нив во далечната 1366 година:

*Се доближивме на растојание од каде можеа добро да се видат нивните лица. Од сите нив се издвои еден маж со долги виснати мустаци и дебело лице. Очите му беа тесни, како кај азијатите. Главата му беше избричена и кожата му се лупеше поради сонцето. Изгледа тој беше водач на групата од дваесет или триесет мажи...*

И понатаму:

*Зачекорив како маѓепсан... Во истото време пред групата Бугари излезе нивниот предводник. Тоа беше човекот со долгите виснати мустаќи. Носеше сини шалвари...*

Во продолжение овој автор дава сведоштва за изгледот на Бугарите од областа Варна, тој пишува:

*И тогаш вратата се отвори. Влезе непознат маж со среден раст и црни очи, со кои миговно не стрелна... И тој носеше шалвари, какви што често среќаваме кај мажите, овде на исток. Одозгора имаше долга бела кошула.*

Значи Бугарите носеле речиси идентична носија и имале иста *мода* (шалвари, обричена глава и сл.) со Турците и тоа во времето **пред** турската окупација на Бугарија !!! (Со ова доаѓаат до апсурд тврдењата на бугарските историчари и публицисти дека, на пример, и светите браќа Кирил и Методиј биле *етнички Бугари*. Кој би можел да си замисли светите браќа, облечени во шалвари и со избричени глави како го шират турко-бугарскиот јазик, т.е. најстариот бугарски јазик, за кој веќе наведовме како отприлика изгледал ? Слично е и со другите Македонци од тие далечни времиња, кои денес ги прават дека биле етнички *Бугари*.

Инаку, точно е дека Турците сурово настапувале и во Бугарија (онаму каде наишле на отпор), нанесувајќи му големи трагедии на тамошниот народ, но факт е дека дел од овие трагедии биле измислени легенди (како што е познатата легенда за наводните четириесет бугарски девојки кои се фрлиле од карпите, за да не паднат во рацете на Турците, откако претходно со ги заплеткале косите). Што се однесува до подоцнежниот бугарски отпор против Турците- секаја чест за паднатите бугарски херои во борба против турското ропство, но факт е дека тој отпор, сепак, бил далеку поскромен во однос на останатите балкански народи и ако не било руското

ослободување на Бугарија, којзнае каков тек би имала иднината на оваа земја. Оние турко-монголски Бугари, кои сé уште живееле како засебна целина и кои си го зачувале својот јазик, рековме дека во Турците виделе свои далечни роднини. Голем дел од нив веднаш го примиле исламот и почнале себеси да се декларираат како *Турци*. Друг дел од нив си ја зачувале верата и јазикот, но и мнозина од нив исто така го отфрлиле бугарското народносно име за што пишува бугарскиот професор Страшимир Димитров и други бугарски историчари. Овие Бугари го прифатиле името Гагаузи.

Подоцна, потурчените Бугари земале учество во службите на Османлиската Империја (како што е примерот со Балатоглу, кој ја командувал турската флота), но кај ниту еден од нив немало бугарско народносно сознание".

Александар Донски рече: „Голем дел од нив веднаш го примиле исламот и почнале себеси да се декларираат како Турци". Значи, имало само верски народи.

„Сите досега изнесени сведоштва уште појасно зборуваат дека не само што Македонците немале никаков бугарски етнички корен, туку и дека тие честопати жестоко војувале едни против други. Тоа не биле само судири помеѓу два различни етникуми, туку и помеѓу две различни култури. Бугарите од тие времиња не само што на Македонија не гледале како на *бугарска земја*, туку ниту еден тогашен Бугарин и не помислувал да тврди дека нашите предци биле некакви крвни *браќа* со него. Конечно и ученикот на бугарскиот патријарх Евтимие во Македонија (крај на 14 век) не само што сосема јасно ја дефинирал Македонија како 'туѓа земја', туку и напишал дека Евтимие, како Бугарин, бил странец во Македонија. Притоа тој пишува: (А.Донски говори само за етнички народи, а тогаш такви немало, Р.И.)

*Варваринот... го испрати на заточение божјиот човек во Македонија. Но, Бог благоволи и во оваа туѓа земја да се пројави така и на таков начин, па пофалбата за него да стане уште повистината, а самите месни жители да станат проповедници и филители на овој заточен странец и измачен затвореник.* (С. Параос, *Народна волја*, Благоевград, мај 1998, с. 3; цит. според автетични извори),

Од своја страна и самиот бугарски патријарх Евтимие осавил сведоштва од кои се гледа дека и за него Македонија не била третирана како *бугарска* земја".

Биле припадници на Печката црква и Трновската црква-без етнички народи.

„**1.4.8 Какво е етничкото потекло на денешните Бугари ?**

Некој можеби сепак ќе праша: *Зарем сепак денешните Бугари не се чисти Словени, како што се и Македонците ? И зарем тоа не е доказ дека ние Македонците имаме заеднички етнички корен со Бугарите ?* Ќе одговориме и на овие прашања. (Србите, Бугарите, Македонците...се еден народ- тие се разбираат, Р.И.)

Како прво, со помош на бугарски извори покажавме и докажавме дека денес во Бугарија токму турко-монголските Бугари се слават како признати етнички предци на денешната бугарска нација. Ако го замолиме кој и да биде денешен Бугаринн да Ви ги наброи првите владетели (етнички предци) на денешната бугарска нација, тој ќе почне хан Кубрат. Веќе ја спомнавме книгата *Български царе* од М. Атанасов, во кој јасно пишува дека првиот бугарски владетел на денешната бугарска нација е хан Кубрат. Таков е случајот и со останатите бугарски историчари, кога пишуваат за бугарската етногенеза. За хан Кубрат се знае дека целиот свој живот си живеел во Азија. Тој немал ниту стапнато на територијата на Европа и не знаел ниту збор од *словенскиот* јазик. Па како можат сите денешни Бугари да бидат *чи-*

*сти Словени*, штом како први крвни предци на својата нација признаваат луѓе што биле Турко-Монголи ? Веќе спомнавме дека во блиското минато (триесеттите и четирисеттите години во 20 век) стотици илјади Бугари себеси се сметале за директни потомци на турко-монголските Бугари. Исто така, наведовме и дел од писанијата на современни бугарски историчари кои тврдат дека Бугарите и Татарите се ист народ. (19 и 20 век биле со монголски Стари-Бугари и пелазгиски Нови-Бугари, Р.И.)

Но, некој оправдано ќе забележи дека не сите Бугари денес имаат антрополошки карактеристики на луѓе од жолтата раса, т.е. на турко-монголските Бугари. Огромен број денешни жители на Бугарија се белокожни луѓе, а немал број од нив се убави русокоси и синоки луѓе. Тие очигледно немаат никаква етничка врска со турко-монголските Бугари (иако се годеат со нив како со *свои* етнички предци, што навистина е апсурдно, па дури и смешно).

Какво е етничкото потекло на денешните русокоси и белокожи жители на Бугарија ? Дали барем за нив можеме да кажеме дека се *чисти Словени* ? Одговорот и овој пат не може да биде сосема позитивен. За да објасниме зошто, предлагам прво да ги разгледаме етничките промени, кои настанале на територијата на денешна Бугарија, непосредно по уништувањето на Првото Бугарско ханство (царство). И овојпат главно ќе се користиме со странски и бугарски извори. (Повторно упатувам благоданост на македонскиот историчар од Бугарија Сариса Параос, кој ми испрати некои од овие податоци)“.

Авторот пиши за чисти Словени, заборавајќи што тој цитираше,дека денешните Македонци антрополошки одговарале на античките Македонци- без Словени.

„Да почнеме со потсетувањето на фактот дека, за време на Првото Бугарско ханство (царство),на територијата на денешна Бугарија,најдоминантни жители биле Бугарите, Антите и Тракијците. Но, по пропаста на оваа држава, на територијата на денешна Бугарија настануваат крупни етнички промени и во оваа земја се населуваат неколку нови етникуми, кои трајно останууваат во Бугарија и чии потомци во голем дел се денешните жители на Бугарија.

Најнапред да ги спомeнеме **Печенезите** (кои и самите биле туркско племе). Тие прво извршиле неколку упади на територијата на денешна Бугарија (која тогаш била под власта на Византија), а подоцна трајно се населиле во оваа земја, каде биле покрстени од страна на Византија. Нивниот број воопшто не бил мал. За навлегувањето на Печенезите на териоторијата на денешна Бугарија, подетално пишува Георги Кедрин (ГИБИ, 5. том, стр. 200).

Во Бугарија трајно се населиле и **Куманите**, кои исто така биле туркско племе (и за нив во продолжение ќе пишуваме).

Понатаму, на територијата на денешна Бугарија се населиле и огромен број **Власи** од Дакија (денешна Романија), за кои исто така подетално ќе пишуваме.

Веќе го спомнавме и населувањето на **Татарите** во Бугарија, за кои бугарскиот историчар Владиков пишува дека до денес живеат во оваа земја. Тие се населиле нешто подоцна.

Поради сето ова, по крахот на Првото Бугарско ханство (царство), најдоминантен етникум во Бугарија биле: Власите, Антите, Бугарите, Тракијците, Печенезите, Куманите, а подоцна и Татарите.

Во вакви услови, т.е. за време на вакviот етнички состав во Бугарија (без Татарите), на крајот од 12 век, доаѓа до создавањето на т.н. *Второ Бугарство цар-*

*ство.* Но, за неупатените можеби ќе изгледа изненадувачки ако кажеме дека главниот збор во оваа држава не го имале ниту остатоците од турско-монголските Бугари, ниту т.н. *бугарски Словени* (Антите), ниту пак Тракијците. Напротив, оваа држава практично ја создале Власите и припадниците на турксkото племе Кумани ! Ова значи дека во суштина т.н. Второ Бугарско царство всушност било турко (кумано)-влашка држава, иако понекаде за оваа држава се среќаваат и бугарски детерминирања. (За А.Донски Бугарите биле бројни, а Куманите побројни... !?, Р.И.)

Да го поткрепиме ова со цитати од бугарските книги. Познато е дека оваа држава била создадена откако браќата Асан, Петар и Калојан кренале востание против Византија.

Во единствените византиски документи во кои е опишано ова востание го кренале- Власите !(Подетално во *Христоматя по история на България*,стр.241-253). Така, на пример, во Хрониката на Никита Хонијат во врска со ова пишува:

***Власите** отпрвин се двоумеле и не се решавале да го почнат востанието, кон кое ги потткнувале Асен и Петар, бидејќи се плашеле од таква голема работа. Двајцата родени браќа, за да ги ослободат од стравот своите сонародници, из-градиле храм со името на великомаченикот Димитрија.*

Понатаму истиот автор, пишувајќи за настаните околу востанието, вели:

*Императорот* (византиски, з.м.)... *измамен од лицемерното однесување на дојдените при него **Власи**, неочекувано се вратил назад.*

И понатаму:

*Јован Кантакузин бил зет на императорот по сестра. Тој бил многу убав и искусен во военото дело, но тогашната војна против **Власите** ја водел бесупешно.*

И понатаму:

*Императорот... надевајќи се да ги запре нападите на непријателите, за да не го остават неговите војници во неговиот втор поход против **Власите**, самиот го зеде оружјето и се качи на својот воен коњ.*

И понатаму:

***Власите** беа навикнати да ги победуваат Ромеите и бидејќи од нив заплени нуваа големи богатства и различни оружја, почнаа незадржливо да напаѓаат.*

И понатаму:

*Не можејќи да ги одбијат нападите на **Власите** и Скитите* (нивни сојузници во востанието, з.м.) *Алексеј Гид и Василиј Ватаци... влегле во борба со непријателите близу до гратчето Аркадипол.* (Аркад=а ркад=ракад, ракат..., Р.И.)

И понатаму:

*Откако Алексеј седнал на престолот, тој ги употребил сите сили за да склучи мир со **Власите**.*

И понатаму:

*Поради тоа Власите го советувале Асена да не ги напаѓа необмислено Ромеите, туку да се присети на методите на военото искуство...*

И понатаму:

*Кога севастокрсторот Исак разбрал дека Сер е нападнат, како млад и охрабрен од еден неодамнешен пораз на Власите... уште при првото известување тргнал против нив.*

И византискиот писател Георги Скутариот, кој бил современик на водачите на востанието Петар, Асан и Калојан, запишал дека востаниците биле- Власи ! Пишувајќи за византиската реакција против востаниците, тој запишал:

*Отако работите на запад станале лоши и Власите,заедно со Кумание, почнале да ја пљачкосуваат ромејската земја,императорот презел поход против нив*. (ГИБИ, т. 8, стр. 230).

За водачите на ова востание (браќата Петар, Асан и Калојан) и навистина се знае дека не биле етнички Бугари. За нив се смета дека биле етнички Кумани. Така, на пример, во цитираната *Историја на Бугарија* (стр. 166) пишува:

*Браќата Петар и Асен веројатно биле од руско-куманско потекло*.

За потеклото на Куманите, пак, во *Христоматия по история на България* (стр. 423) пишува:

*Куманите се народ од турксko потекло што упатувал свои воени намемници во времето на Втората бугарска држава.*

Зошто во *Историјата на Бугарија* за потеклото на Асан(овде наречен-Асен) и Петар се вели дека е руско-куманско, тоа навистина не ми е јасно, бидејќи Русите и Куманите биле два сосема различни народи и култура. Можно е тие да биле припадници на Куманите, кои евентуално престојувале во Русија.

Подоцна дури и наследникот на Асан и Петар (нивниот трет брат, по име Калојан) бил наречен *крал на Власите*, и тоа не само во византиските, туку и во западаните документи од тоа време.

Кога сме кај западните документи, да го спомeнеме и сведоштвото на учесникот на Третата крстоносна војна презвитер Магнус, кој пишувајќи за преговорите помеѓу бугарскиот цар Петар Втори и Фридрих Барбароса, запишал: *Власите се со нас !* (ЛИБИ, т. 3, стр. 215).

И учесникот во оваа крстоносна војна, по име Ансберг, во својата *Историја на походот на императорот Фридрих Први*, запишал дека во дунавската рамнина: '*...владееја со своите Власи некој си Калопетар, кој бил Влав, и брат на Асан*' (во оригиналот запишано како: Assanis, з.м.). (ЛИБИ, т. 3, стр. 257).

За кумано-влашкиот карактер на т.н. *Второ Бугарско царство* ќе го наведеме и сведоштвото на Ансберг, кое го дал во врска со преговорите помеѓу Петар како: '*господар на Власите*', кој му ветил на Барбароса четириесет илјади војска, составена од: '*Власи и Кумани*' (Исто, стр. 279).

Крстоносецот Вилардуен, третиот брат на Петар и Асан, го нарекол: '*Јован, кралот на Влахија*'. (*Бугарско воена уметност*, стр. 437).

За кумано-влашкиот карактер на т.н. *Второ Бугарско царство* пишува и Роберт Кларк. За нападите на Калојан во 1207 година, тој запишал:

*Не помина многу време, а Јован Влавот и Куманите навлегоа во земјата на солунскиот маркиз*. (Исто, стр. 420).

Дури и самите владетели на т.н. *Второ Бугарско царство* себеси се декларирале како '*господари на Власите*', што е уште еден доказ дека главниот збор во оваа држава го имале токму Власите. Како пример за ова ќе го спомeнеме архиеејот на тогашната Бугарска црква, епископот Василиј. Во едно од своите писма до папата Инокентие Трети, откако побарал Калојан да добие царска круна, тој запишал:

*Тој* (Калојан, з.м.) *и целото негово царство, како наследници на римската крв, имаат добро чуство на преданост кон Римската црква.* (ЛИБИ, т.3,стр. 314)".

Бидејќи на Балканот имало само еден православен народ, Рим него сакал да го покатоличи. Следи Рим со исламот од 1071 година да го ништи православието:

За православието бил надлежен само царот во Цариград, под кого била царската Цариградска патријаршија и Охридската архипепископија. Само тие биле канонски. За да има раздор во православието се мешал римскиот папа, кој немал баш никаква надлежност. Најдобар пример бил Самуил, на кого Рим му доделил круна за крал, дури за да го круниса во цар архиепископијата прераснала во патријаршија. Следи царот Василиј II Македонски да го руши царот Самуил и да ја поврати архиепископијата, која била под него, како што била Цариградската патријаршија.

Со крстоносните војни на насилнички начин Печката црква била одвоена од Охридската архиепископија, за крал таа станала архиепископија, а за цар патријаршија. Ама се тоа било под папата, а против царот и патријархот во Цариград. Следи Цар Самуил, Цар Душан...биле унијати, непријатели на македонското православие.

Најдобар доказ е и Бугарската црква, во која вмешал раце папата. Бидејќи се сакало да се има бугарски цар, Цариград бил принуден да му додели цар, но со ариепископија. Бидејќи царот немал своја патријаршја, всушност, тој и не бил цар. Во овој случај се бара да се има цар, а кого Цариград не дал, тоа го спровел само Рим.

„Зошто епископот Василиј тврдел дека населението во т.н. *Втора бугарска држава* носело во своите вени римска крв ? Македонскиот историчар Сариса Парасос оправдано тврди дека Калојан тоа го направил под влијание на влашките прве-нци во неговата држава. Имено, тие биле населени од Дакија на територијата на денешна Бугарија, Во тоа време во Дакија главно живееле потомци на Римјаните, поточно на оние Римјани, кои биле прогонети од Рим. (Ова е познат историски додаток. Да се потсетиме дека и Овидиј бил испратен таму на зачение). Потомците на овие Римјани, по крахот на Првото Бугарско ханство (царство) биле населени на територијата на денешна Бугарија. Токму тоа се споменатите *Власи*, кои го кренале анти-византиското востание и кои ја формираат т.н. *Втора бугарска држава*. Споменот за нивното славно римско потекло сé уште бил присутен кај нив и токму оваа состојба ја искористиле Василиј и Калојан за да упатат барања до папата, во кое пишувале дека во нив,т.е. во народот на нивната држава течела '*римската крв*'. Всушност во тоа барање едниот барал царска круна,а другиот титула на патријарх".

Романија го носи името на Ромеите. Таа била во тн.домовина на тн.Словени, во 6 век н.е., а овде се говори за потомци на Римјани со латински јазик. Меѓутоа, во таа држава службен бил само тн.старословенски јазик. Следи романскиот јазик е само мешавина на тн.словенски јазик со латински, во последните векови, види Вотсон. Всушност, романскиот јазик е вулгарен-латински од 19 век, никако инаку.

„Сепак, како што рековме, за оваа држава постојат и бугарски детерминирања, од кои некои веќе наведовме. Ова се должи на фактот што во оваа држава сепак живееле турко-монголските Бугари (иако веќе не биле доминантни како во Првото бугарско ханство). Видовме и дека Бугарите биле активни учесници во војската на цар Калојан (според документите за уништувањето на нашите градови и села од времето на овој цар, што веќе ги наведовме). За бугарските детерминирања на т.н *Второ бугарство царство* сигурно дека придонел и споменот на Првото Бугарско

ханство (царсво), на чија територија била формирана оваа, во основа, турко-влашка (но и бугарска) држава“. (Според ромејски извори, Бугари=Власи, Р.И.)

Уделот на Монголите кај Бугарите бил незначаен. Затоа тие денес се Белци.

„Поради овде изнесените факти, можеме да заклучиме дека во времето на Средниот век, во Бугарија веќе е профилиран лик на земјата, кој денес главно останал непроменет. Врз основа на цитатот од бугарските книги докажавме дека во ова време во Бугарија живеат неколку главни етникуми, и тоа: Власи, Печенези, Кумани, Татари, Тракијци, Анти и Бугари (кои подоцна во голем дел го прифатиле етнонимот *Гагаузи*). Секако дека подоцна во Бугарија се населуваат Турците. Поради сето ова, некои историчари (како, на пример спомenатиот Сариса Параос) сметаат дека главната етничка основа на денешните белокожни жители на Бугарија е турко-влашко. Сепак, имајќи го предвид фактот дека денешните жители на Бугарија зборуваат на *словенски јазик*, факт е дека во нив тече и одреден процент од крвта на т.н. *Бугарски Словени* (Анти), но и на Тракијците. Оттаму, никако не можеме да кажеме дека денешните белокожи Бугари се *словенски народ*, затоа што тоа би било во спротиност токму со историските податоци што ги пренесовме од бугарските книги, кои се однесуваат на создавањето на денешниот етнички лик на Бугарија, Практично, со текот на историјата, во одредени историски услови (главно во 19 век и тоа со обилна помош на Русите поради нивните интерси на Балканот), припадниците на повеќето различни етникуми на територијата на Бугарија го прифатиле турко-монголскиот етноним ‘*Бугари*’ како свое етничко име. Но, добар дел од овие етнукуми не си го заборавиле своето вистинско етничко потекло дури и денес. И денес во Бугарија отприлика се знае кој на кој етникум припаѓа, т.е. се знае кој е Влав, кој е Македонец, кој е Турчин, кој е *Славјанин* и сл. Ова значи дека денешната бугарска нација повеќе е политичка нација, отколку нација со бугарска етнчка основа“. (Државите со своите нации сите се политички, ниедна етничка, Р.И.)

Александар Донски сета книга ја пишел да докаже дека денешните Македонци и Бугари се наполно различни, што е и без основа. Ова се потврдува со јазикот, кој за него бил словенски, а не дека Илирите и Тракијците говореле еден ист јазик, кој бил и македонски, и еладски, дури атички: варварски=пелазгиски=тн.словенски.

„Во поновата историја и одреден број Македонци (поради познатите причини: пропаганда, денационализација и сл.) исто така го имаат прифатено турко-монголскиот етноним ‘*Бугари*’ како свое етничко име“.

Самиот поим Булгар=Вулгар, вулгар-латински (Франков...) и булгар-коине (еладски), означува народ. Бидејќи Охридската архиепископија била народна=булгарна, сите под неа биле Булгари. Сé до 1767 година Булгари биле Еладците со селаните од Атина-денес главен град, Власите (овчарите), Скиптарите (од скиптар)...

„Со целата почит кон процесот на прифаќањето на турко-монголскиот етноним ‘*Бугари*’ од страна на различните не-бугарски етникуми на територијата на денешна Бугарија, сакам да укажам на една апсурдна траги-комична состојба во сето ова. (Кон оваа состојба допринесува и книгата на Александар Донски, Р.И.)

Најнапред да се потсетимена масакрот што турко-монголскиот бугарски хан Крум го направил во Сердика (денешна Софија) врз етничките Тракијци. Се поставува прашањето: Каде се денес потомците на преживеаните Тракијци од Сердика (Софија), но и пошироко ? Јасно е дека Тракијците не испариле во воздух, туку тие

ја внеле својата крв и култура во крвта и во културата на денешните Бугари. Поради тоа воопшто не е чудно да се претпостави дека денешните белокожи (посебно русокоси) староседелци софијанци во извесна мера се потомци и на преживеаните Тракијци од бугарскиот масакр. Но, како се декларираат тие денес ? Верувале или не, тие денес се декларираат со етничкото име токму на убијците на нивните предци ! Денешните софијанци тврдат дека се етнички Бугари, а нивните предци биле жестоко масаркрирани токму од вистинските етнички (турко-монголски) Бугари !"

Значи, преостанатите Тракијците станале Бугари со словенски јазик- без ништо нивно тракиско !? И денешните Македонци се со словенски јазик- без ништо македонско, освен името !? До каде води ваквата историја, која е злосторничка !?

„Сличен е случајот и со пиринските Македонци, кои себеси се делкларираат како 'Бугари'. Мнозина од нив не знаат дека нивните предци од македонското племе Смолјани, своевремено воделе жестока војна токму против Бугарите за време на нападот на нивната татковина (денешна Пиринска Македонија) од страна на бугарскиот хан Пресијан. Македонците кои загинале во оваа војна против Бугарите ве ројатно ќе се превртат во гробовите ако разберат дека нивните секашни крвни потомци се декларираат токму како '*Бугари*', т.е. дека го носат етничкото име на нивните убијци- Бугарите на хан Пресијан !

Во прилог на ова ќе спомнеме дека и денешните белокожи жители на Бугарија не само што немаат никаква генетска врска со вистинските (турко-монголски) Бугари (кои припаѓале на жолтата раса), туку денешните Бугари немаат речиси ништо заедничко ни со културата на овој азиски етникум, чие етничко име денес го носат. Така, на пример, од старобугарската ономастика (која веќе ја наведовме) кај денешните жители на Бугарија се останати само неколку имиња, додека останатите ги нема. Нема ни трага од бугарската *мода* (бричена глава и шалвари) кај народните носии на мнозинството денешни жители на Бугарија, а така е и со други културни сегменти од нивниот живот. За разлика од нив, веќе го наведовме сведоштвото од проф. Ангелов дека речиси сите познати тракиски имиња до денес се останати среде жителите на Бугарија, а сигурно дека е така и со бројни други елементи од тракиското културно наследство. Па, зошто тогаш денешните Бугари не се гордеат со своето славно(макар и делумно)тракиско крвно потекло и културно наследство ? Тракијците биле еден од најстарите и најславните народи во Европа, кои далеку ја надминале културата на турко-монголските Бугари и сигурно дека тие многу повеќе го внеле својот крвен и културен прилог во денешната бугарска нација во однос на турко-монголските Бугари. Па сепак, тие се *запоставени* во денешната бугарска историографија за сметка на турко-монголските Бугари. Значи денешните Бугари ги запоставаат своите најславни етно-културни предци, а ги слават жолтокожите турко-монголски Бугари со кои (освен името) одвај дали имаат нешто заедничко. Тоа е вистински апсурд !"

Апсурд е да се гордеат Македонците и Бугарите со изчезнатите Македонци и Тракијци, со кои немаат ништо заедничко ! Па тие биле/се со „словенски јазик" !

„Но, наша должност е да ги почитуваме себедекларирањето на жителите на Бугарија, такво какво што е, иако декларирањето е едно, а етничкото потекло е нешто сосема друго и овие работи не секогаш се поклопуваат.

Откако докажавме дека денешните жители на Бугарија не се *чисти Словени*, да повториме дека ист е случајот и со припадниците на македонската нација. Име-

но, во создавањето на нашата нација рековме дека учествувале и античките Македонци, што значи дека ниту Македонците не се никакви *чисти Словени*.

Впрочем, да се тврди дека денешните Бугари и Македонци се *чисти Словени* би не одвело во водите до расизам (чисти народи, чисти раси и сл.)“.

Русите биле Рецкари- пишеле со рецки,а од 860 година од слово до Словени.

„Конечно, секој што подетално ќе го проанализира третманот на официјалната бугарска историографија кон етногенезата на сопствената нација (на пример, во периодот на 19 и 20 век) ќе забележи една интересна состојба. Бугарската историографија буквално го *менува* етничкото потекло на бугарската нација, во зависност од дневно-политичката потреба на државата. Така, на пример, во периодите кога Бугарија била блиска со Русија (СССР), во бугарската историографија доминира ставот дека Бугарија претежно се *Словени*. Но, во периодот на блиските односи помеѓу Бугарија и Германија, т.е. во периодот на заладувањето на односите помеѓу Бугарија и Русија (СССР), *словенството* било експресно напуштено, па била форсирана тезата дека Бугарите се ‘Хуно-Татари’ (за што веќе пишувавме кога го спомнавме случајот со организацијата РНБ од триесеттите и четириесеттие години од 20 век). (Германците не се откажуваат од Готите=Татарите: Хуни=Готи, Р.И.)

Што се однесува до состојбата денес, можеме да кажеме дека има разни струења во бугарската историографија во однос на теоријата околу етничкиот состав на денешната бугарска нација.Македонците со бугарско етничко *самосознание* (бугароманите) ја форсираат исклучиво *словенската* теорија за етничкиот карактер на денешната бугарска нација. Тие се сосема свесни дека во крвта на Македонците не тече крвта на турко-монголските Бугари, па затоа го форсираат исклучиво *словенството*, сакајќи по секоја цена да најдат некаков з*аеднички корен* со Бугарите (исто како што им пречат и античките Македонци, кои целосно отпаѓаат од бугарската етногенеза). На овие субјекти сакам да им препорачам што почесто да ја гледаат сликата со ликот на турко-монголските Бугари, која е прикажана на крајот од книгата, но и на предната корица. Се надевам дека ќе сфатат оти не можат да бидат *ет-нички Бугари*, а истовремено да се откажуваат од **вистинските** етнички Бугари.

*Словенската* теорија за етничкиот карактер на денешната бугарска нација наивно ја прифатија и некои наши историчари и други субјекти. Како единствена причина за тоа тие го наведуваат фактот што денешните Бугари зборуваат *словенски* јазик. Но, јазикот како фактор не може секогаш да се земе како аргумент за етничкото потекло на една нација. Да се потсетиме на денешните Бразилци, кои зборуваат португалски, иако нивното етничко потекло во огромен дел не е португалско. Иста е состојбата и со Ирците, кои денес зборуваат англиски, т.е. го зборуваат јазикот на народот со кој со векови имале непријателски односи. Вакви примери има уште многу во светот. Значи, нема ништо чудно во тоа разните етникуми во Бугарија да го прифатиле *словенскиот* јазик, заради полесна комуникација со соседите. Тоа не е доказ дека тие се *Словени*. Навистина не знам зошто овие наши историчари ги запоставаат историските податоци за етничкиот состав на населението во Бугарија, за кои досега пишувавме, а кои се многу порелевантни за одредувањето на денешниот етнички лик на денешните Бугари, отколку *аргументот* со *словенскиот јазик*“. (Словенска хипотеза,а не теорија,со која Донски не уништува..., Р.И.)

Авторот пиши: Словени и словенски јазик. Значи, изчезнале старите народи.

„Наспроти овие наши историчари (и за жал на македонските бугаромани), голем број Бугари, кои ги сметаат за свои иднички предци. Интернет е преполн со бугарски веб-страници, на кои се прикажуваа животот и потеклото на првите признати етнички предци на денешната бугарска нација-турко-многолските Бугари. Во оваа насока, во последно време во Бугарија забележани се и голем број печатени публикации посветени на турко-монголските Бугари, а забележани се и друг вид артикулации (па дури е обновен и старобугарскиот симбол со претстава на коњска опашка на постери и слично).

Неприкосновен доказ дека Македонците немаат никакви *бугарски етнички корени* е и фактот што ниту еден жител од македонските Склавини никогаш себеси не се декларирал како *Бугарин*, пред тие да бидат окупирани од страна на бугарската држава. Исто така, ниту една македонска Склавинија изворно не се нарекувала како *Бугарија*. Добро знаеме дека во тоа време административните творби обично се нарекувале според името на доминантниот етникум што живеел во нив, па според тоа, доколку нашите предци и навистина би биле Бугари, барем некоја од Склавините би се нарекувала Бугарија. Да потсетиме дека македонските Склавини биле независни  кнежества на територијата на Македонија (но не во Бугарија). Инаку, терминот *Склавини во Македонија* постојат уште од тоа време и за нив зборува уште византискиот хроничар Теофан“. (А.Донски само цитира- тој нема свој став, Р.И.)

Се зачудив читајќи: „македонските Склавини“.Значи, и без Донски Словени.

„Македонските Склавини речиси цели 200 години егзистирале во сосема поинаков свет и со сосема поинаква култура во однос на Бугарија. Тоа не биле само два сосема различлни етникуми, туку и две сосема различни и дијаметрално спротивни култури- во македонските Склавини доминирал духот на европската христијанска традиција, а во Бугарија доминирала бугарската паганска традиција и христијаните таму често биле прогонувани“.

Значи, во Македонија имало само 200 години Склавини=тн.Словени.

„Дури и бугарскиот историлар проф. Васил Златарски во цитираната *Историја на бугарската држава*... (стр. 51) сосем јасно ги издвојува македонските Склавини од бугарската држава. Тој дури го употребува и терминот *македонски Словени* како жители на македонските Склавини, и тоа повеќе пати во својата книга. Така, на пример, во врска со нападот врз една македонска Склавина од страна на визан-тискиот император Констанс II. Златарски пипшува:

...*Тоа најдобро го докажува преземениот поход од страна на императорот Констанс II (641-668) во 658 година против Славинија- така се нарекувала* ***земјата*** *што се наоѓала на западн од реката Струма и во областа на реката Вардар. Походот завршил со смирување на македонските Словени и со одведување на немал број од нив во заробеништво*“.

Само Славинија + к = Склавинија, без никакви Словени, никогаш непознати.

„Своите обиди за освојување на македонските Склавини Бугарите ги започнале дури во почетокот и средината на 9. век, но рековме дека само владетелот Бо-рис (852-889) успеал привремено да заземе поголем дел од Македонија. Сепак, има-јќи предвид фактот што бугарската власт на територијата на Македонија останала само привремено,а од друга страна и имајќи го предвид фактот што тогашната буг-арска држава опфаќала голема територија на речиси целиот централен Балкан, отп-аѓа секаква претпоставка дека и тогаш дошло до масовно

етничко мешање меѓу Македонците и Бугарите“. (Анти,Венети,Македонци,Тракијци и Бугари,кои ?!, Р.И.)

Македонија од 837 година е без Склавини: во Македонија областите биле наречени склавини, од 838 година имало само теми, Темани. Сите биле Обласници.

„**1.5 Безуспешни обиди на бугарската историографија во барањата на ‘бугарски етнички корен’ на Македонците**

Од сето досега изложено сосема е јасно дека на денешните бугарски историчари многу добро им е познат фактот дека никогаш во историјата не дошло до масовно крвно мешање помеѓу турко-монголските Бугари и македонското население, поради што денешните Македонци никако не можат да имаат **бугарски** етнички корен. (Впрочем, веќе наведовме апсолутни докази од антропологијата, кои дефинитивно го потврдуваат ова). Но, дури и наспроти здравата логика, дневнополитичките пропаганди потреби ги притискаат овие историчари сепак да го пронајдат ваквиот наводен заеднички етнички корен. (Антрополошки со борци на ДАГ, Р.И.)

Како пример за ова, ќе се вратиме повторно на учебникот од Владиков.

Најнапред да видиме што, според Владиков, се случувало на територијата на Македонија во времето на Големата преселба на народите. Уште на почетокот доаѓаме до еден преседан нечуен и невиден во науката. Имено, додека Владиков сосем оправдано староседелците во Бугарија (Тракијците) ги прикажува како составен дел од бугарскиот народ преку нивното мешање со нововојдените т.н. *бугарски Словени* (Анти), а подоцна делумно и со Бугарите- **тоа истото не го прави со античките Македонци !** За античките Македонци тој тврди дека сите до еден наводно *биле потиснати* веднаш по *појавата на Словените* во Македонија (!?) Тенденцијата е очигледна. Античките Македонци живееле исклучиво на територијата на Македонија (а не и во Бугарија). Според тоа, доколку Владиков би го признал емпирискиот факт дека античките Македонци се измешале со оние *Словени* што се појавиле на територијата на Македонија, тогаш целокупните бугарски хипотези за наводниот заеднички корен на Македонците и Бугарите би падналe во вода од проста причина што етничката мешавина во Македонија (антички Македонци и *Македонски Словени*) емпириски би била различна од онаа во Бугарија (Тракијци, Анти и Бугари), а подоцна и Татари, Кумани, Печенези и Власи). Затоа Владиков така лесно и дилетантски *го решава* проблемот со античките Македонци, па ноншалантно проглоасува дека тие до еден *биле потиснати* откако во Македонија *дошле Словените*. Во врска со ова Владиков пишува: (И А.Донски од него не бил полош, Р.И.)

*Древниот македонски народ е потиснат од Словените и тој веројатно се претопил во широката Византиска Империја.*

Значи, Тракијците во Бугарија не избегале од Антите и се измешале со нив, а нивните први соседи античките Македонци во Македонија сите до еден ‘*биле потиснти од Словените*’ и се распрснале како меур од сапуница низ широката Византиска Империја, претопувајќи се со сите народи во таа империја, само не и со *Македонските Словени*. Воопшто, привзраніците на хипотезата за турко-монголското бугарско етничко потекло на македонската нација како од оган бегаат и од самото споменување на античките Македонци како составен дел на македонската, но не и на бугарската нација и тие очигледно им претставуваат *трн в око*, па не знаејќи како да го решат проблемот со нив, прибегнуваат кон вакви несериозни конструкции. Надвор од логиката и здравиот разум е да се тврди дека античките

Македонци сите до еден избегале од Македонија кога овде се појавиле *Македонските Словени* (без разлика на нивното потекло, за кое веќе пишувавме). Напротив, тие не само што никаде не избегале, туку и се измешале со *Македонските Словени*, создавајќи ја етничката подлога на подоцнежната македонска нација, исто како што тоа го направиле и нивните соседи Тракијци во Бугарија, мешајќи се со тамошните Анти, а подоцна делумно и со Бугарите.(Донска конструкција за Македонците,Р.И.)

Конечно, бројот на античките Македонци во Македонија не бил ништо помал од бројот на Тракијците во Бугарија. Понапред цитиравме бугарски книги што ја опишуваат војната помеѓу Македонците и Тракијците и окупацијата на денешна Бугарија од страна на Филип и Александар Македонски. Па, ако Македонците биле толку малубројни што едноставно *испариле*, зарем тие ќе можеле своевремено да ја окупираат Тракија ? Зарем ќе можеле да окупираат и неколку милиони квадратни километри од светот и да ги припојат кон македонската држава ? Или: ако Тракијците останале како народ до Големата преселба на народите (но и потоа), зошто да не останале и Македонците, кои веројатно биле побројни од Тракијците и кои неколку векови пред тоа си имале стабилна и славна држава ? Но за бугарските пропагандисти сé е можно. Тракијците останале, а нивните први соседи- посилните и побројни Македонци-испариле (!?).(Преселбата на Белци на Балканот- без наод,РИ)

Понапред изнесовме голем број факти (сведоштва од византиски хроничари и сл.) што го потврдуваат присуството на античките Македонци во Македонија, паралелно со приусуството на *Македонските Словени*. Спомнавме и дека во македонскиот фолклор постојат голем број народни творби посветени за античко-македонската традиција, па на застапниците на бугарската пропагнда сами по себе им се наметнува прашањето: Како е можно оваа свест кај македонскиот народ за античко -македонското самоосознание и културна традиција, до колку античките Македонци навистина сите до еден *избегале пред налетот на Македонските Словени* ? Зарем византиските историчари лажат кога тврдат дека Македонците и *Македонските Словени* живееле заедно и тоа дури и во 10. век ?“ (За Донски сме Словени, И.Р.)

Македонците изчезнале- денес во Шкотска има македонски ритам 7 осмини.

„Сега да се вратиме повторно на Евгениј Владиков и да видиме како тој го *решил* проблемот со наводниот заеднички корен на Македонците и на Бугарите. Откако ги *брка* сите до еден антички Македонци од Македонија, тој во неа ги *населува* само *чистите Словени*. Значи, Македонија е без антички Македонци, населена со *чисти Словени*, подготвени за натамошни манипулации од страна на Владиков. (А.Донски говори само чисти Словени, затоашто тој во нив верува, Р.И.)

А сега следи упште еден беспримерен преседан од книгата на Владиков. Иако презентиравме древни бугарски извори, кои сведочат за војна (а не за сожителство) помеѓу Македонците (Смољаните) и Бугарите, Владиков го тврди сосема спротивното ! Така, во врска со овој период, на стр. 35 од својата книга пишува:

*Во 850 година, во времето на ханот Пресијан Македонските Словени, помешани со Бугарите, доброволно се присоединуваат кон бугарската држава во која живеат нивните браќа- Словени и Бугари.*

Како прво, рековме дека турко-монголските Бугари во Македонија **нема** во времето кога владеел Пресијан. Рековме дека единствено турко-монголскиот Бугар-ин Кубер со своето племе во 7 век накратко престојувал во Македонија (и

тоа не подалеку од Штип), но и дека набргу заминал оттаму заедно со своите Бугари и тоа кон Тракија, Цариград и Епир. За нивното заминување од Македонија цитиравме автентичен документ и тоа објавен во бугарска книга ! Па со какви тогаш *Бугари* во Македонија се порисоединиле Бугарите на Пресијан, кога такви во Македонија во-општо немало !? Да не се збунил Владиков ? И понатму, зарем не докажавме дека самиот автентичен Пресијанов натпис токму од тоа време зборува за војна, а не за сожителство (или некакво *доброволно присоединување*) помеѓу Бугарите и македо-нското племе Смолјани ? Па, ова е навистина смешно ! Самиот бугарски хан Пре-сијан ја негира современата бугарска историографија, а истовремено- таа го негира него (!?). Бугарската историографија тврди дека за време на неговото владеење на-водно дошло до *доброволно присоединување* помеѓу турко-монголските Бугари и жителите на Македонија, а тој- кутриот Пресијан- преку своите современици све-дочи дека ги испратил своите највидни војсководители во војна против македон-ското племе Смолјани, кои отприлика се предци на денешните пирински Македо-нци, од што може да се заклучи дека турко-монголските Бугари без војна тогаш не можеле да влезат дури ни на територијата на денешна Пиринска Македонија.Значи, или современиците на хан Пресијан лажеле кога уште во 9 век напишале дека овој хан војувал против Македонците, или денешните бугарски историчари лажат кога тврдат дека во негово време намало никакви војни, туку дека наводно дошло до *до-броволно присоединување* на Македонците и турко-монголските Бугари“.

Според А.Донски, „македонското племе Смолјани, кои отприлика се предци на денешните пирински Македонци“.Ова било затоашто Македонците изчезнале !?

„За да им објаснам уште појасно на недоволно упатените добронамерни читатели за што станува збор, ќе направам една дигресија со поновата историја. Сите знаеме дека Хитлер кон крајот на јуни 1941 година изврши масовен воен напад врз СССР. За тоа постојат низа автентични сведоштва, снимени материјали, документи и сл. Е, замислете си што ќе се случи, ако во иднина на некои германски историчари им текне да тврдат дека Хитлер не извршил никаков напад врз СССР, туку дека наводно во јуни 1941 година дошло до *доброволно и братско присоединување* на народите на СССР кон Германија (!?). Верувам дека ќе се насмеете, но истото го имаме и во случајот со бугарската историграфија“.

Тоа е државна политика, а ваква ние никогаш сме немале. Затоа А.Донски говори за Словени, кои и никогаш не постоеле. Да не се изуми, ние знаеме за пет вековно турско ропство, а денес во Турција се изучува, дека Турците го ширеле исламот, кој *доброволно* го прифатиле христијаните. Денешниот албански народ е со различно потеко, азиско на Арнаути и европско на Скиптари,а се учи тие биле еден народ. Тој исламски народ тврди дека Македонците отсекогаш биле православни, а сите муслимани во Р.Македонија...се Албанци. Затоа денес Албанци станале и Турците, Македонците со исламска вероисповед, Србите- православни..., дури Циганите. Тие тврдат дека, тие биле сожители кај нас, а од нив протераните од 2001 година дома не се вратени... Тие како ѕверови со ножеви ги режеле Мавровските работници...Ние нив ги направивме домородци, а само ние како Словени сме биле дошлаци. Дури во македонската историја дозволивме самите Власи да се напишат домородци во Македонија. Не случајно, Енциклопедијата на МАНУ иако беше проал-

банска, антимакедонска, ќе стане дури албанска. Во Скопје ќе има споменици и на Албанците, кои само како муслимани отсекогаш биле ѕверови врз православните...

Време е да прекинеме само други да обвинуваме: па по 1990 имаме држава.

„Конечно, дека за време на бугарскиот хан Пресијан не дошло до никакво *доброволно присоединување* помеѓу Македонците и Бугарите, т.е. нивно *претопување во еден народ*, ќе цитираме и еден подоцнежен византиски документ, преземен од Зборникот од документи и материали за Македония (БАН, Софија, 1978). Овој документ претставува извадок од делата на византискиот писател Јован Коменијат (напишани околу 904 година) и од него сосема јасно се гледа дека дури и педестина години по војната на Пресијан Македонците децидно биле издвоени од Бугарите. Овде читаме:

*Во средината на тоа поле има неколку населби. Некои од нив, а тоа се насе-лби на Драговитите и Сагудатите, данокот го плаќаат во Солун, а другите да-нокот го плаќаат на соседниот скитски народ, кој живее во близина... Сите оние населби одржуваат трговски врски со Скитите.* (Значи, ромејски и скитски, Р.И.)

Како дополнување на ова сведоштво во фуснота стои декаДраговитите и Сагудатите се *словенски племиња*, а Скитите се- *Бугарите*. Значи, според овој докуент, македонските племиња Драговити и Сагудати делумно плаќале данок на Византија, а делумно на Бугарите, кои биле нивен- **соседен народ !** Да се потсетиме дека тоа е почетокот на 10 век, што значи дека тоа е повеќе од половина век по нападот на Пресијан на Македонија и околу три века по припременото и краткотрајно населување на т.н. *Куберови Бугари* во Македонија. Секако, ако Македонците и Бугарите биле еден народ, овде не би биле одделно именувани како *соседни народи*.

Да заклучиме дека заради дневнополитичките потреби бугарските историчари и публицисти се готови дури и самите да си ги негираат сопствените древни и драгоцени сведоштва за нивната историја. Дали малубројните приврзаници за хипотезата за турко-монголското бугарско етничко потекло на македонската нација кај нас, кои лекомислено и некритички ја прифаќаат бугарските историографи (барем кога е во прашање Македонија), воопшто забележуваат вакви *бисери* ?“

Пак, ние немаме ништо- ние сме Словени дојденци од Свемирот/Утробата. Оваа претстава е на берлинско-виенската школа, тн.Германи, со потекло Склавини.

„**1.6. Кратко резиме**

Од сето досега изнесеното може да заклучиме дека Македонците никогаш немале бугарски етнички корени. Турко-монголските бугарски ханови (т.е. најдлабоките официјални признати жили на етничкиот *корен* на денешната бугарска нација): Телец, Токту, Паган, Омуртаг, Винех, Умор, Телериг, Кубрат и другите никако не можат да бидат првите крвни предци, т.е. најдлабоките *жили* од етничкиот *корен* на денешната македонска нација, затоа што добар дел од нив немале ни стапнато во Македонија, а некои од нив и жестоко војувале против македонското население. Првиот признат владетел на денешната бугарска нација (т.е. најдлабокиот бугарски *етнички корен*) ханот Кубрат, не само што нејверојатно никогаш во животот немал ни слушнато за Македонија, туку тој немал ни стапнато во Европа, бидејќи сиот свој живот (исто како и неговите предци) си живеел во својата татковина Азија. (Таму Белците однеле свои традиции, имиња, руни... и дативното у, Р.И.)

Значи, Македонците и да сакаат не можат да бидат Бугари, бидејќи тие немаат бугарска крв во нивните вени. Впрочем, дека овие емпириски докажани етногенетски разлики помеѓу Македонците и Бугарите не претставуваат ништо ново, пишувале и низа македонски и странски дејци од 19. и 20. век, т.е. во времето кога веќе научно почнале да се докажува бугарската етногенеза. Така, на пример, австрикиот истражувач Карл Хрон, кој извесно време работел и во Македонија, во статиата што ја објавил во Виена во 1890 година меѓу другото, напишал:

*Како заклучок на моите лични истражувања дојдов до сознанија дека Македонците, според својата историја и според својот јазик, претставуваат посебна националност... Тие многу порано се населиле на Балканскиот Полуостров во однос на српската и бугарската инвазија и подоцна тие не се измешале со ни една од овие две нации.* (Карл Хрон: *Народноста на Македонските Словени*, во превод на македонски, Скопје, 1966). (А.Донски профаќа, ние сме биле Словени, Р.И.)

Уште подецидно во оваа смисла е рускиот учен А. Ф. Ритих, кој во 1914 година во врска со етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите констатирал:

*Во времето на Симеон Бугарски, Склавинијата Берзитија била покорена од него, но таа зависност траела кратко време и тоа не значи дека Македонија станала Бугарија.* ***Во македонскиот народ нема ни капка монголска крв, како што има во Словените од денешна Бугарија и таа повеќе отколку што е потребно.*** *Ова се потврдува и од името на нивниот народ и делумно од нивниот антрополошки тип, кој потсеќава на нашите Печензи, Јазиги, Авари и нивните роднини Бугарите* (подвлекувањата се мои, з.м., преземено од *Македонски голос*, година II, бр. 11, од 20.09.1914, Петерсбург) (...бург=булг=булгар=вулгар, народ, Р.И.)

Дека и бројни Македонци од 19. век биле свесни за етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите, па дури понекогаш и жестоко ги артикулирале, сведочи бугарскиот деец П. Славејков. Тој прилично добро ја познава Македонија, па во својата статија *Македонското прашање*, објавено во јануари 1871 година во својот весник *Македонија*, пишува:

*Некои македонисти се делат на себеси од Бугарите и велат дека тие се чисти Словени, додека Бугарите се Татари.*

Во контекст на ова ќе ја спомeнеме и изјавата на високиот турски претставник Али-паша, кој во преговорите што ги водел со истакнатите бугарски дејци Чомаков и отец Аверij околу формирањето на Бугарската егзархија (околу 1865 година) на Бугарите им рекол:

*Вие добро знаете дека ние Турците и вие Бугарите имаме иста крв и дека и ние, а и вие, не сме Словени...* (Бригите ги создале Анадолија и Ерменија, Р.И.)

Впрочем, и самиот Чомков сметал дека Бугарите со со турко-татарска крв и дека *словенскиот јазик* им е само надворешно облежје. Тој бил предводник на туркофилската струја во Бугарија, која (поради своите убедувања дека Бугарите се Турки) барала поблиски односи со Турција“.

Денешните Турци се Белци, а нивниот јазик е турски=монголски- страшно.

Османовиот јазик не бил турски, туку персиски јазик со монголски зборови.

## II. МАКЕДОНЦИТЕ ВО СРЕДНИОТ ВЕК

„Откако ги докажавме етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите, т.е. непостоењето на каков и да е наведен бугарски етнички корен на македонската нација, да разгледаме накратко и некои поинтересни моменти од Средниот век, поврзани со македонската народносна самобитност, но и односите помеѓу Македонците и Бугарите во овој период.

Еден од наводните *аргументи* што ги застапуваат странските антимакедонски пропагандисти од сите бои е дека наводно Македонците како народ воопшто не се споменувале во подалечната историја како жители на Македонија. Ќе направиме избор од интересни автентични историски цитати, преку кои ќе видиме дека, и покрај тоа што во Средниот век (главно по турската окупација на Македонија) нашиот народ во турските документи бил именуван како *раја* или како *христијани*,сепак постојат не мал број странски документи и сведоштва од тоа време, во кои нашиот народ е именуван и како Македонци. Да наведеме некои од нив.

Терминот *Македонци*, и тоа во етничка, а не во географска смисла, се среќава уште на самиот почеток од Средниот век, непосредно по Големата преселба на народите. Веќе го цитиравме визатискиот документ од 586 година (за опсадата на Солун), каде што се зборува за постоењето на Македонците како доминантен народ во Македонија. Го цитиравме и документот од 904 година, во кој Јован Каменијат за градот Солун запишал дека е *најголемиот град на Македонците*. Овде секако е и цитиратот од Лав Ѓакон од 10 век, во кој тој ги споменува Македонците како жители на Македонија, а така ги спомнуваат и Теофановиот продолжувач за походот на Никифор Фока (10 век), Константин VII Порфирегенит (913-959) и други.

### 2.1. Заземањето на Македонија од страна на Бугарите

Историјата зборува дека сепак дошло до привремено завладување на македонските Склавини од страна на бугарската паганска држава. Овој факт официјалната бугарска историографија (конкретно Владиков) го користи како доказ дека Бугарите- исто како што од Азија се населиле во Бугарија- во овој период се населиле и во: *‘...Македонија и Тракија, каде што наполно се измешале со тамошните Словени и со остатоците од древното балканско население.’*

Сосема е јасно дека по привременото заземање на Македонија од страна на Бугарите практично било неможно тие да се претопат со македонското население. Доказ за ова е фактот што во тоа време Бугарија зафаќала голем простор на централниот Балкан, вклучувајќи ги денешните територии на цела Романија, цела Србија, голем дел од Албанија, дел од Грција, дел од Унгарија, дел од Босна, дел од Хрватска, дел од Македонија и други. Секаде низ тие простори имало бугарска власт и нелогично е да се тврди дека тоа привремено бугарско владеење во сите тие области настанало етничко бугарзизирање. Или, уште подецидно: да се тврди дека во времето на тоа привремено владеење на Бугарите во Македонија дошло до симбиоза помеѓу нив и македонското население е исто како да се тврди дека дошло до симбиоза помеѓу Бугарите и жителите на сите споменати територии што привремено ги освоила Бугарија, а тоа е бесмислено дури и да се помисли. Тенденциозното кај Владиков е што тој не тврди дека турко-монголските Бугари (како што ги нарекува тој: *Прабугари*) се измешале со кои и да било други балкански народи (кои тогаш Бугарите ги владееле), туку тоа го тврди само за Македонците (!?). (Овде дури и не треба повторно да ги повторуваме антрополошките докази, според кои, до колку турко-монголските Бугари, т.е. *Прабугари* и навистина се *измешале* со македонско-

то население, денешните Македонци би имале антрополошки црти и од припадниците на жолтата раса).

Конечно, малку е познат податокот дека поголемиот дел од Македонија временски бил под бугарска власт само нешто повеќе од 110 години, т.е. исто колку што била и Албанија под бугарска власт. Романија, пак, била уште подолго под бугарска власт, па зарем тоа значи дека денешните Албанци и Романци се етнички Бугари ? (Подетално кај акад. Блаже Ристовски: *Македонија и македонската нација*, 23). (Албанија била бригиска=брзјачка, дури таа секогаш била македонска, Р.И.)

**2.2. Македонците и Бугарите во Кирило-Методиевото време**

Сега да кажеме неколку збора и за времето на светите браќа Кирил и Методиј, со кои исто така се манипулира во бугарската историографија. За нив, симлифицирано кажано, ставот на денешната бугарска истриогафија гласи дека тие наводно биле *етнички Бугари* и дека книжевниот јазик што го создале бил *старобугарски* јазик. За негирање на ваквите тврдења повторно ќе ја повикаме на помош емпириката.

Најнапред да присетиме дека периодот на најзначајната дејност на светите браќа Кирил и Методиј бил некаде од 863 година (Великоморавската мисија) и тоа е општопозната. Неупатените приврзаници на хипотезата за бугарското потекло на македонската нација, кои манипулираат со вој период веројатно многу ќе се изненадат поради нотрорниот факт дека во времето кога се зачнати почетците на *словенската* писменост, повеќето етнички Бугари сé уште не знаеле ни да зборуваат (а камоли да пишуваат) на т.н. *словенски јазик !* (Овој термин го ставам во курзив, затоа што спомнавме дека во Бугарија од генот на Венетите, главно биле населени Антите, а не *Словените*. Освен тоа, рековме и дека за нивното потекло има разни теории)) ! Прв позначаен етнички Бугарин, кој, заедно со своето семејство почнал да го учи *словенскиот јазик* бил бугарскиот хан (кнез) Борис. Тој почнал да го учи *словенскиот јазик* дури откако го примил христијанството во 866 година- значи најмалку **цели три години** по Великоморавската мисија на светите браќа, т.е. **по** времето кога бил создаден т.н.*словенски книжевен јазик*".

А Анти=Анти, Венети=Венети и Склавини=Склавини;хан (кнез=кнежество).

„Овде ќе внесам мало дополнување околу терминот *старословенски јазик*. Дека овој јазик бил создаден врз основа на македонскиот говор од околината на Солун- тоа е повеќе од јасно. Поради тоа, најправилно би било овој јазик да се нарекува *старословенски* или *црковномакедонски јазик*.Но,поради фактот што овој јазик (како книжевен) го прифатиле и други народи, во светот сé уште се практикува терминот *старословенски јазик*. Значи, секаде каде што во оригиналните документи или цитати се споменува, *старословенскиот јазик*, тоа де факто се однесува за старомакедонскиот јазик, т.е. јазикот на кој тогаш зборувале нашите предци околу Солун. (Тн.старословенски јазик бил склавински=тн.словенски јазик, Р.И.)

Дали и колку во овој јазик има влијание античкиот македонски јазик и дали во него се вклучени некои графеми од овој јазик (ако се повикаме на претходно изложените теории за античкото потекло на *Словените*), како и дали е тоа модифициран јазик на древните балкански Пелазги- тоа ќе го оставиме за натамошни истажувања". (Склавини=тн.Словени- варварски=пелазгиски=тн.словенски јаз., Р.И.)

Македонците биле Пелазги,а склавинскиот јазик бил пелазгиски. Тој бил варварски, а Вавари биле Македонците. Нивниот јазик бил варварски и во 10 век н.е. Македонците и Склавините говорел 100% ист јазик, што А.Донски не го прифаќа.

„Инаку, Солун во тоа време (а и подоцна) немал никакви контакти со паганска Бугарија. Тоа биле две сосема различни света, две сосема различни култури: христијанска и паганска, кои главно негувале непријателство помеѓу себе. Оттаму навистина е нелогично тврдењето дека овој јазик (создаден токму врз основа на солунскиот говор) бил *старобугарски*.

Сега да се вратиме на следењето на историските настани.

По покрстувањето на бугарскиот кнез Борис (иако со тешкотии) почнало и масовното покрстување на Бугарите. Бугарите, паралелно со своето покрстување, го учеле и *словенскиот јазик*. *Словенски* учело и семејството на синот на Борис, послешниот цар Симеон. Симеон, за да го забрза прифаќањето на *словенскиот* (старомакедонскиот) јазик од страна на Бугарите, во 893 година на Соборот во Преслав го прогласил овој јазик за официјален јазик во Бугарија. Ова значи дека *старословенскиот* (старомакедонскиот книжевен јазик, преку државен декрет бил воведен како официјален јазик во Бугарија **речиси цели 30 години** по неговото создавање во Македонија ! Според ова, до бугарските историчари само по себе се наметнува логичното прашање: ако *старословенскиот* (старомакедонскиот) јазик навистина бил *бугарски*, зарем Бугарите би чекале цели 30 години од неговото создавање за да го воведат во својата држава ? (Декрет=де крет, Р.И.)

Впрочем, Бугарите тогаш си имале официјален јазик во својата држава. Прв официјален јазик во Првото бугарско ханство бил турко-бугарскиот јазик. Веќе го наведовме Пресијановиот натпис,кој бил напишан на овој јазик.Подоцна официјален јазик во Бугарија е грчкиот јазик.(Не грчки туку македонскиот јазик коине, Р.И.)

За постоењето на грчкиот јазик, како официјален јазик во Бугарија ќе посочиме сведоштво од академикот Тодор Павлов,кој на21.05.1969за време на отворањето на симпозиумот во чест на 1100 годишнината од смртта на св. Кирил и Солунски истакнал дека во Бугарија официјален јазик бил грчкиот јазик и грчката писменост сé до 893 година, кога на Преславскиот собор се донело решение тие да бидат заменети со *словенскиот* јазик и писмо. (Ѓорѓи Поп-Атанасов, цит. дело, стр.47).

Практично, *словенскиот јазик* бил трет по ред официјален јазик во Првото бугарство ханство (царство). (Хан=кнез, кнежество, Р.И.)

Меѓутоа, прифаќањето на овој јазик се одвивало со голем отпор од страна на Бугарите, кои не сакале туку-така да се откажат од својот мајчин старобугарски (турко-бугарски) јазик. Доказ за ова е податокот презентиран во трудот на Р. Сефтерски *Славяно-прабългарски взаимоотношения в българските земи од 7. до 11, век* (София 1982), во кој се тврди дека турко-бугарскиот јазик останал како говорен јазик дури до 12 век (а некои историчари тврдат и уште подоцна).

Ова значи дека етничките турко-монголски Бугари како засебна целина си живееле и по 12 век (а видовме дека така било и подоцна), што во спротивност со тврдењето на Владиков и други, според кое наводно Македонците и Бугарите станале *еден народ* уште во 9 век !

Поради сите овие причини, навистина е несериозно, па дури и смешно тврдењето дека најстариот *словенски* книжевен јазик бил старобугарскиот, т.е. дека Бугарите нам ни го дале јазикот. Веќе видовме дека голем дел од етничките турко-

монголски Бугари, токму заради заштита на својот вистински старобугарски јазик (кој јазик докажавме дека бил сличен со денешниот татарски јазик), со не мал отпор го прифаќале *словенскиот* говорен и книжевен јазик. И овој јазик (како впрочем и христијанството) на Бугарите им бил наметнат речиси сосила, преку државен декрет.

Интересен е податокот што од првиот период на *словенската* писменост во Бугарија нема зачувани биту еден ракопис. Некои претпоставки одат до таму што се смета дека лично цар Симеон подоцна го забранил *словенскиот јазик* во Бугарија, во замена за царската круна од Рим, но и ова останува за натамошни истражувања. (Значи,Рим од самиот свој почеток се мешал во православието-го ништел, Р.И.)

Впрочем, дека Бугарите го примиле книжевниот јазик од Македонците јасно пишувале повеќе дејци низ историјата. Така, на пример, хрватскиот славист Ватрослав Јегиќ (иако имал одредени заблуди во врска со македонско-бугарските, но и со хрватско-српските односи, залагајќи се за создавање на заеднички *словенски* народ), во својата статија , под наслов: *Историја на книжевноста на хрватскиот и српскиот народ*, која ја прочитал како свое прво предавање на ЈАЗУ на 05.06.1867 г., и која истата година била објавена како засебна книга, пишувал и за Кирило-Методиевото време. Притоа тој напишал дека.

*Оттука* (од Македонија, з.м.) *со себе во светот ги понесоа браќата Константин и Методиј јазикот на својот град и на својата татковина, јазикот на Словените солунски, како и јазикот на сите оние кои живееле во Македонија*.

Јагиќ, Бугарите од тоа време ги нарекува *‘Азијатски Бугари’*, а во продолжение пишува дека кога тие ја рашириле својата држава на Балканот (цитат): *‘...македонско-словенскиот јазик завладеал со целата бугарска држава’* (Д-р Фрањо Туѓман: *Хрватското национално движење и Македонското прашање*, ЈАЗУ, сп. Форум, Загреб, 1970).

Дури и Григор Прличев, иако бил под влијание, прво на грчката, а потоа и на бугарската пропаганда (посебно подпаѓајќи под влијание на лагата дека Бугарите се *чисти Словени*), во една прилика изјавил: (Од 1767 година само Грци, Р.И.)

*Вие браќа Бугари, што сте ја добиле верата и просветата од Македонија, слушате ли што прават пропагандите од Македонците ?*

Овде сакам да укажам на уште еден очајнички обид на веќе споменатите приврзаници на *словенската теорија* за потеклото на бугарската нација.Имено, некои од нив тврдат дека во времето на Првото Бугарско ханство (царство), не само турко -монголските Бугари, туку и самите т.н. *Бугарски Словени* (Анти) биле етнички Бугари (!?). Ова е апосурдно и да се помисли. Како е можно во исто време да постојат два вида етнички Бугари- едните припадници на жолтата, а другите- припадници на белата раса ? Та, колку видови етнички Бугари имало тогаш ? Или, ако т.н. *Бугарски Словени* (Анти) биле *етнички Бугари*, зошто не се декларирале како такви уште пред доаѓањето на Бугарите од Азија ? Значи, единствените етнички Бугари тогаш си биле турко-монголските Бугари, а т.н. *Бугарски Словени* тогаш биле само географски ‘Бугари’, во смисла на жители на Бугарија, т.е. на Првото Бугарско ханство (царство). Впрочем, и бугарскиот историчар проф. Ангелов тврди дека во документите од 9 век Бугарите и *Словените* (Антите) во Бугарија се споменуваат како два одделни народи.

Сето ова уште повеќе ја потенцира апсурдноста на тврдењето дека Македонците во 9 век да станале *еден народ* со Бугарите. Таков процес не постоел ни во самата Бугарија, помеѓу Бугарите и Антите, а камоли во Македонија.

Да го кажеме и тоа дека бугарскиот хан (кнез) Борис немал никаква врска со христијанството во времето на создавањето на т.н. *словенска азбука*, која сепак била создадена за потребите на оваа вероисповед".

Значи,хан бил само кнез за кнежество,а не царство.Следи македонската династија на Бугарите им доделила круна цар, со архиепископија, но без патријаршија.

„Што се однесува за тврдењето дека светите браќа биле *етнички Бугари*, тоа, најблаго речено, е бесмислено ! Како е можно светите браќа да биле *Бугари*, кога се знае дека лично свети Методиј речиси цели десет години бил доверлив византиски стратег на границата помеѓу Византија и Бугарија, и тоа со главна задача- да ја заштити Византија токму од паганските турко-монголски Бугари, кои во тоа време го воделе главниот збор во Бугарија ?

Конечно, дека не сите бугарски автори тврдат оти етничкото потекло на светите браќа Кирил и Методиј било *бугарско*, најдецидно сведочи извадокот од веќе цитиранатата официјална Историја на Бугарската црква од Станимиров, во која на страница 49 за етничкото потекло на светите браќа пишува:

*Двајцата браќа Кирил и Методиј, поради големите заслуги што ги направиле за просветувањето на Словените, се наречени: словенски просветители и сло-венски апостоли. Тие биле родум Словени од градот Солун. Татко им се викал Лав, а мајка им Марија...* (Солун бил во темата Македонија, не во Склавина, Р.И.)

На Станимиров совршено му било јасно дека Кирили-Методиевото време Бугарите и *Словените* биле два сосема различни народа, па во контекст на тоа, светите браќа ги именува токму како *Словени*, а не Бугари, бидејќи вистински етнички Бугари (турко-монголските Бугари) тогаш во Солун немало. Впрочем, ако светите браќа биле етнички Бугари, тогаш книжевниот јазик што го создале би бил сличен на чувашкиот или татарскиот јазик и тој јазик воопшто не бил разбирлив за Словените од другите *словенски земји*.

Од друга страна, етничкото детерминирање *Словени* секако упатува на Македоците, па во нашата наука светите браќа конечно без комплекси треба да се детерминираат како етнички Македонци. (**Антички=етнички Македонци**, Р.И.)

Дури и за нивниот татко Лав некои македонски историчари сметаат дека бил етнички Грк (!?). Дека и ваквото тврдење е бесмислено ќе покажеме во продолжение. (**Живосуштество Грк немало, туку Македонец; Словенот бил мајмун**,Р.И.)

Рековме дека во Солун (но и во Македонија) никогаш не дошло до масовно населување на етничлки Грци. Уште од старите времиња Солун отсекогаш бил населен со антички Македонци. Се разбира дека некои од нив, поради разни околности, биле нарекувани како Грци, Ромеи и сл.,но факт е дека тие си биле етнички антички Македонци. Притоа, мнозинството солунчани дури и околу еден век по раѓањето на таткото Лав, себеси се декларирале како Македонци ! Доказ за ова е веќе цитираниот византиски документ од 10. век, даден од историчарот Јован Камениј-ат,кој вели:*'Солун... е првиот и најголем град на Македониците !'*

Па како е тогаш можно Лав да биде Грк, а сите негови сограѓани Македонци ? Доколку и понатаму се тврди дека таткото на светите браќа бил етнички *Грк*, се создава еден збунивачки и нелогичен редослед за етничкиот состав на Солун".

Збрките ги создава А.Донски и како него.Македонците од Латините биле наречени Греики=Дојденци во Јужна Италија, откаде ги бракале. Меѓутоа, ова Македонците, кои како Римјани биле Ромејци, не го прифаќале: Лео + в = Лево=лев о.

„Според ваквиот редослед, во времето на античка Македонија во Солун живееле Македонци, но во 9 век (т.е. во времето кога се родил таткото Лав) во истиот овој град живееле- *Грци* (!?). И конечно, еден век подоцна (10 век), во Солун повторно почнале да живеат Македонците (!?). Ваквите бесмислици индиректно ја прифатија повеќемина наши историчари (па дури и политичари), кои тврдат дека таткото на светите браќа бил етнички *Грк* (!?). Сите тие треба да знаат дека во Солун никогаш не дошло до масовно населување на Грци. Според тоа, етничките Грци во Солун во 9 век- немало.Посебно затоа што дури и во 10 век Солун сé уште бил третиран како најголем град на Македонците. (Македонци=тн.Грци, Ромејци, Р.И.)

Од сето ова заклучокот се наметнува само по себе. Огромното мнозинство жители на Солун (но и на Македонија), кои во тоа време биле нарекувани *Грци, Ромеи* и слично, всушност биле крвни потомци на етничките антички Македонци. Значи, таткото на светите браќа (како жител на Солун) не можел да биде ништо друго освен крвен потомок на античките Македонци, без разлика на тој кој јазик тогаш се зборувал и како бил нарекуван од другите. Таква била и нивната мајка Марија, која исто така потекнувала од старо македонско благородничко солунско семејство. Од сето ова произлегува дека светите браќа се чисти етнички Македонци и како такви треба да бидат третирани во науката, кога се зборува за нивното етничко потекло.(Македонци со варварски=пелазгиски=склавински=тн.словенски јазик,Р.И)

Што се однесува за денешното славење на светите браќа Кирил и Методиј не само во Бугарија, туку речиси и во цела Европа,тоа нас Македонците треба да не радува, бидејќи светите браќа се наши, македонски етнички и културни предци. Се разбира, доколку тоа славење не се злоупотребува преку искривување на вистината за нив. (Солунските Браќа се на сите Белци со склавински=тн.словенски јазик, Р.И.)

Да кажеме збор-два и за уште некои малку познати моменти во врска со Кирило-Методиевото време, за кои денес во Бугарија се избегнува да се зборува во пошироката јавност. Овие моменти упатуваат на претпоставката дека Великоморавската мисија најверојатно била мисија со изразено анти-бугарски карактер (ваквата претпоставка за првпат во нашата јавност ја презентира акад. Блаже Ристовски) ! Од каде пак сега ова ?(Името Морава е пренесено од Балканот во континентот.Р.И.)

Денес од пошироката јавност во Бугарија се крие еден мошне значаен момент што ќе ги изненади и мнозина неупатени наши чинители. Имено, се работи за фактот дека токму во времето на Великоморавската мисија, што ја презеле светите браќа Кирил и Методија, Бугарија се наоѓала во војна со Великоморавија, т.е. со државата на која отишле да и укажат помош солунските свети браќа !

Во тоа време интересите во Централна и во Југоисточна Европа биле поделени главно помеѓу германската држава (на чело со Људевит Грмански) и Византија. Некаде помеѓу нив се наоѓале *словенска* Великоморавија и паганска Бугарија. Германија (Франките) претендирала на Великоморавија, поради што вршела чести воени упади на нејзината териотрија, а се обидувала и духовно да влијае врз населението, т.е. да го германизира. Во ваквите обиди Германија и понудила воен сојуз на Бугарија. Оваа ја прифатила понудата на Германија, поради што Борис во 863

година и објавил војна на Великоморавија. На великоморавскиот кнез Ростислав не му преостанало ништо друго освен да побара воена и духовна помош од тогашниот најсилен германски и бугарски ривал- Византија. Византија, се разбира, поради своите конфронтрации со тогашна Бугарија, со задоволство му ја укажала помошта на Ростислав. Затоа во 864 година Византија и објавила војна на Бугарија. Откако војнички го поразила Борис, го принудила да го раскине договорот со Германците и да се откаже од војната против Великоморавија".(Франките биле до Дунав...,Р.И.)

Се говори за германизирање. Такво до 19 век никогаш немало, туку само покатоличување. Тоа почнало од 8 век, кога Бонифациј просторите источно од реката ги покатоличувал.Тие биле 100% склавински со тракиски традици-Словени се лага.

„Што се однесува за духовната помош против германско-бугарскиот заговор против Великоморавија, Византија ги испратила светите браќа за да ги поучат великоморавските *Словени* да пишуваат на *словенски*, како заштита против германизирањето". (Никако неандерталско-мајмунски Словени, туку само Склавини, Р.И.)

Германците биле само Склавини, а со германски јазик бил само во 19 век.

„Значи, да заклучиме дека антибугарскиот карактер на мисијата на светите браќа може да се согледа преку следниве моменти:

1) Светите браќа биле упатени како помош од страна на Византија во Великоморавија- земја против која тогашна Бугарија војувала !

2) Светите браќа било лојални граѓани на Византија (доказ: високото место што свети Методиј го имал во воената структура на Византија, а овде е и нивното одредување како доверливи личности во Великоморавската мисија), а во тоа време нивната татковина Византија се конфронтирала и војувала против паганска Бугарија. (Браќата биле Ромејци=тн.Византици, Македонци со склавински јазик, Р.И.)

3) Во паганска Бугарија во тоа време христијаните биле прогонувани, а светите браќа пошле токму во христијанска мисија и тоа како помош на тогашниот бугарски воен непријател- Великоморавија !

**2.3 Бугарите со отпор го прифаќале своето христијанство**

Сега да кажеме нешто во врска со христијанизирањето на етничите Бугари што се случило неколку години по Великоморавската христијанска мисија, т.е. по создавањето на старомакедонслиот јазик.

Првите турко-монголки Бугари што почнале да го прифаќаат христијанството биле оние војници, кои, по покорувањето на т.н. *бугарски Словени* (Анти), воделе пленици во својата земја. Меѓу тие пленици не бил мал бројот на христијаните што ги убедувале своите господари Бугари да го прифатат христијанството. Сепак, мнозинството Бугари му се спротиставувале на христијанството. За отпорот на турко-монголските Бугари кон ширењето на христијанската вера и за прогонот на христијаните (посебно во времето на бугарскиот хан Омуртаг) пишувавме претходно. Овде би сакале да се задржиме на процесот на примањето на христијанството од страна на Бугарите.

Ако се консултира бугарската историска литература, ќе се види дека христијанизирањето на Бугарите одело со големи отпори од страна на бугарската аристократија, но и на обичниот народ. Во врска со ова, наместо мој коментар, предлагам повторно цитат од официјалната Историја на Бугарската црква од Станимир Станимиров, каде што авторот најпрвин пишува за причините за покрстувањето на владетелот Борис: (Неговото име било Борис да се бори,а не владее:Владимир,Р.И.)

*Во времето на царувањето на царот Борис (852-889)... бугарскиот кнез и народот ја примиле христијанската вера. Во Бугарија почнале да се шират христијански храмови, а идолите и паганските објекти почнале да се рушат. Се прашуваме: кои причини го натерале Борис да се покрсти ? Нема никакво сомнение дека на прво место меѓу причиите што го натерале Борис да се покрсти треба да го прифатиме неговото убедување во вистиноста на христијанската вера и лажливоста на паганството... Заедно со личните интереси, овде е и политичкиот интерес, како едно од причините за неговото покрстување...* (Кнез без патријарх,РИ)

Меѓутоа, иако Борис се покрстил поради личното убедување (но и поради политички причини), покрстувањето на Бугарите воопшто не одело така лесно, па Станимиров пишува:

*Кога царот Борис се вратил во претстолнината му заповедал на народот да се покрсти. Меѓутоа, некои од болјарите, кои биле чисти потомци на Аспаруховите другари и фанатични приврзаници на паганската вера, го кренале народот на бунт. Тие зборувале дека штом Борис станал христијанин, тој отстапил од прадедовската чест и слава, воведувајќи лош закон. Тие го заплашувале народот со зборовите дека секој што ќе ја прими христијанската вера, по смртта ќе биде строго казнет, дури и за најмал грев. Понатаму тие зборувале дека новиот недобар закон (христијанската вера) е лош дури и за живите, бидејќи усложнува многу нешта, кои во стариот добар закон (паганската вера) биле едноставни. На при-мер, христијанството не дозволувало полигамија, наложува пост итн. Убеден од овие зборувања, народот една ноќ востанал и го опсадил царот Борис во неговиот дворец. Востаниците имале намера да го симнат Бориса од престолот и на не-гово место да стават друг цар што ќе биде приврзаник на паганската вера и не-пријател на христијанството. Тие не се сомневале во својот успех, бидејќи знаеле дека кај Борис нема војска. Кога Борис слушнал за приближувањето на востани-ците, успеал да собере вкупно 38 души војници што се нашле во дворецот. Притоа на еден од нив му дал да носи крст напред, а самиот тој застанал на чело на вој-ниците. На помош му дошле и седум свештеници, кои со запалени свеќи во рацете и со свечени одежди, тргнале пред војниците. Храброста што ја покажал Борис и чудната ноќна процесија ги уплашила востаниците... Некои од нив, кога ги виделе свештениците со запалени свеќи во рацете, помислиле дека кон нив се приближува еден цел запален град... Уплашените востаници не успеале дури ни да се разбегаат. Многу од нив паднале на земјата, мислејќи дека ќе се сокријат ако си ги забодат лицата во правот. Борис им заповедал на војниците да ги уапсат болјарите, а на народот му заповедал да се разотиде. Фатените болјари биле осудени на смрт, заедно со своите жени и деца. Бројот на сите осудени бил 52 души. Домовите на предавницитње на востанието останале запустени и потоа заповедта на Борис за покрстувањето на бугатскиот народ била исполнета.*

Од сето ова многу јасно се гледа начинот на кој биле покрстени Бугарите. За разлика од доброволното покрстување на Македонците, најголем дел од Бугарите со отпор (дури преку бунт и преку смртни пресуди, во кои биле ликвидирани дури и жени и деца) биле принудени да го примат христијанството.

За ова пишува и во веќе споменатата Историја на Бугарија (103):

*Фактот дека Борис кришум и ноќе ја примил новата вера во својот дворец (а не свечено и во присуство на болјарите и целиот народ), ја објаснува непопуларноста на таквиот негов чекор. Мнозина од болјарите и поголемиот дел од народот не сакале да си ја променат верата.* ***Тие биле принудени да го примат христијанството насила*** (подвлекувањата се мои, з.м.)

Инаку, по примањето на христијанството кнезот Борис почнал масовно да гради цркви по Бугарија, а кон крајот на својот живот (откако станал монах) дал свој значаен придонес и во развивањето на *словенската* писменост во Бугарија.

Овде би сакале да потестиме на уште еден момент за кој денес малку се зборува во Бугарија. Имено, се работи за малку познатиот прв син на царот Борис, по име Расате (кој во хрониките се среќава и под *словенско-христијанско* име Владимир, иако и тој си бил етнички турко-монголски Бугарин). Во 888 или 889 година Расате(Владимир)го заменил татка си на престолот,откако овој заминал в манастир.

Во јавноста е малку познато дека новиот бугарски цар Расате (Владимир) не сакал ни да слушне за хрисијанството ! Поради тоа, истиот тој Расате (Владимир), потпирајќи се главно на своите сонародници, доминантните турко-монголски Бугари, веднаш презел низа антихристијански мерки, со цел да го истисне христијанството од Бугарија и повторно да ја воведе бугарската прататковска паганска вера ! Ова претставува уште еден доказ со колкав отпор добар дел од етничките Бугари биле принудени да го примат христијанството, во името на кое дејствувале светоте браќа Кирил и Методиј. Меѓутоа, царот Расате(Владимир) не успеал да го укине христијанството. Нему најенергично му се спототиставил токму свети Климент Охридски, низ чија епархија новото ширење на паганството било најизразено. По залагање на свети Климент, во целата оваа работа се вмешал дури и претходно замошениот владетел Борис, по што Расате (Владимир) бил сменет од престолот, а на негово место бил поставен другиот син на Борис, по име Симеон, чие семејсво, за таа цел, било принудено допрва да учи да зборува на *словенски*.

За сето ова во споменататаИсторија наБугарската црркваСтанимиров пишува:

*Во 889 година Борис ја предал власта во рацете на својот најголем син Вла-димир, по што се постригол за монах и се повлекол во манастирот Свети Панте-лејмон што самиот го изградил... Во манастирот учениците на Свети Методиј, заедно со помладиот син на Борис- монахот Симеон, ја развивале книжевната деј-ност... Борис внимателно ја следел работата и на својот син Владимир со упра-вувањето на државата. Притоа забележал дека Владимир почнал да се занимава со лов и да го минува времето во пијанство и гозби, истовремено убедувајќи го со сите средства новопокрстениот народ да се врати кон паганската вера- болја-рите. Владимир се стреми не само да го запре, туку и сосема да го уништи раѓа-њето на книжевно-просветното дело... Борис ја слекол монашката облека, го препашал воениот меч и повторно се облекол во царска облека. Заедно со своите приврзаници извесно време го следел својот син и речиси без тешкотии го фатил, му ги извадил очите и го фрлил в темница. На престолот тој го поставил својот трет син Симеон, когошто го ослободил од монаштвото... Потоа Борис се вра-тил во манастирот, каде што и умрел во 907 година.*

И овој фрагмент најдобро зборува сам за себе“

Домородците веќе го прифатиле христијанството, но никако и Бугарите.

„**2.4 Ниту еден наш предок од Средниот век не се декларирал себеси како Бугарин**

Сега да продолжиме со декларирањето на нашите предци од Средниот век. Во врска со ова, како непобитен факт, треба да се знае следното: **Не постои ниту еден изворен доумент од целиот Среден век, во кој Македонците самите себе си се декларирале како Бугари !**

Меѓутоа, за волја на вистината, точно е дека подоцна под поимот *Бугари* (главно од страна на Византија) биле нарекувани сите жители што влегувале во состав на тогашното Бугарство ханство (царство), вклучувајќи ги и жителите на освоената Македонија.

Како *Бугари* (во смисла на жители на Бугарија) за време на Првото Бугарско ханство (царство) биле нарекувани дури и етничките Срби и Хрвати,. Бидејќи дел од нивните територии влегувале во рамките на ова царство (за што пишува хрватскиот историчар д-р Стјепан Антолјак во својата книга *Средновековна Македонија* 1, Мисла, Скопје, 1985). Во Бугарскиот апокрифен летопис од 11 век, составен од непознат автор, и Срем се споменува како составен дел од *бугарската земја*. Па нема белким некој денес да каже дека и денешните Срби, Хрвати, Унгарци иСловаци, кои живеат во Срем имаат бугарско етничко потекло !? Се разбира дека, по турската окупација на Бугарија и на целиот Балкан, овие земји биле наречени *турски земји*. Но по таа логика, пред новата ера териоторијата на денешна Бугарија, на Грција, па се дури до Индија биле *македонски земји* итн.

Нарекувањето на жителите на Бугарија како *Бугари* од страна на тогашните хроничари, е сосема разбирливо и нормално. Тоа е наполно исто како во времето на Римската Империја сите нејзини жители биле наречени *Ромеи*, иако тие биле од различно етничко потекло. Значи тогашниот термин *Ромеи* се однесувал за повеќе различни (европски, африкански и азиски) етникуми.(Елада со пелазгиски јазик, Р.И.)

Во контекст на ова да го спомнеме и нашето не така одамнешно нарекување како *Југословени*. Додека живеевме во Југославија, сакале или не, во светот бевме нарекувани- *Југословени* (во смисла на поданици, т.е. жители на Југославија), иако како *Југословени* бевме од различно етничко потекло.

Исто така, бугарските историчари и публицисти во врска со наводното детерминирање на Македонците како *Бугари* во тогашните византиски документи, често премолчуваат уште еден многу важен податок од тоа време. Се работи за византиската тема *Бугарија*, која овие публицисти речиси воопшто не ја ни спомнуваат. Имено, во тоа време, оваа тема опфаќала голем дел токму од Македонија, исто како што темата *Македонија* рековме дека опфаќала дел од Тракија, Бугарија и Источна Егејска Македонија. Тоа нам денес ни изгледа чудно, но така било во византиско време. Денешна Македонија била наречена *Бугарија*, а добар дел од Бугарија бил наречен- *Македонија*. (Па не е ни чудно, што А.Донски ова не го дообјасни, Р.И.)

Па, во што се состои манипулацијата ? Едноставно, бугарските историчари и публицисти тврдат дека терминот *Македонци* во тоа време се употребувал исклучиво како географски (административен) термин. Според нив, овој термин се употребувал за сите жители од темата *Македонија*, а бидејќи оваа тема наводно не се наоѓала во етничките граници на Македонија,туку во Тракија, ова значело дека овој термин се употребувал главно за Тракијците.Според тоа,етнички Македонци тогаш -немало ! (Имало само православен=македонски и католички=римски народ, Р.И.)

Но, кога станува збор за именувањето на жителите на темата *Бугарија* како Бугари, тогаш бугарските историчари пеат друга песна. Овојпат тоа за нив е *етнички термин* (!?). Значи, според нив, жителите од темата *Македонија* се *географски Македонци*, а жителите на темата *Бугарија* се *етнички Бугари* (!?). Навистина траги -комичен пример за безочна тенденциозност.

Меѓутоа, за нивна жал, рековме дека темата *Македонија* сепак опфаќала голем дел од денешната Источна Егејска Македонија. Понатаму, за нивна повторна жал, им цитиравме византиски документи во кои се споменуваат Македонци, кои тогаш воопшто не живееле во темата *Македонија*, туку во Солун, Охрид, во темата Стримон и во други наши области што се наоѓаат вон темата *Македонија*.

Од друга страна, употребата на терминот *Бугари* во географска смисла, како термин за сите жители на темата *Бугарија*, е наполно иста како што во бившата СФРЈ за жителите на Покраината Косово велевме дека се *Косовари* (иако тие беа Албанци, Срби, Турци, Роми, Македонци и други); за жителите на Војводина, велевме дека се Војвоѓани (иако тие беа Унгарци, Срби, Хрвати, Словаци, Македонци и други) итн.

Поради сето ова, нема ништо чудно што од страна на византиските автори се спомнуваат *Бугари* во тие времиња. Тоа се само поданици (жители) на Бугарското ханство (царство) или пак географски жители на темата *Бугарија*, кои етнички биле различни едни од други. Значи, токму терминот *Бугари* честопати е употребуван како географски, а не како етнички термин.

Ова сакав да го потенцирам како демант на хипотезата според која Македонците низ целата историја наводно отсекогаш биле именувани како *етнички Бугари*, што претставува обична бесмислица !

Кон ова да го спомнеме и фактот дека терминот *Бугари* во не мал број тогашни византиски документи воопшто не се однесувал за етничката припадност на Бугарите (па дури не ни географската), туку тој термин често се употртебувал и како погрден збор- синоним за луѓе со пониска култура од византиската. Сигурно дека расните предрасуди што византиската јавност ги имала уште во минатото кон турко-монголските Бугари најмногу допринеле за утврдувањето на ваквиот третман на бугарското етничко име и кај некои подоцнежни византиски писатели. Да се потсетиме само на жестоките разурнувања што овие Бугари ги извршиле во Византија, како и на низа други моменти кои веќе ги наведовме (закопувањето на живите заробени *Ромеи*, уништувањето на манастири и цркви, сечењето на овошните дрвја и сл.). Сето ова придонело бугарскиот етноним во византиската јавност да се поистовети со синоним за луѓе на пониско културно ниво. (Се разбира дека Византиската војска не била ништо поблага во своите уништувачки походи против Бугарите и сигурно дека ни тие не биле подобро третирани од бугарска страна- ова се нормални работи кога се во прашање односите помеѓу непријателските народи)“.

Самиот поим булгар означува народ. Секој народ е она што е, а само мал дел од него е напреден..., а носители на напредок се некаде околу 2%. Тој поим бил црковен. Дека народите биле верски е доказот, со создавање на Грција. Во 19 век имало само Цариградска патријаршија. Следи имало само Грци. До денес е проблем со Турција, со Турци за муслимани.По 1954 година Муслиманите од СФРЈ како Турци се селеле во Турција. Најповеќе биле Скиптари и Арнаути. Денес Арнаутите како муслимани станувaат само Албанци, со скиптарски јазик.Значи,што било и денес е.

„Најголем доказ за ваквото третирање на етнонимот *Бугари* е тоа што како *Бугари* во некои подоцнежни византиски документи биле именувани и други (Според Византија) народи со *пониска* култура, кои воопшто не живееле на територијата на Бугарија. Така, на пример, како Бугари биле именувани и тогашните Босанци, Словенци, Хрвати и други. (Во ромејски извори без „пониска култура", Р.И.)

Од многуте докази за ова, во интерес на просторот, овде ќе го спомнеме само примерот на Теофилакт Охридски (11 и 12 век), кој тврдел дека во 6 век *Бугари* живееле и во *илирската земја*, но и во *Македонија* (Ј.Иванов, цит. дело, стр. 121). Ова значи дека практично тој тврдел дека *Бугари* живееле на денешните териоториии на Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Црна Гора, а можеби и дел од Албанија, што секако дека е бесмислено и да се претпостави, затоа што за времето за кое пишува Теофилакт Охридски (6 век), Бугарите се́ уште си живееле во својата татковина Азија. Дури ни подоцна тие никогаш не се населиле на овие територии, а камо ли во 6 век. Значи, повеќе од јасно е дека жителите на оваа земја, за Теофилакт Охридски биле *луѓе со пониска култура*, па затоа ги нарекол со терминот *Бугари*, кој во негово време (11 и 12 век) веќе бил користен токму како синоним за *луѓе со пониска култура* (од аспект на византиските сфаќања)".

Хорст Клин за вулгар пиши:општо,заедничко,секојдневно, вулгарлатински.

Во 6 век живеел Јустинијан I. Тој како цар имал царска Цариградска патријаршија, а ја основал Јустинијана Прва. Оваа прераснала во Охридска архипепископија. Таа владеела во Македонија, и илирска земја, а имало илирски Бриги=Брзјаци.

Бидејќи била укината Охридската архиепископија, се сакало возобновување.

„Познато е дека постојат и други примери во светот кога одреден етноним се користи како синоним за некоја појава или човекова карактеристика.Така,на пример,етнонимот Шкотланѓанин се користи како синоним за циции и така натаму".

Само Скот, од скот=скот. Македонците од Римјаните како скотој биле колонизирани.А со фустанчина с.Кукуречани, наша гајда од кожа на наша овца, ритам...

„Поради ова, не треба да се манипулира со терминот *Бугари* во византиските средновековни извори, бидејќи емпириката зборува дека тој не секогаш се употребува со големо Б и не секогаш се употребувал за *афирматиовна* смисла".

Пак, вулгар покрај јавно и обично е и простилачко, ниско- масата, народот.

„Инаку, веќе во документите од времето на првите српски освојувања на Македонија, за истиот наш македонски народ почнал да се употребува терминот *Сербле* или *Срби* (Драгослав Србин и други), се разбира, и овојпат во географска смисла, како за поданици на Србија. Подоцна почнале и да се менуваат презимињата на Македонците, па некои од нив веќе ја добивале и додавката *'иќ'* (Иванко Пробиштиповиќ, Данковиќ и други).(Мојот татко место Ивановски Јовановиќ,Р.И.)

Многу подоцна нешто слично ќе се случи и со многу сегменти на македонската култура. Така, на пример, за истите македонски народни песни во српски публикации ќе пишува дека се *српски*, а во бугарските дека се- *бугарски*, итн".

Значи, српски од срп и бугарски од булгар, без л, бугар=б угар=Угарит=угар ит=бригиск=брзјачка додавка. Бидејќи угарот е неплоден, исто важи и за бугарење.

Во Македонија бил најстар, а во Шумадија и Бугарија нови говори=народи.

„**2.5. Македонците во времето околу Самоуиловото Царство**

Византиското детерминирање на Македонците како *Бугари* продолжува и во времето на Самуиловото Царство. Но, ваквото детерминирање било исклучиво во

смисла на жители на претходното Бугарско Царство, чија традиција делумно ја наследил Самуил, но и во смисла на *луѓе со пониска култура*, за што повторно ќе пишуваме. („луѓе со пониска култура"-негова конструкција, а и лица како него, Р.И.)

Познато е дека Самуил дошол на власт во Македонија по востанието што против турко-монголските Бугари го кренале тој и неговиот татко комитот Никола, како и неговите тројца браќа. Во врска со ова во *Енциклопедискиот словар* (Брогхауз, Ефрон, Ст. Петербург, 1896 г., стр. 416) пишува:

*Во 963 во Македонија избувнало востанието кое завршило со протерување на Бугарите и основање на сопствена држава.* (Ѓорѓи Радуле, цит. дело, стр. 129).

Слично пишува и историчарот Марин Дринов, кој во својата книга *Съчинения М.С. Дринова* (под редакция на проф. Златарски, том I, София, 1909 год, стр. 568) пишува:

*Македонија се отцепила од царството на Петар и формирала одделна држава пд водство на Самуил.* (Ѓорѓи Радуле, цит. дело, стр. 127).

Исто така, треба да се знае дека не постои **ниту еден** изворен документ од тоа време во кој пишува дека Самуиловото Царство се викако *Бугарија* ! Напротив, има индиции дека Самуиловото Царство изворно се викало и *Склавинија (Славинија)*, т.е. исто како што се викале првите македонски политички единици, во кои заеднички живееле *Македонските Словени* (без разлика на нивното потекло) и античките Македоинци, пред да бидат окупирани од Бугарија и Византија. Во прилог на ова ќе спомнеме неколку средновековни документи".

А.Донски кажа: „Склавинија (Славинија), т.е. исто како што се викале првите македонски политички единици".Значи, тие биле политички, но никако етнички.

„Еден од овие документи е од времето на царот Хенрих II (1002-1024). Овој документ всушност претставува една минијатура, на која се нацртани четири грации (што симболизираат четири земји- народи) како му принесуваат подароци на императорот на Светото Римско Царство (моќна средновековна држава). Имињата на овие четири држави- народи се напишани над главата на девојките и тие гласат: Roma, Galia, Germania и **Sclauinia**. Во тоа време единствено *словенско* царство во Европа е Самуиловото Царство, на кое очигледно се однесува грацијата над која пишува *Склавинија* ! Мошне индикативно е и тоа што оваа грација, која е прикажана како русокоса девојка, во раката држи симбол на Сонцето, а на нејзината облека има елементи од тогашните македонски носии (везана завивка околу вратот).

Но, некој можеби ќе праша: од каде им на тогашните Германци податоци за Самуиловото Царство ? Одговорот лежи во малку познатиот факт дека во тоа време Македонците и Германците на Дунав имале заедничка граница ! Самуиловото Царство граничело со тогашната Германија и поради тоа царот Давид (брат на царот Самуил, кој прво бил цар во Царството, а подоцна се замонашил и доброволно му го остапил престолот на Самуил) во 973 година испратил своја делегација кај германскиот цар Отон I. На преговорите водени во Макленбург било побарано признавање на новата држава и била утврдена заедничката македонско-германска граница на средниот Дунав. Овој податок уште повеќе го поткрепува тврдењето дека гореневедената граница наречена *Склавинија* го претставува токму Самуиловото Царство, како моќна држава и сосед на тогашна Германија. (Подетално кај д-р Бл. Ристовски: *Македонија и македонската нација*, Скопје, 1995).

Самуиловото Царство било наречено *Склавинија* и од некои средновековни автори. (Склавините за Рим биле православни, кои Рим ги покатоличувал, Р.И.)

Така, на пример, Јован Зонаре, кој пишувал само неколку децении од пропаста на Самуиловото царство во својот *'Речник'*, објаснил дека терминот *'Бугарија'* (кој тогаш бил користен од византиските писатели)всушност се однесувал на*'Славинија'*,а не на вистинската територија наБугарија,која тогаш носела друго административно име. Поради ова, тој напишал: *'Славинија-Бугарија'*. (ГИБИ, т. 7, стр. 17).

Венецијанскиот дипломат Јован Ѓакон, во најстарата Венецијанска хроника (која го опфаќала времето од 980- 1008 год., т.е. од времето на цар Арон и на брат му Самуил) помеѓу другото, пишувал и за решението на венецијанскиот дож Петар Урс (980-1009) да го испрати на заточение својот син во Византија. Притоа, Јован Ѓакон исто така Самуиловото царство го нарекол *Славинија*. Овде читаме:

*По извесно време Јован, кој бил на заточение во Зара* (Стара Загора, з.м.) *избегал најпрво во Славинија, а потоа отишол во Италија.* (ЛИБИ, 7.2, стр, 348).

Впрочем, индиција дека Самуиловото Царство се викало *Склавинија (Славинија)*е и правецот на териоторијалните проширувања што ги превзел царот Самуил, кои отприлика соодејствуваат со териториите на Склавиниите, со кои владееле неговите предци".

Значи, Булгарија под Охридска Црква, меѓу Галиа и Германија реката Рајна.

„Но, и покрај се, постојат и македонски детерминирања за некои сегменти од Самуиловото царство.Така,на пример,поетот Иван Кириотес,наречен Геометрес (митрополит на Мелитена од10. век),во своите описи на настаните од тоа време, поданиците на Самуиловото Царство ги нарекува: *Мизи, Бугари, Скити и* ***Македонци*** (д-р Стјепан Антолјак: *Средновековна Македонија*, Мисла, Скопје, 1985, стр. 242).

Понатаму, Лав Ѓакон (950- почеток на 11 век) опишувајќи ја војската на цар Самуил запишал дека, помеѓу другото, било составена и од (цитат): *'чети на Македонци'* (Leonis Diaconis, Historiae, JP Migne pg 117, Paris, 1964, 727). Овде тој запишал дека едно од главните оружја на Самуиловата војска било долгото копје- исто онакво какво што своевремено користела и Македонската фаланга.

Да го кажеме  и тоа дека царот Самуил, но и неговиот наследник Петар Делјан (кој, по пропаста на Самуиловото Царство, во 11. век, кренал востание против Византија) биле избрани за владетели од народот на ист начин како што своевремено биле бирани и антично-македонските цареви (преку општо собрание на војската ). (Унгарија била со Рим- врска на Самоил и Делјан со Рим-Франките, Р.И.)

Да го споменеме и делото на *Зографска историја*, кое се смета за второ по значење бугарско историско дело од поновата историја. Оваа Историја веројатно била напишана од монахот Спиридон, а подоцна била препишана од монахот Јаков (крај на 18 век). Во врска со отстапувањето на цар Давид од престолот (во полза на Самуила), овде читаме:

*...Бидејќи македонските господа не можеа да го трпат мирот, почнаа лошо да зборуваат против* (Давид). *Тој разбра за тоа, самоволно го остави царство-то и отиде в манастир.* (Сариса Параос, в. 'Народна волја', бр. 6, 1996).

Овде ќе смонеме уште еден интересен пример. Познатиот бугарски писател Антон Дончев, во својата романизирана верзија на настаните од Самуиловото време, насловено како: '*Сказание за времето на Самуила* (Софија, БЗНС, 1980) во врска со царот Самуил и неговите браќа пишува:

*Уште беше жив комитот Никола и четирите браќа се беа собрале кај него ... Испија доста вино, гореше само една свеќа, па секој можеше, сокриен во мракот, да си ги каже скриените мисли... Зборуваа за Александар Велики... За комитот и за неговите синови, Александар беше како жив.*

Дончев пишува дека името на Самуил било *црвено со златно сонце на него.* Овде читаме:

*Од збор до збор разговорот премина од Александар, на татко му Филип Велики. Сите знаеја дека без Филип никогаш немаше да го има ниту Александар... Да бидеш војник на Самуил, тоа не значеше само да земеш копје в рака или да влезеш во редовите* (на Фалангата, з.м.), *тоа значеше да бидеш свој човек во едно ново големо семејство... Сите покажуваа во* ***црвеното знаме со нацртаното, на него, златно сонце- знакот на Самуил***. (Подвлекувањата се мои, з.м.). Интересно е тоа што оваа книга во Бугарија доживеала дури три изданија.

За византискиот цар Василиј II Македонски се знае дека и самиот бил потомок на етничките антички Македонци.Впрочем, поради тоа и бил прифатен прекарот *Македонски* за неговата династија. Конечно, добро е познато дека повеќемина византиски императори, стратези, управници и други и навистина биле потомци на оние антички Македонци, кои своевремено се населиле во Тракија, па не случајно дел од Тракија со дел од Егејска Македонија биле наречени како тема Македонија.

Византискиот писател Скилица пишува дека во Византиската војска била вклопена и Македонската фаланга, која во 1072 година учествувала во ограбувањето на Самолиоловата престолнина Преспа. (*Грчки извори*...VI, стр. 337). (Повеќе детали околу античко-македонското наследство во Македоинската династија која владеела со Византија ќе приложиме во следната книга).

Да го кажеме и тоа дека прекарот на Василиј II Бугарубиец, според досега изнесените аргументи, повеќе се однесува во смисла на *убиец на луѓе со пониска ку-лтура.* Самата логика зборува за ова. Имено, Василиј бил наречен *Бугароубиец* ис-клучиво затоа што ги *убивал* Самуиловите војници. Овие војници, пак, не биле са-мо Бугари, туку меѓу нив имало мобилизирани припадници на сите народи од него-вото царство (Македонци, Срби, Власи, Албанци, а секако и вистински етнички Бу-гари и друго). Но сите тие, според византиската јавност, биле *Бугари*, што значи де-ка (според нив)тие биле *луѓе на пониско културно ниво*".(Негова констркуција,Р.И.)

Авторот истакна: „прекарот на Василиј II Бугарубиец".Василеус=Василевс II бил означен само како октон. А октон на ниеден јазик не означува убиец, туку на денешен македонски јазик: октон=окто н, окто=окото, окати,око се вади/окати. Тој, на стр. 188, истакна: „Во 889 година Борис...Владимир...го следел својот син и речиси без тешкотии го фатил, му ги извадил очите и го фрлил в темница...". Никаде А.Донски не вели, дека Борис бил „Бугароубиец". Да не се узуми дека Ромејците на Русите им ги ваделе очите. Тие биле само око-окатувачи. Следи да постои Водоча, Слепче итн., но никаде „убиец". Се ова говори, Самуил како припадник на македонската народна=булгарна Охридска црква друго и иеможел да биде освен Булгар. Тогаш имало само црковни народи, а на две цркви. Ова останало се́ до 1767 година.

„Кога рековме дека не постои ниту еден документ од Средниот век во кој Македонците самите себеси се декларирале како Бугари (тврдењето што го презедовме од познавачот на средновековна Македонија д-р Стјепан Антолјак), некој

можеби ќе забележи дека за царот Иван Владислав (1015-1018) во натписот на една плоча најдена во Битола е речено дека бил *родум Бугарин* !? Одговорот на оваа забелешка е единствен: царот Иван Владислав воопшто не бил етнички Македонец, туку Ерменец, а можеби и Евреин (тој бил син на Арон, кој бил од ерменско или од еврејско потекло).[19] Значи, тој не бил ни етнички Бугарин. И конечно, на плочата пишува: *беше родум Бугарин*. Ова единствено може да значи дека ваквото негово детерминирање се однесува за фактот дека тој само бил роден во Бугарија (која тогаш ги владееле овие краеви), а не дека бил етнички Бугарин (бидејќи тој навистина **не бил** етнички Бугарин). Ова е исто како сите што бевме родени во Југославија (го сакале тоа или не) бевме нарекувани *Југословени*. („Склавинија-Бугарија", Р.И.)

Иван Владислав, како Бриг=Брзјак, а бригиска=брзјачка била македонската народна=булгарна Охридска црква- Битола/Преспа/Охрид биле/се Бригија/Брзјакија- и друго не можел да биде освен црковен припадник, верник, бригиски Булгарин.

„Исто така и овој натпис е пишуван во трето лице, што значи **од друг** било напишано дека царот Иван Владислав *беше родум Бугарин*, а не дека самиот цар така напишал. Конечно, да потсетиме дека и бугарскиот цар Фердинант беше Германец по род, па зарем тоа значи дека Бугарите се Грманци !"(Царот не клеса, Р.И.)

А.Донски за плочата дури ќе напише и фалсификат, и тоа во тоа време !?

Ова беше по повод напис во македонски дневен весник, во кого бугарскиот историчар даваше награда, секој Македонец кој докаже- Самуил бил Македонец.

„Подоцна, по пропаста на Самуиловото Царство, во Македонија биле подигнати две востанија против византиската окупација. По пропаста на востаниците на Петар Делјан, некои од востаниците избегале на Сицилија. Тамошните хроничари од тоа време, во делото на *Барските анали*, го овековечиле нивното доаѓање со следните зборови:

*Од таму* (од Сицилија, з.м.) *пристигнаа несреќните Македонци...*

### 2.6. Македонците во документите на Охридската архиепископија

Како прилог на сето ова ќе го изнесеме податокот презенитиран од бугарскиот историчар Димитар Ангелов, кој во својата книга *Принос към нароностите и поземлените отношения в Македония през първата четвърт на 13 век* (София, 1974) изнесува фрапантен податок дека постојат над **педесет документи**, во кои жителите што живееле на територијата на Македонија (што била под јурисдикција на Охридската архиепископија) биле именувани како- Македонци ! Ако се земе во предвид фактот дека зачуваните документи од периодот на Охридската архиепископија засега претставуваат вистинска реткост, цифрата од педесет документи од тој период, во кои припадниците на нашиот народ се именувани како Македонци, е навистина значајна. Така, на пример, во документот број 72, се споменува лицето Јован Јерекар од селото Власта (Охридско), кој според синодалниот протокол, бил *Македонец по род*. (Ама и Теофилакт Охридски бил „по род Македонец", Р.И.)

Ваквото детерминирање на Охрид,како дел од Македонија,претставува уште еден доказ против обидот на бугарските пропагандисти, кои тврдат дека терминот *Македонци* во тоа време бил исклучиво географски термин и дека овој термин се однесувал само за *македонците* (со мало *м*) што живееле во темата Македонија, ко-

[19] Ерменија ја создале Бригите. Таа била македонска, а во неа биле колонизирани македонски Склавини. Пак, еврејството било само еднобожество, со Библија од 6 век п.н.е.,на Хикси,кои биле Бриги.

јашто тогаш се наоѓала на териоторијата на Тракија. Градот Охрид е далеку од Тракија, а гледаме дека негов жител е заведен во документите како *Македонец по род*.

Инаку интересен е и податокот дека во овој период Ѓорѓи Љутвој од Скопје, револтиран поради тогашните краткотрајни српско-бугарски владееља во Македонија, и Србите и Бугарите ги нарекол: *варвари.* (А. Соловјев: *Срби и византисако право у Скопљу*, Гласник СНД 15-16, Скопје, 1936, стр. 35, цит според Лидија Славевска:*Етногензата на македонскиот народ*,Скопје,1992,стр.62) (Грци коине, Р.И.)

Овој поднаслов ќе го завршиме со констатацијата до која дошол бугарскиот академик Јордан Иванов, кој, проучувајќи ги документите од Охридската архиепикопија, во својата книга *Северна Македонија* (1906) го изнесол следнииот интересен податок:

*Охридските патријарси кон својата титула често си ја додавале и продавката* ***македонски***. (Па таа била македонска, само народна=булгарна, Р.И.)

Значи, и покрај сé, Охридската архиепископија си била Македонска црква-црква во која доминантини биле етничките Македонци, без разлика како некои од нив тогаш биле нарекувани или каков бил официјален јазик во оваа Црква. Впрочем, и во Бугарската црква отпрвин се пишувало на грчки, а првите двајца бугарски архиепископи и биле етнички Грци (Јосиф и Георгиос).(Цар без патријарх,Р.И.)

**2.7. Други средновековни документи што сведочат за Македонците**

Овој поднаслов ќе го почнеме со презентирање на неколку сведошптва за постоењето на Македонците од Средниот век.

Во средината на 11 век хроничарот Михаил Псел, пишувајќи за тогашните нереди во Византија, неколкупати ги споменува Македонците, па дури во еден напис и ги разликува од другите Ромеи.

Хроничарот Скилица Кедрин, објаснувајќи го испраќањето на македонската војска во војна против Турците во Мала Азија од страна на византискиот император Константин Монамах (во средината на 11. век), запишал:

*Монамах ја префрли целата македонска војска на исток, заедно со сите ма-кедонски военоначалници, меѓу кои бил и Вриениј. Меѓу Турците почнале да се ши-рат гласови дека судбината му определила на турското племе да биде потчинето од таква сила со каква што Александар Македонски ги покорил Персијанците*“.

Ромејците го совладал арапскиот ислам. Меѓутоа, тој се пробил во Персија. Следи Персијците стапиле на сцена како муслимани. Токму од нивни јазик и со нивно писмо султанот Мехмед Караман (13 век) создал турски јазик: тој во персискиот внел турски=монголски зборови, а во неговата војска биле Татри, Черкези..., дури во Османовата војска имало и Черкески ред-тој имал Арнаути (Татари, Черлези).

„Ако некој забележи дека изразот *македонска војска* се однесува за војската од византиската тема *Македонија*, пак ќе се потсетиме дека оваа тема навистина опфаќала дел и од денешна Македонија, па според тоа и дел од етничките Македонци. Впрочем, поради доселувањето на извесен број Македонци во Тракија, оваа тема и била наречена *Македонија*. Исто така гледаме дека и тогашните Турци со стравопочит (па дури и со страв) се однесувале кон славата на големиот македонски цар Александар Македонски. (А.Донски се трудел да биде конструктор во сé, Р.И.)

Византиската императорска ќерка Ана Комнена (1083-1143), во почетокот на 12. век, за некои од балканските народи сведочи:

*Од двете страни на планината живеат многу народи и тоа богати народи. На север се Дакијците и Тракијците, а на југ пак се Тракијците и Македонците.*

Посебно е важно за нас што овде таа Македонците ги нарекува *народ*".

Секој сатрапија=провинција=склавина=тема има свој народ: се хронолошки.

„Кон крајот на 12. век во летописот *Тримарион* еден анонимен Македонец од Солун, опишувајќи ја славата посветена на Свети Димитрија, запишал:

*Празникот на Свети Димитрија се слави како што се славеле панатенеите во Атина и панионите кај Милетијците. На овој панаѓур не само што доаѓаат нашите месни сонародници, туку и секакви други луѓе од секаде. Доааѓат и Грци од секаде, како и разни Мизијци, кои живеат во нашето соседство.*

И овде сосема јасно се издвоени Македонците од Грците, како што било уште од времето на античка Македонија. Исто така, многу е важно што овде се споменуваат Македонци што живееле вон визатиската тема *Македонија*, што значи дека станува збор чист етнички термин. (Не Грци, само Еладци, Р.И.)

Продолжуваме со претпоставувањето на географската карта (откриена во Англија) под назив The Herferd Map, направена уште во 1290 година и во оригинал денес се чува во англиската Herford Cathedrall. На картата јасно се чита името Македонија, додека не се ни споменати:Грција,Бугарија,Србија и Албанија. Оваа карта секако претставува древен доказ за постоењето на Македонија како една од најстаите земји на светот.

Исто така, постојат уште десетици други средновковни географски карти, во кои Македонија секаде јасно е издвојувана во однос на другите балкански земји и тоа со прилично јасно одредени граници (подетално во: *Македонија на старите мапи* од Илија Петрушевски, Скопје, 1992).

Тоа значи дека целосно отпаѓа антимакедонската теза, според која, името *Македонија* (по антиката) повторно се јавило на историската сцена дури во 19. век.

За Македонците како жители на Македонија пишуваат и не мал број странски автори, и тоа од времето по турската окупација на Македонија.Така, на пример, венецијанскиот морнарички офицер Џио Марио дели Анџиолело, кој бил заробен од Турците, за својот престој на Света Гора во 1470 година запишал:

*Таа планина е многу висока и во неа се наоѓаат многу манастири на христијански калуѓери, од кои некои се Грци, други се Македонци, Власи, а има и Италијанци и припаници на други нации... Во близина на планината Дерио има две гратчиња населени со Македонци... Во околината на градот Кавала живеат Грци и Македонци...* (Александар Матковски: *Македонија во делата на странските патописци 1371-1777*, Мисла, Скопје, 1991, стр. 66-68, во книгата е даден автентичен извор). (Грци Еладци и Власи=Овчари од Тесалија, кои биле Пелазги, Р.И.)

Секако ова сведоштво претставува значаен контрааргумент до застапниците на големогрчката шовинстичка пропаганда, кои тврдат дека во историјата никаде не се споменувале Македонците. Во ова сведоштво гледаме дека етнонимот Македонци е предаден исклучиво како етнички термин, рамноправен со другите етнички термини: Грци, Власи и Италијанци.

Што се однесува за застапниците на големобугарската пропаганда, ним ќе им цитираме еден извадок од патеписот на Дубровчанецот Патанчиќ, напишан во далечната 1505 година, во кој, меѓу другото пишува: (Не -иќ туку -ич, Р.И.)

*Кога ќе се тргне од Скопје се минува низ Желиговската Рамнина. Коноп-нишката Долина, Бербушката Бања и Стримонскиот Мост, кој ги дели Македонците од Бугарите.* (А.Иширков: *Изследонавия за Македония*, стр 6;цит.според Петар Најденов: *Македонска волја*, додаток на *Народна волја*, септември-октомври).

Преку ова сведоштво гледаме дека дури и во самиот почеток на 16 век сосема било познато од реката Струма ги дели Македонците од Бугарите !

На крајот на истиот овој век и на почетокот на 17 век, охридскиот архиепископ Атанасиј, кога престојувал Австрија, Италија и Шпанија барал создавање на '*Кралство Македонија'*.(Никола Милев: *Охридския архиепископ Атанасий и скитанията му в чуждина 1697-1615* во: *Известия на Историческото дружество в Софија*, 1922, кн. 5.

Овде ќе го спомнеме и извесниот Јулие Кловиќ (1498-1578), кој живеел во Италија и кој бил извонреден сликар-минијатурист. Иако бил роден во Хрватска, за него уште тогаш се сметало дека е: *по потекло Македонец* (подетално во: Kulturna historija Hrvatske од Чрња, Загреб, 330). Овој голем уметник бил личен пријател со славниот Микленџело и неговите дела (но и делата на Рафаел и на другите славни уметници) ги преобразувал во минијатури, поради што бил наречен *Мал Микеланџело*. Умрел во Рим како мошне ценет уметник од страна а папите и кардиналите. Неговиот лик допрва треба подетално да се истражува".

Италијанската ренесанса била само наследство на Македонската ренесанса.

„Дека и името *Македонија*, но и постарата македонска историја многу добро биле познати во Средниот век, ќе го споменеме и едно интересно сведоштво дадено од англискиот патеписец Џорџ Сандис, кое го запишал  во 1610 година:

*Султанот поседува рудници со злато и сребро насекаде низ неговиот доминион, како оној во Сидерокапса во Македонија, кој не му бил непознат и на Филип, таткото на Александар Македонски, кој златото го добивал токму од овој рудник, од кое подоцна ги ковал своите пари, познати како филипи.*

Деецот Тома Мрнавиќ во 1622 година, залагајќи се за единство на балканските словенски народи, исто така ги спомнува и Македонците (заедно со Хрватите, Србите и Бугарите).

Францускиот патеписец Ферманел во 1632 година запишал дека Солун е главниот град на Македонија:

*Ридовите на 'ртот Свети Ѓорѓи го формираат Солунскиот Залив, на чиј крај е сместен стариот град Тесалоники, кој месното население го вика Солун... Градот е сместен на утоката на Ехедора, а порано бил главен град и престолнина на Македонија. Овој град е многу густо населен. Тука порано била и престолнина на гувененерот на Склавинија.*

Посебно значајно е забелешката дека градот во тоа време од страна на неговите жители бил нарекуван *Солун*, што претставува удар врз денешната големогрчка пропаганда".

Значи, градот на Салоника бил именуван на денешен македонски јазик: таа + Салоника = таа Салоника-Тесалоника. Народот си ја викал кратко Солун. Во неа како град на темата Македонија порано била „престолнина на гувеѓенерот на Склавинија". Следи Склавините, како ромејски, биле управувани од Цариград...Солун...

„Англискиот патеписец Едвард Браун во 1669 година ја посетил Битола. Во неговиот патепис името Македонија се споменува десетина пати. Во еден дел од

патеписот тој ја опишува почитта што тогашните турски великодостојници ја искажувале кон македонскиот цар Александар Македонски. Поради тоа, Браун тврди дека на тогашните Турци дури им било чест ако нивниот престолнаследник се роди во Македонија. Воедно Браун за нашиот народ вели дека бил пријателски расположен кон странците:

*Стигнавме до Манастир* (Битола,з.м.)*, кој е голем град со многубројно население, кое е пријателски расположено. Се зборуваше дека жената на султанот, која беше во Лариса и која набргу требаше да се роди, сака да дојде во Манастир за да роди. За таа цел беа направени потребните подготовки. Турците, кои имаа високо мислење за Александар Велики, се радуваа ако во Македонија им се родеше еден од синовите на империјата.* (Битолско била родена Евридика=е ври дика,Р.И.)

Во Меморандумот на Ѓорѓе Бранковиќ упатен до австрискиот крал Леополд I во летото на 1688 година се барало создавање Илирско Кралство, па покрај другите балкански народи, се спомнати и Македонците.

### 2.8. И востаниците на Карпошовото востание се декларирале како Македонци

Сега да се потсетиме на уште еден важен настан од македонската историја, а тоа е Карпошовото востание од 1689 година.Овде ќе направиме осврт кон народното чуство на на неговите учесници,но пред тоа да се осврнеме на самото востание.

Услови за Карпошовото востание биле создадени со австро-турската војна што во тоа време беснееле на Балканот. Откако Турците биле запрени пред Виена, против нив била создадена Света алијанса, во која, покрај Австрија и Полска, влегле и Венеција и Русија. Војските на Светата алијанса навлегле длабоко во територијата на тогашна Турција, пристигнувајќи дури до Македонија. При ваквото навлегување доаѓа до познатото палење на градовит Скопје и Штип, по што австриската војска, обилно помогната од припадниците на балканските народи, сепак не успеала да се задржи во Македонија и набргу заминала кон Косово.

Меѓутоа, непосредно пред нејзиното заминување, во Македонија избувнало познатото Карпошово востание, наречено така поради името на водачот на востанието Карпош.Тој бил познат ајдутски водач и за кратко време со своите востаници успеал да создаде слободна територија на просторот меѓу Крива Паланка и Куманово. Секако дека за избувбувањето на востанието придонела и исклучително тешката економска положба на Македонците, која уште повеќе се влошила со почнувањето на турско-австриската војна. Се претпоставува дека воени дејства на Карпош биле усогласени со воените дејства на австриската војска, а индиција за тоа е титулата *Крал на Куманово* што на Карпош му ја доделил австрискиот цар Леополд

Сепак, почетните успеси на востанието не довело до поголемо проширување на ослободителната териоторија. Турците презеле енергични чекори за ликвидацијата на востанието и на помош на турската војска пристигнал кримскиот хан Селим Гирај со своите борбени и жестоки татарски одреди.Кога разбрал за надомоќноста на турската војска востаниците ја запалиле Крива Паланка и отсапиле кон Куманово. Големиот судир се случил пред Куманово, каде што востаниците доживеале тежок пораз, а самиот Карпош бил заробен. Според еден документ, тој бил заробен преку измама од страна на Турци преоблечени како негови востаници. Со него биле заробени и голем број востаници. Карпош бил одведен во Скопје, каде бил изведен пред ханот Селим Гирај, по што бил набиен на кол и избоден со татарските ко-

пја. Тоа било во декември 1689 година. За убиството на Карпош е зачуван автентичен турски документ од тоа време, во кој меѓу другото пишува:".

А.Донски истакна: Карпош „бил заробен преку измама од страна на Турци преоблечени како негови востаници". Значи, Турците биле Белци- само Мухамедани. Во 15 век од вакви бил освоен Цариград. Ова се гледа на Францускатa слика, по тоа време: војниците биле Белци со брада на Белци, не монголска на прч- едношилеста. Токму затоа овие се разликувале од Монголите (Татари, Черкези и други).

„...*Победничките борци влегоа во Скопје, каде што во Куманово фатениот Карпош го набија на кол на скопскиот мост. И кога неговите грешна душа летна во царството небесно, итрите и како виулици брзи Татари ги распарчија неговите телесни остатоци со своите остри сечила...*[20] (*Die freiwillige Theilnahme der Serben und Croaten,* Wien, 1854,str. 229)".(Вакви биле Арнутите, дури во 2001 година, Р.И.)

Иако Татарите со Черкезите биле крволочни, Арнаутите до денес се штитат.

„По востанието голем дел од преживеаните востаници,но и многу припадници на обичниот народ, поради страв од одмазда и поради неможноста да се живее во несносливите услови во кои се нашла Македонија, избегале далеку на север, зад Сава и Дунав. Некои останале во Австрија, а некои стигнале дури во Русија, каде што подоцна го создале познатиот *Македонски полк* што дејствувал во составот на регуларната руска војска.

Од оние Македонци што избегале во Австрија, двајца биле примени лично од австрискиот цар Леполод (1657-1705). Притоа, нивното доаѓање било одбележано од страна на царскиот великодостојник М. Пауер со зборовите:

*Преставниците на македонскиот народ дојдоа во краевите на нашето царско височество.*

Царот Леополд, отако ги ислушал нивните молби да ги земе под заштита Македонците, на 26 април 1690 година издал Указ за заштита на македонскиот народ, од кој ќе цитираме поголем дел:

*Со ова давам на знаење дека двајца Македонци, Марко Краида од Кажани и Димитар Георгие Поповиќ од македонскиот Солун, ми пренесоа дека македонскиот народ, уверен во праведноста на нашето дело и силната желба, како и сериозните намери, сака да се стави под наша запштита, за да се отргне од неиздржливиот турски зулум, до колку нашата милост би му укажала милост и сигурна заштита. Поради тоа, а во врска со нашата вродена милостивост и побудени од милоста за заштита на припадниците на пресветата христијанска религија, споменатиот македонски народ во целост го примаме во секој поглед благонаклоно под наша царска и кралска заштита. На сите и поодделно на секој војнички заповедник му го препорачуваме спомнатиот македонски народ по никаков начин да не го вознемирува или угнетува, туку според можностите, во секоја згода да му излегува во пресрет, да го брани, да му укажува помош и да го обезбедува за да може да ги зачува нашите дадени царски и кралски милости, права и слободи...* (Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, Скопје, 1951, стр. 193, цит. според постари извори). (Не -иќ, туку -ич, Р.И.)

Она што е за нас најважно во овој документ е јасното детерминирање на припаниците на нашиот народ како Македонци. Поради фактот што овие Македонци

[20] Во Северна Америка индијанско племе Черокезе, со значење: „кус нож". А со ваков се Черкезите.

очигледно биле учесници или соработници во Карпошовото востание (доказ за ова е нивното бегство од Македонија непосредно по востанието, и покрај тоа што тие биле родени во јужните краеви на Македонија), може со сигурност да се заклучи дека во тоа време нашиот народ јасно себеси се декларирал како македонски народ. Повеќе од јасно е дека гореспоменатите Македонци самите себе се претставиле како такви пред луѓето на царската власт, штом биле заведени во документацијата како Македонци. Впрочем, претходно спомнавме дека за Македонците, како доминантни жители на Македонија, постојат и други сведоштва од времето пред Карпошовото востание. (Еладци не биле етнички народ, ниту Власите=Овчарите, Р.И.)

**2.9. Македонската нација во документите од 18 век**

Како Македонци (и тоа јасно издвоени од Бугарите и од Србите) се декларирале и припадниците на *Македонскиот полк* во Украина, кои во почетокот и средината на 18. век се населиле во Русија. Дури, според зачуваните документи, најголемиот дел од нив се декларирале себеси како припадници на: **македонската нација !** Најпознат бил генералот Иван Хорват, кој во врска со преселувањето на бегалците христијани од Турција во Русија, во почетокот на 18. век, упатил молба до руските губерниски власти за прием на овие белгалци во служба на руската војска, во која меѓу другото пишува: (Името Хорват не бил/е етнички, туку општ,Р.И.)

*Православните народи: српскиот, македонскиот, бугарскиот и влашкиот со својата крв и оружје сакаат да и служат на Нејзиното Императорско Величество, на мајката покровителка.*

Во почетокот на 18. век во еден извештај до руската царица Катарина II, во врска со молбата избегнатите христијани од Турција да бидат примени во Русија, Бестужев- Рјумин пишува:

*Православните народи: Срби, Македонци, Бугари и Власи сакаат да и служат на Нејзиното Императорско Величество со крв и со оружје... Во мирно време, тој корпус, составен од Срби, Македонци и Бугари- православни народи, еднородни со нас и познати по својата храброст во целиот свет, од ден во ден ќе се размножуваат и во случај на потреба ќе бидат од корист без некои посебни расходи од страна на Вашето Имераторско Величество*“.

Претходно се наведе дека Бугарите и Власите биле исто население. Следи Власи да има во Романија и во Тесалија.Па тие не можеле да бидат еден ист народ. Најдобар пример се Србите:Срби имало од Балтичко Море до Сирија и Египет, итн. Следи да стои: „тој корпус, составен од Срби, Македонци и Бугари- православни народи, еднородни со нас“. И сите народи во 18 век биле со ист тн.словенски јазик. Да не се изуми во Романија црковен јазик беше тн.старословенски јазик, романскиот јазик е нов,а како спојување на словенскиот и латинскиот јазик, види Вотсон. До денес Романците имаат тн.словенски темен вокал,бригиско дативно у, презимиња...

„И во овие документи гледаме дека Македонците се јасно издвоени како засебен етникум во однос на Србите, Бугарите и Власите“.

Како доказ дека народите=нациите се политички е унгарската. Во Унгарија живееле само околу 5% унгарско население, чиј јазик денес е службен. Унгарскиот јазик бил турски- види Вотсон. Па Унгарија со Ромовина биле тн.домовина на тн. Словени,а денес се без Словени.Следи во Унгарија 95% население биле тн.Словени

„Сега предлагам да пренесеме дел од евиденцијата на припадниците на Македонскиот полк во Украина. Евиденцијата се состои од пополнет прашалник, во

кој се содржани следниве прашања (ќе ги предадеме заедно со одговорите на еден од леновите на Македонскиот полк):

*Име:* ***Ѓорѓи Петров****; Возраст:* ***39 години****; Година на доаѓањето во Русија:* ***1754****; Месец:* ***24 октовмри****; од која нација:* ***Од македонската нација****; Брачна состојба:* ***женет со три сина****; Дали е писмен:* ***Да****; Дали бил осуден:* ***Не !***

Во овој документ (за прват кај нас презентиран од страна на д-р Александар Матковски: *Македонски полк во Украина*, а од оваа книга се и досега спомнатите документи од овој наслов) на истите прашања имаат одговорено 74 лица. Сите тие јасно се декларирале себеси како припадници *'на македонската нација'*.Некои од нивни имиња се: Анте Добринов, Тодор Василев, Иван Ангелов, Стефан Андреев, Иван Ширевски, Василиј Леонтов, Саво Мокров, Иван Петров, Петар Банов, Матеја Такарев, Василиј Михајлов, Гаврил Михајлов, Тодор Орловски, Томе Манојлов, Иван Симонов, Ѓорѓија Димитров, Константин Попов, Дамјан Белобордовски. Ордан Турчев и други, од што гледаме дека добар дел од нивните имиња и презимиња се среќаваат и денес мешу Македонците, а некои од нив (Анте, Ѓорѓија, Ордан) ги имало и кај античките Македонци (без разлика на нивното потекло). Да потсетиме: тоа е средина на 18 век(1739-1752),а сите тие до еден јасно се декларирале како Ма-кедонци и директно како припадници на *македонската нација*!

Овде би сакал да ја спомнам и молбата упатена од страна на црногорскиот владика Василие Петровиќ до руската влада во 1757 година, во која ја известува руската влада дека балканските народи: Црногорци, Македонци, Срби, Бугари и други, страдаат од турското ропство. Инаку, од ова време во Русија се зачувани уште десетици документи во кои се спомнуваат Македонците како засебен народ (Александар Матковски, цит. дело)".

Значи, имало само Македонија со Македонци. Следат Бугари. Па Бугарите и Власите биле едно исто.Се појавиле Србите.Дури овде и Црногорците. Сите тие биле еден ист народ- со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик како во онаа Елада.

„Да спомнеме и еден грчки извор од крајот на 18. век. Во кој се спомнуваат Македонците како посебен балкански народ. Се работи за извадок од *Воениот марш* од Ригас Фереос(инаку тогашен балкански револуционер од влашко етничко потекло). Во овој марш авторот им се обраќа на сите балкански народи, барајќи помош за претстојното ослободување на Грција, па за Македонците се вели:

*О, Македонци смели, втурнете се в бој*
*тиранска крв сотрете, без застој и без спокој...*

Во контекст на сето ова ќе го спомнеме и малку познатиот факт дека на крајот од 18. век, под раководство на Ригас Фереос (кој според некои тврдења бил по потекло македонски Влав, чии родители се преселиле во Грција), постоела инцијатива за формирање на еден поширок балкански сојуз против Турција, во кој требало да влезат сите балкански народи. Крајна цел на оваа иницијатива било ослободувањето на балканските земји од Турција и нивно братско слободно живеење. Активностите на оваа иницијатива, кои биле припадници на повеќето балкански народи, не само што постојано одело на терен (посетувајќи ги балканските земји и договрајќи заеничко востание), туку подготвиле и своја делегација што требало да биде упатена лично кај Напалеон Бонапарта за да побара воена помош од него.Во делегацијата (покрај Фереос) имало и тројца Македонци и петмина Грци. Но, кога стигнале во Трст, биле предадени и уапсени од страна на Австријците, кои биле не-

пријатели на Напалеон. Тоа се случило во 1796 година. Фереос, заедно со другите членови на делегацијата, биле предадени на Турција и следната година биле погубени во Белград (подетално кај: Христо Андоновски: *Јужна Македонија од античките до денешните Македонци*, Скопје, 1995)".

Во Македонија Власите од бригиско Москополе, до бригиска Корча, само со Али-паша Јанински, никако порано.До денес Ригас=рига с, рига, нарига, за Пере ос.

„По сево ова да заклучиме дека постојат бројни документирани сведоштва од Средниот век, и тоа дадени од странски (во случајов: византиски, англиски, грчки и други) извори, кои зборуваат за постоењето на Македонците како доминантни жители на Македонија и овој факт не може да биде ни негиран ни игнориран".

## III. РАЗЛИЛЧНИ ДЕТЕРМИНИРАЊА ЗА БУГАРИТЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА

„Повеќемина застапници на хипотезите за наводниот бугарски етнички корен на македонската нација се повикуваат и на *аргументи*, според кои Македонците низ векови биле *аморфна* и *флотантна маса*, додека Бугарите отсекогаш си биле со своја стара култура, цивилизација, јазик и- што е најважно- со бугарска народносна свест. Така за Бугарите се создаде една фама дека тие наводно отсекогаш претставуваат народносно свесен и древен народ, со своја култура, кон која на Македонците треба да им биде чест што *припаѓале* или што сé уште *припаѓаат*.

Со длабока почит кон Бугарите, во продолжение и ова ќе го разгледаме критички.

Како прво, да кажеме дека ваквата не сосема веродостојна слика за Бугарите низ историјата е резултат на крајно еднострана пропаганда што оттаму ни беше пласирано. Во оваа пропаганда исклучително селективно беа одбирани ретките документи, во кои во средновковието се спомнуваат Бугарите и нивната култура. Ваквите документи беа глорифицирани до крајни граници, па кај неупатените се создаде мислење дека Бугарите отсекогаш биле свесни оти се Бугари и оти тие отсекогаш имале своја развиена култура.

Меѓутоа, податоците што ќе следат во продолжение верувам дека ќе претставуваат студен туш за неупатените застапници на овие хипотези, кои еднострано и безрезервно ги примаат бугарските артикулации како единствено објективни. Документите што овде ќе ги презентираме многу јасно ќе докажат дека најголем дел од Бугарите (како впрочем и некои други балкански народи), дури и во самиот почеток на 19. век, воопшто не знаеле што се по народност, а за некаква *бугарска* развиена култура и да не зборуваме.

Како доказ за овие тврдења повторно ќе се послужиме со цитати од бугарски книги, но и од општопознати податоци. Така, на пример, во 1987 година (значи во времето на тодороживковистичкото едноумие) во Софија е објавен седмиот том од патеписите што странските патеписци ги пишувале во времето на нивната посета во Бугарија. Конкретно овој том носи наслов *Англиските патеписци за Бугарија* и е посветен на извештаите дадени од англиските патеписци (вкупно 31 на број), кои, почнувајќи од 16 век, па сé до почетокот на 19. век, престојувале во Бугарија.

Приредувачот на оваа книга, познатата бугарска историчарка Марија Тодорова и самата тврди дека во стотиците страници што ги оставиле овие автори за Бугарија, терминот *Бугарија* и *Бугари* мошне малку или воопшто не се спомнуваат.

Напротив, во неколку патеписи тие (како резулат на разговорите со месното население во Бугарија), јасно запишале дека во Бугарија живеат *Срби*, па дури и *Грци* !

Што се однесува за некаква развиена бугарска култура од овој период, патеписците речиси и не спомнуваат или ако ја споменуваат тогаш не многу пофално (па дури и навредливо) се изразуваат за неа.

Инаку, овие патеписци територијата на Бугарија сосема е јасно географски ја лоцирале во областите помеѓу Стара Планина, Дунав, Тимок и Црно Море (значи не станува збор за Македонија како за некаква *бугарска земја*)".

Бугарска земја никогаш немало, таа било само кнежество, но никако држава.

„**3.1. Бугари што себе се декларирале како Срби**

Како пример за детерминирањето на тогашното население во Бугарија како *српско* ќе го земеме англискиот патеписец Вилијам Макмајкл. Овој патеписец, дури и на крајот од втората деценија на 19. век (1818 година !), како резултат на својата посета на неколку бугарски градови и села, за населението што таму живеело, децидно тврди дека се етнички Срби ! Еве што запишал тој:

*Месните христијански жители на оваа земја (позната порано под името Мизија, која сега е разделена на два дела: Србија и Бугарија) главно себеси се нарекуваат како Срби и говорат словенски јазик. Старите Бугари се Татари, кои дошле во Бугарија во петтиот век од бреговите на Волга. Тие подоцна од страна на своите нови сонародници Срби, го примиле словенскиот јазик, зачувајќи само неколку зборови од својот претходен јазик.*

Значи Вилијам Макмајкл бил убеден дека во Бугарија не живеат Бугари, туку- Срби ! И Тоа во 19. век ! Секако дека до ваквиот заклучок тој дошол преку консултирање на стари извори, но и преку контактите со тамошното месно население (Бугари, кои за себе тврделе дека се Срби) и ваквите свои сознанија тој ги пренел во својата татковина, но и пошироко. (Макмајкл=Мак мајкл: Мак=Македон, Р.И.)

Истата таа 1818 година, за време на својот престој во Бугарија,Вилијам Макмајкл го посетил и округот Хасково, каде што неколку денови се задржал во селото Хевице(денешно Љубимец).Таму,Макмајкл присуствувал на една селска свадба,а за младоженецот тврди дека бил *Србин* ! Еве што напишал Макмајкл во врска со ова:

*Тој ден патувањето го завршивме во селото Хевице... Вечерта излеговме од поштенската станица и се упативме на крајот од селото за да ги наблудуваме народните веселби, кои претходно на свадбата на еден српски селанец.*

Значи ниту во ова село Макмајкл не го променил своето убедување дека во Бугарија живеат Срби (а не Бугари). Во продолжение тој дава описи од свадбените обичаи и за истите не се изразува сосема пофално.

Дека во Бугарија живеа Срби (а не Бугари) има и многу постари сведоштва. Така на пример, искусниот француски дипломат Ожие Гизленф Бузбек, кој бил испратен во Цариград од страна на *кралот на Римјаните* Фердинанд, исто така тврдел дека во Бугарија живеат Срби (а не Бугари). Ова сведоштво е уште позначајно ако се знае дека Бузбек во тогашни Туција останал два мандата (вкупно осум години) и за тоа време двапати ја посетил територијата на Бугарија. Инаку, Бузбек бил сметан како многу образован, способен и чесен човек. Тој бил студент на познатиот Еразмо Ротердамски и од 1554 до 1562 година престојувал како француски амбасадор во Цариград. Со својот двомандатен престој во Турција, тој оставил значајни сведоштва, во кои, помеѓу другото, за населението во Бугарија тврдел дека се етни-

чки Срби. Секако дека до ваквите сознанија и тој дошол како резултат на неговите две посети на оваа земја и како резултат на разговорите со тамошното население.

Впрочем, познат е фактот дека голем број Бугари во минатото и навистина себеси се декларирале како *Срби*. Некои од нив дури и оставиле значајни дела за српската историја и како такви денес со гордост се почитиваат во Србија. Таков е случајот со етничкиот Бугарин (родум од Видин) монахот Јован Раиќ (1726-1801), кој не само што се декларирал за Србин и не само што тврдел дека во Бугарија живеат Срби, туку и оставил значајни дела за српската историја и денес со почит се слави во Србија. Дури Раиќ бил сметан и како најобразованиот српски монах во времето кога живеел. (Па ако Јован Раиќ бил Србин, не бил етнички Бугарин, Р.И.)

Друг бугарски интелектуалец што сметал дека Бугарите се Срби и кој себеси се декларирал како Србин е и Никола Пашиќ од Тетевен, кој и самиот оставил значајни дела за српската историја, и така било и со бројни други тогашни бугарски интелектуалци, но и обични граѓани. (Значи, немало етнички народ Бугари, Р.И.)

Впрочем, мнозина Бугари и во 19. век, под влијание на што дел од Бугарија се декларирале како Срби,сé уштеноселе презимиња што завршувале на *'иќ' ('ич')*. Некои од овие видни Бугари (покрај нивните претходници Раиќ и Пашиќ) биле: Најден Јованович (бугарски преведувач и публицист), Протопопович (бугарски деец), Гаврил Крстевич од Котел (бугарски преродбеник) и други)".

Заврштокот ич бил македонски. На пример, Марко Тодорович, кој пред Вук Караџиќ во Виена издал на македонски говор од Разлог итн. Ама и руски, полски...

„**3.2. Бугари што себеси се декларирале како Грци**

Освен како *Срби*, Бугарите себеси се декларирале и како *Грци* (а така биле нарекувани и од стрна на бројни странски автори и патеписци од тоа време). Така, на пример,за грчкиот карактер на населнието во Бугарија сведоштво дал патепсецот Адам Нил, кој во 1805 година (значи:повторно 19. век !)посетил неколку градови во Бугарија. Еве што запишал тој за својата посета во бугарскиот град Разград:

*Разград... е доста важен град... Сегашнотото население брои околу 10.000 жители,од кои една третина се грчки христијани,а останатите се Евреи и Турци.*

И за англискиот патеисец Џон Галт, кој во 1811 година ја посетил Софија, нема никакви дилеми дека Софија живееле Грци:

*Софија е мал и нечист град, заобиколен со ниски карпи... Поголемиот дел од куќите се бедни колиби, а калта по улиците е толку длабока, што ги правеше не-проодни дури и за пешаците... Населението во Софија се проценува на 10.000 ду-ши, кои главно се Грци, што посакуваат да се спојат со Србите против Турците.*

Тежината на ваквото тврдење е уште поголемо ако се земе предвид фактот дека тоа е дадено од страна на очевидец, но сведок што лично бил во Софија и, како резултат на контактите со тамошното население, ги дал овие сведоштва пред англиската и европската јавност".

Имало само Цариградска патријаршија со Грци и тек тогаш биле и Србите.

„Своето убедување за грчката национална припадност на христијанството население во Бугарија Џон Галт го стекнал и врз основа на разговори со тамошните интелектуалци (Бугари што се декларирале како Грци). Доказ за ова имаме во следниов извадок од неговиот патепис, во кој се зборува за својата посета на Пловдив

во 1811 година. И овде жителите на Пловдив (според нивното самодекларирање) Галт ги нарекува Грци:

*Меѓу тамошните Грци постои обичај да се напијат по една чашка пред јадење... Грците и Турците редовно јадат по двапати на ден. Ручекот им се сервира попладне, а вечерата малку пред залезот на Сонцето... Таму му кажаа дека Демтриус Александридес, лекар од Трново, ја превел* ***Историјата на Грција*** *од Голдсмит од англиски на грчки, а додека Анатасиус Георгиадес, родум од Филиполи* (Пловдив, з.м.) *доста успешно превел неколку медецински книги на грчки*".

А.Донски говори за Христијани=Грци, Турци=Муслимани и Евреи. Ваква била состојбата и во Македонија. Во неа добро ја опишува состојбата Г.Вајганд...

„Повеќе од јасно е дека горенаведените лица: лекарот Александринес и Анастасиус Георгидес биле Бугари, кои себеси се декларирале како Грци и кои агилно се зафатиле во ширењето на грчката култура среде населението во Бугарија (за чии припадници тие сметале дека се Грци). Да потсетиме дека тоа е 19 век и дека овие цитати ги пренесувам од бугарски книги (М. Тодорова, цит. дело).

Понатаму, познатиот бугарски интелектуалец и општествен деец Никола Савов од Велико Трново, исто така целиот свој живот себеси се декларирал како-*Грк* ! (Тогаш имало само Цариградска патријаршија- само за Грци, Р.И.)

Како *Грци* себеси се декларирале и високите турски службеници Стефан и Александар Богороди (Бугари од градот Котел).

Значи, во истото време кога голем број жители на Бугарија себеси се декларирале како Срби, не бил мал бројот ни на оние (меѓу кои и десетици интелектуалци) што се декларирале како Грци и тврделе дека Бугарите се потомци на Елините. Некои од нив (иако биле Бугари) дури и со омраза зборувале против сé што е бугарско,фалејќи го туѓиот елинизам на сет глас. Поради ова само по себе се наметнува споредбата помеѓу нив и некои денешни етнички Македонци, кои се ставени во истата улога- да плукаат врз своето, т.е. врз сé што е македонско, истовремено глорифицирајќи ги туѓите нации и култури.

За Бугарите што се декларирале како *Грци* ќе презентираме и други странски и бугарски сведоштва, преку кои ќе се види дека погрчувањето на Бугарите била масовна и **доброволна** појава.

Во врска со ова рускиот историчар од 19 век Г. Голубински ја критикува бугарската интелигенција и пишува дека во времето на турското ропство главна цел на оваа интелигенција била: *...да го отфрли од себе празниот збор 'бугарска националност' и да ја прифати грчката националност, или со други зборови, да се преобразат себеси во Грци... Кон крајот на триесеттите години од овој век овој процес бил целосен... Не останал буквално ниту еден што би сакал да се осознае и да се признае себеси за Бугарин, а не за Грк, и кој би се моли на својот роден јазик, а не на грчки*".

До 1830 година немало држава Елада. Затоа не можело да има ниту Еладци. Во неа службени јазици биле македонскиот коине, па германски; еладски од 1868 г.

„За ваквата состојба пишува и бугарскиот историчар В. Друмев, кој вели:

*И почнавме ние да учиме грчки, да зборуваме на грчки и да се декларираме како Грци. И сега меѓу нас има Бугари што се грчеат, кои зборуваат на грчки и ги мразат Бугарите.*

Бугарскиот историчар Шишманов во врска со Бугарите што се декларирале како Грци пишува дека тие тоа доброволно го правеле:

*Денациоанализацијата на бугарското население од 18. век, па наваму, се должи главно на **доброволното родоостапништво**, а не на насилното дејствување на грчките духовни власти* (подвлекувањето е мое, з.м.)".

Денес во Грција Власите се најголеми Грци. Во Албанија Власите не сакаат влашки, туку само грчки, и тие и таму се Грци.Во Битола тие биле Грци и Романци.

„Конечно, како *Грк* се декларирал и еден од првите бугарски преродбеници В. Априлов (род. Во 1789 од Габрово). Тој дури во 1833 година во Одеса ја прочитал книгата на рускиот бугарофил Јуриј Венелин (кој, како што е познато, за првпат во поновата историја и ги има *откриено* Бугарите во Европа). Веднаш потоа Априлов, преку ноќ, од *Грк* почнал да се декларира како *Бугарин*. Подоцна со неколкумина свои истомисленици во Русија го формираат Бугарското друштво, кое подоцна многу помогнало во бугарската преродба".

Браќата Миладинови биле Грци. Исто и Григир Прличев- пишел на коине.

„**3.3. Други детерминирања на Бугарите низ историјата**

Продолжуваме со другите етнички детерминирања на населението во Бугарија низ историјата.

Во српските изворни документи од 13 век, Бугарите се наречени *Готи*.

Постојат византиски средновековни документи во кои Бугарите се неречени и како *Скити*. Така, на пример, познатиот византиски писател Јован Каменијат во делото *За заземањето на Солун* (904) Бугарите ги нарекува *скитски народ*.

Во некои византиски документи Бугарите се наречени и како *Хуни*.

Во некои документи за жителите на Бугарија се среќава и терминот и како *Мизи* (Лав Ѓакон, ГИБИ, 5. том, стр. 247-249 и други).

Јован Зонара Бугарија нарекува *Паристрон*, следствено нејзините жители – Паристронци (ГИБИ, том 7., стр. 198).

Историчарот Михаил Аталијат во своето дело *Историја* Бугарите ги нарекува *Мирмидонци*.

Повторно византискиот хроничар Јован Зонара во својот речник *Свида* Бугарите ги нарекува *Панонци* (Проф. Димитар Ангелов, *Обрзазуване на българската народност*, Софија, 1871, 340).

Во некои од средновековните документи од 16. век Бугарите се наречени *Тр-ибали*. (Наводов е најбитен за книгава. Меѓутоа, А.Донски ништо не наведува, Р.И.)

Во арапските хроники Бугарите се наречени *Буржани*.

Веќе наведовме сreновековни документи во кои населението на Бугарија се третира како *влашко*, а Бугарија како *Влахија* !

Претходно видовме дека по завладувањето на Бугарија од страна на Османлиите мнозина Бугари што го прифатиле исламот почнале да се декларираат како *Турци*, додека некои од преостанатите турко- монголски Бугари исто така го отфрлиле бугарското народносно име и почнале да се декларираат како *Гагаузи*.

Но тоа не би било сé во врска со различното детерминирање на Бугарите низ историјата.

Во Средниот век постојат и тврдења дека Бугарите се всушност етнички-*Илири* ! Така, на пример Солвио Пиколомини,  еден од првите географи од 15 век,

сите балкански *словенски* народи гио нарекува *Илири* (вклучувајќи ги тука и Бугарите), кои, според него биле *словенски народ*). И хрватскиот хуманист Јуреј Шижговиќ народот во Бугарија (до Црно Море) го смета (заедно со другите *југословенски* народи) како Илири, т.е. како составен дел од *илирската нација*. А така е и со Петар Охмучевиќ (кој пишува во периодот од 1584- 1594), како и со другите тогашни хрватски преродбеници. Историчарот Враччиќ, пак, во 1553 година бугарскиот јазик го нарекол *илирски јазик*. (Александар Матковски: *Грбовите на Македонија*, Скопје, 1990).

Интересно е детерминирањето на бугарскиот јазик од страна на патеписецот Курипешиќ. Овој за бугарскиот јазик запишал дека е *вендски јазик*. Ваквото детерминирање од страна на Курипешиќ најверојатно настанало од терминот *Венети*. (Александар Матковски: *Грбовите на Македонија*, цит. дело).

Сепак, се чини дека најдалеку од сите отишол хрватскиот историчар и писател Павел Ритер Витезевиќ (1652-1713), кој во своите дела Hronika (Загреб, 1696), а потоа и во делата: Plačuča и Oźivjela Hrvatska (обете објавени во 1700 год.), за Бугарите тврди дека се етнички *Хрвати* (а тоа го тврди и за сите други балкански народи, освен за Грците и Албанците). (Александар Матковски: *Грбовите на Македо-нија*, цит дело). (А авторовите Грци и Албанци до 1767 година биле Булгари, Р.И.)

Познати се сведоштвата од 19 век за детерминирањата на Бугарите како *Шопи* и *Татари*, кои биле давани од национално осознанени Македонци, за што сведочи и бугарскиот езархиски агент Петко Славејков.

Во контекст на сето ова, ќе го споменеме и извадокот од Букрешкиот договор од 1821 година, според кој била постигната согласност за уредување на заемните односи помеѓу балканските народи пред претстојните востанија против Турција. Интересно е што во овој докумнт Бугарите воопшто не се спомнуваат како еден од балканските народи, а не е таков случајот и со Македонците:

*Да им се спротиставиме на интригите и да не дозволиме Романците да им бидат потчинети на Албанците, ниту пак Албанците да им бидат потчинети на Грците, ниту пак Грците на Србите, а ниту Србите на Македонците.* (*Notiz Botzaris. Visions Balcaniques des la preparation de l s revolutionqrecque, Paris, Genove.* 1962, стр. 229).

Од изнесеното може да се заклучи дека тогашните жители на Бугарија дури и до почетокот на 19 век во најголема мера вопшто не биле свесни за своето етничко бугарско потекло и себеси се декларирале како Грци и како Срби (а во Средниот век и да не зборуваме). Впрочем, врз основа на ваквите нивни декларирања настанале веќе наведените извештаи од страна на тогашните странски патеписци што од 16 до 19 век престојувале во Бугарија. Секако дека тие не се и единствени.

Во контекст на ова да ги спомeнеме и различните детерминирања на историјата на Бугарија и старите географски карти (од кои некои се и од 19 век), во кои Бугарија е наречена: *Тракија, Романија* и сл.

Од ова недвосмислено може да се заклучи дека, до колку Бугарите отсекогаш биле свесни за своето бугарско етничко потекло (како што се, на пример, Англичаните и други), не би постоеле олкав број странски документи и сведоштва од тоа време, во кои Бугарите биле третирани, не само како Срби и Грци, туку и како Власи, Илири, Готи,Хуни, Мизи. Паристронци, Македонци, Панонци, Мирмидо-

нци, Трибали, Буржани, Турци, Гагаузи, Шопи, Татари, Скити, па дури и како Хрвати, што значи дека за Бугарите низ историјата постојат **најмалку деветнаесет** различни етнички детерминирања. Посебно се значајни сведоштвата за нивното **доброволно** инаку себедекларирање, и тоа дури во 19 век !

Зарем не е ист случај и со етничките Македонци, кои од други биле различно нарекувани во тие темни и матни времиња ? Претходно спомнавме дека декларирањето на поединци и нарекувањето на припадниците на еден народ со други имиња не игра никаква улога во утврдувањето на етничката припаност (потекло) на тој народ, но наведените документи (цитати претежно од бугарски извори) целосно ја рушат хипотезата зз наводната вековна народносна бугарска свест кај Бугарите. Напротив, гледаме дека мнозинството Бугари и самите претставувале народносно неидентификувана и флотантна маса и дури до почетокот на 19 век (со ретки исклучоци) себеси мосовно се декларирале поинаку од тоа што етнички се.

Конечно, ако се разгледаат и турските документи од времето на турското ропство на Бугарите, ќе се види дека во најголемиот дел од нив термонот *Бугари* многу малку или воопшто не се споменува".

Арбани, Бугари, Срби и Власи се општи поими, а Македонците митолошки.

„Се разбира дека постојат документи и од овие времиња што сведочат и за постоење на Бугари во Бугарија, но добар дел од тие документи не сосема јасно ја артикулираат бугарската народносна засебност. Така, на пример, англискиот патеписец Џон Барбари, во времето на својата посета на Бугарија во 1665 година, во врска со населението на оваа земја, запишал:

*Населението во Бугарија доживеало многу промени, можеби најмногу од која и да е друга земја. Прво во Бугарија живееле Трибалите, втори биле Мизите, трети биле Даките, четврти биле Римјаните, а петти- Готите. Словените биле шести, а Бугарите седми. Грците биле осми, а Турците деветти.Но, и покрај тоа, оваа земја си го задржала името Бугарија, кое име доаѓа од народот Волгари. Вол-гарите дошле од областа околу реката Волга и буквата В ја промениле во Б, па биле наречни Болгари.* (М. Тодорова, цит. дело). (Василиј=Басилиј, Р.И.)

Постојат и други вакви сведоштва, во кои се спомнуваат Бугарите како жители на Бугарија, но во некои од нив се тврди дека тие се етнички мешавина од *Евреи, Турци и Словени* и така натаму. (Евреи бил само еднобожен народ, Р.И.)

Немал е и бројот на странски сведоштва, во кои Бугарите едноставно се детерминирани како *Христијани* (а не како Бугари и сл.). (Па не биле Турци, Р.И.)

### 3.4. Македонските корени во бугарската култура

Поголем дел од странските патеписци, кога зборуваат за бугарската култура, нејзините корени ги лоцираат во антиката (значи во периодот пред доаѓањето на Бугарите).Она што за нас е важно е фактот дека добар дел од бугарската култура се поврзувала и со Македонија и тоа конкретно со златниот период на античко-македонската држава, но и со подовнежните времиња. Ова е сосема спротивно на тврдењето на денешните бугарски пропагандисти кои зборуваат за некаква *бугарска култура* во Македонија.

Така, на пример, еден од патеписците, кои почетоците на бугатската култура ја врзуваат директно со Македонија, е англискиот патеписец Џон Барбари. Тој во 1665 година го посетил градот Пловдив (тогашен Филиполис), за кој запишал:

*Градот, што порано се викал Пенерополис, сега се вика Филиполис, според името на Филип Македонски, кој го основал овој град. Овој град се протега близу до една голема рамница и се мие од позната река Хеброс, која сега се нарекува Марица.* (М. Тодорова, цит. дело).

Интересно е да се спомне дека од времето на третата крстоносна војна (крајот на 12 век) на крстоносците градот Пловдив им бил прикажан како град во- Македонија ! *Во Историјата на крстоносносците*, во врска со североисточната граница на Македонија, пишува:

*Филипол* (Пловдив, з.м.) *е богат и познат град, кој е расположен на самиот почеток на Македонија.*

Според бугарскиот средновековен учен Григориј Цамблак (14 в.), кој бил ученик на бугарскиот патријарх Евтимие, Пловдив исто така се наоѓал во границата на Македонија (С. Параос, *Народна Волја*, Блгаоевград, мај 1998. с. 3; цит. според автетични извори).

Францускиот патештественик Де ла Брокер, откако престојувал во Пловдив во 1493 година, запишал дека Пловдив е *столнина на Македонија.*

И францускиот патешественик Вертрандон во својот труд Voyage d'outrement го пишува истото.а така е и со Бенедето Рамберти во Libre della cose de Turchia. (Христо Андоновски, цит. дело, стр. 54).

Но тоа не е сé во врска со детерминирањето на некои сегашни бугарски градови како македонски. Патеписецот Хенри Блаунт во 1643 година ја посетил Софија. Како резултат на сознанијата до кои дошол таму, овој патеписец запишал дека Софија е македонски град ! Овде читаме:

*Софија, според овдешното административна поделба, е главен град на Бугарија, но географски овој град се наоѓа во Македонија, близу до границата со Тесалија.* (М. Тодорова, цит. дело).

Во продолжение тој дава опис на убавината на овој град- сакрални и духовни објекти, убеден дека тие се дело на Македонци (штом Софија се *наоѓала* во Македонија)".

Софија бил македонски град, а го знаеле и Македонците од нашава етничка.

„Софија била сметана како македонски град, не само од странците, туку и од самите Македонци. Познатиот македонски културен деец Јаков од Камена Река (16 век), кој печател книги во Венеција и ги донесувал во Македонија, исто така сметал дека Софија е македонски град. На крајот од објаснувањто на местото на своето потекло, Јаков запишал:

*... И јас Јаков, од македонските краишта од местото викано Софија, Крајков син, и од господин Јерилима назначен на оваа работа, ве молам сите вас да ми простите. (Одбрани четива...* цит. дело, стр. 166) запис околу 16 век.

И за Рилскиот манастир постојат сведоштва дека се наоѓа во- Македонија. Самите негови монаси во 17 век тврделе дека Рилскиот манастир е дел од Македонија. Во 1627 година тие напишале писмо до рускиот цар во кое меѓу другото се вели: (За Рилски манастир, Прохор Пчински... на секој Македонец му е јасно, Р.И.)

*Писмото е напишано во Македонија во братството на препофобниот отец Јован Рилски.*

Во повеќе географски карти од самиот почеток на 19, век и градот Ќустендил (со околината) е сместен во границите на Македонија. Таков е случајот на гео-

графските карти на Балканот објавени во Виена (1812 и 1822), потоа на географската карта на Балканот објавена во Парис (1814), Белград (1853), Италија (1855) и други (*Македонија на старите мапи*, цит. дело).

Арапскиот писател Идризи во својот познат спис '*Географија*' (1153) како македонски градови ги опишува: Ниш, Пирот, Кладови, Видин, Разград, Шумен и други (С. Антолјак, цит. дело).

На една минијатура под ликот на бугарскиот цар Иван Александар (1331-1365) стои напишано: Sanctus, Johannes Aleksander de Macedo. (Стјепан Антолјак, цит. дело според постари извори, стр. 176).

Авторот Винко Прибоевиќ во своето дело O podrijetlu i zgodama Slavena (16 век), пишува дека Бугарија некогаш се викала Македонија. (С. Антолјак, цит. дело, стр. 176). (Значи, Бугарија била Македонија, а Бугарите само Македонци, Р.И.)

**3.5 Некои бугарски и странски сведоштва за бугарската писменост и култура**

Што се однесува за тврдењето за наводното *вековната стробугарска книжевност*,на која наводно припаѓала и македонската,бројни податоци од тоа време зборуваат дека дури и во почетокот на 19 век најголемиот дел од Бугарите не само што биле неписмени луѓе,туку немале ни свој книжевен бугарски јазик.(Бугарскиот книжевен јазик,како што е познато,е создаден дури во втората половина на 19 век).

Така, на пример, Роберт Волш во патеписот од неговата посета на Бугарија во 1827 година мошне сликовито ја опишал оваа состојба:

*Таму каде што не се користи грчкиот јазик во богослужбите, се користи древниот писмен јазик, но бидејќи Бугарите не го разбираат ни едниот ни другиот, тоа значи дека тие практично богослужбата ја слушаат на за нив непознати јазици. Во оние малку училишта што ги има по градовите сите учебници се напишани на грчки, иако тој јазикот народот не го познава. Како резултаат на сето ова најголем дел од луѓето се неписмени. Јазикот што го користат е само устен и овој јазик никогаш не бил литературен. Дури неодамна биле отпечатени неколку книшки на овој јазик, но јас не успеав да видам ниту една од нив... Во многу места нема ни училиште, ни црква, ниту пак книга... Низ сите села низ кои поминав не сретнав ниту еден човек што знае да чита и да пишува.* (М. Тодорова, цит. дело). („древниот писмен јазик" бил разбирлив- со јазиците имало и има политика, Р.И.)

Во ова сведоштво е многу значајно тврдењето дека Бугарите воопшто не го разбирале ни тн. *црковенословенски јазик*, па нејасно е зошто некои денес и понатаму, тврдоглаво и вон секаква логика, тврдат дека овој јазик бил- *бугарски*".

За кој јазик не бил разбрлив се наведува следново: Бидејќи коине не бил разбирлив, македонскиот царски двор, со својата македонска династија и македонските цареви го задолжиле Македонецот Константин Филозоф тој да го реформира коине. Тој од него ги остранил семитските зборови и го потполно го повратил пелазгискиот=тн.словенски јазик. Тој тогаш во однос на говорите во Европа бил со мали разлики. За ова Димитри Обленски истакнува: „Во деветтиот век за времето на Кирило- методиевата мисија, словенските идиоми меѓусебно биле многу блиски"... „Словените во тоа време се́ уште биле свесни дека зборуваат со ист јазик. Јужномакедонскиот дијалект што Кирил го искористил за своите преводи, не им бил наменет само за Чесите, туку на сите Словени". Следи, тој и денес е разбирлив. Ова

се потврдува, што Русите велат тој бил старруски, Србите старсрпски, Бугарите старбугарски и ние Македонците стармакедонски јазик- победникот на ждрепка...

Димитри Оболенски пишува: “Нема непосредни докази дека византиските мисионери во Русија намерно ја поттикнувале словенската народна традиција, но нејзиното брзо ширење по 989 година и потполното исклучување на грчкиот од литургијата- и тоа во време кога Руската црква ја водат свештеници кои биле поставени од Цариград“.Па Македоците од Цариград знаеле, коине не бил разбрлив.

„Впрочем, за непостоењето на каква и да е бугарска литература дури и во првите децении од 19 век, сведочат и бројни национално осознаени бугарски преродбеници од четирисеттите до седумдесеттите години во 19 век. Овие бугарски дејци жестоко го криткувале нискoто ниво на писмност кај Бугарите, како и непостоењето на книжевен бугарски јазик. Најголем доказ за ова се бугарските преродбенички текстови напишани на србизиран бугарски јазик, во кои авторите недвисмислено се жалат дека Бугарите немаат свој книжевен јазик и бараат веднаш да биде создаден ваков јазик.

Понатаму, во нашата јавност е малку познато дека пред да биде создаден бугарскиот литературен јазик (средината на 19. век) тогашните ретки бугарски панслависти отпрвин пишувале на јазик што претставува мешавина помеѓу *старословенскиот*, рускиот и српскиот јазик и овој нивен јазик бил тешко разбирлив за ретките Бугари што умееле да читаат, (а за днешните и да не зборуваме).

Ова може лесно да се потвди ако се разгледааат тогашните бугарски текстови напишани од крајот на 18. век, па сé до средината на 19. век. Така, на пример, во книгата *Кратка историја на бугарскиот народ*,напишана кон самиот крај на 18 век (за која во продолжение поопширно ќе пишуваме), во оригиналниот текст пишува:

**Болгарскїй народъ изъ ìде древле ω Чернога морА ω ръки Волги из великїА Скадинавїи и звахγ сА тамо гимера и кимери, егда оумножиша сА, изъдоша первое на овъìА странъ, и єще пред АлеЈандромъ македонскимъ. Илиїрикъ первъѝ кралъ бАше...** (Немам доволен и соодветен фонт, Р.И.)

Во продолжение ќе го дадеме преводот на овој извадок, а овде сакам да укажам на фактот дека разликите помеѓу јазикот на кој е напишана оваа книга и денешниот бугарски кнежевен јазик, се повеќе од очигледни и тешко дека кој и да биде денешен Бугарин би го разбрал овој јазик без превод на современиот бугарски книжевен јазик, иако се работи за текст кој е одвај околу 200 години стар. Секако дека има и други вакви многубројни примери.

Подоцна, по востанието во Србија, во почетокот на 19 век, бугарските преродбеници почнале да ги пишуваат своите дел на- српски ! На српски пишувал и големиот бугарски поет Љубен Каравелов.

Во четириесетите, педесеттите, шеесеттите години, па дури седумдесеттите години на 19. век, Бугарите почнуваат да пишуваат на еден србизиран бугарски јазик, кој денешните Бугари тешко го разбираат. Поради ова текстовите на тогашните бугарски преродбениците денес во Бугарија се преведуваат на совремниот бугарски литературен јазик.

Како илустрација на сето ова ќе ја спомeнеме книгата под наслов *Периодически печатъ преди освобождението* од В. Пундев (Софија, 1927), во која е застапен поголем избор на оригинални бугарски текстови од четирисеттите до шеесеттите години на 19. век. Во повеќето вакви текстови тогашните бугарски препод-

беници се жалат поради погрчувањето на Бугарите и поради немањето на свој сопствен јазик.Голем дел од овие текстови се напишани на еден мешан бугарски јазик.

Така, на пример, Константин Фотинов од Смирна во 1842 година пишува: *Народ болгарски спава*, (...) *Настави... народи оних, кои поју...* и сл.; Димитар Мутев од Калофер во 1858 год, пишува: *Она показува что и мие хватиле да разумеваме, колку еден народ злополучен и удален* (удаљен, з.м.) *од своето велико предзначение, кога он се лишават од науките...*- и многу други примери. Српски (но и грчки) зборови се среќаваат дури и во бугарските преродбенички текстови од седумдесеттите години.

Пишувањето на бугарските преродбеници на србизиран јазик не останало незабележано од странската наука. Така на пример, познатиот чешки славист Јозеф Добровски во своите објавени истражувања за т.н. *старословенски јазик*, тврдел дека бугарски јазик не постои и дека јазикот на Бугарија претствува наречје на српскиот.

Дека бугарскиот јазик е наречје на српскиот тврдел и Шафрик во 1826 година, за што пишува и бугарскиот историчар Шишманов.

Речиси сите бугарски преродбеници од средината на 19 век се жалеле дека бугарски книжевен јазик не постои и дека треба под итно да се создаде таков. Најдециден во ова е преродбеникот Теохаров, кој во својот труд *Неколку зборови за бугарската литература* (1860) запишал:

*Бугарите не само што немаат современа литература, туку тие сé уште немаат направено ни почетни обиди во тој правец... Бугарскиот народ пред триесет години беше уверен дека нема свој сопствен книжевен јазик и дека со бугарскиот јазик не може да пишува научни книги, туку само на грчкиот, како и дека со помош на грчкиот јазик, може да се описмени секој Бугарин. (Периодически печат...* цит. дело).

Па, според овие факти само по себе се поставува прашањето: на каков бугарски книжевен јазик пишувале нашите преродбеници, кога самите Бугари тврделе дека таков книжевен јазик воопшто не постоел, и тоа дури и во втората половина на 19 век ? Ако ја прифатиме ноторната вистина дека првото дело напишано на современиот македонски јазик се појавил во 1903 година, тогаш временската разлика, помеѓу ова дело и првите дела напишани на вистинскиот, несрбизиран бугарски книжевен јазик одвај би изнесувало само нешто повеќе од триесетина години ! Значи, наполно се руши хипотезата за наводниот *илјадогодишен* катактер на бугарскиот книжевен јазик, на кој наводно пишувале нашите преродбеници и од кој наводно нам ни текнало да се делиме во 1954 година. Напротив, самите бугарски преродбеници, дури и во средината на 19 век, тврделе дека тогаш бугарски литературен јазик воопшто немало, па поради тоа тие биле принудени прво да пишуваат на српски, а подоцна и на маглив бугарски јазик, преполн со српски зборови (за што постојат уште многу примери) !

Доказ дека овие бугарски преродбенички текстови се напишани на јазик што денес современите Бугари воопшто не го разбираат е и фактот дека дури и овде спонатото издание (*Периодически печат*) од 1927 година (во кое се објавени овие текстови), како дополнување на секоја страница има бројни фусноти со превод на одредени зборови од тој јазик на современиот литературен бугарски јазик. Поголемиот број на овие зборови се српски и грчки. Ова значи дека и Бугарите од

дваесеттите години на овој век со тешкотии ги читале текстовите од своите предци напишани пред само седумдесетина години (штом ги објаснувале и преведувале преку фусноти). Ова го потенцирам поради неумесните забелешки на неколкумина овдешни субјекти, кои тврдат дека ние Македонците тешко сме ги читале текстовите на нашите преродбеници од 19 век.

Исто така, некои овдешни пробугарски субјекти со потсмев тврдат дека македонската преродба се сведувала само на неколку книшки напишани на западниот дијалект, но тие немаат поим дека и бугарската преродба во 19 век се сведувала само на **седум** повремени списанија и неколку весници. Од сите тие списанија **ни едно** не било печатено во во Бугарија, што значи дека тие биле недостапни на пошироките бугарски маси (се разбира, ова се однесува за приодот пред ослободувањето на Бугарија од страна на Русите). Така, на пример, списанието *Љубословие* било печатено во Смирна (првиот број во 1842 година). Списанието *Мирозрение* е печатено во Виена (1850). Списанието *Българска книжица* е печатено во Цариград (1857), а така е и со списанието *Читалиште* (1870). Списанието *Братски труд*, како заедничко на Бугарите и Македонците, е печатено во Москва (1859-1860), а *Знание*- во Букурешт (1875). (Од Смирна бил Кораис- 1850 год. со катаревуса, Р.И.)

Конечно, Периодичното списание на *Бугарското книжевно друштво* е печатено во Браила (1870-1876).

Инаку, вистината за појавата на бугарскиот книжевен јазик во 19 век се сосема познато и во светот. Како доказ ќе го спомнам цитатот од големата мултимедијална компјутерска ЦД Grolier едницклопедија (1995), каде што за бугарската литература пишува:

*Бугарската литература се појавува дури во 19 век како израз на потриотските артикулации против турското ропство.*

Посебен проблем на бугарските предодбеници тогаш било и се уште актуелното декларирање на голем број Бугари како Грци и масовно ширење на грцизмот во Бугарија. Во врска со ова пишува и веќе споменатиот преродбеник Теохаров, кој во 1860 година пишува:

*Дури и ако Бугарите си го знаеле својот јазик, тие и да сакале, не можеле да пишуваат на него, бидејќи сиромаштијата и прогонот од Грците не им дозволувале да се зафатат со таква работа. Та и самите погрчени Бугари, не само што не ги подржувале и не им помагале на ваквите луѓе, туку и ги исмевале нивните книги... Последниве десет години нашата литература претставува најсилно ору-жје во борбата помеѓу грцизмот и бугаризмот. Таа борба не се води само во неко-лку незначајни градови во Бугарија, како пред десет години, туку таа денес се води меѓу целиот бугарски народ. Бугарскиот народ веќе почуствува дека со векови на-назад бил покриен со црната грчка завеса... Колку повеќе литертурни дела ќе има-ме, толку поголема сила ќе добиеме во оваа борба, во која, како што гледаме, гла-вни двигатели се учените Бугари. Тоа веќе не се Бугари школувани во Елада, кои го прифаќаат туѓиот јазик, а својот го фрлаат в море, не- тоа се мажи, школувани во словенските земји... Грците си ги тегнат кон себе погрчените Бугари... Не е чудно што и денес некои Бугари се одметнуваат од својот народ и се прилепуваат до туѓиот грчки народ. (Периодически печат...* цит. дело)“.

Во Елада имало Еладци, не Грци. Грци биле на Цариградската патријаршија.

„Во продолжение авторот погрчените Бугари навредливо ги нарекува *простаци*. (Ако булгар означувал простак, тогаш само простаците биле Бугари, Р.И.)

За проблемот со грчката пропаганда во Бугарија пишува и Т. Икономов од Жеравна (Котленско) во своите статии објавени во 1870 година (*Перидически печат*... цит. дело).

И во предговоро на списанието *Љубославие* објавено во Смирна (1842) децидно е опишана ваквата состојба, па Фотинов пишува:

*Бугари, благочестиви и православни, до кога ќе спиете во тој длабок сон на незнаење ?... Ах, колку е срамно за нас ! Многу народи кои настанаа по нашиот, а кои немаа своја книжевност, се зафатија и почнаа да се просветуваат..., а бугарскиот народ спие !!! (Перидечески печат*... цит. дело)“.

Имало Православни=Грци и Муслимани=Турци. Исто и, Латини=Католици.

„И Димитар Мутев од Калофер во своите статии објавени во списанието *Български книжици* (Цариград, 1858), откако констатира дека Бугарите во областа на културата се многу поназад од другите народи, ги повикува да се *разбудат. (Периодически печат*... цит. дело).

Иван Богоров (кој го заменил Мутев како уредник на *Българската книжица*) во шеесеттите години од 19. век исто така го спомнува влијанието на етничките погрчени Бугари, кои во тоа време ја ширеле елинизацијата на Бугарија. (*Перидически печат*... цит. дело)“.

Никогаш немало етнички народ Бугари. Тој бил само од 19 век, а не порано.

Германците иако меѓусебно не се разбирале, со сила се обединале, а ние денешните Македонци, Бугари, Срби, Црногорци...,кои се разбираме и затоа сме еден народ, меѓусебно се делиме, војуваме и се истребуваме, а во полза на Германците...

Ние не смееме да пишеме истории- ние сме биле различни етнички народи.

„**3.6. Странските историски патеписци за културното ниво и битот на Бугарите**

Бугарите,како и сите поробени народи под Турција, создавале своја култура, онолку колку што можеле во тие тешки времиња.Оставени се значајни дела во уметноста (архитектурата, сликарството, народното творештво).Сепак, сето тоа како да не било сосема доволно за префинетиот вкус на странските патеписци, кои не многу пофално се изразувале за општото и поединечното културно ниво на Бугарите. Некои дури и навредливо ја омаловажувале бугарската култура и ваквите сведоштва јас воопшто не би ги објавил, до колку тие веќе се објавени во самата Бугарија.

Во претходно спомнатите странски патеписци се застапени и описи на културното ниво и битот на обичното население во Бугарија. Овие описи опфаќаат широк дијапазон што се протега од пофални зборови за карактерот на Бугарите, па сé до навредливи квалификации за нивото на нивната поединечна култура. Цитатите што следуваат ги пренесувам од претходно спомнатите книги приредени од бугарскиот историчар М. Тодорова. (Таа е женски род- историчарка, Р.И.)

Англискиот патеписец Вилијам Хантер, кој во 1782 година ја посетил Бугарија, за Бугарија напишал:

*Луѓето во оваа земја се негостопримливи дивјаци, кои никогаш не укажуваат каква и да било помош, освен ако тоа навистина не е нужно. Навистина тие станале такви затоа што постојано биле ограбувани, па сега се плашат од патници и внимателно kријат од нив што имаат. Тие се многу љубопитни и склони се*

*кон ниски итрини, посебно кога печалбите ги стимулира за тоа, а околностите им помагаат. Тогаш често прибегнуваат и кон отворено насилство...Ваквиот кара-ктер, што го опишав, никако не треба да ги сметаме како некаков природен недо-статок на тие луѓе, туку тоа е резултат на безмилосната жестина и потчине-тост на овој народ од страна на неговите господари, бидејќи човековата природа, кога постојано е притисната, постепено почнува да ја губи целата добрина и кро-ткост и нив ги заменува со недоверба.*

Ништо подобро во своите оценки не бил ни патеписецот Хенри Кевендиш, кој два века пред тоа, во 1589 година, за денешниот прекрасен град Софија и за неговите тогашни жители запишал:

*Софија е многу грозен град и луѓето таму имаат исклучително лоши особини. Само стоеја и зјапаа во нас, а некои и не плукаа, но не не тепаа.*

Конечно, Џон Галт во 1811 година за својата посета на Бугарија го донел следниот заклучок:

*Бугарија ја сметам за област што сé уште се нема ослободено од варварствата, поради тоа што таа од најраните времиња била арена на разни воени дејства... Нејзините градови претставуваат непријатна глетка на традиционални свртувалишта на мизерија и незнаење.*

Секако дека постојат и сосема спротивни сведоштва за карактерот на обичните Бугари, на патеписецот Адам Нил во 1805 година запишал:

*Бугарите обично се човечни и срдечни луѓе. Гостопримиливи се кон луѓето што им дошле под скромниот покрив.*

Кон ваквите тврдења се приклучил и веќе спомнатиот Роберт Волш, кој во 1827 година, при својата посета на Бургас за Бугарија запишал:

*Градот Бургас е убав чист град, што донекаде се должи на производството на грнчарски производи... Од сите селски народи што ги сретнав, Бугарите изгледаат како најпростосрдечни, пријатни и пријателски настроени луѓе и тие претставуваат очигледен контраст во однос на грубите и бруални Турци.*

Инаку, Волш и Нил се ретки патеписци од тоа време што населението во Бугарија го именува како *Бугари*"

Патеписците биле запознаети и со историјата на Балканот. Тие на Бугарија жителите ги нарекле Бугари. А имало македонска тема Бугарија со центар...Скопје.

„Конечно, за убавината на градот Софија, наспроти наврдливата квалификација на Кевендиш, постои сведоштво од францускиот рицар и патеписец Бертранд де ла Брокнер, кој во 1433 година запишал:

*Потоа, за три дена стигнавме до еден голем град. Тоа е најубавиот град во Бугарија што се вика Софија.*

Од сето ова сам по себе се наметнува заклучокот дека ниту Бугарите отсекогаш имале бугарска народноснса свест, ниту пак може да стане збор за којзнае каков степен на булгарската култура (барем не за периодот што го опишуваат патеписците), како на општ, така и на личен план. Впрочем, слични на нив биле и другите балкански народи, кои не по своја вина живееле и живеат на овие ветрометишта, постојано под удар на разни завојувачи што го уназадуваленивниот севкупен развиток. Секако дека овде припаѓаат и Македонците".

А.Донски пиши: Русите ја ослободиле Бугарија- Бугарите биле руски народ.

**„3.7. Отец Паисиј и бугарскиот национал-романтизам**

Во контекст на овој дел од книгата, ќе кажеме неколку зборови и за бугарскиот национален-романтизам од 18 век. Ова поради фактот што неколкумина овдешни пробугарски субјекти го напаѓаа и му се потсмеваа на наводниот македонски национал-романтизам на Пулевски, на Мажовски, но и на другите бројни македонски и странски публицисти, кои во минатото тврделе дека *Словените* и античките Македонци биле еден ист народ.

Нечесната цел на овие субјекти беше јасна. Требаше да се омаловажи македонската национална преродба. Да му се *докаже* на нашиот народ дека нашите предци биле флотантна и изгубена маса, од која само некои поединци се занесувале со фантастични историски измислици за да го *докажат* постоењто на македонската национална засебност.

Меѓутоа, ако се погледаат делата што го означиле зачетокот на бугарската национална преродба од 18 век, исто така ќе се забележат бројни нереалности и фантастични измислици, поврзани со бугарската постара историја.

Како најдобар пример за ова ќе ја наведеме *Славјанобугарската историја* од отец Паисиј, напишана во 18 век, дело што се смета за еден од зачетоците на бугарската национална преродба.

Па, да почнеме со презентирањето на некои ноторни факти поврзани со Паисовата Историја, како и со времето во кое таа била напишана.

Најпрвин да кажеме дека неколкуте оригинални преписи од Паисиевата Историја, што самиот Паисиј ги направил, се смета дека не се зачувани.

Како второ, мнозина бугарски историчари од пошироката јавност го кријат податокот дека отец Паисиј (инаку етнички Македонец, родум од Банско, со световно име Пенко Банов) всушност бил **српски монах** што престојувал во српскиот Хилендерски манастир. Неговиот брат Лаврентиј дури бил и српски игумен во овој манастир". (Историјата била од пред да се укини Охридската архиепископија, Р.И.)

Македонецот, српски монах, пишел за народната=булгарна Охридска црква.

„Понатаму, во својата *Историја*, отец Паисиј никаде, дури ни во бугарските преписи на таа историја, себеси јасно не се декларира како припадник на бугарскиот народ ! Во бугарските преписи на таа Историја српскиот монах отец Паисиј секаде на Бугарите им се обраќа во второ или трето лице (како, на пример: *Ти Бугарину... За Вашите татковци... Јас Ви пишувам... Не дозволете да ве мамат... Многу го засакав бугарскиот род...* и сл.), што може да се претставува доказ дека тој себеси воопшто и не се сметал како припадник на бугарскиот народ !

Од друга страна треба да се објасни и зошто отец Паисиј ја напишал таа историја, која ја нарекол *Славјанобугарска историја*. Нему соработник му бил претходно спомнатиот монах Бугаринот Јован Раиќ, кој рековме дека себеси се декларирал како- **Србин** ! Двајцата монаси, додека престојувале на Света Гора во 18 век, разочарани константирале дека елинизмот зема сé поголем замав на Балканот, духовно поробивајќи ги народите што зборуваат *словенски*. Така обајцата, како *словенски патриоти*, дошле на идеја да почнат да пишуваат историја на *словенските* народи. Отец Раиќ (иако бил етнички Бугарин, родум од Видин), бидејќи себеси се сметал за Србин, т.е. сметал дека Бугарите се Срби, се зафатил да ја пишува главно српската историја (но и историјата на други *словенски* народи).(Не Раиќ-Раич, Р.И.)

Отец Паисиј, пак, тогаш веројатно под влијание на разговорите со Раиќ, ја пишува *Славјанобугарската историја*, од која, како што рековме, оригинални не-

гови преписи не се зачувани, а подоцнежните бугарски преписи се полни со романтизам и неточни историски податоци (што го признава и денешната бугарска историографија). Најголема заблуда препишувачите на отец Паисиј внеле како турко-монголските Бугари (т.е. Прабугари) ги прогласиле за Словени ! Така на пример, во оваа Историја, меѓу другото пишува:

*Од целиот словенски род најславни биле Бугарите. Прво тие имале свои цареви, прво тие имале свој патријарх, прво тие се крстиле...*

Романтизмот и неточноста на овие податоци се повеќе од очигледни. Веќе докажавме дека првите Бугари што се покрстиле и што имале свои цареви биле турко-монголските Бугари (владетелот Борис и неговите претходници, но и наследници). Турко-монголските Бугари пак, немале никаква етничка врска *со словенскиот род*, со кој овде се поистоветени. Овде просто се наметнува прашањето: Кому му пречи тоа што Пулевски го прогласил Филипа за *Словенин*, а случајот со препишпувачите на Паисиј, кои турко-монголските Бугари исто така ги прогласиле за *Словени*, не се ни забележува ? Меѓутоа, токму врз овој фалшив податок (со нереалното прикажување на Бугарите како *чисти Словени*, т.е. со *словенството* како пандан на елинизмот) тогаш почнал да се гради бугарскиот патриоитизам. Подоцна ќе видиме дека овој фалшив податок и нанел штета и на македонската преродба во 19 век. Познато е дека тогаш извесен број Македонци, сфаќајќи дека не се Грци и сакајќи тоа сознание јавно да го артиклулираат, го прифатиле турко-моголскиот етноним Бугари, под влијание на погрешното сфаќање дека Бугарите биле *Словени*. Подоцна бугарската пропаганда ќе ја користи таа нивна неинформираност за да *докажува* дека Македонците биле Бугари (!?)".

Македонците Татарите ги нарекле само народ=булгар, ништо повеќе. Само историчарите не објасниле,како е можно,Татари и Словени да биле од исти места !? А и секако ова во сите мои книги го опишувам.Меѓутоа, јас за А.Донски не сум бил историчар,туку само сточар.Сточарската наука кажува и докажува,дека сета Европа била балканско-малоазиска, никако обратно.Да не се изуми, и тој не бил историчар.

„Следните фанстатични имислици во врска со историјата на Бугарите превземени од Паисиевата историја мислам дека не заслужуваат никаков коментар, освен дека денес се кријат од пошироката јавност на Бугарија. Така на пример во денешните училишта и институти во Бугарија упорно се форсираат само Предговорот и Поговорот од оваа Историја, додека Првата глава од книгата се избегнува. Зошто е тоа така, ќе видиме во продолжение.

Имено, пишувајќи за потеклото на Бугарите, отец Паисиј тврди дека после Големиот потоп (опишан во Библијата, з.м.), дедо Ное останал со своите три синови: Сим, Хам и Јафет. Понатаму ја опишува нивната судбина. Притоа читаме:

*Јафет има еден син по име Мосхос. Од неговото племе се одделил нашиот словенски јазик, којшто со родот отпрвин се нарекувале Мосхов род и јазик. Тој род и јазик отишол на север, кадешто сега се наоѓа Московската земја и според името на својот прадедо Мосхос така била наречена реката Москва кадешто најпрво се населиле. Подоцна и населбата го добила тоа име... Во Московската земја има една земја која се нарекува Скадинавија. Кога се распрснале најпрво обие кои биле во таа земја, ги нарекле Скандавлани. По многу години тие Скандалани, откако се намножиле во таа земја, се кренале и тргнале на запад, кадешто нашле на земја крај едно море. Тоа море се вика Балтичко и Помориско. И се населиле*

*тие Скандалини таму крај Брандебур, а според нивното име Скадавлани, подоцна тој народ бил наречен како Славјани, а така е до денес*". (Склавини, Р.И.)

Паисиј бил извонреден, тој потврдил дека Континентот бил само балкански.

„Еве врз какви фантастични измислици била градена бугарската преродба".

А.Донски потпаднал на европската мајмунска-неандерталска историја. Бидејќи тој не бил сточар, тој не знаел дека на ембрионот најпрво се развива главата. Бидејќи роговите им пречат при породување, тие се развиваат по породот. Тие им се најбитни за одбрана. Следи тие се најмеродавен доказ. Затоа роговите на Викинзите биле само на балканското, илирското, говедо- буша, што тие ги носеле и денес носат во викиншките земји: Данска и скадинавките земји. А Паисиј 100% погодил.

„Без разлика дали самиот Паисиј (или пак неговиот препишувач) го напишал фалшивиот податок дека турко-монголските Бугари биле *Словени*, има основа да се тврди дека тоа не е случајно сторено. Сепак, да претпоставиме дека тоа го направил самиот отец Паисиј. Зошто ги спомнал Бугарите, а не Македонците ? Ќе одговориме веднаш. Како прво, на отец Паисиј добро му бил познат фактот дека Бугарите биле едно, а *Словените* нешто сосема друго (барем според старите книги од кои ги црпел податоците за својата *Историја*, во кои овие два етникуми се јасно разделени). Но, нему му биле важни *Словените* (како пандан против елинизмот, но и против турското ропство). Терминот *Македонци* воопшто не можел да го спомне за *Словените*, бидејќи во тоа време македонското име наполно било узурпирано од Грците,против кои се борел.(Дури подоцна во пошироката јавност излегуваат успешно криените податоци од страна на Грците за етничките и културни разлики помеѓу античките Македонци и Грците). Затоа отец Паисиј како *Словени* ги прогласил (турко-монголските Бугари, т.е. оние што *прво имале свои цареви*). Едноставно, отец Паисиј морал така да постапи. Во спротивно, веројатно немало да има ништо бугарскиот (читај: *словенскиот*) патриотизам што Паисиј сакал да го разбуди. Каков би бил тој бугарски патриотизам што требало да се бори против турското ровство, до колку Паисиј би ја напишал вистината дека првите етнички Бугари биле блиски до Турците ?Со тоа само би им направил услуги на Турците".(Донсково,РИ)

Паисиј пишел за Грци-припадници на Цариградската патријаршија со коине.

„Подоцна, излегле бројни статии напишани од Бугари, кои настанале како резултат на фалшивиот Паисиев податок дека Бугарите се *чисти Словени*. Како пример ќе ја спомнеме статијата под наслов *За Словянобълграрската история*, објавена во спсанието *Мирозрение* (Виена, 1850). Во неа Иван Добровски од Сливен исто така секаде предците на Бугарите ги детерминира како *Словени*, а така било и кај други бугарски дејци од тоа време. (А.Донски со многу туѓизми..., Р.И.)

Кон крајот на 19 век бугарската официјална историографија ги исправи препишувачите на отец Паисиј, па прогласува дека Бугарите не се чисти *Словени*, но бугарската преродба веќе има таков замав што бегло се преминува преку овој податок. (За Паисиевата историја види и кај: Ѓ.Радуле, цит. дело).

За бугарскиот историски национал-романтизам од крајот на 18 век ќе спомнеме и еден уште подрастичен пример. Се работи за една тогашна бугарска историја, во која се споменува и Александар Македонски, против кого наводно Бугарите *војувале* (!?). Оваа Историја (за која веќе пишувавме) се смета како второ значајно бугарско историско дело од 18. век (по Паисовата Историја). Од оваа книга се напојувале мнозина бугарски предобеници и таа денес со почит се третира во Бу-

гарија. Извадок од оваа Историја е објавен во книгата *Български старини из Македония* од Јордан Иванов, (Софија, 1931). Насловот на оваа историја е: *Кратка историја на бугарскиот народ* иако е позната и под името: *Зографска историја*. Рековме дека се смета оти настанала кон самиот крај на 18 век. За нереалните податоци и за бугарскиот национал-романтизам застапен во оваа историја најдобро зборува цитатот од нејзиниот почеток: (Кај Донски се автори само **словенисти**, Р.И.)

*Бугарскиот народ дошол од областа околу Црно Море, реката Волга и големата Скадинавија. Таму овој народ бил наречен со името: Гимери или Кимери. Откако овој народ се намножил, се населиле во овие краеви уште пред Александар Македонски. Првиот крал им се викаше Илирик, а потоа него го замени царот Бла-диј, кој го победил Филип Македонски и го претворил во свој поданик. Потоа тие имаа два крала: Брем и Болг... Кралот Болг ги освои источните земји и се насели таму со својот народ, кој народ се нарече Болгари. Болгарите потоа војуваа со Александар Македонски...* (Спротивно на отец Паисиј за Словени=Склавини, Р.И.)

Овој фрагмент самиот за себе најдобро зборува со какви фантастични измислици и преданија се служеле бугарските преродбеници во тие темни времиња, се́ со цел национално и културно да го *разбудат* својот народ од вековниот сон под турската окупација. Впрочем, во ваков сон се наоѓале и другите балкански народи.

Конечно, и грчката национална преродба и патритизам од почетокот на 19. век биле изградени врз основа на нереални и измислени историски податоци. И Грците во своето востание против Турција од 1821 година се повикувале на славата на *античката грчка држава*,иако во историјата таква држава никогаш не постоела. Се́ што постоело во антиката на почвата на Грција биле само неколкуте градови-државички, кои ту војувале помеѓу себе, ту склопувале лабилни сојузи и кои до една биле поразени токму од Македонија. Во ваквиот историски нереален национален занес на Грците им помогал и познатиот англиски поет Бајрон, кој и самиот пишувал песни за славата на непостојната *античка Грција*.Значи, не само Бугарите, туку и Грците го изградиле својот патриотизам врз основа на својот национал-романтичарски занес од почетокот на 19. век.

Секако дека е наполно ист случајот и со Србите. И тие го граделе својот патриотизам врз основа на српскиот национал-романтизам од 19 век. Малку е познато дека во измислените и фантастични преданија за српската историја некои српско предбеници дури тврделе дека и Александар Македонски бил- *чист Србин*, па користејќи ја неговата слава го буделе патриотизмот кај српскиот народ.

Да ги спомнеме и Хрватите. Ниту тие не останале имуни на славата на Александар Македонски, па некои хрватски преродбеници сметале дека тој бил *Илир*, што (според нивните сфаќања) значело дека бил *предок* на Хрватите.

Навистина, по сите сознанија сосем неумесно би било претходно спомнатите субјекти и понатаму да му се потсмеваат на наводниот македонски национал-романтизам на Пулевски, Мажовски и на другите, а да не ги забележуваат другите балкански (бугарски, грчки, српски, хрватски и други) национал-романтизми, чии артикукации биле далеку од реалноста и од историската вистина.

На крајот да спомнеме дека бугарскиот национален романтизам трае до денешен ден. Така, на пример, во една неодамнешна статија за турко-монголските Бугари се тврди дека биле *Тракијци*, кои на времето војувале против Александар Ма-

кедонски (!?). Ова тврдење е објавено од Константин Каменов во весникот *Македонија*, издаден од ВМРО-СМД (1996). Каменов тврди дека Тракијците и турко-монголските Бугари биле *еден народ* и дека турко-монголските Бугари биле истерани во Азија од страна на Александар Македонски (!?). Меѓутоа, Каменов не нуди апсолутно никакви докази за сето тоа, туку само претпоставува дека името *Фриги* (малоазиско племе, блиско до Тракијците) прво се претвориле во *Бриги*, а потоа, за време на неколку векови, во *Булгари* (!?). (Исто така, без доказ за Словените, Р.И.)

Смешно нели ? Сепак, за да не му останеме должни, макар и ваквите бесмислци, ќе му поставиме неколку логични прашања на Каменов: зошто Александар Македонски би ги избркал турко-монголските Бугари, а не би ги оставил Тракијците во Бугарија, кога се знае дека токму Тракијците војувале против него ? Зошто нема ниту еден податок дека такво нешто и навистина се случило во историјата иако постојат детални описи на завојувањето на Александар Македонски во Тракија ? Зошто самите турко-монголски бугарски ханови себеси се декларирале како потомци на Атила и на турскиот род Дуло ? Зошто турко-монголските Бугари по култура и карактер биле слични со околните азиски племиња, кои тогаш живееле во Азија (Хазарите, Аланите и други), за кои никој нормален не може да тврди дека се европски народи ? Романтизмот овде повеќе може да се објасни како поединичен ефективен отпор кон прифаќањето на *сопственото* азијатско потекло.

Одговрувајќи им на ваквите смешни тврдења на Каменов, македонскиот публицист Стефан Делев во благоевградскиот македонски весник *Народна волја* (јуни 1996) пишува:

*Вам, господине, не Ви се бендисува фактот дека сте потомок на турко-та-тарското племе Дуло... Но, што да Ви правам, господине ? Родителите не можат да се избираат... Природата е семожна и таа така одредила: или да бидеш* ***коњ*** *или* ***магаре****, а во краен случај, ако се случи некоја неприродна врска помеѓу нив, мо-же да излезе нешто друго, но тоа нема да биде ниту коњ,ниту магаре, туку-* ***муле****, а тоа е без потомство, осудено на изчезнување.*

Во врска со современиот бугарски романтизам ќе спомнеме уште еден пример. Се работи првиот признат турко-монголски бугарски хан Кубрат. Некои бугарски публицисти, користејќи едно старо и нејасно предание, во последно време тврдат дека ханот Кубрат наводно бил- христијанин (!?). Ханот Кубрат наводно на 12- годишна возраст го примил христијанството и тоа- во Цариград, а потоа отишол да владее со азиска Бугарија. Дека ваквите бесмислици не вредат дури ни да се коментираат, доволно е да потсетиме на неколку моменти. Како прво, ханот Кубрат владеел цели 50 до 60 години со азиска Бугарија. Тоа значи дека овој хан имал голем углед во својата држава, штом толку долго успеал да се одржи на власт. Па, зарем ако тој бил христијанин, би ги оставил своите поданици да бидат пагани ? Зарем ако првиот бугарски хан бил христијанин, Бугарите ќе ги уништувале сите цркви и манастири, на кои наишле во времето на нивното навлегување во Европа и зарем ќе ги прогонувале и убивале христјаните во својата европска држава ?“

Бидејќи немало етнички народи, имало само верски народи: повеќебожци= Хелени и еднобожци=Евреи. Следат Православен=Македонски народ и Католички =Латински народ. Православниот се делел на Грци- припадници на Цариградската патријаршија и Булгари- припадници на Охридската архипепископија. Со крстоносните војни се одвојува Печката црква од Охридската црква со народ Раси=Срби...

Во 1767 година, кога била укината Охридската архиепископија, имало само Грци и Турци=Муслимани-без Булари и Срби. Што се однесува за „иеромонахот Паисиј од Самоковската, живеел во Света Гора Атонска 1726 година и ја напишал својата историја во 1762 година во полза на бугарскиот народ".Таков имало сé до 1767 год.

## IV. МАКЕДОНЦИТЕ И БУГАРСКАТА ЕГЗАРХИЈА

„Едно од стојалиштата на денешните пробугарски субјекти е дека во 19. век наводно Македонците масовно се изјаснувале за своите приклучување кон тогаш востановената Бугарска егзархија и тоа е доказ дека тие биле *Бугари*. Така, на пример, еден пробугарски пубицист во врска со ова напиша дека, според Зборникот на документи *Македонија*, издадена од Бугарската академија на науките (1978), се гледало оти потпсите за формирањето на Бугарската егзархија во поголемиот дел биле потписи и печати на македонските црквено-школски општини, кои дотогаш ја вршеле духовната и просвената дејност во македонските градови. Поради тоа, поголемиот дел од населението на Македонија слободно се изјаснило да стане дел од Бугарската егзархија, согласувајќи се притоа во пописните дефтери на Отоманската Империја да го носи називот *Булгар-милет*".

Значи, во Македонија немало Булгар-милет до постоењето на Бугарската егзархија. Со ова се потврдува, до годината на Егзархијата немало бугарски Бугари. Истиот случај бил со Власите=Романците во Македонија- романска црква, школа...

„Значи, според пробугарските субјекти, сé е *јасно*. Македонците биле *Бугари*, па самите си ја формирале Бугарската егзархија за потоа да бараат обединување со Бугарија".

Имало цркви во Отоманската Империја: Романска, српска и бугарска црква, но никако еладска црква во Атина. Црквите на Долна Македонија...се цариградски.

„Но, историјата зборува дека тоа воопшто не било така. Да ги демантираме и овие анти-македонски артикукации и еднострани толкувања.

Како прво, нема ништо чудно што одделни етнички Македонци учествувале во формирањето на институциите на Бугарската егзархија во Македонија. Во тие матни времиња на засилено дејство на антимакедонските пропаганди извесен број етнички Македонци активно учествувале и во работатња на Грчката патријаршија, како и во отворањето на грчките училишта на територијата на Македонија. Дури извесно време бројот на учениците-етнички Македонци во грчките училишта бил поголем од бројот на учениците-Македонци во бугарските училишта. Па зарем ова значи дека ние сме *Грци*, штом повеќето тогашни Македонци доброволно претежно учеле вои грчките, а не во бугарските училишта ?"

Се говори само за Грци на Цариградската патријаршија, но не Еладци.

„Исто така, етнички Македонци учествувале и во создавањето на Српските православни епархии во Македонија (во тогашните книги на големосрпската пропаганда се приложени цели списоци на етнички Македонци, по нивно- *Срби*, кои активно учествувале во ширењето на српската пропаганда во Македонија).

Конечно, етничките Македонци со исламска вероисповед активно учествувале и во претставништата на турската исламска верска заедница во Македонија".

Имало само верски и црковни народи. Муслимани=Турци: денес во Р.Македонија муслиманите не-скиптари станувaат Албанци. Во Албанија Власите се Грци.

„Нормално е кога се нема своја црква, за да се задоволат верските потреби, да се оди во овие цркви што во моментов постојат. Меѓутоа, мнозина истакнати Македонци уште во тоа време се залагале за обновување на Охридската архиепископија како независна црква на македонскиот народ. Притоа треба да се има предвид уште еден момент, а тоа е моментот што во тогашна Турција нациите ни оддалеку не играле толку важна улога како што тоа бил случај со вероисповедите. Поради тоа на православните *словенски народи* од страна на турската власт им било дозволено да формираат само една своја Црква на териоторијата на Турција. Бугарите, како побројни и повлијателни во Цариград, со помош и на руската дипломатија успеале да се изборат таа црква да биде бугарската, па на етничките Македонци, од страна на турската власт, им било понудено да избираат помеѓу двете солуции- Бугарската егзархија или Грчката патријаршија“.

Се потврдува дека била битна само вероисповедта, што денес е кај исламот. Бугарската егзархија била дело на Рим,[21]кој сакал да ја уништи Македонија од 1071 година- и денес. Ова било и поради тоа што Охридската архиепископија имала примат пред Римската црква. Следи Рим во 750 година да направи фалсификат, за тн. Константинова даровница во име на Константи Велики, Рим имал примат...: лага.

„Некои претпоставки одат до таму што се смета дека султанот на Бугарите (а не на Македонците) им дал Црква, поради фактот што сметал дека Бугарите во себе имаат и турска крв, т.е. дека се сроден народ со Турците. (Конструкција, Р.И.)

Дека ваквите претпоставки не претпоставуваат никаква моја инсунуација ќе потврдам со фактот што и навистина на преговорите помеѓу одделни истакнати бугарски дејци со претставници на турската власт, од страна на Турците им било потенцирано сродното етничко потекло помеѓу Бугарите и Турците. Така, на пример, бугарските дејци Чомаков и Аверij (кој подоцна станал митрополит во ослободената Бугарија) кон средината на шеесеттите години од 19 век имале преговори со високиот турски претставник Али-паша во врска со создавањето на Бугарската егзархија. Притоа, Али-паша, откако им ветил дека ќе им ја исполни желбата за создавање Бугарска црква, на бугарските претставници им рекол: (Турци=Белци,Р.И.)

*Вие добро знаете дека ние Турците и вие Бугарите имаме иста крв и дека ние, а и вие, не сме Словени... Од вашата способност зависи дали ќе успеете сé да побугарчите... за да станете наши наследници во Европа*. (Ив. Ивановиќ: *Из цркве-не историја Срба у Турској у 18 и у 19 веку*, стр. 46. Ивановиќ бил современик на Аверij и лично се познавал со него, па од неговите искажувања ја пренел оваа изј-ава). (Турскиот јазик бил само персиски јазик со монголски=турски зборови, Р.И.)

Недолго потоа, и навистина била создадена Бугарската егзархија. Поради сличноста помеѓу македонскиот и бугарски јазик, Македонците, како отпор кон неразбирливиот грчки јазик, претежно се изјаснувале за нивното членување во Бугарската егзархија. Меѓутоа, откако увиделе дека преку егзархијата на Македонците агресивно им се натура бугарската национална припадност и јазик, многумина Македонци станале и против оваа Црква, продолжувајќи ја борбата за обнова на Охридската архипепископија како независна Македонска црква“.

[21] Се говори за „руската дипломатија“. Таа била царска, на семејства поврзани, антиправославни.

Никогаш немало македонски и бугарски јазик, туку мноштво говори во античка=етничка Македонија, што важело и за Дунавска Бугарија а и јужно од неа. Македонски (бригиски) и бугарски јазик се во македонската и бугарската држава.

„Но дали има аргументи во поткрепа на ова што го напишавме ? Аргументи има толки што целата оваа книга не би била доволна ако ги изложиме сите. Да наведеме само неколку од нин.

Дека Македонците се залагале за обновување на Охридската архиепископија уште **пред** формирањето на Егзархијата најдециден доказ е Првиот патријаршиски собор што се одржал во 1858 година. На овој собор, прво било побарано обновување на Охридската архиепископија, а не на Бугарската црква. Дури подоцна од делегатите било побарано, покрај Охридската архиепиускопија, да се возобнови и Трновската патријаршија (подетално кај Н. Станев: *България под иго*, Софија, 1947)“.

Бидејќи Еладаците, Власите и Скиптарите немале свои цркви, не можеле да бидат народи.Значи,само со Охридската Црква, Трновската Црква и Пеќката Црква.

„Во врска со напорите Македонците да ја обноват Охридската архипископија, уште пред формирањето на Егзархијата, сведочи и статијата што прилепчанецот Тоде Кусев ја објавил во в. *Македонија* во 1867 година:

*Грците секогаш воделе борба за погрчување на Македонците, уништувајќи ја и Охридската архиепископија- искрата на нашата иднина. Но, колку и да се мачеа да не сопрат да одиме напред, не можеа да го искоренат сосема чуството на Македонците да не бидат Македонци...*

За отпорот против бугаризирањето на Македонците што станал мошне интезивен по формирањето на Бугарската егзархија, постојат низа сведоштва уште од тоа време.

Непосредно пред подготвувањето на султанскиот ферман за создавање на Бугарската егзархија населението од Дојранската, Воденската и Охридската епархија поднеле барање до турската влада дека не сака да биде вклучено во Бугарската Црква, бидејќи, како што навеле во барањето, тие не биле Бугари, иако зборувале на *словенски* јазик.

Исто така треба да се знае дека отпрвин само една македонска епархија била вклучена во диецезата на бугарскиот егзарх. Подоцна Бугарите добиваат уште поголеми црковни и политички овластувања во Македонија, а бугарските историчари и публицисти тврдат дека самите Македонци го барале тоа. Меѓутоа, вистината е сосема поинаква. За добивањето на толкавите големи овластувања на бугарските пропагандисти во Македонија најзаслужен бил тогашниот бугарски премиер Стамболиев (за чиј антимакедонизам во продолжение подетално ќе пишуваме). Имено, во 1887 година во официјалната посета на Бугарија дошол грчкиот министер Трикупис. На средбата со Стамболов Трикупис му понудил заедничка акција против Турција и за создавање Балканска федерација. Меѓутоа, по заминувањето на Трикупис, Стамболов веднаш ги известил Турците за овој таен грчки предлог. Како награда за ваквиот подмолен потег, Бугарија набргу добила широки овластувања од Турците- нејзините дејци да можат да работат во Македонија (подетално за ова во трудовите на бугарските дејци Крсто Раковски и Павел Делирадев)“.

Се говори за диецеза, кој бил латински збор,на Католичката црква, не коине.

„Меѓутоа, на ваквите идеални услови за ширење на бугарската пропаганда не дале којзнае какви резултати сред Македонците.

Така, на пример, охридскиот деец Коста Групче тврдел дека Македонците се Бугари и Срби толку колку што се Русите и Честите- Полјаци.

Против бугаризацијата на Македонците пишувал и ресенскиот учител Сакелариев, како и охридскиот учител Д. Баев.

Попот Никола од с. Врбјани одел по прилепските села, зборувајќи му на народот дека Македонците не се ни Срби, ни Бугари, ни Грци, туку само Македонци. (Подетално кај: Славко Димевски: *Митрополитот скопски Теодосија и црковно-просветните борби во Македонија*, Скопје, 1965).

Значајна од овој период е и молбата на група македонски интелектуалци упатена до турскиот султан, за објавување весник на македонски јазик во Цариград. Во молбата упатена во 1887 година, меѓу другото се вели:

*Ваше Величество,*

*Ние христијаните во Вашето подрачје на отомaната држава, или поточно во провинцијата Македонија, пред 20-30 години, т.е. од времето кога меѓу христи-јаните не постоеше никаков фанатизам, живееме во славната Отоманска Импе-рија и го носевме заедничкото име христијани-раја. Како такви си живеевме под власта на славните отомански султани најмирен живот. Но, кога се роди бугар-ското црковно прашање, се фрли семето на раздорот помеѓу христијаните-раја-та,кое создаде големи несреќи во нашата татковина, па поради интригите од ст-рана на туѓите агитатори, ја имавме таа несреќа да ја примиме бугарската на-родност како своја, иако за нас Македонците таа е туѓа.*

*По отцепувањето на бугарската провинција, ние христијаните-рајата во Македонија се најдовме во многу лоша состојба, бидејќи Бугарите, охрабрени од неоадамнешните револуции, не прогласија за Бугари, создавајќи на тој начин основа за нивните претензии над Македонија... Ние долупотпишаните... изразуваме готовност да работиме на искоренување на опасноста што ни се заканува од туѓинските напади... Тоа може да се постигне доколку овде, во престолнината на Царството, почне да се објавува весник на чист македонски јазик што ќе се вика ‘Македонски лист’ и ќе работи по следнава програма:*

*- Спомнатиот Македонски лист ќе се занимава со историско-филолошка работа и помал преглед на политиката.*

*- Ќе ги изнесува општите сознанија дека нашата татковина нема ништо заеничко со Бугарите, ниту пак со другите држави и затоа строго ќе укажува на нивните интриги...* (Д-р Климе Џамбазовски: *Неуспешен обид за издавањето на ‘Македонски лист’ во Цариград во 1887 година, ‘Современост’,* Скопје, 1964, 10, 1064) (Само за Бугари во Бугарија, Романци во Романија и Срби во Србија, Р.И.)

Иако оваа молба е со чиста македонска национална програма, подоцна некои од потписниците подпаднале под туѓите пропаганди.

Како мошне значајни во овој период се и повторните активности за обновување на Охридската архиепископија, кои со несмалена жестина останале присутни кај мнозина истакнати Македонци. За ваквите дејства имаме сведоштва и од самите тогашни бугарски дејци. Така, на пример, бугарскиот весник *Право* (30.11. 1870) во врска со антибугарските активности на Кузман Шапкарев, напишал:

*Тој беден учител во Кукуш ја напушта службата кога ќе му текне и оди од град во град во крстоносен поход против книгите напишани на бугарски јазик (...) Во Охрид... неговите први зборови биле полни со омраза кон сé што е бугарско. Тој*

*рекол:* ***Одвај се ослободивме од Грците, сека пак Шопа ли да станеме ?*** *Од сето погоре изнесеното може јасно да се разбере во каква пропаст сака да го турне народот тој таканаечен господин, поради што некои веќе се дрзнаа да изјават дека:* ***Ние сме Македонци, а не Бугари !*** *И порано сме слушнале од патници дека некои од училите во Македонија, а пред сé Шапкарев, ги убедувале нашите македонски браќа дека едно биле Бугарите и бугарскиот јазик, а друго Македонците и македонскиот јазик.* (Бугарскиот јазик бил од говор, така ќе стане и македонскиот, Р.И.)

Самиот Кузман Шапкарев околу 1884 година во врска со обновувањето на Охридската архиепископија изјавил:

*Народот се воодушевуваше од идејата за обнова на Охридската независна архиепископија или- како што ја нарекуваа месните жители- Охридска патријаршија. Секој се потсетуваше и си замислуваше како ли изгледала таа во златните времиња кога постоела.*

Но зошто ја потенцирам важноста на фактот за заложбите на Македонците за обновување на Охридската архиепископија и нив ги сметаме како македонска национална дејност ? Како прво, за разлика од Католичката црква, која е единствна за сите католици во светот, познато е дека не е таков случајот со православните цркви и дека тие по својот карактер се национални (на пример, денес имаме: Македонска Православна Црква, Бугарска, Српска, Руска, Јапонска итн.) Заради тоа Македонците (меѓу кои и Шапкарев) упорно се залагале прво да се обнови Охридската архиепископија, како независна црква, која веднаш потоа, според природата и националниот карактер на православните цркви, би била прогласена за црква на својот матичен народ, во случајов- на Македонците. Поради ваквите дејства на Шапкарев паѓаат во вода сите негови изјави што тој ги давал во полза на бугарската нацоналност во Македонија, штом гледаме дека во практика и во суштина работел против бугарските интереси (поради што и бил напаѓан во бугарскиот печат). Секако дека тој, како вработен во бугарските институции, и не смеел поинаку да се декларира, освен како Бугарин и во тоа нема ништо чудно. Се разбира, ова се однесува и за другите Македонци што поседувале егзархиски документи во кои пишувало дека тие се *Бугари*. Со ваквите документи не треба да се манипулира. Добро знаеме дека, ако се повикуваме на ваквите документи, постојат многу повеќе документи во кои се тврди дека Македонците се *Срби* или *Грци* (мислам на повеќето Македонци,кои по поделбата на Македонија останаа да живеат во Србија и во Грција, чиј број бил далеку поголем од бројот на Македоните под Бугарија, и кои во единствените документи што ги поседувале биле третирани како *Срби* или како *Грци*)“.(Прва нација била француската на крајот од 18 век.Значи, држава=нација, Р.И.)

Во Европа имало само два христијански правца: Македонско православие и Римски католицизам. Источното Римско Царство била една држава со две цркви: царска Цариградска патријаршија и народна=булгарна Охридска архиепископија. Бидејќи Западното Римско Царство уште на почетокот се распаднало, останал само папата.Тој сакал да го руши Цариградскиот цар и неговата држава, само ако него го руши,или да нема еден цариградски патријарх,неопходност да постои цар и држава. Следи Рим се вмешал во Охридската архиепископија- со Цар Самуил. Од неа ја от-цепил Печката црква- архиепископија крал и патријашија цар...Да не се изуми, Ал-банија била под Охрид. Рим и Виена се творци на Албанија, отвориле први школи...

„Нешто слично имаме денес. Би сакал да ги погледнам пишуваните заклетви на денешните малубројни пробугарски пропагатори од Република Македонија што своерачно ги потпишале додека своевремено служеле во редовите на сега веќе непостојната таканаречена *Југословенска народна армија*, во кои тие се колнат дека и животот ќе го дадат за *слободата, самоуправувањето и независноста на СФРЈ*. Што ли ќе се случи ако некој овие, од нив потпишани, документи за верност кон СФРЈ, им ги покаже в лице и ги обвини за *србоманството* или *југословенството* ?

Овде би требало да го спомнеме и бугарскиот деец и егзархиски агент П. Р. Славејков, кој, откако разочарано константирал дека утврдувањето на Бугарската егзархија сред Македонците не оди така лесно, во неговата статија *Македонското прашање*, објавено во 1871 година во весникот *Македонија*, го дал следново признание:

*Некои македонисти се делат од Бугарите и велат дека тие се чисти Слове-ни, додека Бугарите се Татари.* (Чисти Словени=чисти Славини=Склавини, Р.И.)

Во истата статија Славејков дал уште подецидно признание за отпорот на Македонците кон Бугарската егзархија:

*Најпосле македонското прашање излезе во јавноста и се појави во печатот. Ние велиме најпосле, зашто ова прашање не е нова работа. Ние уште од пред де-сетина години слушаме од некои луѓе во Македонија дека тие не се Бугари, туку Македонци- потомци на старите Македонци, потоа дека Македонците се Слове-ни, а Бугарите Татари и не знам што друго. Во почетокот зборовите на овие па-триоти ние ги земавме за шега. Така мислевме до пред две-три години, кога наши-те разговори со некои Македонци ни покажаа дека работата не е само во голите зборови, туку и во мислите и дека нив мнозинството Македонци сакаат да ги спр-оведат во дела. Жално и тешко ни беше да ги слушаме таквите зборови, но не се осмелувавме за ова прашање да зборуваме во печатот, бидејќи таа работа ни бе-ше доста деликатна, посебно во ситуацијата во која се наоѓавме. Денеска тоа пр-ашање излезе на пазар, благодарејќи на невниманието на еден од нашите бугарски собраќа, па сакале ние сега или не, принудени сме јавно да настапиме.*

Историчарот Иван Снегаров, пишувајќи за бурните настани од седумдесеттите години од 19 век, за тогашниот отпор на Македонците кон Бугарската егзархија меѓу другото вели:

*Работите во Солунската општина појдоа лошо за бугарската пропаганда, се додека на чело на општината не дојде од Егзархијата поставениот поп Петар Димитров во ноември 1872 година. Со тоа Егзархијата успеа да ги истави непожелните и да си постави свој човек.* (Иван Снегаров: *Солун въ българската духовна култура* София, 1937 год.)

За обновување на Охридската архиепископија како независна црква од бугарската се залагале дури и истакнати Турци од тоа време. Од сите нив предничел солунскиот валија Митхад-паша, кој потоа станал еден од лидерите на младотурците. Овој паша отворено се залагал за рамноправност на сите народности во Отоманската Империја. За ваквата дејност на Митхад-паша во 1872 година, П. Карапетров запишал:

*Махмуд-паша се обиде да ги убедува некои од повидните македонски Бугари дека тие не се Бугари, туку Македонци, дека тие се народ посебен од бугарскиот што се гледало и од нивниот јазик, кој не бил бугарски, дека добро ќе сторат ако се одделат од Бугарите и дека, на таков начин, ќе си имаат и своја самостојна црква преку обновувањето на Охридската архиепископија.* (К.П.Карапетров: *Неколко думи за българската черква в Цариград*, София, 1892)". (Јазик=говор, Р.И.)

Укинувањето на Охридската црква било на штета на Отоманската Империја. Империјата повеќе не била моќна и од Рим со Виена се наредило- таа да се укини.

„Еден од најголемите бугарско-егзархиски агенти П. Славејков и самиот доживеал лични напријатности за време на својот престој во Велес во 1874 година, кога на еден јавен собир од страна на велешанецот Д. П. Каранфилович бил пречекан со зборовите: (-ич било македонско: Жефарович..., Р.И.)

*Тебе никој не те поканил, ниту пак ти бара совети, па своите совети чувај си ги за твоите Шопи, а велешани самите знаат подобро како треба да си ги редат своите општи работи !* (Н.Г.Еничеревъ: *Възпомниания и белешки*,София, 1906, стр.177,цит.одакадем.Блаже Ристовски:*Македонија и македонската нација*,стр.169)

Конечно, не случајно водачот на Разловечкото и на Крестенското востание Димитар Попгеоргиев Беровски во своето писмо до Стефан Верковиќ во 1875 година, опишувјајќи ја Бугарската егзархија како извор на најголемото зло во Малешевијата, напишал:

*Да не губиме надеж дека некогаш и за нас ќе се подобрат работите, но сега не може да се одрече дека најголемото зло на Малевешијата е плод на немарливоста на Егзархијата, а така е и во други места.*

Македонскиот студент Р. Попов во едно писмо му пишува на својот другар:

*Луѓето во Македонија се викаат Бугари, бидејќи се приморани на тоа од страна на Турците.*

Понатаму овој студент кажува дека се вратил во својот роден град, каде што прашал мнозина Македонци за нивното мислење во врска со Бугарите и тие му рекле: *Ако треба, ќе бидеме уште толку години под Турците, но нема да бидеме под Татарите.*

Бугарскиот учител во Прилеп Никола Ганчов Еничерев во 1897 година запишал:

*Стружанецот Стрезов повеќепати доаѓаше во Прилеп и водеше спорови со тогашните бугарски учители и со поинтелигентните младинци во врска со потеклото на Македонците. Тој тврдеше дека Македонците можат да бидат секакви, само не и Бугари.* (И. Г. Еничеревъ: *'Г. Шапкаревъ за Прилепъ и Охридъ'*, Български преглед, 7-8, София, 1897)".

Јас, Ристо Ивановски, знам покрај за Шопи и Татари, уште и за Ганчовци.

„Бугарскиот дипломат и историчар Атанас Шопов во своето писмо упатено до минстер-претседателот на Бугарија Стоилов на 28.08.1897 година пишува:

*Денес бугарската интелигенција знае дека руската политика не е во интер-ес на вистинското бугарско дело во Македонија, бидејќи тоа го слушаме и од са-мите руски конзули... Со ништо не може да се оправда мислењето на руските кон-зули во Македонија дека македонските Бугари не се Бугари, туку посебен народ- Македонци !*

Митрополитот Теодосија Скопски на крајот на 19. век во врска со вистинските намери на Бугарската егзархија кон Македонците изјавил:

*Така и нашата Света Егзархија на чело со блажениот егзарх Јосиф I прави сé што е возможно за да го убеди добриот македонски народ дека му го мисли доброто, дека се грижи за неговата иднина и дека сака да го извади од темнината и да создаде од него чесни Бугари, но всушност му го одзема мајчиниот јазик и го за-менува со туѓ.*

Бугарскиот деец Крсто Раковски во руското списание *Жизъ* (ноември 1899) во врска со претходните активности во Битола за отворање македонски училишта пишува:

*Дел од месната интелигенција се залага за сепаратизам што се пројавувал во стремежот да се истиснат од сите места во Егзархијата и од училишните установи родените во Кнежеството Бугари и да се заменат со Македонци,*

Доказ за односот на Македонците кон насилно воведениот бугарски јазик од страна на Егзархијата дал и Венјамин Мачурковски, кој во цариграскиот весник *'Право'* (18.09.1972 година) напишал:

*Изучувањето на Бугарската граматика во македонските училишта е еден од најтешките предмети за училиштата. Иако тој предмет им одзема доста долго време, тие пак немаат поим од граматиката. Тоа произлегува од несобразноста во граматичките форми на досегашните издадени бугарски граматики со оние на македонското наречје.* (Во Варна масовна употреба на темен вокал..., Р.И.)

За отпорот на Македонците против бугарската пропаганда сведочи и бугарскиот учител Еничерев. Во една своја изјава од 1906 година тој сликовито ги опишал состојбите од крајот на 19. век:

*Кој не ги знае несреќните за Бугарите години 1876-1878, во кои беше подигната сеопшта хајка против бугарските дејци, така и против сите бугарски институции.*

Во контекст на борбата против бугаризирањето на Македонците ќе го спомнеме и отцепувањето на шесте македонски општини (Солун, Кукуш, Воден, Дојран, Струмица и Малешево) од Егзархијата нивното влегување во унија со папата со цел да ја изразат својата независност.

Посебно активностите во овој правец презел и претходно спомнатиот скопски митрополит Теодосија, кој се залагал за обновување на Охридската архепископија дури и под покровителство на католичката црква. Поради вакните негови активности тој бил нашпионет на егзархистите и прво бил уапсен, а потоа и заточен во еден манастир во Бугарија (каде што останал до крајот на својот живот).

Разгневени поради неговото елиминирање, велешани упатиле молба до Патријархот во која меѓу другото се вели:"

Со тоа што патријархот бил над егзархот,видливо е двојното зло на Ватикан.

„*Со цел да не побугари, Егзархијата ни го одзеде нашиот единствен заштитник, скопскиот митрополит Теодосија. За да се заштитиме од бугарската пропаганда сакаме да го повратиме единството на светата православна црква. Сакаме да се одвоиме од Бугарите и да бидеме третирани како самостојна словенска општина и да имаме наши училишта, на кои самите ќе им ги плаќаме учителите*".

Меѓутоа, ова Рим со Виена и не го сакале. Се укинала Јустинијана Прима и Охридска архиепископија со примат пред Римската црква, но не Цариградската патријаршија која била унијатска под Рим-пред да биде завземен Цариград. Русите на унијатите не сакале да им помогнат. Цариград бил завземен од Мехмед II. Тој бил наследник на Комнени,како и сите султани.Цариградската патријаршија ги одродуваше Македонците со дворсаниот јазик коине. За да се спасат Македонците, тие се приклониле кон Бугарската егзархија- дело на Рим со Ватикан.Бидејќи Македонците сфатиле, тие биле изиграни, го прифатиле унијатството- валкана игра на Рим.

„Вакви молби биле испраќани и од страна на Македонците од другите македонски градови (Охрид, Струга, Ресен, Тетово, Битола, Прилеп, Велес и други).

На еден состанок во Кратово, одржан кон крајот на 19. век, бугарскиот учител бил избркан со зборовите: *Не сакаме егзархиски учител ! Не сакаме бугарски книги, кои нашите деца не ги разбираат и кои се напишани на туѓ јазик !* Кратовчани барале книги напишани на велешко-штипскиот дијалект. Кога, гледајќи го тоа, им пристапил еден српски агент, со апел да се придружат на српската партија, угледниот кратовчанец Ѓорѓи Тошев му одговорил: *Каква е разликата помеѓу Бугарите и Србите ? Досега се возевме во бугарска кола, па нема белким сега да се возиме во српска.* Сопругата на Ѓорѓи Тошев му рекла на српскиот агент: *Море- доста ни е тие Срби ! Има ли фајде од нив ? Налет нека се и Србите и Бугарите.* Српскиот агент во својот извештај разочарано констатирал дека против Србите зборувал и братот на Ѓорѓи, по име Мито Тошев, иако цели 15 години живеел во Србија.

На крај, да видиме со колкава радост Бугарите ги пречекувале оние Македонци што се согласувале да работат за нивната кауза. За ова сведочи Д.Благоев, кој својата средба со П. Славејков во своите мемоари ја опишал со зборовите:

*Тој ме прими лесно,многу лесно,бидејќи во тоа време бугарските националисти се стремеа да го разбудат и закрепнат кај Македонците чувството за национална идентичност со Бугарите, па со радост го примаа секој Македонец што беше способен да стане агитатор на бугарската национална идеја во Македонија.*

Освен овие, постојат и други бројни сведоштва за отпорот на Македонците кон Бугарската егзархија и за напорите за обновување на Охридската архиепископија како независна Македонска црква, кои во интерес на просторот ќе ги оставиме за други прилики“. (Д.Благоев рекол дека бил од Македонија-не бил Бугарин, Р.И.)

Македонците се залагале за возобновување на Охридската архиепископија со тн.старословенски јазик,а и да ги вклучат и мајчините јазици (говори). Ова никогаш не било со Србите и Бугарите, ниту со Еладците и Скиптарите, што важело и со Власите. Со наводов се потврдува, само Македонците од сите биле најсвесни.

„Жално е што пробугарските субјекти не знаат ништо од сето ова. Овие документи воопшто не се спомнати во книгата што досега неколку пати ја спомнавме, а тоа е Зборникот од документи и материјали *Македонија*, издадена во Софија во 1978 година.

Овој зборник е типичен производ на тодорживковистичката пропаганда, создаден во времето на бугарското едноумие, кое во одредени сегменти беше пострашно и од југословенското и кога антимакедонизмот во Бугарија беше издигнат на ниво на првостепена партиска и државна политика. Во овој период само и за споменување на зборот *Македонија* се одеше в затвор, а стотици Македонци во Бугарија

беа ликвидирани, малтретирани и затворани само за јавно манифестирање на своето македонско национално чувство.

Најголем недостаток на овој зборник е селективноста на документите, па во него не е застапен ниту еден документ што зборува за појавите на македонското национално чувство низ историјата. Тоа и не е чудно ако се погледедне годината (1978) во која е објавен овој зборник, а тоа е зенитот на тоталитарниот бугарски комунистички режим.(И Донски е селективен и преоптеретен од поимот Бугари, Р.И.)

Она што е меѓутоа чудно е фактот што денешните бугарски пропагандисти, од една страна, можеби со право отфрлаат дел од еднострананата македонска комунистичка историографија, но од друга страна, слепо и некритички ја прифатиле бугарската комунистичка историографија, создавана во времето на тоталитарниот режим на Тодор Живков, од кој денес и самите Бугари се срамат и го осудуваат. Во ниту една од книгите објавени во овој период не смееше да се дозволи употреба на терминот *Македонци* во смисла на засебен етникум. Оттаму навистина звучат трагико-мично изјавите на некои овдешни бугарски пропагатори дека наводно терминот Македонци никогаш не се споменувал во историјата како етноним на засебен народ. Точно дека етнонимот Македонци го немало во историјата, но само во онаа напишана книга од анти-македонските шовинисти, како што беа '*историските книги*', објавени во времето на Тодор Живков. Дека во оваа книга се правеа и најдрски фалсификати во однос на македонската историја ќе видиме во продолжение".

Ништо комунистичко туку србоманско, бугарофилско, гркоманско итн., итн.

„Се надеваме дека овде извесните аргументи (досега криени во Бугарија) целосно ќе ги отфрлат заблудите околу безрезервното прифаќање на Бугарската егзархија од страна на Македонците. Оваа црква во својата просветна дејност едноставно ги криела старите документи што сведочат за македонската национална самобитност низ историјата и целосно го форсирала бугаризмот меѓу Македонците. Како доказ за ова може да се погледне во кој и да било тогашен историски учебник, отпечатен во издание на Егзархијата.

Впрочем, така работеле и српската и грчката црква, а резулта од работата на овие цркви било декларирањето на некои наши предци како: *Бугари, Срби* или *Грци*, кое, за жал, и покрај документите и сознанијата дека Македонците никогаш не биле ништо друго, освен Македонци, трае до денес кај некои заблудени глави.

На крајот неправедно би било ако не ги спомeнеме и некои позитивни дејства на Егзахијата. Ова не се однесува само за зачувувањето на православната вера на нашите предци, туку и на помошта што локалните егзархиски власти им ја давале на македонските борци во борбата против Турција. Така, на пример, македонските револуционери честопати наоѓале свои засолништа во црквите и манастирите што биле под егзархиска јурисдикција, а некои од нив и работеле како егзархиски учители , ширејќи ја на тој начин револуционерната дејност".

Александар Донски говори против комунистите, а такви биле најголеми Македонци, кои загинале за македонска Македонија и македонските Македонци. Тоа што Македонија била окупирана и поделена, дејците од 1913 година без прекин биле истребени, процес започнат уште од пред Илинденското востание, нема врска со социјалисти и комунисти, тие биле/се политички убедувања, туку изродите кои до денес се во служба на окупаторите и нивните покровители- големите сили.Дека тоа

е така македонското знаме, преговорите за името...не било дело на комунисти, туку македонски изроди, кои врз македонската трагедија заработуваат, со фондации итн.

## V. МАКЕДОНЦИТЕ ВО 19 ВЕК

„Покрај досега наведените сведоштва во кои нашите предци од 19 век се декларирале себеси како Македонци, залагајќи се за своја црква и за свој јазик, факт е дека дел од нив се декларирале и поинаку од тоа што се. Така, дел од етничките Македонци се декларирале како: Грци, Бугари, Срби. Албанци и така натаму. Во продолжение ќе дадеме одговор на прашањето:

**5.1. Зошто некои наши предци се декларирале поинаку од тоа што се ?**

Одговорот на ова прашање и не е толку сложен како што изгледа. Припадниците на еден народ можат различно да се декларираат од тоа што етнички се поради следниве причини: присила, лична желба, лично убедување, вероисповед, економски причини, страв итн.

Сепак, како најпресуден фактор некои наши предци (посебно во 19 и почетокот на 20 век) да се декларираат како тоа што етнички не се (*Бугари, Срби, Грци, Турци, Албанци* и сл.) се токму привремените завладувања на дел од Македонија од страна на државите на матичните народи за какви што се декларирале нашите предци. Ваквите владеења оставиле свој далечен облесок во свеста на наши поколенија, поради што тие се декларирале како припадници на државите што привремено ја владееле Македонија.

Како доказ за ова да го земеме примерот со Бугарија и Југославија. Рековме дека не постои ниту еден етнички Македонец што се декларирал како Бугарин пред Бугарија привремено да окупира дел од македонските простори (во случајов: Македонските Склавини, иако тие егзисторале речиси 200 години како прилично самостојнив административни единици вон секакво влијание на Бугарија).

Слично на ова, ниту еден етнички Македонец се нема декларирано како *Југословен* пред Југославија да завладее дел од македонските простори, т.е. во времето пред 1918 година. Меѓутоа, подоцна под влијанието на југословенското владење на Македонија, одреден број Македонци почнаа себеси да се декларираат како-*Југословени*, како и да ставаат лични имиња во согласност со југословенската традиција (*Југослав, Тито* и сл.). Поради ова, дури и во времето кога Македонија стана независна држава, како облесок на владеењето на Југославија со македонските простори, сé уште имаме поодделни етнички Македонци што се декларираат како *Југо-словени*“. (Не српски Југословени, туку само федеративни Југословени: СФРЈ, Р.И.)

Без србомани... Словенците и Хрватите како комунисти си напредувале.

„Значи,токму привремените владеења на Бугарија и на Југославија со делови од Македонија оставиле подоцнежна трага во свеста на некои наши предци за да се декларираат како *Бугари* или како *Југословени*.Се разбира,ист е случајот и со Србија, Грција, Албанија и Турција. (Не Југославија туку само Југо**ск**лавија, Р.И.)

Инаку,ако се направи една глобална статистика ќе се види дека најголем дел од етничките Македонци што поинаку се декларирале, се декларирале како *Грци*, а не како *Бугари* или *Срби* (посебно во периодот на вековното влијание на Патријаршијата). (Од 1767 година биле само Грци- тој бил само црковен народ, Р.И.)

Како втор и многу значаен фактор за инаквото декларирање на нашите предци е пропагандата од соседните земји што посебно се засилила со основањето на нивните цркви и училиштата во Македонија. Секако дека соседните пропаганди дејствувале во Македонија и пред нивните центри да бидат легализирани во форма на држави, цркви и образовни институции. Така, на пример, грчка и бугарска пропаганда во Македонија имало уште пред создавањето на државите Грција и Бугарија (во 19 век) и докази за ова има многу. Ова го потенцираме поради фактот што денес некои забележуваат дека одделни Македонци се декларирале како *Бугари* уште пред основањето на Бугарската егзархија. Нема ништо чудно во тоа. Организираната бугарска пропаганда во Македонија не почнала со основањето на Бугарската егзархија, туку децении пред тоа, а Егзархијата само ја засилила оваа пропаганда.

Кога ја спомнавме странската пропаганда како фактор во инаквото декларирање на одделни наши предци, тоа практично значи дека од нашите предци свесно биле криени историските и други докази за нивната македонска национална посебност. Како потврда за ова доволно е да се погледне кој и да било српски или бугарски учебник по историја од тие времиња. Денес, колку и да изгледаат наивни и смешни *историските аргументи* што ги нуделе овие учебници, за нашите предци тие биле единствениот извор од каде ја учеле историјата за себе и за својот народ.

Лично имам прегледано неколку српски историски книги од почетокот на овој век, во кои авторите се обидуваат да *докажат* дека Македонците се *Срби*. Денес и обичен осмоооделенец, кој има подобра оценка од предметот историја, ќе излезе на крај со бесмислиците што таму се напишани. Но, имајќи го предвид времето во кое биле издадени овие книги, многу е веројатно тие да оставале свој белег во убедувањето на нашите предци да поверуваат дека Македонците и навистина се *Срби*. (Срби=српи=Српци има во Македонија, на рамници,каде се српи=жние, Р.И.)

Ист е случајот и со бугарските историски книги од 19 и 20 век, посебно оние издадени од страна на Егзархијата. Секако дека овде се и изданијата на грчката пропаганда. За сите нив заедничко било еднострането и селективно прикажување на историјата на Македонија и на Македонците, со цел што побргу да го денационализираат народ. (Грци од Цариград, а не од Елада- таа немала своја црква, Р.И.)

Уште подециден доказ за влијанието што го оставиле ваквите книги се некои Македонци од 19 век, кои прв се декларирале како *Грци*, а потоа како *Бугари*.

Да го земеме примерот со Глигор Прличев. Отпрвин, додека ја учел историјата од грчките книги, тој (барем до 1862 година) се декларирал како *Грк* и сметал дека Македонците се *потомци на Елините*. Дури и личната кореспонденција (писмо и сл.) до крајот на животот ја водел главно на грчки. Како студент Прличев во атинските весници објавил неколку прогрчки статии. На грчки ја објавил и неговата поема *Сердарот*, за која добил награда и бил наречен *Втор Хомер*. Подоцна, под влијание на Русите, оди во Цариград за да научи бугарски јазик, а по 1878 г. краткотрајно службува во Бугарија и се обидува да ја прифати бугарската култура. Овде тој веќе подпаднал под влијание на исто така едностраните бугарски книги за македонската историја, па наеднаш почнал да се декларира како *Бугарин*".

Тој кажа, тие биле Бугари пред да има Бугарска егзархија- **црковен народ**.

„Ист е случајот и со Рајко Жинзифов (Ксенофон Ѕинѕиф), браќата Миладиновци и други македонски дејци од 19 век. Така, на пример, Димитар Миладинов цел живот бил грчки учител. Понатаму, голем дел од писмата што пристигнувале

од Македонија до бугарскиот егзархиски агент Славејков биле напишани на- грчки ! Егзархискиот митрополит Генадиј (етнички Албанец) пред градските првенци во Охрид ја ширел бугарската пропаганда на- грчки јазик ! Секако има уште многу др-уги вакви случаеви, кои сведочат за конфузијата во тие матни времења“.

Лицата биле чеда на предци-до 1767 година припаѓале на Охридската црква.

„Па, зарем Македонците по потекло биле Грци ?

Или, зарем Македонците по потекло се Срби само затоа што извесен број македонски интелектуалци (Петар Ичко од Каљарско,Михаил Герман, Марко Тодорович од Банско, браќата Пуљовци од западна Македонија, кои во 1790 година во Виена објавувале весник напишан на грчки и на *словенскрспски* јазик,и други) уште во 18 и почетокот на 19 век, не знаејќи ниту грчки, ниту бугарски, во пишувањето се служеле со српскиот јазик,[22] а не мал број од нив и се декларирале како *Срби* ? Дури и Јордан Хаџи-Константинов- Џинот бил активен член на големосрпското *Друштво за српска словесност* од Белград и таму редовно испраќал стари книги и ракописи од Македонија, Или, зарем Македонците се *Срби*, само затоа што рускиот конзул во Солун Иван Јастребов уште во 1886 година го тврдел тоа, а така било и со други дејци од тоа време ? (Љубиша Доклестиќ: Životni put Stjepana Verkoviča 1821-1894. Загреб, 1982, стр. 351). (Се́ било **само по 1767** година- не порано, Р.И.)

Зошто го премолчува сето ова денешната бугарска историофија, што пишува за Македоците ? (А.Донски и како него не сафатле немало етнички народи, Р.И.)

А што е со Бугарите што доброволно се декларирале како Срби и како Грци ? Зарем, поради тоа денешните Бугари се Срби или Грци ? (Без етнички народи,РИ)

Значи добар дел од нашите предци, отпрвин, под влијание на грчките и на српските книги, се декларирале како Грци, но и како Срби, а подоцна,некои од нив, откако виделе дека се сосема различни од Грците (но и од Србите), под влијание на бугарските историски книги, почнале да се декларираат како *Бугари*. Тие тогаш не можеле да го прифатат името Македонци, затоа што во тоа време овој термин подмолно бил узурпиран од страна на Грците. (Без етнички грчки народ- Грци, Р.И.)

Сето ова значи дека тврдењето, според кои нашите преродбеници се декларирале како *Бугари*, паѓаат во вода, бидејќи тие се декларирале и како *Грци* и како *Бугари*“. (Александар Донски бил преоптеретен со општиот поим Булгари, Р.И.)

Имало само верски и црковни народи, а не етнички: Грци, Срби и Бугари.

**„5.2. Македонските национални пројави од 19 век**

Сепак, дека кај секој од нашите преродбеници, макар и во дното на душата, постоеле макар и нејасни артикулации оти тие не се ниту Грци, ниту Бугари, ќе посведочат и следниве малку познати цитати во нашата поширока јавност. Кај најголемиот број од овие македонски дејци и преродбеници, кои во тие матни времиња се декларирале како *Грци* и како *Бугари*, останал по некој доказ, по некое сведоштво што ги одделуваат од Грците (но и од Бугарите).

За Г р и г о р П р л и ч е в рековме дека прво се декларирал како *Грк*, а потоа како *Бугарин*. Меѓутоа, по неговиот престој во Бугарија, тој разочарано ја напуштил оваа земја и животот го завршил како егзархиски гимназијален учител, но со посебна свртеност кон проучувањето на историјата на Македонија, како на онаа од

[22] Ако не знаеле тн.грчки, македонски коине, не можеле да пишат грчки- српски само со В.Караџиќ.

античко време, така и на периодот по појавата на *Словените*. Тој им се восхитувал на Филип и Александар Македонски, но не ја запоставувал ни подоцнежната историја на Македонија. Затоа, бугарските пропагандисти не треба да манипулираат само со еден краток период од неговиот живот, а да ги премолчуваат другите фази од неговиот развиток во тоа драматично време. Посебно не времето од пред крајот на неговиот живот, кога предмет на неговиот интерес претствувала исклучиво античка Македонија и кога се воодушевувал од Филип II и од Александар Македонски , но и светите Кирил и Методиј и Климент Охридски. Веќе ја цитиравме неговата изјава што ја дал на годишнината од смртта на свети Методиј, во кој, како Македонци, ги смета и Александар Македонски и светите Кирил и Методија.

Инаку, Прличев во своите говори од тој период доста често го употребувал етнонимот *Македонци*, иако не многу јасно го детеминирал, најмногу поради тоа што го користел и етнонимот *Бугари*. Од друга страна, пак, рековме дека тој обично пишувал на грчки. Сето ова уште повеќе зборува за конфузијата што владеела во тоа време на жестоки странски пропагадни војни среде Македонците. Значи, далеку од вистината е да се тврди дека Прличев отсекогаш се чуствувал како *непоколеблив Бугарин*, како што тоа го тврдат бугарските пропагандисти. Веќе спомнавме дека во еден свој говор, тој дури мошне јасно им кажал на Бугарите дека писменоста и ве-рата ја добиле од Македонија.

Кога сме кај Прличев, следи едно сведоштво што е спротивност со тврдењето на бугарската пропаганда. Ова сведоштво го дал Иван Крајничанец, кој му бил ученик на Глигор Прличев во Солун. Сведоштвото е дадено во почетокот на 20 век и тоа гласи: (Во Охрид Григор, а во Битола Глигор: Арбан=Албан..., р=л, Р.И.)

*Глигор Прличев... не можеше да го совлада бугарскиот јазик и повеќе си зборуваше и пишуваше на брсјачко наречје. Тој не тераше нашите преводи од грчки и француски јазик да ги изговараме на брсјачко наречје.* (Иванъ Крайничанецъ: *Спомени отъ изминалия пътъ въ живота ми*, Скопие, 1942, стр. 15. Преземено од Блаже Ристовски: *Потрети и процеси I*, Скопје, 1989, стр. 194).

Каков Бугарин бил Прличев кога не успеал да го научи бугарскит јазик ?

Овде ќе спомнеме и еден друг малку е познат податок. Веруваме дека нема човек што не ја знае една од најпознатите песни што го создал Прличев, а тоа е песната за укинувањето на Охридската архиепископија. Таа песна кај нас досега е снимена на повеќе носачи на звук и е позната под името *Илјада и седумстотини шеесет и второ лето*. Меѓутоа, во 1962 година д-р Блаже Ристовски пронашол оригинален запис (или препис) од оваа песна со наслов што гласи: *Жалосна песна на Македонците, наречена Охридска песна*. (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Пројави и профили*, Скопје, 1982 стр. 36-42).

И покрај своето декларирање како Грк и како Бугарин, бугарскиот јазик не го знаел ни Р а ј к о Ж и н з и ф о в (односно *Ксенофон Ѕинсиф*). За ова сведочи бугарскиот национален деец, писател и публицист Љубен Каравелов, кој во својата статија од 1874 година запишал:

*Ако не прашате нас, ние ќе кажеме дека стиховите на г-дин Жинзифов се лоши... Г-дин Жинзифов е лош поет поради тоа што е неталентиран и поради тоа што не го знае бугарскиот јазик.* (*Периодически печатъ преди освобождението*, цит. дело) (Значи, во Македонија немало македонски јазик, туку само говори, Р.И.)

Да го спомнеме и Ј о а к и м К р ч о в с к и. Иако тој во 1864 година објавил книга, за која напишал дека е на *бугарски јазик*, тој јазик всушност бил македонскиот. Најголем доказ за ова е фактот што, кога оваа книга била однесена во Бугарија, тамошните Бугари речиси воопшто не можеле да ја разберат. Поради тоа Бугаринот Најден Јованович, учител, печатар и книжар од Татар-Пазарџик, морал да ја преведе книгата на Крчовски на бугарски јазик. На корицата од преводот тој напишал дека е преведена: *от словескиј на словеноболгарски јазик*. (Овде е -ич, Р.И.)

Значи, без разлика на различното детерминирање на македонскиот и на бугарскиот јазик, сепак постоеле суштински разлики помеѓу нив и за тој факт биле свесни и тогашните Македонци и тогашните Бугари.

Да кажеме нешто и за Б р а ќ а т а М и л а д и н о в и. Овие наши преродбеници и самите ги доживеале бурните времиња на себедекларирање како *Грци* и како *Бугари*. Нивниот зборник од народни песни бил наречен *Булгарски народни песни*. Причина за ваквиот наслов е и фактот што *седмиот дел* од објавените фолклорни творби и навистина биле- бугарски ! Нив К. Миладинов ги добил во последен миг пред печатењето од страна на Бугаринот В. Чолаков.

Најголем доказ за ова е признанието од самиот Чолаков, кој самиот напишал дека Константин му побарал бугарски песни за да може така да го нарече својот Зборник. Овде накратко да потсетиме дека тогашната јавност во Хрватска (а тако било и со други земји) сé уште била држана во заблуда дека античките Македонци биле *Грци*, што автоматски значело дека терминот *Македонија* е *грчки*. Ова денес е тешко сфатливо, но да не заборавиме дека тогашните сознанија за историјата биле на многу ниско ниво, а да не зборуваме за тоа дека тогашната европска, но и балканска јавност, одвај дали знаела дека во Македонија (која тогаш со векови била дел од Турција), живеел друг народ, освен Турци. Од друга страна, веќе докажавме дека тогаш турко-монголскиот етноним *Бугари* неправилно бил поистоветуван со *словенството* како пандам на елинизмот. Ете, затоа Константин побарал од Чолаков бугарски песни за да може на својот зборник да му даде наслов. Подоцна Чолаков упатил писмо до соработникот на Штросмаер, по име д-р Фрањо Рачки, во кое побарал да му се платат бугарските песни што ги дал за во Зборникот. Во ова писмо Чолаков пишува: (Држава Македонија-без еладска држава само градови, Р.И.)

*Можеби Ви е познато дека откако дојдов пред минататата година во Загреб, мојот покоен другар Константин Миладинов ме замоли да му дадам сто песни од источните краеви на Бугарија за да може да ја нарече својата зборка: 'Бугарски народни песни'.* (Факсимил од писмото на бугарски се наоѓа во ЈАЗУ, цит. според Харалампие Поленаковиќ,*Студии за Миладоновци*, Скопје, 1973, стр. 199)".

Ромејците црковно се делеле на Грци и Бугари, а од 1767 година имало само Грци. Грците биле на целиот Балкан, а вакви биле и жителите на Србија и Бугарија. Освен Православни=Грци имало и Муслимани=Турци: Македонија=Македонија.

„Сепак,Константин Миладинов добро знаел дека постојат и македонски народни песни како одделни од бугарските.Доказ е писмото што Константин Миладинов од Москва му го упатил на бугарскиот национално-револуционерен деец Георги Раковски.Во ова писмо,кое го носи датумот 08.01.1859, К. ,Миладинов напишал:

*...И јас имам многу македонски песни, кои сакам да издадам малку подоцна, зашто сега не ми дозволуваат условите.*

Рускиот учен А. В. Рачински, во московското списание Ден (број 21. март, 1862) објавил статија за Зборникот на Миладиновци во која укажал на разочараноста на Константин затоа што не можел да најде издавач во Русија. И Рачински јасно напишал дека песните на Зборникот се македонски: Овде читаме:

*Најглавниот предмет на неговата* (Констатиновата, з.м.) *жалост беше невниманието на руските учени, со исклучок на Босинов и Белајев, кон неговиот Зборник од македонски народни песни...*

Во Биографијата на Миладиновци, во врска со Зборникот, Рајко Жинзифов запишал:

*Со овој, во многу односи прекрасен зборник од македонски песни двајцата Миладиновци си издигнале најубав паметник* (Рајко Жинзиофов, *Одбрани трудови*, Скопје, 1981, стр. 355). (Поимот Булгари не бил етнички- туку црковен, Р.И.)

Да го кажеме и тоа дека во својата прва варијанта Зборникот бил напишан со грчко писмо. (Тогаш сите пишеле со коинско писмо, Р.И.)

Константин Миладинов го употребувал и етнонимот *Македонци.*Тој пишува:

*Грците во Виена постапуваат спрема Македонците како спрема овци и не сакаат ни да слушнат дека Македонија би можела да биде словенска, а не грчка*".

И јас тврдев и тврдам, Македонија била само македонска, а не словенска.

„Како етнички Македонци и Димитар Миладинов размислувал за Македонија и за Македонците, наспроти силната бугарска и грчка пропаганда. За ова сведочи и неговиот биограф Рајко Жинзифов, кој една полемика водена помеѓу Димитар Миладинов и некој Грк ја опишал со зборовите:

*Пред доказите на Миладинов Гркот замолчел. Тој му зборуваше на Гркот не само за денешните Македонци, туку и за древните Македонци на Филип и Александар...* (Филип и Александар биле и северно од Дунав- не виделе Словени, Р.И.)

За македонската национална дејност на К у з м а н Ш а п к а р е в веќе пишувавме. Цитиравме не само негови македонски изјави, туку и извадоци од бугарските публикувани напади против него. Овде ќе презентираме извадок од една статија напишана против неговиот буквар на македонски јазик. Статијата е објавена во бугарски весник *Ден* на 30.06.1875 година:

*Па каква полоша мисла од таа треба да има г. Шапкарев ? Тој знае каде пипа. Денеска букварче, утре други учебни книги и туку ќе го видиш ти извадил и ти оставил и некоја историја на македонскиот народ...*

И македонскиот деец Д и м и т а р М а к е д о н с к и се залагал за македонската национална посебност. Така, во полемиката што ја водел во весникот *Македонија* со Бугаринот Миларов во 1889 година запишал:

*Врз каква почва да се постават Македонците за дејствување како Бугари ли, како Срби ли или како Грци ? Нашиот заклучок беше да се поставаат Македон-ците врз чиста македонска почва, за да ги уништат сите пропаганди во својата татковина. ('Македонија',* 18.10.1889)".

Се говори за црковен народ Бугари и Грци, а државни Срби, Еладци и Бугари. Македонците=Македонци- без Словени. Констатин Велики, кога бегал кај својот татко, тој поминувал покрај Вардар-Морава-Дунав..., а никаде не видел Словени.

„Од сето ова јасно се гледа дека кај сите македонски преродби, кои денес странските пропаганди сакаат да ги присвојат како *свои*, постоеле макар и не социе-

ма јасно дефинирани, но сепак македонски артикулации, кои укажуваат за нивната издвоеност во однос на грчката и на бугарската преродба.

Мошне значајно е и тоа што ниту Прличев, ниту Жинзифов, ниту кој и да е друг наш преродбеник своето наводно '*бугарско национално чувство*' не го примиле од своите родители, туку поради влијанието на бугарската пропаганда и тоа како возрасни луѓе (исто како што пред тоа биле под влијание на грчката пропаганда). И ниту еден наш преродбеник што се декларирал како Бугарин го нема спомнато во своите дела турко-монголското потекло на Бугарите, што претатвува несомнен доказ дека тие биле држани во заблуда дека Бугарите се *чисти Словени*".

Донски говори за антички=етнички Македонци и Словени. Тоа е неспоиво. Неспоиво е и Бугари=Татари како народ со народна=булгарна Охридска црква. Тој цела книга ја испреплетил со Анти, Венети, Склавини, Словени и домородци ! ?

„Сепак, претходно спомнавме бројни декларирања на нашите предци, кои своето етничко потекло директно го поврзувале со античка Македонија.

Во контекст на ова ќе ја спомнеме уште неколку чисти македонски артикулации од 19 век. (Неговата книга за Македонците е преполна со туѓи зборови, Р.И.)

Да ја спомeнеме изјавата на Ѓорѓи Македонски, учител од Кривопаланечко, дадено во далечната 1846 година:

*Словенското писмо го научив од таткото ми Димитар Македонски... И јас прекарот си го зедов Македонски, а не по татко ми и по дедоми, за да се знае дека сме Словени од Македонија*. (Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава Прв том, Скопје, 1981, стр. 182)".

Додека постоеше Источното Римско Царство, заклучно со освојувањето на царскиот град Цариград, поимот Словени не беше употребуван. Следи латинските извори говорат за Словени, всушност Склавини, а вакви биле и Германците. Потоа истоветување на Словени со Илири. Дури на крајот на 18 и почетокот на 19 век е во употреба поимот Словени.Меѓутоа, Ромејците биле владеени од Македонци, имало македонска династија и ренесанса. Никако Словени. Русите се Словени во 860 год.

„Велешкиот учител Јован Нешковиќ во 1864 година дал интерсно сведоштво за националното себебудење на велешаните и за нивната борба против грчката пропаганда: (тогаш без иќ, туку само ич: иќ било Вуково- постаро ћ кај Ѓ.Кокале, Р.И.)

*Велес почна да се буди од сонот. Веќе е посеано она божествено чувство за просвета и наука што толку векови не било во Македонија, на чијшто пат му стоеше грчкото свештенство... Се разбудува и чуството за својата народност. Велешани го отфрлија барањето на грчките владики во училиштето во Велес да се учи на грчки јазик, а не на македонски*. (Подетално кај: д-р Блаже Ристовски: *Македонија и македонската нација*, Скопје, 1995, стр. 156).

За македонското национално чувство во 19 век рековме дека сведочи и најистакнатиот егзархиски деец П. Славејков и веќе цитиравме неколку негови изјави во врска со тоа.

Иако Славејков пишуваше дека таквите пројаво наводно биле производ на српската, грчката и унијатската пропаганда (како ли успеал да ги стави на едно место: Грците, Србите и унијатите ?), тој сепак признава дека одреден број Македонци сметале дека: ... *тие не се Бугари, туку Македонци, дури дека стојат на повисоко ниво од Бугарите, бидејќи се потомци на Александар... А плод на тие пропо-*

*веди е недовербата кон Егзархијата и тајните противдејства на нејзините напори да ги обедини во однос на црквата.*

Како центар на ваквите пројави Славејков го смета градот Велес. Во врска со ова тој пишува:

*Дувлото на ваквите гадни и катастрофални идеи денес е Велес, од каде што носам тешки впечатоци. Велешаните го носат типот и карактерот на нивниот град. Горди се, крути и мудри како скалите што го окружуваат градот, но исто така се и бесплоднии недостапни, ограничени се и недалекувидни..., но и бујни како реката Вардар, посебно кога сакаат запенети да ги протурат и пробијат своите идеи.* (Цоне Биляарски- Илиа Пасков: *Писма на Петко Рачев Славейков по унията в Маскедония пред 1874 г.* София, 1989, стр. 68., пренесено од академик Бл. Ристовски: *Македонија на македонската нација*, цит. дело).

Веќе го спомнавме и прогласот на македонското востание од Кресненското востание, во кое востаниците директно се декларирале како потомци на Александар Македонски и како такви се залагале за посебна македонска држава. Значи, Кресненското востание било востание водено врз чиста македонска национална основа. Такво било и претходното Разловечко востание. Доказ за ова е извадокот од писмото потпишано од 15 востанички главатори на Разловечкото востание, упатено до тогашниот генерален англиски конзул во Солун:

*За добри надежи и на нас Македонците, жители на окружјето Малешево ! Нашата македонска крв, со која сме решени по неволја да ја крвавиме ова пред две илјади години безмилосно осудена и презрена Македонија, при сегашниве европски владетелски народи ќе даде ли крај за да не и се одмаздува веќе на великата и некогашна слава !... Азијатските народи можеби по нивните стари преданија да го сакаат заличувањето во светот на името Македонија ! А просветена Европа има ли причини и уште ли не родила спасител за да не избави од нашиот прататковски грев ?(Освобождение Болгарии од турецкого ига.* Документи в трех томах, 3 Москва, 1967 стр. 325. Пренесено од академик Блаже Ристовски: *Македонија и македонска нација*, стр. 180).

Инаку, водачот на Разловечкото и на Крестенското востание Димитар Попгеоргиев и самиот бил елиминиран од востанието благодарејќи на тогашната бугарска влада. Причини за ова секако било националното декларирање на востаниците како Македонци и нивната јавна манифестација на отпор кон бугарската (но и кон секоја друга странска) влада.

Што се однесува за Кресненското востание, малку е познато дека бугарската влада се обидела да го уништи македонскиот карактер на ова востание со седиште во Софија. Поради ова, раководството на Крестенското востание најенергично реагирало, па во нивните востанички Правила во врска со ова меѓу другото пишува:

*Во иднина Софискиот централен комитет нема веќе никакви обврски спрема Македонското востание... Сите наредби на Софискиот централен комитет се поништуваат, а Востанието ќе се раководи од Македонскиот востанички комитет што се наоѓа во Македонија.*

Да потсетиме: се работи за повеќе стотици наши сонародници- учесници во ова востание, кои јасно се декларирале како Македонци, јавно изјавувајќи дека не сакаат никакви врски со Бугарија“.

Се говори за Бугарија. Ама таа не била држава, за таа да има бугарски народ.

„Инаку, на ова востание сесрдна помош му укажал и македонскиот национален деец, поет, историчар, лексикограф, граматичар и војвода Ѓорѓија Пулевски. Во едно писмо до еден свој пријател на 7 декември, 1878 година тој пишува:

*Македонците вкусија од слободата, па затоа секој од нас е решен да умре за честа и за златната слобода, отколку да живеат во ропство и азијатско тира-нство.*

Пулевски бил подготвен да го продолжи учеството во востанието како војвода на чета составена од стотини војници, но тоа било подмолно саботирано од страна на бугарската влада. Софискиот комитет што го формирала бугарската влада, преку свои агенти успеал да го обезглави востанието. Најистакнатите водачи биле уапсени и стрелани од страна на Бугарија и нивните македонски слуги и Кресненското востание било задушено ! Следејќи го сето ова, Ѓорѓија Пулевски во едно друго писмо разочарано констатира:

*Верувам дека сме тргнати да се биеме за Македонија. И не само јас, туку сите верувавме и бевме готови да загинеме: или слободан или смрт, трето нема. Ама не било така. Едно мислелм волкот, а друго овчарот... Бугарите се подигруваат со нас и ја вртат водата накај својата воденица, заедно со црнокапецот Натанаил, кој е Македонец, ама повеќе тегли накај Бугарија.*

Така пропаднало Македонското кресненско востание- со заеднички акции на Бугарите и на Турците против Македонците".

Бидејќи Бугарија била кнежество, а не држава, немала свој народ- Бугари.

„Тајниот Воен штаб на Македонската лига во 1880 година издал проглас, во кој меѓу другото се вели:

*Толкувајќи ги стремежите на македонскиот народ за ослободување, Македонската лига е убедена во неодржливоста на потпишаниот Берлински мировен договор, па ... е решено да ја продолжи борбата за ослободување на Македонија и создавање на македонска држава... Македонците не сакаат да ја наведнат главата под ропство и затоа го грабнаа оружјето.*

Легендарниот македонски војвода Дедо Иљо Малешевски, исто така го критикувал мешањето на странските пропаганди во Македонија. Македонскиот национален деец Л. Вулгарис во неговиот дневник по повод средбата со Иљо Малешевски некаде околу 1880 година го запишал следното: (Вулгарис е општ поим, Р.И.)

*Војводата Иљо беше одушевен од нашето присуство и не жалеше труд да дојдеме во оваа селска куќа на Пирин. Тој ја одобри сапогодбата со Дијамандиев, но забележиво се муртеше околу покровителствата на Бугарија и на Грција. Што ќе стане ако го додадеме и покровителството на Србија и рече дека одиме пак на старото. Оставете ги, рече, сите тие што ни ја матат водата. Кој ќе ни верува дека се бориме за слобода на Македонија, кога тие покровители сакаат да ја распарчаат ? Ние наполно се согласивме со него и решивме да работиме тајно и од Бугарите и од Грците.*

Во 1880 година Македонците што живееле во Цариград направиле петиција од 200 потписници со барање за формирање на единствен македонски вилает во Турција, но барањето им било одбиено.

Значајни во овој период се и бројните македонски национални здруженија, кои дејствувале во Грција, Бугарија, Србија и во друго земји.

За македонската национална посебност се залагале и крушевчани: Иван Шумков (за кого рековме дека се декларирал како потомок на античките Македонци) и Марко Атанасов Мушевич. Последниов во 1887 година учествувал и во инцијативата за издавање на весникот *Македонски лист* во Цариград. Мушевич во 1885 година бил примен и од рускиот цар Александар III, на кого му врачил молба за решавањето на македонското прашање. Исто така и тој се залагал за воведување на македонскиот јазик во македонските училишта. (-ч било македонско..., Р.И.)

Во 1887 година македонските дејци Евро и Групче, заедно со своите истомисленици, упатува Меморандум до дипломатските претставници на големите сили во Цариград, во кој меѓу другото се бара запирање на српската, бугарската, грчката и романската пропаганда во Македонија. Во врска со ова тие пишуваат:

*За да се искорени тоа, треба да се парализираат тие илузии на спомнатите државички, а тоа е во состојба да го направи само македонското население, кое треба да му соопшти на светот дека претставува посебен народ, со посебна историја, нарави и обичаи, и дека нема ништо заедничко со околните државички- значи, според тоа, никој нема право да претендира на Македонија и таа си оста-нува на Македонците.* (Д-р Климе Џамбазовски, цит. дело, 1065-1066).

Во јануари 1888 година во Бугарската гимназија во Солун избувнал дотогаш најголемиот бунт на Македонците- ученици против бугарската пропаганда, кој резултирал со исклучување на 19 ученици од VII клас, поради тоа што поднеле барање дека веќе не можат да работат на бугарски јазик, туку сакаат да им се предава на нивниот домашен македонски дијалкт. Меѓу овие ученици биле: Даме Груев. Петар Попарсов, Димитар Мирчев, Никола Наумов, Христо Попкоцев и други. Подоцна тие одат да го продолжат школувањето во Белград, но набргу сфаќаат дека српската пропаганда сака да им го направи истото што му го правеле и бугарските, па бегаат и од таму. (Значи, само на македонски говор, а не на македонски јазик, Р.И.)

Во 1888 година деецот Темко Попов во врска со македонската национална посебност категорично ќе запише:

*Националниот дух во Македонија веќе е стигнат до такво дереџе што дури и самиот Исус Христос да се симне од небото не ќе може да го убеди Македонецот дека е Бугарин или Србин.* (Повеќе детали кај: Климе Џамбазовски '*Нова Македонија*', 1, 2 и 3.01.1960)

Во контекст на сето ова е и статијата на Коста Шахов во в. *Македонија*, објавена на 19.08.1889 година, во која тој пишува:

*Ние не можеме да го бараме нашиот спас ниту како Грци, ниту како Бугари, ниту како Срби, туку само како Македонци !*

Во јуни 1891 година во Прилеп бил одржан Учителски собир за Битолскиот вилает. Во присуство на 32 делегати биле разгледани суштествени прашања од просветното и националното дело на Македонија. Притоа била донесена резолуција, во која отворено се напаѓала Бугарската егзархија. Помеѓу другото било потенцирано дека Бугарската егзархија ... *назначува за учители во Македонија лица што слепо ја спроведуваат големобугарската денационализаторска и асимилаторка политика.* И на крајот било заклучено:

*Во македонските училишта наставата треба да се изведува на македонски јазик. Македонија е преплавена од учебници и други помагала на бугарски, српски*

*или грчки јазик, само не нашиот мајчин јазик. Ние имаме сили да напечатиме свои учебници, доколку владата на Неговото Величество Султанот ни одобри да печатиме во царските печаници*".

Се говори за македонски јазик, кој треба да биде од мајчин јазик (говор).

„Еден од авторите на оваа Резолуција бил истакнатиот македонски национален деец Васил Икономов, поради што, тој набргу бил исклучен од Бугарската егзархија, иако цели 12 години пред тоа, работел како егзархиски учител. Инаку, Икономов имал објавено и зборник со македонски народни песни, а бил близок и со еден од најистакнатите *лозари* Коста Шахов. (Подетално кај д-р Блаже Ристовски: Македонскиот фолклор и националната свест, II, Скопје, 1987, 190-192).

Во 1897 година во Атина постоел Македонски комитет што стоел на линија на централистите и чиј раководител Апостол Пировски во еден разговор со грчкиот андартски војвова Наум Спанос рекол:

*Не треба да чекаме слобода ниту од Грците, ниту од Бугарите, туку самите ние Македонците да се бориме за нашата Македонија.*

Освен овие, постојат и странски сведоштва што на еден или на друг начин сведочеле за македонската национална засебност. Во претходните делови од книгата наведовме повеќемина странски дејци што ја потенцирале македонската национална засебност уште од Средниот век. Дека ваквата тенденција продолжила и во 19. век- исто така наведовме повеќе примери. Овде ќе наведеме уште неколку вакви сведоштва. (Само македонско- без словенско мајмунско=неандераталско, Р.И.)

Така, на пример, истакнатиот славист Бугаринот Петар Драганов, во врска со книгата *Огледало* од Кирил Пејчиновиќ (објавено во 1816 година), во 1888 година напишал: (Без Вуково иќ, туку само Пејчинович, Р.И.)

*Според нашето длабоко уверување, јазикот на оваа книга претставува опа-сност, како за Србите, така и за Бугарите (особено за Бугарите), зашто не мо-жат да се повикуваат на тој јазик како доказ за своето толку сакано тврдење за неговата целост и неразделност со српскиот и со бугаскиот јазик.*

Оваа изјава во целост се поклопува со претходно наведените изјави во кои се потенцира дека Македонците од 19. век воопшто не го разбирале бугарскит јазик (иако некои од нив повремено се декларирале и како *Бугари*). И обратно, Бугарите не го разбирале македонскиот јазик, па уште тогаш го нарекувале: *српски, влашки или цинцарски, арнаутски* и слично, а книгите напишани на македонскиот јазик морале да го преведуваат на бугарски за да ги разберат.

Што се однесува за Драганов, тој, како Бугарин, енергично се залагал за македонската национална засебност, откако извесно време работел во Македонија и видел дека Македонците се нешто сосема различни од Србите и од Бугарите. Тој дури се смета за основоположник на македонистиката како наука во Русија. Во врска со македонската национална посебност Драганов оставил четирисетина трудови, меѓу кои и зборникот со македонски народни умотворби под наслов *Македонско- славјански зборник* што го издал во Петербург во 1894 година. Во врска со посебноста на македонскиот јазик во однос на бугарскиот Драганов го запишал и следното:

*Сето тоа постепено ме убедуваше во самостојноста на позицијата на јазикот на словнското население во современа Македонија, кој јазик Булгарите толку се навикнале да го нарекуваат како 'наречје' на својот 'единствен и неразделен'*

*бугарски јазик... Овој јазик е под силен притисок на производите на софискиот и пловдискиот печат, а посебната македонска литература денеска конечно е уништена од Турците или, подобро речено, од големата бугарска идеја, па затоа солунската и цариградската македонска печаница, како непотребни, одамна се затворени, а современите Македонци, сакале или не, се хранат со производите на книжевниот жаргон што се употребува во Бугарското Кнежество.* (За делото на Драганов подетелно кај Блаже Ристовски на повеќе места)".

Меѓутоа, во Македонија немало само едно наречје, туку мноштва наречја.

„Навистина овој извадок, даден од страна на угледен руски научник од бугарско потекло и неговото јасно и едноставно прикажување на ефектите и начините на дејствување на бугарската пропаганда, мислиме дека може да претставува солиден урнек и за денешните генерации.

Во 1900 година Драганов јавно ги жигосал и подмолните српско-бугарски претензии кон Македонија:

*Обете завојувачки страни, без обѕир на јавните убедувања пред целиот свет за својата љубов кон Македонија, на самото место, т.е. во самата Македонија се однесуваат со најголема омраза спрема месното наречје и спрема основните потреби на месното население. Тоа особено се однесува на бугарскиот и за српскиот учителски персонал во Македонија. Нивната омраза кон угнетуваното и прогонувано месно македонско 'наречје' не знае за граници... Таканареченото 'македонско наречје' си има свои сопствени особености и во акцентот, и во гласовите, и во формите, и во синтксата и особено во речникот... Македонско-словенското население, откако си ја извојува црковнословенската литургија од грчкотосвештенство, нема ни најмала желба да се откаже од интересите на својата народност, т.е. да се побугарува или да се посрбува, нарекувајќи ги притоа со омаловажувачкото име 'Шопи'.* (Српската власт и денес ништи говори во Србија,Р.И.)

И овие изјави денес се кријат од пошироката јавност во Бугарија, иако се дадени од- Бугарин.

Во врска со македонскиот јазик и со речникот на Пулевски, рускиот деец И. Аксаков кон крајот на 19 век пишува:

*Речникот на Пулевски е од голем интерес за запознавањето на јазикот на македонското население, коешто Србите толку најстојчиво сакаат да го приклучат кон српското племе...* (Кузман Шапкарев: *Народни песни и старини, 'Марица'*, 5, 378, Пловдив, 16.04.1882. Преземено од Блаже Ристовски: *Портрети и процеси*, Скопје, 1989, стр. 222).

Аксаков за време на едно свое обраќање кон група Македонци во Москва изјавил, на крајот од 19 век, изјавил:

*Зошто Вие не си го земете за литературен јазик своето македонско наречје, кое е побогато од бугарското и поблиско до нашето ?* (Д.Т.Левовъ: *Лоза*...Свобода 6, 786, София 13.04.1892, стр. 3. Преземено од Блаже Ристовски: *Портрети и процеси*..., стр. 222)".

Рускиот јазик, од крајот на 18 век, бил тн.старословенски- говор од Солунско.Меѓутоа,во солунско го нема дативот.Тој бил бригиски,внесен во коине од Бригите Птоломејци во Александрија. А тн.старословенски бил без семитски зборови.

Пак, што се работи, дека Констатнин Филозоф создал нови слова, тоа не е вистина,тие биле многу постари од него.Дури коптскиот бил дело на Птоломејците.

„Кон крајот на 19 век за посебноста на македонскиот јазик пишувал и естонскиот лингвист Леонард Готфрид Мазинг, кој дури одбранил и докторака дисетација за акцентот на македонскиот јазик, која подоцна била и отпечатена (Р. В. Булатова: *Первъiй исследователъ язъiка македонских славян Л. Г. Мазинг* (1845-1836), *Македонски јазик*, 32-33, Скопје, 1982, стр. 62-63, цит. според академик Блаже Ристовски: *Македонија и македонска нација*, стр. 210).

И полскиот лингвист и руски професор Јан Бодуен де Куртене во своите предавања пред студентите го издвојувал македонскиот од бугарскиот јазик.

Веќе го спомнавме Русинот Комаров и австрискиот публицист Карл Хрон (кој извесно време работел во Македонија), кои исто така пишувале за македонската национална посебност“.

Странските автори увиделе традиции на античка Македонија- без словенска.

**„5.3. Прогонот на Македонците во Бугарија во 19 век**

Бугарските историчари кријат од пошириката јавност дека во 19 век во Бугарија се вршел голем прогон на македонските дејци. Ваквиот прогон посебно бил засилен во времето на бугарскиот премиер Стамболов. Во нашата јавност се малку познати отворените антимакедонски дејства на овој бугарски премиер. За настаните од времето на неговото владеење, во 1902 година непотпишаниот Коста Шахов во в. *Македонија* меѓу другото сведочи:

*Во негово време во Софија се издаваше весник ‘Македонија’. Штом редакцијата свика на собрание неколкумина од првенците меѓу македонската емиграција во хотелот ‘Конкордија’ со цел да се покрене една поширока дејност, Стамболовата влада ги заплаши учесниците на тоа собрание со екстернирање во Турција и им ја покажа дупничката граница преку весникот ‘Свобода’. Ги натера пре-столничките пожарникари да ја запалат Редакцијата со растурање на печат-ницата и со тепање на редакторот, кое... се сврши со запечатување на печатни-цата по административен пат и со затворање на еден од соработниците на таа редакција. На крајот од 1889 година во Софија се формира ‘Македонска заемоспе-стовна каса’. Тогашната влада и против неа ги пушти пожарникарите... Некои од членовите ги заплашија, го отпуштија претседателот од Минстерството за над-ворешни работи, ја разнебитија.*

Во пролжение е опишано и растурањето на Македонското благотворно друштво, како и забраната за одржување митинг на Македонците во Софија. Несудениот организатор на овој митинг бил уапсен и интерниран.

Токму во тоа време група млади македонски интелектуалци во Софија формирале асоцијација што ја нарекле Млада македонска книжовна дружина. Оваа Дружина почнала да го издава спсанието *Лоза*. Меѓутоа, и нивната работа била запрена од страна на експонентите на Стамбловата влада. Еве што пишува за нив во спомнатата статија непотпишаниот автор:

*Подоцна неколку младинци од студентите Македонци формираа Млада македодска книжевна дружина што почна да го издава списанието ‘Лоза’. Владата на Стамболов презеде сé за да ја убие и неа. Членовите на дружината ги прогласи за сепаратисти, еден од нив испрати во прогонство во Луковит, двајца затвори во Софија, другите ги избрка и на тој начин дружината беше разбиена- ја уништија.*

Значи, бугарската влада била таа што ја уништила Младата македонска книжовна дружина во Софија, под изговор дека нејзините членови биле *македонски се-паратисти*.

За прогонот на бугарската влада против Македонците Коста Шахов пишувал и во 1905 и во 1910 година.

Сега предлагам да се задржиме на уште еден момент поврзан за Младата македонска книжовна дружина, чии членови биле познати под името *лозари*. Нивната национална определба е многу важна, посебно ако се погледне списокот на учесниците и соработниците во оваа литературна дружина. Меѓу нив се и имињата на: Гоце Делчев, Даме Груев, Ѓорче Петров, Христо Матов, Петар Попарсов, Иван Хаџиниколов, Коста Шахов, Ѓорѓи Беласчев, Димитар Мирчев, Христо Попкоцев, Караѓулев, Ѓорѓи Белев, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Н. Туфекчиев и други.

Во јануари 1982 година Младата македонска книжовна дружина го објавува првиот број на својот орган *Лоза* и по неговото име целото движење го добива името *лозари*. Гледаме дека најголемите имиња на македонската револуционерна борба од крајот на 19 и почетокот на 20 век биле членови или соработници на оваа Дружина. Меѓутоа, денешните бугарски историчари и публицисти тврдат дека националното чуство на *лозарите* било *бугарско*, а како доказ за ова тие го приложуваат фактот што во некои од текстовите на списанието *Лоза* се спомнуваат и *македонски Бугари*.

За да го разбиеме и овој пропаганден трик,ќе ги приложиме следниве факти.

Како прво, треба да се земат предвид веќе спомenative услови во Бугарија, во кои било објавено спосанието *Лоза*. Тоа е време на прогони против Македонците од страна на бугарската влада на Стамболов. Македонците се апсени, интернирани и се забранувани сите нивни национални манифестации и други слични изблици на организирање. Во такви услови, оние Македонци што сакале да објавуваат статии за Македонија, единствено можеле да го прават тоа преку користењето и на компромисниот термин *македонски Бугари*. За да објасниме подобро за што станува збор, ќе направиме компаративен преглед со еден друг подоцнежен настан.

Во времето на српската окупација на Македонија, во кралска Југославија во 1935 година Македонците студенти во Загреб формирале свие друштво *Вардар*. Во рамките на ова Друштво по две години тие објавиле весник под наслов *Наш весник*.Во него биле објавени текстови и други прилози што исклучиво се однесувале за Македонија и за Македонците. Автори биле тогашните истакнати македонски национални дејци: Кочо Рацин, Никола Ѓумуров, Христо Попсимов, Лазар Личеновски, Димитар Ѓузелов, Александар Линин и други.

Меѓутоа, поради добро познатите причини, во ниту една од статиите не се спомнати термините: Македонија, Македонци, македонски народ и сл. Тоа е сосема разбирливо, ако се знае дека тоа е времето кога во Југославија беснеел најстрашниот терот против Македонците. Тоа е времето од само неколку години по убиството на кралот Александар,кого секакво спомнување на овие термини можело да има сериозни последици врз авторот. Затоа за замена за термините *Македонија, македонски народ* и сл., во овие статии се употебувани компромисните (*маскирани*) термини: *Повардарие, повардарци, поврдарски* и сл. Дури и повеќето текстови се напишани на чист српски јазик (освен неколку лични и народни творби). Сепак, и покрај ваквото компромисно и маскирано детерминирање на Македонците, и покрај

српскиот јазик и статиите, *Наш Весник* веднаш бил забранет од страна на големосрпскиот режим и тоа веднаш по излегувањето на првиот број".

Само да не се изуми,дека Вардарскиот дел на Македонија бил Јужна Србија.

„Значи, во *Наш Весник* познатите македонски национални дејци (заради наведените причини) себеси се детерминирале како *поврадарци* ! Зарем и другите Македонци се *повардарци*, само затоа што во весникот така биле наречени Македонците ? Кој нормален може и да помисли такво нешто ?

Ист е случајот и со Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Таму, дури и денес се́ уште е забранета јавната употреба на етничкиот термин *Македонци*. Поради тоа, кога нашиот народ сака да ги потенцира своите национални разлики во однос на Грците, во замена за терминот *Македонци*, за себе го употребува компромисниот термин *ендопи* (што значи: *тукашни*).

Наполно иста била состојбата и со *лозарите*. И тие не смееле секогаш да го употребуваат терминот *Македонци* (а слично е дури и денес во Бугарија), па надевајќи се дека нема да имаат проблем со тогашната бугарска влада (која тогаш ги прогонувала Македонците), го користеле главно компромисниот и маскиран термин *македонски Бугари*, иако содржината на нивните статии биле со чиста македонска национална ориентација.

Еден од доказите за ова е и нивното потпишување под псевдоними. До колку тие и навистина си се чуствувале како *Бугари* и до колку го величеле бугаризмот, зошто би се потпишувале со псевдоними и зошто против нив подоцна биле крената толкава врева во Бугарија ?

Конечно, некои членови или симпатизери на *лозарите* (К. Шахов, П. Попарсов, Д. Груев, К. Мисирков) подоцна изјавиле дека навистина имале двојна програма- една за пред бугарската јавност, а другата- за пред нивните истомисленици. Тајниот Устав на *лозарите* бил однесен да се печати во Романија, но за несреќа изгорен заедно со печатницата каде што требало да се отпечати".

Тоа што било во окупираните делови на Македонија, дури и денес важи.

„Да ја резимираме наведената компарација помеѓу *лозарите* и *вардарците*. И едните и другите живееле и работеле во држави, чии влади ги прогонувале Македонците (кралска Југославија и Бугарија). И едните и другите објавувале весници, во кои авторите на статиите се потпишувале со псевдоними. И едините и другите од оправдани причини главно ја избегнувале употребата на термините *Македонци, Македонија, македонски народ* и сл. И едните и другите, во замена за нив, користеле маскирни термини (*Македонски Бугари, Повардарци* и сл.), но и кај едните и кај другите темите и содржината на написите биле поврзани исклучиво за Македонија и за националните проблеми на Македонците.

Сепак, на *лозарите* (како ни подоцна на *вардарците* во Загреб) не им помогнало ниту маскираното маркирање како *македонски Бугари*, бидејќи набргу списанието им било забрането. Некои од *лозарите* биле уапсени, други биле избркани, а трети интернирани. Дружината им била забранета од страна на бугарската влада. Подоцна некои од нив се вклучени во македонското револуционерно движење, а некои и застраниле по патот на туѓите пропаганди. Сепак, периодот на *лозарите* одиграл значајна улога во развитокот на македонската национална мисла на крајот од 19 век и подоцна.

Сега да видиме што конкретно пишувале самите *лозари* и зошто против нив била крената толкава врева во Бугарија. Исто така, ќе видиме и што пишувале против тогашните бугарски весници. Ќе започнеме со еден цитат од првиот број на самата *Лоза*:

*Благодарејќи на последните политички настани на нашиот полуостров и географската положба на Македонија, денес таму се имаат собрано севозможни надворешни елементи, кои, воодушевени од своите планови и интереси, сосипувачки за нашата иднина, слободно и со трескава енергија го засилуваат антагонизмот што може да не зачува од незаситните посегања... Тоа треба да биде стремежот на секој што се чуствува Македонец, каде и да се наоѓа тој. Младата македонска книжовна дружина токму таа цел ја има предвид.*

Значи, повеќе од јасно е дека овој извадок се однесува за сите странски пропагнди во Македонија, па дури во него е употребен терминот *Македонец*.

За македонската национална дејност на *лозарите* сведочи и тогашниот бугарски официјален весник *Свобода*, кој жестоко се нафрлил врз дејноста на *лозарите*. Во една своја статија овој весник вели:

*Во бугарската престолнина, во срцето на Бугарија излегуваат луѓе што се силат да ги расипат плодовите на толкугодишните усилби за да се докажат дека македонските Бугари се одделна нација, со посебен јазик и со посебни историски задачи !*

Овој бугарски напад не бил и единствен против *Лозарите*. На 15.04.1892 година бугарскиот публицист Левов уште пожестоко ги нападнал *лозарите*:

*...Од статијата* ***Неколку белешки*** *се гледа дека оваа Дружина припаѓа кон денешниот преовладувачки словенски елемент, дека името на тој елемент му е* ***Македонци****, дека Македонија и нивната татковина и дека таа е одделна словенска држава, чие минато е покриено со блесок, особено во времето на Филип и Александар Велики, но во времето на нивнит наследници одпаднало... Младата дружина под превезот на книжевноста нема за цел реализација и пропаганда на некаков фантастичен фонетски правопис, туку тенденции и цели, кои се куриозни, жални, возмутувачки, срамни и опасни.* (Античка=етничка Македонија, Р.И.)

Понатаму Левов е уште подециден: (Велика Македонија била со Индија,Р.И)

*Како што гледате, Македонската дружина смета дека нивната татковина е Македонија, дека таа е населена со одделно словенско племе Македонци, дека таму се собрале секакви надворешни елементи, т.е. Бугари, Грци, Срби и други..., дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се зачуваат од нашите разбојнички посегања... За таа цел ќе се послужеле со слободниот капитал што ќе го чувале во Заемоспестовната каса на Македонците... Ќе го подготвувале бугарското општествено мнение за одделување на Македонија од Бугарија и полека-полека ќе воведувале зборови од охридското поднаречје што ќе бил литературен јазик на идната Велика Македонија, на чело на која ќе дојде некој од редакторите на* ***Лоза*** *во својство на Филип или Александар.* (Бригиски говор пред Крсте Мисирков, Р.И.)

Да потсетиме дека меѓу тие луѓе што се залагале за посебна нација, јазик и историски задачи и кои се восхитувале од славата на Филип и Александар Македонски се и имињата на: Делчев, Груев, Петров, Попарсов, Хаџиниколов...

Ваквиот остар бугарски напад врз *лозарите* не останал незабележан од тогашната поширока јавност. И јавноста на другите балкански народи со интерес го следеле овој македонско-бугарски судир. На бугарскиот напад врз *лозарите* реагирал и грчкиот весник *Неологос*, кој излегувал во Цариград. На 29.04.1892 година, коментирајќи ја состојбата околу *лозарите*, весникот објавил:

*Земајќи повод од едно периодично списание 'Лоза', кое е издавано во Софија на словеномакедонски јазик, со правопис што не е бугарски, бугарскиот весник 'Свобода' блуе разрушувачки пени против Славомаконците во Бугарија и ги запла-шува со прогони. И зошто сето тоа ? Затоа што Славомакедонците, измамени, ги напуштаат татковите огништа и се преселуваат во Бугарија, каде што, от-како поодблизу се запознаат со бугарскиот народ, со неговиот јазик, нрави и оби-чаи и откако согледуваат дека тие им се туѓи, ја осознаваат измамата и почнува-ат да си го разработуваат својот мајчин јазик, издавајќи разни периодични списа-нија на него. Овој правец од страна на Славомакедонците 'Свобода' го каракте-ризира како шлаканица врз панбугарозмот и откако го анализира јазикот и пра-вописот на 'Лоза', утврдуваат дека јазикот на Славомакедонците е неразбирлив за Бугарите, а правописот е сосема туѓ на бугарскиот.*

Инаку,весникот *Неологос* објавувал и други слични статии,па дури и дозволувал на своите страници да објавуваат статии и Македонци, кои под псевдоним, од аспект на македонската национална идеја,ја напаѓале големобугарската пропаганда. Такви биле учителот Баев од Охрид (кој објавувал под псевдонимот *Пелагон*) и учителот Д. Сакелариев од Ресен (кој објавувал под псевдонимот *Македон*)".

Донски наведува традиции само на античка Македонија- без од Подунавие.

„Така, на пример, реплицирајќи му на редакторот на бугарскиот егзархиски орган А. Шопов, кој ја нападнал спомнатата статија на *Неологос*, учителот Баев (под псевдонимот *Пелагон*) во следниот број на *Неологос* во статијата под наслов *Шовинистот Шопов* напишал:

*Во желбата да го удавиш тоа неблагодарно за панбугаризмот дело од страна на Словеномакедонците велиш оти списанието 'Лоза' не се издава на словеномакедонски, ами на бугарски јазик. Но, ако е тоа така, зошто тогаш 'Свобода' лее жолч против Словономакедонците редактори на 'Лоза' ?*

Инаку, еден од уапсените основоположници на *лозарството* во Бугарија бил и големиот македонски револуционер Даме Груев. Во своите спомени еве што запишал тој во врска со овој период од неговата дејност:

*Студентите Македонци се заседовме да се организираме во името на идејата да се самообразуваме и заемно да си влијаеме за да се подготвиме за задружна работа, кога бевме решиле по свршувањето на науките сите да се приберими внатре во Македонија... Во Софија повеќе заемно се изучувавме. За Друштвото што се токмевме да го организираме, се изработуваше правилник... Во дружбата бевме главни Христо Попкоцев, Д. Мирчев, Никола Дејков, П. Попарсов и други. Токму тогаш стана убиството на Белчев. Дојдоа апсења, ме уапсија мене и Никола Наумов поради наше соучество во Социјалистичката група... не држеа 15 дена затворени во Петтиот участок, не иследуваа и не пуштија. Дружбата ни се растури и поради тоа јас и Наумов, за да не не земат во војската, неколку дена по отпуштањето избегавме во Македонија.*

Дел од спомените на Даме Груев се објавени и во цитираниот *Зборник од до-кументи и материјали Македонија* (Софија, 1978, 505), но таму веднаш паѓа в очи дека недостасува делот за апсењето на Груев во Софија, иако таму цитираниот дел на Спомените е речиси идентичен со овој што овде го предаваме. Дури и во вака цитираниот дел во *Зборникот*, Груев никаде не спомнува никакви *Бугари* или *ма-кедонски Бугари*, туку во обете детерминирања што ги употребува за нашиот народ го користи терминот *Македонци*.

За *лозарите* пишувал и Ѓорче Петров, а Крсте Мисирков, во својата книга *За македонцките работи*, за *лозарите* вели:

*По нивна инцијатива отпрвин се образува на почетокот на деведесеттите години една национално сепаратистичко движење со цел да се одделат интереси-те на Македонците од бугарските со воздигнување на едно од македонските наре-чја на степен на литературен јазик за сите Македонци. Орган на тао сепарати-стичко движење на Македонците во Бугарија беше списанието 'Лоза'* ".

Се говори за македонски наречја, а не македонски јазик: јазик=говор, или мајчин јазик. Такво бил бригискиот. Говорите на античка и етничка Македонија ос-танале исти. Јас секогаш истакнувам, само Бригите имале дативно у, што се најду-вало во статерите: Филипу, Александру..., но не во Пеонија- според Мара Мариово, Долна Македонија, ниту појужно- во Елада.... Дативот во коине го внесле Бригите-Птоломејци. Херодот со темниот вокал ја одделил Тракија од Илирија-без Словени.

„Од списаните *Лоза* успеало да излезат само три броја (од кои едниот бил двоброј). Подоцна бугарската влада ја растурила Младата македонска книжовна др-ужина, а списаните *Лоза* било забрането.

Под влијание на *лозарите*, подоцна (1894) Петар Попарсов објавил брошура што всушност претставувала неофицијална програма на веќе формираната Македо-нска револционерна организација, во која уште пожестоко ја критикува бугарската пропаганда и Бугарската егзархија. Еве што запишал Петар Попарсов:

*Ние Македонците и навистина ништо немавме. Ништо не сме спечалиле благодарејќи на слепата доверба кон своите божемни браќа, па немаме и што да загубиме. Жално е, но што да правиме, кога мнозинството од нашата интелиге-нција е расипана од вашето злато... Егзархијата ги доверува најважните служби на северните Бугари, а ги гони од егзархиска служба свесните Македонци, против кои се применуваат сите дозволени и недозволени средства за да излезат од своја-та татковина... Со тоа 'народната' Егзархија наполно свесна се стреми да го убие секое посамостојно движење кај нас, да му ја земе секоја можност на Маке-донците да се занимаваат со повозвишени опитествени прашања.* (Подетално за сето овде изнесено околу *лозарите и лозарството* кај д-р. Блаже Ристовски: *Лоза-рите во развитокот на македонската национална мисла*, Скопје, 1968),

Следниот пример за прогонот на Македонците во Бугарија во 19 век е по-врзан со една позната македонска народна песна. Се работи за една од најпопула-рните македонски патриотски песни *Послушајте патриоти*. Верувам дека пого-лемиот број недоволно упатени луѓе претпоставуваат дека во оваа песна е опеано страдањето на македонските патриоти во турските затвори. Меѓутоа, вистината е сосема поинаква. Малку е познато дека оваа песна (во која, конкретно, е опеано ма-чењето и смртта на македонскиот патриот и деец, охриѓанецот Александар Караѓу-

ле Охридски) е посветена на неговото темничење токму во бугарските затвори ! Подоцна тој таму бил и ликвидиран во далечната 1892 година.

Александар Караѓуле Охридски бил еден од позначајните македонски национални дејци од крајот на 19 век, кои дејсвувале главно во Софија и кои се залагале за македонската национална посебност. Овој македонски деец извесно време (1885) работел како одговорен редактор на весникот *Македонски глас* (и тоа почнувајќи од број 5, па до неговото укинување). Во последниот број од овој весник е објавен повик до сите Македонци во Бугарија со оружје да влезат во Турција и да се борат за ослободување на Македонија). Интересно е дека примероците од овој весник денес се кријат во Бугарија и не се достапни на пошироката (дури и научна) јавност. Александар Караѓуле бил главен организатор и на Македонското читалиште во Софија (околу 1889 година).

Под изговор дека е учесник во дејства против тогашната бугарска влада на Стамболов (а всушност поради неговата македонска национална дејност), Александар Караѓуле Охридски бил уапсен заедно со други Македонци (но и бугарски опозионери) и на 08.07.1892 од Софискиот суд бил осуден на смрт. По тешките измачувања, овој смел Македонец бил обесен истата година во Софија.

За ѕверствата на кои биле изложени овие дејци во бугарските затвори пишувал и тогашниот бугарски весник *Согласие*, кој во својот број од 15.06.1894 година известува дека затворениците (меѓу кои и Александар Караѓуле) во Софија биле: ... *затворени во гнасни затвори, каде што трпеле со денови, недели и месеци ужасни мачења. Најмногу биле тепани со песочни торби, кои, без да остават видливи знаци, создаваат тешки внатрешни повреди...*

Во истата таа 1894 година членовите на *Младата македонска дружина*, но и на други Македонци од Софија, свечено ја одбележувале деветгодишната од обесувањето на АлександарКараѓулеОхридски,при што претседателот на Дружината Коста Шахов одржал потресен говор што бил објавен во тогашниот македонски печат.

### 5.4. Македонците во турските документи од 19 век

Во продолжение ќе се задржиме на уште една од артилулациите на бугарската историографија, која се однесува на тврдењето дека наводно во *сите турски документи* од периодот на турското ропство нашиот народ бил детерминиран како *Бугари*. Вакво нешто може да тврди само оној што не прочитал ниту еден турски документ (иако голем дел од овие документи веќе се преведени и објавени, како кај нас, така и во Бугарија). Имено, во документите од турскиот период за македонскиот народ претежно е употребуван терминот *раја, неверници, христијани* и сл., а терминот *Бугари* од страна на Турците се употребувал најмногу по 1870 година (особено во почетокот на 20 век), и тоа исклучиво за оние етнички Македонци што припаѓале кон Бугарската егзархија. Како доказ за ова може да се погледнат петте тома од едицијата под наслов: *Турски документи за македонската историја* 1800-1839 (Скопје, 1951), каде што се застапени стотици документи од административен карактер на тогашната турска империја во врска со Македонија: купопродажни договори, тестаменти, венчавања, доброволни потурчувања и сл. Во нив Македонците се именувани како: *раја, неверници, христијани* и сл., а сите документи припаѓаат токму на поголем дел од 19. век. (Ислам само од полза- без данок, богат..., Р.И.)

По воспоставувањето на Српската црква во Македонија за сите Македонци што пристапиле кон неа во турските документи пишувало дека се *Срби*.

Ист бил случајот и со Македонците што ја посетувале Грчката патријаршија, па во турските документи тие биле заведувани како *Грци*". (Но не под Атина, Р.И.)

Се потврдува, имало само верски и црковни народи, а не етнички народи.

Бугарија: кнежество, црква и држава- кнежевен, црковен и државен народ.

„**5.5. Епилог**

Освен овде наведените, постојат и многу други македонски и странски сведоштва од 19 век, кои ја потвдуваат македонската национална посебност. Во интерес на просторот ќе ги оставиме за други прилики. Овде посебно сакам да го потенцирам фактот дека овие сведоштва се токму за времето, на кое бугарските и пробугарските пропагандисти најмногу полагаат- а тоа е 19 век ! Не еднаш сме ја слушнале лагата дека наводно: *нашите предци од 19 век си се чуствувале како Бугари, па според тоа и ние сме Бугари*. Овде изнесените факти практично ја побиваат оваа измислица. Ниту едно од овде наведени сведоштва до денес не е објавено во поширoката јавност во Бугарија, па малубројните овдешни пробугарски субјекти, кои македонската историја ја *учат* исклучиво од едноставните (барем во однос на Македонија) бугарски историски книги не ги знаат овие податоци, поради што и пласираат такви бесмислени теории".

Секој народ има по еден службен јазик.Бугарите имале два службени јазици. Првиот Македонците не го доразбирале.Овој од 20 век, западниот, бил македонски.

## VI. ЕВРОПСКИТЕ ДИПЛОМАТИИ ПРОТИВ САНСТЕФАНСКА БУГАРИЈА

„Во овој дел аргументирано ќе побиеме уште една заблуда застапувана од страна на денешните бугарски пропангадисти. Тоа е заблудата околу т.н. *Санстефанска Бугарија*, на која до денес се повикуваат таквите субјекти. Мислам дека од наша страна не е сосема доволно афирмиран фактот дека идејата за Санстефанска Бугарија била само една обична идеја на хартија, дадена во еден прелиминирен договор од една заинтересирана страна-победничка (со посредство на рускиот амбасадор во Цариград грофот Игнатиев) и дека на оваа идеја уште тогаш се спротиставиле сите големи европски земји.

Оттаму, навистина е нејасно зошто сé уште се крева толкава врева околу една обична идеја на хартија ? Тоа е исто како кога во Парламентот пратениците поднесуваат стотици амандмани, како дополнување или измени на разни закони, кои неретко претставуваат артикулација на личниот или групниот интерес на пратеникот и кои поради тоа и се одбиваат.

Слично на ваквите амандмани бил и хартиевиот план за Санстефанска Бугарија- и ништо повеќе ! Тоа бил обичен, отфрлен од Европа, предлог, какви што ги имало стотици во тоа време. Затоа, навистина е нејасно (па дури и смешно) зошто некои субјекти сé уште го споменуваат овој отфрлен и заборавен план.

Но да преминеме на автентичните историски документи од тоа време и да видиме како поминал овој план во очите на Европа.

Во врска со пропаста на идејата за заживување на Санстефанска Бугарија најдобро ќе биде да цитираме изјавана тогашните европски политичари, кои децидно изјавувале дека Санстефанска Бугарија не може да живее во практиката токму поради фактот што во Македонија живеат Македонци,а не Бугари. Планот на Сан-

стефанска Бугарија бил утопија создадена на голема мерка на фантазијата на рускиот гроф Игнатиев, кој заради ваквата своја утопија толку бил критикуван од странските, но и од домашната (руска) политичка јавност што дури извесно време морал да се повлече од јавниот живот

Јасен и провиден е поводот на неговата пуста желба- проширување на Русија (преку својот новосоздаден сателит Бугарија) и на територии што никогаш етнички не биле биле бугарски. Но да видиме најпрвин што изјавиле претставниците на неколку европски држави во врска со фантастичката желба на грофот Игнатиев.

Англискиот министер за надворешни работи лордот Солзбери во врска со фиктивната идеја за Санстефанска Бугарија на 18 април 1878 година изјавил:

*Зацртаното Бугарско Кнежество во санстефанскиот мировен договор не смее да остане во такви широки граници и да држи територии што етнички не му припаѓаат.*

Кои се тие територии што етнички не му припаѓале на Бугарското Кнежевство- тоа е повеќе од јасно".

Бидејќи Бугарија била само кнежество, никако држава, тоа било без основа.

„Грофот Андраши, кој тогаш бил австриски министер за надворешни работи, во врска со Санстефанскиот договор во мај 1878 година изјавил:

*Ставете му на знаење на Нелидов* (руски амбасадор во Цариград, з.м.) *дека нашата влада воопшто нема да толерира едно широко бугарско кнежество. Во Санстефанскиот прелиминарен мировен договор воопшто не е зачуван етничкиот принцип. Според статистичките податоци со кои располагаме нам ни е позанто дека Бугарите и Србите ја населуваат земјата од Црно до Јадранско море. Србите се протегаат од Дунав до Стара Планина. Територијата на Македонија е населена со разнородно население, во кое преовладува словенскиот елемент. Меѓутоа, познато е дека во тамошното словенско население се јавува една силна струја, која настојува да тргне по својот сопствен пат. Нашите интереси во поново време налагаат да навлезате во Македонија и да излеземе во Егејско Море, користејќи ја наклоноста на словенското население во Македонија.* (Hof- und Staatarhiv Wien, Politisches Arhiv 38, Türkey, Karton 129, цит. според Славко Димовски: *Сведоштва и документи*).

И од оваа изјава јасно се гледа ставот на Австрија изграден врз основа на нејзините познавања на етничиот состав на Македонија. Овде предничи фактот што во Македонија никогаш не живееле никакви Бугари ни Срби, како мнозинско население.

Во контекст на овие изјави од врвните дипломати на тогашните европски велесили ќе ја презентираме и изјавата на француския министер за надворешни работи Вадингтон, кој во врска со Санстефанскиот договор изјавил:

*Ние и понатаму стоиме на гледиштето дека, освен бугарскиот, постојат и други народи на Балканскиот Полуостров, кои во догледно време треба да бидат ослободени... Нашата влада остро се противи на Санстефанскиот прелиминарен договор.* (Dokuments diplomatique, t. 2, 431, 15.05.1878, цит. според С. Димовски: *Сведоштва и документи*).

И од оваа изјава гледаме дека Франција најенергично ја осудила идејата за Санстефанска Бугарија, под изговор дека Бугарите не се единствени жители на Балканот.

Дека во тоа време бугарските публицисти и интелектуалци биле многу посвесни од денешните овдешни пробугарски субјекти (кога е во прашање македонската национална посебност), ќе го цитираме познатиот тогашен егзархиски секретар и редактор на егзархискиот орган А. Шопов, кој (иако и самиот тргнувал од големобугарски позиции) во врска со Санстефанска Бугарија во 1885 година го дал следното признание:

*Берлинскиот конгрес не и даде автономија на Македонија и не ја присоедини кон Бугарија или кон Источна Румелија од едноставна причина што Англија цврсто застана на стојалиште дека огромното мнозинство на население во Маке-донија не е бугарско... Па дури ни денес, во 1885 година, кога Европа би побарала македонското население да се определи и да каже на која народност и припаѓа, уверени сме дека поголемиот дел од Македонија ќе ни летне од рацете, ако исклу-чиме две-три околии од Северна Македонија.* ***Сите други Македонци се готови да дадат каков сакаш пишан документ дека тие не се Бугари*** (подвлекувањата се мои, з.м.) (Офейков: *Македония въ време на хиладягодишната на св. Методий*, Пловдив, 1885 и А.Шопов: *Материяли за българското възраждение во Македония.* Периодическо списание, кн. 18, Средец, 1885, стр. 440).

Оваа изјава секако не е и единствена дадена од тогашни бугарски дејци, коисакале или не- признавале дека Македонците претставуваат посебен етникум од Бугарите и токму ваквите бугарски изјави претставуваат неодбранлив аргумент против лагите на денешните пропагандисти дека во 19 век сите Македонци наводно се декларирале како *Бугари*. Како тогаш да се објаснат ваквите цитати дадени од бугарски дејци ?

Значи, ниту Македонците со воодушевување ја прифатиле Бугарската егзархија како своја духовна слобода, ниту пак европските сили стоеле зад фикцијата за Санстефанска Бугарија, која заради тесните и провидни руски интереси, била создадена во главата на бугарофилот гроф Игнатиев. Главна причина за одфрлањето на ваквата фикција видовме дека фактот што во Македонија никогаш мнозинството од населението не биле Бугари, што вопрочем се потврдува и од горе приведените автентични цитати во овој и претходниот дел од оваа книга.

Меѓутоа, точно е дека извесен број Македонци се согласувале со идеите на Санстефанска Бугарија, мислејќи дека така ќе се ослободат од Турците. Сепак, добар дел од Македонците што ја посакувале Санстефанска Бугарија, неа ја замислувале како заедничка федеративна држава на Македонците и на Бугарите, а не како унитарна бугарска држава што ќе го негира постоењето на Македонците. Така, на пример, една организација по име *Бугарско-македонска лига*, се залагала за Санстефанска Бугарија, но како федеративна држава на Македонците и на Бугарите.На 02. 05.1879 година оваа лига упатила апел за ново востание во Македонија, во кое меѓу другото се вели:

*Македонци ! Македонија, нашата мајка стенка и плаче со горки лелекања под турскиот оган и јатаган... Јунаци македонски и бугарски ! Нашиот светол лав рика по нашите македонски гори и долини, планини и пустињи и не повикува сите на оружје... И ние со надежта во Бога и во Санстефанскиот договор треба сите да се покажеме како вистински потомци на нашита татковци и дедовци... Маке-*

*донци ! Сега е време да ги убедиме нашите предавници дека Македонија и сега, по петвековното ропство, раѓа и има во себе синови и јунаци.* (Различни лавови, Р.И.)

Така размислувале некои Македонци од тоа време- со цел да се ослободат од турското ропство. Поради фактот што во овој повик Македонците се јасно издвое-ни од Бугарите, повеќе од јасно е дека тие слободата од Турција ја замислувале во рамките на една заедничка македонско-бугарска држава. Ова и поради тоа што по-веќето тогашни Македонци во тоа време воопшто не ја знаеле целосната содржина на Санстефанскиот договор. Ним им било важно да се ослободат од Турците, а кога многу подоцна била обелоденета целосната содржина и цел на овој договор, мно-зинството Македонци него го осудиле". (Македоците си се само Македонци, Р.И.)

Поимот Југославија можел да означува федерација, но не Бугарија- Бугари.

Македонците како антички=етнички не биле Дунавци (Словени и Татари).

## VII. МАКЕДОНЦИТЕ И БУГАРИТЕ ВО ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК

„Во овој дел ќе го разгледаме односот на Македонците и Бугарите во времето од почетокот на 20 век, па сé до поделбата на Македонија, т.е. до времето на Балканските војни. Нема потреба да го објаснуваме значењето на овој период. Тоа пред сé е периодот на Илинденското востание и настаните околу него.

Од аспект на темата што ја обработуваме, бугарската историографија се чини најмногу манипулира токму со настаните од овој период. Не еднаш сме слушнале дека наводно: *сите илинденци се декларирале за Бугари*; или: *сите дејци на ВМРО со гордост го прифаќале бугарското национално име*, и слични бесмислици".

За да се има национално име требало да има држава, а не кнежество.

„Во продолжение ќе направиме концизен преглед на позначајните македонски национални пројави токму од времето на овој период, со кои треба да бидат разбиени лажните тврдења за наводниот *бугарски карактер* на настаните околу Илинден. (Илинден: Херонеа, востание 1903 и АСНОМ- **ништо Дунавско**, Р.И.)

Податоци за овој дел од книгата користев од повеќе извори. Се разбира, овојпат не можев да користам бугарски книги, од проста причина што од поодамна македонските национални појави околу Илинден се прикриваат од пошироката јавност на Бугарија, во тамошните публикации за настаните околу овој историски период. Меѓутоа, документите за македонските национални пројави од овој период сепак постојат и нивното пронаоѓање сé уште е во тек.

Од сите книги што ги користев,најмногу податоци преземов повторно од д-р Блаже Ристовски и од неговото капитало дело: *Крсте П.Мисирков. Прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национална мисла* (Скопје, 1966). Тоа е исклучителна книга, која на над 860 страници нуди богата ризница од архивскиот материјал и автентични документи,кои трпеливо се собирани низ децениски работи и кои сведочат за бројните македонски национални пројави од почетокот на 20 век.

### 7.1. Српската антимакедонска пропаганда тврдела дека Бугарите ја *измислиле* македонската нација

Од страна на бугарските (но и други) пропагандисти во врска со македонската нација често се спомнува српската пропаганда, на која и се импутира дека на-

водно ја *измислила* македонската нација во почетокпт на 20 век со наводна цел за да и *наштети на бугарштината во Македонија* (!?)...

Но, вистината е сосема поинаква. Во нашата јавност малку е познат фактор дека српската пропаганда од почетокот на 20 век го тврделе наполно истото што денес го тврди бугарскта пропаганда (се разбира, со замена во улогите), а тоа е дека наводно бугарската пропаганда ја *измислила* македонската нација за да му наштети на српството во Македонија (!?).

Најдрастичен пример за ова претставува брошурата *Демони југословенске мисли* од Милан Јовановиќ, објавена во 1929 година, во која се напаѓа и се омаловажува речиси целата македонска историја, а се величи српството. Најинтересно, меѓутоа, е што на стр. 34 и 35 од оваа брошура авторот ја напаѓа и ја обвинува Бугарија наводно дека таа ја *измислила* македонската нација со цел да му наштети на српството во Македонија (!?). Овде читаме:

*Бугарија се залага пред странските фактори да промовира некаква македонска народност..., па претендира дури и на обновување на некаква македонска држава, иако таква народност не постои, ниту пак на Балканскиот Полуостров постојат жители што имаат некаква македонска традиција.. Според тоа, за Словените од Македонија и од Стара Србија, кои го населиле Балканскиот Полуостров по цели осум векови од пропаста на старото македонско царство, не може да се тврди дека претставуваат словнизиран македонски народ, кој бара обновување на поранешната македонска држава. Оваа теза официјално Бугарија му ја сугерира на својот орган- Македонскиот комитет и со тоа таа го прави смешен целиот бугарски народ...*“. („од Македонија и од Стара Србија“-Срби нови,Р.И)

Бидејќи со Македонија и Македонци не може да има Срби и Бугари, ниту Грци и Скиптари, што важи и за Власи, за нашето оспорување биле и се Словените.

Меѓутоа, овде стои и Стара Србија. Нивниот говор, песни... се македонски.

„Значи, големосрпските кругови (како творци на српската антимакедонска пропаганда !) од почетокот на 20 век биле убедени дека Бугарите се тие што наводно ја *измислиле* македонската нација и што го *форсирале* македонизмот ! Ова секако преставува студен туш за денешните застапници на бугарската пропаганда, кои тврдат дека токму Србите се тие што го сториле тоа.

Дека македонската нација е измислица на Бугарите тврделе и некои големогрчки кругови. Така, на пример, според Теофилос Папаконстантину, македонската нација и македонски јазик наводно биле: *мит што го создале Бугарите и Русите* (Христо Андоновски: *Јужна Македонија од античките до денешните Македонци*, стр. 190). Ако кон сето ова ги додадеме и Русите (од времето на царска Русија), кои според антимакедонските пропаганди, исто така се *обвинтети* за наводно *измислување* на македонската нација, потоа Австро-Унгарија, кои едно време исто така биле обвинивани од страна на Бугарија за *измислување* на македонската нација (кога дејноста на Мисирков и Чуповски бил окарактеризирана како *австроунгарско масло*), а овде секако се и Коминтерната и Хрватот Тито, кои се обвинети за истото *дело*, тогаш блазе си нам Македонците со толку многу кандидати како **измислувачи** на нашата нација ! (Русија ја создала Грција, а и со претседател руски..., Р.И.)

Дека примерот со наводната српска брошура не е единствена зборува и фактот дека големосрпската пропаганда уште во 1902 година го тврдела истото, што значи дека Јовановиќ само ја наследил оваа тенденција од своите претходници.

Најдрастичен пример за ова претставува статијата објавена во белградскиот весник *Србин* во бројот од 14.07.1902 година под наслов *Докле ћемо трпети злоупотребу гостопримства* ? Во статијата се напаѓа однесувањето на македонскиот национален деец Стефан Јакимов Николов во Белград, а од нејзината содржина јасно се гледа дека, според тогашната српска пропаганда, Бугарите биле тие што наводно го *фосирале* македонизмот за да му *наштетат* на српството во Македонија. Еве што за Стефан Јакимов Дедов напишал меѓу другото овој весник:

*...Редовно оди во посета кај одделни млекари, фурнаџии, меанџии и други Срби од Турција. Разговорот кај сите наведени Ст. Јакимов го води исклучиво околу темата: чија е Македонија и како Македонија треба да им остане на Македонците и никако да се присоедини кон Србија... Зборувал дека Македоците не се Срби, туку Словени... Во целиот негов живот, во зборувањето и во пишувањето никогаш не го употребува зборот Србин. Кога зборува за Македонија и за Македонците го употребува зборотСловени...* ***Зарем од горенаведеното не е јасно дека Јакимов дошол во Србија како агент на бугаризмот*** ?(подвлекувањата се мои, з.м.).

Оној што е барем малку упатен во дејноста на Стефан Јаскимов Дедов ќе знае дека тој тогаш само што немал врска со бугарската пропаганда (за која е обвинет во оваа статија), туку и дека секаде каде што можел отворено го напаѓал и Србија и Бугарија, бранејќи ја македонската нација и правото за национално самоопределување на Македонците. Како илустрација за ова, ќе наведеме извадок од статијата на весникот *Балкански Гласник* од 28.07.1902 година, весник што го уредува токму Стефан Јакимов Дедов, заедно со Дијамандија Мишајков:

*Дека Словените во Македонија не се Бугари, мислиме оти е доволно да ги спомнеме успесите што ги направија во последно време српските училишта и оти тоа е јасен доказ дека покрај бугарската може да постои и српска народност... За триесет години Бугарите не беа во состојба да го побугарат населението во Македонија, па мислиме дека тоа не можат да го сторат ни другите народи... Во интерес на словенството на Балканот се надеваме дека сите ќе работат на тоа да и се даде автономија на Македонија и да се признае нејзиниот словенски македонски дијалект.*

Веќе во ноември 1902 година Стефан Дедов и Дијаманди Мишајков пак преку весникот *Балкански гласник* упатиле апел до руската влада, во која меѓу другото се вели:

*Под национална слобода ние подразбираме отстранување на националните пропаганди во Македонија и наместо тоа воведување на едно од македонските наречја на степен на општ македонски литературен јазик... Турција треба да ги при-знае Македонските Словени како одделен народ со одделен литературен јазик... и да им се признае самостојна Црква*“. (Држава-Црква-Народ, Р.И.)

Значи, веќе се говори за Македонски Словени- Словени веќе се наметнал.

„За македонската национална дејност на Стефан Дедов и Дијамандија Мишајков, како и на Другарството во Петербург, сведочи и Меморандумот што во основа беше составен уште во Белград, но беше поднесен до руската влада на 12 ноември 1902 година (парафразиран дел од кој објавил на бугарски и на руски јазик Дедов и во својот весник *Балкан* во 1903 година во Софија):

*Признавање на македонските Словени од страна на Турција како одделен народ, со одделен литературен јазик што рамноправно со турскиот ќе стане*

*офи-цијален јазик во трите вилаети во Македонија- Македонија- Косовскиот, Битол-скиот и Солунскиот и признавање на самостојна Македонска црква.*

Од ова не само што се гледа дека македонското национално чуство продолжило да се развива и во годините непосредно пред Илинденското востание, туку и јасно се гледа дека Стефан Дедов и Дијамандија Мишајков (но и нивните бројни следбеници во Македонија и странство), како чисти македонски дејци, биле наречени *бугарски агенти* од страна на големосрпските кругови.

Секако има и други вакви примери во врска со големосрпската пропаганда од тоа време, а во прилог на ова зборува и фактот што дејноста на Дедов и Мишајков во Белград бргу била запрена од страна на српскиот режим, тие биле уапсени и протерани од Србија, а весникот бол забранет.

Овде само по себе се наметнува прашањето до денешните бугарски пропаганди: Ако Србија наводно го *форсирала* македонизмот, зошто тогаш биле апсени и матретирани македонските национални дејци во Србија и тоа токму во почетокот на 20 век и зошто тие погрдни зборови биле нарекувани како слуги на бугарската пропаганда ?

Во Србија биле напаѓани и други македонски национални дејци. Таков бил случајот и со Глигор Хаџитаков(иќ), кој во Белград, заедно со својот сомисленик Гирџиков(иќ) го издавале весникот *Автономна Македонија*. Освен тоа, Хаџиташков(иќ) при своите посети на Македонија во првите години на 20 век секаде каде што одел ја проповедал македонската национална идеја. Ова не останало незабележано од страна на големосрпските пропагатори, па српскиот учител Н. Голубовиќ од Воден во врска со дејствата на Хаџиташков(иќ) во 1905 година ја исвестил својата влада:

*Г. Х. Ташковиќ, исто така многу ни нашкоди со тоа што меѓу нашите луѓе проповедаше некаков словенизам и македонизам и ги одвраќаше да не бараат српски нуфузи...* (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Крсте П. Мисирков...*, стр. 390).

Глигор Хаџиташков(иќ) и неговиот соработник Гирџиков(иќ) исто така биле наречени како *бугараши* од страна на тогашниот српски печат- поради нивната македонска национална дејност.

Така, на пример, белградскиот весник *Српска застава* во статијата *Предавници на српството- бугарски платеници* !, која ја пренела и други весници во Србија, побарал укинување на весникот *Автономна Македонија* и прогонување на Глигор Хаџиташков(иќ) од Србија, под изговор дека ја форсирал *бугарштината*. И навистина, и овој македонски деец набргу потоа бил протеран од Србија, а весникот му бил забранет.

Уште подрастичен пример за тогашната пресија врз Македонците, кои студирале или работеле во Србија, се неколкуте зачувани писма од тоа време, кои Македонците од Србија им ги испраќале на своите роднини во Македонија. Во овие писма се жалеле од притисокот на кој биле изложени во Србија, па дури и од заканите со смрт што им биле упатувани ако не се декларираат *Срби*.

Така, на пример, браќата Стево и Тодор од Белград во едно писмо до нивниот роднина Ѓуро Митановски од с. Орланци (Кичевско) му напишале да не го прима бугарскиот поп и наместо него да го повикува само српскиот поп, ако сака тие дома да му се вратат живи:

*Брате Славе и ти татко Ѓуро, до денес сте го примале попот Крсте, ама од денес да го викате поп Китан, зашто тој е српски поп. Вака да знаете, ако сакате да ви дојдеме дома живи за да се видиме. Ако не не послушате,да знаете дека ни куќи ни луѓе ќе се узнајат. Нас овде риби во Сава и во Дунав ќе не јадат.*

Слично писмо упатиле и браќата Стојмир и Коле Крстеви до своите роднини во Македонија. И тие се пожалиле оти *рибите ќе ги изедат* ако нивните дома не се пишат како Срби.

Во едно писмо од 1905 година, потпишано со псевдонимот *Македонец*, за животот на Македонците во тогашна Србија се вели:

*Не принудуваат да станеме Срби. Животот овде е многу тежок за нас. Чети се испраќаат одовде секој ден.*

И самиот Мисирков пишува за една голема тепачка во интернатот на српското Друштво *Света Сава* помеѓу македонските и српските ученици и студенти во Белград што се случила во 1891 година. Мнозина учесници во тепачката биле сериозно повредени, а атмосферата била напната со денови притоа.(Подетално кај за д- р Блаже Ристовски: *Крсте п. Мисирков. Прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национална смисла* (Скопје, 1966).

Секако постојат безброј други појави на малтретирање врз Македонците во Србија со цел да го прифатат српството, кои во интерес на просторот ќе ги оставиме за друга прилика. Но и овде наведените примери се доволни за рушење на големобугарските хипотези,споре кои Србите наводно *форсирале* некаков македонизам.

Инаку, во тоа време, ништо подобро не била состојбата на Македонците и во Бугарија. И тие таму биле терани да се пипуваат како *Бугари*.

Ова трагична состојба на нашиот народ мошне пластично ја опишал спомнатиот Стефан Дедов во една статија објавена во својот весник *Куриер*:

*Зошто Македонците во Србија протестираат против Бугарија и зошто емигрантите во Бугарија се нафрлаат против Србија, а не изустуваат ни збор против Бугарија ? Македонците, изгонети од својата татковина, кои се избегани во Србија и во Бугарија, се поставени во доста тешка положба... За да не останат таму како туѓинци, едните требаше да станат пионери на српските државни идеи, а другите носители на бугарските стремежи во Македонија...* (Куриеръ 14. 11.1902, стр. 2).

Кога сме кај дејноста на Дедов (но и Мишајков), интересно е да спомнеме дека од една страна Србите зборуваат оти таа била иницирана од Бугарија, а Бугарите веleле обратно- дека нивната работа била иницирана од Србите (!?). И самиот веќе споменат *Балкански Гласник* ова мошне пластично го отсликува во една своја статија од 1902 година:

*Некои белградски и софиски шовинистички весници... доаѓаат до заклучок дека нашиот весник се инспирирал и се помагал од Бугарија, а другите- од Србија. Категорично ги побиваме ваквите тврдења, кои ги сметаме за клевета, зашто нашиот весник војува единствено за ослободување на Македонија и ги штити интересите на Македонците, каде и да се наоѓаат тие...*

Слично како Дедов и Мишајков во тоа време поминувале и другите македонски национални дејци во Србија, а големосрпската пропаганда и натаму продолжила да ги нарекува македонските национални дејци како *бугарски агенти*“

Бугарските и српските агенти дури денес се и во Р.Македонија- наша тегоба.

„Ќе наведеме уште еден драстичен пример во врска со ова. Веруваме дека на сите им е добро позната чистата и јасна македонска национална дејност на големиот Димитрија Чуповски. Ако, според денешните бугарски пропагандисти, Србите наводно го *форсирале* постоењето на македонската нација, тогаш тие би требало се најдобро да пишуваат и за дејноста на Чуповски. Но, не само што не било така, туку експонентите на големосрпската пропаганда од тоа време со најпогрдни зборови се нафрлувале врз македонската национална дејност на Чуповски, импутирајќи му истовремено дека е слуга на бугарската пропаганда. Еве што напишал познатиот белградски весник *Политика* во својот број од 08.03.1014 година во врска со списанието *Македонски голос (Македонски глас)* на Димитрија Чуповски:

*Од пред два месеци Белград и цела Србија почнаа да ја поплавуваат со една дрсканица што излегува во Петроград, па како повремено списание се растура по целиот Балкан.*

*Тоа е некаков 'Маќедонски глас' што преставува вреќа од најгнасни клевети, најодвратни измислици и најглупави лаги за Србија, посебно за управата во Нова Србија. Таа шега од списание, што целиот свој ракопис го добива од Министеството за надворешни работи од Софија, го уредува познатиот бандитски тип Павле Чуповски, којшто веќе со години важи за една од најкрупните нумери на софискиот диспозицинен фонд.* (Македонија, Стара Србија и Нова Србија, Р.И.)

*Бројот на Македонски Голос што некнивечер стигнал во Белград, го добија- се разбира, бесплатно- речиси сите белградски лебари, зарзаватчии, кафеџии, ѕи-дари и мнозина други што се родум од Нова Србија.*

*Од Скопје сме известени дека и таму пристигнуваат цели рпи од тој пасквилантски лист. Значи, дека од Софија се испратени списоци по сите места и на сите луѓе за кои се смета дека е згодно да им се испрати оваа пачвара.*

Она што е интересно (па дури смешно) во врска со работата на Македонското научно-литературно другарство (МНЛД) од Санкт-Петербруг, кое и го објавувало списаните *Македонски глас*, е фактот што и за ова Другарство Србите сметале дека работи по директива на Бугарија, а Бугарија сметала дека се работи по директива на- Србија (!?). Повторно ќе го цитираме македонскиот национален деец Стефан Дедов, кој во врска со сето ова на Ефтим Спространов му изјавил:

*Русите се збркаа од интригите на бугарскиот, српскиот и турскиот агент. Бугарскиот агент интригираше дека тоа е српска и австриска работа, а српскиот дека е- бугарска. Турскиот агент сметаше дека тоа е работа на револиционерните комитети.* (Блаже Ристовски: *Крсте Мисирков...*, стр. 228, цитирано според Дневникот на Е. Спространов 18.07.1903).

Значи, додека во официјална Србија со голема омраза се пишувало за активноста на МНЛД, истото тоа било правено и во Бугарија. Бугарија дури имала убфрлено и свој шпион во ова Другарство. Тоа е членот-основач Христо Шалдев, кој (иако отпрвин и самиот давал изјави во полза на македонската национална посебност), редовно испраќал извештаи до бугарскиот егзарх во Цариград, до надлежните во Софија и до ЦК на ТМОРО во Солун во врска со работата на Другарството, во кои често предлагал начин како да се саботира оваа работа. Најкарактеристичен е неговиот предлог до поглаварот на Бугарската егзархија членовите на МНЛД да бидат прогласени како слуги на српската пропаганда. Посебно тој инсистирал оваа подмолност да се пласира меѓу луѓето на Организацијата пред стравот да не дојде

до позначајна соработка помеѓу МНЛД и Организацијата. Во врска со ова Шалдев во писмото до егзархот меѓу другото пишува:

*Во секој случај, Ваше Блаженство, би било добро ако со Вашиот авторитет го убедите рускиот амбасадор во Цариград тој да влијае кај својата влада за на некаков начин да им се оневозможи дејност на Словомакедонците во Петроград. Ако тука го пресечеме коренот, во Македонија тоа ќе го сториме преку Организацијата, која понатаму ќе ја држиме во заблуда дека зад Словеномакедонците се крие српската пропаганда.* (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Димитрија Чуповски*, Скопје, 1978, стр. 517)". (Охриѓани во 1865 година не биле Словени,Р.И.)

Како одминувало времето поимот Словени се наметнувал, и за Македонци.

„Од содржината на овој предлог на Шалдев сосема е јасно од каде денешните големобугарски пропагандисти ја научила лагата македонските национални пројави да ги квалификуваат како *српско масло*.

Сето досега напишано јасно укажува на фактот дека српската пропаганда не само што не форисирала никаков *македонизам*, туку и дека во практика и нанеле многу зло на македонската национална дејност, тврдејќи истовремено дека Бугарите биле тие што го *форсираат македонизмот* наводно за да му *наштетат* на српството во Македонија. Овој факт на денешните големобугарски пропагандисти им ја избива од раце заблудата дека наводно Србите го форсирале постоењето на македонската нација за да и *наштетат* на бугарштината во Македонија, штом веќе самите Срби упорно ги вовеле истото тоа, само со замена на улогите".

Бидејќи до 19 век немало германска држава,немало нејзин народ, нити јазик.

„Значи, наведеното всушност ја претставува вистинската слика за српската пропаганда кон Македонија- негирање и напаѓање на сите пројави на македонската национална самобитност и прогласување дека тие се производ на бугарската пропаганда.Не случајно и подоцна,во време на големосрпската окупација (но и по неа), од страна на српските шовинисти сите македонски национални дејци биле наречени *бугараши*.

Комичното во целата оваа работа е тоа што за македонските национални дејци во минатото (но и денес) во големосрпските кругови се зборувало и зборува дека се *бугараши*, а во големобугарските кругови за истите тие дејци се тврди дека се- *србомани*.

Изложените факти јасно зборуваат и дека странските антимакедонски пропаганди во своите заемно обвинување против македонизмот неретко се вплетува (и сé уште се вплетуваат) во вакви смешни ситуации на меѓусебно напаѓање во своите залудни напори да го оспорат древниот и автохтон етнички корен на Македонците.

Заради вистината, да го изнесеме и српскиот деец Стојан Новаковиќ, кој кон крајот на 19 и почетокот на 20 век и навистина увидел дека Македонците не се ни Срби, ни Бугари. Големобугарските пропагандисти го обвинуваат Новаковиќ дека неговото согледување на реалноста за националната посебност на Македонците всушност значело негово *измислување* на македонската нација и овие пропагандисти се држат за Новаковиќ како *давеник за сламка*, заборавајќи го притоа *својот* угледен славист Бугаринот Петар Драганов,кој дејствувал приближно во истото тоа време кога дејствувал и Новаковиќ и кој исто така се залагал за признавање на македонската национална самобитност.

Цитиравме изјава на реномираниот бугарски славист П. Драганов во врска со македонската нација и со посебноста на македонскот јазик во однос на бугарскиот и српскиот. Овие изјави се достатни за големобугарските пропагандисти конечно да престанат да го спомнуваат Стојан Новаковиќ, кој, исто како и Бугаринот Драганов, уште тогаш бил свесен за етничката различност на Македонците во однос на Бугарите и Србите.

Нам ни останува прашањето: Што ќе се случи ако големосрпските пропагандисти почнат да го напаѓаат и обвинуваат Драганов дека тој ја *измислил* македонската нација кон крајот на 19 век ? Каго ли ќе се разберат со нивните *сообраќа* големобугарски пропагандисти, кои го тврдат истото за Новаковиќ ? Навистина би било интересно да се присуствува на една таква расправа...

Бугарскиите пропагандисти тврдат дека Стојан Новаковиќ сакал преку форсирање на македонскиот јазик да ја внесе српската пропаганда во Македонија. Но, овие субјекти очигледно не знаат дека слично како Стојан Новаковиќ, но цели **дваесет години пред него**, се обиделе да направат и Бугарите ! Имено, еден од лидерите на бугарското национално движење Петко Славјков и неговите истомисленици уште во 1869 година се заложиле за форсирање на македонскиот јазик преку кој сакале да ја внесат бугарската пропаганда во Македонија. Децидно сведоштво за ова дава лично Кузман Шапкарев, кој опишувајќи ги овие тенденции што се одиграле во Бугарското читалиште во Цариград пишува:

*Бугарското читалиште во Цариград беше ја презело благородната цел да им помогне на бедните бугарски училишта во Македонија. За постигнувањето на таа своја цел тоа беше издало неколку основни книшки и им ги беше подарило на тие училишта. Но, отпосле се беше забележало дека тие подарени учебници, за горнобугарското или на тракиското наречје на коешто биле издадени, не можеле да ја донесат ползата што ја очекувале дарителите, та затоа во Читалиштето било решено- при нивното второ издание, тие книшки да се издадат на македонското наречје. На заседанието што беше во тек, кога влегов во читалишната соба, на дневен ред беше изборот на едно тричлена комисија, која требаше да го преобрне горнобугарското наречје во споменамата книшка во македонско.. Собранието избра тројца членови за спомнатата комисија, и тоа: Ив. Најденов, некојси Стаболиски и пок. П. Р. Славејков, кој тогаш не беше стигнсат на собранието. Меѓу нив тројцата ниду еден не беше Македонец.*

Ова претставува сведоиштво, од кое се гледа дека Бугарите уште многу пред Новаковиќ се обиделе да го направат истото тоа што по две децении се обидел да го направи и тој,а тоа е преку македонскиот јазик да ја внесат својата пропаганда во Македонија. Значи, токму Бугаринот Славејков е идеен претходник на Новаковиќ (подетално кај: академик Блаже Ристовски: *На Македонија и е потребна национална програма* ! в. *Македонско сонце*, 07.11.1997, стр. 13).

### 7.2. Македонското национално чуство во Илинденското востание

Неколкумина македонски застапници на големобугарската пропаганда (кои македонската историја ја учат исклучиво од едностраните бугарски историски книги) јавно изјавија дека во перидот на Илинденското востание сите илинденци без исключок се декларирале како *Бугари*. Тоа е нотoрна бесмислица и голема лага. Еве зошто.

Да претпоставиме дека во Илинденското востание учествувале околу 20.000 востаници и можеби уште толку нивни јатаци и подржувачи. Тоа значи дека големобугарските пропагандисти ќе треба да докажат дека секој од тие четириесет илјади Македонци поединечно самиот себе се декларирал како Бугарин. За да го докажат ова тие треба да покажат четириесетина потпишани изјави, во кои ќе стои дека секој илинденец самиот се декларира како *Бугарин*, а бесмислено е и да се претпостави дека се во состојба да најдат такво нешто. Конечно, постојат многу тогашни бугарски документи, кои дури сведочат и за опасноста за бугарското дело во Македонија од страна на илинденците со македонско национално чуство.

Сега да преминеме на емпириката. Како прво, точно е дека извесен број македонски револуционери биле воспитани и изложени под силно влијание на бугарската пропаганда и Егзархија. Тоа значи дека во Илинденското востание главно учество имале токму Македонците-егзархисти што секако претставувало хендикеп за општото семакедонско национално дело, во кое биле опфатени сите етнички Македонци, без разлика на која црква и припаѓале. Веќе рековме со какви пропагандни средства се служела Егзархијата (како што впрочем правеле и другите антимакедонски цркви во Македонија: грчката и српската)".

Само црковни народи на Србија и Бугарија,но не на Елада,туку на Цариград.

„Сите Македонци што таму посакале да си ги задоволат своите религиозни чуства биле убедувани дека се *Бугари*, во документите биле запишувани како *Бугари*, а така биле презентирани и пред пошироката странска јавност. На учениците што учеле во егзархиските училишта им била натурана бугарската историја, а историските докази за македонската национална посебност биле фалсификувани или криени. За да појасниме дека Македонците-егзархисти не биле никакви Бугари, ќе се послужиме со едноставен пример. Да земеме тројца родени браќа, етнички Македонци и да претпоставиме дека секој од нив во истиот град посетувал различна црква и различно црковно училиште- бугарско, српско и грчко. Што би се случило потоа ? (Пак,А.Донски никаде не наведе: Цариград=Цариград а Атина=Атина, Р.И.)

Едниот од нив (под влијание на српската пропагнда) во турските (но и во сите други) документи би бил заведен како *Србин*. Овој ученик, во согласност со историските сознанија што би ги добил во српското училиште, би тврдел дека Македонците се *Срби*.

Соодветно би се однесувале и другите двајца браќа, кои би оделе во грчка и во бугарска црква. И тие би тврделе дека Македонците се *Грци*, т.е. *Бугари*, а како такви би биле и третирани во третирани во турските дефтери и пописи".

Меѓутоа, никогаш немало грчки етнички народ. Грчкиот народ бил само црковен- припадници на македонската Цариградската патријаршија, со македонскиот јазик коине, кој бил Птоломејов и Александриски јазик. Следи по укинувањето на македонската булгарна=народна Охридска архиепископија со македонскит јазик-тн.старословенски јазик, од 1767 година, црквите од Долна Македонија и денес се под Цариград, но не под Атина. Елада повеќе пати покуша, нејзините цркви да ги приклучи кон Атинската црква, ова го одби Цариградската патријаршија. Токму затоа, никогаш немало грчки етнички народ, ниту некогаш ќе го има.

„За жал, ваква состојба имаме и денес кај денационализиранте Македонци во Грција и во Бугарија (но и во Србија), кои, иако припаѓаатна еден единствен народ, за себе тврдат дека се *Грци, Бугари* или *Срби*. Тоа е трагедија на македонскиот

народ. Оваа трагедија од почетокот на 20 век, мошне пластично ја отсликал Никола Наумов, кој (иако прво им припаѓал на *лозарите*, а извесно време бил и под влијание на српската пропаганда) бил уредник на пробугарскиот весник *Македонски преглед*. Во 1905 година, во врска со успесите на странските пропаганди во Македонија, Наумов пред српскиот дипломатски агент во Софија Симиќ го дал следното признание:

*Ние* (Македонците егзархисти, з.м.) *сме воспитани во бугарски училишта, задоени сме со бугарски дух и си се чуствуваме како Бугари. Јас и не умеам да се служам со друг јазик освен со бугарскиот, исто како што оние Македонци што се воспитани по српските училишта, не можат да се служат со друг јазик освен со српскиот*. (Блаже Ристовски: *Крсте П. Мисирков*... стр. 327).

Во врска со странските пропаганди во Македонија во септември 1905 година Крсте Мисирков во уводната статија на своето списание *Вардар* депримирано забележува:

*Со пари човек во Македонија може да создаде од нашите Македонци, не само бугарски, српски и грчки..., туку и циганска народност*.

Поради целата оваа состојба во Македонија воопшто не треба да зачудува фактот што во дел од тогашните странски и турски извештаи за Илинденското востание нашиот народ бил нарекуван со името Бугари или што некои од илинденците и навистина сметале дека Македонците се *Бугари*".

А. Донски бил преоптеретен со општиот поим Бугари, а кој не бил етнички.

Само ако за него припадниците на народната=вулгарната (булгарната) Охридска архиепископија би биле Бугари, состојбата тој самиот ќе си ја олеснеше. Па затоа по нејзиното укинување верниците станале Грци. Следи нивна желба, тие да си ја возбноват својата народна црква со народниот тн.старословенски јазик, дури да си ги вклучеле и своите мајчини јазици (говори): имало само црковни народи. А ова било повод, тие да сакат да бидат Бугари. Кога била создадена Бугарска егзархија, веќе поимот Бугари станал политички. Па тие веleле, ние не сакавме да бидеме Грци,сега ли ќе бидеме Шопи.Значи,тек тогаш поимот Шопи тие си го вклучиле.

„Но, и покрај ова, ако се анализираат ретките запишани автентични документи од илинденските револуционери од тоа време, ќе се утврди дека е далеку од вистината тврдењето оти **сите** дејци на ВМРО отсекогаш се чуствувале како *македонски Бугари*.Ова посебно се однесува за локалните војводи и за обичните четници.

Да го спомнеме и фактот дека од голем број македонски илинденски револуционери воопшто не постојат, од нив запишани, автентични документи, па да се тврди дека сите тие се *чуствувале како Бугари*, во најмала рака е смешно. Најмалку што може да се каже за нив е дека- не знаеме како се чуствувале, бидејќи не оставиле свои автентични мемоари или какви било други записи.

Во највисокиот акт на Илинденското востание, во Прогласот на Главниот штаб во Битолскиот револуционен округ, преку кој бил објавен почетокот на востанието, воопшто не е спомнат етнонимот *Бугари*.

Во врска со ова не смеат да се занемарат и позитивните дејства што тогашна Бугарија ги имала кон илинденците и кон востанието, како што се, на пример: дозволувањето на слободни дејствија на македонските организации на своја територија, нивно вооружување, прифаќање и помош на македонските бегалци (при што посебноа грижа покажал обичниот бугарски народ, кој несебично ги примал македон-

ските бегалци по своите куќи, за што и ние денешните генерации треба да бидеме благодарни); учество на одделни Бугари во и околу востанието, кон кои ние Македонците треба да искажуваме длабока почит (Пеју Јаворов, Тома Давидов и други) и редици други дејства.

Сепак, и покрај сите овие позитивни манифестации (независно од скриените планови на бугарската влада околу судбината на Македонија), и покрај силната егзархиска пропаганда на која биле изложени Македонците егзархисти (какви што во најголема мера биле илинденците), одделни револуционери од времето околу Илинденскиот период, јасно се декларирале како Македонци (децидно потенцирајќи дека не се Бугари).

Македонското национално чувство околу Илинденскиот период најдобро ќе биде да го илустрираме со цитати дадени од извесен број револуционери, дејци на Организацијата.

Легендата на македонската револуционерна борба Гоце Делчев изјавил:

*Оној што сака да работи за присоединување на Македонија кон Бугарија, Грција или Србија, тој може да биде добар Бугарин, добар Грк, или добар Србин, но не и добар Македонец.*

Оваа, како и другите изјави на Гоце Делчев не останале незабележани од тогашната бугарска јавност.Поради ваквите свои ставови тој бил напаѓан во Бугарија. Дури некои тогашни бугарски весници и цели две години по смртта на Делчев се уште го напаѓале неговиот лик и неговата македонската национална дејност. Како пример за ова ќе го цитираме извадокот од статијата објавена во софискиот весник *Реформи*, а пренесена и во в. *Свободно слово* од 1905 година:

*Делчев навистина почна да се замислува дека е вистински господар на маке-донското дело и дека неговата волја треба да биде врховна волја. И подоцна по-чнаа да течат од неговата уста познатите фрази, како онаа:* ***'Додека моето ра-мо ја носи пушката, ниту еден бугарски офицер не смее да стапне во Македо-нија ! Границата е плот од штитови, чии острици се насочени кон градите на офицерите.'*** *Неговите богати плаќани агитатори и писатели трубат по весни-ците дека кон границата трчаат густите редови на огорчената македонска наро-дна моќ и дека престолнината наскоро ќе се претвори во касапница...*

Ова претставува неспорен доказ за крајно негативното расположение на тогашниот бугарски печат кон апостолот на македонското ослободително дело Гоце Делчев. Дури подоцна, откако го сфатија неговиот углед меѓу Македонците, Бугарите почнаа да се напрегаат да докажат дека тој бил *Бугарин*. Инаку, овие тогашни бугарски напади денес се кријат од поширокатa јавност во Бугарија.

Понатаму, Гоцевиот весник *Дело* уште во 1902 година неретко излегувал со статии против сите пропаганди во Македонија (вклучувајќи ја и бугарската), која посебно се одвивала преку Егзархијата.

За идеологот на револуионерната борба и еден од водачите на Илинденското востание Даме Груев веќе спомнавме дека бил еден од главните учесници во ученичкиот бунт во Бугарската гимназија во Солун, кога учениците барале воведување на македонскиот јазик во гимназијата наместо бугарскиот.Поради ова и Даме бил исклучен од гимназијата, а подоцна активно учествува во движењето на *лозарите*.

Значи, воопшто не е точно дека Даме Груев за време на целиот свој живот се декларирал како *Бугарин*, како што тврди бугарската историографија. Тој извесно време дури бил под влијание и на српската пропаганда и како таков добил стипендија за да учи во Белград. Секако во тоа време тој себеси се декларирал како *Србин*, штом отишол да се школува во Белград (во тамошната докуметација бил запишан како: Дамјан Груић). Даме Груев дури испратил и писмо до Милојко Веселиновиќ, кој тогаш бил еден од најекстремните застапници на големосрпската пропаганда во Македонија, во кое го известил дека е многу задоволен оти бил примен во Белград и дека е готов да биде (цитат): '*од користи отаџбини*'. Во едно друго писмо, упатено до друштвото 'Света Сава' на 25.09.1889 (во кое барал да биде запишан на Правниот факултет во Белград), Груев напишал дека во има на нивните идеи е готов да се бори со бугарската и грчката пропаганда во Македонија. (*Споменици друштва 'Светог Сава'* 1886-1936, стр. 302-303. Преземено од: Блаже Ристовски:*Портрети и процеси* I,Скопје,1989,стр. 547).Меѓутоа, подоцa Груев избегал од Србија,не сакајќи да го прифати српството,кое им било натурено на Македонците".

А и тн.старословенски бил старбугарски и старсрпски јазик. Тој на ждрепка.

„Секако дека главна цел на Груев му била по секоја цена да стигне до диплома, па затоа и пишувал вакви писма. Подоцна Груев слично постапувал и со Бугарите, кога требало да се добие нешто од нив, што е сосема разбирливо ако се земаат во предвид околностите од тие времиња. Ова тој подоцна јавно ќе го признае, кога рекол:

*Ние македонските револционери им дадовме изјава на Бугарите, само за да ги придобиеме, дека сме готови да водиме сметка за нивните придобивки во Македонија и да го зачуваме во тој поглед статус-квото...* (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Портрети и процеси* I, Скопје, 1989, стр. 548).

Преку *лозарите* сосема јасно доаѓа до израз неговата македонска нацианална определба. За разочараноста од својот престој во Србија, Груев пишува:

*Ни ветија стипендии и ни дадоа. Тогаш јас со уште неколкумина Македонци отидовме во Белград. Тука ни станаа јасни српските намери и напори да ни ја вмешаат српската идеја и да ни го наложат српскиот јазик, што уште повеќе не раздразнуваше...*"

Пак,српскиот јазик бил македонски=тн.старословенски, наследник на коине.

„Значи, и овде тој јасно го употребува терминот *Македонци*. Подоцна за создавањето на Револционерната организација тој пишува дека со своите истомисленици ја проучувале, како бугарската, така и српската ослободителна борба против Турците. (Бугарската и српската борба биле православни, никако национални, Р.И.)

Интересна е изјавата на Даме Груев за неделивоста на Македонија (која и денес е ставана под прашање од страна на некои кругови). Оваа изјава Даме Груев ја дал во октомври 1903 година:

*Македонија е една целина и таа не може да се дели. Централниот македон-ско-одрински комитет со сила и убиство ќе го спречи секој таков обид. И кој ќе почне да работи во тој правец, тој е осуден на смрт од Централниот комитет.* (Блаже Ристовски: *Крсте П. Мисирков*... 776-777).

Уште еден од водачите на Илинденското востание, големиот македонски револоционер Борис Сарафоф (кој само поради тоа што бил десничар, неправедно беше сатанизиран од некои македонски историчари) во 1902 година изјавил:

*Ние Македонците не сме ни Срби ни Бугари, ама просто Македонци. Македонскиот народ постои независно од бугарскиот и српскиот. Ние им сочуствуваме и на едните и на другите, и на Бугарите и Србите, и којшто ќе го помогне нашето ослободување- нему ќе му речеме благодарм, но Бугарите и Србите нека не заборават дека Македонија е само за Македонците* !

Оваа изјава на Борис Сарафов била дадена за *Балкански Гласник* во бројот од 07.07.1902 година.

Веќе во 1903 година, т.е. во годината на самото Илинденско востание, Сарафов повторно е дециден:

*Во Србија и во Бугарија сѐ уште не ја сфаќаат огромната можност за автономија на Македонија и затоа се борат за да докажат дека во Македонија живеат Бугари и Срби.* ***Ние Македонците не сме ни Бугари ни Срби, ние сме само Македонци*** *и ние сакаме слобода за нас и за нашата Македонија* (подвелекувањата се мои, з.м.). (Српски народ само со српски јазик од Вук Караџиќ, Р.И.)

Оваа изјава Сарафов ја дал за весникот '*Штампа*' (30.11.1903), а слична ваква изјава била објавена и во софискиот дневник '*Мир*' (02.12.1903).

Борис Сарафов давал изјави дека Македонците се посебен народ и за други европски весници (Подателно кај: Блаже Рисовски: *Крсте Мисирков...*, стр. 808).

За Борис Сарафов како за македонски (а не бугарски) национален деец пишуале и странски весници. Така, на пример, австрискиот весник Die Zeit за Борис Сарафов и за неговото залагање за самостојна Македонија со одделна македонска нација, како и за неговото спротиставување против бугарските и српските интереси во Македонија, во 1902 година пишува:

*Сарафов работи на тоа Македонија да добие политичка самостојност. Факт е дека постои извесна разлика помеѓу македонскиот дијалект и јазикот што се зборува во Србија или во Бугарија, поради што постои желба дијалектот на оваа провинција самостојно да се развива. Во таа смисла Сарафов ја даде девизата: Македонија на Македонците !... Ако Сарафов сериозно мисли за самостојноста на Македонија, ние можеме само да му посакаме среќа во неговите потфати во иднината... Ако тој се залага неговата татковина да добие автономија и ако притоа ги одбива големобугаските и големосрпските барања, тогаш тој ја заслужува моралната подршка од Австро-Унгарија...*

Францускиот весник *Le Temps* (30.07.1903) пишува дека Борис Сарафов изјавил дека македонските востаници одлучиле или да умрат или да издвојуваат слобода. Весникот пишува и дека Борис Сарафов изјавил дека македонските востаници ќе ја остварат програмата '*Македонија на Македонците*', независно од Бугарија.

Дека Сарафов бил далеку најпознатиот тогаш македонски револуционер во Европа, сведочи и написот од истиот француски весник, објавен на 08.08.1903, во кој пишува за почетокопт на Илинденското востание. Овде читаме:

*Востанието избувнало во Битолскиот вилает, на повик од Борис Сарафов, главниот македонски воен командант и неговите пријатели, од кои ќе наведеме некои досега непознати имиња на некогашни учители: некој си Дамјан Груев или кратко Дамјан, потоа Пере Тошев и Лозанчев.*

Дури и јапонскиот весник *Osaka Mainichi Shimbun* во бројот од 14 август 1903 година, пишувајќи за Илинденското востание, Борис Сарафов го опишува како водач на Македонците:

*Повикувајќи се на вестите што доаѓаат од Лондон, востанието сé уште се шири, а згора на тоа извршен е и атентат врз рускиот конзул. Востаниците се составени од: Македонци, Бугари и Албанци, додека за најважна личност се смета Борис Сарафов, кој ги води Македонците. Борис Сарафов е големиот револуционер и сега иднината на Македонија зависи од него*.

Во овој напис мошне значајно е јасното издвојување на Македонците од Бугарите и од Албанците (кои во тоа време имале свој бунт во Косово), а за Сарафов децидно се вели дека ги води токму Македонците“. (Косово во Македонија,Р.И.)

Албанците го убиле рускиот конзул. Тие биле најгнасни Османови војници. Токму против ним Македонците се бореле и ќе се борат целиот 20 век, дури и во 2001 година-со масакари итн. До денес протераните Македонци дома не се вратени.

„За Борис Сарафов низ европските весници почнала да се создава слика на фанатичен македонски револуцинер, кој е подготвен на сé за да ја добие слободата на Македонија.Понекогаш се одело и со претерувања.Како пример за ова ќе го спомнеме написот на францускиот весник L avenir de la vienne (‘Иднината на Вијен’) објавен од 29.08.1903 година. Овде читаме:

*Водачите на македонското востание изјавија дека имаат намера да ги рашират во Константинопол бакцилите на азиската колера, на чумата и на малата сипаница, да ја затрујат реката Дарлас, особено доводот на водата во палатата на султанот. Се вели дека Сарафов и неговите партизани имаат намера од Константинопол да направат град на ужас, каков што никогаш не е виден. Султанот е избезумен*“.

Се барало некои да завршат со исламот. А негово наследство се Албанците.

„Да кажеме и дека Сарафов во 1903 година дал изјава за посебноста на македонскиот јазик во однос на српскиот и бугарскиот.

Претходно, во 1900 година, Сарафов го финансира излегувањето на драмата *Прилепски светци* од бугарскиот писател А. Страшимиров, која, со помош на Ѓорче Петров, била напишана на еден македонски јазик. Целиот тираж од 3000 примероци од оваа драма бил распродаден за само еден месец.

Борис Сарафов во истата година финансиски го помогнал и излегувањето на познатата *Македонска крвава свадба* од Војдан Чернодрински, а го организирал и нејзиното извесување во Софија.

Сарафовиот весник *Деб’р* во 1905 година биле единствениот весник во Бугарија што смело го најавил излегувањето на списанието *Вардар* на Крсте Мисирков, поради кое Мисирков било осуден на смрт од бугароманите.

Како се чуствувале најголемиот број обични востаници и локални војводи штом нивниот водач Борис Сарафов јавно изјавувал дека е Македонец, а не Бугарин, нека размислат бугарските пропагандисти. Исто така ќе треба да одговорат и на прашњето: зошто денешната бугарска историографија не пишува ништо за македонските национални пројави на Борис Сарафов (како и на други илинденски револуцинери) ? Инаку, угледот на Сарафов меѓу Македонците бил толку голем што во 1902 година почнало да се зборува дека тој ќе биде идниот *кнез на автономна Македонија*. Ваквата информација ги разбранувала и тогашните странски претставништва во Турција, кои ги известиле своите влади за тоа.

За угледот на Борис Сарафов и за неговата македонска национална опција пишувал и еден од најголемите македонски национални дејци Крсте Мисирков, кој притоа вели:

*Борис Сарафов по потекло е Македонец што целиот свој живот го посвети во борбата за ослободување на Македонија... И не во Турција од турски куршум, ами во престолнината на Бугарија, од предавнички куршум падна тој за слободата на Македонија.*

*Го убија Сарафов и го заборавија, иако едно време тој се претставуваше како центар на македонското движење против Турците за ослободувањето на Македонија... Но Борис Сарафов беше идолот на македонскиот народ: и на селаните и на граѓаните. Тој беше претставникот на македонските идеали во странство, со каква што цел ги посетуваше европските престолнини, разговараше со претставниците на европскиот печат, и дури ги посетуваше и дипломатските канцеларии. Б. Сарафов беше идеалниот борец за слободата на Македонија.*

*Сепак, каде е споменот за Б. Сарафов ? Зошто веќе не зборуваат за него ? Зошто тој толку бргу е заборавен и не се спомнува сред Бугарите со чувство на признателност кон него ?*

*Ботева Бугарите го креваат од небеси, а Б. Сарафов ?*

*Впрочем, Сарафов треба до небеси да го крева Македонија, но каде е таа ? Благодарјќи на непријателите на Б. Сарафов, таа е разделена на три дела и поднесува ропство неспоредливо потешко од турското.*

*Б. Сарафов е убиен физички и морално во престолнината на Бугарија...*

*Единството и автономијата на Македонија- ете го идеалот на Б. Сарафов; заграбувањето на цела Македонија од Бугарија или барем нејзината поделба помеѓу Бугарија и Србија- ете го идеалот на бугарските националисти*. (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Крсте П. Мисирков, Прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национална мисла*, Скопје, 1966).

За Борис Сарафов, како за голем македонски патриот, пишува и гемицијата Павел Шатев. Тој дури вели дека Сарафов им бил идол на солунските атентатори, кој, во споредба со другите револуционери, далеку се извишувал во очите на сите нив. Тој бил и нивниот главен таен финансиер. Шатев го опишува и судирот на Сарафов со Бугарскиот двор, а пишува и за неговата идеолошка борба против левицата, поради која подоцна тој ќе биде неправилно сатанизиран од македонските историчари (посебно во перидот на едноумието).

По сето ова, македонските едноумни историчари, кои го напаѓаа Сарафов, ќе треба да положат сметка за ваквиот свој став. Тие ќе треба да му објаснат на нашиот народ и зошто ја криеја изразената македонска национална дејност на овој голем револуционер ? Овие *историчари* се уште ги застапуваат чудните хипотези во врска со некои историски процеси околу македонската нација, дека наводно единствено комунистите имале *исправен однос* кон нашата нација, а сите други биле наши *напријатели*. За црно-белата комунистичка историографија се́ беше едноставно: штом некој бил комунист, тој бил *позитивен*, дури и да не ја признавал македонската нација (како што е случај токму со КПЈ во првите години по нејзиното формирање),а штом некој бил десничар, макар и да ја прифаќал македонската национална свест (како што бил Борис Сарафов)- тој бил рамен на црниот ѓавол. Со ва-

квите небулози овие *историчари* само долеваат бензин- дека комунистите ја *измислиле* македонската нација. (Во нашата историографија има и бугарско *масло*, Р.И.)

Инаку, за целосна рехабилитација на Борис Сарафов и за неговото сместување во самиот врв на галеријата ликови кои ги славиме од илинденската епопеја уште од шеесеттите години па наваму, за залага нашиот познат историчар и академик Блаже Ристовски, уште во далечната 1966 година за Борис Сарафов го напишал следното:

*Сарафов направи громки изјави пред Европа за националната посебност на Македонците, истакнувајќи ја паролата 'Македонија на Македонците' во нејзината најпозитивна смисла... При сето ова Сарафов беше афирмиран во Европа како водач на Македонското востание, се здоби со невидена слава и имаше низа контакти со највисоки државни и политички претставници на европските земји, при што зборуваше од името на македонскиот народ..., Треба да се спомне и фактот што Сарафов (и неговите луѓе) беше првиот загреан приврзаник на оддалечувањето на македонскиот револуционерен центар од Софија и неговото рамномерно претставувањ во трите балкански метрополи и во Женева... Во таа смисла тој направи и извесни чекори како во Србија, така и во Европа, а имаше организирано и македонски органи во странство што ја издигнуваа не само егидата 'Македонија за Македонците', туку и етнографската идеја со македонски литеатурен јазик.*

Како јавно деклариран Македонец од тие времиња бил и блискиот пријател на Борис Сарафов тетовчанецот Матеј Геров. Тој првин живеел во Софија, а потоа кусо време и во Белград, каде што во 1903 година често изјавувал дека: '*не е ниту Србин, ниту Бугарин, туку Македонец*'. Поради ова бил жестоко напаѓан од страна на големосрпските весници *Србин* и *Маћедонија* (Белград, 01.04.1904).

На 27.11.1903 година, во организација на Геров и на други македонски студенти од Белград, на железничката станица во Белград и во близина на белградскиот хотел *Парис* му бил приреден фанатичен дочек на водачот на Илинденското востание Борис Сарафов. Тука Сарафов пак ја искористил приликата, овојпат пред српските новинари, да изјави дека Македонците не се ни Срби, ни Бугари, туку просто Македонци. На ваквата негова изјава српскиот весник *Маћедонија* (Белград, 18.04.1904), одговорил:

*Сарафовото создавање Македонци е заблуда... до колку тоа не е политички изговор, Српската младина во никој случај не може да го помага тоа, ниту како српска младина, ниту како југословенска...*

Овде би сакале да презентираме еден од ретките зачувани изворни документи оставени од локалните војводи- учесници во Илинденското востание. Се работи за писмото на илинденскиот војвода Блаже Биринчето што го упатил во 1905 година по еден друг војвода што преминал кон српска чета, во коешто меѓу другото пишува:

*Ние бевме македонски борци и до крај се боревме за македонскиот народ, а не за Бугарија или за Србија... Ние што сме од македонската земја, треба за Македонија да работиме... Ние не сме против никој народ, ниту од Бугарија, Србија или Грција... Штом сме македонски војници ние треба за македонскиот народ да работиме...*

Во едно друго писмо, истиот војвода пишува:

*Сум слушал оти сте станале сите вие Срби, но треба да бидеме браќа како што бевме... Вие нас, браќа, не правите дека сме Бугари. А, бре браќа, ниту Вие сте Срби, ниту ние сме Бугари...* (Глигор Тодоровски, '*Современост*', 1966).

Во првиот дел од книгата го презентиравме повикот до илинденците да се борат за славата на Александар Македонски, објавен во екот на Илиденското востание во весникот *Автонимна Македонија*,а ја спомнавме и песната од Загоров,објавена во истиот весник (1903), во која тој илинденците ги нарекува како потомци на Александар Македонски. (Илинден: Херонеа, востание 1903 и АСНОМ, Р.И.)

Како Македонци (а не како Бугари) се декларирале и бројни врховисти ! Како најдевиден пример (освен Сарафов) ќе го посочиме полковникот Атанас Јанков (етнички Македонец), кој, иако бил близок соработник на генералот Цончев, јасно се декларирал како Македонец.Полковникот Јанков бил воено-оперативен водач на врховистичкото Горноџумајско востание во 1902 година. Во првиот дел од книгава го презентиравме неговиот патриотски проглас што го упатил до востаниците пред самиот почеток на востанието. Во прогласот тој востаниците ги именува како *Македонци* и ги повикува да се борат за славата на Александар Македонски, чија душа,заедно со душите на другите македонски великани(царот Самуил и кралот Марко),бдеела над нив и го благословувале нивното свето дело.Овој фанатичен македонски патриотски проглас уште тогаш бил објавен и во некои други европски земји.

Во врска со ова да го спомнеме и фактот дека за Горноџумајското македонско востание парична помош собирал и Крсте Мисирков преку Тајниот македонско -одрински кружок во С.-Петербург.

Но тоа не било сé од полковникот Јанков во врска со македонското национално чуство. Кон крајот на следната (1903) година во едно интервју тој изјавил:

*Јас не сум Бугарин, туку Македонец и на Македонија и посакувам слобода и самоуправа. Тоа е целта на сите вистински Македонци... Ние Македонците не сме кадарни сами да го направиме тоа, но кадарни сме да кренеме востание во Македонија за да ги увериме Големите сили што го потпишаа Берлинскиот договор дека тие треба да го исполнуваат она што им го ветија на христијаните во европска Турција. Особено мораме да побрзаме за да го направиме тоа пред да се спогодат Србија и Бугарија за Македонија. Таа спогодба, според мене, би била кобна за Македонците, бидејќи Бугарија и Србија, откако ќе се спогодат за нашата татковина, ќе ја поделат Македонија и тие делови ќе си ги присоединат кон своите држави.* (*'Штампа'*, 01.12.1903). (Без Елада,таа од Олимп била далеку на југ, Р.И.)

Се бореле Христијаните на Балканот против Турците- Албанците се Турци.

„Мислам дека нашата историографија треба да му посвети поголемо внимание на овој неправедно запоставен македонски патриот.

Инаку, полковникот Јанков учествувал и во борбите во Илинденското востание, што значи дека тој е уште еден илинденски револуционер што јасно се декларирал како Македонец, а не како Бугарин. Во Илинденското востание дошло и до неговата соработка со Јане Сандански. А за полковникот Јанков како македонски патриот со воодушевување пишувал и Крсте Мисирков.

Овде дека треба да го спомeнеме и малку познатиот факт дека при формирањето на Врховниот комитет во Софија (1895), тој отпрвин се викал само Македонски врховен комитет и во него членувале Македонци што и навистина се залагале за самостојна Македонија. Така, на пример, на Првиот конгрес на овој Комитет се

гласало дали по ослободувањето Македонија треба да биде автономна или пак да влезе во рамките на Бугарија. Големото мнозинство од присутните врховисти се изјасниле за автономија на Македонија.

Во врска со Врховниот комитет да презентираме уште еден интересен податок. Во веќе спомнатиот *Зборник од документи и материјали- Македонија* (Софија, 1978), објавени се шест автентични документи од Врховниот комитет. Се работи за подолги писма, опширни тајни протоколи, окружници и други. Меѓутоа, бугарските приредувачи на овие писма, сакајќи да ја потенцираат нивната *бугарштина*, како самите да се противвреклe. Веднаш паѓа в очи дека во овие документи **само еднаш** се спонува бугарско население во Македонија (до колку прифатиме дека овој термин не е дополнително вметнат од бугарските приредувачи). Во сите други десетици страници теминот *Бугари* се избегнува и е заменет со *христијани* и сл. Во едно од писмата жителите на Македонија врховистите ги опишале како *македонско население*, а во подолгото Окружно писмо од ВК за нашиот народ е употребуван и терминот: *Македонци* ! (Сите борби биле против турското=исламското ропство, Р.И.)

Навистина би било мазохизам од наша страна ако чистите македонски појави на некои од врховистите не ги искористиме како аргумент против големобугарската пропаганда.

Да се задржиме и на документите во кои се потврдуваат појавите на македонско нациоално чуство кај илинденскиот војвода Димитар Мирасчиев и неговиот соборец и другар четникот Јордан Ангелов. И овие двајца истакнати илинденци, не само што се декларирале како Македонци (а не како Бугари), туку и отворено ги прифатиле идеите на Крсте Мисирков, поради што дури биле и апсени од бугарската полиција во Софија, веднаш по трагичниот крај на Илинденското востание. Од овој период останало следново сведоштво од самиот Ангелов:

*Димитар Мирасчиев се зближи со Мисирков и обајцата се согласија кон политичкиот автономен принцип за слободата на Македонија да се додаде националната и јазична автономија, преку започнување на издавање книги и весници на чист македонски јазик. Кон оваа идеја се приклонив и јас... Но, не помина ни два дена, книгата беше сé уште во печат, во една прекрасна зимска ноќ, јас и Мирасчиев се најдовме по бели гаќи во софискиот затвор... Не навредуваа дека сме сепаратисти и неблагодарници за добрините што ни се направени за слободата на Македонија* (Свещ. Юр. Ангелов: *Спомени около издването на книгата 'Що сме напрайле и що треба да прайме' од К. Мисирков на македонски език, 'Македонско знаме',* бр. 61, София, 09.09.1946, стр. 2. (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Димитрија Чуповски* 1878-1940, Скопје, 1978).

Значи, поради отвореното застапување на македонштината илинденците Димитар Мирсачиев и Јордан Ангелов биле уапсени од бугарската полиција некаде во декември 1903 година. По малтретирањата што ги доживеал во затворот, Ангелов вели дека си се вратил во Македонија, во родниот град Прилеп.

Дека Ангелов не бил осамен во своите идеји најдецидно зборува и неговата изјава дека македонската национална идеја што тој ја проповедал толку им се допаднала на одговорните во Внатрешната организација, што го поставиле за еден од нејзините раководители:

*Идејата на Мисирков не ме оставаше на мира. Со тројца верни другари започнав да го објавувам тајниот весник 'Шило'. Почнав да ги критикувам сите*

*внатрешни недостатоци на Революцинерната организација. Не ги оставив на мира ни империјлистичките стремежи на Србите, Бугарите и Грците кон Македонија. Мојата програма им се допадна на одговорните на Внатрешната революционерна организација и заради тоа ме поставија за раководител.* (Потполно кај: Блаже Ри-ствски: *Димитрија Чуповски* 1878-1940, Скопје, 1978, стр. 260-261).

За македонското национално чувство на илинденскиот војвода Мирасчиев и четникот Ангелов и за опасноста за бугарштината на ваквите идеи, постои и бугарски документ од тоа време. Се работи за едно тајно писмо од 1905 година од Ефтим Спространов до тогашниот бугарски премиер Рачо Петров, во кое го информира за т.н. *македонски сепаратизам* и за македонското национално чувство на Мирасчиев и Ангелов:

*Во сегашните услови, господине министер-претседателе, кога македонското население е длабоко разочарано од Бугарија по повод нејзиното држење во Илинденското востание, јас лично сум убеден дека сепаратизмот, што зафаќа во Македонија длабоки корени во масите, може да стане решителен фактор... Безруго, народните маси со поголема радост ќе го прифатат гледиштето на македонските националисти, кои пропагираат Организацијата да се престори од рево-лциона во еволуциона. Но овојпат таа нема да има други цели, освен преку добие-ната културна автономија за Македонија да ја јакне македонската индивидуа-лност, преку создавање македонски културно-просветни установи на македонски јазик и создавање македонска самостојна црква на чело со македонски патријарх... Кон македонските националисти во последно време почнаа да се придружуваат и луѓето на Организацијата. Ако од тој аспект погледнете на проблемот, т.е. ако ја земете организационата и ударната сила на Организацијата во македонското национално движење, дури тогаш во вистинска светлина се јавува опасноста за бугарското дело во Македонија. Со сигурност знам дека кон македонските нацио-налисти веќе се придружија македонските революционери Димитар Мирасчиев, војводата и четникот Јордан Ангелов. По сé изгледа наскоро ќе им се приклучат и некои лидерите на Организацијата...* (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Портрети и процеси* I, …77). (За нација со држава бил нужен „**македонски патријарх**“, Р.И.)

Зарем се потребни уште докази во утврдувањето на вистината дека македонското национално чувство било широко распространето во времето околу Илинденскиот период, кога гледаме дека и самите бугарски документи го потврдуваат тоа ? Сепак, ако ни ова не е доволно, еве цитат од уште еден бугарски весник, во кој се потврдува постоењето на македонското национално чувство од тоа време. Се работи за статијата *Патриотизам или сепаратизам*, објавена во софискиот весник *Свободно слово* на 01.06.1905 година, во која меѓу другото се вели:

*Ние се наоѓаме на почетокот на еден сепаратистички дух што се вее во редовите на Внатрешната организација. Таа што досега дејствуваше од името на целокупниот бугарски народ, денеска преку устата на своите претставници излегува и вели: ‘Меѓу нас и нив има огромна разлика. Ние никогаш не сме дејствувале за една бугарска Македонија и ќе ги тепаме бугарските чети исто како што ги тепаме српските и грчките’... Претставниците на Организацијата наместо да*

*се спремаат да ја зачуваат бугарската физиономија на Македонија, самите го помогаат нејзиното обебзличување*“.

Бугарските туристи, кои низ Битола патувале за Охрид, на планинските искачувања и одмор кај чешма..., биле тепани. Ова било поради тоа, што тие велеле, дека ние Македонците сме биле Бугари. За тепањето говорел претседателот Желев.

„Ни македонските весници не ја запоставувале чистата македонска национална идеја на своите страници. Така, на пример, на 02.07.1905 година во весникот *Деб’р,* којшто рековме дека бил под влијание на Борис Сарафов и објавувал и други написи во врска со посебноста на македонскиот јазик и македонскиот јазик, е објавена статија во која меѓу другото се вели:

*Една група Македонци ќе војува за автономија на Македонија за Македонците, за која цел наскоро ќе започнат да издаваат весник на македонско наречје.*

Во истата 1905 година Глигор Хаџиташков(иќ) во в. *Автономна Македонија* меѓу другото ќе напише:

*Македонија не е ни српска, ни бугарска, туку наша македонска... Разни комитети си ја продолжуваат работата, проповедаат по Македонија србизам, бугаризам и елинизам, ги вооружуваат Македонците едни против други, брат против брата си, бидејќи првите велат дека Македонија е српска, вторите дека е бугарска, а третите дека е грчка... Нашиот весник не проповеда идеи ни српски, ни бугарски, туку македонски. Којшто има да расправа за автономијата, тој треба да го прави тоа со Македонците и со никој друг*“. (Народи 19 век- прв српски, Р.И.)

Се потврдува, никогаш немало било какви етнички народи- само црковни.

„За македонската национални пројави и за нивната опасност за бугараштината сведочи и писмото на скопскиот егзархиски наместник Неофит упатено до бугарскиот егзарх на 20.06.1910 година:

*Тој господин Крсте Мисирков на својот роднина му искажал во писмото желба да се прати во Македонија, поточно да дојде во Скопје штом ќе се ослободи Македонија. Сакал човекот да биде професор на скопскиот универзитет (?!). Ако е тоа вистина, а нема зошто да ме лажат, тогаш самиот заклучете каква опасност и претстои на бугарштината на овие историски времиња. Замислете си да се здружат заедно мисирковштината на господинот Крсте Мисирков, сепара-тизмот на Неговото Високопреосвештенство Теодисија и автоноизмот на госпо-динот Петар Попарсов* !

Дека ова писмо не било случајно, сведочи фактот што во тоа време и навистина се подготвувало враќање на митрополитот Теодосија во Скопја, каде што, заедно со Крсте Мисирков и Петар Попарсов, требало да следи отворање на првата Висока педагошка школа во Македонија, во која настава требало да се следи на македонски јазик. (Мајчин јазик=говор, Р.И.)

Македонското научно-литературно другарство, формирано уште во 1902 година во Санкт-Петебург и неговата чиста македонска национална дејност рековме дека нема посебно да го елаборираме. Доволно е да кажеме дека тие се залагале за самостојна држава Македонија со македонска нација и со посебен македонски литературен јазик и самостојна црква. На чело на ова Другарство бил најистакнатиот македонски нациоинален деец од тие времиња Димитрија Чуповски (заедно со Мисирков и со други истомисленици, меѓу кои и: Г. Константинович, Н. Ничота, А. Димов, П. Ќулафковски, А. Цоловиќ и други).

Но, кога зборуваме за илинденци и за членови на ТМОРО, кои јасно се декларирале како Македонци, како таков секако дека треба да го спомнеме и самиот Димитар Чуповски, кој исто така бил член на ТМОРО. Како член на ТМОРО, Чуповски уште во 1895 година бил и уапсен од турската власт. Меѓутоа, успеал да избега и, по совет од Организацијата, заминал за Србија, а оттаму за Русија. Еве што напишал самиот Димитар Чуповски:

*Во ова епско време од историјата на Македонската револуција, мене не ми се даде можност долго да работам внатре во земјата, бидејќи добро сум им бил познат на турските агенти како акивен пропагандист за ослободувањето на Македонија. Затоа, по моето доаѓање во татковината било организирано и мое нагледување. Наскоро дојде до моето затворање. Претстоеше суд, затвор, па за да ги одбегнам последниве, јас организирав мое бегство. На совет на Организацијата се вратив назад во Србија.*

За ставовите на Чуповски кон Македонија и кон македонското прашање децидно зборува неговата изјава:

*Во ова време односите на официјална Србија спрема Македонците се влошија. Со развивањето на дејноста на Револуционерниот македонски комитет, им-перијалистичките влади на Србија, Бугарија и Грција почнаа непријателски да се однесуваат спрема Македонците... Поради тоа Македонците беа принудени да водат борба на четири фронта- против Турците, Србите, Грците и Бугарите...*

Ова е само една од многубројните македонски национални артикулации на Чуповски и на неговите истомисленици.

Конечно, секретарот на Македонското научно-литературно другарство Милан Стоилов од Кукуш (1881-1903) и самиот загинал како учесник во Илинденското востание, што значи дека и тој бил илинденец, кој себеси сосема јасно се декларирал како Македонец. [Подетално за активноста на МНЛД да се види во книгата: *Димитрија Чуповски* (1878-1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград (I-II, Скопје, 1978) и *Димитрија Чуповски и македонската национална свест* (Скопје, 1996) од д-р Блаже Ристовски]".

Бидејќи се говори за бугарски народ, во Бугарско Кнежество немало народ.

„Учесник во Илинденското востание, кој се декларирал како Македонец, е и македонскиот национален деец Филип Николовски, исто така член на МНЛД во Петербург. Во 1904 година тој во Петербург подготвил реферат под наслов: *Кои причини ги тераат Русите и воопшто патешествениците да ги мешаат Македонските Словени со Србите и со Бугарите*, што доволно зборува за неговата национална определба.Освен тоа, Филип Николовски се јавува како соработник и во списанието *Вардар* (1905) на Крсте Мисирков, каде што објавува записи на македонски народни песни. (За Хан, **1865** година, Охриѓани не сакале да се Словени, Р.И.)

Посредни допири со МНЛД имал и познатиот илинденски војвода Пандо Кљашев. (Поимот Словени по **1865** година веќе бил наметнат и во МНЛД, Р.И.)

Некои пропагандисти велат дека Крсте Мисирков пред крајот на својот живот наводно с*е откажал* од македонизмот и како *доказ* за ова даваат некои негови наводни пробугарски изјави. Да го објасниме и ова.

Точно е дека Мисирков дал слични изјави и во Русија и во Бугарија, но во тоа време критично за целоста и судбината на неговата татковина Македонија, кога ја загрозувало поделба од соседите, или пак кога бил изложен под неверојатен пр-

итисок од страна на големобугарските шовинисти, кои секаде каде што можеле го навредувале и напаѓале, па дури и му се заканувале со смрт. Но Мисирков не бил толку плашлив човек, уште многу млад го заложил животот на жртвеникот на својот народ, па фактички никогаш не се откажал од македонската национална идеја. Најдобар доказ е фактот што и кога ги дал тие изјави, продолжил да објавува статии со теми поврзани со македонската национална посебност,но потпишан под псевдоним (*Пелски*) ! Доказ за ова не се само неговите статии во списанието *Македонски голос* (*Македонски глас*) објавени во 1914 година под псевдоним, туку и Меморандумот до рускиот министер за надворешни работи во Русија од 14 август истата година потпишан од Д. Чуповски и К. Мисирков, каде што опширно се образложува историјата на македонската националноослободителна борба и развитокот на македонската национална мисла. Исто така треба да се има предвид дека и непосредно пред својата смрт (1925-1926), кога и во софискиот печат ги објави своите тестаментални статии, како што пишува д-р Ристовски, тој тајно, под истиот псевдоним *Пелски*, соработувал во виенскиот весник на македонските федералисти *Македонско сознание*. Вака објавени статии под псевдоним, во илегала, многу повеќе зборуваат за неговите вистински идеи, отколку некои јавно дадени изнудени пробугарски изјави, дадени во околности на загрозеност на неговиот живот во Бугарија“. (Пела престолнина=пре столнина- стол: Апостол=а Постол=по стол, Р.И.)

Еладците и селаните Атињани до 1767година биле Бугари,под градот Охрид

„Конечно, мнозина денешни овдешни бугоромани, сосема друго зборуваа во времето на Титова Југославија, а некои од нив дури беа и истакнати експоненти на марксизмот и југословенското самоуправување. Со ова не сакам да ги навредувам што тие преку ноќ си ја смениле капата, па од *југословенски самоуправни патриоти* и *србомани* станале *бугарски патриоти* и *бугаромани*, туку дека едноставно во времето на таа Југославија морале така да си ја заштитуваат својата работа, семејството и сл, (**Само србомани, оти комунисти имало и има патриоти**, Р.И.)

Сличен е случајот и со Мисирков. Дури и кога бил принуден да дава привидни пробугарски изјави, тој смело под псевдоним, изложен ни на опасноста да биде откриен и репресиран или ликвидиран, продолжил континуирано да пишува македонски национални текстови. Овој факт има далеку поголема тежина, отколку она што, во одредени моменти од својот живот и заради судбината татковината, бил принуден јавно да го декларира.(Злоупотребено и во Р.Македонија од бугараши, Р.И.)

А треба да се има предвид дека Мисирков и самиот бил не само член, туку и раководител на ТМОК во Петербург (филијала на ТМОРО во Русија), одржувал непосредни писмени и лични контакти со ЦК на Организацијата во Солун и со ВМОК во Софија, а пред самото Илинденско востание учествувал во воените подготовки на револуционерите и одржувал блиски контакти и со еден од тројцата водачи на востанието Атанас Лозанчев. Мисирков во времето на својот престој во Битола бил близок и со Аце Дорев, кој бил претседател на Окружниот комитет, како и со илинденските револуционери Илија Чокрев и Вангел Сугарев (брат на Ѓорѓи Сугарев).

Во 1903 година поради тоа што во Петроград ја критикувал бугарската пропаганда во Македонија, Мисирков бил прогласен за непожелен во бугарските собранија.

Истата судбина ја доживеала и неговата книга *За македонцките работи* (објавена во 1903 година), која била напаѓана и во Србија и во Бугарија. Ова не е ни чудно ако се знае нејзината содржина, од која ќе цитираме неколку извадоци:

*Ние треба да создадеме таква состојба во Македонија што нема да има ниту бугарски, ниту српски, ниту грчки интреси, бидејќи таму нема ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, туку само Македонци...*

И понатаму:

*Сé додека некои Македонци ќе се сметаат како патријаршисти, други како егзархисти; едни како Бугари, други како Срби, трети како Грци и ќе бараат покровителство кај разни балкански држави, давајќи им со тоа право да се бркаат во македонските работи, дотогаш не можат да мислат на едно општо востание, туку ќе бидат само делови со бугарски, српски или грчки, но никако не и со македонски карактер.* (Во Елада никогаш немало, нема, ниту ќе има патријаршија, Р.И.)

Во 1905 година Мисирков во Русија го објавил списанието *Вардар*. Тоа е отпечатено на мошне чист македонски јазик, речиси еднаков со нашиот денешен македонски литературен јазик и правопис. Уште со самата негова најава Мисирков бил жестоко нападнат како од Бугарија и бугароманите (меѓу кои предничел поранешниот *лозар* Никола Наумов), така и од Србите. Се стигнало дури дотаму што на Мисирков му се заканувале и со смртна казна од редовите на бугароманите во Организацијата. Единствено Сарафовиот весник *Деб'р* (02.07.1905), среде Софија, објавил најава за излегувањето на *Вардар*:

*Весникот 'Вечерна пошта' соопштува дека во Одеса ќе започне да излегува македонското списание 'Вардар' на македонски јазик, кое се препорачува од истиот весник. Списанието ќе почне да излегува од 1 август, под редакција на К. Мисирков.*

Инаку, во врска со Бугарија Мисирков ги дал и следните изјави:

*Како Македонец, јас во Бугарија се чуствував како во туѓина.*

И понатаму:

*Нека си мечтае Бугарија за свое проширување. Македонците тоа не ги интересира. На Македонците им е потребно повторно обединување и независност. На Македонците не им треба голема Бугарија, туку обедината и слободна Ма-кедонија.*

И понатаму:

*Ние Македонците не можеме да се раководиме од укажувањата и сфаќањата на софиската интелигенција и од директните интерси на Бугарија. Ние сме Македонци и за нас на прво место стојат интересите на Македонија и на Македо-нците.* (Подетално кај д-р Блаже Ристовски: *Крсте П. Мисирков. Прилог кон про-учувањето на развитокот на македонската национална мисла* (Скопје, 1996).

Крушевскиот писател и револуционер Никола Киров Мајски (1880-1962) исто така спаѓа во редот на илинденците што се декларирале како Македонци.

Во 1902 година жесток напис против Бугарската егзархија и пропаганда објавил и членот на ВМРО Петар Бошнаков од Велес, кој поради разбрливи причини, се потпишал со псевдонимот *Еден Македонец*. И тој во својата статија ја користи синтагмата *македонски Бугари*. Меѓутоа, според нејзината содржина е повеќе од јасно за што станува збор:

*Кој пат да го фатиме и што да правиме за да се откинеме од оваа мрежа што така итро ни ја сплетоа бугаските влади ? Како што реков, неопходно е да ја премавнеме и да ја уништиме бугарската пропаганда во Македонија...* (Единъ Македонецъ: *Българската пропаганда во Македония и Одринско*, София, 1902, стр. 23)“. (Само црковни народи.Бидејќи Скиптарија немала црква,Скиптари нема, Р.И.)

Значи, до 1767 година биле Булгари. Потоа само Грци. Кога Елада станала држава, во 1830 година, поимот Грци за припадниците на Цариградската патријаршија, а Елада немала црква, станал политички. Следи Македонците сакале да ја возобновата Охридската архиепископија со тн.старословенски јазик, а да си вклучат и свои мајчини јазици=говори. Кога била создадена Бугарската егзархија, и поимот Бугари станал политички. Затоа тие Бугарите ги нарекувале Шопи. А токму овде стои:„да се откинеме од оваа мрежа што така итро ни ја сплетоа бугаските влади ?“.

„Во продолжение авторот дава предлози како најлесно може да се осамостои македонското движење во однос на Бугарија.

И овде се поставуваат логичните прашања: Ако Бошнаков и навистина бил *Бугарин*, зарем би напишал дека бугарската пропаганда треба да се уништи во Македонија ? Зарем би ги посочувал правците како да се изведе сето тоа ? Интересно е и тоа што брошурата на Бошнаков против бугарската пропаганда најгласно била рекламирана токму на страниците на весникот на Гоце Делчев *Дело*, и тоа во неколку броеви едно по друго (цитирам дел од најавата објавена на 11.02.1902 година):

*Статиите за бугарската пропаганда во Македонија, од авторот ‘Еден Ма-кедонец’, преработени и дополнети, ќе излезат околу 20 овој месец како одделна брошура на 32 страници, голем формат...*

Кога сме кај 1902 година да додадеме дека познатиот бугарски политичар и публицист В. Т. Велчев, анализирајќи го македонскиот национализам и неговиот стремеж да се појави како јасно издиференциран од бугарскиот, во својата статија од 21.12.1902 година, под наслов *Македонското прашање*, запишал:

*Македонската интелигенција во стремежот да се извојува правдина за својата земја се откажува од бугарштината, како опасна за неа... Таа интелигенција, воспитана во нашите училишта, пропиена од традициите на бугарската историја, се видела принудена јавно да го објави тој национален скандал- македонскиот сепаратизам*“.

Бугарштината била само поради општиот поим Бугари, кој не бил етнички.

„Инаку, пред Илинденското востание бугарската влада испратила окружно писмо до својот трговски агент во Битола против востанието. Кога трговскиот агент поканил неколкумина видни битолчани за да им го прочита окружното писмо од својот министер, тие го исмеале и му рекле:

*Ние сме Македонци и за нас не претставуваат ништо советите на некојси бугарски министер* ! (Д-ръ М-евъ: *Окржнитъ на Д-ръ Даневъ, ‘Свиато Диало’*, Ќустендил, 1903, стр. 267).

По задушувањето на востанието, пак, бугарската влада сфатила дека нејзината кауза е загубена во Македонија. Во врска се ова редакторот на угледниот софиски весник *Дневник* бугарскиот публицист Николов, обраќајќи им се на Србите, меѓу другото рекол:

*Ние треба што побргу да се спогодиме, па со економско-трговските врски да ја опфатиме Македонија, која и вам и нам ни се измолкнува од раце. Тоа ние по-*

*добро го чуствуваме од вас. Се оддели Македонија, верувајте ! Македонците воопшто не се искрени и со вас и со нас. Додека да се ослободат, тие ќе бидат и со вас и со нас, но кога тоа ќе стане, тогаш и вам и нам (а особено нам) ќе ни речат да си ги приберимe рацете... Да мислите дека тие се луди за да се согласат вие или ние да ги присоединиме или да ги поделиме ? Не, решително ќе бидат против тоа.* (Подетално кај Блаже Ристовски: *Крсте П. Мисирков...*, стр. 383-384).

Во продолжение ќе наведеме и други документи што сведочат за македонските национални артикулации околу илинденскиот период.

**7.2.1. Илинденците со мака го учеле бугарскиот јазик**

Овој поднаслов слободно можев да го наречам: *Бугарски документи за постоењето на македонското национално чуство во периодот околу Илинденското востание.* Се работи за писмата што Ефтим Спространов му ги упатил на бугарскиот министер-претседател Р. Петров во времето непосредно по Илинденското востание. Веќе рековме дека Ефтим Спространов бил во дослух со бугарскиот политички врв и во писмата во врска со македонското дело јасно ги опишувал состојбите околу појавите на македонската национална свест кај припадниците на нашиот народ од почетокот на овој век. Така, на пример, во писмото до бугарскиот премиер Петров во врска со зачестените манифестации на македонското национално самосознание во тој (ноември 1903 година) Спространов меѓу другото пишува:

*Како што гледате господине Министер-претседателе, ваквите идеи што веќе нашироко се прифаќаат од македонското население, не се ни малку за потценување за да не им се посвети големо внимание. Ако притоа додадеме дека пропагаторите на македонскиот сепаратизам се зафатиле мошне студиозно и со енту-зијазам да печат книги, речници, читанки, историски учебници и граматики на ма-кедонски јазик, тогаш можете да ја сфатите пореално опасноста за бугарншти-ната во Македонија. Убеден сум дека за мошне кратко време, освен тенкиот слој на македонски интелтуалци школувани во бугарски училиишта,* ***народот ќе го от-фрли бугарскиот јазик и ќе го прифати македонскиот, односно мајчиниот, би-дејќи ќе нема потреба да го учи, како што со мака прави тоа со бугарскиот ја-зик*** (подвлекувањата се мои, з.м.) **!**

Веќе на 24.11.1903 година Ефтим Спространов упатил друго писмо до премиерот Петров, од чија содржина, не само што се гледа фактот дека во екот на Илинденското востание се правеле подготовки за списанија и весници на македонски (а не на бугарски) јазик, туку Спространов отворено изјавува дека т.н. *македонски сепаратизам* незапирливо продолжува да се шири наспроти волјата на бугарската влада и пропагнда.Така, тој на бугарскиот премиер меѓу другото му напишал:

*...Но ме чуди и Вашиот став бескомпромисно да се борите против секаков македонски сепаратизам. Веројатно имате и државнички план за неговата ликвидација... Вашите забелешки дека не сум и служел чесно на државата од која сум примал плата, посебно ме ожалости. Што се однесува за моето пишување во списанијата и весниците на македонско наречје, тоа го правеа од едноставна цел да им се приближам на сепаратистите за да можам подобро да се запознам со нивната дејност. Ако притоа резултатот од таквата моја дејност го оценувате како штетен за бугарското дело во Македонија, јас не сум виновен, бидејкќи тие списанија и весници ќе излегуваат на македонско наречје и без мои статии и твор-*

*би, како што и сепаратистичкото движење и натаму ќе се шири, го сакале ние тоа или не.*

Во продолжение на истото писмо Спространов напишал нешто што слободно може да претставува одраз и на денешните односи помеѓу Македонија и Бугарија:

*Ваквиот развој на настаните во врска со македонското национално движење не треба да Ве чуди, господине министер-претседателе... Затоа кога Ви пишувам дека е можеби подобро за Вашата влада да ги има предвид опасностите што се јавуваат од македонското национално движење и да биде прво, а не последно, што ќе ја сообрази својата државна политика со националните тенденции на Македонците, мислев пред сѐ на идните односи меѓу двете земји.* (Подетално за овие писма как академик Блаже Ристовски: *Историја на македонската нација*, Скопје, стр. 310-314).

Освен децидната содржина на овие писма, кои јасно сведочат за масовното постоење на македонското национално чуство во Илинденскиот период, малку е познато и дека во времето од пред крајот на Илинденското востание во Македонија биле направени обиди за отворање македонски училишта. Како доказ за ова ќе посочиме еден извадок од напис објавен во весникот *Автономна Македонија* од 16 ноември 1903 година:

*Имало пријава и за отварање на македонски училишта, заради што, со знаењето на австрискиот и рускиот конзул, била подготвена граматика и други учебници на македонското наречје...*".

Значи, се работело само на македонски наречја=говори, мајчини јазици.

„Со сигурност се знае дека барем 34 македонски села од тоа време по писмен пат појавиле желба да им се воведе мајчиниот македонски јазик во училиштата. Секако тоа биле села на кои ваквата понуда им била доставена од македонските национални дејци каде што тие престојувале и кои, поради тогашните услови во Македонија, не биле во состојба да ги посетат сите македонски градови и села за да им го поднесат истиот предлог.

Овде би сакале да потенцираме дека не станува збор за никаков *македонски сепаратизам*, како што тврди Спространов во неговите писма, или како што тврдат застапниците на тогашната бугарска пропаганда (па и некои македонски дејци), туку дека македонската национална свест кај нашите славни илинденци претставувале само континуирано продолжување на истата таква македонска национална свест наследена уште од нивните предци- учесниците во Разловечкото. Кресненското, па дури и во Карпошовото востание.

Учесниците во времето околу илинденската епопеја и подоцна давала изјави за македонското национално чуство. Така, на пример, легендарниот гемиџија Павел Шатев во 1926 година изјавил:

*Идеалот на Македонецот е создавање на една татковина, одделна македонска држава,* ***со македонска нација****, со своја историја и свој самостоен полити-чки и културен живот*".

И Македонците во Македонија, како нивна татковина, сакале да си создадат своја држава, за и тие да станат своја нација. Пак, прва нација во Европа била француската, а во Франција се околу 50% Французи... Францускиот јазик не бил етнички, туку вулгарен (булгарен) латински, Франков, кој бил службен низ Европа со

Германија- во Прусија. Токму затоа немало ни француски народ, никако германски, не дај боже бугарски, ниту српски, грчкиот е злостор, а скиптарскиот крволочност.

„Белки некој нема да каже дека во 1903 година Павел Шатев бил *Бугарин*, а дваесетина години подоцна- Македонец.

За декларирањето на илинденците како Македонци сведоци се и десетиците преживеани учесници на настаните во и околу Илиденското востание, кои ја дочекаа националната слобода на Македонците во 1944 година. Од добар дел од нив снимени се или запишани нивни сеќавања, главно во четирисеттите и во педесеттите години, во кои тие самите кажуваат како се чуствувале и за кого се бореле.

Освен овие, во овој период, имало други појави на македонски национални артикукации, но нивното целосно презентирање би ни одзело премногу простор. Сепак, како *капак* на сето ова ќе ја цитираме изјавата на самиот бугарски кнез Фердинанд, кој, во врска со националната посебност на Македонците, во Цариград изјавил: (Бугарија била само кнежевство, со свој кнез- без бугарски народ, Р.И.)

*Јас многу добро знам дека Македонија е главната пречка за искрено спогодување и братски живот помеѓу Србија и Бугарија... Во Македонија главната маса на населението не се ни Срби, ни Бугари, туку Словени и христијани. Словени што зборуваат јазик еднакво оддалечен и еднакво близок и на бугарскиот и на српскиот јазик, но јазик што е посебен дијалект, ако не и посебен јазик.* (Историја на македонскиот народ, книга 2, Скопје, 1969, стр. 212, преземено од автентични документи)“.(За **Ј.Г. Хан, 1865 година, Охриѓани не сакале да се Словени**, Р.И.)

Па Фердинант говори за братски Срби и Бугари, оти тие биле еден народ.

„За разлика што Македонците Фердинант ги нарекол како чисти Словени и *христијани*, од извонредно значење е фактот што тој јасно ги одделува како посебна нација од Бугарите и од Србите, а истото го вели и за македонскиот јазик.

За македонската национална посебност околу Илинденскиот период имало и други бројни странски сведоштва. Така, на пример, рускиот професор П. А. Лавров во 1900/1901 година го вовел македонскиот јазик како посебен предмет на Петербуршкиот историско-филолошки факултет.

Романскиот учен Замфир Абуре, во својата статија посветена на Борис Сарафов, под насло Boris Sarafov si Macedonia, објавена во Букурешт (1901) година напишал дека македонскиот јазик е засебен јазик, кој претставувал директен наследник на јазикот на светите Кирил и Методија. Овде читаме:“

Јазикот на Солунските Браќа бил солунски говор, со бригиски датив...

*„Јазикот на Македонците е единствен од сите словенски дијалекти кој може да биде сметан за директен наследник на словенскиот јазик на Кирил и Методиј и како таков, овој јазик во себе е независен и во сé е автономен.*

Виенскиот весник De Zeit (01.10.1903) пишува дека Македонците биле засебен народ и дека не барале ништо повеќе од тоа што го имале Бугарите, Грците и Србите. Овде читаме:

*Во Македонија се работи за еден народ кој го користи правото за самоопределување, она право кое ја измени темелно картата на Европа во 19 век... Македонците всушност не бараат ништо друго, туку навистина многу помалку од она што оствариле пред нив Грците, Србите, Бугарите...*

Во 1903 година и Пољакот Ромуалд Пжевалски пишувал за стремежот на Македонците да го одделат својот јазик од бугарскиот, а пишувал и за засебноста

на Македонците. Во списанието *Славјански век* кое излегувало во Виена во бројот 67 (15.09.1903) Пжевалски, помеѓу другото, запишал:

*Слобода или смрт- таква е девизата на Македонските Словени во борбата со денешниот непријател- поробител.*

Во бројот 71 од истото списание (ноември, 1903), тој напишал:

*Би можело да се каже дека морални сојузници на Македонските Словени би требало да бидат Бугарите и Србите, но тие во тоа време го решавале важното прашање: кому каков дел ќе му припадне од Македонија.*

Во словенечкиот град Цеље на 01.06.1903 година бил одржан протсетен собир во врска со настаните во Хрватска и Македонија. Во Декларацијата што притоа била прочитана во однос на Македонија, повторно Македонците се спомнати како засебен народ (Д-р Васили Мелик: *Словенците за Македонија и за Југословенското прашање во 1903 година* во: Илинден 1903, ИНИ, Скопје, 1970 стр, 414). Овде читаме:

*Неправдите што се прават од страна на Турците над македонските христијански Словени, се нечуени... Од Австрија и Русија предлаганите реорганизации, чија цел беше да им се олесни на Македонците барем делумно нивната незавидна положба, останаа безуспешни. Бидејќи турската влада не е во можност човечки да владее над христијаните, единственото решение за Македонците го гледаме во нивното целосно ослободување од турскиот јарем. Значи, изразуваме жел-би велесилите, меѓу нив и Австрија, да влијаат на тоа Македонија да стане неза-висна.* (Во Македонија, како и на цел Балкан,имало само Турци и Христијани, Р.И.)

Да спомнеме и неколку тогашни грчки сведоштва за засебноста на Македонците. (Од 1767 година имало Грци=Православни- без Еладци, Срби, Бугари, Р.И.)

Во март 1904 година, Павлос Мелас, кој бил грчки артилериски потпоручник, а воедно раководител и организатор на андартското движење во Македонија, ги посетил македонските села Габреш, Черновишта, Руља, Бирма, Желево и Оровник. За посетата на селото Руља во своите Спомени објавени во 1926 година го дал следново сведоштво:

*Сите заедно го посетивме училиштето. Учителот зборува доста лошо грчки. Тој ги натера децата да запеат. Не разбиравме дали јазикот беше македонски или грчки... Научив и малку македонски зборови и ги кажувам на жените, на мајките особено...*“.

Во Елада биле коине (па и германски), па катаревуса- и во 1904 година-....

„Анонимниот грчки автор во делото *Историја на македонската борба* (Атина, 1908, стр. 8), пишувал за активноста на Гоце Делчев и за неговото залагање Македонија да биде на Македонците. Овде читаме:

*Делчев, обиколувајќи ги селата им препорачувал на селаните: ‘Вие кога ќе го слушнете сигналот на востанието, нема да правите ништо друго, освен да ги земете своите пушки и да дојдете со нас. Ќе ја раздвижиме Македонија, таа ќе биде окупирана од големите сили и тие ќе ни ја дадат слободата. Лозинката на нашата борба ќе биде: Македонија на Македонците !’* (Цитирано според: Христо Андоновски: *Илинден во некои дела на грчката историографија*, во: Илинден, ИНИ, Скопје, 1970). (Како со Елада, која е ослободиле Русија и Венеција, Р.И.)

Грчкиот историчар Кордатос во своето дело *Историја на современа Грција* (Атина 1950, стр. 42, цит. според Христо Андоновски... стр. 360), во врска со настаните околу Илинденското востание, конкретно околу целите на Македонската револуционерна организација, пишува:

*Таа* (ВМРО, з.м.) *имала пошироки цели. Нејзините создавачи биле визионери на една независна македонска држава, во која би владеел принципот на рамнопра-вност, а нивна девиза била: Македонија на Македонците !*

Во продолжение авторот Кордатос пишува и дека ВМРО воопшто не била под влијание на бугарската влада.

Гркот Периклис Аргиропулос дури се заложил и за автономија на Македонија во времето околу Илинденското востание. Во неговите Мемоари, под наслов: *'Македонската борба'* (Солун, 1957 година, на стр. 11, цит. според Христо Андоновски... стр. 361), читаме:"

Значи, тој бил само Македонец, а како припадник на Цариградската патријаршија, која била дури од времето на Јустинијан I, можел да биде само едно: Грк.

„*Автономијата* (на Македонија, з.м.) *под меѓунарона контрола има многу предности. Ќе ни ја осигура работата во услови на релативна сигурност. Едната или другата политика ќе ни ја наложат настаните и не смееме начело да ја одбиеме автономијата.*"

Па имало само црковни народи, никако етнички: Македонија=Македонија.

„Одиме понатаму:

Рускиот цивилен агент Петраејев, во 1907 година, по посетата на неколку кази во Македонија (во присуство на Хилми-паша), запишал:

*Самото население почнало мошне забележително да се чуствува оптоваре-но од пропагандите и тоа најискрено бара да биде оставена на мира. Во Костур-ската каза доаѓаа делегации од селата и ни изјавуваа дека не ги сакаат ниту грч-ките, ниту бугарските учители и свештеници, туку молат да им бидат дадени македонски. На прашањето за нивната националност тие одговорија дека се Ма-кедонци.* (Д-р Симон Дракул, *Македонско сонце*, 20.02.1998, с. 13).

Австријанецот од Штаерска проф. д-р Рудолф Киндингер во времето околу Илинденското востание учел во Македонија, затоа што татко му овде работел на пругата за компанијата Chemins der Orientaux. Подоцна тој објавил свои Мемоари под наслов: *Исечоци од моите сеќавања пред, за време и по Илинден (1903) во Македонија* (ИНИ, Илинден 1903, Скопје, 1970). Во мемоарите д-р Киндингер сосема јасно ги спомнува Македонците како жители на Македонија, кои зборувале на свој македонски јазик. Овде читаме:

*Бидејќи татко ми службено често работеше со македонските работници (аргати) на железничката и покрај нив имаше постојано двајца Македонци- возачи на дресина, кои кај нас мораа да пренокуваат во случај на потреба. Јас уште како мало дете го научив од овие работници македонскиот јазик... Сите работнички групи на железничката линија од Скопје, па надолу низ Вардар, скоро сé до пред самиот Солун беа Словени-Македонци.*

И понатаму:

*Во 1892 година дојдов во Солун во Германското основно училиште во кое, како што напомнав, учеа децата на железничарите. Таму, отприлика во 1894 година, дознав за првпат од нашиот училишен службител- Македонец, кој беше од*

*Гевгелија, дека била основана тајна организација за ослободување на Македонија ... Јас бев единствен во училиштето што можев со него да зборувам на неговиот јазик, бидејќи нашите тогашни австриски учители не разбираа македонски.*

Во Романија, професорот по славистика на Јашкиот универзитет Илија Барбулеско околу 1908 година запишал:

*Сите овие словенски доселеници на територијата на Романија, за кои поне-когаш ние Романците, заради лажните теории што ни се сервираат, мислевме де-ка зборуваат на бугарски, се главно работници и градинари што се доселени од Македонија и за себеси велат дека се Македонци, а не Бугари.* (И. Барбулеско: *Ро-манците спрема Србите и Бугарите- посебно со поглед кон прашањето на македо-нските Романци*, Белград, 1908, стр. 95)".

Се говори за: „македонските Романци". Тоа се Бриги=Брзјаци од Москополе -Корча, познати како Власи. Тие биле црковен романски народ, со романски јазик.

„Во интерес на просторот, овде ќе застанеме со изнесувањето на сведоштва за македонската национална засебност од периодот што го разгледавме, иако вакви примери има уште многу. За македонските национални појави од времето на Балканските војни па наваму, ќе проговориме во некоја следна прилика".

А. Донски не сака да каже дека имало Македонци: Грци и Бугари- црковни.

**„7.3. Различни значења на употребата на етнонимот Бугари**

Пред крајот на овој дел, би сакал да дадеме и едно поцелосно објаснување за употребата на етнинимот *Бугари*, како и на синтагмите изведени од него: *македонски Бугари, бугарски народ* и сл., кои се однесуваат за Македонците во почетокот на 20 век.

Во некои документи, книги и искази и сл. се среќаваат овие изрази како детерминација за Македонците (иако претходно наведените појави ги демантираат инсинуациите дека наводно припадниците на целиот наш народ се декларирал како *Бугари*). Големобугарската пропаганда ги форсира овие изјави како *доказ* дека Македонците се *Бугари*. Меѓутоа, со внимателна анализа на дел од ваквите пробугарски детерминирања многу лесно се забележува уште еден пропагандан трик.

Имено, употребата на терминот *Бугари* за Македонците од тоа време, може да се разгледа од неколку сосема различни аспекти. Да го наведеме секој од нив.

***1. Употреба на името 'Бугари' за сите припадници на Бугарската егзархија***

Во ваков случај терминот *Бугари* не секогаш се употребувал во етничка смисла. Тој овде е употребен како црковен термин за детерминирање на сите припадници на Бугарската егзархија. (стои Бугари „црковен термин"- без држава, Р.И.)

Ќе го илистрираме ова со еден општо познат пример. Во повеќето бугарски книги славниот крушевски војвода Питу Гули се става рамо до рамо со другите илинденски војводи, а за сите нив се тврди дека биле- *Бугари* (!?). Меѓутоа,добро е познато дека Питу Гули бил етнички Влав ! Значи, тој воопшто не можел да биде *Бугарин*. Питу Гули, како Влав, своите религиозни чуства ги задоволувал во Бугарската егзархија (а не во Патријаршијата, како мнозинството тогашни Власи). Поради тоа, како Влав-егзархист, тој бил нарекуван *Бугарин, бугарски револуционер* и сл. Ова автоматски значи дека во ваквите случаи под термините: *Бугари, бугарски револиционери* и сл. се подразбирале и Македонците, т.е. македонските револуцио-

нери (но и припадниците на сите други етникуми) што припаѓале кон Бугарската егзархија, а не биле етнички Бугари".(Власите биле црковни: Грци и Романци, Р.И.)

Власите кажуваат, Питу Гули бил Влав. Пак, Скиптарите Скиптар. Само Питу Гули, со бригиско=брзјачко дативно у, не бил Албанец,Турчин=Муслиман. Сите православни Власи и Скиптари, како Бриги=Брзјаци, а припадници на народната= булгарна Охридска архипепископија, сé до 1767 година, биле Бугари, а и Еладците.

„Ова е уште повеќе јасно со фактот што во Илинденското востание учествувале претежно Македонци-егзархисти. Поради тоа, во многу случаеви, била честа употребата на терминот *Бугари* (како *егзархиски* термин) за македонските револуционери-егзархисти.

Меѓутоа, овој податок бугарските пропагандисти побрзаа да го искривоколчат и да го искористат како *доказ* дека сите Македонци во минатото се декларирале *Бугари*, заборавајќи ги притоа многубројните Македонци-патријаршисти, Македонците-муслимани, Македонци-припадници на Српската црква, Македонците-унијати и други, кои тогаш, поради тоа што не припаѓале кон Егзархијата, воопшто не биле нарекувани *Бугари*. (Значи, само верски и црковни народи- без етнички, Р.И.)

Така треба да се толкуваат и турските документи од периодот на Илинденското востание во кои нашиот народ е запишуван како *Бугари*. Во периодот на турската империја, од аспект на турската власт, нациите воопшто неиграле таква улога како вероисповедите. Така, на пример, како *Бугари* биле нарекувани припадници на Бугарската егзархија, како *Грци* сите патријаршисти, а како Срби сите припадници на Српската црква, без разлика што и едните и другите и третите припаѓале на ист македонски народ. (Значи, само верски и црковни народи- без етнички, Р.И.)

Меѓуто, денес сите овие странски пропаганди се повикуваат токму на ваквите црковни детерминирања за да докажат во Македонија живееле *Бугари, Грци* или *Срби*.(Па токму затоа до денес се оспорува Македонската Православна Црква, Р.И.)

***2. Маскирна употреба на терминот 'Бугари'***

Ова го објаснивме кога пишувавме за *лозарите*. Македонците, поради страв или едноставно поради прагматични причини, во државите во кои биле прогонувани, не смеејќи да го користат етнонимот *Македонци*, користејќи разни маскирни имиња. (А.Донски е преоптеретен со општиот поим Бугари, Р.И.)

Така, во Бугарија Македонците ја користеле маскираната синтагма *Македонски Бугари*, во Грција бил во употреба терминот *Ендопи*, а во Србија- *Повардарци*.

Овде секако дека треба да се смета и доброволната употреба на терминот *Бугари* од прагматични причини. Имено, за да заработуваат за леб, мнозина Македонци од тоа време работеле во бугарските служби. Сакале или не, тие требало да се декларираат како *Бугари*, исто како што и сегашните македонските големобугарски пропагандисти до неодамна, сакале или не, беа *Југословени* и, на пример, при служењето на воениот рок во ЈНА се колнеа на верност кон самоуправна и социјалистичка Југославија, па дури (според заклетвата) велеа дека и животот ќе го дадеа за неа. И за нив во иднина, врз основа на документите што ги оставиле зад себе некој можеби ќе тврди дека тие биле фанатични *Југословени* и *србомани*".

Несоодветна споредба, затоашто до создавањето на држави имало само црковни народи, никако етнички. Па тоа биле на Цариградска и Охридска Црква, со Грци и Бугари. Следи и поклопување на Бугари со Бугарска егзархија- без држава Бугарија, туку само кнежество. И кончно има Бугари државјани. Кога Бугарија ја

примиле во Европа, како што многу Бугари станале Германци, Швајцарци..., и Македонците, само поради пасош за селење во Европа- а не во Бугарија-,станале Бугари. Што се однесува СФРЈ,таа била федерација на сите-дури и за Македонците. Тоа што во Р.Македонија владеел олош, не се криви Словенците и Хрватите,ни Србите.

„Ист е случајот и со македонските революционери, кои поради својата работа во бугарската служба, морале да се декларираат како Бугари. Колку што се денешните бугаромани Југословени, толку биле и мнозинството македонски револуционери- Бугари.

Значи, декларирањето паѓа во втор план, во однос на дејанијата. Инаку како да се објасни фактот што некои македонски револуционери, од една страна пишувале дека се македонски *Бугари*, а од друга правеле низа антибугарски дејства, поради кои биле жестоко критикувани, прогонувани и апсени во самата Бугарија ?

Впрочем, за неможноста отворено да се дејствува и да се пишува за македонската национална кауза во Бугарија, сведочеле и бројни тогашни македонски дејци. Примерот со прогоните на Македонците од времето на бугарскиот премиер Стамболов веќе го спомнавме, а овде ќе наведеме и една изјава на Стефан Дедов, кој во 1903 година, откако бил теран да објави книга со македонска национална идеологија во Софија, кратко одговорил: *Немам пари, а овде не може да се пишува јавно !* (Подетално кај: Блаже Ристовски: *Крсте П. Мисирков*, цит. дело, стр. 248).

Во прилог на ова зборува и споменатата изјава од бугарскиот редактор Николов, во која тврди дека Македонците се правеле блиски и до Србите и до Бугарите сé додека не се ослободат, по што тие ќе им кажеле збогум и на едните и на другите.

Овде спаѓаат и одредени молби и барања што обичните Македонци ги испраќале до високите органи на бугарската влада (како, на пример: молба да се интервенира кај Турците за да пушти некој затворен роднина на молителот; да се најде место место за живеење во Бугарија на молителот, кој сака таму да емигрира; да се запише молителот во некое од бугарските училишта и сл.). Повеќе од јасно е дека во сите овие документи молителите морале да се декларираат како *Бугари* за да го добијат она што го бараат. Слично биле принудени и Македонците во Србија и во Грција, па и подоцна во Југославија.(Во Р.Македонија со бугароманка/возила, Р.И.)

### *3. Бугарските фалсификати во врска со македонската самобитност*

Некои пробугарски субјекти упорно тврдат дека некои дела на македонската историографија наводно биле полни со фалсификати. Но, досега тие немаат понудено конкретни докази за ваквите тврдења. Од друга страна, постојат голем број примери за фалсификување на разни сегменти од македонската етно-културна самобитност од страна на бугарските историчари и публицисти, но и од други субјекти. За ова исто така малку е пишувано во нашата јавност. Овие фалсификати опфаќаат широк дијапазон: од менување на содржината на оригиналните документи, па се до криење и уништување на доказите за македонската национална самобитност низ историјата. Да го илустрираме ова во неколку примери.

Најпрвин да го земеме примерот со Ѓорче Петров. Нему денешните пропагандисти му импутираат дека објавил книга за *бугарштината во Македонија*, под наслов *Материали во изучванието на Македония* (1896), па заклучуваат дека тој отсекогаш се декларирал како *Бугарин*.

Од оваа книга честопати се користат и цитати, како оној за народносниот карактер на населението во Македонија, каде Ѓорче Петров наводно напишал:

*Македонското население се состои од: Бугари, Турци, Арнаути, Власи, Евреи и Цигани... Бугарите ја сочинуваат масата на населението во областа што ја опишувам. И покрај различните податоци на официјалната статистика, сепак тие фигурираат како повеќе од половината на целото население...*".

Наводите се извонредни: половината население биле Бугари, кои се заложувале да се возобнови народната=булгарната Охридска ахиепископија со својот тн. старословенски јазик, вклучувајќи ги и мајчините јазици=говори;Турците се Турци, азиски Арнаути Муслимани=Турци; Власи само Грци и Романци; Евреите=Евреи.

„Овој извадок исто така е цитиран од фамозниот *Зборник од документи и материали Македонија* (Софија,1978).(Ништо не било/е фамозно,сé нормално,Р.И.)

„Значи, сé е јасно. Ѓорче Петров пишувал дека во Македонија најбројни се *Бугарите*.Според тоа,и самиот тој бил *Бугарин*,а Македонците- *Бугари*.(Црква,Р.И.)

Меѓутоа, овие пропагандисти не знаат (или не сакаат да знаат) за една работа во врска со оваа книга. Постои сведоштво од Ангел Динев дека Ѓорче Петров во печатницата однел ракопис со сосема поинаква (македонска) содржина и наслов. Меѓутоа, овој ракопис исчезнал, а наместо него од печат излегла книгата за *бугарштината во Македонија* (!?). Исто така пропагандистите не сакаат да знаат дека овој истакнат македонски револуционер бил близок сомисленик на скопскиот митрополит Теодисија, кој не само што се залагал за отцепување на македонските епархии од Бугарската егзархија, туку дури самоволно ги избришал бугарските детерминирања на својот официјален црковен печат и како таков го користел извесно време". (Официјалниот печат бил црковен, не државен- без држава Бугарија, Р.И.)

До 1767 година Бугари, па Грци, со Бугарската егзархија, Бугари политички.

„Во предлог на митрополитот Теодосија, Ѓорче Петров почнал да собира материјали за географската и енографската македонска национална историја. Резултат на оваа работа бил големиот ракопис што Ѓорче, како што се вели, го напишал на македонски јазик, во кој имало и бројни македонски народни умотворби. Но кога ракописот требало да влезе в печат ракописот бил откупен за 30.000 лева и истиот *бесследно* исчезнал. Наместо него, подоцна од печат излегува пробугарската варијанта на овој текст. (Значи, Бугарите станале политички поим, Р.И.)

Вакви работи бугарските пропагандисти правеле и многу подоцна, па дури ги правеа и до скоро. Во еден разговор со писателот (инаку деклариран етнички Макодонец) Славе Македонски од Бугарија, тој ми потврди дека бугарските шовинисти и со неговите романи го правеле истото (барем во периодот од тодорживковистичкото едноумие). Така, на пример, за да го избегне бугарското име, во ракописите на некои свои романи, не смеејќи да ги користи термините поврзани со Македонија, овој писател секаде ги употербувал компромисните и маскирани термини: *христијани, христијански* и други.

Меѓутоа, по излегувањето на книгите од печат, термините *христијани, христијански* и слични на нив- на *волшебен начин*- секаде биле заменети со термините: *Бугари, бугарски* и сл.

Се рабира дека за некакви протести не можело да стане ни збор, а и ако имало- останувало без резултат.

И што ќе се случи во иднина ? Големобугарските пропагандисти ќе се скинат докажувајќи дека Славе Македонски бил *Бугарин*, штом, нели, во своите книги *самиот* пишувал за *Бугарите* и штом *самиот* користел бугарски детерминирања. Писателот *Македонски* ова го прокоментира на еден трагикомичен начин, изјавувајќи: *Јас сум **жив Македонец** и секаде така се декларирам, а тие, пред моите очи, ме прават Бугарин. Што ли ќе се случи кога ќе умрам- можам само да си претпоставувам*. (Во Лерин, 1907 год., Славо-Македонците имале ранхомеров јазик, Р.И.)

За сличен настан своевремено сведочел и познатиот македонски лингвист Ѓорѓи Киселинов. Имено, за време на српската окупација тој објавувал статии со македонска национална содржина во познатото списание *Луч*. Но, за време на бугарската окупација тој веднаш почнал во своите статии да го величи бугаризмот. Сепак, по ослободувањето, Киселинов (иако бил во немилост на новата македонска власт), јавно се декларирал како Македонец и целосно ставил на услуга на прогресот на македонската нација. За своите пробугарски статии Киселинов признал дека од бугарските окупатори му биле порачувани да ги напише, а честопати се случувало и неговите текстови отпосле да бидат дотерувани од редакцијата кадешто објавувал, т.е. во нив дополнително биле уфрлувани бугарски детерминрања за нашиот народ (д-р Стојан Ристевски:*Табу-темата: Киселинов-Конески*,Охрид,1994,стр.16).

Дали истата судбина ги снаоѓала и делата на двајцата македонски книжевни пера: Димитар Талев и Венко Марковски, кои твореле во времето на тоталитарниот режим ? (За такво нешто има индиции, барем според разговорите што ги водев со нивни познаници). Дали и другите македонски творци што судбината ги остави да живеат во Бугарија беа принудувани да пишат за *бугарштината ?* Да се надеваме дека иднината ќе даде одговор на овие прашања.

За жал, резултат на ваквите децениски фалксификати се и нашите одродени Македонци, кои лесноумно ги прифатија ваквите дела како *доказ* дека и навистина повеќето наши предци пишувале за *бугарскиот карактер* на Македонците. Но кога вистината барем делумно ќе излезе на видлина (што веќе почнува да се случува), поразот на големобугарската пропаганда ќе биде уште поубедлив.

Уште подрзок фалсификат е направен врз една песна од големиот поет и револуционер Никола Јонков Вапцаров. Се работи за песната *Доклад*. Поетот во оваа песна, пеејќи за Македонија, ги напишал зборовите: ‘за **Неа**’ ! Меѓутоа, во рускиот превод на оваа песна (цитирано во едно универзитетско московско издание, како што пишува д-р Блаже Ристовски, со знаење и согласност на редакторот Бугаринот Д. Ф. Марков), наместо ‘*за Неа*’ биле подметнати зборовите: ‘*за Бугарија наша*’ !?

Ваквиот бесрамен факсификат на руските читатели уште долго време ќе им зборува за ‘*бугарската национална свест*’ на Вапцаров. Врз основа на ваквиот бугарски фалсификат можно е некои руски аналитичари, историчари или есеисти подоцна да напишат статии за ‘*бугарското национално чуство*’ на Вапцаров. И не само тоа. Подоцна нашите бугаромани би можеле да ги земат токму таквите руски трудови како *доказ* дека и во други земји *се тврди* оти Македонците се (или порано биле) *Бугари*. (Пак, **кнежевството и државата Бугарија биле македонски**. Р.И.)

Дрзок фалсификат е направен и во бугарскиот превод на Спомените на веќе спомнатиот француски барон Франсоа де Тот. Веќе го спомнавме делот од неговите Спомени, во кој тој сосема јасно нашиот народ го именува како *Македонци*. Еве ја повторно оваа реченица, која во својот оригинал (во македонски превод) гласи:

Дваесет и двајца Македонци, секој со пушка на рамо... во една кафеана пееја песна за победите на Александар. (*Memories du baron de Tott sur les Turcs et les Tartares, Amsterdam, 1974*, цит. според Ѓ. Радуле, цит. дело, стр. 250).

Меѓутоа, бугарскиот историчар Арнаудов, во својата книга: *Верковиќ и Веда Словена* (БАН, Софија, 1968 г., стр. 12), коментирајќи го овој опис на баронот Франсоа де Тот, пишува:

*Барон де Тот многу правилно бележи дека* ***бугарските работници*** *за време на одмор ги воспејувале победите на Александар Велики.* (Подвлекувањето е мое, з.м.). (Франсоа де Тот во Цариград од 1768 до 1775- без бугарско кнежество..., Р.И.)

Значи, терминот *Македонци* овде дрско е заменет со *бугарски работници*. Навистина пример за безочен фалсификат ! Но, трагичното е во тоа што македонските бугаромани, кои ја учат *нашата* историја токму од вакви книги, подоцна тврдат дека наводно никаде во историјата не се спомнувале Македонците како засебен народ. (**Со вулгар=булгар=народ сé се разрешува-ло**: со а и без А.Донски..., А.Р.)

Да го кажеме и тоа дека во книгата '*Француските патеписци за Балканот XVXVIII век*' (Софија, 1975), приредена од проф. Б. Цветкова, овој пасус од делото на баронот Франсоа де Тот воопшто не е застапен, т.е. истиот е избегнат (Ѓ. Радуле, цит. дело, стр. 251). (Се потврдува, **државните Бугари се само лажговци**, Р.И.)

Следи еден смешен пример за бугарските фалсификати поврзани со македонската историја. Бугарскиот историчар Иван Коларов, во преговорот на својата книга '*Македонија и бугарското племе*' (Софија, 1932), запишал дека Александар Македонски бил- Бугарин !? Овде тој запишал дека ги проучува (цитат)... '*борбите, големината, падот и подемот на бугарското племе од Александар Велики до де-нес*'. (Ѓорѓи Поп-Атанасов, цит. дело, стр. 24)".

Филип и Александар Македонски познавале Ските. Тие биле Белци со повеќешилцеста брада, но не Бугари со едношилцева- прчова брада. Во нивно време Бугарите, Татарите, биле во централна Азија. Нивниот бог Асен Македонците не го познавале, а и тој не им бил потребен. Александар бил само Македонски. Бидејќи Александар Македонски два века по неговата смрт го добил ласкавиот прекар Великиот (Nepos, De regibus), а овде се говори Велики, поимов бил наметнат. И во тоа време не биле познати Бугарите.Денес наследници на Татарите се и Арнаутите итн.

„Да го спомнеме и свети Климент Охридски. Познато е дека во самите автентични извори овој светец, самиот себе се определил како *епископ словенски*. Но, во книгата: Свети *Константин-Кирил Филозоф* (Софија, 1969, стр. 141) пишува: '*Климент Охридски- прв епископ на бугарски јазик*.'Секако дека ова не е единствен пример во кој се фалсификува потеклото на свети Климент Охридски.

Да посочиме и еден понов пример. Во своето интервју за светскиот македонски неделник *Македонско сонце* (8.05.1998), познатиот борец за човекови права на Македонците од егејскиот дел на Македонија, архимандритот Никодимос Царкњас, реагирајќи на една антимакедонска изјава на грчкиот политичар Пангалос, помеѓу другото вели дека по улиците на Солун: ...*Господинот Пангалос ќе се увери дека таму луѓето не зборуваат грчки, туку* ***македонски***.Дел од интервјуто на Царкњас е пренесен во бугарскиот весник БНС *Македонија* (03.06.1998), но таму зборот *македонски* безобѕирно е заменет со зборот *славјански* (!?). Значи, на бугарските читатели дрско им е подметната фалсификувана изјава од архимандритот Царкњас со

цел тие и натаму да бидат држани во заблуда во однос на македонската историја и реалност. (Секако, **без Бугари- оти Бугарите биле Татари со богот Асен**, Р.И.)

Дрски фалсификати се прават и со македонскиот фолклор, дури во најново време. Во текстовите на македонските песни намерно се уфрлуваат бугарски зборови или бугарски детерминирања, а интервенции се прават и во мелодиите. Така, на пример, на фолклорниот собор, под наслов *Пирин пее*, одржан во 1997 година, стихот на една народна песна посветена на Крали Марко, наместо да биде испеан во оригинал: *...Крали Марко од Прилепа града*, е испеан како: *...Крали Марко од Б'лгарија* (!?). Измена е направена и во познатите стихови од македонската песна *Каљо, Калино девојче*, која не така одамна во Бугарија била интерпретирана со изменет текст. Така, сега наместо стиховите: *...Арнаути баш ракија, а ергени рујно вино*, сега се пеело: *...Арнаути баша ракија, а Б'лгари рујно вино...*

Дрзок фалсификат врз содржината на македонските народни песни е направен и во книгата '*Песни от Македония*' (објавена во Бугарија, 1998 година). Македонскиот публицист од Бугарија С. Ратевски, во македонскиот весник '*Народна волја*' (јануари, 1999), ги демаскира фалсификатите направени во оваа книга. Така, на пример, стиховите во текстот на убавата македонска народна песна '*Марије млада невесто*' овде биле заменети со: '*Марије бела Бугарка...*'.На крајот од истата песна, зборовите '*...нашата вера рисјанска*', биле заменти со зборовите: '*нашата вера б'лгарска*'. Ратевски константира дека бесрамните фалсификатори направиле еден крупен превид. Прво го напишале терминот *Бугарко* (напишано со 'у'), а на крајот го напишале терминот български (напишано со 'ъ'). Ратевски со доза на оправдан цинизам ги прашува фалсификаторите: каква е таа вера '*б'лгарска* ? Да не е тоа некоја нова секта ? (**Бугарите потврдуваат со „вера бугарска“: вера=црква**,Р.И.)

Да го спомнеме и траги-комичниот пример со фалсификатот на македонската патриотска песна '*Една мисла имаме*' што ја исполнува познатиот пеач на народни песни Војо Стојановски. Овој факсификат е направен во 1999 година, при што сите македонски детерминирања во стиховите на песната биле заменети со бугарски. Така, на пример,стиховите од песната, кои гласат: '*Каде и да оди/ Каде и да шеташ/Не се срами, не се плаши/Македонец да си...*', сега биле пеени: '*Каде и да оди/ Каде и да шеташ/Не се срами, не се плаши/Б'лгарин да си...*'. И понатаму, наместо: '*Една мисла имаме/Еден живот живееме/Македонија цела да е/Секој да е знае...*', сега било пеено: '*...Б'лгарија цела да е/Секој да е знае*'. Наместо оригиналните стихови: '*Ние не сме Грци, Бугари ни Срби/Чеда сме на Александар, гордост македонска...*', сега било пеено: '*Ние не сме Грци, Византијци, Срби/Чеда сме на Аспарух, гордост најб'лгарска...*'. (Значи *ние* сме чеда на човек кој припаѓал на жолтата раса, каков што бил хан Аспарух). На крајот на песната зборот *Македонија* бил замент *Б'лгарија*. Така, овие стихови биле пеени: '*Ако некој рече/Б'лгарија е мала/Има уште два-три дела/за да биде цела...*' (Подетално кај Илија Малинов, в. *Народна Волја*, Благоевград, февруари, 2000 ,стр. 4)“.

Чудо: Татарите станале Византијци, Аспарухови чеда- без бради на прч итн.

„На голем број меѓународни фоклорни фестивали или други слични манифестации бугарските фолклорни ансамбли честопати исполнуваат македонски народни песни и ора, кои ги прикажуваат како *бугарски*. Со ова се сака да се докаже дека македонските и бугарските песни се *едно исто* или дека се многу слични. Тоа значи дека ние и Бугарите имаме *иста култура*, т.е. претставуваме *ист народ*. Ов-

дешните малубројни големобугарски пропагатори кога и да слушнат *бугарски* песни, се обидуваат да покажат дека помеѓу тие песни и нашите нема никаква разлика, па, според тоа, ние сме *еден народ* со Бугарите. Но сите наводно бугарски песни што личат на македонските всушност и не се бугарски, туку македонски песни. Оттаму е сличноста. (**Македонците не биле/се Бугари-овие биле/се Македоци**, Р.И.)

Ист е случајот и со други македонски  културни сегменти, кои во Бугарија се прикажуваат како *бугарски* (народни умотворби, носии, архитектура и сл.).

Колку ли вакви интервенции има досега направено бугарската пропагандна машинерија и во објавувањето на мемоарите на илинденските револуционери и на други Македонци, во кои секаде со зборува за *Бугари* во Македонија ? И колу ли фалсификувани документи, кои наводно се *стари и автентични* имаат произлезено од неодамна од бугарската пропагандни лаборатории ? Полека, но сигурно, сето ова излегува на виделина.

Кога се знаат ваквите работи, воопшто не е чудно што во некои тогашни европски весници илинденските востаници биле нарекувани *Бугари*, на што исто така се повикуваат сегашните големобугарски пропагандисти. Вестите за Илинденското востание минувале исклучиво низ бугарските шовинстички филтри и такви преку БТА и бугарскиот печат биле пласирани во светот, сé со цел за да се покаже *бугарскиот карактер* на Илинденското востание.

Ваквиот начин на пласманот на вестите бил согледан уште во екот на Илинденското востание. Угледниот руски весник '*Новое времја*' укажува на фактот дека вестите околу Илинденското востание се фалсификувани од страна на Бугарите (но и на Турците). Во бројот од 21.08.1903 година читаме:

*Вестите за востанието во Европска Турција доаѓаат во печатот речиси исклучиво од турски раце или од Софија. И во едниот и во другиот случај тие се подложуваат на преработка, при што голема улога игра не само богатата источна фантазија, туку и желбата работата да се претстави во таков вид, каков што најмногу им годи на Турците и на Бугарите.*

Кога веќе ги спомнавме мемоарите на илинденските револиционери, во кои тие наводно зборуваат за *Бугари* во Македонија, треба да се има предвид и запишувачот на ваквите текстови. Ова ќе го илустрираме со примерот на проф. Љубомир Милетич. Овај деец е познат запишувач на мемоарите на повеќемина илинденски револуционери, меѓу кои се: Борис Сарафов, Даме Груев, Иван Гарванов и други. Во сите негови записи на сеќавањата, за нивниот народ секаде е употребуван терминот *Бугари, бугарски револуцинери* и сл.Така е и со мемоарите на Борис Сарафов, од кого веќе ги цитиравме изјавите дека Македонците не се ни Бугари, ни Срби, туку само Македонци. Но во мемоарите запишани и објавени од проф. Милетич се спомнуваат само *Бугари* во Македонија. Дали и Милетич не постапил исто како што постапиле со текстовите на Ѓорче Петров, на Никола Вапцаров, на Славе Македонски, на архимандритот Царкњас и на којзнае уште колку други македонски дејци, т.е. и тој не ги фалсификувал изјавите на илинденските револуционери ? Дека има сериозна основа да се претпостави ова, ќе го наведеме фактот дека Милетич бил закоравен бугароман, кој отворено признавал дека не смее да се дозволи користењето на терминот поврзан со македонската национална засебност. Уште на 27.12.1903 година проф. Милетич во едно писмо до познатиот славист В. Јагиќ, ги искажал своите антимакедонски ставови, кога запишал: (-ич, а не -иќ, Р.И.)

*Да се вовлекуваат во енциклопедијата некакви ‘Македонски Словени’ и да се одделуваат македонските говори во посебнаљ група- тоа не смее да се допушти, зашто од научно гледиште тоа никако не може да се оправда.*

Значи, запишувачот на мемоарите на Сарафов, на Груев (но и на други македонски револуционери) проф. Милетич воопшто не ги криел своите заблуди во врска со македонската национална засебност. (Па токму нацијата е политичка, Р.И.)

Кога се говори за дворасните јазици арамејски, староегипетски,новопесиски, коине лататински, се дополнува со Лав III (717-741), кој ја основал новата сириската династија. Негова сопруга му била Ирена, а нивни син Константин V (741-775). Бидејќи арамејскиот јазик бил сириjски, а со Ираклиј (610-641) единствен јазик станал коине, Лав не можел да биде со сириско потекло... Ова било како и со Исус со Апостолите, за кои се говори, тие имале еврејско потекло. Тие биле од македонските колонии, а Евреи како еднобожци, со доказ според очите, биле без закосени очи.

Значи,сé било поврзано со Македонија,нејзиното наследство било предадено на Франките(закони,традиции,оргуљата, градежништво, парфеми...). Франков владетел и цар на Католоците бил Карло...Со него и по него се ширел поимот Грци. Најбитно е што само тек оттогаш успеало ширењето на католоцизмот со латински.

За да се одгонетни вистината дека во Европа се говорел само еден ист јазик, а потоа се создале вулгарно-латински (народно-латински),доказ е латинскиот јазик:

Дионисиј наведува: „Јазикот со кој се користат Римјаните, не е наполно варварски, ниту пак апсолутно грчки (хеленски, Р.И.), но претставува мешавина од двата, поголемиот дел е истоветен со еолското наречје“. Од ова произлегува дека Римјаните говореле со јазик кој „поголемиот дел е истоветен со еолското наречје“. Се гледа дека јазикот бил еолско наречје кој бил хеленски, а Хелада била Пелазгија. Кон ова да се надоврзе и она што рекол Херодот: „Еолците биле и се нарекувале Пелазги“. Бидејќи пелазгискиот јазик бил варварски, овде во игра се вклу-

чени само три говори на пелазгискиот (варварскиот) јазик кои како говори меѓусебно биле разбирливи.Овде е чудно,зошто поимот варварски се употребува за говор. Истото се случило и за поимот пелазгиски. Ова говори дека постепено старите поими се потискале, а нивното место го заменувале со други. Токму во ова време немало латински јазик.Латинскиот следел по коине, во 3 век п.н.е., како негова „копија“.

Па затоа народот понатаму си говорел варварски=пелазгиски=тн.словенски.

Со вулгарности, во стара Атина машкото е курос, девојка кора- корица, т=ц, поими кој денес истогласно не можат да се објасанат на грчки,ниту еден друг поим. Следи во нивните грчки речници воглавно за поимите се пиши архаично, всушност само на варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов=тн.словенски јазик.

Бидејќи се говори за Елада, а нејзин бил Пелопонез, тој бил населен од Дорите. Тие на него се преселиле од Македонија преку Тесалија. Нивна била Спарта...

Бидејќи историјата на Елада уште е исполитизирана, Еладците пишат, тие немале ништо тн.словенско. Меѓутоа, според Фасмер... на Пелопонес од пред инвазијата на Словени имало словенски поими. Значи, таму се говорел варварски јазик.

Ромејскиот историчарот Приск (5 век), кој го опишувал пратеништвото од Константинопол кај Атила 448 година, напишал: (Жителите во Панонска низина, Р. И.) „мешајќи се со разни народи го научиле готскиот, хунскиот и латинскиот, а меѓу себе го говореле својот варварски јазик“. Значи, Белците говореле варварски.

Средновековниот историчар Јорданес запишал: „Дакија е зашитена со стрмните Алпи во вид на венец. Од нивната лева страна, која е свртена кон север и од почетокот на реката Вистула, во огромно пространство живее многубројниот народ Венети. Навистина нивните имиња се менуваат според различните родови и места, но тие главно се нарекуваат како Словени и Анти“...„Навистина, како што рековме на почетокот од излагањето или во списокот на племињата, тие биле од едно исто потекло,а сега се јавуваат под три имиња:Венети,Анти и Славини“.(Склавини, Р.И.)

Прокопиј пиши: “...Над овие племиња, Склавините и Антите, не господари еден човек, туку од старо време живеат во демократија...И едните и другите имаат еднаков јазик, сосема варварски...имаат табор на брегот, што тука се крева, а Ромеи малку подолу, во рамнината...И стана страшна битка, каде Ромеите силно пропаднаа. Тука изгинаа многу и одлични војници...“. (Склавините биле ромејски, Р.И.)

Во Македонија имало Склавини од 6 век сé до 9 век: поточно во Македонија од 837 година е без Склавини. Бидејќи во Склавините се говорел склавински јазик, а на ваков твореле и Солунските Браќа, античките=етничките Македонци говореле склавински=тн.словенски јазик,кој бил варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов. Наведените зборови од авторите во старата и новата ера биле тн.словенски.

Познатиот хрватски историчар и писател од 16 век Винко Прибојевиќ, во своето дело *За потеклото и згодите на Словените* (Венеција, 1532 год.) тврдел дека античките Мекедонци се Словени, а така било и со средновековните хрватски преродбеници: Х. Луциќ, Д. Златариќ, И. Гундулиќ, Ј. Палмотиќ и други, кои исто така Алексансдар Македонски го сметале како Словен. Оваа теорија ја застапувал и Матија Алберто (1561-1623) од Сплит (Христо Андоновски, цит. дело, стр. 55)“.

Мавро Орбини пишел за Словени. Тие биле Склавини на трите континенти.

Следи Шафарик да соопштува дека “по масовната колонизација Словените се измешале со староседелците, со Илирите, Либурните, Венетите, Десаретите и со Трибалите, бидејќи биле еднородни браќа“. Според него, “староседелците и ново-

доселените зборувале на ист словенски јазик со малку различни дијалекти. Меѓутоа, со време се слеале и се изедначиле во јазикот“..“Словенското население кое живеело на арванитските простори не било мало, поради што тоа не се изгубило во другите инородни племиња“. Значи, се говори само за Пелазги со пелазгиски јазик, а ваков се говорел во Елада, Арбанија... и во 19 век. Нивниот јазик бил склавински.

Големиот македонски преродбеник Исаија Мажовски изјавил во неговиот говор одржан на бродот Рицар, за време на пловидбата по Дњепар, Русија, во 1888 година: „Многупочитувани господи, македонскиот народ е словенски народ од пред 2600 години, кој бил доведен во Македонија од царот Каран, кој, исто како и Филип и Александар, бил чист Словен...“. Значи, антички=етнички Македонци.

Братот на Димитрија Чуповски, Никола Д. Чупаров, непосредно пред својата смрт во 1924 година, пишувајќи за македонските племиња Мијаци и Брсјаци (Брзаци), запишал: “Според книгата на Ѓорѓи Пулевски (родум од Галичник) Мијаците биле гвардејците на Александар Македонски... Брзаците (Брзјаците, Р.И.), пак, биле брзата армија на Александар Македонски... “. (Брзјак=брз јак, Јаков=јак ков..., Р.И.)

Макс Фасмер за Тесалија истакнува дека „Велегезитаи, чија област во XII и XIII век се викала Велегезас“...„чие образување воочливо се всогласува со името на Антите Тазиархос Доврагезас“. Антите и Склавините имале ист пелазгиски јазик.

Макс Фасмер пиши: „Конечно од XV век уште за понатамошниот живот на Словените на Тајгетос како сведок е местото од опишувањето на патувањето на Ласкарис Канонос за Deutschland и северните земји да се спомене, чие постанување Васијев (Buzeskul- Festschrift стр. 397 фф) го поставил во 1412- 1418 година. Таму Гркот (Ромеецот, Р.И.) исто така го опишува опкружувањето на Либек и таа земја ја нарекува Stlavounia. Тој тогаш ја додал забелешката за сродноста на либекските Словени со Зигиотите на Пелопонез“. Значи, варварски=пелазгиски=склавински.

Значи, бил варварски јазик како во Македонија во 10...век н.е.- без народи.

Оболенски пиши: „а Константин Порфирогенет, опишувајќи го Пелопонез непосредно после 934 година, вели дека поголемата чума од 746-747, ‘целата земја била словенизирана и станала варварска’ “. Овде кај него е склавинска=варварска. Исто така Оболенски наведува: „Кон крајот на дванаесеттиот век Михаил Хонијат учениот атински митрополит, понижен од откритието дека неговата паства од бедните селани кои зборуваат на народен јазик, не ја разбираат неговата блескава претстава за старите Грци, ги запишал следните значајни зборови: ‘После долгиот престој во Атина и самиот станувам варварин’ “. Свети Јован наведува: „Учењето на рибарот што прави шатори блеска на нивниот варварски јазик повеќе од сонцето“. Во прилог се наведува и Меморандумот за античките граници на Грција од мајорот Ј.С.Ардаф, С.Б., Р.Е. 24 февруари 1881 година. Тој пиши: „Оваа заедничка одбрана довела до сегашна употреба на еден општ јазик, грчки, но останатите од Амфилокијанците сé уште се Варвари“.Следи Кораис во 1850 година создава еладски јазик, службен само од 1868 година. Катаревуса бил со датив и генетив, но не димотики.

Ова го потврдил Тсиоулкас (Чулкас), кој во 1907 година говори, Славо-Македонците во Лерин говореле ранхомеров јазик. На Балканот бил еден ист народ.

И конечно, ако имало посебни народи Словени и Грци, тогаш Критјаните, чиј јазик бил тн.Хомеров, зашто пишеле авторите, во 1913 година ќе сакале да бидат со Грците (Еладците), а не со Бугарите. Критјаните сакале да бидат со Бугарите, затоашто тие го разбирале бугарскиот јазик, но не грчкиот. Следи

Бугарија со Бу-курештанскиот договор да биде принудена, таа да се откаже од островот Крит. Ова може да се види во него под член V: „...Формално е договорено Бугарија отсега да се воздржи на какви и да е претензии врз островот Крит“.Значи,тн.Словени се лага.

Авторите говорат дека имало балкански народи. Бидејќи тие да биле етнички со свој јазик, морало да има и турски народ со свој етнички јазик. Историски во Турција имало две групи на Белци: домородци Црноморци, кои до денес се најбели и најубави од белата раса. Другата биле Бригите, кои ја создале Анадолија и Ерменија. А имало и Фригија... Денес во Турција се говори монголски=турски јазик, а во Турција Турците се Белци. Следи кај нив уделот на монголската крвна група В, со мешаната на Белци А и Монголи В, крвната АВ, да е низок. Ова било што Османовиот јазик бил од султанот Мехмед Караман,од 13 век, кој во персискиот јазик внел турски=монголски зборови. Пак, турскиот јазик бил создаден дури во 19 и 20 век.

Бидејќи Балканот бил под Османите, чиј турски јазик бил персиски со монолски зборови- писмото било персиско,никогаш немало балкански етнички народи. Тогаш имало само Муслимани=Турци и Христијани. Значи, имало верски народи.

И Македонците во Македонија, како нивна татковина, сакале да си создадат своја држава, за и тие да станат своја нација. Пак, прва нација во Европа била француската, а во Франција се околу 50% Французи... Францускиот јазик не бил етнички, туку вулгарен (булгарен) латински, Франков, кој бил службен низ Европа со Германија- во Прусија. Токму затоа немало ни француски народ, никако германски, не дај боже бугарски, ниту српски, грчкиот е злостор, а скиптарскиот крволочност.

Следи да се вклучи антропологијата, со која сака да се докаже дека имало тн.словенски черепи. Тие биле долги. Долги биле и на старите Критјани. Во поново време, тие станале заокружени- несловенски. Па затоа словенските черепи се нашле и меѓу Татарите. Пак, во македонските гробници се нашло ретко тн.словенски черепи- без Словени. Иако и ова било во полза дека немало Словени, и ова не важи.

Јонче Дамјановски вршел споредување меѓу Македонци- православни, Македонци- муслимани и Албанци. Пред да ја објави својата книга, со него разговарав и му реков: во споредбите треба да ги опфатите одвоено монголските Арнаути и пелазгиските Скиптари. Бидејќи тој тоа не го зеде во предвид, во черепот имало разлики само во однос на Албанците- без да кажи кои биле тие Албанци: Европјани или Азијати. Да не се изуми до денес има Арнаути со черкески долг и татарски заокружен череп. До денес Арнаутите имаат навики на луѓе од Кавказот и Црно Море.

Бидејќи понатаму се тврди дека имало преселби на Белци-тн.Словени, преку Дунав,на југ на Балканот, секој оној кој пронајде било каков доказ/наод, дека тие со себе нешто, било што, донеле на Балканот, тој итно да добие Нобелова награда.

Се говори за тн.Словени, кои како континеталци потекнале од неандертал, кој бил само мајмун. Бидејќи неандерталот не оставил свое потомство, со него човекот немал врска. Исто така, до денес меѓу човек и мајмун не се добил меѓупроизвод. Ова било не само поради тоа што видот човек има 46 хромозоми, мајмуите 48, туку тие меѓусебно не биле соодветни за „парење“.Во прилог се наведува и дека кај човекот првобитна крвна група била 0 за ловци и рибари, а крвните групи А била постара од 15.000 г.п.н. а В по 4.5000 г.п.н.е.- АВ најнова од новата ера. Пак, мајмуните сите овие групи отсекогаш ги имале... Следи коњот со магарето да е поблиску (давале неплоден машки потомок), отколу човек со мајмун- без никаков потомок.

Меѓутоа, Македонците си имале своја школа, во која се учело, дека човекот немал врска со мајмун...Во ембрионалниот развиток човекот никогаш не личел на мајмун, ниту обратно. Човекот имал фетален череп- кој растел да се развие мозокот,а на мајмуните черепот им бил на одраснат цицач.Двата черепи се неспоиви итн.

Бригите и пошироко Македонците владееле со Стариот и Новиот Египет:

Во Египет во 17 век п.н.е., како Хикси, а и по смртта на Александар Македонски до со последната Клеопатра, владееле Бригите=Брзјаците, а според египетскиот крал Псаметих (7 век п.н.е.) Фригите, кои потекнале од Бригите, биле постари од Египтјаните. Следи Македонците владееле и во 19 век, со Мохамед Али, од Кавала, а нивни бил и последниот египетски крал во 20 век. Македонците имале парна машина во стара ера ама и се дошло сé до компјутер во 20 век н.е. Сите овие овде наведен Бриги=Брзјаци и Македонците не знаеле ништо за некакви Словени.

Исто така, за Словени ништо не знаеле и Бригите во Пакистан, кои биле наследници на Александар Македонски. Нивниот симбол бил Јарец=Арец=Арес, прч.

Бидејќи Македонците во Пакистан биле Бриги, тие граделе свои бригиски градежи, кои се разликувале од соседните во таа азиска земја. Такви куќи има до денес во Бригија=Брзјакија: ...Корча со Москополе...Охрид...Крушево...Битола...

За потврда дека Бригите биле самосвесни е доказ битолски Демир Хисар. Во него биле населени Мијаци. Нивните Смилевчани и Демирхисарчани (Брзјаци) меѓусебе не стапувале во бракови, се избегнувале итн. Ова било и по 1970 година.

Овде е битно да се потврди, сé што било, и така си останало со јазикот итн.

Инаку именките се правеле со в-н-т, веќе наведени, а и пример: т + ек = тек, Тесалника=т есалоника=е Салоника... За другите во сите мои претходни книги.

Кај Цар Самуил и Цар Душан царски јазици биле коине, а црковен тн.старословенски. Значи, тие биле само одметнати од Источното Ромејско Царство, со католички Рим, кој им делел круни и патријаршии. Значи, тие биле само унијати. Ова било и со Цариградската патрјаршија, и тоа за време на крстоносните војни.

Во Македонија (од 1809 година Балкан) службени биле само македонски јазици: коине и тн.старословенски јазик. Грчкиот бил вулгаренкоине, а српскиот бил тн.старословенски јазик, како што било и со рускиот. Па само македонски народи.

Иако ваква е состојбата, од балканските народи Македонците се оспорени:

„Што се однесува за Драганов,тој, како Бугарин, енергично се залагал за макадонската национална засебност, откако извесно време работел во Македонија и видел дека Македонците се нешто сосема различни од Србите и од Бугарите. Тој дури се смета за основоположник на македонистиката како наука во Русија“

Што се однесува за денешните Бугари како народ,тие никогаш тоа и небиле:

Англискиот патеписец Вилијам Макмајкл во 1918 година направил посета и запишал: „Месните христијански жители на оваа земја (позната порано како Мизија, која сега е разделена на два дела: Србија и Бугарија) главно себеси се нарекуваат како Срби и говорат словенски јазик. Старите Бугари се Татари, кои дошле во Бугарија во петтиот век од бреговите на Волга. Тие подоцна од страна на своите нови сонародници Срби, го примиле словенскиот јазик,зачувајќи само неколку зборови од својот претходен јазик“. Тој го посетил округот Хасхово: „Тој ден патувањето го завршивме во селото Хевице... Вечерта излеговме од поштенската станица и се упативме на крајот од селото за да ги наблудуваме народните веселби, кои претходно на свадбата на еден српски селанец“. Француски дипломат Ожие Гизленф

Бузбек, испратен во Цариград од кралот на Римјаните Фердинанд, тврдел дека во Бугарија живеат Срби. Така Бузбек два мандати останал кај Османите (вкупно осум години од 1554 до 1562 година престојувал) и на два пати ја посетил Бугарија. Освн тоа, е познато дека „Бугаринот“, родум од Видин, монахот Јован Раиќ (1726-1801), се изјаснил за Србин и тврдел дека во Бугарија живеат Срби. Тој оставил значајни дела за српската историја и денес со почити се слави во Србија. Следен бил и Никола Пашиќ од Тетевен, кој исто така оставил дела за српската историја.

Чешкиот славист Јозеф Добровски тврдел дека непостои бугарски јазик и дека јазикот на Бугарите бил наречје на српскиот. За ова пишел и Шафарик во 1826 година, што го наведува и бугарскиот историчар Шишманов. Јозеф фон Хамер пиши дека Самоков така се вика на српски јазик. Со ова се потврдува дека во 1836 година населението во Бугарија се изјаснувало за Срби и нивниот јазик бил српски.

Во застапениот поголем избор на оригинални бугарски текстови од четирисеттите до шеесеттите години на 19. век, тогашните бугарски преродбеници се жалат поради погрчувањето на Бугарите и поради немањето на свој сопствен јазик. Голем дел од овие текстови се напишани на еден мешан бугарски јазик.

Во средината на 19. век се пишувало на јазик што претставувал мешавина помеѓу тн.старословенски, рускиот и српскиот јазик. По востанието во Србија, бугарскиот поет Љубен Каравелов пишел на српски. Во четириесетите, педесеттите, шеесеттите години, па дури седумдесеттите години на 19. век, Бугарите почнуваат да пишуваат на еден србизиран бугарски јазик, кој денешните Бугари тешко го разбираат. Поради ова текстовите на тогашните бугарски преродбениците денес во Бугарија се преведуваат на современиот бугарски литературен јазик. Такви биле Константин Фотинов од Смирна, Димитар Мутев од Колофер во 1858 година и други.

Преродбеникот Теохаров во својот труд „Неколку зборови за бугарската литература“ (1860) запишал: „Бугарите не само што немаат современа литература, туку тие сé уште немаат направено ни почетни обиди во тој правец...“.Тоа било потоа

Ханс- Лотар Штепан, „Македонски јазол“, Аз-Буки, 2004, на стр. 53, за бугарскиот јазик пиши: „Рајнхолд Траутман... уште во 1948 год. ја дефинира основната константа на ‘бугарскиот’ јазик: Бугарскиот јазик, односно за нас секако словенско-бугарски јазик...‘. (Наводов ќе потврди, никогаш немало народ Бугари, Р.И.)

Во Бугарија, како и во ‘цела Slavia Orthodoxa’, јазикот на кој се држеа литургии беше црковниот старословенски јазик. Но образованите Бугари честопати ‘пишуваа и говореа’ грчки, бидејќи грчкото свештенство силно се трудеше ‘да го елинизира словенските верници’. Поради ова, бугарскиот просветител Паисиј Хиландарски ги повика своите сонародници да го користат сопствениот јазик.

‘Во дискусијата за основата на модерниот станадреден јазик на почетокот можат да се расправаат две спротивни позиции: Едната група, црковнословенската школа, се труди црковнословенскиот јазик да го модернизира и прилагоди на барањата на денешницата, а другата група, новобугарската школа, да развие нов стандарден јазик врз база на народниот говор. На крајот се дојде до компримисно решение,кое содржеше елементи од двата правца и кое се прошири преку новите училишта и литературата’.

По здобивањето со автономија во 1878-1880 год., бугарскиот јазик беше кодифициран. Основната беше источнобугарскиор дијалект (Варна), ‘но во XX век западнобугарскиот дијалект изврши силно влијание’.

Дали ваквиот развој на јазикот дава право на Македонците да се гледа со потсмев?“. (Никогаш немало бугарски народ со свој јазик- тој бил македонски, Р.И.)

Херодот (5 век п.н.е.) го внесол поимот Илири, а Пизистрат (6 век п.н.е.) со својот Редакциски одбор во Илијада поимот Траки. Следи на Балканот Траките помасовно да го употребувале темниот вокал во однос на Илирите. Тоа е и денеска.

Вајганд пиши: „Правата линија од Милановац на Дунав низ Ниш кон Охрид е приближна граница меѓу Илирите и Траките во древноста, меѓу Србите и Булгарите во средновековието“. Значи, тие биле домородци на Балканскиот Полуостров.

Траки биле Трибалите. Тие се среќаваат низ Балканот, дури во Албанија.

С.Антолјак, на стр. 42, вели: „Интересен е и списот Служба и житие на св. Јован Владимир, од кого има повеќе изданија (Венеција 1690, 1858). Во него се говори за војната што ја водел Василиј против Самуил и неговите роднини Мојсеј и Давид. Самуил во тој спис се титулирал: ‘крал на Бугарија и Охрид’ или ‘цар бугарски’, додека ‘крал на Бугарија и Илирик’ се нарекува Иван Владимир, чиј татко бил ‘Неман крал тривалски’, а мајка Ана, родум Римјанка. Според таа легенда Владимир би бил од Охрид, оженет со ќерка на Самуил, чиј син Гаврил заедно со својата жена бил приврзаник на богомилите, кои заедно со масилијанците и другите еретици го уништил св. Владимир“.

Халкокондил (15 век) пиши: „Родот на Трибалите, Србите, на целата земја е најстар и најголем, поуздано знам“. Значи, Траките и Србите биле еден ист народ.

С.Антолјак, на стр. 590, во фуснота 1150, пиши: „...Лаоник Халкокондил (XV в.) кога говори за Стефан Душан, кралот на ‘Трибал’, вели дека овој дошол со војска во Македонија (С.А.) и го прогласил Скопје, за своја кралска престолница (Laonici Chalcondylae, De rebus Turcicis, J. P. Migne, PG 159, Paris, 1866, 35)“.

Александар Донски, „„Уделот на Македонците во светската цивилизација“, 2001/2002, на стр. 149, пиши: „...автентичната титула што ја носел цар Душан всушност гласела: ‘Благочестивиот и Христољубив македонски цар Стефан, српски, бугарски, унгарски, далматински, арбанашки, Унгаро-влашки и независен владетел на многу предели и земји’. Ова всушност е запишано во Душаноиот законик, кој бил објавен во Скопје во 1349 година. Документот бил пронајден од познатиот славист Шафарик во манастирот Раваница во Срем, а денес се чува во Националниот музеј во Прага... може да се сретне и во книгата од Љ.Стојановиќ: ‘Стари српски записи и натписи- книга трета’ (Београд, 1908, стр. 41)“.(Тој бил македонски цар,Р.И)

Да не се изуми,според изворите,султанот Мурат бил убиен од Трибал (1389).

Англискиот патеписец Џон Барбари ја посетил Бугарија во 1665 година и запишал: „Населението во Бугарија доживеало многу промени, можеби најмногу од која и да е друга земја. Прво во Бугарија живееле Трибалите, втори биле Мизите...“.

Александар Донски пиши: „Во некои од средновековните документи од 16. век Бугарите се наречени Трибали“. Бидејќи и Србите биле исто, биле еден народ.

Бугарите и Србите биле Траки, а Србите и Бугарите Илири-само еден народ.

Според Мела Помпониус (1 век н.е.) во Тракија, која се простира помеѓу Црно и Јадрнско Море, па помеѓу Дунав и Егејско Море, се говори со ист јазик, што докажуваат сочуваните тракиски зборови. Во 19 век Рене Миле напишал дека се зборувал ист јазик од Црно до Јадранско Море, па „од Варна (Црно Море) до Разгуза (Дубровник на Јадранско Море)“. Италијанецот Апендини (1769-1837) тврди дека јазикот на Траките е ист тој илирски јазик кого тој го научил во Дубровник. Се-

бастијан Долчи (1690- 1777) од Дубровник наведува дека така од самата положба на илирските племиња (заклучуваме) дека еден ист јазик бил кај Илирите, Македонците и Епирците. Страбон говори дека „Илирите и Траките не можеле да бидат туѓи едни на други ни на никаков начин, оти двата рода биле со исто потекло, а освен тоа исто така имаат исти обичаи и уредување и ги почитуваат истите богови“. Овде се употребува два рода од исто потекло (народ). Шулц пиши, Полибие докажува точно и дополнува,дека илирскиот јазик е исто така македонски дијалект, а и тракискиот јазик. Значи, илирскиот и тракискиот биле македонски говори од варварски=пелазгиски јазик. Артур Вајгал (1880-1934) пиши: „имало далечно родство меѓу нив (Македонците, Р.И.) и северните Грци“, кои дошле од истите места. Велс наведува дека фригискиот јазик бил скоро ист како грчкиот и македонскиот. „Од многуте таинствени обреди, што владееле во познатата доба на Атина, биле по свое потекло фригиско (ако не трачко)“. Херодот пиши: „народот на Атина и Атика бил пелазгиски. Еден Трачанин тврдел во разговор со еден Атињанин дека тие во минатото биле браќа со иста крв“. Ова означува дека народот во Атина и Атика биле еден, Пелазги, како што биле Трачаните. Според Јустин, Александар „ги обиколил своите и на секое племе му се обратил со различен говор“. Ова било на Илирите и Тракијците, Еладците и Македонците. Густав Вајганд (1860- 1930) пиши: На Македонците „јазикот звучи како илирскиот...Некои племиња произлегувале од Траките ...след тоа се Пеонците...други племиња...спаѓаат кон Илирите“.Бидејќи во Македо-нци учествувале Илирите, Траките, Пеонците, сите тие говореле на варварски=пе-лазгиски. Исто така, тој не правел разлика меѓу Далматите-Илири и Далматинци- Словени, и тој нив ги нарекувал Далмати. Шафарик вели: “по масовната колони-зација Словените се измешале со староседелците, со Илирите, Либурните, Венети-те, Десаретите и со Трибалите, бидејќи биле еднородни браќа“. Според него, “ста-роседелците и новодоселените зборувале на ист словенски јазик со малку различни дијалекти. Меѓутоа, со време се слеале и се изедначиле во јазикот“. Значи, дојден-ци=домородци. Шулц продолжува, дека денес Србите и Бугарите се блиски крвни сродници, на ист начин биле крвно сврзани и Илирите и Траките. Вајганд истакнал: „Правата линија од Милановац на Дунав низ Ниш кон Охрид е приближна граница меѓу Илирите и Траките во древноста, меѓу Србите и Бугарите во средновекови-ето“. Со ова се потврдува, како што било во старата ера, тоа опстоило во среднове-ковието, значи денес: до 1809 година Македонија била до реката Дунав. Следи сите биле Македонци.Ами Буе пиши:„Најдобар германско- српски речник е оној што из-лезе со кирилско писмо во 1790 година во Виена, кај Karzbek, со наслов Deutsch u. Illyrische Woerterbuch“. Овде илирскиот бил српскиот. Милутин Миланковиќ вели: „Во сведителството на школата во Винковци се споменува како наставен премет и ‘илирски’ јазик, а во во сведоштвото на реалката во Панчево ‘српски’ јазик. Значи, илирски=тн.словенски бил само варварски=пелазгиски, кој бил тн.Хомеров и Пла-тонов јазик. Затоа народот говорел само на народен јазик, никако на јазикот коине.

Б.Клаич наведува дека Илирија била провинција основана од Напалеон Бонапарта во 1809 година од освоените делови на Словенија и Хрватска. Под „илиризам“, пак, се подразбирало националистичкото движење од младата хрватска граѓанска интелегенција во 1833 година против владеењето наУнгарците во Хрватска. Затоа, до денес Хрватите и Словенците докажуваат дека тие имале илирско поте-

кло. Како поткрепа се наведува и за денешните Бугари: Во 15 век Силвио Пиколомини сето тн.словенско население (но и во денешна Бугарија) го нарекува Илири. Јуреј Шижгориќ населението до Црно Море го смета за илирско како составен дел на илирскиот народ. Петар Охмучевиќ (1584-1594), како и други, го кажува истото. Вранчиќ во 1553 пиши дека јазикот на денешна Бугарија бил илирски. Патеписецот Курипешиќ говори за ведски јазик. За Павел Ритер Витезовиќ (1652-1713) населението во денешна Бугарија биле Хрвати. Ф:О. Оетзел во 1821 година пиши дека северно од денешна Албанија се протегале Илирите. За Маер, местото на албанскиот народ е поблиску до источната и северната група на индоевропските јазици, односно дека е последна фаза на илирскиот јазик.

Во Меморандумот на Ѓорѓе Бранковиќ упатен до австриskиот крал Леополд I во летото на 1688 година се барало создавање Илирско Кралство, па покрај другите балкански народи, се спомнати и Македонците.

Србите и Русите биле Илири. Илир бил синоним на Словен, Милер (1842).

Значи, Македоци биле Тракијците и Илирите со варварски=пелазгиски=тн. словенски јазик. Веќе се наведе за Тракија за време на Пизистрат, Херодот Тракија и Илирија, а и на Вајганд границата на Тракија и Илирија, со употреба темен вокал.

Според Диодор, на Хомер учител му бил Пронапид, „кој уште го користел писмото на Пелазгите“. Лин бил славниот трачки музичар и песник. Негови ученици биле Орфеј и Тамир. Затоа Диодор од Сицилија навел: „По преданието, Лин, пишувајќи со пелазгиски слова, оставил приказни за делата на првиот Дионис, како и други приказни.Исто така, се служеле со тие пелазгиски слова Орфеј и Пронапидес, Хомеровиот учител“. Херодот зборувал дека „Пелазгите говореле со варварски јазик“. Платон во „Критија“ говори за јазикот на „варварите“, кои уште во негово време говореле со „варварски јазик“. Х.Д.Кито истакнува: „Тој (Херодот, Р.И.) ги сметал Грците (Хелените, Р.И.) во Јонија како варварски народ“. Исто така, историчарот Приск (5 век), кој го опишувал пратеништвото од Константинопол кај Атила 448 година, напишал: (Жителите во Панонска низина, Р.И.) „мешајќи се со разни народи го научиле готскиот, хунскиот и латинскиот, а меѓу себе го говореле својот варварски јазик“. Демостен, кој Филип Македонски го нарекол Варвар, бил поткупен од Персијците против Македонците. За Јустин „Македонците биле со потекло еден пелазгиски народ“.За Херодот „Елада порано се нарекувала Пелазгија“... „народот во Атина и Атика бил пелазгиски“. Според Тукидид, „се нарекувала сега Елада“. Пак, Панонија била северно од Дунав, во т.н.домовина на тн.Словени, каде што во наведеното време се говорел варварски (тн.словенски јазик). Ваков не бил јазикот на Готите. Во нивно време немало Склавини за да има тн.Словени. Ова об-јаснува само едно најсуштинско: на склавинските (тн.словенски) простори од 6 век веќе таму во 5 век н.е. се зборувало на варварски (пелазгиски=тн.словенски) јазик. Затоа таму таму јазикот бил тн.словенски и тоа најмалку еден век пред да се созда-де првата Склавина (област). Во прилог се наведува Оболенски. Тој говори: „Севе-рниот брег на Дунав, од Белград до сливот бил населен со Словени уште во 500 го-дина“. Ова било затоа што нивниот јазик бил варварски=пелазгиски=тн.словенски. Сипријан Робер во 1848 година пиши: „на Словените, кои ги викаат ‘варварски’ “. Константин Велики (цар 306- 337 година), кога од Никомедија, град на Мраморно Море (денес Измит), по долината Вардар- Морава- Дунав бегал кај својот татко, во Триер, во близина на рајнските,

белгиските и британските жаришта, во своите пи-сма никаде не го споменува поимот Склавина. Ова говори, во негово време уште немало Склавини. Овие на варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик се јавуваат само за време на Јустинијан, зашто пишел Прокопиј. Значи, варварски=пелазгиски =тн.словенски јазик. Меѓутоа, само без посебен народ Словени дојден од никаде.

Дали сé ова на варварски, е како што зборувал народот ? Д.Оболенски го наведува примерот, што ја одгонетнува вистината дека народот говорел на варварски јазик. Тој пиши: „Писателите кои биле горди на елегантниот стил на својата проза, на пример принцезата Ана Комнена и архиепископот охридски Теофилакт, со особена и одбивна вообразеност сметале дека се обврзани да бараат прошка од своите читатели затоа што од време на време ќе споменат по некое име со ‘варварско’ потекло“. Владимир од „Василиј II побарал да се ожени со неговата сестра Ана“... „Според измислената, но погодна традиција, која би требало да потекнува уште од Константин Велики, биле забранети браковите меѓу потомците на царското семејство и ‘варварите’ “. Острогорски за Фока пиши: „Побунетите војници го дигнале на штит и го прогласиле за цар, подофицерот од полуварварско потекло и напуштајќи ги своите позиции, тргнале кон Цариград“. Значи, едниот родител му бил од царско семејство, а другиот од Склавините со варварски јазик. Оболенски продолжува: „византискиот свештеник (Теофилакт Охридски, Р.И.), напишал житие на Климент Охридски, врз основа на едно поранешно словенско житие на истиот светец. Во тоа дело тој изобилно и со ентузијазам ги фали светите Кирил и Методиј“.

Институтот за национална историја од Скопје- Р.Македонија, во 2000 година ја издаде „Историјата на македонскиот народ“. Во том први, на стр. 408, 409 и 485 стои: Наследниците на архиепископот Теодул биле „добри заштитници на ‘ромејската власт’ во Македонија. Во тоа особено се истакнал ахиепископот Теофилакт Ифест, познат како Теофилакт Охридски, кој бил на чело на Охридската архиепискпија кон крајот на 11 век и почетокот на 12 век“. Тој имал негови писма и „две житија за Тиверполските маченици и Климент Охридски. За него Македонија била „варварска земја“, Македонците „простаци“ и „варвари“, нивниот јазик „варварски јазик“, името на реката Вардар „варварско“, на Кичево исто така „варварско“...„Архиепископот Теофилакт во едно свое писмо отворено признал: Бидејќи живеам меѓу варвари, сум станал простак“...„во варварска земја“ Македонија започнале самите да се „варваризираат“...„живеејќи подолго меѓу варварите“...„варварски јазик“...„поварварен“...„варвари“...„по род Македонец“ итн. Кон ова да се надоврзе поимот Варвари, користен за античките Македонци, како што за Филип Македонски говорел Демостен. Следи да се говори и „по род Македонец“.

Најбитно е што Тракија била во Македонија, а Бугарите само Македонци:

П.Поповски истакнува: “Во ‘Историјата’ од Херодот, територијата на Тракија во повеќе случаа е нарекувана Македонија. Кога го опишува походот на Мардониј (VI-от век п.н.е.), пловидбата околу Агос и префрлувањето на персиската војска на копното, наместо Тракија, го користи името Македонија. Разбирливо, зашто и таа територија ја населувале Бригите, т.е. Пајонците, кои биле главна компонента во етногенезата на Македонците. Во неговите записи тоа го поткрепува со податокот дека, кога во Тракија бил поставен воениот логор од Мардониј, набргу бил нападнат од Бригите, за кои вели дека ги населувале и тие простори. Името Тракија Херодот го третира како географски, а не како етнички поим. На исто ста-

новиште стојат и многу други автори од постаро и поново време. Најдобриот познавач на историјата на Македонија и Балканот, Хамонд, потпирајќи се врз стари летописи, констатира дека ‘името Тракија претставува повеќе географски, одошто етнички поим’, поткрепувајќи го со податокот дека на тие простори живеело истородно население како и на територијата во Македонија“.

Страбо во неговата Географија пиши: “1) Моето соопштување завршува на запад и на север, со племињата од Епир и од Илирија и на исток со оние на Македонија до Визант“. Значи, Македонија била до Визант. На стр. 56 има карта, со текст: “Древна Македонија. Македонскиот Полуостров, Егејскиот Архипелаг и Крит во ‘Cosmografia tabula’ од Ptolomai Claudii од 75-та година од н.е. Според оваа мапа, Македонија се простирала од Пелопонез на југ, до Далмација на север и од Драч и Скадар на запад, до Тракија на исток, која била нарекувана Македонија“.

Македонија била тема. Токму затоа Македонците биле тематски народ.

Во книгава се говореше и за ромејска тема Македонија и тоа на територијата на Тракија, во VIII век Ромејците формирале своја административна област (тема), која ја нарекле- Македонија. И затоа жителите во темата Македонија можеле да бидат само едно: Македонци. Следи денешна Бугарија во тој век била во Македонија.

С.Антолјак, стр.197, пиши: „Во оваа Македонија се наоѓала Одринската област (Одрин), каде за време на царувањето на Михаило I Рангабе бил роден подоцнежниот цар Василиј I (867-886)“. Тој Тракиец бил Македонец, ја создал македонската династија- а имало и македонска ренесанса. Тој бил Василиј I Македонски.

П.Поповски пиши: “Има многу документи кои посведочуваат дека во еден подолг историски период и Тракија била нарекувана Македонија. Древниот историчар Симеон Магистер соопштува дека уште во VII-от век н.е. територијата на таа земја го носела името Македонија. Притоа го опишува случајот со бугарскиот цар Крум, кој тракиските жители од Одринско ги преселил во подунавската Бугарија, за кои вели дека себеси се нарекувале Македонци. Овој средновековен хроничар тврди дека ‘тие жители и од страна на голем број византиски хроничари се нарекувани Македонци’. Подоцна ‘кај тие присилно отселени Одринци, се родил малиот Василиј, син на родители Славјани, станал византиски император, кој себе си се нарекувал Василиј Македонски’. Овие податоци ги потврдуваат многумина други автори. Ќе приведеме само неколку автентични сведоштва. Имено, средновековниот историчар Калужниацки соопштува дека многу патешественици, кои од Средна и Западна Европа патувале во Константинопол, територијата Тракија ја нарекувале Македонија. Податок што зборува дека таа територија, всушност, влегувала во составот на Македонската држава. Историчарот Broqulere, кога во 1433 година минал низ Тракија, таа територија ја нарекол Македонија, а градот Пловдив ‘Филипи престолнина на Македонија’ (во ориг.:‘Philipopoly qui est la chief de la Macédoine’). Такви сознанија за Тракија имал и историчарот Рамберти. Кога во 1513 година пропатувал низ Балканот на пат за Мала Азија ‘Тракија ја нарекол Македонија’, а градот Пловдив Филипи престолнина на Македонија’ (во ориг.: ‘E Philipopoly nelle Macedonia’). Еден друг историчар, Fresne-Canaye, истражувајќи на Балканот, во 1573 година, во своето дело напишал: ‘...минав низ Македонија, каде што го посетив и градот Филипи...Филипи е престолнина на Македонија’ (во ориг.: ‘Philipopoly qui est la chief de la Macédoine’). Тие исти податоци ги среќаваме и кај Lichtensten и Neiczschitz. Првиот научник на Балканот престојувал во периодот меѓу

1585-89, а вториот во 1634 година. На многу места во нивните дела територијата на Тракија е нарекувана Македонија, а градот Филипи (Пловдив) како престолнина на Македонија. Neicyschitz,опишувајќи ја Македонија,како древна земја, откако укажува на податокот дека во таа земја се родило првото фонетско (гласовно) писмо на европскиот континент, со одбрани зборови го величи Филипи (Пловдив), нарекувајќи го 'царски македонски престолен град' (во ориг.: 'die königliche macedonische Residenz-Stadt'), 'кој лежи во многу старото прочуено царство Македонија до падините на планината Родопи'. Со одбрани зборови за тие места пишува и англичанецот Burnoff, кој на балканските простори престојувал во 1636 година. Градот Филипи (Пловдив), го нарекува 'престолнина на древното Македонско Царство', кое според него, 'лежи во срцето на Македонија, меѓу Драма и Кавала".

П.Поповски продолжува: "Овие сведоштва говорат дека територијата на Тракија од најстари времиња влегувале во составот на Македонската држава, што не е без основа, бидејќи на целиот тој простор живеело еднородно македонско население. Самиот факт што жителите на градот Одрин и во неговата околина биле Македонци, доволно аргументирано кажува дека македонскиот етнос допирал до најдалечната точка од Источниот Балкан, до Хелеспонт (Босфор) т.е. до Константинопол...". Во прилог на наведеното се дополнува, Одринците во 19 век не се бореле со Бугарите, туку со Македонците, и тоа во единствена револиционерна организација. Денешните Одринци, кои се муслимани, Помаци, се чуствуваат како Македонци, но никако Булгари. Кон ова може да се додаде, дека на нивните простори Охридската архиепископија немала моќ, туку црквата во Цариград.

Винко Прибоевиќ во своето дело O podrijetlu i zgodama Slavena (16 век), пишува дека Бугарија некогаш се викала Македонија. (С.Антолјак,цит. дело, стр. 176).

Македонија од време на Филип Македонски се протегала до реката Дунав.

Според Theompus,[28] „Големата држава на Македонците беше креација на Филип, син на Аминтас. Без нарушување на нејзините институции или организација на човечка сила, пред се со зајакнување и проширување на истите, тој воспостави врховен авторитет од Јадран до Црно Море и од Дунав до границите на Лаконија. И покрај брзината со која растеше нацијата, државата имаше моќ да се носи со тешкотиите при освојувањата". Ларус (1967) говори за „Грчкиот (односно Балканскиот)".

Следи Источно Римско Царство. Со него кралувал и Василиј II Македонски. Исто така, исто било и со Цар Самуил. Тој владеел до реката Дунав. Во прилог бил Петар Делјан. За него Р.Ланге[29], на стр. 179, пиши за внукот на Цар Самуил, Петар Делјан: „тој во Белград во 1040 година се прогласил за цар". Ова не било спорно.

С.Антолјак пиши: „Инаку, За Македонија (Makadunia) пишува Ибн Хордадбах, еден од нависоките цивилни чиновници на багдатскиот калифат, во своето дело, составено помеѓу 840 и 845 година. Овој писател ја лоцира Македонија на југ од Тракија, и пишува дека нејзините граници се на исток: Долгиот ѕид на југ 'Сириско' Море, на запад земјата на Словените (al Scalava), а на север земјата на Бугарите (Борган). Натаму кажува дека должината на оваа провинција е 15 дена одење, а ширината 5 дена и дека има три утврдени места.

---

[28] "The Historia I", Theompus. Soc. Ep. 3.5; Fgrh, 115F.27,256; Polyaean 4.2.18.PLB.8.9.10 and FGR.11F 224-5 (Companions).

[29] Reinhald Lange, Imperium zwischen Morgen und Abend, Verlag Aurel Recklinghausen, 1972.

Овој современ извор го потврдува нашето мислење дека Македонија (темата) се простирала многу подалеку, особено спрема југ и на запад, отколку што тоа го востановуваат нашите и странските научни работници.

Ваквиот опис на наведениот арапски писател за византиските краишта, па со тоа и за Македонија, се однесува, по се изгледа, на почетокот на владеењето на царот Михаило III (842-867)...".

П.Поповски вели: "Освен Тракија, името Македонија во далечното минато го носеле и многу други територии во Азија и Африка. Burnof соопштува дека областа околу градот Александрија во Египет во времето на македонската династија Птоломеи била нарекувана Македонија. Со тоа име била нарекувана областа Анталија и областа околу градот Антиохија во Сирија. Според древниот историчар Festi, во сите тие области живеело еднородно македонско население Анти и Венети, т.е. древни Македонци, вклучувајќи ги и сите острови во Егејското и Средоземното море, меѓу кои и островот Крит. 'Овој остров' вели Festi, бил населен само со етнички Македонци'. Во еден подолг историски период се името Македонија била нарекувана и територијата меѓу реките Дњепар и Дњестар во Сарматија, денешна Украина и Русија, која подоцна го добила називот Бесарабија, денес Молдавија. Станува збор за територија во која 'од областа Крума биле преселени пленетите Тракијци, кои себе си се нарекувале Македонци'. Самите тие податоци доволно јасно говорат дека македонскиот преселнички елемент, на која страна и да мигрирал, во неговото срце го носел името Македонија и го насадувал таму каде што наоѓал поволно тло. И не само името Македонија. Со себе носел и стотици и илјадници топоними кои ги расеал по целиот свет, во: Европа, Азија, Африка и Америка. Само во Соединетите Американски Држави има над 30 населени места кои го носат името Македон, Македонија и Македонка...".

Кај Винко Прибојевиќ, стр. 31. стои: „Македонците ја совладале Европа од краиштата уз Јадранско Море до реката Истра (Дунав), што би можело да се учини како посе́ незнатен дел на споменатиот простор".

Стр. 168: „...мораме да изјавиме, дека Македонците секогаш како и денес (како што сведочи Филип од Бергам) се служиле со словенски говор. А што да кажеме за тоа, што Тукидид тврди, дека пространите краеви измеѓу Визант и Пула, обфаќајќи ги со тоа голем дел на Тракија и Мизија и цела Илирија, се називаат Македонија ? Како отворено да говори: 'Сметам, дека Тракија, Мизија и Илирија никако не смејат да се одделат од Македонија, оти не сумњам, дека Траките, Мизите и Илирите се поврзани со Македонците со врска со ист род'. Со тоа се сложува и насловот Македонци на Александар Македонски...".

Со Македонија,до река Дунав, владееле Македонците и нивната династија.[30]

Во моите книги истакнував, дека Македонија била до реката Дунав, за што дури имало и народно творештво, Смедерево и Белград биле во Македонија.[31] Следи мојата книга „Додунавска Македонија"...Во мојата книга „Европските злостори

[30] Со Цојне,во 1809 година бил внесен поимот Балкан и од таа година името Македонија го снемало.

[31] „Антологија на народне поезије". Приредио Dr. Винко Витезица. III Јуначке песме. Београд. Издавачко и књижарско предузеће Геца Кон А. Д. 12. Кнез Михајлова 12. 1937: стр. 128, 36: „Смрт војводе Каице": „Подиже се господине краљу. Од прекрасне од Маћедоније. Из питома места Смедерева, Од својега двора честитога, Собом води дванаесет војвода; стр. 129...Краљ му божји помоћ називао: „Божја помоћ, Војводо сибињска !" Војвода му боље одазива: „Здраво, краљу на Маћедоније !..."; стр. 132: Па се краљу под шатором шеће: „Краљу Ђурђу од Маћедоније ! Оди, краљу...".

врз Македонија“, под насловот Македонија, велев: „Македонија била Балканскиот Полуостров...“. Со мозаикот дека Македонија била до реката Дунав продолжив. Следи и мојата книга „Русите не биле Словени“, а го наведив следново:

Се истакна: „Никола I добива и повеќе други мислења (и од архимандридот Зографски), од кои едно дури гласи- од целиот Балкан да биде создадена македонска држава“. Токму затоа Македонците учествувале во создавање на сите македонски=балкански држави и тоа со цел православна=македонска Македонија (Балканот) да започне да се ослободува, а тој потоа и целосно да се ослободи како македонски. Нивни непријатели биле муслиманите, тн.Албанци (Арнаути и Скиптари).

Битен бил Сердика (Сардика-Средец-Софија).Според Цирер, “пет години по смртта на царот Константин, кога народот веќе го нарекува ‘Великиот’, се одржал собор во Сердика во Македонија на ортодоксната црква“. Така, за Македонците Софија била центар и станала главен град на новата држава наречени Булгарија.

Александар Донски, на стр. 145, пиши: „во врска со опсадата на градот Средец (Софија) од страна на ханот Крум во 809 година“. Значи, Софија во 9 век била ромејска,а Ромејското Царство го водела македонската династија- само Македонци.

За Пловдив говори Џон Барбари (1665), кој порано се викал Пенерополис, сега се вика Филиполис според Филип Македонски, кој го основал градот, до реката Хербос (Марица).

Александар Донски, на стр. 218, пиши: „Арапскиот писател Идризи во својот познат спис ‘Географија’ (1153) како македонски градови ги опишува: Ниш, Пирот, Кладови, Видин, Разград, Шумен и други (С. Антолјак, цит. дело)“.

